РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ**

**ISSN-1857-9779**

# БИЛТЕН

НА

УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ

## Број 1228

Скопје, 15 декември 2020 година

**Издание на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**

**Бул. „Гоце Делчев“ бр. 9, 1000 Скопје**

**ПРВИОТ БРОЈ НА БИЛТЕНОТ Е ОБЈАВЕН ВО МАЈ 1957 ГОДИНА**

**Уредник на издавачката дејност на УКИМ:**
*проф. д-р Никола ЈАНКУЛОВСКИ, ректор*

**Уредник на Билтенот:**
*Илија Богоевски*
**Лектура:**
*Весна Илиевска-Цветановска*
*МОМЕНТ МАЛ ДООЕЛ СКОПЈЕ*
**Техничко уредување:**
*Зоран Кордоски*

Бр. ___________
5.8.2013
Скопје

**Предмет***: Материјали за Билтенот за објавување на интернет страницата на УКиМ*

Согласно член 132, став 5 од Законот за високото образование („Сл. весник на РМ” бр. 35/2008, 103/2008, 26/2009, 83/2009, 115/2010, 17/2011, 51/2011 и 123/2012), на интернет страницата на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, од бројот 1059 од 15 август 2013 година, ќе се објавуваат:

- рефератите за избор во наставно-научни, научни и соработнички звања;
- рецензиите за подобност на темата и оспособеноста на кандидатот за вршење научна работа;
- прегледите на одобрените докторски дисертации, прифатените магистерски и специјалистички теми;
- рецензиите на учебници и учебни помагала, како и
- рефератите за доделување на звањето почесен професор и титулата почесен доктор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“.

По објавување на материјалите на интернет страницата, факултетите и институтите за своите потреби, истите треба да ги отпечатат во материјална форма за да можат да ги достават на членовите на наставно-научниот, односно научниот совет. Поради тоа, потребно е сите материјали што се предвидени за објавување во Билтенот на Универзитетот, благовремено да ги доставувате во електронска форма. Поради усогласеност и униформност на текстовите потребно е материјалите за објавување да се доставуваат како Microsoft Word 2003 документи во кои исклучиво ќе се користи системскиот фонт Georgia. Овој фонт содржи богато множество на кирилични (македонски, српски, руски), латинични (со различни видови на надредени знаци), грчки и други знаци. Варијанта на овој фонт со коригирани знаци во италик формата за македонските букви ‘д’, ‘п’, ‘т’, ‘г’ може да се најде интернет страницата на УКиМ, во делот **Документи** -> **Билтен на Универзитетот**. Исто така, таму може да се најде софтверско решение со кое може да се испрограмира тастатурата на персонален сметач при притискање на копчето ‘`’ и копчињата ‘е’ и ‘и’ во македонска поддршка да се добијат знаците ‘ѐ’, и ‘ѝ’ соодветно.

Поради запазување на роковите за објавување на материјалите во Билтенот, но и на интернет страницата, ве молиме, рефератите, откако ќе бидат лекторирани, да ги доставите во оригинална верзија (лекторирана со потписите), а електронската верзија со внесените корекции да ја доставите на е-адресата: ***bilten@ukim.edu.mk***.

Неблаговремено доставените материјали и оние кои нема да бидат напишани согласно упатството нема да бидат објавени во тој број,туку ќе бидат поместени за објавување во наредниот број од Билтенот, односно откако ќе биде добиена бараната верзија.

Ви благодариме за соработката.

Со почит,

**УКИМ - Ректорат**

Изготвил:Т.Б.
Одобрил:К.М.

# СОДРЖИНА НА БИЛТЕН БРОЈ 1228 ОД 15.12.2020 ГОДИНА

## АРХИТЕКТОНСКИ ФАКУЛТЕТ


1. Реферат за избор на соработник во соработничко звање – асистент по група предмети од областите: градежни материјали (20700), градежни конструкции во ниско и високоградба (20702), механика на цврсто и деформабилно тело (20705) и бетонски, армиранобетонски и преднапрегнати конструкции (20708) на Институтот за високоградба при Архитектонскиот факултет во Скопје (**м-р Теодора Михајловска**)..........11-15
2. Реферат за избор на соработник во соработничко звање – асистент на група предмети од области на развој на архитектурата и урбанизмот и архитектонското наследство – 20103 и конзервација и ревитализација на културно-историски споменици – 20113 на Институтот за заштита на градителското наследство, историја на архитектурата и уметност на Архитектонскиот факултет во Скопје (**м-р Михајло Стојановски**).....16-20
3. Реферат за избор на соработник во соработничко звање – асистент на групата предмети: **Архитектонско проектирање 2** и **Архитектонско студио** од области на архитектонското проектирање и дизајнот (20100) на Институтот за архитектонско проектирање при Архитектонскиот факултет во Скопје (**м-р Теа Дамјановска**)...21-26
4. Реферат за избор на соработник во соработничко звање – асистент на група предмети: **Нацртна геометрија, Компјутерски помогнато проектирање CAD, CAAD и 3Д-моделирање** од области на графичките комуникации на Архитектонскиот факултет во Скопје (**м-р Лилјана Димевска**)..........27-33
5. Реферат за избор на соработник во соработничко звање – асистент на група предмети од области на урбанизмот (20114) при Институтот за урбанизам на Архитектонскиот факултет во Скопје (**м-р Елена Андонова, м-р Ана Рафаиловска, м-р Ива Петрунова**)..........34-47
6. Реферат за избор на соработник во соработничко звање – асистент на групата предмети: **Архитектонско проектирање 4, Архитектонско проектирање 6** и **Архитектонско студио** од области на архитектонското проектирање и дизајнот (20100) на Институтот за архитектонско проектирање при Архитектонскиот факултет во Скопје (**м-р Јана Брсакоска, Ирена Атковска**)..........48-51
7. Реферат за избор на соработник во соработничко звање – асистент на групата предмети: **Архитектонско проектирање 5,** и **Архитектонско студио** од области на архитектонското проектирање и дизајнот (20100) на Институтот за архитектонско проектирање при Архитектонскиот факултет во Скопје (**м-р Димитар Крстески**)..........52-56
8. Реферат за избор на соработник во соработничко звање – асистент по група предмети: **Архитектонски конструкции 1** и **Архитектонски конструкции 2** од области на архитектонските конструкции (20112) на Институтот за високоградба при Архитектонскиот факултет во Скопје (**м-р Марија Петрова**)..........57-61
9. Реферат за избор на соработник во соработничко звање – асистент по група предмети: **Архитектонски конструкции 3** и **Градежни материјали** од областите: архитектонски конструкции (20112) и градежни материјали (20700) на Институтот за високоградба при Архитектонскиот факултет во Скопје (**м-р Сања Аврамоска**)..........62-66
10. Реферат за избор на соработник во соработничко звање – асистент на група предмети: **Внатрешна архитектура 1, Внатрешна архитектура 2, Архитектонска композиција** и **Архитектонско студио** од области на архитектонското проектирање и дизајнот

(20100) на Институтот за архитектонско проектирање при Архитектонскиот факултет во Скопје (**м-р Дарко Драгановски**)........................................................................67-69

11. Реферат за избор на соработник во соработничко звање – асистент на групата предмети: **Архитектонско проектирање 3, Архитектонско проектирање 7** и **Архитектонски студија** од областа на архитектонското проектирање и дизајнот (20100) на Институтот за архитектонско проектирање при Архитектонскиот факултет во Скопје (**м-р Александар Петановски**)........................................................................70-76
12. Реферат за избор на соработник во соработничко звање – асистент на група предмети: **Архитектонско проектирање 1** и **Архитектонско студио** од областа на архитектонското проектирање и дизајнот (20100) на Институтот за архитектонско проектирање на Архитектонскиот факултет во Скопје (**м-р Благоја Бајковки**)........................................................................77-82
13. Реферат за избор на соработник во соработничко звање – асистент по група предмети: **Архитектонска физика** и **Инсталации** од областа на архитектонската физика (20117) и инфраструктурните системи (20107) на Институтот за високоградба при Архитектонскиот факултет во Скопје (**Дамјан Момировски, д-р Ива Петрунова, м-р Кире Ставров, м-р Елена Томеска**)........................................................................83-95
14. Реферат за избор на соработник во соработничко звање – асистент по групата предмети од областа на ликовната уметност 60712: **Ликовно изразување** и **Пластично обликување** на Институтот за заштита на градителско наследство, историја на архитектурата и уметност при Архитектонскиот факултет во Скопје (**д-р Татјана Миљовска, м-р Марина Убавкова**)........................................................................96-105
15. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови (**Бојана Тоневска, Наташа Димова, Марија Стоилова, Пеце Петровски, Наташа Стојаноска, Деспина Џепароска, Емилија Стојаноска, Христина Царовска, Андреј Нанески, Душица Ѓорѓиоска, Тања Лазарова, Теодор Ангеловски, Ана Зикова, Дамјан Чорбаџиев, Тамара Најдоска, Емилија Поповиќ, Ангела Здравковска, Емилија Михајловска, Анастасија Хорватовиќ, Маја Стојкова, Јордан Лазороски, Мартина Даскалова, Андреј Иваноски, Љубица Бојаџиева, Благој Ѓорчевски**)................................106-109

**ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор во соработничко звање – асистент во научната област нижа геодезија на Градежниот факултет во Скопје (**м-р Наташа Малијанска**)..............................110-112
2. Реферат за избор во соработничко звање – асистент во научната област 20702 градежни конструкции во ниско и високоградбата, 20708 бетонски, армиранобетонски и преднапрегнати конструкции, 20720 друго, на Градежниот факултет во Скопје (**м-р Марија Доцевска, м-р Дејан Јанев**)................................113-122
3. Реферат за избор на два соработника во соработничко звање – асистент во наставно-научната област нижа геодезија, применета геодезија, просторно планирање и уредување на населби, виша геодезија и друго на Градежниот факултет во Скопје (**м-р Томе Геговски, м-р Филип Петровски**)........................................................123-129
4. Реферат за избор во соработничко звање – асистент во научната област 20719 организација и економика во градежништвото и водостопанството и 20720 друго на Градежниот факултет во Скопје (**м-р Гоце Велески, м-р Васко Гацевски, м-р Весна Грујоска**)........................................................................130-140
5. Реферат за избор во соработничко звање – асистент во научната област патишта и аеродроми, планирање на сообраќајот, безбедност во сообраќајот и друго на Градежниот факултет во Скопје (**м-р Ристе Ристов**)............................................141-143

6. Реферат за избор во соработничко звање – асистент во научната област хидротехнички објекти (20717), енергетско искористување на водите (20718) и друго (20720) – водостопански системи, еколошки аспекти на акумулации и јаловишта во Катедрата за хидротехнички објекти на Градежниот факултет во Скопје (**м-р Фросина Пановска**)........................................................................................................144-147
7. Реферат за избор во соработничко звање – асистент во наставно-научната област челични констриукции – 20707, друго – 20720 на Градежниот факултет во Скопје (**м-р Владимир Дамјановски**)..........................................................................................148-151
8. Реферат за избор во соработничко звање – асистент во научната област 20710 железници, 20711 тунели, 22005 планирање на сообраќајот и 20720 друго на Катедрата за железници на Градежниот факултет во Скопје (**м-р Ивона Недевска**)............152-157

**ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на извршител – асистент во научната област меѓународна економија (50309) на Економскиот факултет во Скопје (**м-р Јасна Тоновска**).......................158-161
2. Реферат за избор на двајца извршители – соработници асистенти во научната област применета економија на Економскиот факултет во Скопје (**д-р Викторија Атанасовска-Новески, м-р Александар Давчев, м-р Кристијан Кожески, м-р Филип Пеовски**)...........................................................................................................162-168
3. Реферат за избор на двајца извршители во соработничко звање – асистент во научната област бизнис – менаџмент (50603) на Економскиот факултет во Скопје (**Викторија Атанасовска Новески, Ника Ивановска, Тамара Кафтанџиева, Мартин Киселички, Андријана Ристовска, Анета Џамбаска**)...........................................................169-185
4. Реферат за избор на соработник – асистент во научната област економска теорија на Економскиот факултет во Скопје (**м-р Ѓунтер Мерџан, д-р Викторија Атанасовска-Новески**)...........................................................................................................186-190
5. Реферат за избор на соработник – асистент во научната област финансии на Економскиот факултет во Скопје (**Викторија Атанасовска Новески, Александар Давчев, Силвија Јакимовска, Ана Јовановска, Љубе Јолевски, Виктор Митевски, Филип Пеовски, Ива Петроска, Кирил Симеоновски**)......................................191-200

**МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. **Приговор** на Рефератот (на двајца членови на рецензентската комисија) за избор на соработник во соработничко звање – асистент во научната област Lean менаџмент во Институтот за производно инженерство и менаџмент на Машинскиот факултет во Скопје, објавен во Билтен бр. 1227 од 1.12.2020 година, поднесен од **д-р Ивана Станковска**..........................................................................................................201-204
2. Одговор на двајца членови на Рецензентската комисија на приговорот на Рефератот за избор на соработник во соработничко звање – асистент во научната област Lean менаџмент во Институтот за производно инженерство и менаџмент на Машинскиот факултет во Скопје, објавен во Билтен бр. 1227 од 1.12.2020 година, поднесен од **д-р Ивана Станковска**.......................................................................................... 205-210

**МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на асистенти по предметот **Неврологија** на Медицинскиот факултет во Скопје (**д-р Татјана Делева-Стошевска, д-р Блерим Адеми, д-р Илија Здравков**)........................................................................................................211-225
2. Реферат за избор на асистент по предметот **Трансфузиологија**, на Катедрата за трансфузиологија при Медицинскиот факултет во Скопје (**д-р Виолета Дејанова Илијевска**)........................................................................................................226-229

3. Реферат за избор на асистенти по предметот **Интерна медицина** на Медицинскиот факултет во Скопје (д-р **Зоран Јаневски, помл. ас. д-р Сава Пејковска, д-р Ирфан Исмаили, асистент-докторанд д-р Ирина Ангеловска, ас. д-р Фана Личоска Јосифовиќ, ас. д-р Димитар Каркински, помл. ас. д-р Саша Ќаева Анастасова, асистент-докторанд д-р Елена Цуракова Ристовска, д-р Саветка Паљошковска Јорданова, д-р Даница Петковска Спирова, ас. д-р Дејан Тодевски, помл. ас. д-р Атип Рамадани, асистент-докторанд д-р Лазар Чадиевски, д-р Симона Стојановска, д-р Хајбер Таравари, асистент-докторанд д-р Нела Костова, д-р Наташа Ефтимовска Отовиќ, д-р Данче Ристова, д-р Емилија Николовска Трпчевска, асистент-докторанд д-р Душан Петковски, асистент-докторанд д-р Биљана Зафировска Талеска, асистент-докторанд д-р Јане Талески, д-р Марио Јовановски, асистент-докторанд д-р Елена Јовановска Јанева, д-р Биљана Попоска, асистент-докторанд д-р Милена Милетиќ, д-р Елена Груева Настевска, асистент-докторанд д-р Владислава Ада Груева Каранфилова, д-р Ана Василевска, д-р Ангела Каранфиловиќ, д-р Кристин Костадиноски, д-р Кирил Наумоски, ас.д-р Александра Бабуловска, помл. ас. д-р Емилија Лазарова Трајковска, д-р Марија Ѓеракароска Радовиќ, д-р Милче Цветаноски, д-р Александра Цаневска Танеска, д-р Александар Отљански, д-р Адријана Спасовска Василова, д-р Мимоза Миленкова, д-р Тара Ристевска, асистент-докторанд д-р Ангела Дебрешлиоска, д-р Невенка Ридова, ас. д-р Сузана Арбутина, д-р Марија Живковиќ, д-р Татјана Бајрактарова Прошева, асистент-докторанд д-р Зоран Арсовски, д-р Зорица Нановиќ**)................230-350
4. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Примена на доплер-ултразвук во следење на матурација на артериовенска фистула за хемодијализа** од **ас. д-р Никола Ѓорѓиевски**, пријавена на Медицинскиот факултет во Скопје.............351-359
5. **Приговор** на Референтот (на двајца членови на Рецензентската комисија) за избор на наставници во сите научно-наставни звања по предметите од наставно-научните области: гинекологија и акушерство и гинекологија и акушерство со нега, на Медицинскиот факултет во Скопје, објавен во Билтен бр. 1227 од 1.12.2020 година, поднесен од **ас. д-р. сци. Роса Спасова**...........................................................360-362
6. **Одговор** на двајца членови на Рецензентската комисија на приговорот на Референтот за избор на наставници во сите научно-наставни звања по предметите од наставно-научните области: гинекологија и акушерство и гинекологија и акушерство со нега, на Медицинскиот факултет во Скопје, објавен во Билтен бр. 1227 од 1.12.2020 година, поднесен од **ас. д-р. сци. Роса Спасова**...........................................................363-364


**ПЕДАГОШКИ ФАКУЛТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“**


1. Реферат за избор во соработничко звање – асистент по предмети од наставно-научната област педагогија за постојните студиски групи на македонски наставен јазик при Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје (**д-р Симона Палчевска, д-р Тамара Ќупева**)..........................................................................................365-370


**ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“**


1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област (дисциплина) меѓународно приватно право на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје (**д-р Вангел Доковски**)............................................................371-386
2. Рецензија на ракописот **Локална самоуправа** од авторите **проф. д-р Гордана Силјановска-Давкова, проф. д-р Владимир Митков, проф. д-р Тања Каракамишева-Јовановска, проф. д-р Александар Спасеновски, доц. д-р Марко Кртолица**...........................................................................................387-397
3. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови (**Александар Михајловски, Александар Ѓорѓиевски, Ивана Костеска, Ангела Поп Зариева,**

**Горјан Савески, Мартин Овчарски, Мартина Јовановска, Моника Игнова, Мартина Панчевска, Билјана Петревска, Наталија Ѓоршеска, Ивана Јоцевска, Дејан Митровски, Насер Халил, Абедин Салија, Ѓорѓи Ѓоргиевски, Елена Ацковска, Глорија Божинкочева, Јована Заткоска, Наташа Родиќ**)................................398-400

**ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на одобрена тема за изработка на магистерски труд (**Мирко Трпевски**)........................................................................................................401
2. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови (**Марија Ангеловски, Кети Иваноска**)........................................................................................402
3. Преглед на одобрена тема за изработка на докторска дисертација (**м-р Рукије Ибраими**)........................................................................................................403
4. **Приговор** на реферат за избор – прием на еден асистент од наставно-научните области зоологија и зоофизиологија, ентомологија и екологија (систематика и филогенија на безрбетници, зоологија, органска еволуција и форензичка ентомологија) на Катедрата за систематика и филогенија на безрбетници на Заводот за зоологија на Институтот за биологија при Природно-математичкиот факултет во Скопје, објавен во Билтен бр. 1227 од 1.12.2020 година, поднесен од **м-р Билјана Римческа**....................................................................................................404-414
5. **Одговор** на Рецензентската комисија на приговорот на реферат за избор – прием на еден асистент од наставно-научните области зоологија и зоофизиологија, ентомологија и екологија (систематика и филогенија на безрбетници, зоологија, органска еволуција и форензичка ентомологија) на Катедрата за систематика и филогенија на безрбетници на Заводот за зоологија на Институтот за биологија при Природно-математичкиот факултет во Скопје, објавен во Билтен бр. 1227 од 1.12.2020 година, поднесен од **м-р Билјана Римческа**......................................................415-426

**СТОМАТОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на одобрени теми за изработка на докторски дисертации (**д-р Рина Прокши, д-р Славица Ѓоргиевска Јовановска**).......................................................................427

**ТЕХНОЛОШКО-МЕТАЛУРШКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови (**Викторија Бежовска, Снежана Ставрова**)..........................................................................428

**ФАКУЛТЕТ ЗА ВЕТЕРИНАРНА МЕДИЦИНА**

1. Рецензија на ракописот **Практикум за вежби по паразитологија и паразитни заболувања** од авторите **Јована Стефановска** и **Александар Цветковиќ**.........429-431

**ФАКУЛТЕТ ЗА ДИЗАЈН И ТЕХНОЛОГИИ НА МЕБЕЛ И ЕНТЕРИЕР**

1. Реферат за избор на два соработника во соработничко звање – асистент во научната област 41102 друго (проектирање на мебел и ентериер) на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер во Скопје (**Бранко Петре Темелковски, Дијана Илчо Зафировска**)..........................................................................................432-437
2. Реферат за избор на два соработника во соработничко звање – асистент во научната област машини, енергетика и транспорт на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер во Скопје (**м-р Анастасија Темелкова, м-р Ангела Василевска**)............................................................................................438-443
3. Реферат за избор на еден соработник во соработничко звање асистент во научната област 41102 друго – технологија на финалното производство на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер во Скопје (**м-р Никола Михајловски**)...........444-447

4. Реферат за избор на еден соработник во соработничко звање асистент во научната област 41102 друго (економика и организација во дрвната индустрија) на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер во Скопје (**м-р Ивана Антовска**)...448-450
5. Реферат за избор на еден соработник во соработничко звање асистент во научната област 41102 друго – примарна преработка на дрвото на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер во Скопје (**Марија Крстев** )...............................451-453
6. Реферат за избор на еден соработник во соработничко звање асистент во научната област 41102 друго – конструкции и подготовка на производството на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер во Скопје (**Елена Јевтоска**)................454-456

**ФАКУЛТЕТ ЗА ДРАМСКИ УМЕТНОСТИ**

1. Реферат за избор на 1 соработник во соработничко звање – асистент, од подрачјето хуманистички науки, област: драмски уметности , поле: актерска игра, на Факултетот за драмски уметности во Скопје (**м-р Ангелчо Илиевски**)..................................457-459
2. Реферат за избор на 1 соработник во соработничко звање – асистент, од полето на драмските уметности, област филмологија (60802), на Факултетот за драмски уметности во Скопје (**м-р Ѓорче Ставрески**).......................................................460-462

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Надворешното влијание врз надворешната политика и меѓуетничките односи: случајот на Република Северна Македонија** од **м-р Ѓераќина Лека**, пријавена на Филозофскиот факултет во Скопје........................................................................................................463-471

**ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“**

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања (вонреден професор) во наставно-научната област (дисциплина) наука за јазикот – англистика на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје (**доц. д-р Мери Лазаревска**).........................................................................................................472-482
2. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Проектното учење во наставата по англиски јазик како странски јазик во високото образование во Република Северна Македонија** од **м-р Марија Стевковска**, пријавена на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје..........................................................................483-487
3. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Расказот и раскажувањето како услов за правилен говор и креативно изразување** од **м-р Ана Петреска**, пријавена на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје..........................................488-493

**ЕКОНОМСКИ ИНСТИТУТ**

1. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови (**Александар Стаменковски, Симона Блажеска, Стојанчо Митревски, Марио Јовчески**)..........494
2. Преглед на одобрена тема за изработка на магистерски труд (**Елена Митевска**)...........................................................................................................495

**ИНСТИТУТ ЗА ЗЕМЈОТРЕСНО ИНЖЕНЕРСТВО И ИНЖЕНЕРСКА СЕИЗМОЛОГИЈА**

1. Преглед на одобрена тема за изработка на докторска дисертација (**Горан Чапрагоски**)..........................................................................................................496

**ЈНУ ИНСТИТУТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА**

1. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Културни, образовни и научни аспекти на албанскиот печат во СФР Југославија 1974-1991 (Cultural, educational and scientific aspects of albanian press in SFR Yugoslavia 1974-1991)**, од **м-р Косовар Баша**, пријавена на Институтот за национална историја во Скопје...................497-500
2. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Вудро Вилсон и правото на самоопределување на малите народи, со посебен осврт на Македонците и**

**Албанците** од **м-р Исамет Бакиу**, пријавена на Институтот за национална историја во Скопје......................................................................................................................501-505

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА СОРАБОТНИК ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ - АСИСТЕНТ ПО ГРУПА ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТИТЕ: ГРАДЕЖНИ МАТЕРИЈАЛИ (20700), ГРАДЕЖНИ КОНСТРУКЦИИ ВО НИСКО- И ВИСОКОГРАДБАТА (20702), МЕХАНИКА НА ЦВРСТО И ДЕФОРМАБИЛНО ТЕЛО (20705) И БЕТОНСКИ, АРМИРАНОБЕТОНСКИ И ПРЕДНАПРЕГНАТИ КОНСТРУКЦИИ (20708) НА ИНСТИТУТОТ ЗА ВИСОКОГРАДБА ПРИ АРХИТЕКТОНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје/Архитектонски факултет - Скопје, објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Коха“ од 28.11.2020 година, за избор на соработник во соработничко звање - асистент по група предмети од областите: градежни материјали (20700), градежни конструкции во ниско- и високоградбата (20702), механика на цврсто и деформабилно тело (20705) и бетонски, армиранобетонски и преднапрегнати конструкции (20708) на Институтот за високоградба при Архитектонскиот факултет, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 08-6/294 од 9.12.2020, донесена на 59. седница одржана на 9.12.2020, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Ана Тромбева-Гаврилоска, редовен професор на Архитектонскиот факултет, д-р Мери Цветковска, редовен професор на Градежниот факултет и д-р Огнен Марина, редовен професор на Архитектонскиот факултет.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На објавениот конкурс за избор на соработник во соработничко звање - асистент по група предмети од областите: градежни материјали (20700), градежни конструкции во ниско- и високоградбата (20702), механика на цврсто и деформабилно тело (20705) и бетонски, армиранобетонски и преднапрегнати конструкции (20708) на Институтот за високоградба при Архитектонскиот факултет, во предвидениот рок се пријави м-р Теодора Михајловска.

### 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатката м-р Теодора Михајловска е родена на 12.1.1994, во Скопје. Средно образование завршила во Скопје во гимназијата „Јахја Кемал“, природно- математичка насока. Во учебната 2012/2013 се запишала на интегрираните петгодишни студии од прв и втор циклус по архитектура на Архитектонскиот факултет во Скопје. Со високо образование се стекнала на Архитектонскиот факултет во Скопје при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје на интегрираните петгодишни студии од прв и втор циклус по архитектура, каде што магистрирала во 2018 година, со просечен успех 8,92. На 5.7.2018 година го одбранила магистерскиот труд на тема: „Реквалификација на фрагментирана урбана територија на градот Скопје помеѓу Градскиот трговски центар и Транспортниот центар во Скопје“.

Кандидатката активно се служи со англискиот јазик, за што има приложено уверение за познавање на англискиот јазик кое одговара на ниво Ц1 според Европската јазична рамка на Советот на Европа (CEFR), издадено од Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Кандидатката пасивно го владее шпанскиот јазик.

Кандидатката м-р Теодора Михајловска, од 2017 година до денес, работи во Студио 2000, каде што по нејзиното магистрирање е вработена како дипломиран инженер архитект и активно учествува како соработник проектант.

### 2. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТКАТА ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

<u>**Наставно-образовна дејност**</u>

Во текот на студирањето, кандидатката м-р Теодора Михајловска покажала интерес кон групата на предмети од областа за која се избира и остварила просечен успех од 9. Со цел да го надградува знаењето, учествувала во работилницата организирана од страна на Архитектонскиот факултет, под менторство на проф. д-р Огнен Марина, Самоодрживи дизајни за граѓани од

социјално ранливи категории, Urban Cooks Workshop, Skopje mobile platform. Во 2017 година добила признание од Архитектонскиот факултет за проектот дел од ИАС09 изложбата на архитектонски студија за зимскиот семестар 2016 година од втор циклус на интегрираните петгодишни студии по архитектура за архитектонскиот проект: Обрасци на раст: Резидуални форми, под менторство на вонр. проф. Слободан Велевски, вонр. проф. д-р Марија Мано-Велевска и проф. д-р Огнен Марина. Во 2019 година, кандидатката била учесник во работилница: Скопје-градот што може(ше) да биде, организирана во рамки на научноистражувачкиот проект „Документирање и архивирање на проектантското творештво на архитект Живко Поповски“, под менторство на проф. д-р Анета Христова Поповска.

За надградување на стекнатото знаење во областа на БИМ-технологијата, посетувала обука за програмот Revit Architecture, за што кандидатката има доставено валиден сертификат издаден од Семос.

**Научноистражувачка дејност и стручно-уметничка дејност**

Во текот на студирањето, кандидатката м-р Теодора Михајловска, како автор и коавтор, има објавено три труда во стручни публикации, кои се дел од нејзината студиска работа:

- South Boulevard: PROLET, Residual Form: Matrix, Residual Form: Design Studio Patterns of Growth, Архитектонски Факултет УКИМ, 2017, ISBN 978-9989-118-18-0;
- Креативен град, Креативно жариште-жито мел, 12x12=37 Куманово 2017-2027 Насоки за урбанистички развој, Архитектонски Факултет УКИМ, 2017, ISBN 978-9989-118-17-03;
- Перформативниот пејзаж како програмски медиум на јавниот простор/згради, МАРХ-Македонска архитектура, 2018.

Во рамки на стручно-уметничката дејност, кандидатката м-р Теодора Михајловска зела учество на два архитектонски конкурса и била учесник на две изложби под менторство на проф. д-р Анета Христова Поповска:

- Ohrid Watersports Club, меѓународен конкурс на ArchMedium за клуб за спортови на вода во Охрид, 2015;
- Меѓународен конкурс за градинка во Мозамбик, организиран од ArchStorming architecture competitions, 2019;
- Едукативен центар со мешовита програма од областа на образованието, администрацијата и културата, изложба на архитектонски проекти на студентите на Архитектонскиот факултет при УКИМ во Општина Дојран, 2015;
- Архитектите за европско Скопје, изложба на завршни архитектонски проекти и аналитички модели на студентите на Архитектонскиот факултет при УКИМ, Дирекција за култура и уметност – Скопје, 2018.

Кандидатката м-р Теодора Михајловска била соработник на идејни архитектонски решенија и решенија за ентериер на објекти:

- Реконструкција на ентериер на здружение за асистивна технологија „Отворете ги прозорците“, бул. „Македонија“ бр. 52А/5 – Скопје, Студио 2000, 2018;
- Ентериер за стан во Градски ѕид - Кула бр.27, Студио 2000, 2018;
- Ентериер за стан на бул. „Партизански одреди“ бр.21/3/20, Студио 2000, 2018;
- Ентериер за стан на бул. „Партизански одреди“ бр.23/1/5, Студио 2000, 2019;
- Идејно решение за индивидуален станбен објект во Елшани, Св. Мартинија, Студио 2000, 2020;
- Идејно решение за индивидуален станбен објект на ул. „Иван Цанкар“ бр.41 – Скопје, Студио 2000, 2020;
- Идејно решение за индивидуален станбен објект во с. Мирковци – Чучер Сандево, Студио 2000, 2020.

**Стручно-применувачка дејност и дејност од поширок интерес**

Кандидатката м-р Теодора Михајловска активно е вклучена во стручно- применувачката работа на изработка на техничка документација од областа на архитектурата. Како одговорен проектант и соработник учествувала во изработка на основни проекти за објекти од А и Б-категорија, а како соработник учествувала во надзор на изведба на објекти:

- Основен проект за индивидуален станбен објект, месност Јазаџилница, ул. бр. 1 бб, Општина Чучер Сандево, Студио 2000, 2018;

- Основен проект за индивидуален станбен објект на ул. „Миле Поп Јорданов“ 35б,Козле - Скопје, Студио 2000, 2019;
- Основен проект за реконструкција на фасада и санитарни јазли на детска градинка „Мајски цвет“ во Тафталиџе – Скопје, Студио 2000, 2020;
- Основен проект за реконструкција на санитарни јазли и подобрување на пристап за лица со попреченост на Факултет за драмски уметности – ул. „Руѓер Бошковиќ“ бр.22 – Скопје, Студио 2000, 2020;
- Основен проект за станбено деловен објект на ул. „Зејнел Ајдени“ бр.2 – Скопје, Студио 2000, 2020;
- Основен проект за индивидуален станбен објект во Глуво – Бразда КП 427/3, Студио 2000, 2020;
- Основен проект за реконструкција на индивидуален станбен објект на ул. „Методија Андонов Ченто“ бр. 122 – Скопје, Студио 2000, 2020;
- Основен проект за реконструкција на Инфективна клиника на ул. „Мајка Тереза“ 17 – Скопје, Студио 2000, 2020;
- Надзор за изведување градежно-занаетчиски работи за санација, реконструкција и даптација на ФДУ– ул. „Руѓер Бошковиќ“ бр.22 – Скопје, Студио 2000, 2020.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката, стручно-уметничката и стручно-применувачката дејност на м-р Теодора Михајловска. Комисијата констатира дека кандидатката м-р Теодора Михајловска во целост ги исполнува условите од конкурсот. Во текот на нејзиното студирање покажала одлични резултати по групата предмети за кои е објавен конкурсот, а во текот на нејзината професионална работа покажала способност да го имплементира своето знаење во различни сегменти од професијата, при тоа соработувајќи со многу свои колеги. Комисијата констатира дека кандидатката м-р Теодора Михајловска има способност стекнатото знаење од професијата да го имплементира во наставно-образовната дејност, со што ќе даде придонес кон развивање на предметите за кои се избира и нивна имплементација во текот на педагошкиот процес.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатката, Комисијата заклучи дека м-р Теодора Михајловска поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува општите и посебните услови да биде избрана во звањето асистент по група предмети од областите: градежни материјали (20700), градежни конструкции во ниско- и високоградбата (20702), механика на цврсто и деформабилно тело (20705) и бетонски, армиранобетонски и преднапрегнати конструкции (20708) на Институтот за високградба при Архитектонскиот факултет во Скопје.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Архитектонскиот факултет во Скопје, м-р Теодора Михајловска да биде избрана во звањето асистент по група предмети од областите: градежни материјали (20700), градежни конструкции во ниско- и високоградбата (20702), механика на цврсто и деформабилно тело (20705) и бетонски, армиранобетонски и преднапрегнати конструкции (20708) на Институтот за високградба при Архитектонскиот факултет во Скопје.

**Членови на Комисијата**

**Проф. д-р Ана Тромбева-Гаврилоска, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Мери Цветковска, член, с.р.**
**Проф. д-р Огнен Марина, член, с.р.**

# ОБРАЗЕЦ 1
## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидатка:** **Теодора Стретко Михајловска**
**Институција:** **Архитектонски факултет**
**Научна област:** **градежни материјали (20700), градежни конструкции во ниско- и високоградбата (20702), механика на цврсто и деформабилно тело (20705) и бетонски, армиранобетонски и преднапрегнати конструкции (20708)**

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Има завршено интегрирани прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити, со остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум)<br><br>Просечниот успех изнесува: 8,92 | да |
| 2 | Има завршено додипломски и постдипломски студии по студиските програми пред воведувањето на европскиот кредит-трансфер систем и има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на додипломските и постдипломските академски студии одделно<br>Просечниот успех на додипломски студии изнесува: __________<br><br>Просечниот успех на постдипломски студии изнесува: __________ | |
| 3 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик: англиски јазик<br>2. Назив на документот: уверение, ниво Ц1 според CEFR<br>3. Издавач на документот: УКИМ, Филолошки факултет „Блаже Конески“ - Скопје<br>4. Датум на издавање на документот 4.12.2020 | да |

**Членови на Комисијата**

**Проф. д-р Ана Тромбева-Гаврилоска, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Мери Цветковска, член, с.р.**
**Проф. д-р Огнен Марина, член, с.р.**

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА СОРАБОТНИК ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ НА ГРУПА ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТА НА РАЗВОЈ НА АРХИТЕКТУРАТА И УРБАНИЗМОТ И АРХИТЕКТОНСКОТО НАСЛЕДСТВО – 20103 И КОНЗЕРВАЦИЈА И РЕВИТАЛИЗАЦИЈА НА КУЛТУРНО-ИСТОРИСКИ СПОМЕНИЦИ – 20113 НА ИНСТИТУТОТ ЗА ЗАШТИТА НА ГРАДИТЕЛСКОТО НАСЛЕДСТВО, ИСТОРИЈА НА АРХИТЕКТУРАТА И УМЕТНОСТ НА АРХИТЕКТОНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје - Архитектонски факултет, објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Коха“ од 28.11.2020 година, за избор на соработник во соработничко звање – асистент на група предмети од областа на развој на архитектурата и урбанизмот и архитектонското наследство (20103) и конзервација и ревитализација на културно-историски споменици (20113) на Институтот за заштита на градителското наследство, историја на архитектурата и уметност во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, за време од 3 (три) години, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, 08 бр. 6/296, донесена на 9.12.2020 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Ана Ивановска Дескова, вонреден професор на Архитектонскиот факултет, претседател, д-р Елизабета Касапова, професор на Архитектонскиот факултет, член и д-р Мери Батакоја, вонреден професор на Архитектонски факултет, член.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На објавениот конкурс за избор на соработник во соработничко звање – асистент на група предмети од областа на развој на архитектурата и урбанизмот и архитектонското наследство (20103) и конзервација и ревитализација на културно-историски споменици (20113) на Институтот за заштита на градителското наследство, историја на архитектурата и уметност при Архитектонскиот факултет, во предвидениот рок се пријави 1 (еден) кандидат - м-р Михајло Стојановски.

### М-р МИХАЈЛО СТОЈАНОВСКИ

### БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатот Михајло Стојановски е роден на 6.11.1992 година во Скопје. Средното образование го завршил во гимназијата „Раде Јовчевски Корчагин“ во Скопје. На интегрираните петгодишни студии од прв и втор циклус по архитектура на Архитектонскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје се запишал во септември 2011 година, а ги завршил во јануари 2017 година со просечен успех 8,74. Предметите од областа на историја на архитектурата и уметноста кандидатот ги положил со просечна оценка 8,20, а од областа на заштита на градителското наследство со просечна оценка 8,67.

Магистерскиот труд на тема: *Автономија на архитектурата – нови урбани парадигми и нивниот одраз врз типолошките редефиниции на јавните објекти на примерот на населбата Аеродром во Скопје* јавно го одбранил на 31.1.2017 година, со што се стекнал со стручното звање магистер инженер архитект (Master of Architecture).

Кандидатот активно се служи со англискиот јазик, за што е поднесено и соодветно уверение и има познавање од германскиот јазик.

### РАБОТНО ИСКУСТВО

Во периодот од 2016 до 2018 година, кандидатот бил ангажиран како демонстратор во рамки на Институтот за архитектонско проектирање на Архитектонскиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј”, и тоа: во академските 2016/2017 и 2017/2018 на Архитектонското студио 5.2 и 6.2 (водени од проф. д-р Анета Христова Поповска) и на Архитектонското студио 3 и 4 (водено од вонр. проф. д-р Јован Ивановски) во академската 2017/2018 година.

По завршувањето на студиите, во текот на 2018 и 2019 година, кандидатот м-р Михајло Стојановски работел како архитект-проектант во СТУДИО 90, а во текот на 2020 година во ОРТО АРХИТЕКТИ. Во периодот од 2018 до 2020 г., кандидатот хонорарно соработува и со Македонската опера и балет и изработува дизајн на сценографии за низа балетски и оперски претстави.

Од особено значење во изминатите години е ангажманот на кандидатот м-р Михајло Стојановски како млад истражувач и соработник во низа научноистражувачки проекти кои ја препознаваат и вреднуваат модерната архитектура во Скопје и на пошироката територија на Република Северна Македонија.

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКИ ПРОЕКТИ**

- Учество во меѓународен истражувачки проект: **The Future as a Project, Doxiadis in Skopje**, соработка помеѓу Музејот на град од Скопје и Doxiadis Archive и Hellenic Institute of Architecture од Атина, 2018 година, како соработник. Проектот е под раководство на Калиопи Амигдалу и проф. д-р Костас Циамбаос од Атина и вонр. проф. д-р Ана Ивановска Дескова, вонр. проф. д-р Јован Ивановски и Владимир Десков од Скопје.
- Учество во национален научноистражувачки проект: **Скопските вертикали**, проект од национален интерес во културата од областа на визуелните уметности, архитектурата и дизајнот за 2017 год., финансиран од Министерството за култура на РМ, како соработник. Проектот е под раководство на вонр. проф. д-р Јован Ивановски, вонр. проф. д-р Ана Ивановска Дескова и Владимир Десков.
- Учество во национален научноистражувачки проект: **Загрозени видови**, проект од национален интерес во културата од областа на визуелните уметности, архитектурата и дизајнот за 2018 год., финансиран од Министерството за култура на РМ, како соработник. Проектот е под раководство на вонр. проф. д-р Јован Ивановски, вонр. проф. д-р Ана Ивановска Дескова и Владимир Десков.
- Учество во научноистражувачки проект: **Документирање и архивирање на проектантското творештво на архитект Живко Поповски**, на Архитектонскиот факултет во Скопје финансиран од средствата на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје за 2018/19 год. како соработник. Проектот е под раководство на проф. д-р Анета Христова Поповска и вонр. проф. Мери Батакоја.
- Учество во научноистражувачки проект: **Македонски архитектонски атлас**, на Архитектонскиот факултет во Скопје/Галерија Ко-Ра во Домот на култура „Кочо Рацин“ во Скопје, 2017 год., како соработник. Проектот е под раководство на проф. д-р Анета Христова Поповска и вонр. проф. Мери Батакоја.

**УЧЕСТВО НА ЛЕТНИ ШКОЛИ И РАБОТИЛНИЦИ**

- Учесник на меѓународна студентска работилница: **Open Room**, организирана од Архитектонскиот факултет во Скопје, УКИМ во 2013 година.
- Учесник на Меѓународната летна школа за архитектура, Манастир „Св. Јоаким Осоговски“, Крива Паланка, во организација на Архитектонскиот факултет во Скопје, УКИМ, сесија 2014, на тема „**Капела за природата**“, раководител: вонр. проф. д-р Јован Ивановски, гостин тутор: Сами Ринтала од архитектонското студио Ринтала-Егертсон (Rintala-Eggertsson).
- Учесник на меѓународна студентска работилница: **Наутилус конструкт**, соработка на Архитектонскиот факултет во Скопје, УКИМ и ЕТН од Цирих, Швајцарија, во 2015 година. Проектот е воден од TEN + NGO City Creative Network – Скопје.
- Учесник на работилница: **Скопје – градот што може(ше) да биде**, посветена на проектите на арх. Живко Поповски за Скопје, поддржана од Министерството за култура на Република Северна Македонија во 2020 година; раководители: проф. д-р Анета Христова Поповска и вонр. проф. Мери Батакоја.

**АРХИТЕКТОНСКИ КОНКУРСИ, ПРОЕКТИ И РЕАЛИЗАЦИИ**

Во периодот од 2018 до 2020 година, самостојно или во тим со други колеги архитекти, кандидатот м-р Михајло Стојановски учествувал на неколку јавни архитектонски конкурси:

- Идејно архитектонско решение за паркинг за велосипеди, лоциран во рамки на Транспортниот центар во Скопје, под покровителство на СкопјеЛаб – Центар за иновации на град Скопје, 2020 година, прва награда и реализација;
- Идејно архитектонско решение за два јавни простора во рамки на ТЦ „Бисер“ во населбата Аеродром во Скопје, 2020 година, втора награда;
- Идејно архитектонско решение за просторот на киното во Железничарската зграда во Скопје, под покровителство на „Локомотива – центар за нови иницијативи во културата и уметноста“, 2017 година, втора награда.

Како резултат на соработката со Македонската опера и балет, кандидатот м-р Михајло Стојановски е коавтор или учесник во изработката на сценографии за неколку балетски и оперски претстави:

- сценографија за балетската претстава **Ана Каренина**, 2018;
- сценографија за балетската претстава **Либертанго** (под водство на Александар Ношпал) 2018;
- сценографија за балетската претстава **Жизел**, 2020;
- сценографија за оперската претстава **Кармен** (под водство на Елена Иванова), 2019.

**ДРУГИ АКТИВНОСТИ:**

- присуство на научен симпозиум: **The Future as a Project, Doxiadis in Skopje**“, Музеј Бенаки, Атина, Грција, 2018 година;
- присуство на стручен собир: **Денови на Орис** во Дубровник, Хрватска, 2018 година;
- член на Работна група за изработка на јубилејна монографија: **70 години Архитектонски факултет во Скопје,** во 2019 година;
- изработка на илустрации за универзитетскиот учебник **Прирачник за етика** на проф. д-р Дејан Донев, за потребите на соодветниот предмет на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, 2019.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација, Рецензентската комисија заклучи дека пријавениот кандидат – м-р Михајло Стојановски ги исполнува и општите услови предвидени во Законот за високото образование и посебните услови за избор согласно со Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Комисијата констатира дека кандидатот покажал висок успех во своите студии, како и сериозни амбиции за понатамошно усовршување.

Од увидот во доставените материјали, Комисијата констатира дека во релативно кусиот период по завршувањето на студиите, кандидатот м-р Михајло Стојановски покажал широк интерес за професионално делување. Покрај низата проекти и конкурсни трудови во кои учествува самостојно или како соработник, кандидатот учествува како млад истражувач и соработник во повеќе референтни научноистражувачки проекти од национално и меѓународно значење, главно во доменот на историјата на архитектурата на 20 век, нејзиното вреднување и популаризација. Благодарение на личното познавање и досегашната соработка со кандидатот м-р Михајло Стојановски, Комисијата би сакала да ја истакне неговата истражувачка љубопитност, силната посветеност и мотивација и исклучителните резултати во работата. Како дополнителен квалитет, Комисијата го истакнува и неговото досегашно педагошко искуство како соработник во наставата на Архитектонскиот факултет во Скопје. Наставниците и студентите со кои кандидатот м-р Михајло Стојановски имал прилика да соработува можат да посведочат за неговиот одговорен и посветен пристап во работата.

Имајќи го предвид горенаведеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Архитектонскиот факултет во Скопје, да го избере **м-р Михајло Стојановски** за соработник во соработничко звање – асистент на група предмети од областа на развој на архитектурата и урбанизмот и архитектонското наследство (20103) и конзервација и ревитализација на културно-историски споменици (20113) на Институтот за заштита на градителското наследство, историја на архитектурата и уметност, за време од 3 (три) години.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Вонр. проф. д-р Ана Ивановска Дескова, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Елизабета Касапова, член, с.р.**
**Вонр. проф. д-р Мери Батакоја, член, с.р.**

**ОБРАЗЕЦ 1**
**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

**Кандидат:** ***Михајло Сашо Стојановски***
(име, татково име и презиме)

**Институција:** ***Архитектонски факултет – Скопје***
(назив на факултетот/институтот)

**Научна област:** ***РАЗВОЈ НА АРХИТЕКТУРАТА И УРБАНИЗМОТ И АРХИТЕКТОНСКОТО НАСЛЕДСТВО - 20103, КОНЗЕРВАЦИЈА И РЕВИТАЛИЗАЦИЈА НА КУЛТУРНО-ИСТОРИСКИ СПОМЕНИЦИ - 20113***

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ**
**за факултети кои имаат студиски програми на интегрирани прв и втор циклус студии**

| **Ред. број** | **ОПШТИ УСЛОВИ** | **Исполнетост на општите услови да/не** |
|---|---|---|
| 1 | Има завршено интегрирани прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити, со остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум)<br><br>Просечниот успех изнесува: 8,74 | **ДА** |
| 2 | Има завршено додипломски и постдипломски студии по студиските програми пред воведувањето на европскиот кредит-трансфер систем и има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на додипломските и постдипломските академски студии одделно<br>Просечниот успех на додипломски студии изнесува: __________<br><br>Просечниот успех на постдипломски студии изнесува: __________ | / |
| 3 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик: англиски<br>2. Назив на документот: ESOL Examinations, Fist Certificate in English<br>3. Издавач на документот: University of Cambridge<br>4. Датум на издавање на документот: August, 2009 | **ДА** |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Вонр. проф. д-р Ана Ивановска Дескова, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Елизабета Касапова, член, с.р.**
**Вонр. проф. д-р Мери Батакоја, член, с.р.**

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА СОРАБОТНИК ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ НА ГРУПАТА ПРЕДМЕТИ: АРХИТЕКТОНСКО ПРОЕКТИРАЊЕ 2 И АРХИТЕКТОНСКО СТУДИО ОД ОБЛАСТА НА АРХИТЕКТОНСКОТО ПРОЕКТИРАЊЕ И ДИЗАЈНОТ (20100) НА ИНСТИТУТОТ ЗА АРХИТЕКТОНСКО ПРОЕКТИРАЊЕ ПРИ АРХИТЕКТОНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје - Архитектонски факултет, објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Коха“ од 28.11.2020 година, за избор на соработник во соработничко звање – асистент на групата предмети: Архитектонско проектирање 2 и Архитектонско студио од областа на архитектонското проектирање и дизајнот (20100) за време од 3 (три) години, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, 08 бр. 6/291, донесена на 9.12.2020 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Јован Ивановски, вонреден професор на Архитектонскиот факултет, претседател, д-р Горан Мицковски, вонреден професор на Архитектонскиот факултет, член и д-р Ана Ивановска Дескова, вонреден професор на Архитектонскиот факултет, член. Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На објавениот конкурс за избор на соработник во соработничко звање – асистент на група предмети Архитектонско проектирање 2 и Архитектонско студио од областа на архитектонското проектирање и дизајнот (20100) на Институтот за архитектонско проектирање при Архитектонскиот факултет во Скопје, во предвидениот рок се пријави 1 (еден) кандидат: м-р Теа Дамјановска.

### БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатката м-р Теа Дамјановска е родена на 26.10.1992 година во Охрид. Средно образование завршила во Основното средно училиште „Св. Климент Охридски“ во Охрид. На интегрираните петгодишни студии од прв и втор циклус по архитектура на Архитектонскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје се запишала во септември 2010 година, а студиите ги завршила во јуни 2017 година. Во текот на студиите, таа остварила просечен успех – 9,05, а на предметите од областа архитектонско проектирање и дизајн, нејзиниот просечен успех изнесува 9,38.

Магистерскиот труд со наслов „Архитектонско сценарио за музеализација на стариот град во Охрид“, пријавен во рамки на темата „Архитектурата и новата музеологија: од музејска зграда до музејска територија“, под менторство на вонр. проф. д-р Мери Батакоја, успешно го одбранила во јуни 2017 година, со што се стекнала со стручен назив - магистер инженер архитект.

Кандидатката активно се служи со англискиот јазик, за што поднела соодветно уверение за познавање на англиски јазик, на ниво Ц1 според Европската јазична рамка на Советот на Европа, издадено од Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, на 1.12.2020 година.

### РАБОТНО ИСКУСТВО

По завршувањето на студиите по архитектура, кандидатката м-р Теа Дамјановска го насочила својот творечки интерес и ангажман најмногу во областа на архитектонското проектирање и дизајнот, што најдобро може да се согледа преку мапирање на нејзиното работно искуство и нејзината разновидна проектанска активност.

Во периодот од 2018 до 2020 година, самостојно или во тим со други колеги архитекти, кандидатката м-р Теа Дамјановска учествувала на 6 јавни архитектонски конкурси, приложувајќи идејни архитектонски решенија чиј квалитет подоцна бил потврден со 2 први награди (подоцна реализирани) и 2 втори награди. Во истиот период, своите проектантски знаења и вештини кандидатката ги потврдила и на меѓународниот пазар на трудот, каде што преку една од најголемите светски онлајн платформи за хонорарно вработување - „Upwork“, работно е ангажирана како професионален соработник на повеќе меѓународни бироа, како „Daxaro

Consulting AS“ од Консберг, Норвешка, Студио „Gordon Heuther“ од Линколн, САД, „B-Scharf Design“ од Портланд, САД и „ActGlobal“ од Остин, САД. Во рамки на нејзиниот ангажман за наведените компании, таа учествувала во изработка на голем број идејни архитектонски решенија, изведбена техничка документација, тродимензионални визуелизации итн.

Во доменот на педагошката работа, за истакнување е дека кандидатката Теа Дамјановска има повеќегодишен ангажман на Архитектонскиот факултет во Скопје како соработник во наставата. Во учебната 2017/2018 година, таа била вклучена во реализацијата на наставата по предметите Архитектонско студио 3 и Архитектонско студио 4 на Институтот за архитектонско проектирање, а во учебните 2015/2016, 2016/2017 и 2017/2018 година била вклучена во реализацијата на наставата по предметот Урбанистичко планирање 1 при Институтот за урбанизам на Архитектонскиот факултет во Скопје.

Во септември 2020 година, м-р Теа Дамјановска конкурирала и добила неповратен грант за самовработување од страна на Агенцијата за вработување на РСМ, по што го основала професионалното друштво „Меш“ од Охрид, регистрирано за извршување на специјализирани дизајнерски дејности со употреба на напредни и високотехнолошки алатки.

Во периодот од 2018 до 2020 година, кандидатката м-р Теа Дамјановска учествувала како соработник во дизајнот и реализацијата на 9 (девет) изложбени и мултимедиски дела, поставени во повеќе национални установи од областа на културата во РСМ.

Во текот на 2018 година, кандидатката м-р Теа Дамјановска била ангажирана од страна на Општина Центар, каде што за потребите на општината во рамки на Одделението за урбанизам учествувала во аналитичка обработка на планска документација.

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКИ ПРОЕКТИ**

Во периодот од 2017 до 2020 година, кандидатката м-р Теа Дамјановска, заедно со поголем тим на истражувачи предводени од вонр. проф. д-р Јован Ивановски и вонр. проф. д-р Ана Ивановска Дескова, учествувала во следниве научноистражувачки проекти:

- научноистражувачки проект, јавна изложба и публикација: „Скопските вертикали“, проект од национален интерес во културата од областа на визуелните уметности, архитектурата и дизајнот за 2017 година, финансиран од Министерството за култура на РСМ, 2017 година;
- научноистражувачки проект и јавна изложба: „Загрозени видови“, проект од национален интерес во културата од областа на визуелните уметности, архитектурата и дизајнот за 2018 година, финансиран од Министерството за култура на РСМ, 2018 година;
- научноистражувачки проект, јавна изложба и публикација: „Иднината како концепт, Доксијадис за Скопје“, меѓународен проект од областа на архитектурата, финансиран од Музејот на град Скопје, Град Скопје и Хеленскиот институт за архитектура од Атина, Грција, 2020 година.

**ОБЈАВЕНИ НАУЧНИ И СТРУЧНИ ТРУДОВИ**

Во 2019 година, магистерскиот труд со наслов „Архитектонско сценарио за музеализација на стариот град во Охрид“, изработен од кандидатката м-р Теа Дамјановска, бил објавен во научна/стручна публикација во издание на Архитектонскиот факултет во Скопје:

- Батакоја, Мери, **уред.** Архитектурата на новата музеологија: од музеј-зграда до музеј-територија: Збирка на магистерски трудови. Скопје: Архитектонски факултет - Скопје, 2019.

**КОНКУРСНИ ТРУДОВИ, АРХИТЕКТОНСКИ ПРОЕКТИ И ДИЗАЈН**

Во периодот од 2018 до 2020 година, самостојно или во тим со други колеги архитекти, кандидатката м-р Теа Дамјановска учествувала на повеќе јавни архитектонски конкурси, меѓу кои ги издвојуваме:

- Идејно архитектонско решение за зоната на локалната железничка станица во Велс, Велика Британија, 2018 година, прва награда и реализација;
- Идејно архитектонско решение за паркинг за велосипеди, лоциран во рамки на Транспортниот центар во Скопје, 2020 година, прва награда и реализација;

- Идејно архитектонско решение за два јавни простора во рамки на ТЦ „Бисер“ во населбата Аеродром во Скопје, 2020 година, втора награда;
- Идејно урбанистичко-архитектонско решение за парк во населбата Карпош во Скопје, 2020 година, втора награда;
- Идејно архитектонско-урбанистичко решение за парк „Универзална сала“ во населбата Центар во Скопје, 2020 година;
- Идејно архитектонско решение за „Три летни сцени“ во рамки на Градскиот парк во Скопје, 2020 година.

Кандидатката м-р Теа Дамјановска се јавува како автор и коавтор на повеќе од 30 идејни и изведбени проекти, меѓу кои ги издвојуваме:

- Идејно архитектонско решение, изработка на основен проект и изведбена техничка документација за повеќесемеен станбен објект во Конгсберг, Норвешка, 2020 година;
- Идејно архитектонско решение, изработка на основен проект и изведбена техничка документација за индивидуален станбен објект во Конгсберг, Норвешка, 2020 година;
- Изведбена техничка документација за доградба на индустриска хала во Трисил, Норвешка, 2020 година;
- Идејно архитектонско решение за индивидуален станбен објект на ул. Аргир Маринчев, во Охрид, 2019 година;
- Идејно архитектонско решение, изработка на основен проект и изведбена техничка документација за повеќесемеен станбен објект во Конгсберг, Норвешка, 2019 година;
- Идејно архитектонско решение, изработка на основен проект, изведбена техничка документација и тродимензионални претстави за повеќесемеен станбен објект во Конгсберг, Норвешка, 2020 година;
- Изработка на изведбена техничка документација на повеќенаменско игралиште во „South Florence High School“ во Св. Флоренс, Јужна Каролина, САД, 2020 година;
- Изработка на изведбена техничка документација на повеќенаменско игралиште во „Wilson High School“ во Св. Флоренс, Јужна Каролина, САД, 2020 година;
- Изработка на изведбена техничка документација на повеќенаменско игралиште во „West Florence High School“ во Св. Флоренс, Јужна Каролина, САД, 2020 година;
- Изработка на изведбена техничка документација за повеќенаменско игралиште во „Clearwater Central Catholic High School“во Клиарвотер, Флорида, САД, 2020 година;
- Изработка на изведбена техничка документација за фудбалско игралиште „Dick Sporting Goods Store“ во Ноксвил, Тенеси, САД, 2020 година;
- Изработка на изведбена техничка документација повеќенаменско игралиште во „University of Tampa“ во Тампа, Флорида, САД, 2020 година;

Кандидатката м-р Теа Дамјановска учествувала како соработник во дизајнот и реализацијата на повеќе изложбени и мултимедиски дела реализирани во повеќе национални установи од областа на културата во РСМ, меѓу кои ги издвојуваме:

- Изложбена поставка „70 години АСНОМ“, Музеј на Македонија, 2020 година;
- Изложбена поставка „Јубилеј 70 години - Музеј на град Скопје“, Музеј на град Скопје, 2020 година;
- Изложбена поставка „Сè што имаме заедничко“, Музеј на современата уметност - Скопје, 2019 година;
- Изложбена поставка „Скопје, одново“, Музеј на современата уметност - Скопје, 2019 година;
- Изложбена поставка „Вкрстување“, Саем за современа уметност „Ин Ситу“, Младински културен центар, Скопје, 2019 година;
- Изложбена поставка „Загрозени видови”, претставување на резултатите од истоимениот истражувачки проект, Природонаучен музеј на Македонија, Скопје, 2018 година;
- Изложбена поставка „Скопските вертикали”, претставување на резултатите од истоимениот истражувачки проект, Музеј на град Скопје, Скопје, 2018 година;
- Изложбена поставка „Повлечи линија“, Саем за современа уметност „Ин ситу“, Младински културен центар, Скопје, 2018 година.

**ЈАВНИ ПРЕДАВАЊА, УЧЕСТВО НА ШКОЛИ, КОНФЕРЕНЦИИ И СИМПОЗИУМИ**

Во периодот од 2011 до 2020 година, кандидатката м-р Теа Дамјановска учествувала на повеќе настани и во рамки на различни активности од областа на архитектурата, меѓу кои ги издвојуваме:

- јавно одржано предавање, насловено „Архитектура во три мерила“, на покана на Архитектонскиот факултет во Скопје во рамки на програмата „Нови дијалози“, Сквер на Архитектонскиот факултет во Скопје, 2018 година;
- учество на научен симпозиум „Иднината како концепт, Доксијадис за Скопје“, Музеј Бенаки, Атина, Грција, 2018 година;
- присуство на стручен собир „Денови на Орис” во Дубровник, Хрватска, 2018 година;
- учество на Летна школа по архитектура, сесија 2015, тема: “Изблик на чиста архитектура во планините” со проф. Питер Вилсон, Крива Паланка, 2018 година;
- присуство на стручен собир „Скопска недела на архитектура“, Скопје, 2013 и 2012 година;
- присуство на меѓународен собир на факултетите по архитектура од југоисточна Европа во Солун, Грција, на тема: Архитектурата и градот во југоисточна Европа, 2011 година.

**ДРУГИ АКТИВНОСТИ:**

- соработник истражувач во рамки на Работната група за изработка на јубилејна монографија „70 години Архитектонски факултет во Скопје“, во 2019 и 2020 година;
- автор на репрезентативна макета за комплексот на Институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија (ИЗИИС), поставена во холот на Институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија во Скопје, 2018 година.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација, Рецензентската комисија заклучи дека пријавената кандидатка м-р Теа Дамјановска ги исполнува и општите услови предвидени во Законот за високото образование и посебните услови за избор согласно со Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Од увидот во доставените материјали и благодарение на личното познавање на кандидатката м-р Теа Дамјановска, Комисијата констатира дека нејзиното целокупно професионално делување и ангажираност се во областа на архитектонското проектирање и дизајнот каде што покажува силна посветеност проследена со исклучителна творечка енергија и решителност за понатамошно усовршување на полето на потесниот интерес.

Во прилог на ова тврдење ги истакнуваме длабочината на истражувањето и квалитетот на изработката на магистерскиот труд, бројните стручни трудови каде што преку активна проектантска работа го унапредува своето знаење и ја усовршува вештината на архитектонското проектирање и дизајнот, искуството од учеството и работата во референтни научноистражувачки проекти од национално и меѓународно значење и, особено, нејзиното повеќегодишно педагошко искуство во реализацијата на наставата на Архитектонскиот факултет во Скопје како соработник. Наставниците и студентите со кои имала прилика да соработува можат да потврдат дека во непосредниот контакт со студентите таа покажала исклучителни педагошки квалитети кои Комисијата, исто така, високо ги вреднува – одговорен и посветен пристап кон работата, способност за пренесување на знаењето, култура на уважување на спротивното мислење и почитување на туѓото време, непосредна и отворена комуникација, способност за брзо размислување и нагласена социјална интелигенција.

Потврдувајќи ги неоспорните квалитети на кандидатката, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Архитектонскиот факултет во Скопје, да ја избере **м-р Теа Дамјановска** за соработник во соработничко звање – асистент на групата предмети: Архитектонско проектирање 2 и Архитектонско студио од областа на архитектонското проектирање и дизајнот (20100) за време од 3 (три) години.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Вонр. проф. д-р Јован Ивановски, претседател, с.р.**
**Вонр. проф. д-р Горан Мицковски, член, с.р.**
**Вонр. проф. д-р Ана Ивановска Дескова, член, с.р.**

**ОБРАЗЕЦ 1**
**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

**Кандидат:**
Теа Слободан Дамјановска
**Институција:**
Архитектонски факултет - Скопје
**Научна област:**
архитектонско проектирање и дизајн (20100)

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ**
**за факултети кои имаат студиски програми на интегрирани прв и втор циклус студии**

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Има завршено интегрирани прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити, со остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум)<br><br>Просечниот успех изнесува: **9,05** | **ДА** |
| 2 | Има завршено додипломски и постдипломски студии по студиските програми пред воведувањето на европскиот кредит-трансфер систем и има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на додипломските и постдипломските академски студии одделно<br>Просечниот успех на додипломски студии изнесува: __________<br><br>Просечниот успех на постдипломски студии изнесува: __________ | / |
| 3 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик: **англиски јазик**<br>2. Назив на документот:<br>**Уверение за познавање на англиски јазик на ниво Ц1 според Европската јазична рамка на Советот на Европа**<br>3. Издавач на документот:<br>**Филолошки факултет „Блаже Конески“ Скопје**<br>4. Датум на издавање на документот: **1.12.2020 година** | **ДА** |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Вонр. проф. д-р Јован Ивановски, претседател, с.р.**
**Вонр. проф. д-р Горан Мицковски, член, с.р.**
**Вонр. проф. д-р Ана Ивановска Дескова, член, с.р.**

# Р Е Ф Е Р А Т
# ЗА ИЗБОР НА СОРАБОТНИК ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ НА ГРУПА ПРЕДМЕТИ: НАЦРТНА ГЕОМЕТРИЈА, КОМПЈУТЕРСКИ ПОМОГНАТО ПРОЕКТИРАЊЕ CAD, CAAD И 3Д-МОДЕЛИРАЊЕ ОД ОБЛАСТА НА ГРАФИЧКИТЕ КОМУНИКАЦИИ НА АРХИТЕКТОНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје - Архитектонски факултет, објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Коха“ од 28-29.11.2020 година, за избор на соработник во соработничко звање – асистент на група предмети: Нацртна геометрија, Компјутерски помогнато проектирање CAD, CAAD и 3Д-моделирање, на Институтот за графички комуникации за време од 3 (три) години, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет 08-6/295, донесена на 9.12.2020 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Бојан Каранаков, вонреден професор на Архитектонскиот факултет, претседател, д-р Добре Николовски, доцент на Архитектонскиот факултет, член и д-р Александар Радевски, вонреден професор на Архитектонскиот факултет, член.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на соработник во соработничко звање – асистент на група предмети: Нацртна геометрија, Компјутерски помогнато проектирање CAD, CAAD и 3Д-моделирање, на Институтот за графички комуникации при Архитектонскиот факултет, во предвидениот рок се пријави 1 (еден) кандидат: м-р Лилјана Димевска.

### 3. М-р ЛИЛЈАНА ДИМЕВСКА

**БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ**

Кандидатката м-р Лилјана Димевска е родена на 17.8.1991 година во Штип. Средно образование завршила во ДСУ „Ацо Русковски“ во Берово. На интегрираните петгодишни студии од прв и втор циклус по архитектура на Архитектонскиот факултет при УКИМ - Скопје се запишала во септември 2010 година, а ги завршила во октомври 2015 година со просечен успех 9,50. Магистерскиот труд на тема: *Епизоди на домување, речна зона на градот Велес* го одбранила со оценка 10 и се стекнала со стручното звање магистер инженер архитект (Master of Architecture).

Во ноември 2016 година, кандидатката Лилјана Димевска се запишала на трет циклус на студии – докторски студии на Градежниот факултет при УКИМ во Скопје, на научното поле: технички науки, модул: градежни конструкции. Работниот наслов на докторската дисертација е: *Енергетска ефикасност на објекти од културно наследство*. Трудот го работи под менторство на проф. д-р Мери Цветковска од Градежниот факултет во Скопје и коментор вонр. проф. д-р Ана Тромбева Гаврилоска од Архитектонскиот факултет во Скопје.

Кандидатката активно се служи со англискиот јазик, за што е поднесено соодветно уверение.

**НАГРАДИ И ПРИЗНАНИЈА**

Во текот на студиите, кандидатката се стекнала со следниве награди и признанија:

- Признание за најдобар студент на Архитектонскиот факултет во четврта студиска година 2014/2015, доделена од страна на Деканатот на Факултетот за постигнат просечен успех 9,86;
- Признание и „Инженерски прстен“ за најдобар студент на Архитектонскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје доделени во 2016 година од страна на Инженерската институција на РМ и Комората на овластени архитекти и овластени инженери на РМ за постигнат среден успех 9,50;
- Пофалница за најдобар дипломиран студент во учебната 2014/2015 година со највисок среден успех (9,50) на Архитектонскиот факултет при УКИМ во Скопје, доделена на 14.3.2017 година од страна на ректорот на УКИМ.

**РАБОТНО ИСКУСТВО**

Во текот на студиите, кандидатката волонтирала во СТУДИО „ЛЕЛЕЛЕЛЕ“ – Студио за архитектура и дизајн во Скопје.

Во периодот од јули 2015 до март 2016 година работела како архитект проектант во ТЕТРАКТИС КРИСТИЈАН ДООЕЛ – Друштво за архитектура, урбанизам и инженеринг во Скопје.

Во периодот 15.9.2017-15.1.2018 година работела како соработник демонстратор на Градежниот факултет при УКИМ во Скопје, на предметите Нацртна геометрија и Инженерска графика.

Од март 2018 година, кандидатката м-р Лилјана Димевска работи на Архитектонскиот факултет - Прв приватен универзитет ФОН во Скопје, како *помлад асистент* на предметите:

- Архитектонски конструкции 1
- Историја на архитектура 1 и 2
- Архитектонско студио – станбени објекти 1, 2
- Апликација на компјутерски програми CAD
- Апликација на компјутерски програми 3D1, 3D2
- Проектирање на стопански објекти
- Проектирање на индустриски објекти
- Проектирање на објекти за времено домување;

и како *доцент м-р по стручно уметнички предмети** на предметите:

- Архитектонско проектирање на станбени објекти 2
- Архитектонско студио – станбени објекти 1
- Архитектонско студио – станбени објекти 2
- Архитектонско студио – општествени објекти
- Одржлива архитектура
- Енергетска ефикасност.

* Нема приложен документ за назначување или спроведена постапка за избор во наставно звање *Доцент м-р по стручно уметнички предмети!*

**УЧЕСТВО НА ШКОЛИ, КОНФЕРЕНЦИИ И СИМПОЗИУМИ**

- Меѓународен постдипломски семинар, *3rd OIKONET Postgraduate Seminar for Future home, Learning from the past, Uncertanity of the Present, Paradigms of the Future,* Multidisciplinary network on housing research, 14-15 ноември, 2019, Архитектонски факултет – Скопје, Р Македонија.
- Меѓународна летна школа, *EU4TECH WB Technology Transfer Summer School 2019, Hotel Holiday In,* Скопје, 3-6 јуни, 2019, Скопје, Р Македонија.
- Меѓународна конференција: *PEOPLE BUILDING AND ENVIRONMENT, International Scientific Conference PBE2018,* Brno University of Technology,

одржана на 17-19.10.2018 год. во Брно, Чешка, учество со презентација на труд – автор.
- Меѓународна конференција: *15th CONGRESS ASSOCIATION OF DGKS – Structural engineers of Serbia,* одржана на 06-08.09.2018 год. на Златибор, Србија, учество со презентација на труд – автор.
- Меѓународен симпозиум: *1st International Symposium “Knowledge for Resilient Society” K-force,* одржан на 14-15.9.2018 г., во Нови Сад, Србија, учество со презентација на труд – автор.
- *Втора докторска конференција со презентација на труд,* Факултет за електротехника и информатички технологии, одржана на 15.05.2018 год., учество со презентација на труд – автор;
- Меѓународен симпозиум: *17. Меѓународен симпозиум – ДГКМ – Друштво на градежни конструктори на Македонија, тема: Природни катастрофи и конструкции,* одржан на 04-07.10.2017 год. во Охрид, учество со презентација на труд – автор.
- Меѓународна конференција: *SHARE Skopje 2017, International Architectural and Engineering Forum,* одржана на 5.9.2017 г., во Скопје, учесник;
- Летна школа за лидерство од различна професионалност: *Меѓународна обука за млади лидери, Иванов школа за млади лидери,* одржана на 21-31.8.2017 г., во Охрид, учесник.
- Меѓународна конференција: *Woman in Energy,* одржана на 5.6.2017 г. во Скопје, организатор на конференцијата и дизајнер на лого;
- *Прва докторска конференција со презентација на труд,* Институт за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија (ИЗИИС), одржана на 15.5.2017 г. во Скопје, учество со презентација на труд – автор.
- Меѓународна конференција за климатски промени: *“GO GREEN” International Conference for Climate Change and Green Economy,* одржана на 24-25.11.2016 год. во Скопје, учесник.
- Меѓународна конференција: *International Conference for Architecture and Theory of Architecture ARCHTHEO’16 DAKAM,* одржана на 27-28.10.2016 год. во Истанбул, Турција; учество со презентација на труд – автор.
- Меѓународна зимска школа за архитектура и дизајн: *International Winter School for Architecture and Design* (Giugiaro Architects, Politecnico di Milano, Bertone Design), одржана на 16-19.01.2016 год. на Архитектонски факултет, Прв приватен универзитет ФОН во Скопје, учесник во организација на работилницата.
- Меѓународен симпозиум: *“World of Glass”,* одржан на 15-17.10.2015 год. во Белград, Србија, учесник.
- Меѓународен симпозиум: *International Symposium for Architecture and Engineering,* одржан на 5-7.6.2015 год. во Златни Песоци, Бугарија, учесник;
- Меѓународен симпозиум: *“Partnership for Green Constructions”,* одржан на 08-10.5.2015 год. во Охрид, учесник.

**ОБЈАВЕНИ НАУЧНИ И СТРУЧНИ ТРУДОВИ**
- *Assessment of current state of Modernist building heritage of Skopje in terms of sustainability, energy efficiency and authentic appearance degradation,* Liljana DIMEVSKA, Meri CVETKOVSKA, Ana Trombeva GAVRILOSKA Marijana LAZAREVSKA, Milos KNEZEVIC, IOP Science, Journal of Physics: Conference Series International Scientific Conference PBE2020 In SCOPUS

Indexed Proceedings Brno University of Technology Rožnov, Radhoštěm, Czech Republic, 7-9 October, 2020.

- *Energy Efficiency and Sustainability Potential Analysis of Residential Buildings According to their Architectural, Structural and Thermal Characteristics,* презентиран на PEOPLE, BUILDING AND ENVIRONMENT, International Scientific Conference PBE2018 in SCOPUS Indexed Proceedings Brno University of Technology, Brno, Czech Republic, October 17-19, 2018, коавтор со Мери Цветковска и Ана Тромбева Гаврилоска (во печат).
- *Residential Buildings Analysis According to their Architectural, Structural and Thermal Features,* 15th Congress Association of Structural Engineers of Serbia, September 6-8, 2018, коавтор со Мери Цветковска, Ана Тромбева Гаврилоска и Маријана Лазаревска (Книга на резимеа, стр. 207).
- *Parametric Analysis on Fire Resistance of Timber Columns According to Eurocodes,* 1st International Symposium Knowledge for Resilient Society, K-Force, Novi Sad, Serbia, September 14-15, 2017, коавтор со Мери Цветковска, Ана Тромбева Гаврилоска, Маријана Лазаревска и Милош Кнежевиќ (Зборник на трудови, 188-196).
- *Анализа на станбени згради за колективно домување во рамки на селектирана градска четврт – Карпош,* ДГКМ, Октомври 2017, коавтор со Ана Тромбева Гаврилоска и Мери Цветковска (Зборник на трудови, 940-949).
- *Capitalism and Architecture in Skopje”,* ARCHTHEO’16, DAKAM Conference, Istanbul, Turkey, October, 2016, коавтор со Shukran Quazimi (Зборник на трудови, 336-350).

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКИ ПРОЕКТИ**

- Научноистражувачки проект, образец ОБ-3, *Процена на пожарната безбедност на материјалите кои се применуваат во енергетски ефикасните објекти,* Министерство на образование и наука на РМ, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Градежен факултет, Скопје, 2016-17. Главен истражувач: Мери Цветковска. Соработници: Ана Тромбева Гаврилоска, Маријана Лазаревска, Цветанка Чифлиганец, Милица Јовановска, Лилјана Димевска, Никола Постолов, Ристе Волчев.

**АРХИТЕКТОНСКИ ПРОЕКТИ И КОНКУРСНИ ТРУДОВИ**

По завршувањето на студиите, кандидатката м-р Лилјана Димевска активно се занимава со апликативна архитектонска работа и се јавува како соработник, коавтор и автор на бројни идејни и основни архитектонски проекти. Меѓу нив ги издвојуваме:

- Основен проект за индивидуална семејна куќа на ул. „Саса“ бр. 32 КП 4038/1, КО Горно Лисиче, КП бр. 4038/, Скопје, 2020
- Основен проект за индивидуална семејна куќа, (КП Бр. 1302/6 КО Берово), 2020
- Основен проект за реконструкција и надградба на станбено-деловен објект во Берово, 2020
- Основен проект за индивидуална семејна куќа, КП 4003/ 4011 КО Сингелиќ 1, Општина Гази Баба, Скопје, 2020
- Основен проект за доградба на индивидуална викенд-куќа, Маркова Сушица бр. 95, КП 319/8, КО Маркова Сушица, Општина Студеничани, Скопје, 2020
- Основен проект за реконструкција и надградба на индивидуална семејна куќа на ул. „Богомилски Поход“ бр.24, КП 4275, КО Кисела Вода 2, Општина, Аеродром, Скопје, 2020

- Основен проект за реконструкција и надградба на индивидуална семејна куќа на ул. „Богомилски Поход“ бр.23, кп 4274, КО Кисела Вода 2, Општина Аеродром, Скопје, 2020
- Основен проект за семејна куќа на КП бр. 370 КО Кисела Вода, Скопје, 2019
- Основен проект за станбено-деловен објект, Општина Берово, КП 2385/1, 2019
- Основен проект за изградба на индивидуална станбена зграда на м.в. „Анести Пановски“, бб Битола, 2018
- Основен проект за станбен објект-индивидуална семејна куќа, с. Кнежје, Општина Св. Николе, 2020
- Основен проект за реконструкција на станбено - деловен објект, Општина Пехчево, 2020
- Основен проект за индивидуална семејна куќа во КО Кисела Вода, Скопје, 2018
- Основен проект за реконструкција и пренамена на станбено – деловен објект, Општина Берово, КП 2385/1,2019
- Основен проект за индивидуална семејна куќа во Битола, 2018

Покрај ова, кандидатката се јавува како коавтор на десетина идејни проекти, архитектонски конкурси и проекти за ентериерно уредување. Меѓу нив ги издвојуваме:

- Идејно архитектонско решение за индивидуална семејна куќа, ул. „Стив Наумов” бр.62, Струмица, 2020
- Проект за ентериерно уредување на стан во Ново Лисиче, бул. „Видое Смилески – Бато“ бр.65, 2020
- Проект за ентериерно уредување на станбен простор, Влае, Скопје, 2018
- Проект за ентериерно уредување на станбен простор, Тафталиџе, Скопје, 2018
- Проект за ентериерно уредување на деловен простор, Аеродром, Скопје, 2018
- Проект за ентериерно уредување на ресторан со сместувачки капацитети „Вардар“, Гостивар, 2018
- Проект за ентериерно уредување на станбен простор, населба Млаки, Гостивар, 2018
- Идеен архитектонски проект за административен објект DV-COM со ентериерно уредување, Гостивар, 2018 год., коавтор со И. Софрониевски;
- Идејно архитектонско решение за „Студентски дом - Тодор Александров“ Скопје, 2017 - конкурсен труд
- Идејно архитектонско решение за „Реконструкција и доградба на хотел Молика, Битола“ 2016 - конкурсен труд

**Други активности:**

- член и претседател на Клуб на носители на „Инженерски прстен“, како составен дел од Инженерската институција на Македонија, 2017 год.;
- член и претседател на Комитетот за образование и наука при Алумни-асоцијацијата ИСЛАА, Меѓународна обука за млади лидери, 2017 год.

**ОБРАЗЕЦ 1**

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

**Кандидат:** ***Лилјана Јованчо Димевска***
(име, татково име и презиме)
**Институција:** ***Архитектонски факултет – Скопје***
(назив на факултетот/институтот)
**Научна област:** ***Графички Комуникации – 20118***

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ**

**за факултети кои имаат студиски програми на интегрирани прв и втор циклус студии**

| **Ред. број** | **ОПШТИ УСЛОВИ** | **Исполнетост на општите услови да/не** |
|---|---|---|
| 1 | Има завршено интегрирани прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити, со остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум)<br>Просечниот успех изнесува: 9,50 | да |
| 2 | Има завршено додипломски и постдипломски студии по студиските програми пред воведувањето на европскиот кредит-трансфер систем и има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на додипломските и постдипломските академски студии одделно<br>Просечниот успех на додипломски студии изнесува: ___________<br>Просечниот успех на постдипломски студии изнесува: ___________ | / |
| 3 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик: англиски<br>2. Назив на документот: уверение<br>3. Издавач на документот: Филолошки факултет „Блаже Конески“ при УКИМ - Скопје<br>4. Датум на издавање на документот: 4.12.2020 | да |

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација, Рецензентската комисија заклучи дека пријавената кандидатка м-р Лилјана Димевска ги исполнува општите услови предвидени во Законот за високото образование и посебните услови за избор согласно со Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Кандидатката покажала висок успех во своите додипломски и постдипломски студии, како и сериозни амбиции за понатамошно усовршување.

Од увидот во доставените материјали, Комисијата констатира дека кандидатката м-р Лилјана Димевска има особено широко поле на професионални знаења и интереси, што го смета за нејзин особен квалитет. За тоа сведочат одбранетиот магистерски труд, пријавената докторска дисертација, бројните објавени научни и стручни трудови, учествата на конференции и симпозиуми, изработените архитектонски проекти, учествата на конкурси, како и ангажманот во наставата на Институтот за графички комуникации на Архитектонскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје како демонстратор.

Од богатото досие на кандидатката, може да се види дека станува збор за висока научна оспособеност во стручното и научно истражување. Своите знаења и вештини, освен во научноистражувачката област, кандидатката м-р Лилјана Димевска ги покажува и несебично им ги пренесува на студентите во текот на наставно-образовниот процес. Преку нејзините досегашни професионални и академски ангажмани, покрај тоа што професионално се профилира, кандидатката недвосмислено ја докажува и својата посветеност и јасна определба за педагошка работа.

Од увидот во поднесената документација, но и од личното познавање на кандидатката м-р Лилјана Димевска, Рецензентската комисија констатира дека таа поседува квалитети за понатамошна академска надградба и потенцијал за работа во академската заедница на Архитектонскиот факултет при УКИМ во Скопје.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Архитектонскиот факултет во Скопје, да ја избере **м-р Лилјана Димевска** за соработник во соработничко звање – асистент на група предмети од областа на графичките комуникации на Институтот за графички комуникации на Архитектонскиот факултет во Скопје за време од 3 (три) години.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Вонр. проф. д-р Бојан Каранаков,**
**претседател, с.р.**
**Доц. д-р Добре Николовски, член, с.р.**
**Вонр. проф. д-р Александар Радевски, член, с.р.**

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА СОРАБОТНИК ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ - АСИСТЕНТ НА ГРУПА ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТА НА УРБАНИЗМОТ (20114) ПРИ ИНСТИТУТОТ ЗА УРБАНИЗАМ НА АРХИТЕКТОНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје - Архитектонски факултет, објавен во весниците „Нова Македонија“од 28-29.11.2020 година, за избор на соработник во соработничко звање - асистент на група предмети од областа на урбанизмот на Институтот за урбанизам (20114) при Архитектонскиот факултет во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, за време од 3 (три) години, за двајца извршители, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, 08-6/297, донесена на 9.12.2020 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Јасмина Сиљаноска, редовен професор, Архитектонски факултет, претседател, д-р Дивна Пенчиќ, вонреден професор, Архитектонски факултет, член и д-р Слободан Велевски, вонреден професор, Архитектонски факултет, член.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На објавениот конкурс за избор на двајца извршители во соработничко звање - асистент на група предмети од областа на урбанизмот на Институтот за урбанизам (20114) при Архитектонскиот факултет во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, во предвидениот рок се пријавија 3 (три) кандидатки, м-р Елена Андонова, м-р Ана Рафаиловска и м-р Ива Петрунова.

## М-р ЕЛЕНА АНДОНОВА

### 1. Биографски податоци и образование

Кандидатката м-р Елена Андонова е родена на 1.9.1994 година, во Скопје. Средното образование го завршила во СУГС „Раде Јовчевски-Корчагин“, Скопје. Магистрирала на Архитектонскиот факултет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје во јуни 2019 година, со просечен успех 8,71, бранејќи го трудот на тема „Алтернативни модели на урбано живеење во пејзаж“, под менторство на вонреден проф. д-р Марија Мано Велевска, со што се здобила со звањето магистер инженер архитект на интегрирани петгодишни студии од прв и втор циклус по архитектура.

Во текот на студиите, таа покажува континуиран висок успех во сите области на наставата со просечен успех од 8,86 по сите предмети од областа на урбанизмот. Во периодот од 2018 до 2019 година, ангажирана е како демонстратор во наставата на Архитектонскиот факултет во Скопје.

Од октомври 2019, м-р Елена Андонова е вработена во Мегарон инженеринг-Скопје како архитект проектант и во кој период има учествувано во изработката на проектна документација за основен проект и менаџер план на значителен број проекти.

Кандидатката активно се служи со англискиот и шпанскиот јазик, за што се поднесени соодветни уверенија од институции кои се дел од европското здружение ALTE (University of Cambridge и Instituto Cervantes).

### 2. Наставно-образовна дејност

Во периодот на нејзиното студирање на Архитектонскиот факултет при УКИМ, кандидатката м-р Елена Андонова учествувала во изведување на наставата на првиот циклус студии на интегрираните петгодишни студии по архитектура во својство на демонстратор во учебната 2018/2019 година по

предметите: Урбанистичко Планирање 1 (предметен наставник: проф. д-р Јасмина Сиљаноска ) и Архитектонско проектирање 1 (предметен наставник: вонреден проф. д-р Марија Мано Велевска).

## 3. Научноистражувачка и стручно-уметничка дејност

Научноистражувачката и стручно-уметничката дејност на кандидатката Елена Андонова ги опфаќа следниве научни проекти, публикации и конкурси:

Како дел од научноистражувачката дејност, значајно е нејзиното истражување направено во рамките на магистерскиот труд со наслов „Алтернативни модели на урбано живеење во пејзаж“, кој се бави со испитување на новите модели на урбано живеење предизвикани од забрзаната урбанизација, географската и економска мобилност, како и со новите трендови на економијата на знаење во воведувањето нови урбани искуства во периурбаните зони.

Во текот на 2019 година, м-р Елена Андонова била ангажирана како млад истражувач во ROCK-проектот (Регенерација и оптимизација на културното наследство во градови базирани на креативност и знаење). Овој проект е финансиран од Европската Унија во рамките на програмата Хоризонт 2020 и во неговата реализација учествуваат Архитектонскиот факултет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и Град Скопје.

Таа е коавтор на објавениот научноистражувачки труд со наслов **„Популаризирање на руралноста – потенцијалите на руралното коработење и ефектот врз миграциските трендови на младите во Република Северна Македонија“, објавен јуни 2019 година, како дел од** *проектот за образовни центри за советување на фондациите Отворено општество.*

Кандидатката има објавено неколку (6) текстови и трудови во следниве публикации:

- Во стручно списание (Портаз бр.294, јули 2020) е коавтор на трудот со наслов „Нови наративи за градот Скопје“.
- Во Марх.мк е објавен првонаградениот конкурсен труд за станбен објект, јуни 2020
- Трудот на меѓународен конкурс Кале, културна тврдина, МСУ, Скопје, октомври 2019, објавена рецензија (ISBN 978-608-264-008-2)
- Студентски проект дел од интегративно студио „Обрасци ан раст, Неприродни екологии“ во публикацијата на Архитектонскиот факултет на УКИМ (ISBN 978-9989-118-19-7)
- Интервју за студентскиот проект како дел од интегративно студио „Обрасци ан раст, Неприродни екологии“ во koozarch.com (https://www.koozarch.com/interviews/the-stripe-of-density/)
- Студентски проект публикуван во каталог за изложба на архиектонски студија, летен семестар 2015-2016

Особено значајно за стручно-уметничката дејност на кандидатката е нејзиното коавторство на високо рангирани и наградени архитектонско-урбанистички проекти на меѓународни и домашни кокурски. Особено значајни се наградите на конкурсите:

- прво место (коавтор) на конкурсот за избор на идејно решение за објект ГП 04.01 Јужен дел-централно градско подрачје во Скопје, распишан од АДСДП на РСМ- Скопје, април 2020 (проектот е објавен на marh.mk);
- второ место (коавтор) на меѓународниот конкурс за избор на идејно

архитектонско-урбанистичко решение за Плоштадо на независноста (Trg Nezavisnosti) во Подгорица, распишан од Град Подгорица, ноември 2020 година.

## 4. Стручно-применувачка дејност и дејност од поширок интерес (проекти, изложби, работилници/ летни школи)

Кандидатката м-р Елена Андонова од октомври 2019 е дел од тимот на Мегарон инженеринг, Скопје и како архитект проектант и има учествувано во изработката на проектна документација за основен проект и менаџер план на значителен број проекти.

Таа има учествувано на две (2) изложби:

- со студентскиот проект: The stripe of density изработен на интегративното студио Обрасци на раст: Неприродни екологии, при Архитектонскиот факултет во Скопје, м-р Елена Андонова била дел од изложбата на студентски трудови на факултетот за архитектура Oslo School of Architecture and Design - AHO Works Diploma Exhibition, Осло, Норвешка. (проектот е објавен и на koozarch.com како дел од нивната серија на интервјуа)
- конкурсниот труд за „Кале, културна тврдина- (меѓународен конкурс за уредување на ридот на Калето) бил дел од изложбата организирана од Музејот на современа уметност- Скопје, Музеј на современа уметност, Скопје, 2019 (ISBN 978-608-264-008-2)

Во однос на дејности од поширок интерес, м-р Елена Андонова има остварено учество на голем број меѓународни и домашни архитектонски работилници и летни школи:

- Balkan Architecture Students Workshop, (работилница организирана од Rotary Club во Едремит, Турција) во 2019;
- Collage,Montage and Assemblage со Michiel Riedjik и Juliette Bekkering (летна школа по архитектура организирана од Архитектонски факултет, УКИМ ) во 2016;
- Students and Public Spaces: Design Challenge (работилница организирана од Младински Образовен Форум, МОФ Скопје) во 2016;
- Berlin Scapes Lab /Discursive Turns, (работилница организирана од Scapes Lab во Берлин, Германија) во 2016;
- Above/Underground Interpolation (летна школа по архитектура организирана од Архитектонски факултет, Универзитет Загреб, Хрватска) во 2015.

Кандидатката има остварено и самостојна пракса од 3 месеци во Лион, Франција, како дел од тимот на Studis Ingenierie-Bureau d'études technique bâtiment et restaurant-conception во својство на проектант соработник во 2018.

Таа како волонтер учествувала на IN SITU Art Fair, Скопје во 2018 и дел од предавањето на Луис Вивес со наслов: Скопје, светски град, во организација на МЕЛЕЕМ,Скопје.

На Intermediate National Contact Meeting во Трпејца како дел од EASA одржала предавање “THE MUSEUM OF CONTEMPORARY ART IN SKOPJE- Polish Modernism in North Macedonia“.

**ОБРАЗЕЦ 1**

ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат: Елена Предраг Андонова**
(име, татково име и презиме)
**Институција: Архитектонски факултет**
(назив на факултетот/институтот)
**Научна област: УРБАНИЗАМ (20114)**

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ**
**За факултети кои имаат студиски програми на интегрирани прв и втор циклус студии**

| **Ред. Број** | **ОПШТИ УСЛОВИ** | **Исполнетост на општите услови да/не** |
|---|---|---|
| 1 | Има завршено интегрирани прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити, со остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум)<br>Просечниот успех изнесува: 8,71 | да |
| 2 | Има завршено додипломски и постдипломски студии по студиските програми пред воведувањето на европскиот кредит-трансфер систем и има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на додипломските и постдипломските академски студии одделно<br>Просечниот успех на додипломски студии изнесува:<br>Просечниот успех на постдипломски студии изнесува: | / |
| 3 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик: англиски<br>- Назив на документот: Cambridge ESOL Level 3 Certificate in Advanced English (Council of Europe Level C2)<br>- Издавач на документот: University of Cambridge ESOL Examinations<br>- Датум на издавање на документот: 23.8.2011<br>2. Странски јазик: шпански<br>- Назив на документот: Diploma de Español como Lengua Extranjera Nivel C2<br>- Издавач на документот: Instituto Cervantes<br>- Датум на издавање на документот: 1.8.2012 | Да |

**М-р АНА РАФАИЛОВСКА**

**1. Биографски податоци и образование**

Кандидатката м-р Ана Рафаиловска е родена на 1.9.1983 година во Скопје. Додипломските студии на Архитектонскиот факултет при УКИМ - Скопје ги започнала во 2002 година, а ги завршила во 2009 година со просечен успех 9,09. Дипломската работа на тема „Железничка колонија. Прототип на станбен блок“ (под менторство на проф. д-р Зорица Блажевска ја одбранила со особен успех (највисока описна оценка) и се стекнала со стручен назив - *дипломиран инженер архитект.*

Во текот на студиите, Ана Рафаиловска покажува континуиран висок успех во сите области на наставата со просечен успех од 9,00 по сите предмети од областа на урбанизмот. Во периодот од 2008 до 2010 година ангажирана е како демонстратор помошник во наставата на два предмети на Архитектонскиот факултет во Скопје.

Во 2012 година, кандидатката се запишала на постдипломски студии по архитектура и градежно инжинерство на Политехничкиот факултет во Милано (Politecnico di Milano), Италија, кои ги завршила со просечен успех 9,73. Кандидатката магистрира во декември 2014 година во областа на мултискаларната одржлива архитектура, разработувајќи ја од теоретски и практичен аспект урбанистичката и архитектонска теза „Архитектонско дело како топографска форма. Тотален Театар во Берлин“ *Building as a Topographical Form. Total Theatre Berlin,* под менторство на проф. Стефан Витс. Тезата е оценета со кум лауде (110 cum laude) и истата прави историски преглед на применетата урбанистичка теорија на Берлин како град палимпсест преку развивање на дијалектички архитектонско-урбанистички модел на проектирање. Квалитетот на магистерскиот труд на кандидатката е потврден во 2018 година со негова објава во научноистражувачки текст од страна на нејзиниот ментор, при што поставените тези се објавени во текстот *Das steinerne Berlin: Oggetto.Limite.Tessuto* (ANANKE, бр.83, ISBN 978-88-94869-30-9, ISSN 1129-8219, Altralinea Edizioni, Firenze, стр. 162-164).

Од 2014 до 2015 година, кандидатката работи како тутор на Политехничкиот факултет од Милано, при дисперзираните студии во Пјаченца, во рамките на мултискаларното проектантско студио на професор Луис Вивес од ETSAB Барселона.

Во 2016 година, Ана Рафаиловска го основа проектантското студио АН-АРХИТЕКТ, каде што ја продолжува својата пракса како главен проектант на повеќе проектантски дела од областа на архитектурата и урбанизмот. Претходно, по дипломирањето на Архитектонскиот факултет во Скопје, работи како архитект-соработник на проекти во архитектонското студио ДИАС КОНСТРАКШН.

Кандидатката активно се служи со англискиот и италијанскиот јазик, за што се поднесени соодветни уверенија.

**2. Наставно-образовна дејност**

Во периодот од нејзините додипломски студии до денес, Ана Рафаиловска е вклучена во процесот на настава, подготовка и одржување на вежби, консултации и работата со студентите со прекини низ годините, на два Универзитети во две држави. Како демонстратор во наставата, кандидатката работи на Институтот за заштита на градителското наследство, историја на архитектурата и уметност – ликовно изразување пластично обликување на предметите: Ликовно изразување (прва година, 2008/2009 година), Пластично

обликување (втора година, 2009/2010 година), додека на Архитектонски факултет – Пјаченца при Политехничкиот Универзитет во Милано учествува во наставата на Архитектонско студио 2 (втора година, втор циклус на студии 2014/2015 година). Студиото носи наслов „Редефинирање на градски центар“ *Re-defining the city centre* и тоа работи на предизвици во размерот на архитектурата и урбанизмот.

## 3. Научноистражувачка и стручно-уметничка дејност

Научноистражувачката и стручно-уметничката дејност на Ана Рафаиловска опфаќа публикации и учества на конференции и конкурси, од кои ги наведуваме следните:

Објава на три (три) публикации
- 99FILES Труд на дигиталната платформа Landscape in progress *Brutally Fractured Patterns* 2018
- *ПЛЕТ- Обид за надополнување на културниот архипелаг на градот* Порта3, бр. 265, март 2018
- *AA1, AA2, AA3* XIX БИМАС: БАУКУЛТУР, септември 2018 ISBN 978-9989-615-13-9 Асоцијација на архитекти на Македонија, Скопје, стр. 27, 59, 76 2018

Учество на три (три) конференции
- OC_Open City - From landscape to exterior design, *Nature in the city,* Politecnico di Milano, Piacenza, Italy 2013
- 6та Студентска конференција на ниво на поранешна Југославија, *City in transition,* АФ Загреб, Хрватска 2007
- 5та Студентска конференција на ниво на поранешна Југославија, *Urban recycling,* АФ Белград, Србија 2006

Учество на 5 (пет) конкурси
- прва награда на Конкурс за идејно и изведбено архитектонско-урбанистичко решение за уредување на ридот Кале, автори: Ана Рафаиловска , Марија Антиќ Николова, Невенка Манчева Аџиевска, Лидија Ристовска Скопје 2019
- втора награда на конкурс: Реобликување на просторот на Мала станица, автори: Ана Рафаиловска, Благоја Бајковски, Скопје, 2017
- прва награда, Интернационална летна школа *Time Capsule* автори: Ана Рафаиловска со група на студенти Open City Summer School, Politecnico di Milano, Piacenza 2013
- прва награда, *Дизајн на постер* БИСТА Биенале на студентите по архитектура, автор: Ана Рафаиловска Архитектонски факултет Скопје 2010
- прва награда, *Објект на македонската Филхармонија во Скопје* БИСТА Биенале на студентите по архитектура автори: Ана Рафаиловска со група студенти, Архитектонски факултет – Скопје, 2006.

## 4. Стручно-применувачка дејност и дејност од поширок интерес

Стручно-применувачката дејност и дејноста од поширок интерес опфаќа изработка на проекти, учество на изложби и летни школи/работилници, од кои ги издвојуваме следниве:

Автор и коавтор на 33 (триесет и три) идејни, основни и архитектонско урбанистички проекти од различен размер и со различна намена. Од нив ги издвојуваме следниве:

- Едукативен центар С. Серменин, Гевгелија
- Затворен базен Крушево, Крушево
- Општинска зграда Аеродром, РЦА, Скопје
- Градинка, Скопје
- Индивидуален станбен објект со кровна градина и ентериер, Водно, Скопје
- Индивидуален станбен објект со базен, ул. Пелинце 4, Скопје
- Општествена градина, Февруарски поход бб, Скопје
- Проект за реконструкција Амфитеатар Скупи, Скопје
- Индивидуален станбен објект, Осло, Норвешка
- Повеќесемеен станбен објект - ателје и кровна градина, ул. Бојмија 4, Скопје
- Формирање на градежни парцели со намена А1-Домување во станбени куќи на КП 1221/1, КО Илинден
- Повеќе-семејни станбени згради 1, 2 и 3 автори: Благоја Бајковски, Ана Рафаиловска Ново Лисиче, Скопје ДИАС КОНСТРАКШН

Учество на 9 (девет) изложби:

- Изложба на конкурсни трудови за Идејно архитектонско-урбанистичко решение за уредување на ридот Кале, Проект *Модул,* МСУ, Скопје 2019
- XIX БИМАС: БАУКУЛТУР, *АА1, АА2, АА3,* ААМ, Музеј на Град Скопје, Скопје 2018
- 99FILES, *Brutally Fractured Patterns,* МСУ, Скопје 2017
- БИСТА, *Железничка колонија_Прототип на станбен блок,* Мала станица, Скопје 2010
- Архитектонско и урбано обликување на културни патеки во Старата скопска чаршија, Мала станица, Скопје 2009
- БИСТА, *Think Belt_Студентско домување,* НГМ, Мала станица, Скопје 2008
- 6та Студентска конференција на ниво на поранешна Југославија, *City in transition,* АФ Загреб, Хрватска 2007
- БИСТА, *Објект на Македонска филхармонија во Скопје; Комплекс станбени куќи,* Музеј на град Скопје, Скопје 2006
- 5та Студентска конференција на ниво на поранешна Југославија, *Urban recycling,* АФ Белград, Србија 2006

Учество на 6 (шест) летни школи и работилници:

- Kruja - Regional restoration camp Cultural heritage without borders, Albania 2017
- Hortus & Campus Politecnico di Milano, Piacenza, Italy 2013
- OC_Open City - From landscape to exterior design *Nature in the city* Politecnico di Milano, Piacenza, Italy 2013
- Архитектонско и урбано обликување на културни патеки во Старата скопска чаршија, Архитектонски факултет – Скопје, во соработка со Италијанска амбасада, 2008
- Летна школа: Град за сите, Архитектонски факултет - Скопје, Св. Јоаким Осоговски, Крива Паланка, 2007
- Restoration camp st. Emilion, France 2004

**ОБРАЗЕЦ 1**

ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат: АНА ЗДРАВКО РАФАИЛОВСКА**
(име, татково име и презиме)
**Институција: АРХИТЕКТОНСКИ ФАКУЛТЕТ – СКОПЈЕ**
(назив на факултетот/институтот)
**Научна област: УРБАНИЗАМ (20114)**

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ**
**за факултети кои имаат студиски програми на интегрирани прв и втор циклус студии**

| **Ред. број** | **ОПШТИ УСЛОВИ** | **Исполнетост на општите услови да/не** |
|---|---|---|
| 1 | Има завршено интегрирани прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити, со остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум)<br>Просечниот успех изнесува: | / |
| 2 | Има завршено додипломски и постдипломски студии по студиските програми пред воведувањето на европскиот кредит-трансфер систем и има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на додипломските и постдипломските академски студии одделно<br>Просечниот успех на додипломски студии изнесува: 9,09<br>Просечниот успех на постдипломски студии изнесува: 9.73 | да |
| 3 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик: англиски<br>2. Назив на документот: First Certificate in English<br>3. Издавач на документот: University of Cambridge<br>4. Датум на издавање на документот: јуни 2001<br><br>1. Странски јазик: италијански<br>2. Назив на документот: Dichiarazione Delle Competenze In Lingua Italiana<br>3. Издавач на документот: Direzione Didattica del III Circolo PIacenza<br>4. Датум на издавање на документот: јуни 2013 | да |

**Д-р ИВА ПЕТРУНОВА**

**1. Биографски податоци и образование**

Кандидатката д-р Ива Петрунова е родена на 6.8.1989, во Скопје. Средно образование завршила во Гимназијата „Јосип Броз-Тито“ во Скопје. Со високо образование се стекнала на Архитектонскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на интегрираните петгодишни студии (единствени студии од прв и втор циклус). Магистрирала на тема со наслов „Тактики на трансформации на станбената структура кон нова колективна форма-Линеарно маало, нова колективна форма за Ново маало-Скопје“, на 12.5.2014 година и се стекнала со звањето *магистер инженер архитект*.

Во текот на студиите, кандидатката постигнала просечен успех 8,05, а на предметите од областа на урбанизмот, просечен успех од 7,2.

Трет циклус (докторски) студии на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје завршила во 2019 година, бранејќи го трудот на тема: „Градот во транзиција – социолошки, социо-просторни и архитектонски промени (примерот на Скопје)“. Со тоа се стекнала со научниот степен *доктор на науки од научната област општествени науки, од полето на социологијата*.

Кандидатката активно се служи со англискиот јазик.

**2. Наставно-образовна дејност**

Во периодот по магистрирањето, кандидатката е вклучена во настава на МИТ - Факултетот за архитектура во Скопје. Таа учествува на вежби, консултации, работилници и др., во учебите години: 2015/2016; 2016/2017; 2017/2018. Ангажирана е во прв циклус студии на предметите: Јавни објекти 1, 2, 3, 4, Стопански објекти, и втор циклус на предметите: Јавни објекти, Стопански и индустриски, и на предметот Регионално планирање 1.

**3. Научноистражувачка и стручно-уметничка дејност**

Научноистражувачката и стручната дејност на кандидатката Ива Петрунова ги опфаќа следниве научни проекти, публикации и учества на конференции и конкурси:

Научни и стручни трудови:

- „Социјалистичкиот слој на градот Скопје, неговата граѓанска идеологија и моменталните трендови од транзицијата”, презентиран на Меѓународна научна конференција “Новите предизвици на социолошката имагинација” (во чест на Чарлс Рајт Милс), Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Филозофски факултет, Скопје, 25/26.11.2016;
- „Архитектурата и морфологијата на градот како елемент во идентитетот на жителот”, International Journal Scientific Papers, vol 11/2, Bansko, Republic of Bulgaria, 2015;
- “City its architecture and collective memory”, International Journal of Recent Research in Arts and Sciences Volume 4, p. 43-48, ISSN: 1857-8128, МИТ-универзитет - Скопје, 2015;
- “Impact of the social trauma of the city and its architecture” - Sociological Review 2016 p. 101-115, 101 UDK 316.325.063.24:72, Short Scientific Article презентиран на Меѓународна научна конференција со наслов: “Соочување со општествените трауми: предизвик за социолошките истражувања”, Универзитет "Св. Кирил и Методиј", Филозофски факултет – Институт за социологија, Скопје, 23-24.04.2015.

Научноистражувачки проекти:

- соработник во мултидисциплинарен проект од национален интерес во културата за 2020 година „ Иднината на Валандово – младите ја равиваат свеста и љубовта кон сопствената култура, наследство, традиција и богатство – СВЕСТА ЗА СВОЕТО ВАЛАНДОВО II“, Институт за европски образовни, социо-културни и економски политики ЕВРОПА ЗА ТЕБЕ Скопје. Мај-декември 2020, Скопје;
- автор на проект од национален интерес за културата од обласа на визуелните уметности, архитектурата и дизајнот со наслов „Жива улица“, проект за редефинирање на улицата „Аминта III“ преку асфалтна уметност (Здружение за истражување на градот – ГРАДОТ УБАВ Скопје). Јуни – октомври 2020, Скопје;
- автор на проектот „Духот на скопската градска куќа“ (Здружение за истражување на градот – ГРАДОТ УБАВ Скопје), како дел од програма на Скопје Креатива 2019, поддржан од Локомотива- Центар за нови иницијативи во уметноста и културата- Скопје. 2019 Скопје.

Учество на конкурси и изложби:

- Меѓународен архитектонски конкурс - TACTICAL URBANISM NOW!, 20.12.2020;
- Меѓународен архитектонски конкурс - Baltic Way Memorial – Рига, 2015 Рига, Латвија;
- учество преку изложба на Фестивал за развој на креативните индустрии СКОПЈЕ КРЕАТИВА 2019- ЗЕЛЕНО СКОПЈЕ – 31.5 – 2.6.2019 – „Духот на старата градска куќа“ – Ива Петрунова, Здружение ГРАДОТ УБАВ Скопје, програма за дизајн, МКЦ, 1.6.2019, Скопје;
- учество на Биенале на македонска архитектура БИМАС2016, Музеј на град Скопје, 2016 Скопје.

## 4. Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес

Кандидатката Ива Петрунова активно работи и во полето на стручно-апликативната дејност и дејности од поширок интерес, покажувајќи голем интерес за дополнително усовршување преку семинари, како и преку активно членување во различни организации.

Како архитект во „Промонтинг“ дооел, Скопје, има изработено проекти или учествувано во изградба и други активности од потесната и поширокатa област на архитектурата и сродните струки, како што се:

- Реконструкција и адаптација на објект бр. 37 во Касарна Илинден, Скопје. Одговорен раководител, 2020.
- Изградба на нов училишен објект во м.в. Љубош, КО Долно Количане, с. Батинци, Општина Студеничани, Скопје. Одговорен раководител, 2018.
- Реконструкција и адаптација на објекти на МВР и Гранична полиција на цела територија на РМ со изведба на градежни, градежнозанатски, инсталатерски работи. Одговрен раководител, 2018.
- Конзервација, реставрација и статичко зајакнување конак на манастирот Св. Никола, с. Љубанци, Скопје. Заменик раководител, 2016.

Презентации и работилници:

- ментор на работилница како дел од иницијативата “Редизајнирање на јавни површини во Скопје” на Центарот за иновации на Град Скопје – Скопје Лаб, 02.2020, Скопје;

- предавач на промоција на публикацијата „Градот во транзиција – од еколошки, социо-просторни, архитектонски промени до одржлив град: Скопје помеѓу теоријата и можностите“, Skopje Urban Living Lab, 13.11.2019, Скопје;
- говорник на The Lions Europa Forum 2018: Skopje: 55 years City of solidarity and Mother Teresa's birthplace на тема: “Скопје – град на солидарност”, Македонска Филхармонија – Скопје, 25.10.2018, Скопје;
- говорник на панел-дискусија: Скопје - урбан град на минатото или иднината? Цивика Мобилитас, Музеј на град Скопје, 20.6.2018, Скопје;
- предавач на тема: „Од индустриски до постмодерен град: како општествениот контекст го дефинира градот”, Филозофски факултет (Катедра за социологија) УКИМ, 4.12.2017, Скопје;

Кандидатката зела учество во бројни настани, форуми, семинари и работилници со најразлични теми од општественото живеење, што го покажува нејзиниот интерес за сите мноштвото тангенцијални теми за градот и дисциплините за градот. Воедно, таа остварила дополнителни обуки и завршила сертифицирани курсеви. Меѓу бројните учества ќе ги наведеме:

<u>Работилници и семинари:</u>

- учество во работилница за програмска регенерација на СЧ и искористување на нови технологии како дел од меѓународниот проект ROCK (Regeneration and Optimization of Cultural heritage in creative and Knowledge cites), Skopje Urban Living Lab. 19.11.2019, Скопје;
- учество на работилницата: Skopje Urban Transformation, како дел од меѓународниот проект “Future Cities of South East Europe”, организирана од EIT Climate KIC, SmartUp Social Innovation Lab (coordinator of the city of Skopje Innovation center - Skopje Lab) и Град Скопје, Општина на Град Скопје. 14.11.2019, Скопје;
- учество на семинар “Motivation, innovation and effectiveness in the ELT classroom”, MM Publications. 31.05.2019, Скопје.
- учество на 9th International Cities for Mobility Congress. 17-19.06.2018, Штутгард;
- Новите градови на Балканот: реконструкција за каква иднина?, Француски институт во Скопје. 17.5.2016, Скопје.

<u>Кандидатката е основач или член на неколку здруженија:</u>

- Асоцијација на архитекти на Македонија;
- Основач на граѓанско здружение за ОДС – Организација за домување и станари;
- член на Институт за европски образовни, социо-културни и економски политики ЕВРОПА ЗА ТЕБЕ Скопје;
- основач и претседател на граѓанско здружение: Здружение за истражување на градот – ГРАДОТ УБАВ Скопје, ЕМБС: 7311796;
- Комора на овластени инженери и архитекти на Република Македонија.

**ОБРАЗЕЦ 1**
**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

**Кандидат: Ива Чедомир Петрунова**
(име, татково име и презиме)
**Институција: Архитектонски факултет**
(назив на факултетот/институтот)
**Научна област: УРБАНИЗАМ (20114)**

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ**
**за факултети кои имаат студиски програми на интегрирани прв и втор циклус студии**

| **Ред. број** | **ОПШТИ УСЛОВИ** | **Исполнетост на општите услови да/не** |
|---|---|---|
| 1 | Има завршено интегрирани прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити, со остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум)<br>Просечниот успех изнесува: 8,05 | Да |
| 2 | Има завршено додипломски и постдипломски студии по студиските програми пред воведувањето на европскиот кредит-трансфер систем и има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на додипломските и постдипломските академски студии одделно<br>Просечниот успех на додипломски студии изнесува: __________<br>Просечниот успех на постдипломски студии изнесува: __________ | / |
| 3 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик: англиски<br>2. Назив на документот: Level 1 Certificate in English (ESOL) (Council of Europe Level B2)<br>3. Издавач на документот: University of Cambridge ESOL Examinations<br>4. Датум на издавање на документот: 7.8.2006 | да |

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната доставена документација, Рецензентската комисија заклучи дека сите пријавени кандидатки ги исполнуваат и општите услови предвидени во Законот за високото образование и посебните услови за избор согласно со Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Од увидот во доставените материјали, како и личното познавање на кандидатката м-р Елена Андонова, Комисијата констатира дека се работи за исклучително сериозен, талентиран и професионално ангажиран млад човек кој, иако е на самиот почеток на својата професионална кариера, веќе испишува впечатливи резултати, како во научноистражувачката, така и во професионалната биографија. За тоа сведочат темата и истражувањето во магистерскиот труд, објавените научни и стручни трудови, учествата на бројни работилници и летни школи во текот на студиите, како и неколкуте изложби. Не помалку значаен е и нејзиниот осведочен кративен капацитет и успех на полето на меѓународен натпревар на идеи, за што говорат наградите на конкурсите од областа на урбанистичкото и архитектонското обликување, каде што особено е значајна втората награда на Меѓународниот конкурс за плоштад во Подгорица, добиена во конкуренција на еминентни светски имиња во архитектурата. Во текот на студиите, таа покажува континуиран висок успех во сите области на наставата, а особено висок просечен успех од 8,86 по предметите од областа на урбанизмот. Ова беше една од причините кандидатката да биде ангажирана во наставата во Институтот за урбанизам на Архитектонскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје како демонстратор. Во текот на нејзиниот ангажман како демонстратор на Архитектонскиот факултет, кандидатката Елена Андонова покажа иницијативност, комуникативност, несебична ангажираност и желба за пренесување на знаења на студентите со исклучителен педагошки потенцијал.

За кандидатката м-р Ана Рафајловска, Комисијата заклучи дека покажала исклучително висок успех во своите додипломски и постдипломски студии, како на Архитектонскиот факултет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, каде што остварила просечен успех од 9,09, така и на постдипломските студии по архитектура и градежно инженерство на Политехничкиот факултет во Милано (Politecnico di Milano), Италија, кои ги завршила со просечен успех 9,73, со што го потврдува капацитетот за академска наобразба. Од нејзината активност и учеството на конференции и изложби по завршување на образованието може да се забележи желбата за континуиран развој на сопствениот академски и стручен профил. За тоа сведочат одбранетиот магистерски труд со највисока оценка на Политехничкиот факултет во Милано, ангажманот како демонстратор на Архитектонскиот факултет во Скопје и Факултетот во Пјаченца, како и високиот просечен успех од 9,00 по предметите од областа на урбанизмот во текот на студирањето на Архитектонскиот факултет во Скопје. Од материјалите и портфолиото на кандидатката може да се увиди и нејзиниот креативен авторски капацитет, бидејќи таа е дел од тимовите кои добиваат прва награда на Меѓународниот конкурс за архитектонско-урбанистичкиот решение за „Кале – уметничка тврдина “, како и втора награда на конкурсот за архитектонско реобликување на НГМ Мала станица во Скопје.

За кандидатката д-р Ива Петрунова, Комисијата констатира дека таа има остварено бројни резултати во својот академски и професионален развој и ангажман, и може да се рече дека таа е високо профилирана во области кон кои го насочила своето понатамошно професионално усовршување по магистрирањето на Архитектонскиот факултет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, а кои области се граничат со областите од распишаниот конкурс. Особено значајни се нејзините докторски студии од научната област на општествените науки од полето на социологијата. Воедно, кандидатката и во текот на студиите на Архитектонскиот факултет во Скопје не покажала особен интерес и успех за предметите поврзани со областа на урбанизмот, за што говори просечниот успех од 7,2 по овие предмети. Исто така, нејзиниот работен ангажман и педагошка работа на Архитектонскиот факултет при МИТ-универзитетот во Скопје покажува дека нејзиниот интерес е насочен повеќе кон предметите од аритектонско проектирање. Кандидатката Ива Петрунова активно работи и во полето на стручно-апликативната дејност и дејности од поширок интерес, покажувајќи голем интерес за дополнително усовршување преку семинари, како и преку активно членување во различни организации. Таа земала учество во бројни настани, форуми, семинари и работилници со најразлични теми од општественото живеење, што го покажува нејзиниот интерес за мноштво тангенцијални теми за градот и дисциплините за градот.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Архитектонскиот факултет во Скопје, да ги избере м-р Елена Андонова и м-р Ана Рафаиловска за соработници во соработничко звање - асистент на група предмети од областа на урбанизмот (20114) на Институтот за урбанизам при Архитектонскиот факултет во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, за време од 3 (три) години.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Јасмина Сиљаноска, претседател, с.р.**
**Вонр. проф. д-р Дивна Пенчиќ, член, с.р.**
**Вонр. проф. д-р Слободан Велевски, член, с.р.**

# Р Е Ф Е Р А Т
## ЗА ИЗБОР НА СОРАБОТНИК ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ НА ГРУПАТА ПРЕДМЕТИ: АРХИТЕКТОНСКО ПРОЕКТИРАЊЕ 4, АРХИТЕКТОНСКО ПРОЕКТИРАЊЕ 6 И АРХИТЕКТОНСКО СТУДИО ОД ОБЛАСТА НА АРХИТЕКТОНСКОТО ПРОЕКТИРАЊЕ И ДИЗАЈНОТ (20100) НА ИНСТИТУТОТ ЗА АРХИТЕКТОНСКО ПРОКТИРАЊЕ ПРИ АРХИТЕКТОНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Согласно со Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018) и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Архитектонски факултет – Скопје, на 59. седница на Наставно-научниот совет, одржана на 9.12.2020 година, донесена е Одлука за формирање на Рецензентска комисија за избор на еден соработник во соработничко звање – асистент на групата предмети: Архитектонско проектирање 4, Архитектонско проектирање 6 и Архитектонско студио од областа на *архитектонското проектирање и дизајнот* (20100) на Институтот за архитектонско проктирање при Архитектонскиот факултет во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, за време од 3 (три) години. На седницата на Наставно-научниот совет, донесена е Одлука за формирање на Рецензентска комисија во состав: вонр. проф. д-р Михајло Зиноски, претседател, проф. д-р Анета Христова Поповска, член и вонр. проф. д-р Бојан Каранаков, член.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, Архитектонски факултет -Скопје, објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Коха“ од 28-29 ноември 2020 година, за избор на еден соработник во соработничко звање – асистент на групата предмети: Архитектонско проектирање 4, Архитектонско проектирање 6 и Архитектонско студио од областа на *архитектонското проектирање и дизајнот* (20100) на Институтот за архитектонско проктирање, во предвидениот рок се пријавија 2 (два) кандидата: м-р Јана Брсакоска и Ирена Атковска д.и.а.

### М-Р ЈАНА БРСАКОСКА

**1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ**

Кандидатката м-р Јана Брсакоска е родена на 15.1.1989 година во Прилеп. Средно образование завршила во гимназијата „Мирче Ацев" во Прилеп. Со високо образование се стекнала на Архитектонскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на интегрираните петгодишни студии (единствени студии од прв и втор циклус), каде што магистрирала во 2012 година и се стекнала со научен назив - магистер инженер архитект (Master of Architecture), со просечен успех 8,24.
Кандидатката активно се служи со англискиот јазик, за што е поднесен соодветен Сертификат за познавање на англиски јазик издаден од IELTS – International English language testing system, за ниво Б2 – академско ниво.

Врз основа на сета поднесена документација важна за изборот, при изработката на Извештајот, Рецензентската комисија ги имаше предвид доставените научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката.

**НАГРАДИ И ПРИЗНАНИЈА**

Во април 2013 година, кандидатката м-р Јана Брсакоска за својата стручно-апликативна дејност е наградена со прво место за Проект за идејно решение за пешачка улица и плоштад „Спасо Радовишки“, Радовиш.

**2. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТКАТА**

**Наставно-образовна дејност**

Во рамките на наставно-образовната дејност, кандидатката м-р Јана Брсакоска е соработник на Архитектонскиот факултет во состав на „ФОН Универзитет“, Скопје во соработничко звање помлад асистент од областа урбано и просторно планирање и проектирање во периодот од април 2014 до октомври 2015 година.

**Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес**

М-р Јана Брсакоска активно е вклучена во стручно-апликативната работа. Клучните квалификации кои ги поседува кандидатот се: Овластување „А“ за изработка на проектна документација од архитектура; Овластување „Б“ за изработка на проектна документација од архитектура; Овластување „Б“ за ревизија на проектна документација од архитектура; Овластување „Б“ за надзорен инженер од архитектура; Овластување „А“ за изработка на проектна документација од противпожарна заштита; Овластување „А“ за изработка на проектна документација од заштита при работа; Овластување за изработка на урбанистички планови; Овластување за ревизија на урбанистички планови.

Во периодот од 2013 до 2020 година, м-р Јана Брсакоска изработува 9 интернационални и домашни архитектонски конкурсни трудови, од кои еден е награден со прво место.

Кандидатката м-р Јана Брсакоска во периодот од 2009 до 2011 година, на позицијата **практикант,** изработува 4 идејни и основни архитектонски проекти. Во периодот од 2012 до 2013 година, на позицијата **проектант соработник** изработува 11 идејни и конкурсни архитектонски трудови, ентериерни решенија и проектна документација за Основен архитектонски проект. Во периодот од 2013 до 2020 година, на позицијата **планер соработник** учествува во изработка на урбанистичко планска документација на 20 проекти. Во истиот период, на позицијата **проектантсоработник,** кандидатката учествува во изработка на проектна документација за архитектура на 33 проекти. Од позначајните работни места на позицијата проектант / планер кандидатката ги поминува во ИНГРА ДООЕЛ Скопје, јуни 2013 - септември 2020 и тековно на позицијата одговорен проектант/ планер во ПРИМА Инженеринг ДОО Скопје.

Во однос на дејноста од поширок интерес, кандидатката м-р Јана Брсакоска од септември 2019 до денес е основач/архитект на здружението на граѓани од областа на архитектурата и културното наследство СИТИ СКОП Скопје.

М-р Јана Брсакоска поседува 7 сертификати за учество на домашни и странски конференции, работилници и летни школи, од кои се истакнуваат: **конференција** „Beyond borders“, организирана од ZEIT-Stiftung и Gerda Henkel Stiftung од Хамбург, Берлин, мај 2019; **работилница** „Модерното на сцена (сонот на куќата)“ со Јан Папелбаум, организирана од Македонски центар на ИТИ/ПРОДУКЦИЈА, Скопје, април 2019; **летна школа** „History takes places“, во организација на ZEIT-Stiftung и Gerda Henkel Stiftung од Хамбург, Белград и Сараево, септември 2017. Во периодот од 2014 до 2016 година, кандидатката посетува 3 регионални реставраторски **кампови** во организација на CHwB-Албанија, Косово и Urban Development Center-Белград.

М-р Јана Брсакоска учествува на 3 изложби, од кои најзначајна е „Купрум рудник на (суб) култура“, Скопје, 2020 година.

**Истражувачки проекти, трудови и издавачка дејност**

Кандидатката м-р Јана Брсакоска е коавтор на публикацијата „Купрум рудник на (суб) култура“, изработена како резултат на проектот: „Од напуштена фабрика до

студентски град“, во организација на Здружението на граѓани „СИТИ СКОП Скопје“ и Меѓународното здружение на граѓани „Културно ехо“, публикација промовирана на конференцијата “Студентски град-сега!“ одржана во Скопје, септември 2020 година.

Автор е на трудот „Политиките на просторно планирање преку примерот на езерото Треска“ објавен во “Културата во фокусот“ број 7, списание за општествени прашања „Предизвици“, Friedrch Ebert Stiftung, септември 2020 година.

Коавтор е на научноистражувачкиот труд „I ALSO EXIST - the existence of the Yugoslav built heritage in the case of the city of Skopje“, во организација на Здружението на граѓани „СИТИ СКОП Скопје“, април 2020 година.

# ОБРАЗЕЦ 1

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** **м-р Јана Благоја Брсакоска**
(име, татково име и презиме)

**Институција:** **Архитектонски факултет – Скопје**
(назив на факултетот/институтот)

**Научна област:** **архитектонско проектирање и дизајн - 20100**

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ за факултети кои имаат студиски програми на интегрирани прв и втор циклус студии

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Има завршено интегрирани прв и втор циклус академски студии со најмалку 304 ЕКТС-кредити, со остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум)<br>Просечниот успех изнесува: 8,24 | да |
| 2 | Има завршено додипломски и постдипломски студии по студиските програми пред воведувањето на европскиот кредит-трансфер систем и има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на додипломските и постдипломските академски студии одделно<br>Просечниот успех на додипломски студии изнесува:<br>Просечниот успех на постдипломски студии изнесува: | |
| 3 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1.Странски јазик: англиски<br>2.Назив на документот: сертификат<br>3.Издавач на документот: IELTS – International English language testing system, за ниво Б2 – академско ниво.<br>4.Датум на издавање на документот: 8.3.2014 | да |

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација, Рецензентската комисија ја разгледа доставената документација од пријавената кандидатка и позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на м-р Јана Брсакоска.

Од увидот во доставените материјали, Комисијата констатира дека кандидатката м-р Јана Брсакоска има особено широко поле на професионални знаења и интереси, што го смета за нејзин особен квалитет. За тоа сведочат одбранетиот магистерски труд, изработените архитектонски проекти, учествата на конкурси, како и наставно-образовната дејност на Архитектонскиот факултет во состав на „ФОН Универзитет“, Скопје, во соработничко звање – помлад асистент од областа урбано и просторно планирање и проектирање.

Од увидот во поднесената документација, но и од личното познавање на кандидатката м-р Јана Брсакоска, Рецензентската комисија констатира дека таа поседува квалитети за понатамошна академска надградба и потенцијал за работа во академската заедница на Архитектонскиот факултет при УКИМ во Скопје.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатката, Комисијата заклучи дека ги исполнува сите услови предвидени за избор според Законот за високото образование (Службен весник на РМ бр. 82/2018) и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 411/2018). Според горенаведеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Архитектонскиот факултет во Скопје, кандидатката м-р Јана Брсакоска да биде избрана во звањето асистент на Институтот за архитектонско проектирање на групата предмети: Архитектонско проектирање 4, Архитектонско проектирање 6 и Архитектонско студио од областа на *архитектонското проектирање и дизајнот* (20100), за време од 3 (три) години.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Вонр. проф. д-р Михајло Зиноски, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Анета Христова Поповска, член, с.р.**
**Вонр. проф. д-р Бојан Каранаков, член, с.р.**

# Р Е Ф Е Р А Т
## ЗА ИЗБОР НА СОРАБОТНИК ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ НА ГРУПАТА ПРЕДМЕТИ: АРХИТЕКТОНСКО ПРОЕКТИРАЊЕ 5 И АРХИТЕКТОНСКО СТУДИО ОД ОБЛАСТА НА АРХИТЕКТОНСКОТО ПРОЕКТИРАЊЕ И ДИЗАЈНОТ (20100) НА ИНСТИТУТОТ ЗА АРХИТЕКТОНСКО ПРОКТИРАЊЕ ПРИ АРХИТЕКТОНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Согласно со Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018) и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Архитектонски факултет – Скопје, на 59. седница на Наставно-научниот совет, одржана на 9.12.2020 година, донесена е Одлука за формирање на Рецензентска комисија за избор на еден соработник во соработничко звање – асистент на групата предмети: Архитектонско проектирање 5 и Архитектонско студио од областа на архитектонското проектирање и дизајнот (20100) на Институтот за архитектонско проктирање при Архитектонскиот факултет во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, за време 3 (три) години. Комисијата која е избрана е во состав: вонр. проф. д-р Александар Радевски, претседател, вонр. проф д-р Горан Мицковски, член и вонр. проф. д-р Димитар Папастеревски, член.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, Архитектонски факултет -Скопје, објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Коха“ од 27.11.2020 година, за избор на еден соработник во соработничко звање – асистент на групата предмети: Архитектонско проектирање 5 и Архитектонско студио од областа на архитектонското проектирање и дизајнот (20100) на Институтот за архитектонско проктирање, во предвидениот рок се пријави 1 (еден) кандидат: м-р Димитар Крстески.

### М-Р ДИМИТАР КРСТЕСКИ

#### 3. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатот м-р Димитар Крстески е роден на 9.12.1981 во Скопје. Средно образование завршил во Скопје. Со високо образование се стекнал на Архитектонскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на интегрираните петгодишни студии од прв и втор циклус, каде што магистрирал во 2017 година и се стекнал со стручното звање магистер инженер архитект (Master of Architecture), со просечен успех 8,28.

Кандидатот активно се служи со англиски јазик, за што е поднесено соодветно уверение кое е издадено од Филолошкиот факултет „Блаже Конески“во Скопје.

Рецензентската комисија ги имаше предвид доставените научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот врз основа на сета поднесена документација важна за изборот.

#### НАГРАДИ И ПРИЗНАНИЈА

Во текот на студиите во 2005 година, кандидатот м-р Димитар Крстевски е добитник на специјалната награда „Златна плакета“ за придонес во развојот и афирмацијата на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

## 4. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТОТ

**Наставно-образовна дејност**

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, м-р Димитар Крстески е вклучен како надворешен соработник во изведувањето на вежбите, во првиот и вториот циклус студии на студиската програма на Архитектонскиот факултет во Скопје, од 2016 година до денес, на интегрираните петтгодишни студии од прв и втор циклус, на Институтот за архитектонско проектирање, на предметите: Архитектонско студио, како и на Институтот за високоградба, на предметите: Архитектонски конструкции 2 и Менаџмент и организација.

**Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес**

М-р Димитар Крстески активно е вклучен во стручно-апликативната работа. Кандидатот во периодот од 2007 до 2016 година работел во Република Хрватска како архитект проектант, каде што учествувал во 12 архитектонски проекти како автор и како соработник, меѓу кои трудови има наградени и реализирани. Од 2018 до денес работи во Република Македонија и има изработено преку 50 труда како автор и како соработник, од кои повеќето се реализирани. Учесник е и на разни конкурси како автор и коавтор, меѓу кои има 5 конкурсни трудови кои се наградени. Учесник е на 4 меѓународни работилници дома и во странство, како и учество на конгреси (EA La Villette, Париз, Измир, UIA Турција, итн).

**СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | НАЗИВ НА АКТИВНОСТА | |
|---|---|---|
| 1. | Четири работилници во поткрепа на локалната заедница, Крива Паланка, Македонија (организатор: Архитектонски факултет - Скопје), 2003 | |
| 2. | Ориентација на проект во Париз, Париз, Франција (организатор: EA La Villette, Париз), 2004 | |
| 3. | Архитекти и катастрофи, Измир, Турција (организатор: Комора на архитекти / секција UIA, Турција), 2004 | |
| 4. | Дизајнирање на работ, Варош, Македонија (организатор: Архитектонски факултет – Скопје), 2005 | |
| 5. | 4. Конгрес за студенти по архитектура од ЕХ ЈУ, 2005 | |
| 6. | Рефлексија на животна средина за стари лица (организатор: EAAE-AG2R), конкурс, 2004 (прва награда) | |
| 7. | АСК 2004, (организатор главен архитект на град Скопје), 2004 (значајна награда) | |
| 8. | Планински хотел како пасивна зграда (организатор: Изовер, Австрија), конкурс, 2005, (трета награда) | |
| 9. | Детска градинка (организатор: Општина Чаир), конкурс, 2018, (трета награда) | |
| 10. | Затворен пливачки базен, (оргнизатор: агенција за спорт и млади), конкурс, 2018 (втора награда) | |
| 11. | Урбан хотел, Скопје (реализација), 2006 | |
| 12. | Акцент, Скопје (ентериерно уредување), 2007 | |
| 13. | Станбена зграда Назарова, Вировитица, Република Хрватска (проект), 2008 | |
| 14. | Станбено-административна зграда Магазинска, Загреб, Република Хрватска (проект), 2009 | |

| | | |
|---|---|---|
| 15. | Маркет ЛИДЛ, Сомбор, Република Хрватска (проект), 2009 | |
| 16. | Туристичка населба, Крк, Република Хрватска (проект), 2010 | |
| 17. | Станбена зграда и хотел Харамбашичева, Загреб, Република Хрватска (проект), 2015 | |
| 18. | Куќа Квантум, Загреб, Република Хрватска (проект), 2016 | |
| 19. | Спортска сала, Пореч Република Хрватска (реализација), 2008 | |
| 20. | Куќа Нико, Загреб, Република Хрватска (проект), 2008 | |
| 21. | Куќа Балич, Купинечки Краљевац, Република Хрватска (реализација), 2009 | |
| 22. | Станбена зграда М12, Вировитица, Република Хрватска (реализација), 2010 | |
| 23. | Станбена зграда Соколградска, Загреб, Република Хрватска (реализација), 2013 | |
| 24. | Станбено-административна зграда Плоштад, Ријека, Република Хрватска (реализација), 2016 | |
| 25. | Куќа Даниел, Скопје, Република Македонија (проект), 2018 | |
| 26. | Пензионерски дом во Катлановска бања, Катланово, Република Македонија, (проект), 2018 | |
| 27. | Магацинска хала Агројуником, Скопје, Република Македонија (проект), 2018 | |
| 28. | Салон за теписи Шартекс, Скопје, Република Македонија (проект), 2018 | |
| 29. | Автосалон Аутомакедонија, Скопје, Република Македонија (проект), 2018 | |
| 30. | Дом за стари лица, Сопиште, Скопје, Република Македонија (проект), 2019 | |
| 31. | Реконструкција на амфитеатар на медицински факултет, Скопје, Република Македонија (проект), 2018 | |
| 32. | Санација на Машински факултет Скопје, Република Македонија (реализација), 2018 | |
| 33. | Доградба на Фармацевтски факултет, Скопје, Република Македонија (проект), 2019 | |
| 34. | Административна зграда Аутомакедонија, санација на фасада, Скопје, Република Македонија (реализација), 2019 | |
| 35. | Фотоволтаична централа Атлантис, Велес, Република Македонија (реализација), 2018 | |
| 36. | Фотоволтаична централа СУГС Панче Арсовски, Скопје, Република Македонија (реализација), 2020 | |

# ОБРАЗЕЦ 1

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** **Димитар Лазо Крстески**
(име, татково име и презиме)

**Институција:** **Архитектонски факултет – Скопје**
(назив на факултетот/институтот)

**Научна област:** **архитектонско проектирање и дизајн -20100**

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ за факултети кои имаат студиски програми на интегрирани прв и втор циклус студии

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Има завршено интегрирани прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити, со остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум)<br>Просечниот успех изнесува: 8,28 | да |
| 2 | Има завршено додипломски и постдипломски студии по студиските програми пред воведувањето на европскиот кредит-трансфер систем и има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на додипломските и постдипломските академски студии одделно<br>Просечниот успех на додипломски студии изнесува:<br>Просечниот успех на постдипломски студии изнесува: | |
| 3 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1.Странски јазик: англиски<br>2.Назив на документот: уверение<br>3.Издавач на документот: Филолошки факултет „Блаже Конески“ - Скопје<br>4.Датум на издавање на документот: 1.12.2020 | да |

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација, Рецензентската комисија ја разгледа доставената документација од пријавениот кандидат и позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на м-р Димитар Крстески.

Од увидот во доставените материјали, Комисијата констатира дека кандидатот м-р Димитар Крстески има особено широко поле на професионални знаења и интереси, што го смета за негов особен квалитет. За тоа сведочи одбранетиот магистерски труд, изработените архитектонски проекти, учествате на конкурси, како и ангажманот во наставата на Институтот за архитектонско проектирање на Архитектонскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје како надворешен соработник.

Од увидот во поднесената документација, но и од личното познавање на кандидатот м-р Димитар Крстески, Рецензентската комисија констатира дека тој поседува квалитети за понатамошна академска надградба и потенцијал за работа во академската заедница на Архитектонскиот факултет при УКИМ во Скопје.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот, Комисијата заклучи дека ги исполнува сите услови предвидени за избор според Законот за високото образование (Службен весник на РМ бр. 82/2018) и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 411/2018). Според горенаведеното, Комисијата има чест и задоволство да му го предложи на Наставно-научниот совет на Архитектонскиот факултет во Скопје, кандидатот м-р Димитар Крстески да биде избран во звањето асистент на Институтот за архитектонско проектирање на групата предмети: Архитектонско проектирање 5 и Архитектонско студио од областа на архитектонското проектирање и дизајнот (20100).

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Вонр. проф. д-р Александар Радевски, член, с.р.**
**Вонр. проф. д-р Горан Мицковски, член, с.р.**
**Вонр. проф. д-р Димитар Папастеревски, член, с.р.**

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА СОРАБОТНИК ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ - АСИСТЕНТ ПО ГРУПА ПРЕДМЕТИ: АРХИТЕКТОНСКИ КОНСТРУКЦИИ 1 И АРХИТЕКТОНСКИ КОНСТРУКЦИИ 2 ОД ОБЛАСТА НА АРХИТЕКТОНСКИТЕ КОНСТРУКЦИИ (20112) НА ИНСТИТУТОТ ЗА ВИСОКОГРАДБА ПРИ АРХИТЕКТОНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје/Архитектонски факултет - Скопје, објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Коха“ од 28.11.2020 година, за избор на соработник во соработничко звање - асистент по група предмети: Архитектонски конструкции 1 и Архитектонски конструкции 2 од областа на архитектонските конструкции (20112) на Институтот за високоградба при Архитектонскиот факултет, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 08-6/292 од 9.12.2020, донесена на 59. седница одржана на 9.12.2020, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Огнен Марина, редовен професор на Архитектонскиот факултет, д-р Димитар Папастеревски, вонреден професор на Архитектонскиот факултет и д-р Ана Тромбева-Гаврилоска, редовен професор на Архитектонскиот факултет.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На објавениот конкурс за избор на соработник во соработничко звање - асистент по група предмети: Архитектонски конструкции 1 и Архитектонски конструкции 2 од областа на архитектонските конструкции (20112) на Институтот за високоградба при Архитектонскиот факултет, во предвидениот рок се пријави м-р Марија Петрова.

### 4. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатката м-р Марија Петрова е родена на 19.12.1995, во Кочани. Средно образование завршила во Кочани во гимназијата СОУ „Љупчо Сантов“. Во учебната 2014/2015 се запишала на интегрираните петгодишни студии од прв и втор циклус по архитектура на Архитектонскиот факултет во Скопје. Со високо образование се стекнала на Архитектонскиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на интегрираните петгодишни студии од прв и втор циклус по архитектура, каде што магистрирала во 2020 година, со просечен успех 9,85. На 30.6.2020 година го одбранила магистерскиот труд на тема: „Од фрагменти на маалска заедница до нова колективна заедница“.

Кандидатката активно се служи со англискиот јазик, за што има приложено уверение за познавање на англискиот јазик кое одговара на ниво Ц1 според Европската јазична рамка на Советот на Европа (CEFR), издадено од Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Кандидатката пасивно се служи со германскиот јазик.

Кандидатката м-р Марија Петрова, во периодот од јули 2016 до август 2016 и од јули 2017 до август 2017, била ангажирана како надворешен соработник практикант во ЦКИ КОНЦЕПТ ЕУ ДОО - Кочани на работа во делот за проектирање, подготовка на техничка документација и визуелна презентација на проекти. Од 2020 година до денес работи во архитектонско студио *Студио Круг* ДОО - Скопје, каде што е вработена како магистер инженер архитект и активно учествува како соработник проектант.

## 5. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТКАТА ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

### Наставно-образовна дејност

Во текот на студирањето, кандидатката м-р Марија Петрова покажала интерес кон групата на предмети од областа за која се избира и остварила просечен успех од 9,5. Во текот на нејзиното студирање во учебните години 2017/2018, 2018/2019 и 2019/2020 била ангажирана како демонстратор на предметите Архитектонско проектирање 3, Архитектонско проектирање 7, Архитектонско студио 5.1., Архитектонско студио 6.1., Архитектонско студио 7.1., Архитектонско студио 8.1. и Интегративно студио 1.

Во текот на нејзиното студирање, кандидатката м-р Марија Петрова била учесник во две меѓународни летни школи, организирани од страна на Архитектонскиот факултет:

- Летна школа за архитектура – сесија 2017, Крива Паланка, THE SENSE OF HOME, ментор Алеш Водопивец, Словенија и раководител вонр. проф. д-р. Димитар Папастеревски;
- Летна школа за архитектура – сесија 2018, Лзарополе, GAME LAZAROPOLE, ментори: Michel Von Matuschka, Jurgen Patzak – Poor, Conor Moloney и раководител доц. д-р Горан Мицковски.

Во текот на студирањето, кандидатката м-р Марија Петрова за постигнатите резултати континуирано била наградувана:

- Признание за највисок успех во втора студиска година на Архитектонски факултет – Скопје, за учебната 2016/2017;
- „Награда ИАС 09“ за најдобар проект од прв циклус студии на семестралната изложба ИАС09 на Архитектонски факултет – Скопје, зимски семестар 2017;
- Признание за највисок успех во трета студиска година на Архитектонски факултет, за учебната 2017/2018;
- Признание за најдобар студент со завршена четврта студиска година на Архитектонски факултет – Скопје, за учебната 2018/2019;
- Награда „Гоце Аџи-Митревски“ за колекција записи практикувани во работата на предметот Интегративно студио, 2019;
- Награда „26-ти Јули“ за најдобар студент во учебната петта година на Архитектонски факултет – Скопје, доделена од Фондацијата „Франк Манинг“, 2019.

### Научноистражувачка и стручно-уметничка дејност

Во текот на студирањето, кандидатката м-р Марија Петрова како автор има објавено два труда во стручни публикации:

- „Улогата на цртањето е витална во процесот на архитектонското проектирање“, Списание Порта 3, број 280, мај 2019, стр. 36-39, ISSN 1409-7389;
- “Novi modeli stanovanja”, Oris časopis, Issue 123, July 2020, pp.124-131, ISSN 1331-7571.

Во рамки на меѓународниот проектот „OIKONET“ во организација на Архитектонскиот факултет во Скопје во 2019 година, кандидатката м-р Марија Петрова како коавтор на трудот “Lifestyle as a habitat of tomorrow, Coexisting models of housing in the city” имаше јавна презентација на Третиот меѓународен семинар за постдипломци.

Во рамки на стручно-уметничката дејност, кандидатката м-р Марија Петрова зела учество на два студентски конкурса, осум архитектонски конкурси и била учесник на пет изложби:

- Архитектонско-урбанистички конкурс за „Студентски дом Тодор Александров“, локација: бул. „Илинденска“, Скопје, 2017;
- Архитектонско-урбанистички конкурс за „Студентски дом Тодор Александров“, локација: бул. „Илинденска“, Скопје, 2017;
- Архитектонско-урбанистички конкурс за „Повеќенаменска спортска сала“, локација: Градски парк ,Скопје, 2017;
- Архитектонско-урбанистички конкурс за „Универзитет Мајка Тереза“, Скопје, 2017;
- Студентски конкурс Индустрија во град – Цементарница „УСЈЕ“, 2017;
- Архитектонско-урбанистички конкурс за „Градска библиотека - Медијатека“, локација: Младински парк, Велес, инвеститор: град Велес, 2018;
- Архитектонско-урбанистички конкурс за „Градинка – Бутел 2“, локација: Бутел, Скопје, инвеститор: град Скопје, 2018;
- Биенале на Македонската архитектура - БИМАС, Музеј на град Скопје, 2018;
- Изложба „Архитектите за европско Скопје“ – МОБ, Скопје, 2018;
- Изложба „Македонски архитектонски атлас“ – Дом на градежници, Скопје, 2018;
- Изложба „Прототип на градина за деца / Направено во Куманово“ – Дом на култура Куманово, 2019;
- Изложба „Загрозен модернизам: архитектонски сценарија за адаптивна (ре)употреба“ – МКЦ, Скопје, 2019;
- Архитектонско-урбанистички конкурс за „Идејно решение за станбено – деловен објект“, локација: ГП 04.01јужен дел–централно градско подрачје во Скопје, 2020;
- Архитектонско-урбанистички конкурс за хотел „Европа“, локација: Бледско Езеро, Словенија, 2020;
- Студентски конкурс The Intimate city - Dinning in the Urban, 2020.

За постигнатите резултати во архитектонско-урбанистичките конкурси, кандидатката м-р Марија Петрова добила три награди:

- прва награда на учество на конкурс за идеен архитектонски проект за „Библиотека во Велес“, локација: Велес, 2018;
- прва награда на учество на конкурс за идеен архитектонски проект за „Детска градина – Бутел 2“, локација: Бутел, Скопје, 2018;
- трета награда на архитектонско-урбанистички конкурс за „Повеќенаменска спортска сала“, локација: Градски парк, Скопје, 2017.

Кандидатката м-р Марија Петрова била соработник на четири идејни архитектонски решенија:

- Идеен архитектонски проект: „Дом за живеење и нега на лица во трето доба“, локација: Битола, 2018;
- Идеен архитектонски проект: „Станбена низа“, локација: Визбегово, Скопје, 2018;
- Идеен архитектонски проект: „Куќа Кракорница“, локација: с. Кракорница, Галичник, 2019;
- Идеен архитектонски проект: „Куќа Atani“, локација: Athani Lefkada, Грција, 2020 год.

**Стручно-применувачка дејност и дејност од поширок интерес**

Кандидатката м-р Марија Петрова е вклучена во стручно-применувачката работа на изработка на техничка документација од областа на архитектурата. Како соработник учествувала во изработка на еден основен проект:

- Основен архитектонски проект: „Дом на култура“, локација: општина Чаир, Скопје, 2019.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката, стручно-уметничката и стручно-применувачката дејност на м-р Марија Петрова. Комисијата констатира дека кандидатката м-р Марија Петрова во целост ги исполнува условите од конкурсот. Во текот на нејзиното студирање, кандидатката покажала одлични резултати во студиите и по групата предмети за кои е објавен конкурсот, за што е континуирано наградувана, а во текот на нејзината професионална работа покажала способност да го имплементира своето знаење во различни сегменти од професијата, при тоа соработувајќи со многу свои колеги.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатката, Комисијата заклучи дека м-р Марија Петрова поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува општите и посебните услови да биде избрана во звањето асистент по група предмети: Архитектонски конструкции 1 и Архитектонски конструкции 2 од областа на архитектонските конструкции (20112) на Институтот за високоградба при Архитектонскиот факултет.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Архитектонскиот факултет во Скопје, м-р Марија Петрова да биде избрана во звањето асистент по група предмети: Архитектонски конструкции 1 и Архитектонски конструкции 2 од областа на архитектонските конструкции (20112) на Институтот за високоградба при Архитектонскиот факултет.

**Членови на Комисијата**
**Проф. д-р Огнен Марина, претседател, с.р.**
**Вонр. проф. д-р Димитар Папастеревски, член, с.р.**
**Проф. д-р Ана Тромбева-Гаврилоска, член, с.р.**

# ОБРАЗЕЦ 1

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидатка:** **Марија Ванчо Петрова**
**Институција:** **Архитектонски факултет**
**Научна област:** **архитектонски конструкции (20112)**

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Има завршено интегрирани прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити, со остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум)<br><br>Просечниот успех изнесува: 9,85 | да |
| 2 | Има завршено додипломски и постдипломски студии по студиските програми пред воведувањето на европскиот кредит-трансфер систем и има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на додипломските и постдипломските академски студии одделно<br>Просечниот успех на додипломски студии изнесува: __________<br><br>Просечниот успех на постдипломски студии изнесува: __________ | |
| 3 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик: англиски јазик<br>2. Назив на документот:уверение, ниво Ц1 според CEFR<br>3. Издавач на документот: УКИМ, Филолошки факултет „Блаже Конески“ - Скопје<br>4. Датум на издавање на документот: 1.12.2020 | да |

**Членови на Комисијата**

**Проф. д-р Огнен Марина, претседател, с.р.**
**Вонр. проф. д-р Димитар Папастеревски, член, с.р.**
**Проф. д-р Ана Тромбева-Гаврилоска, член, с.р.**

# Р Е Ф Е Р А Т
# ЗА ИЗБОР НА СОРАБОТНИК ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ - АСИСТЕНТ ПО ГРУПА ПРЕДМЕТИ: АРХИТЕКТОНСКИ КОНСТРУКЦИИ 3 И ГРАДЕЖНИ МАТЕРИЈАЛИ ОД ОБЛАСТИТЕ: АРХИТЕКТОНСКИ КОНСТРУКЦИИ (20112) И ГРАДЕЖНИ МАТЕРИЈАЛИ (20700) НА ИНСТИТУТОТ ЗА ВИСОКГРАДБА ПРИ АРХИТЕКТОНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје/Архитектонски факултет - Скопје, објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Коха“ од 28.11.2020 година, за избор на соработник во соработничко звање - асистент по група предмети: Архитектонски конструкции 3 и Градежни материјали од областите: *архитектонски конструкции* (20112) и *градежни материјали* (20700) на Институтот за високоградба при Архитектонскиот факултет, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 08-6/293 од 9.12.2020, донесена на 59. седница одржана на 9.12.2020, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Огнен Марина, редовен професор на Архитектонскиот факултет, д-р Александар Петровски, доцент на Архитектонскиот факултет и д-р Јован Ивановски, вонреден професор на Архитектонскиот факултет.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на соработник во соработничко звање - асистент по група предмети: Архитектонски конструкции 3 и Градежни материјали од областа на *архитектонски конструкции* (20112) *и градежни материјали* (20700) на Институтот за високоградба при Архитектонскиот факултет во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, во предвидениот рок се пријави м-р Сања Аврамоска.

### 6. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатката м-р Сања Аврамоска е родена на 5.7.1993, во Кичево. Средно образование завршила во Кичево во гимназијата ОСУ „Мирко Милески“. Во учебната 2012/2013 се запишала на интегрираните петгодишни студии од прв и втор циклус по архитектура на Архитектонскиот факултет во Скопје. Со високо образование се стекнала на Архитектонскиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на интегрираните петгодишни студии од прв и втор циклус по архитектура, каде што магистрирала во 2018 година, со просечен успех 9,67. На 2.7.2018 година го одбранила магистерскиот труд на тема: „Внатрешен градски раб“.

Кандидатката активно се служи со англискиот јазик, за што има приложено уверение за познавање на англискиот јазик кое одговара на ниво Ц1 според Европската јазична рамка на Советот на Европа (CEFR), издадено од Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Кандидатката м-р Сања Аврамоска од септември 2020 година до денес престојува на студиски престој на Техничкиот универзитет во Берлин (TU Berlin) како добитник на шестмесечна стипендија на DAAD: German Academic Exchange Service за развивање на истражувачки вештини и теза за докторкса дисертација.

### 7. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТКАТА ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

**Наставно-образовна дејност**

Во текот на студирањето, кандидатката м-р Сања Аврамоска покажала интерес кон групата на предмети од областа за која се избира и остварила просечен успех од 10.

Во учебната 2017/2018, кандидатката м-р Сања Аврамоска била ангажирана како демонстратор на Архитектонскиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на предметот Архитектонско проектирање 1 во прва студиска година.

Со цел да го надградува знаењето учествувала на Меѓународната летна школа за архитектура во организација на Архитектонскиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, 24-та сесија 2015, под менторство на проф. Питер Вилсон од ТУ Михен, Германија, 25-та сесија 2016 година под менторство на проф. Михаел Ридајк од ТУ Делфт, Холандија и проф.

Џулиет Бекеринг од ТУ Ајндховен, Холандија и 26-та сесија под менторство на проф. Алеш Водопивец од Архитектонскиот факултет при Универзитетот во Љубљана. Во 2016 година учествувала во Интернационалната работилница „Threshold” во Трабзон, Турција, а во 2017 година во Интернационалната работилница „On the Edge” во Винтертур, Швајцарија.

Во 2015 година, добитник е на Признание за највисок успех (9,66) во трета студиска година во учебната 2014/2015 година од Архитектонски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Во 2014 година добитник е на Признание за највисок успех (9,29) во втора студиска година во учебната 2013/2014 година од Архитектонски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, а во 2013 година добитник е на Признание за највисок успех (9,77) во прва студиска година во учебната 2012/2013 година од Архитектонски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Во 2016 година, кандидатката м-р Сања Аврамоска е добитник на Признание во рамките на Изложбата на архитектонски студија ИАС09 за архитектонскиот проект „Обрасци на раст: Резидулани форми“, работен во рамките на Интегративното студио 9.4.

Во 2018 година, добитник е на Наградата „26-ти Јули“ за најдобар студент во учебната 2016/2017 година на Архитектонскиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Во 2019 година добитник е на наградата „Инженерски прстен“ која ја доделува Инженерската институција на Македонија за најдобар дипломиран студент на Архитектонскиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Во 2019 година, добитник е на Пофалница од ректорот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје за дипломирање во учебната 2017/2018 година со највисок среден успех (9,67), во рамките на редовните рокови утврдени со Статутот на Архитектонскиот факултет.

Студентските проекти на кандидатката м-р Сања Аврамоска биле претставени во рамките на Изложбата на архитектонски студија ИАС 05 од зимскиот семестар во 2014-2015 година, ИАС06 од летниот семестар во 2014-2015 година и на ИАС08 од летниот семсметар 2015-2016 година.

**Научноистражувачка дејност и стручно уметничка дејност**

Во текот на студирањето, кандидатката м-р Сања Аврамоска, како автор и коавтор, има објавено четири труда во стручни публикации, кои се дел од нејзината студиска работа:

- South Boulevard: PROLET, Residual Form: Matrix, Residual Form: Design Studio Patterns of Growth, Архитектонски Факултет УКИМ, 2017, ISBN 978-9989-118-18-0;
- Европска престолнина на млади. Објавен проект во публикација „12x12=37“. Пенчиќ, Дивна., Лазаревски, Стефан., Јовановска, Дана. (2017) 12x12=37: Куманово 2017-2027: насоки за урбанистички развој. Скопје: Архитектонски факултет, уким, Скопје, стр.54-65.
- Opening, Connecting, Uncovering, Reprogramming. Објавен проект во каталог на Македонскиот Павилјон на Венецијското Биенале за архитектура 2018 – FREEINGSPACE. Velevska, Marija Mano., Velevski, Slobodan. (2018) Freeing space: Macedonian pavilion 16th international architecture exhibition - la biennale di Venezia 2018. Skopje: Museum of contemporary art, Skopje, стр. 68-83;
- Едноставните идеи најуспешни, Фејза, В., Аврамоска, С. (2018) Porta3.
- Shinkenchiku residential design competition 2019. a+u Magazine, 592 (2019), стр. 191-197.

Во рамки на стручно-уметничката дејност, кандидатката м-р Сања Аврамоска зела учество на повеќе архитектонски конкурси, меѓу кои поважни се:

- Berlin University Residence International Architecture Competition for students, Polytechnic University of Catalunya UPC and Escola Techica Superior d’Arquitectura de Barcelona ETSAB, 2016.
- Sylvan Theatre International Architectural Competition for students, Cherkasy, Ukraine, 2016,
- Education Everywhere, WA Contents. 2018,
- Inner city Edge. KooZarch.com. Inner City Edge. 2019,
- Young Architects competitions -Rwanda Cahpel, 2019,
- Shinkenchiku residential design competition 2019. Japan-architect.co.jp. Back to the Nature, 2019,

- Conceptual Urban and Architectural Design of Independence Square in Podgorica, 2020,
- International Competition for ideas for Taksim Square, Istanbul, 2020,

Кандидатката е добитник на награди и признанија за учество на следните меѓународни архитектонски конкурси:

- почесна награда на интернационалниот конкурс на идеи – 24h Competition – HOME, 2017 година.
- прва награда на конкурсот „Индустрија во град“ организиран од Архитектонски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје во соработка со Титан-Цементарница Усје во 2018 година,
- почесна награда (Honorable mention) на Shinkenchiku residential design competition во 2019 година во Јапонија,
- финалист на интернационалниот конкурс Zagreb-Ascension Tower во 2019 година во Хрватска,
- трета награда на конкурсот „Спортски центар Влазерими“ општина Кичево, 2019 година,
- финалист на интернацаципналниот конкурс "YAC – Kid's Factory" во 2019 година,
- прва награда на интернационалниот конкурс на идеи – 24h Competition – KNOWLEDGE, 2019 година.

Кандидатката м-р Сања Аврамоска била соработник на идејни архитектонски решенија и решенија за ентериер на објекти:

- основен проект за уредување на ентериер на стан, нас. Аеродром, Скопје, 2020 година,
- основен проект за уредување на ентериер на стан, нас. Тафталиџе, Скопје, 2020 година,
- основен проект за уредување на ентериер на стан, нас. Тафталиџе, Скопје, 2019 година,
- основен проект за уредување на ентериер на стан, нас. Аеродром, Скопје, 2019 година,
- основен проект за уредување на ентериер на стан, нас. Ѓорче Петров, Скопје, 2019 година,
- идејно решение за станбена куќа, с. Мидинци, Кичево, 2019 година.

**<u>Стручно-применувачка дејност и дејност од поширок интерес</u>**

Кандидатката м-р Сања Аврамоска активно е вклучена во стручно- применувачката работа на изработка на техничка документација од обласа на архитектурата. Како соработник архитект учествувала во изработка на основни проекти за објекти од Б-категорија:

- анекс кон основен проект, Станбено - деловен објект Порта Аеродорм, Скопје, ул. „Руди Чаевац", Порта Инженеринг Груп ДООЕЛ, Скопје, 2019 година,
- основен проект за Станбено - деловен објект ул. "Фрањо Клуз" КП13.1, КО Кисела Вода 2, Порта Инженеринг Груп ДООЕЛ, Скопје, 2019 година,
- основен проект за Станбено - деловен објект ул. "Фрањо Клуз" 13.2, КО Кисела Вода 2, Порта Инженеринг Груп ДООЕЛ, Скопје, 2019 година,
- основен проект за фасада на станбен објект, нас. Ѓорче Петров, Скопје, 2020 година.

Кандидатката м-р Сања Аврамоска, како дел од активностите од поширок интерес за општеството и стручната јавност, учествувала како автор на проектот „Opening, Connecting, Uncovering, Reprogramming“, претставен на Македонскиот павилјон на Венецијското биенале за архитектура во 2018 година. М-р Сања Аврамовска е автор на сценографија за театарска претстава „Разговори во четири очи“, Македонски народен театар, 2015 година.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката, стручно уметничката и стручно-применувачката дејност на м-р Сања Аврамоска. Комисијата констатира дека кандидатката м-р Сања Аврамоска во целост ги исполнува условите од конкурсот. Во текот на нејзиното студирање, како најдобар студент во генерацијата покажала одлични резултати во студиите и особено по групата предмети за кои е објавен конкурсот, а во текот на нејзината професионална работа покажала способност успешно да го имплементира своето знаење во различни сегменти од професијата, при тоа освојувајќи награди на меѓународни архитектонски конкурси и соработувајќи со многу свои колеги. Комисијата констатира дека кандидатката м-р Сања Аврамоска има способност стекнатото знаење од студиите и професијата да го имплементира во наставно-образовната дејност, со што ќе даде придонес кон развивање на предметите за кои се избира и нивна имплементација во текот на педагошкиот процес.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатката, Комисијата заклучи дека м-р Сања Аврамоска поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува општите и посебните услови да биде избрана во звањето асистент по група предмети: Архитектонски конструкции 3 и Градежни материјали од областите: *архитектонски конструкции* (20112) и *градежни материјали* (20700) на Институтот за високоградба при Архитектонскиот факултет.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Архитектонскиот факултет во Скопје, м-р Сања Аврамоска да биде избрана во звањето асистент по група предмети: Архитектонски конструкции 3 и Градежни материјали од областите: *архитектонски конструкции* (20112) и *градежни материјали* (20700) на Институтот за високоградба при Архитектонскиот факултет,

**Членови на Комисијата**

**Проф. д-р Огнен Марина, претседател, с.р.**
**Доц. д-р Александар Петровски, член, с.р.**
**Проф. д-р Јован Ивановски, член, с.р.**

# ОБРАЗЕЦ 1
## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидатка:** **Сања Благоја Аврамоска**
**Институција:** **Архитектонски факултет-Скопје**
**Научна област:** ***архитектонски конструкции* (20112), *градежни материјали* (20700)**

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ**

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Има завршено интегрирани прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити, со остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум)<br><br>Просечниот успех изнесува: 9,67 | да |
| 2 | Има завршено додипломски и постдипломски студии по студиските програми пред воведувањето на европскиот кредит-трансфер систем и има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на додипломските и постдипломските академски студии одделно<br>Просечниот успех на додипломски студии изнесува: __________<br>Просечниот успех на постдипломски студии изнесува: __________ | / |
| 3 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик: англиски јазик<br>2. Назив на документот:уверение, ниво Ц1 според CEFR<br>3. Издавач на документот: УКИМ, Филолошки факултет „Блаже Конески“ - Скопје<br>4. Датум на издавање на документот 4.12.2020 | да |

**Членови на Комисијата**

**Проф. д-р Огнен Марина, претседател, с.р.**
**Доц. д-р Александар Петровски, член, с.р.**
**Проф. д-р Јован Ивановски, член, с.р.**

# Р Е Ф Е Р А Т
# ЗА ИЗБОР НА СОРАБОТНИК ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ - АСИСТЕНТ НА ГРУПА ПРЕДМЕТИ: ВНАТРЕШНА АРХИТЕКТУРА 1, ВНАТРЕШНА АРХИТЕКТУРА 2 , АРХИТЕКТОНСКА КОМПОЗИЦИЈА И АРХИТЕКТОНСКО СТУДИО ОД ОБЛАСТА НА АРХИТЕКТОНСКОТО ПРОЕКТИРАЊЕ И ДИЗАЈНОТ (20100) НА ИНСТИТУТОТ ЗА АРХИТЕКТОНСКО ПРОЕКТИРАЊЕ ПРИ АРХИТЕКТОНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје – Архитектонски факултет – Скопје, објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Коха“ од 28-29 ноември 2020 година, за избор на соработник во соработничко звање - асистент на група предмети: Внатрешна архитектура 1, Внатрешна архитектура 2, Архитектонска композиција и Архитектонско студио од областа на архитектонското проектирање и дизајнот (20100) на Институтот за архитектонско проектирање при Архитектонскиот факултет во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, за време од 3 (три) години (согласно со член 175, став 6) – 1 извршител и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет бр. 08-6/301, донесена на 59. седница од 9.12.2020 година, формирана е Рецензентска комисија во состав:
**д-р Митко Хаџи-Пуља**, редовен професор на Архитектонскиот факултет – претседател,
**д-р Минас Бакачев**, редовен професор на Архитектонскиот факултет – член, и
**м-р Наташа Милованчев**, редовен професор на Архитектонскиот факултет – член.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

На објавениот конкурс за избор на соработник во соработничко звање - асистент на група предмети: Внатрешна архитектура 1, Внатрешна архитектура 2, Архитектонска композиција и Архитектонско студио од областа на архитектонското проектирање и дизајнот (20100) на Институтот за архитектонско проектирање при Архитектонскиот факултет во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, за време од 3 (три) години (согласно со член 175, став 6) – 1 извршител, во предвидениот рок се пријави 1 (еден) кандидат, и тоа м-р Дарко Драгановски.

## 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатот м-р Дарко Драгановски е роден на 24.8.1989 година во Скопје. Средно образование завршил во СУГС Гимназија „Јосип Броз Тито“ - Скопје. Со високо образование се стекнал на Архитектонскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје на интегрираните петтгодишни студии од прв и втор циклус. Магистрирал во 2014 година, со просечен успех 9,60.

Кандидатот м-р Дарко Драгановски се запишал на трет циклус студии во 2016 година на Филозофскиот факултетот при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – студиска програма: Социологија, модул - социокултура и е во фаза на изработка на докторската теза.

Кандидатот активно се служи со англискиот јазик, ниво Ц1 според Европската јазична рамка на Советот на Европа – CERF, издаден од Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Рецензентската комисија, врз основа на сета поднесена документација важна за изборот, ги имаше предвид доставените научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот.

## 2. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТОТ

**Наставно-образовна дејност**

Во рамките на наставно-образовната дејност на Архитектонскиот факултет во Скопје, м-р Дарко Драгановски бил вклучен како надворешен соработник (демонстратор) од 2013 година и стручњак од пракса (во зимскиот семестар 2020/2021) во подготвување на наставата и изведување на вежбите по предметите: Архитектонско студио1, Архитектонско студио 2, Внатрешна Архитектура 1, Внатрешна архитектура 2 и Архитектонска композиција.

**Научноистражувачка дејност/Стручно-уметничка дејност**

М-р Дарко Драгановски има една публикација во стручно списание и една интернет-публикација.

Како дел од наставниот процес на Архитектонскиот факултет, учесник е во проектот „Вредности на формалниот јазик во Македонската црковна архитектура“, во кој се документирани, обработени и испечатени како графичка мапа девет цркви од македонското културно наследство, јавно претставен во Македонската академија на науките и уметностите, октомври 2017.

Како учесник и соработник во реализација, Изложба и работен каталог „Цртање архитектура=пресоздавање“, Галерија Коридор, 2019.

**Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес**

М-р Дарко Драгановски активно е вклучен во стручно-апликативната работа. Кандидатот м-р Дарко Драгановски има пет публикации во каталог и како учесник, автор и соработник се јавува во 16 изложби. Учесник е на две работилници и летни школи. Учествувал во изработка на 15 проекти како автор и коавтор.

Има добиено признание од Архитектонскиот факултет за негово јавно претставување.

### ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ
### за факултети кои имаат студиски програми на интегрирани прв и втор циклус студии

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Има завршено интегрирани прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити, со остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум)<br>Просечниот успех изнесува: 9,60 | да |
| 2 | Има завршено додипломски и постдипломски студии по студиските програми пред воведувањето на европскиот кредит-трансфер систем и има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на додипломските и постдипломските академски студии одделно<br>Просечниот успех на додипломски студии изнесува: __________<br><br>Просечниот успех на постдипломски студии изнесува: __________ | не |
| 3 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик: англиски<br>2. Назив на документот: уверение за познавање на англискиот јазик, ниво Ц1 според Европската јазична рамка на Советот на Европа (CERF)<br>3. Издавач на документот: Филолошки факултет „Блаже Конески“ - Скопје<br>4. Датум на издавање на документот: 1.12.2020 | да |

## З А К Л У Ч О К И П Р Е Д Л О Г

Врз основа на целокупната доставена документација, Рецензентската комисија заклучи дека пријавениот кандидат м-р Дарко Драгановски во целост ги исполнува и општите услови предвидени во Законот за високото образование и посебните услови за избор, согласно со Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Кандидатот покажал висок успех во додипломските студии и е во фаза на изработка на докторат, што укажува на неговата сериозна посветеност за понатамошното стручно и научно усовршување во полето на потесниот интерес.

Од увидот во доставените материјали, како и од личното познавање на кандидатот м-р Дарко Драгановски, Комисијата констатира дека неговиот севкупен професионален интерес и ангажман се движат во областа на архитектонското проектирање, архитектонската композиција и внатрешната архитектура. Посебен квалитет во неговата работа претставува критичката продлабоченост и отвореност кон нови сознајни искуства, како и интердисциплинарната рефлексивност, која на нив им дава живост и идентитет. Од богатото досие и како надворешен соработник, и како стручњак од практиката, се потврдува неговата висока оспособеност и посветеност за научна и педагошка работа во посочената област. Тој поседува знаења и вештини, како и највисоки етички квалитети, кои со несебичност им ги пренесува на помладите колеги во текот на наставно-образовниот процес на Архитектонскиот факултет, каде што во подолг период е ангажиран.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Архитектонскиот факултет во Скопје да го избере **м-р Дарко Драгановски** за соработник во соработничко звање - асистент на група предмети: Внатрешна архитектура 1, Внатрешна архитектура 2, Архитектонска композиција и Архитектонско студио од областа на архитектонското проектирање и дизајнот (20100) на Институтот за архитектонско проектирање при Архитектонскиот факултет во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, за време од 3 (три) години (согласно со член 175, став 6) - 1 извршител.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Митко Хаџи-Пуља, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Минас Бакалчев, член, с.р.**
**Проф. м-р Наташа Милованчев, член, с.р.**

Скопје,

11.12.2020 година

# Р Е Ф Е Р А Т
## ЗА ИЗБОР НА СОРАБОТНИК ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ НА ГРУПАТА ПРЕДМЕТИ: АРХИТЕКТОНСКО ПРОЕКТИРАЊЕ 3, АРХИТЕКТОНСКО ПРОЕКТИРАЊЕ 7 И АРХИТЕКТОНСКИ СТУДИЈА ОД ОБЛАСТА НА АРХИТЕКТОНСКОТО ПРОЕКТИРАЊЕ И ДИЗАЈНОТ (20100) НА ИНСТИТУТОТ ЗА АРХИТЕКТОНСКО ПРОЕКТИРАЊЕ ПРИ АРХИТЕКТОНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје/Архитектонскиот факултет, објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Коха“ од 28-29 ноември 2020 година, за избор на соработник во соработничкото звање – асистент на група предмети: Архитектонско проектирање 5, Архитектонско проектирање 7 и Архитектонски студија од областа на архитектонското проектирање и дизајнот (20100) на Институтот за архитектонско проектирање при Архитектонскиот факултет во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, за време од 3 (три) години (согласно со член 175, став 6) – 1 извршител и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 08-6/300, донесена на 59. седница од 9.XII 2020 година, формирана е Рецензентска комисија во состав:

**д-р Минас Бакалчев**, редовен професор на Архитектонскиот факултет - претседател,
**д-р Митко Хаџи-Пуља**, редовен професор на Архитектонскиот факултет – член, и
**д-р Саша Тасиќ**, вонреден професор на Архитектонскиот факултет - член.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на соработник во соработничкото звање асистент на група предмети: Архитектонско проектирање 5, Архитектонско проектирање 7 и Архитектонски студија од областа на архитектонското проектирање и дизајнот (20100) на Институтот за архитектонско проектирање при Архитектонскиот факултет во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, во предвидениот рок се пријави 1 (еден) кандидат, м-р Александар Петановски.

### 8. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатот м-р Александар Петановски е роден на 1.VIII 1989, во Скопје. Средно образование (ЦУГС „Јосип Броз Тито“) завршил во Скопје. Со високо образование се стекнал на Архитектонскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје на интегрираните петтгодишни студии од прв и втор циклус (2008-2013) со просечен успех 8,06. Магистрирал на Архитектонскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, под менторство на проф. д-р Минас Бакалчев на тема: „Инцизија; Расекување на градот како тактика на поврзување на станбените фрагменти на примерот на Скопје“ во 2013 година.

Кандидатот м-р Александар Петановски се запишал на трет циклус студии во 2014 / 2016 година на Филозофскиот факултетот при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – студиска програма: Социологија, и е во фаза на изработка на докторска дисертација под менторство на проф. д-р Илија Ацески и коментор доц. Саша Тасиќ, на тема: *Животни стилови; Урбаните фрагменти на градот како нова интегративна концептуализација на градот Скопје*.

Кандидатот активно се служи со англискиот јазик, ниво Ц2 според Европската јазична рамка на Советот на Европа – CERF, издаден од Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Во моментот е демонстратор на Институтот за архитектонско проектирање при Архитектонскиот факултет во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“.

Рецензентската комисија, врз основа на сета поднесена документација важна за изборот, ги имаше предвид доставените научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот.

## 9. Научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот

**Наставно-образовна дејност**

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, Архитектонски факултет -Скопје, кандидатот м-р Александар Петановски бил вклучен како надворешен соработник (демонстратор) од учебната 2014/2015 година до денес во подготвување на наставата и изведување на вежбите и теренската настава на предметите: Архитектонско проектирање 5, Архитектонско проектирање 7, Селектирани теми од објекти за колективно домување, Селективни теми од станбени објекти и Архитектонски студија од областа на архитектонското проектирање и дизајнот / Архитектонско студио 5 (5. семестар), Архитектонско студио 6 (6. семестар), Архитектонско студио 7 (7. семестар), Архитектонско студио 8 (8. семестар) и Интегративно студио (9. семестар) на Архитектонскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на интегрираните петгодишни студии од прв и втор циклус. Во целиот овој период учествувал на 34 теми на различните архитектонско-истражувачки проекти од архитектонските студија.

**Научноистражувачка дејност/Стручно-уметничка дејност**

М-р Александар Петановски, како автор и коавтор, има објавено вкупно 4 научни трудови, од кои 3 научни труда во меѓународни научни списанија и 1 труд во зборник од меѓународен научен собир.

Aleksandar Petanovski, Dimitar Papasterevski, Gordan Petrov(2020): “*Lifestyle as a habitat of tomorrow, Coexisting models of housing in the city*”, South East Journal of Architecture and Design,SEJAD, Volume 2020; Article ID 10055, 5 pages (http://dx.doi.org/10.3889/seejad.2020.10055). *Articles in Architecture.*

Sasha Tasic, Aleksandar Petanovski, Ivo Spiroski (2016): “*Architecture from South East Europe in the Scopus Database (1962-2015)*”, South East Journal of Architecture and Design, SEJAD, Volume 2016; Article ID 10017, 5 pages (https://doi.org/10.3889/seejad.2016.10017). *Articles in Architecture.*

Elena Nikoljski Panevski**,** Aleksandar Petanovski, Ivo Spiroski (2015): Published Papers about Interior Design from South East Europe in the Scopus Database (1977-2015), South East Journal of Architecture and Design, SEJAD, Volume 2015; Article ID 10007, 5 pages (https://doi.org/10.3889/seejad.2015.10007). *Articles in Design.*

Saša Tasić, Minas Bakalchev, Aleksandar Petanovski (2015) „Urban Fragments as a Base of Integrated Living“, Balkan Architectural Biennale BAB 2015, Belgrade, Conference Proceedings, pp.217-230, 2015 (ISBN 978-86-916755-1-6).

М-р Александар Петановски од 2015 година е заменик-главен одговорен уредник во меѓународното научно списание **SEJAD -“South EastJournal of Architecture and Design”**, (http://www.id-press.eu/seejad).

**ЛЕТНИ ШКОЛИ/РАБОТИЛНИЦИ**

М-р Александар Петановски има учествувано во пет интернационални работилници/летни школи**:**

Graphic Design Workshop, Title: “***A TASTE OF SKOPJE***”, Скопје, ментори: Саша Ланој (NL), Кристел Хофман (NL), 15-22.04.2013

PAW / Pelio Architecture Workshop, University of Thessaly, Pelion, Greece / “***ALTERNATIVE DWELLING***”, ментор: Елиа Зенгелис (GR), 01-09.09.2012

Летна школа за архитектура – сесија 2012, Крива Паланка / “***LANDSCAPE AND LIMITS OF ARCHITECTURE”***, ментор: Елиа Зенгелис (GR), 30.06-08.07.2012

Летна школа за архитектура – сесија 2011, Крива Паланка / “***INVISIBLE LABYRINTS”***, ментор: Александар Бродски (RUS), 16-24.07.2011

International Student Workshop ***“SOUTHERN BOULEVARD / NEW AXIS OF DEVELOPMENT OF SKOPJE”*** , Торино 07-12.11.2011

International Student Workshop ***“SOUTHERN BOULEVARD / NEW AXIS OF DEVELOPMENT OF SKOPJE”***, Скопје 02-09.09.2011

**ИЗЛОЖБИ**

М-р Александар Петановски има учествувано во пет изложби:

Изложба – учество на **Биенале на македонската архитектура - БИМАС**, Музеј на град Скопје, 2018 год.

Изложба – учество на **Биенале на македонската архитектура - БИМАС**, Музеј на град Скопје, 2016 год.

Изложба – учество на **Голема годишна награда за архитектура**, Музеј на град Скопје, 2016

Изложба – учество на **Биенале на македонската архитектура - БИМАС**, Музеј на град Скопје, 2014 год.

**“*Looking in the Mirror*”** (Метамак - Архитектонски колектив, изложба на 3. Меѓународна архитектонска изложба Lisbon Architectural Triennale - Close, Closer, Fundacao Portugesa das Comunicacoes, Лисабон, 6.12. - 15.12.2013 год.

**SKOPJE DESIGN WEEK 2013**, изложба на прототип производи од работилницата A TASTE OF SKOPJE, 2013 год.

<u>**Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес**</u>

М-р Александар Петановски учествувал како автор и /или коавтор во 33 архитектонски проекти. Во однос на нивната типолошка диференцијација ги препознаваме следните типологии: во областа на домувањето - индивидуално/колективно(12), рекреација/спорт (4), образовање (2), култура (1), администрација (1), производство (1), урбани интервенции (2), ентериер (10). Во однос на видот на архитектонските проекти присутни се : идејни проекти (11), основни проекти (4), реализации (10), архитектонски и архитектонско-урбанистички конкурсни проекти (8).
Избор од 8 проекти со потврда за учество се наведени во Анексот за општи и посебни услови.

**НАГРАДИ**

За својата работа, м-р Александар Петановски ги споделува следните награди:

прва награда на учество на конкурс за идеен архитектонски проект за ***„Библиотека во Велес“***, локација: Велес, инвеститор: о. Велес, (автори: М. Бакалчев, С. Тасиќ, А. Петановски, Г. Петров, М. Петрова), 2018 год.;

трета награда на архитектонско-урбанистички конкурс за ***„Повеќенаменска***

***Спортска сала “***, локација: Градски парк ,Скопје, инвеститор: о. Центар (автори: М. Бакалчев, С. Тасиќ, Г.Петров, А.Петановски), 2017 год. - трета награда;

втора награда на архитектонско-урбанистички конкурс за ***„Отворен пливачки базен“***, инвеститор: Агенција за млади и спорт, (автори: М. Бакалчев, С. Тасиќ, Г.Петров, А.Петановски), 2016 год.;

Голема награда на БИМАС, за најуспешно реализирано архитектонско дело, - ***Тренинг центар на ФК Вардар,*** Хиподром, покровител на наградата ААМ, (М. Бакалчев, С. Тасиќ, А. Петановски, Г. Петров), 2016;

втора награда на повикан архитектонски конкурс за ***Административен објект Мак Аутостар***, локација: о. Аеродром, Скопје, (автори: М. Бакалчев, С. Тасиќ, Г. Петров, А. Петановски), 2015 год.;

откуп на проект на архитектонско-урбанистички конкурс за ***„Основно училиште“***, локација: Капиштец, Скопје, инвеститор: о. Центар, (автори: М. Бакалчев, С. Тасиќ, А. Петановски, Г. Петров), 2013 год.

**ОПШТИ/ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ за факултети кои имаат студиски програми на интегрирани прв и втор циклус студии**

| **Ред. број** | | **Исполнетост на услови да/не** |
|---|---|---|
| | **ОПШТИ УСЛОВИ** | |
| 1 | Има завршено интегрирани прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити, со остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум)<br><br>Просечниот успех изнесува: 8,06 | да |
| 2 | Има завршено додипломски и постдипломски студии по студиските програми пред воведувањето на европскиот кредит-трансфер систем и има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на додипломските и постдипломските академски студии одделно<br>Просечниот успех на додипломски студии изнесува: __________<br><br>Просечниот успех на постдипломски студии изнесува: __________ | |
| 3 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик: англиски јазик<br>2. Назив на документот: уверение за познавање на англиски јазик на ниво Ц1 според Европската јазична рамка на Советот на Европа (CEFR)<br>3. Издавач на документот: Филолошки факултет „Блаже Конески“ - Скопје<br>4. Датум на издавање на документот: 27.11.2020 | да |
| | **ПОСЕБНИ УСЛОВИ** | |
| 1 | **Објавен труд во стручно списание:**<br>Aleksandar Petanovski, Dimitar Papasterevski, Gordan Petrov(2020): *“Lifestyle as a habitat of tomorrow, Coexisting models of housing in the* | да |

| Ред. број | | Исполнетост на услови да/не |
|---|---|---|
| | *city"*, South East Journal of Architecture and Design,SEJAD, Volume 2020; Article ID 10055, 5 pages (http://dx.doi.org/10.3889/seejad.2020.10055). *Articles in Architecture*.<br><br>Sasha Tasic, Aleksandar Petanovski, Ivo Spiroski (2016): *"Architecture from South East Europe in the Scopus Database (1962-2015)"*, South East Journal of Architecture and Design, SEJAD, Volume 2016; Article ID 10017, 5 pages (https://doi.org/10.3889/seejad.2016.10017). *Articles in Architecture*.<br><br>Elena Nikoljski Panevski**,** Aleksandar Petanovski, Ivo Spiroski (2015): Published Papers about Interior Design from South East Europe in the Scopus Database (1977-2015), South East Journal of Architecture and Design, SEJAD, Volume 2015; Article ID 10007, 5 pages (https://doi.org/10.3889/seejad.2015.10007). *Articles in Design.*<br><br>Saša Tasić, Minas Bakalchev, Aleksandar Petanovski (2015) „Urban Fragments as a Base of Integrated Living", Balkan Architectural Biennale BAB 2015, Belgrade, Conference Proceedings, pp.217-230, 2015 (ISBN 978-86-916755-1-6). | |
| 2 | **Проекти (со потврда за учество од:<br>Друштво за проектирање и изведување градежни и градежно-занаетски работи ТОРУС ИНЖЕНЕРИНГ ДОЕЛ Скопје)**<br><br>Основен архитектонски проект: „Тренинг-центар на ФК Вардар“<br>Локација: Хиподром, Општина Гази Баба, Скопје<br>Инвеститор: ФК Вардар<br>Автори: М. Бакалчев, С. Тасиќ, А. Петановски, Г. Петров<br>Технички број: 248/14<br><br>Основен архитектонски проект: „Викенд-куќа за фам. Марковски”<br>Локација: Козјак, Скопје<br>Инвеститор: Јован Марковски<br>Автори: А. Петановски, Г. Петров<br>Технички број: 164/14<br><br>Основен архитектонски проект: „Викенд-куќа за фам. Стојановски”<br>Локација: Петровец, Општина Илинден, Скопје<br>Инвеститор: Апостол Стојановски<br>Автори: А. Петановски, Г. Петров<br>Технички број: 0302-258/15<br><br>Основен архитектонски проект: „Индивидуална станбена куќа Пржино”<br>Локација: Пржино, Општина Кисела Вода, Скопје<br>Инвеститор: СЦТ ДООЕЛ, Скопје<br>Автори: А. Петановски, Г. Петров | да |

| Ред. број | | Исполнетост на услови да/не |
|---|---|---|
| | Технички број: 0302-58/16<br><br>Идеен архитектонски проект: „Повеќесемејна станбена зграда Кисела Вода”<br>Локација: Кисела Вода, Општина Кисела Вода, Скопје<br>Инвеститор: СЦТ ДООЕЛ, Скопје<br>Автори: А. Петановски, Г. Петров<br>Технички број: 0302-155/17<br><br>Идеен архитектонски проект: „Повеќесемејна станбена зграда Црниче”<br>Локација: Црниче, Општина Кисела Вода, Скопје<br>Инвеститор: Торус инженеринг, Марија Фурнаџиска-Адамс, Златко Фурнаџиски<br>Автори: А. Петановски, Г. Петров<br>Технички број: 0302-77/18<br><br>Основен архитектонски проект: „Повеќесемејна станбена зграда Црниче”<br>Локација: Црниче, Општина Кисела Вода, Скопје<br>Инвеститор: Торус инженеринг, Марија Фурнаџиска-Адамс, Златко Фурнаџиски<br>Автори: А. Петановски, Г. Петров<br>Технички број: 0302-19/20<br><br>Идеен и основен архитектонски проект: „Објект за пакување и складирање<br>шеќер”<br>Локација: Општина Илинден, Скопје<br>Инвеститор: Варимпекс интернационал<br>Автори: А. Петановски, Г. Петров<br>Технички број: 0302-110/20 | |

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на м-р Александар Петановски.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот, Комисијата заклучи дека м-р Александар Петановски поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапки за избор во наставно-научни, наставно стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избран во звањето асистент во областа на архитектонското проектирање и дизајнот (20100).

Активноста на м-р Александар Петановски е отелотворена во педагошкиот проект на Архитектонскиот факултет во спојот на научното истражување и архитектонското проектирање. Неговиот особен интерес е феноменот на домувањето во типолошкиот и социолошкиот пресек, за кое сведочи неговата определба на докторските студии и неговата пракса, доминантно ориентирана кон проектите на домувањето. М-р Александар Петановски го поседува оној суштествен спој на уметнички и научен интерес, на рационалност, но и занесот на проникнувањето во длабоките и возбудливи тајни на архитектурата.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Архитектонскиот факултет во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, **м-р Александар Петановски** да биде избран за соработник во соработничкото звање – **асистент** на група предмети: Архитектонско проектирање 5, Архитектонско проектирање 7 и Архитектонски студија од областа на архитектонското проектирање и дизајнот (20100) на Институтот за архитектонско проектирање при Архитектонскиот факултет во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Минас Бакалчев, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Митко Хаџи-Пуља, член, с.р.**
**Вонр. проф. д-р Саша Тасиќ, член, с.р.**

Скопје,

11.XII 2020 година

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА СОРАБОТНИК ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ - АСИСТЕНТ НА ГРУПА ПРЕДМЕТИ: АРХИТЕКТОНСКО ПРОЕКТИРАЊЕ 1 И АРХИТЕКТОНСКО СТУДИО ОД ОБЛАСТА НА АРХИТЕКТОНСКОТО ПРОЕКТИРАЊЕ И ДИЗАЈНОТ (20100) НА ИНСТИТУТОТ ЗА АРХИТЕКТОНСКО ПРОЕКТИРАЊЕ НА АРХИТЕКТОНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ**

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје - Архитектонски факултет, објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Коха“ од 28.11.2020 година, за избор на соработник во соработничко звање – асистент на група предмети: Архитектонско проектирање 1 и Архитектонско студио од областа на архитектонското проектирање и дизајнот (20100) на Институтот за архитектонско проектирање при Архитектонскиот факултет во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, за време од 3 (три) години, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, 08 бр. 6/302, донесена на 9.12.2020 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Марија Мано Велевска, вонреден професор на Архитектонскиот факултет, претседател, д-р Мери Батакоја, вонреден професор на Архитектонскиот факултет, член и д-р Јасмина Сиљаноска, професор на Архитектонскиот факултет, член.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

На објавениот конкурс за избор на соработник во соработничко звање - асистент на група предмети: Архитектонско проектирање 1 и Архитектонско студио од областа на архитектонското проектирање и дизајнот (20100) на Институтот за архитектонско проектирање при Архитектонскиот факултет во Скопје, во предвидениот рок се пријави 1 (еден) кандидат, м-р Благоја Бајковски.

**М-Р БЛАГОЈА БАЈКОВСКИ**

**5. Биографски податоци и образование**

Кандидатот м-р Благоја Бајковски е роден на 29.5.1983 година во Скопје. Додипломските студии на Архитектонскиот факултет при УКИМ - Скопје ги започнал во септември 2002 година, а ги завршил во октомври 2009 година со просечен успех 9,07. Дипломската работа на тема „Железничка колонија. Прототип на станбен блок“ (под менторство на проф. д-р Минас Бакалчев ја одбранил со особен успех (највисока описна оценка) и се стекнал со стручен називот *дипломиран инженер архитект*.

Во текот на студиите покажува континуиран висок успех во наставата во областа архитектонско проектирање и дизајн, поради што, во периодот од 2007 до 2011 година, ангажиран е како демонстратор помошник во наставата по неколку предмети при Институтот за архитектонско проектирање, во различни студиски години на Архитектонскиот факултет во Скопје.

Во 2012 година, кандидатот се запишал на постдипломски студии по архитектура и градежно инженерство на Политехничкиот факултет во Милано (Politecnico di Milano), Италија, кои ги завршил во 2014 година со просечен успех 9,55. Магистерската теза под наслов „Архитектонско дело како топографска форма. Тотален Театар во Берлин“ (*Building as a Topographical Form. Total Theatre Berlin*), под менторство на проф. Стефан Витс (Stefan Vieths) ја завршил

со највисока оценка - 110 *cum laude*, и се стекнал со научниот степен *магистер по архитектура и градежно инжинерство*. Магистерската теза истражува нов и иновативен архитектонски пристап кон град палимпсест со намера да воспостави дијалектика помеѓу новата и наследената структура.

Од 2013 до 2016 година работел како помлад соработник на Политехничкиот факултет во Милано со седиште во Пјаченца за повеќе италијански и меѓународни професори (Г. Бертели, К. Де Ласта, К. Хоферт, Л. Вивес), каде што остварил серија на изложби и учествувал на интернационални семинари, конференции и летни школи.

Во 2016 година се запишал на докторски студии на Одделот за архитектура и територија при Универзитетот Медитеранеа во Реџо Калабрија (Departimento Architettura e Territorio, Università Mediterranea di Reggio Calabria). Во април 2020 докторирал со темата „Оперативен атлас на Бруталистичка архитектура во Скопје. Графичка Биографија на 15 Архитектонски Дела“ (*Operative Atlas of Brutalist Skopje_ A graphic biography of 15 architectures*), под менторство на проф. Марина Торнатора и коменторство на проф. Марија Мано Велевска.

Со оглед на неодамнешното завршување на докторските студии, сѐ уште не е издадена комплетна документација од релевантната институција што понатаму е потребно да подлежи на процес за признавање на високообразовната квалификација стекната во странство, па оттаму во овој Извештај кандидатот се именува со академски степен магистер по архитектура.

Од 2016, кандидатот м-р Благоја Бајковски е дел од истражувачката лабараторија *landscape_InProgress*, структура која се занимава со истражување на идни пејзажи, односно места кои биле изложени на силни трауми, погодени од настани и процеси на трансформација.

Во периодот на докторските студии во Реџо Калабрија и истражувачкиот процес во Скопје, бил вклучен во наставата и при Архитектонскиот факултет во Реџо Калабрија, и при Архитектонскиот факултет во Скопје.

Кандидатот активно се служи со англискиот, италијанскиот и грчкиот јазик, за што се поднесени соодветни уверенија.

## 6. Наставно-образовна дејност

Во периодот од неговите додипломски студии до денес, кандидатот е вклучен во процесот на настава, подготовка и одржување на вежби, консултации и работа со студентите со прекини низ годините, на три униветзитети, во две држави.

На Институтот за архитектонско проектирање на Архитектонскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, како демонстратор, учествува во наставата на предметите: Проектирање на објекти за колективно домување (трета година, 2007/2008 година), Проектирање на општествени згради I и II (трета и четврта година, 2008/2009 година), Архитектонско проектирање 1 (прва година, 2009/2010 и 2019/2020 година), Интегративно студио (петта година, 2019/2020 година).

На Архитектонскиот факултет – Пјаченца при Политехничкиот универзитет во Милано, Италија, како тутор, учествува во наставата на предметите: Архитектонско студио I (прва година од втор циклус студии, 2014/2015 и 2015/2016), Архитектонско студио II (втора година од втор циклус студии, 2013/2014, 2014/2015 и 2015/2016) и Архитектонско студио III (втора година од втор циклус студии, 2014/2015).

На Универзитетот Медитеранеа во Реџо Калабрија, Италија, како тутор, учествува во наставата на предметите: Архитектонска композиција II (прв циклус студии, втора година, 2016/2017, 2017/2018, 2018/2019 и 2019/2020).

Покрај учеството во изведувањето на редовната настава, во текот на неговиот наставно-образовен ангажман, кандидатот учествува како тутор во работата на три сесии на интернационалната летна школа OC-Open City, организирана од Архитектонскиот факултет – Пјаченца при Политехничкиот универзитет Милано, како тутор, и тоа: *Feeding the* Landscape во 2015 година, *Landscape in* Motion во 2016 година и *New Next Nature* во 2017 година.

## 7. Научноистражувачка и стручно-уметничка дејност

Кандидатот м-р Благоја Бајковски континуирано учествува во научноистражувачката дејност. Во периодот на додипломските студии, учествува на две сесии на Студентската конференција на ниво на поранешна Југославија, организирани на Архитектонскиот факултет во Белград, Србија (2006 година), односно на Архитектонскиот факултет во Загреб, Хрватска (2007 година). Во 2017 година, со усна презентација, учествувал на Балканското архитектонско биенале во Белград, Србија, а во 2018 година, со постер-презентација на конференцијата *La PROduzione del PROgetto* на Универзитетот Медитеранеа во Реџо Калабрија, Италија.

Учесник е во тековен меѓународен проект во рамки на програмата ERASMUS + ENABLE, *Embedding collaborative platform for upskilling and networking toward sustainable cities* како тутор-координатор на истражувањето *H2O SCAPES#PRILEP* при Универзитетот Медитеранеа во Реџо Калабрија, Италија.

Ментор е на дипломски труд на Ангела Тарабунова со наслов: *Cultural center and observatory, experimenting the landscape*, и на магистерски труд на Калед Кадух (Khaled Kaddouh), со наслов: *Reclaiming the city, Beirut green line,* изработени на Архитектонскиот факултет – Пјаченца при Политехничкиот универзитет Милано, Италија

Кандидатот м-р Благоја Бајковски има објавено неколку трудови, како автор или како дел од авторски тим: автор е на текстот *Seeding the City. Landscape as a process*, во „Feeding (the) Landscape, A New Dynamic Museum for agriculture“ (Maggioli, Santarcangelo di Romagna, стр. 340-346, 2015 година) и текстот *The Incremental City* (заедно со група автори) во „Landscape in Motion“ (Maggioli, Santarcangelo di Romagna, стр. 200-215, 2016 година). Коавтор е на трудот „ПЛЕТ- Обид за надополнување на културниот архипелаг на градот“ во стручно списание за градежништво, архитектура и екологија „Порта3“ бр. 265. Како дел од авторски тим, со проект и текст насловен *Destratification '29'65'12'20*, учествува во каталогот Freeingspace/ Ослободување-на-просторот (МСУ_Музеј на современа уметност - Скопје, стр. 56-67, 2018 година). Коавтор е и на научноистражувачкиот труд „*OPERATIVE ATLAS_devices for the contemporary Balkan City*“ во стручното списание „URBAN DESIGN International“ (2020 година).

Особена активност кандидатот покажува во организирање, обликување и учествување на изложби. Најпрво со студентски проекти, а потоа и со резултати од работилниците и летните школи, учествува во повеќе групни изложби во земјава и надвор.  Како студент на Архитектонскиот факултет во Скопје, кандидатот редовно учествувал на Биеналето на студенти по архитектура – БИСТА, а во 2006 година е добитник на прва награда на БИСТА, за студентскиот проект „Објект на Македонска филхармонија во Скопје“ (заедно со група

студенти). Подоцна, во периодот 2013-2017 година, дел е од кураторски тимови на повеќе изложби организирани во Кампусот Арата, Пјаченца во организација на Политехничкиот универзитет во Милано, Италија, како и една изложба во Реџо Калабрија. Со конкурсниот труд „Плет“ за реобликување на просторот на Мала станица, учествува на Архитектонската изложба БИМАС 2018 во Музеј на Град Скопје, Скопје. Член е на кураторскиот тим на изложбата 99FILES - *Бруталистичка архитектура Скопје* во МСУ - Музеј на современа уметност, Скопје. Како дел од авторски тим, учествува со проект во рамките на националното претставување на 16. Меѓународна архитектонска изложба la Biennale di Venezia 2018, во организација на Музеј на современа уметност - Скопје, со поддршка на Министерството за култура на Република Македонија, под кураторство на вонр. проф. д-р Слободан Велевски и вонр. проф. д-р Марија Мано Велевска.

Како коавтор учествува во националните конкурси: Конкурс за идејно решение на ресторан Езерце и Конкурс за идејно архитектонско реобликување на просторот на Мала Станица во Скопје, за што е добитник на втора награда. На интернационалниот конкурс за Павилјон од бамбус (*Bamboo Pavilion*), во организација на Универзитетот Медитеранеа во Реџо Калабрија, Италија и Универзитетот на Нанџин, Кина, заедно со група автори, добитник е на првата награда за делото *Re-Frame.*

## 8. Стручно-применувачка и дејност од поширок интерес

Кандидатот м-р Благоја Бајковски активно е вклучен во стручно-применувачката работа. Како дел на проектански тим учествува со изработка на идејни и изведбени проекти за станбени згради во Ново Лисиче - Скопје, кула во Торино, како и за новите лаборатории на „ITI Montani“ во Фермо, Италија.

Кандидатот м-р Благоја Бајковски активно учествува и во архитектонски работилници: Работилницата за архитектонско и урбано обликување на културни патеки во Старата скопска чаршија, организирана од Архитектонскиот факултет во Скопје, во соработка со Италијанската амбасада (2008 година); архитектонските работилници Hortus & Campus и OC_Open City: Nature in the city, организирани на Архитектонскиот факултет – Пјаченца при Политехничкиот универзитет во Милано, Италија (2013 година) и работилницата Seismic analysis of bamboo stractures using OpenSees, организирана од Универзитетот на Нанџин, Кина.

## О Б Р А З Е Ц 1
## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** БЛАГОЈА ТРИФУН БАЈКОВСКИ
(име, татково име и презиме)
**Институција:** АРХИТЕКТОНСКИ ФАКУЛТЕТ – СКОПЈЕ
(назив на факултетот/институтот)
**Научна област:** АРХИТЕКТОНСКО ПРОЕКТИРАЊЕ И ДИЗАЈН (20100)

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ**
**за факултети кои имаат студиски програми на интегрирани прв и втор циклус студии**

| **Ред. број** | **ОПШТИ УСЛОВИ** | **Исполнетост на општите услови да/не** |
|---|---|---|
| 1 | Има завршено интегрирани прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити, со остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум)<br>Просечниот успех изнесува: | / |
| 2 | Има завршено додипломски и постдипломски студии по студиските програми пред воведувањето на европскиот кредит-трансфер систем и има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на додипломските и постдипломските академски студии одделно<br>Просечниот успех на додипломски студии изнесува: 9,09<br>Просечниот успех на постдипломски студии изнесува: 9,55 | да |
| 3 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик: англиски (Ц1)<br>2. Назив на документот: Уверение<br>3. Издавач на документот: Универзитет „Св.Кирил и Методиј“, Филолошки факултет „Блаже Конески“- Сопје<br>4. Датум на издавање на документот: 24.11.2020 година<br><br>1. Странски јазик: италијански (Б1)<br>2. Назив на документот: Dichiarazione Delle Competenze In Lingua Italiana<br>3. Издавач на документот: Direzione Didattica del III Circolo PIacenza<br>4. Датум на издавање на документот: 6.6.2014 | да |

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација, Рецензентската комисија заклучи дека пријавениот кандидат Благоја Бајковски ги исполнува и општите услови предвидени во Законот за високото образование и посебните услови за избор согласно со Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Кандидатот покажува висок успех во своите додипломски и постдипломски студии, како и сериозни амбиции за понатамошно усовршување на полето на потесниот интерес. Неговото континуирано надградување зборува за посветеност и фокусираност во работата, предаденост на архитектонската професија и архитектонското образование. Од увидот во доставените материјали, богатото досие, како и личното познавање на кандидатот, Комисијата констатира дека станува збор за висок потенцијал во проучувањето и работата во областа на архитектонското проектирање и дизајнот.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Архитектонскиот факултет во Скопје, да го избере м-р Благоја Бајковски за соработник во соработничко звање - асистент на група предмети: Архитектонско проектирање 1 и Архитектонско студио од областа архитектонско проектирање и дизајн, на Институтот за архитектонско проектирање при Архитектонскиот факултет во Скопје, за време од 3 (три) години.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Вонр. проф. д-р Марија Мано Велевска, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Јасмина Сиљаноска, член, с.р.**
**Вонр. проф. д-р Мери Батакоја, член, с.р.**

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА СОРАБОТНИК ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ - АСИСТЕНТ ПО ГРУПА ПРЕДМЕТИ: АРХИТЕКТОНСКА ФИЗИКА И ИНСТАЛАЦИИ ОД ОБЛАСТА НА АРХИТЕКТОНСКАТА ФИЗИКА (20117) И ИНФРАСТРУКТУРНИТЕ СИСТЕМИ (20107) НА ИНСТИТУТОТ ЗА ВИСОКОГРАДБА ПРИ АРХИТЕКТОНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје/Архитектонски факултет - Скопје, објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Коха“ од 28.11.2020 година, за избор на соработник во соработничко звање - асистент по група предмети: Архитектонска физика и Инсталации од областа на архитектонската физика (20117) и инфраструктурните системи (20107) на Институтот за високоградба при Архитектонскиот факултет, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 08-6/298 од 9.12.2020, донесена на 59. седница одржана на 9.12.2020, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Страхиња Трпевски, вонреден професор на Архитектонскиот факултет, д-р Огнен Марина, редовен професор на Архитектонскиот факултет и д-р Ана Тромбева-Гаврилоска, редовен професор на Архитектонскиот факултет.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На објавениот конкурс за избор на соработник во соработничко звање - асистент по група предмети: Архитектонска физика и Инсталации од областа на архитектонската физика (20117) и инфраструктурните системи (20107) на Институтот за високоградба при Архитектонскиот факултет, во предвидениот рок се пријавија четири кандидати.

### I. ИЗВЕШТАЈ ЗА КАНДИДАТОТ ДАМЈАН МОМИРОВСКИ

#### 10. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатот Дамјан Момировски е роден на 26.7.1984, во Скопје. Во учебната 2002/2003 се запишал на додипломски студии на Архитектонскиот факултет во Скопје. Со високо образование се стекнал на Архитектонскиот факултет во Скопје при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје на додипломски студии, каде што дипломирал во 2009 година, со просечен успех 9,02. На 30.1.2009 година го одбранил дипломскиот труд на тема: Железничка колонија-прототип на станбен блок. Во учебната 2018/2019 се запишал на втор циклус на студиската програма интегрирани петгодишни студии од прв и втор циклус по архитектура. Кандидатот нема доставено доказ за завршен степен магистер.

Кандидатот активно се служи со англискиот јазик, за што има приложено уверение за познавање на англискиот јазик кое одговара на ниво Ц1 според Европската јазична рамка на Советот на Европа (CEFR), издадено од Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Пасивно се служи со германскиот јазик.

Кандидатот Дамјан Момировки, од ноември 2009 до февруари 2010 година, бил ангажиран во PLUS ONE ARCHITECTS. Од мај 2010 до септември 2010 година бил ангажиран во GEMMA ИНЖЕНЕРИНГ, од ноември 2011 до февруари 2012 година, во GRONTMI INGINEERING CONSULTANTS и од 4.12 до денес кандидатот Дамјан Момировски е вработен во Општина Центар.

Комисијата не пристапи кон разгледување и вреднување на научните, стручните, педагошките и други остварувања бидејќи кандидатот не ги исполнува општите услови пропишани со Законот за високото образование.

### II. ИЗВЕШТАЈ ЗА КАНДИДАТКАТА Д-Р ИВА ПЕТРУНОВА

#### 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатката д-р Ива Петрунова е родена на 6.8.1989, во Скопје. Средно образование завршила во Гимназијата „Јосип Броз-Тито“ во Скопје. Со високо образование се стекнала на Архитектонскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на интегрираните петгодишни студии (единствени студии од прв и втор циклус), 2008-2014 година. Магистрирала на тема со наслов „Тактики на трансформации на станбената структура кон нова колективна форма-Линеарно маало,

нова колективна форма за Ново маало-Скопје“, на 12.5.2014 година и се стекнала со звањето *магистер инженер архитект*.

Во текот на студиите кандидатката постигнала просечен успех 8,05.

Кандидатката активно се служи со англиски јазик.

Во учебната 2014/2015 година се запишала на трет циклус (докторски) студии на Филозофскиот факултет при „Универзитетот Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Студиите ги завршила 2019 година, со просечен успех 9,78. На 18.2.2019 година го одбранила докторски труд на тема: „Градот во транзиција – социолошки, социо-просторни и архитектонски промени (примерот на Скопје)“. Со тоа се стекнала со научниот степен *доктор на науки од научната област општествените науки од полето на социологијата*.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од почетокот на кариерата, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот, врз основа на поднесената документација.

**2. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТКАТА ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА**

**<u>Наставно-образовна дејност</u>**

Во периодот по магистрирањето, кандидатката е вклучена во настава на МИТ - Факултет за архитектура во Скопје. Таа учествува на вежби, консултации, работилници во учебите години: 2015/2016; 2016/2017; 2017/2018. Ангажирана е во прв циклус студии на предметите: Јавни објекти 1, 2, 3, 4, Стопански објекти, и втор циклус на предметите: Јавни објекти, Стопански и индустриски, и на предметот Регионално планирање 1.

**<u>Научноистражувачка дејност/Стручно-уметничка дејност</u>**

Научноистражувачката и стручната дејност на кандидатката д-р Ива Петрунова ги опфаќа следниве публикации, учества на конференции, работилници и изложби:

<u>Научни и стручни трудови:</u>

- “Губење на градскиот идентитет”, списание „Лице в лице“, број 033, година 2018, ISSN 1857-8306;
- “Транскултурната традиција на архитектурата во градот Скопје”, зборник во процес на издавање, презентиран на 6th International Conference - “Ohrid-Vodici, 2018”, “Diaspora, transnationalism, transculturalism and inter-cultural communications as new forms of social capital”, Охрид, 17-18.01.2018;
- “Ambient values of vernacular architecture” зборник во процес на издавање;
- „Социјалистичкиот слој на градот Скопје, неговата граѓанска идеологија и моменталните трендови од транзицијата”, презентиран на Меѓународна научна конференција “Новите предизвици на социолошката имагинација” (во чест на Чарлс Рајт Милс), Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Филозофски факултет, Скопје, 25/26.11.2016;
- „Архитектурата и морфологијата на градот како елемент во идентитетот на жителот”, International Journal Scientific Papers, vol 11/2, Bansko, Republic of Bulgaria, 2015;
- “City its architecture and collective memory”, International Journal of Recent Research in Arts and Sciences Volume 4, p. 43-48, ISSN: 1857-8128, МИТ Универзитет - Скопје, 2015;
- “Impact of the social trauma of the city and its architecture” - Sociological Review 2016 p. 101-115, 101 UDK 316.325.063.24:72, Short Scientific Article презентиран на Меѓународна научна конференција со наслов: „Соочување со општествените трауми: предизвик за социолошките истражувања”, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Филозофски факултет – Институт за социологија, Скопје, 23-24.4.2015.

<u>Презентации и работилници:</u>

- ментор на работилница како дел од иницијативата „Редизајнирање на јавни површини во Скопје” на Центарот за иновации на Град Скопје – Скопје Лаб, февр. 2020, Скопје;

- предавач на промоција на публикацијата „Градот во транзиција – од еколошки, социо-просторни, архитектонски промени до одржлив град: Скопје помеѓу теоријата и можностите“, Skopje Urban Living Lab, 13.11.2019, Скопје;
- говорник на The Lions Europa Forum 2018: Skopje: 55 years City of solidarity and Mother Teresa's birthplace на тема: “Скопје – град на солидарност”, Македонска Филхармонија – Скопје, 25.10.2018, Скопје;
- говорник на панел-дискусија: Скопје - урбан град на минатото или иднината?, Цивика Мобилитас, Музеј на град Скопје, 20.6.2018, Скопје;
- предавач на тема: “Од индустриски до постмодерен град: како општествениот контекст го дефинира градот”, Филозофски факултет (Катедра за социологија), УКИМ, 4.12.2017, Скопје;
- ментор на работилница на тема: “Архитектонско обележје кое ми остави впечаток”, Факултетот за архитектура на МИТ-универзитетот во Скопје, август, 2017, Скопје;
- ментор на работилница на тема: „Индивидуалната перцепција на просторот и неговите вредности (вовед во архитектура)“ и „Можностите на архитектурата во секојдневниот живот и визуелните уметности“, Факултетот за Архитектура на МИТ-универзитет - Скопје, 23.4.2016, Скопје.

<u>Конкурси и изложби:</u>

- учество на меѓународен архитектонски конкурс - TACTICAL URBANISM NOW!, 20.12.2020
- учество преку изложба на Фестивал за развој на креативните индустрии СКОПЈЕ КРЕАТИВА 2019- ЗЕЛЕНО СКОПЈЕ – 31.5 – 2.6.2019 – „Духот на старата градска куќа“ – Ива Петрунова, Здружение ГРАДОТ УБАВ Скопје, програма за дизајн, МКЦ, 01.06.2019, Скопје;
- учество на Биенале на македонска архитектура БИМАС2016, Музеј на Град Скопје, 2016, Скопје;
- учество на меѓународен архитектонски конкурс - Baltic Way Memorial – Рига, 2015 Рига, Латвија.

<u>Научноистражувачки проекти:</u>

- соработник во мултидисциплинарен проект од национален интерес во културата за 2020 година „Иднината на Валандово – младите ја равиваат свеста и љубовта кон сопствената култура, наследство, традиција и богатство – СВЕСТА ЗА СВОЕТО ВАЛАНДОВО II“, Институт за европски образовни, социо-културни и економски политики ЕВРОПА ЗА ТЕБЕ Скопје. Мај – декември 2020, Скопје;
- автор на проект од национален интерес за културата од областа на визуелните уметности, архитектурата и дизајнот со наслов „Жива улица“, проект за редефинирање на улицата „Аминта III“ преку асфалтна уметност (Здружение за истражување на градот – ГРАДОТ УБАВ Скопје). Јуни – октомври 2020, Скопје;
- соработник во мултидисциплинарен проект од национален интерес во културата за 2019 година „Иднината на Валандово – младите ја равиваат свеста и љубовта кон сопствената култура, наследство, традиција и богатство – СВЕСТА ЗА СВОЕТО ВАЛАНДОВО“, Институт за европски образовни, социо-културни и економски политики ЕВРОПА ЗА ТЕБЕ Скопје. Април - декември 2019, Скопје.
- автор на проектот „Духот на скопската градска куќа“ (Здружение за истражување на градот – ГРАДОТ УБАВ Скопје), како дел од програма на Скопје Креатива 2019, поддржан од Локомотива- Центар за нови иницијативи во уметноста и културата- Скопје. 2019 Скопје.

**<u>Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес</u>**

Кандидатката Ива Петрунова активно работи и во полето на стручно-апликативната дејност и дејностите од поширок интерес, покажувајќи голем интерес за дополнително усовршување. Кандидатката учествува и на семинари од потесното, но и пошироко поле на интерес, како и активно членување во различни организации.

Таа се има здобиено со овластувања Б од архитектура за: изработка на проектна документација, ревизија на проектна документација, инженер за изведба и надзорен

инженер. Како архитект во „Промонтинг“ ДООЕЛ, Скопје, има изработено бројни проекти или учествувано во изградба на објекти, од потесната и поширoката област на архитектурата и сродните струки, меѓу кои се:

- Реконструкција и адаптација на објект бр. 37 во Касарна Илинден, Скопје. Одговорен раководител, 2020.
- Довршување на започнатa градба ОУ Димитар Македонски, Општина Аеродорм, Скопје. Заменик раководител, 2020.
- Изведба на градежни работи на објект: Градинка Буба Мара, Скопје. Одговорен раководител, 2019.
- Изградба на нов училишен објект во м.в. Љубош, КО Долно Количане, с. Батинци, Општина Студеничани, Скопје. Одговорен раководител, 2018.
- Реконструкција и адаптација на објекти на МВР и Гранична полиција на цела територија на РМ со изведба на градежни, градежнозанаетски, инсталатерски работи. Одговрен раководител, 2018.
- Реконструкција на покрив и санитарни јазли во објект бр. 55 касарна Гоце Делчев – Скопје. Одговорен раководител, 2017.
- Конзервација, реставрација и статичко зајакнување конак на манастирот Св. Никола, с. Љубанци, Скопје. Заменик раководител, 2016.
- Реновирање на салон во Македонската опера и балет, Скопје. Заменик раководител, 2016.
- Адаптација и ентериерно уредување (прва фаза) на ресторан и кујна во новиот дел на поранешниот објект на Комерцијална Банка (палата Асном), Скопје. Помошник раководител, 2015.

(Кандидатката во своето CV има приложено дополнителна листа на проекти и градежни работи.)

Семинари:

- учество на средба за вмрежување на грантисти на Цивика мобилитас. 25-27.11.2019, Охрид;
- учество во меѓународна работилница за програмска регенерација на цел амбиент на град/населба преку учество на стартап заедница и искористување на нови технологии како дел од Меѓународниот проект ROCK (Regeneration and Optimization of Cultural heritage in creative and Knowledge cites) во рамките на Секторот за Меѓународна соработка и поддршка на здруженија на граѓани и фондации на Град Скопје, Skopje Urban Living Lab. 19.11.2019, Скопје;
- учество на работилницата: Skopje Urban Transformation, како дел од меѓународниот проект “Future Cities of South East Europe”, организирана од EIT Climate KIC, SmartUp Social Innovation Lab (coordinator of the city of Skopje Innovation center - Skopje Lab) и Град Скопје, Општина на Град Скопје. 14.11.2019, Скопје;
- учество во ROCK – Roadshow, Skopje Urban Living Lab. 19.09.2019, Скопје;
- учество на TEDxSkopjeSalon настанот на тема „Како дизајнот на градот може да поттикне инклузивна мобилност?“ 18.9.2019, Скопје;
- учество во форум: „Grassroots Action for Green Change". 15-17.09.2019, Тетово;
- учество на семинар “Motivation, innovation and effectiveness in the ELT classroom”, MM Publications. 31.5.2019, Скопје.
- уУчество на TEDxSkopjeSalon настанот на тема „Твојот избор на урбана мобилност: Велосипедизам“. 23.4.2019, Скопје.
- SHARE Skopje International Architecture and Engineering Forum. 19.02.2019, Скопје;
- учество на националниот форум на Цивика мобилитас насловен: „Ние, двигателите на промени!“. 1.12.2018, Скопје;
- учество на четвртата средба за вмрежување на грантисти на Цивика мобилитас. 30.11.2018, Скопје;
- учество на 9th International Cities for Mobility Congress. 17-19.06.2018, Штутгард;
- присуство на тематски форум на Цивика Мобилитас „Една година Влада - осврт

на граѓанските организации“. 31.05.2018, Скопје;
- учество на тематскиот форум на Цивика мобилитас. 26.10.2017, Охрид;
- учество на националниот форум на Цивика мобилитас насловен „Време на предизвици“. 16.11.2016, Струга;
- учество во платформа за демократија при средба за вмрежување на грантисти на Цивика мобилитас. 14 - 15.11.201, Струга;
- Новите градови на Балканот: реконструкција за каква иднина?, Француски институт во Скопје. 17.5.2016, Скопје.

Усовршување и курсеви:
- Потврда за стекнување на 3 ЕКТС кредити за за учество и успешно завршена програма за доживотно учење „Превенција од ризик во урбани средини“, Филозофски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје. 28.6.2019, Сараево;
- Сертификат за учество на семинар “Motivation, innovation and effectiveness in the ELT classroom”, MM Publications, 31.05.2019 , Скопје;
- Обука за графички дизајн со Ратко Мирчевски, YES Business Incubator, 2014, Скопје;
- Сертификат за архитектонско цртање, The Florence Institute of Design International. 2011, Фиренца;
- Курс за дигитална фотографија, Македонски центар за фотографија. 2008, Скопје.

Почести и награди:
- Мал грант за стипендија за создавање и споделување знаење за граѓанското општество преку истражувањето “Градот во транзиција – Социолошки, социо-просторни и архитектонски промени (примерот на Скопје)”, CIVICA Mobilitas. 6.7.2016, Скопје.

## III. ИЗВЕШТАЈ ЗА КАНДИДАТОТ М-Р КИРЕ СТАВРОВ

### 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатот м-р Кире Ставров е роден на 19.4.1993, во Неготино. Во учебната 2011/2012 се запишал на интегрираните петгодишни студии од прв и втор циклус по архитектура на Архитектонскиот факултет во Скопје. Со високо образование се стекнал на Архитектонскиот факултет во Скопје при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје на интегрираните петгодишни студии од прв и втор циклус по архитектура, каде што магистрирал во 2016 година, со просечен успех 8,58. На 26.12.2016 година го одбранил магистерскиот труд на тема: „Енергетска ефикасност на просторни и програмски можности при проектирање објекти од јавна администрација“.

Кандидатот м-р Кире Ставров во периодот од септември 2016 до мај 2017 бил запишан на Аалто универзитетот, школа за уметности, дизајн и архитектура во Еспо, Финска, каде што специјализирал во областа на одржливоста и дрвените конструкции.

Кандидатот активно се служи со англискиот јазик, за што има приложено уверение за познавање на англискиот јазик кое одговара на ниво Б2 според Европската јазична рамка на Советот на Европа (CEFR), издадено од British Council Macedonia. Кандидатката активно се служи и со францускиот јазик, за што има приложено сертификат.

Кандидатот м-р Кире Ставров во периодот од јули 2014 до август 2014 бил ангажиран како надворешен соработник-практикант во ДГ Бетон АД Скопје. Во периодот од мај 2017 до август 2017 работел како архитект практикант во South Mountain Company (SMC), Масачутес, САД. Од јануари 2018 до април 2018 бил ангажиран како архитект проектант во Тимбеко, Талин, Естонија, во периодот од ноември 2018 до септември 2019 работел како архитект конзерватор во Национален конзерваторски центар, Скопје, Македонија. Од октомври 2019 до април 2020 година работел како архитект проектант во локално архитектонско биро во Мелбурн, Австралија.

## 2. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТОТ ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

**Наставно-образовна дејност**

Во текот на студирањето, кандидатот м-р Кире Ставров бил ангажиран како помошник во библиотека при Архитектонскиот факултет. Кандидатот м-р Кире Ставров бил учесник во следните меѓународни летни школи:

- Меѓународна летна школа за дизајн на урбано планирање. Технички универзитет Клуж, Романија Проект за урбана трансформација на централното подрачје на Клуж Напока, 2012;
- Меѓународна летна школа за пејзажна архитектура. Фондација Аркетипос, Бергамо, Италија, 2014;
- Меѓународна летна школа за дизајн од дрво. Технички универзитет, Талин, Естонија Примена на дрвото во проектирање, 2014;
- Меѓународна летна школа за одржлива конзервација на археолошки локалитет Помпеја, Италија, 2018.

Кандидатот м-р Кире Ставров бил учесник во следните курсеви и работилници:

- Меѓународна работилница за конструкции од дрво. Доломити, Италија, Проектирање и конструирање во размер 1:1. 2014;
- Тренинг курс за (nZEB) одржливи објекти. Универзитет св. Кирил и Методиј, Македонија Проектирање и инженерство на nZEB објекти, 2016;
- Меѓународен тренинг курс за заштита на недвижно културно наследство од влијание на климатските промени. Институт за животна средина ИЕГЕ, Скопје, Македонија, 2019.

**Научноистражувачка дејност и стручно-уметничка дејност**

Кандидатот м-р Кире Ставров учествувал самостојно или како дел од тим на следните научноистражувачки проекти:

- Дрвените конструкции во современиот контекст на архитектурата, Министерство за култура, 2017;
- Меѓународен проект за заштита на недвижното културно наследство од влијание на климатски промени. Институт за истражување во животната средина, градежништво и енергетика ИЕГЕ, 2019;
- Примена на вернакуларните принципи на одржливост во современата архитектура, Министерство за култура, 2019.

Во рамки на стручно-уметничката дејност, кандидатот м-р Кире Ставров зел учество на три студентски конкурса, три архитектонски конкурси и бил учесник на три изложби:

- Изложба SKG_2012: ARCHITECTURE AND THE CITY IN SE EUROPE, Macedonian museum of contemporary art- Thessaloniki, Thessaloniki, 2012;
- International student exhibition in urban planning and design, City gallery, Cluj Napoca, 2012;
- Студентски конкурс „Павилијон Баухаус“, Скопје, Македонија, 2014;
- I Maestri del paesaggio- exhibition of international summer school in landscape architecture, Piazza Vecchia and piazza Mascheroni, Bergamo, 2014;
- Меѓународен студентски конкурс „Опсерваторија Монсанто“, Лисабон, Португалија, тимски проект, 2015;
- EACA, студентски конкурс за проектирање на конструкција од дрво. Фредерика, Данска, 2017.
- Архитектонски конкурс за нова библиотека во Велес, Македонија, 2018;
- Архитектонски конкурс за нова базенска зграда во Свети Николе, Македонија, 2020;
- Архитектонски конкурс за нова станбена зграда во Скопје, Македонија, 2020.

Кандидатот м-р Кире Ставров бил автор и соработник на девет идејни архитектонски решенија:

- Идејно решение за пејзажно реобликување на плоштадот Векиа, Бергамо, Италија, 2014;
- Идејно решение и изведба на интервенција во рурална средина, Доломити, Италија, 2014;

- Идејно решение за опсерваторија во Лисабон, Португалија, 2015;
- Идејно решение за ентериер за археолошка и историска поставка. Музеј на Неготино. Македонија, 2016;
- Идејно решение, основен проект и изведбен проект A.Lava. Аалто универзитет, Финска, 2017;
- Идејно решение за покриен пазар. Фредерика, Данска, 2017;
- Идејно решение за нова медијатека, Велес, Македонија, 2018;
- Идејно решение за нов објект - олимписки базен, Свети Николе, Македонија, 2020;
- Идејно решение за нов станбен објект , Скопје, Македонија, 2020.

**Стручно-применувачка дејност и дејност од поширок интерес**

Кандидатот м-р Кире Ставров е вклучен во стручно-применувачката работа на изработка на техничка документација од областа на архитектурата. Како проектант и соработник учествувал во изработка на еден основен проект:

- Основен проект за реконструкција на куќа со историско значење во Масачусетс, САД, 2017;
- Основен проект за центар за посетители во Масачусетс, САД, 2017;
- Основен проект и изведено решение за IGI Kiosk на локално училиште во Масачусетс, САД, 2017;
- Заштитно-конзерваторски основи за третман на недвижното културно наследство за потребите на изработка на урбанистички план за село Лесново, Македонија, 2018;
- Проект одржлива конзервација на архитектурата на некрополата Ночера, Помпеја, Италија, 2018;
- Основен проект за семеен објект Марси. Талин, Естонија, 2018;
- Основен проект за семеен објект Тори. Талин, Естонија, 2018;
- Основен проект за семеен објект Лапси. Талин, Естонија, 2018;
- Основен проект за ресторан во Австралија, 2019;
- Основен проект за продавница во Австралија, 2019;
- Основен проект за конзервација и реставрација на архитектурата и ѕиданиот иконостас на црквата „Св. Никола“, село Шопско Рударе, Македонија, 2019;
- Елаборат за валоризација на археолошкиот локалитет Аударист, Македонија, 2019;
- Заштитно-конзерваторски основи за саат-кула во Кавадарци, Македонија, 2019;
- Основен проект за натстрешница за бензиска пумпа за камиони во Австралија, 2020;
- Основен проект за натстрешница за бензиска пумпа за автомобили во Австралија, 2020;
- Основен проект за конзерваторско-реставраторски работи на црквата „Св. Никола“, село Псача, Македонија, 2020.

## IV. ИЗВЕШТАЈ ЗА КАНДИДАТКАТА М-Р ЕЛЕНА ТОМЕСКА

### 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатката м-р Елена Томеска е родена на 30.3.1993, во Кичево. Средно образование завршила во Кичево во гимназијата ОСУ „Мирко Милески“. Во учебната 2011/2012 се запишала на интегрираните петгодишни студии од прв и втор циклус по архитектура на Архитектонскиот факултет во Скопје. Со високо образование се стекнала на Архитектонскиот факултет во Скопје при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје на интегрираните петгодишни студии од прв и втор циклус по архитектура, каде што магистрирала во 2016 година, со просечен успех 9,11. На 5.10.2016 година го одбранила магистерскиот труд на тема: „Биокултурно јадро во Кичево“.

Кандидатката активно се служи со англискиот јазик, за што има приложено уверение за познавање на англискиот јазик кое одговара на ниво Ц1 според Европската јазична рамка на Советот на Европа (CEFR), издадено на 4.12.2020 година од Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

### 2. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТКАТА ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

**Наставно-образовна дејност**

Во текот на студирањето, кандидатката м-р Елена Томеска покажала интерес кон групата на предмети од областа за која се избира и остварила просечен успех од 9,50.

Кандидатката м-р Елена Томеска од 2016 година работи самостојно, а од февруари, 2017 година до денес работи во „Глиц ДООЕЛ“ - Скопје. Кандидатката од 2020 година е ангажирана и преку онлајн работа од Stiletto Homes-Warilla во Австралија.

**Научноистражувачка дејност и стручно-уметничка дејност**

Кандидатката м-р Елена Томеска била автор или соработник на четири идејни архитектонски решенија и седум решенија за ентериер на објекти:

- Идеен проект за реконструкција на станбена куќа, Кичево, 2020
- Идеен проект за куќа Tiny house on wheels designed for life on the move, 2019
- Идеен проект за станбена куќа во Рабат Мароко, 2020
- Идеен проект за станбена куќа во Јужна Африка, 2019
- Ентериерно решение на стан во Скопје, 2020
- Ентериерно решение на стан во Кичево, 2020
- Ентериерно решение за продавница за обувки Куманово, 2019
- Ентериерно решение на бања Крк, 2019
- Ентериерно решение на стан во Рим Италија, 2019
- Ентериерно уредување на куќа во Флорида, 2019
- Ентериерно уредување за театарска сцена, 2019.

**Стручно-применувачка дејност и дејност од поширок интерес**

Кандидатката м-р Елена Томеска е вклучена во стручно-применувачката работа на изработка на техничка документација од обласtа на архитектурата. Како соработник архитект учествувала во изработка на еден основен проект за објекти од Б-категорија.

- Основен проект за станбен објект на ул. Петар Ацев бр.16, Кисела Вода, Скопје, БАБ Консалтинг, 2020.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката, стручно уметничката и стручно-применувачката дејност на кандидатите. Комисијата констатира дека кандидатот Дамјан Момировски, дипломиран инженер архитект, не ги исполнува општите услови пропишани со Законот за високото образование; кандидатката д-р Ива Петрунова својата специјалност и своето понатамошно професионално усовршување го насочила во област која е различна со областа на распишаниот конкурс.

Комисијата констатира дека кандидатите м-р Кире Ставров и м-р Елена Томеска во целост ги исполнуваат условите од конкурсот. Од поднесената документација на двајцата кандидати, Комисијата констатираше дека кандидатот м-р Кире Ставров својата специјалност и своето професионално усовршување го има насочено во област на распишаниот конкурс, усовршувајќи се во доменот на архитектонската физика и енергетската ефикасност на конструкциите.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатите, Комисијата заклучи дека м-р Кире Ставров поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува општите и посебните услови да биде избрана во звањето асистент по група предмети: Архитектонска физика и Инсталации од областа на архитектонската физика (20117) и инфраструктурните системи (20107) на Институтот за високоградба при Архитектонскиот факултет.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Архитектонскиот факултет во Скопје, м-р Кире Ставров да биде избран во звањето асистент по група предмети: Архитектонска физика и Инсталации од областа на архитектонската физика (20117) и инфраструктурнте системи (20107) на Институтот за високоградба при Архитектонскиот факултет.

**Членови на Комисијата**

**Вонр проф. д-р Страхиња Трпевски, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Огнен Марина, член, с.р.**
**Проф. д-р Ана Тромбева-Гаврилоска, член, с.р.**

# ОБРАЗЕЦ 1
## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидатка:** **Дамјан Милан Момировски**
**Институција:** **Архитектонски факултет**
**Научна област:** **архитектонски конструкции (20112)**

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Има завршено интегрирани прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити, со остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум)<br><br>Просечниот успех изнесува: | не |
| 2 | Има завршено додипломски и постдипломски студии по студиските програми пред воведувањето на европскиот кредит-трансфер систем и има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на додипломските и постдипломските академски студии одделно<br>Просечниот успех на додипломски студии изнесува: 9,02 _____<br><br>Просечниот успех на постдипломски студии изнесува: __________ | не |
| 3 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик: англиски јазик<br>2. Назив на документот: уверение, ниво Ц1 според CEFR<br>3. Издавач на документот: УКИМ, Филолошки факултет „Блаже Конески“ - Скопје<br>4. Датум на издавање на документот: 1.12.2020 | да |

**Членови на Комисијата**

**Вонр проф. д-р Страхиња Трпевски, претседател, с..р**
**Проф. д-р Огнен Марина, член, с.р.**
**Проф. д-р Ана Тромбева-Гаврилоска, член, с.р.**

# ОБРАЗЕЦ 1

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидатка:** **Ива Чедомир Петрунова**
**Институција:** **Архитектонски факултет**
**Научна област:** **архитектонски конструкции (20112)**

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Има завршено интегрирани прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити, со остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум)<br><br>Просечниот успех изнесува: 8,05 | да |
| 2 | Има завршено додипломски и постдипломски студии по студиските програми пред воведувањето на европскиот кредит-трансфер систем и има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на додипломските и постдипломските академски студии одделно<br>Просечниот успех на додипломски студии изнесува: _____<br><br>Просечниот успех на постдипломски студии изнесува: __________ | |
| 3 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик: англиски јазик<br>2. Назив на документот: уверение, ниво B2 според CEFR<br>3. Издавач на документот: Level 1 Certificate in English (ESOL) (Council of Europe Level B2)<br>4. Датум на издавање на документот: 8.7.2006 | да |

**Членови на Комисијата**

**Вонр проф. д-р Страхиња Трпевски, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Огнен Марина, член, с.р.**
**Проф. д-р Ана Тромбева-Гаврилоска, член, с.р.**

# ОБРАЗЕЦ 1
## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидатка:** **Кире Тасе Ставров**
**Институција:** **Архитектонски факултет**
**Научна област:** **архитектонски конструкции (20112)**

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ**

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Има завршено интегрирани прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити, со остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум)<br><br>Просечниот успех изнесува: 8,58 | да |
| 2 | Има завршено додипломски и постдипломски студии по студиските програми пред воведувањето на европскиот кредит-трансфер систем и има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на додипломските и постдипломските академски студии одделно<br>Просечниот успех на додипломски студии изнесува: _____<br><br>Просечниот успех на постдипломски студии изнесува: __________ | |
| 3 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик: англиски јазик<br>2. Назив на документот: уверение, ниво B2 според CEFR<br>3. Издавач на документот: British Counsil Macedonia<br>4. Датум на издавање на документот: 4.4.2019 | да |

**Членови на Комисијата**

**Вонр проф. д-р Страхиња Трпевски, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Огнен Марина, член, с.р.**
**Проф. д-р Ана Тромбева-Гаврилоска, член, с.р.**

# ОБРАЗЕЦ 1
## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидатка:** **Елена Кочо Томеска**
**Институција:** **Архитектонски факултет**
**Научна област:** **архитектонски конструкции (20112)**

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ**

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Има завршено интегрирани прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити, со остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум)<br><br>Просечниот успех изнесува: 9,11 | да |
| 2 | Има завршено додипломски и постдипломски студии по студиските програми пред воведувањето на европскиот кредит-трансфер систем и има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на додипломските и постдипломските академски студии одделно<br>Просечниот успех на додипломски студии изнесува: _____<br><br>Просечниот успех на постдипломски студии изнесува: __________ | |
| 3 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик: англиски јазик<br>2. Назив на документот: уверение, ниво B2 според CEFR<br>3. Издавач на документот: УКИМ, Филолошки факултет „Блаже Конески“ - Скопје<br>4. Датум на издавање на документот: 4.12.2020 | да |

**Членови на Комисијата**

**Вонр проф. д-р Страхиња Трпевски, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Огнен Марина, член, с.р.**
**Проф. д-р Ана Тромбева-Гаврилоска, член, с.р.**

# Р Е Ф Е Р А Т
## ЗА ИЗБОР НА СОРАБОТНИК ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ ПО ГРУПАТА ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТА НА ЛИКОВНАТА УМЕТНОСТ 60712: ЛИКОВНО ИЗРАЗУВАЊЕ И ПЛАСТИЧНО ОБЛИКУВАЊЕ НА ИНСТИТУТОТ ЗА ЗАШТИТА НА ГРАДИТЕЛСКО НАСЛЕДСТВО, ИСТОРИЈА НА АРХИТЕКТУРАТА И УМЕТНОСТ ПРИ АРХИТЕКТОНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Архитектонски факултет - Скопје, објавен на 28-29 ноември 2020 год., во весниците „Нова Македонија“ и „Коха“ за избор на соработник во соработничко звање - асистент на група предмети од областа на ликовната уметност – 60712 на Институтот за заштита на градителско наследство, историја на архитектурата и уметност – Ликовно изразување и Пластично обликување при Архитектонскиот факултет во Скопје, при УКИМ за време од 3 (три) години и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 08-6/304, донесена на продолжението на 59. седница на 10.12.2020 година, формирана е Рецензентска комисија во состав од: м-р Елизабета Аврамовска, редовен професор на Архитектонскиот факултет во Скопје при УКИМ, претседател, д-р Славица Јанешлиева-Бачварска, редовен професор на Факултетот за ликовни уметности во Скопје при УКИМ, член и д-р Димитар Папастеревски, вонреден професор на Архитектонскиот факултет во Скопје при УКИМ, член.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на асистент на група предмети од областа на ликовната уметност – 60712: Ликовно изразување и Пластично обликување на Институтот за заштита на градителско наследство, историја на архитектурата и уметност при Архитектонскиот факултет во Скопје, во предвидениот рок се пријавија две кандидатки: д-р Татјана Миљовска, дипломиран сликар со конзервација и реставрација и м-р Марина Убавкова, дипломиран сликар со конзервација и реставрација и м-р инженер архитект.

### 1. Д-Р ТАТЈАНА МИЉОВСКА
#### БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатката д-р Татјана Миљовска е родена на 3 ноември 1966 година во Битола. Средното образование го завршила во гимназијата „Јосип Броз-Тито“ во Скопје. На додипломските студии на Факултетот за ликовни уметности при УКИМ - Скопје се запишала во септември 1987 година, во класата на проф. Симон Шемов, а ги завршила во март 1992 година со просечен успех 8,64. Дипломската работа ја одбранила со оценка 10 и се стекнала со стручен назив Дипломиран сликар со конзервација и реставрација.

Во 2009 година, кандидатката се запишала на постипломски студии на Факултетот за ликовни уметности, при универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на отсекот сликарство и ги завршила со просечна оценка 10. Магстерскиот труд на тема „Возвишена Убавина“ го одбрани на 11.4.2011, со оценка 10 и се стекнала со правото на научен степен – магистер на ликовните уметности од областа на сликарството.

Во октомври 2016 година се запишала на Школата за докторки студии (програма: Културолошки студии) на Институтот за македонска литература, УКИМ-Скопје. Кандидатката ги извршила сите обврски по студиската програма со просечна

оценка 10, со 180 ЕКТС-кредити. На 10.11.2020 година ја одбранила докторската дисертација со наслов „Ревитализација на духовното во апстрактното сликарство“ при што се стекнала со право на научен назив – доктор по културолошки студии.

Кандидатката активно се служи со англискиот јазик, за што има поднесено уверение издадено од Филолошкиот факултет „Блаже Коневски“ при УКИМ - Скопје.

**Работно искуство**

Од 1994 до 1995 година била вработува во Републичкиот завод за заштита на спомениците на културата на Македонија, како конзерватор на масалено сликарство. Исто така работела на конзервација на икони во црквата Св. Ѓорѓи во Струга. Од 1995 – 2008 година кандидатката била вработена во компанијата „Маттис“. „Маттис“ имала сопствено призводство на овчо крзно (преработка на овчо крзно во крзнарата во Делчево) како и конфекција за изработка на производи од крзно, маркетинг и продажба на истите. Кандидатката била на работна функција: директорка за развој, дизајнерка, финансиска директорка и управителка. Дизајнирала производи за домот од природно крзно, а своите колекции ги изложувала на меѓународни саеми.

Во периодот од јули 2012 до денес се занимава со општествен ангажман и активизам, на тој начин што пишува и објавува текстови. Досега има објавено околу 150 текстови во електронски медиуми или во медиуми во печатена форма, со теми од областа на уметноста, екологијата, естетиката, духовноста и критиката на актуелните политички случувања во Македонија и со општи теми од областа на културата, и тоа: во неделникот *Граѓански* и *Глобус*, електронските медиуми *Окно*, *Либертас* и дневникот *Слободен печат*, како и во други електронски медиуми кои преземаат многу од овие текстовите.

Во моментот учествува во изведувањето на практичната настава на Архитектонскиот факултет во Скопје како стручњак од практиката по предметите Пластично обликување и Ликовно изразување.

## ДЕЈНОСТ ВО ОБЛАСТА НА ЛИКОВНАТА УМЕТНОСТ

### Самостојни изложби:

1987 – Изложба на цртежи, приватна „Галерија 7“, Скопје;
1990 – Изложба на цртежи, Изложбен салон на ФЛУ во Сули Ан, Скопје;
1996 – „Кула на Мостот“ - изложба на слики и цртежи, НУ Национална галерија на Македонија „Даут–пашин амам“, Скопје;
1998 – “Патешествие“- изложба на слики и цртежи, Редакција на „Форум“, Скопје;
2003 - „Внатрешно Сонце“ - слики и цртежи, НУ МСУ (Музеј на современа уметност), Скопје;
2008 – „Тишина“ - слики и цртежи; Културен центар „Точка“, Скопје.
2009 – „Езеро Мое“ - изложби на слики и цртежи, Културен центар „Магаза“ НУЗиМ, Битола; Дом на културата „Драги Тозија“ (Сарај), Ресен; „Куќата на Робевци“ НУЗиМ, Охрид.
2011 – „Возвишена Убавина“ - слики, цртежи и ready-nature-made скулптури, НУ Музеј на Град Скопје, Скопје.

### Групни изложби

1986 – „Ла Вилет“ Саем на школи по архитектура, Цртеж како дел од поставката на Архитектонскиот факултет од Скопје, Париз.
1986 - Мултимедијален хепенинг со групата „Зеро“ , инсталации мултимедијален хепенинг “Изложба во изложба“, НУ Музеј на современа уметност, Скопје

1986 - Мурал со „Зеро“, Холот на Дом на млади „25 Мај“, Скопје
1987 - Сликање во јавност со „Зеро“, мурал, Дом на младите, Штип
1989 - Изложба на млади сликари, Изложбен салон Дом на ЈНА, Скопје
1990 - Изложба „Зеро“, НУ Музеј на Македонија, Скопје
1990 - Изложба „Група Зеро од Македонија“, Osteuropaisches Kulturzentrum e/v. Elsa Brandstrom Strabe 6, Köln
1990 - Амбиент „Соба за медитација“, НУ МСУ (со класата на проф. Симон Шемов, Факултет за ликовни уметности)
1991 - Перформанс со групата „Зеро“, Сули-ан (ФЛУ), Скопје
1992 - Сликање во јавност со „Зеро“, Мурал на куќичката на Здружението на Зелените (веќе не постои), Градски парк, Скопје
1992 - Сликање во јавност со групата „Зеро“, мурал во центарот на Скопје (веќе не постои)
2000 - Биенале на млади, НУ Музеј на современа уметност, Скопје
2007 - Super(h)EROS, НУ Национална галерија на Македонија Мала станица, Скопје
2009 - „Од 0 до ∞“, Ретроспективна изложба на групата „Зеро“ во НУ Национална галерија на Македонија Мала Станица, Скопје
2016 - „La petite mort“, групна изложба во НУ Музеј на град Скопје, Скопје

**Објавени ликовни дела**

1998 - 2005 објавени дела на Татјана Миљовска во календар за компанијата „Маттис“, графички дизајн на Владо Боројевиќ, фотографии на Румен Ќамилов.
2004 – 2006 објавени се нејзини дела во саемски каталози: Mattis, Magical world for children, Nature's way of keeping you warm! Mattis Lifestyle: Natural and warm!
2011 - Возвишена убавина, каталог за самостојната изложба на Татјана Миљовска.

## ОБЈАВЕНИ НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКИ ТРУДОВИ ВО СТРУЧНИ СПИСАНИЈА

**Печатени:**

1. Татјана Миљовска „Сонот на Утопијата – надеж, бегство од реалноста или реализација на исконскиот стремеж“, објавен во Контекст 15 , Списание за компаративна книжевсност и културолошко истражување, ИМЛ- Скопје, 2017;
2. Татјана Миљовска „Духовниот витализам во кругот на животот (За филмската трилогија Кружно движење)“, објавен во Контекст 17, Списание за компаративна книжевсност и културолошко истражување, ИМЛ- Скопје, 2018;
3. Татјана Миљовска „Креативните принципи на Кандински и Малевич и соочување со консумеризмот“, објавен во Култура на распродажба: Консумеризмот и комерцијализација на културните продукти (Зборник на трудови од меѓународен научен собир во ИМЛ на 28-29 ноември 2018), ИМЛ- Скопје, 2019.

**Електронски:**

Tatjana Miljovska, "The Divine Mother and the qualities for entrance into higher status: Wisdom, Strenght, Harmony, Perfection", Philological Studies Vol.16 /N1 (2018) https://journals.ukim.mk/index.php/philologicalstudies/article/view/312

## УЧЕСТВО НА МЕЃУНАРАДНИ КОНФЕРЕНЦИИ

2018 - Меѓународен научен собир во Институтот за македонска литература, Скопје - „Култура на распродажба: Консумеризмот и комерцијализација на културните продукти“, 28-29 ноември 2018.

## ТЕКСТОВИ ОБЈАВЕНИ ВО ПЕЧАТЕНИ И ЕЛЕКТРОНСКИ МЕДИУМИ

Во периодот од јули 2012 до денес има објавено оклу 150 текстови во електронски медиуми или во медиуми во печатена форма, со теми од областа на уметноста, екологијата, естетиката, духовноста и критиката на актуелните политички случувања во Македонија и со општи теми од областа на културата во неделникот *Граѓански* и *Глобус*, електронските медиуми *Окно*, *Либертас* и дневникот *Слободен печат*, како и во други електронски медиуми кои ги преземаа некои од текстовите.

Селекција од 150 објавени текстови:

1. Татјана Миљовска, „Преспа – местото кадешто ќе го најдете својот мир“, 19.10.2020, <https://okno.mk/node/86677> ; 18.10.2020, <https://www.slobodenpecat.mk/prespa-mestoto-kadeshto-ke-go-najdete-svojot-mir>
2. Татјана Миљовска, Ревитализација на духовното во апстрактното сликарство, 12.06.2020, <https://okno.mk/node/84916 >
3. Татјана Миљовска, „Еколошко просветлување“, 2.6.2020, < https://okno.mk/node/84737>
4. Татјана Миљовска, „Креативните принципи на Кандински и Малевич и во соочување со консумеризмот (1 и 2)“, 27/30.11.2019, <https://okno.mk/node/81710>
5. Татјана Миљовска, „Каква транзиција се случува?“, 18.03. 2019, <https://okno.mk/node/77303>; *Слободен печат* бр. 1618, 22.3.2019
6. Татјана Миљовска, „За парите и за уметноста“, 22.02.2019, <https://okno.mk/node/76874
7. Татјана Миљовска, „Во отвореноста и проточноста кон универзумот“, 07.02.2019, <https://okno.mk/node/76569>
8. Татјана Миљовска, „Сонот на утопијата – надеж, бегство од реалноста или реализација на исконскиот стремеж? (1 и 2)“, 22/23.1.2019, <https://okno.mk/node/76275>
9. Татјана Миљовска, „Божествената Мајка и квалитетите за влез во повисок статус: Мудрост, Сила, Хармонија, Перфекција (1,2 и 3)“, 30.10 и 2/3.11.2018, <https://okno.mk/node/74635>
10. Татјана Миљовска, „Сите наши ѓаволи, златни телиња и зачепени суштества“, 28.01.2017, <https://okno.mk/node/61670>; *Слободен печат* бр. 979, 31.1.2017
11. Татјана Миљовска, „Одговорност - доблеста која треба да ја спознаеме“, 23.01.2017, <https://okno.mk/node/61525>; *Слободен печат* бр. 974, 25.1.2017
12. Татјана Миљовска, „И мене ми се слоши!“, 24.09.2016, <https://okno.mk/node/58797>; *Слободен печат* бр. 878, 28.9.2016
13. Татјана Миљовска, *„Мала смрт (La Petite Mort)“*, 17.9.2016, <https://okno.mk/node/58667>
14. Татјана Миљовска, „Будење“, 18.6.2016, <https://okno.mk/node/56670>; *Слободен печат* бр.795, 20.6.2016
15. Татјана Миљовска, „Заблуда во перцепцијата“, 26.2.2016, <https://okno.mk/node/53814>; *Слободен печат* бр. 703, 29.2.2016
16. Татјана Миљовска, „Хаос и Ред“, 27.01.2016, <https://okno.mk/node/53063>
17. Татјана Миљовска, „Апстрактен експресионизам“, 4.11.2015, <https://okno.mk/node/51119>
18. Татјана Миљовска, „Малевич + Мондријан“, 4.11.2015, <https://okno.mk/node/50848>
19. Татјана Миљовска, „Жан Ханс Арп: во Срцето на духовниот мистицизам“, 15.10.2015, <https://okno.mk/node/50848>
20. Татјана Миљовска, „Синиот јавач“, 22.9.2015, <https://okno.mk/node/50138>
21. Татјана Миљовска, „Духовното и апстракцијата“, 03.09.2015, <https://okno.mk/node/49682>
22. Татјана Миљовска, „Од Сон- колаж“, 14.3.2015, <https://okno.mk/node/45400>

23. Татјана Миљовска, „Преку алтернативни методи, истражувања и настави до поквалитетно образование“, 17.02.2015, <https://okno.mk/node/44680>
24. Татјана Миљовска, „Структура, поезија и хаику“, 1.12.2014, <https://okno.mk/node/42732>
25. Татјана Миљовска, “Портокалово и жолто“, 28.10.2014, <https://okno.mk/node/41890>
26. Татјана Миљовска, За филозофското отчепување“, 6.9.2014, <https://okno.mk/node/40634>
27. Татјана Миљовска, „Црниот квадрат на Малевич“, 13.8.2014, <https://okno.mk/node/40018>
28. Татјана Миљовска, „Македонската скулптура и проектот СК 2014“, *Глобус (неделен весник)*, 15.09.2012; 12.09.2012, <https://okno.mk/node/21989>
29. Татјана Миљовска, „Крајот на постмодернизмот“, *Глобус* бр. 310, 2.4.2013
30. Татјана Миљовска, „Zero point field!“, *Глобус* бр.296, 25.12.2012

## ИНТЕРВЈУА

2010- Катерина Богоева, „`Зеро` е приказната од моето детство“, по повод ретроспективната изложба на групата „Зеро“ во Националната галерија на Македонија „Мала Станица“, *Утрински Весник* бр. 3214, 20-21.02.2010
2009 – Катерина Богоева, Интервју со Татајана Миљовска, „Преспа е прекрасна зен-градина“, по повод изложбата „Езеро Мое“, *Утрински Весник* бр.3043, 23.07.2009
2003 – Зоран Ричлиев, Интервју со Татјана Миљовска „Топлината на внатрешното сонце“, *Утрински Весник*, 22-23.02.2003
1996 – Софија Ѓуровска, Интервју со Татјна Миљовска „Култ кон сегашниот момент“, по повод „Мајска изложба на млади“ во Националната галерија “Даут –пашин амам“, *Нова Македонија*, 04.06.1996

## ДЕЈНОСТ ОД ОБЛАСТА НА ДИЗАЈНОТ

Од 1995 – 2008 Татјана Миљовска се бави со дизајн на производи од кожа и природно крзно. Била вработена во компанијата „Маттис“ како директорка за развој, дизајнерка на производи од природно крзно и кожа, финансиска директорка и управител. Автор е на повеќе колекции на производи за домот од природно крзно: „Детска градина“, „Градина“, „Ретро“, „Натур“ и др.
Во периодот од 2006 до 2008 се занимавала со моден дизајн, дизајнирала прототипови за чизми за компанијата „МОУ“, Англија.
Во 2012 изработувала колекција на лампи со свеќи и електрични лампи за TM Design.

## УЧЕСТВО НА МЕЃУНАРОДНИ И ДОМАШНИ САЕМИ

Од 2004 до 2006 учествувала на повеќе меѓународни саеми со свои дизајнерски производи како: „Ambiente”, Frankfurt am Main, „Tendence”, Frankfurt am Main, „Haimtextil“, Frankfurt am Main, „Божиќен саем во Чифте-амам“, Скопје, „Sources”, New York City,

## НАГРАДИ И ПРИЗНАНИЈА

2004 – Втора награда за најдобар производ во текстилната индустрија во Македонија, во категоријата текстил за домаќинството (за детската колекција „Цветна градина“
2005 - Признание за најдобар штанд на Божиќниот саем во Скопје

# ОБРАЗЕЦ 1

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** Татјана Миљовска

**Институција:** Архитектонски факултет – Скопје,
Институт за заштита на градителско наследство, историја на архитектурата и уметност

**Научна област:** ликовна уметност - 60712

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ

**За факултети кои имаат студиски програми на интегрирани прв и втор циклус студии**

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Има завршено интегрирани прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити, со остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум)<br><br>Просечниот успех изнесува: __________ | / |
| 2 | Има завршено додипломски и постдипломски студии по студиските програми пред воведувањето на европскиот кредит-трансфер систем и има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на додипломските и постдипломските академски студии одделно<br><br>Просечниот успех на додипломски студии изнесува: 8,64<br>Оценка од дипломската работа: 10<br>_____<br><br>Просечниот успех на постдипломски студии изнесува: 10<br>или 90 ЕКТС | Да<br><br>Да |
| 3 | Има завршено докторски студии<br><br>Просечна оценка од докторските студии изнесува: 10<br>_______<br>или 180 ЕКТС | да |
| 4 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br><br>1. Странски јазик: англиски<br>2. Назив на документот: уверение<br>3. Издавач на документот: Универзитет „Св.Кирил и Методиј“, Филолошки факултет „Блаже Конески“<br>_____<br>4. Датум на издавање на документот: 16.6.2016 | да |

## 2. М-Р МАРИНА УБАВКОВА

**БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ**

Марина Убавкова е родена на 22.9.1987 година во Кавадарци. Средно училиште завршува во Кавадарци во гимназија „Добри Даскалов“.

Во 2014 г. дипломира на Архитектонскиот факултет во Скопје.

Во 2018 г. дипломира на Факултетот за ликовни уметности во Скопје, отсек Сликарство со конзервација и реставрација во класата на проф.м-р. Жанета Вангели и се стекнала со стручен назив Дипломиран сликар со конзервација и реставрација (BFA - Bachelor of Fine Arts) од студиската програма со просечна оценка 9,76 со 264 ЕКТС кредити.

Во 2020 г. магистрирала на Архитектонскиот факултет, Скопје и се стекнала со звање магистер инженер архитект (Master of Architecture) со вкупен просек од двете студиски програми 7,78 и вкупен број на кредити 304.

За време на студиите на ФЛУ е стипендист на УКИМ, Фондација „Атанас Близнакоф“. Активно се бави со архитектура и сликарство, фрескосликарство, иконопис, голем број на уметнички дела се наоѓаат во државата и во странство.

**РАБОТНО ИСКУСТВО:**

Од 2016 работи во американска градежна корпорација GL Group Inc. New Jersey.
Во учебна година 2017/2018 г. е демонстратор по предметот Пластично обликување кај проф. м-р Наташа Милованчев.
Во учебна година 2018/2019 г. е демонстратор по предметот Ликовно изразување кај проф. м-р Наташа Милованчев.
Во учебна година 2019/2020 г. е демонстратор по предметот Пластично обликување кај проф. м-р Наташа Милованчев.
Во учебна година 2020/2021 г. Е стручњак од пракса по предметот Ликовно изразување кај проф. м-р Наташа Милованчев.
2018 г. „Де Стијл: Структури во простор“- изложба на студентите од Архитектонскиот факултет на фестивалот „Скопје креатива 2018“е соработник ментор.
2018 г. 101 година „Де Стијл“– Коридор на АФС.

**ДЕЈНОСТ ВО ОБЛАСТА НА ЛИКОВНАТА УМЕТНОСТ**

**САМОСТОЈНИ ИЗЛОЖБИ:**

2020 г. „Портрет и личност“, Младински културен центар, Скопје.

**ГРУПНИ ИЗЛОЖБИ:**

2009 г. „Слики на женската душа“- Културно-информативен центар, Скопје, Р.С. Македонија;
2010г. „Bakehouse Art Complex“- Miami, USA.
2013 г. „За деца Центар Дуга“-Кулен Вакуф, Босна и Херцеговина;
2015 г. „Вевчански видувања“- Вевчани, РС Македонија;
2015 г. „Ристо соколов-Сокол“- Кавадарци, РС Македонија;
2015 г. „Михајлово“- Кавадарци, РС Македонија;
2016 г. „Михајлово“- Кавадарци, РС Македонија;
2017 г. „Михајлово“- Кавадарци, РС Македонија;
2018 г. „Млади уметници“- Мала станица, Скопје, РС Македонија;
2019 г. „Учителот и неговите ученици“– Младински културен центар, Скопје, РС Македонија;
2019 г. „ДЛУК“– Дом на култура Иван Мазов, Кавадарци, РС Македонија;
2019 г. „In Situ Art Fair“- Меѓународен саем за уметност, Младински културен центар, Скопје, РС Македонија.
2020 г. „Михајлово“- Кавадарци, РС Македонија;
2019г. „Музички медитации со Дино Имери“- инспирирани од изложбата „Учителот и неговите ученици“- Младински културен центар, Скопје, РС Македонија.
2007 г. изработила 21 икона за Иконостас во манастирот „Св.Никола“- Моклиште , Ваташа

2013 г. Била соработник во осликувањето на фреските во Параклисот „Св.Никола“ - Бигорски манастир.
2014 г. Соработник во осликувањето на фреските во црквата „св.Петка“-Кавадарци.
2014 г. Осликувањена фреска во црквата „св.Никола“- с. Манастирец, Кавадарци.
2014 г. Соработник во осликувањето на фреските во црквата „Св.Јован“-Бутел, Скопје.

**АКТИВНОСТИ И УЧЕСТВО ВО ПРОЕКТИ:**

2006 г. Активист и капитен на група на млади на Црвен Крст, Кавадарци, Р.С. Македонија;
2009 г. „Terri(tory) Stories“ – Летна школа за архитектура, Крива Паланка, Р.С. Македонија.
2009 г. Член на IAESTE (невладина студентска организација), Скопје, Р.С. Македонија;
2015 г. Член на Креактив (невладина организација);
2015-2018 г. Неформална едукација - Креактив, Кавадарци, Р.С. Македонија;
2015-2017 г. Член во Совет на млади при Општина Кавадарци, Р.С. Македонија.;
2016 г. Учество во проект „Kaleidoskop of cultures“- Tiszaladany, Hungary,;
2015 г. Учество во проект „ Una chanse per tuti 2“- Алтамура, Италија,;
2015 г. Учество во проект „ Art and culture“- Барселона, Шпанија;
Учество во проект „Study visit of Hague“ - Хаг, Холандија,2017 г.;
2015 г. Кавадарци Трки;
2015 г. Координатор за уметнички дел на Тиквешки гроздобер, Кавадарци, РС Македонија.;
2015 г. Кампања: „Стоп за насилство“ (петиција за отварање на шелтер центар за жртви од семејно насилство), Креактив, Кавадарци, РС Македонија.;
2016 г. Координатор за уметнички дел на Тиквешки гроздобер, Кавадарци, РС Македонија;
2016 г. Организација на Еко кампања во Кавадарци - Креактив, Кавадарци, РС Македонија;
2016 г. Ден на волонтерство – Креактив, Кавадарци, РС Македонија.

**ЈАЗИЧНИ СПОСОБНОСТИ:**

Зборува македонски, англиски, француски, италијански, српски и бугарски.

**ОРГАНИЗАЦИСКИ СПОСОБНОСТИ:**

Способност за комуникација и работа во тим, снаодливост, одговорност, чесност, прилагодување, решителност, амбициозност. Способност за организирање и иницирање на најразлични културни манифестации вклучувајќи и фестивали, ликовни перформанси.

**ТЕХНИЧКИ СПОСОБНОСТИ И ВЕШТИНИ:**

Работа со компјутер, познавање на Microsoft Word, Exel, AutoCad, ArchiCad, Adobe Photoshop, Adobe Ilustrator, CorelDRAW, Plan Swift, користење на интернет, познавање на разни сликарски техники.

# ОБРАЗЕЦ 1
# ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** Марина Убавкова

**Институција:** Архитектонски факултет – Скопје,
Институт за заштита на градителско наследство, историја на архитектурата и уметност

**Научна област:** ликовна уметност - 60712

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ
## За факултети кои имаат студиски програми на интегрирани прв и втор циклус студии

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Има завршено интегрирани прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити, со остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум)<br><br>Просечниот успех изнесува: | / |
| 2 | Има завршено додипломски и постдипломски студии по студиските програми пред воведувањето на европскиот кредит-трансфер систем и има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на додипломските и постдипломските академски студии одделно<br><br>Просечниот успех на додипломски студии изнесува: 9,76<br>Или 264 ЕКТС<br><br>Просечниот успех на постдипломски студии изнесува: 0 | да<br><br>не |
| 3 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик: англиски<br>2. Назив на документот: сертификат<br>3. Издавач на документот: ЕСП–Развој и унапредување на човечки ресурси<br>4. Датум на издавање на документот: 10.7.2020<br><br>1. Странски јазик: италијански<br>2. Назив на документот: диплома<br>3. Издавач на документот: St. George's School<br>4. Датум на издавање на документот: јануари 2006 | Да<br><br>да |

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната доставена документација, Рецензентската комисија заклучи дека кандидатката д-р Татјана Миљовска ги исполнува општите услови предвидени со Законот за високто образование и посебните услови за избор согласно со Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Кандидатката Татјана Миљовска покажува висок успех во своите додипломски, постдипломски и докторски студии, како и сериозни амбиции за понатамошно продлабочено усовршување и унапредување на полето на потесниот интерес.

Од увидот во доставената документација, Комисијата констатира дека кандидатката Марина Убавкова нема соодветно образование од научната област ликовна уметност – 60712 со стекнат стручен назив – дипломиран сликар со конзервација и реставрација (BFA - Bachelor of Fine Arts).

**НАПОМЕНА:** Стручниот назив магистар (м-р) на кандидатката Марина Убавкова е стекнат во научната област архитектонско проектирање и дизајн - 20100.

Од увидот во доставените материјали, како и личното познавање на кандидатката д-р Татјана Миљовска, Комисијата констатира дека нејзиното целокупно образование е богато и комплексно во областа на ликовната уметност. За тоа сведочат одбранетиот магистерски труд со највисока оценка, одбранетиот докторски труд со највисока оценка и целокупниот нејзин широк креативен потенцијал и ангажман и во сликарството, но и во теоријата на уметноста, што укажува на личност која има комплексен дијапазон на практикување на уметноста, на преплетување на теоријата и праксата во ликовната уметност, за што сведочат бројните објавени научни и стручни трудови, есеи и огледи, како и бројните ликовни и уметнички дела. Во текот на наставно-образовниот процес на Архитектонскиот факултет во Скопје, каде што е ангажирана во моментот како стручњак од практиката во изведувањето на наставата на групата предмети од ликовната уметност, кандидатката многу успешно и несебично ги пренесува сите свои знаења на студентите.

Од богатото досие на кандидатката може да се согледаат нејзините високи креативни капацитети и потенцијали за унапредување на наставата на предметите од областа на ликовните уметности.

Според горенаведеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Архитектонскиот факултет во Скопје, да ја избере д-р Татјана Миљовска за соработник во соработничко звање – асистент на групата предмети од областа на ликовната уметност – Ликовно изразување и Пластично обликување при Архитектонскиот факултет во Скопје, за време од 3 (три) години.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. м-р Елизабета Аврамовска, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Славица Јанешлиева-Бачварска, член, с.р.**
**Вонр. проф. д-р Димитар Папастеревски, член, с.р.**

# П Р Е Г Л Е Д
## на одобрени теми за изработка на магистерки труд на Архитектонскиот факултет - Скопје

| Ре д. бр . | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќа ње на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | Бојана Тоневска | Нов Студентски дом во градот Скопје | A new student dormitory in the city of Skopje | Проф. д-р Минас Бакалчев, ментор | 08-6/254 од 16.11.2020 |
| 2. | Наташа Димова | Самоодржлив архитектонски архипелаг во природен простор-рехабилитационен казнено поправе дом – Чам Чифлик, Струмица | Self-sustaining architectural archipelago in nature – a rehabilitative penitentiary institution – Cam Ciflik, Strumica | Проф. д-р Митко Хаџи Пуља, ментор | 08-6/254 од 16.11.2020 |
| 3. | Марија Стоилова | Обединување на природен и архитектонски простор во единствен организам, бања како центар за рекреација, село Банско | Unification of Natural and Architectural Space in a Single organism, Bath as a Center for recreation, Village Bansko | Проф. д-р Митко Хаџи Пуља, ментор | 08-6/254 од 16.11.2020 |
| 4. | Пеце Петровски | Еволутивна просторна-архитектонска структура со поливалентна станбена програма | “Evolutionary spatial-architectural structure with polyvalent residential program” | Проф. д-р Митко Хаџи Пуља, ментор | 08-6/254 од 16.11.2020 |
| 5. | Наташа Стојаноска | Оживување на рабни фрагменти во изградена крајбрежна зона | Revival of Edge Fragments in a Built Coastal Zone | Проф. д-р Митко Хаџи Пуља, ментор | 08-6/254 од 16.11.2020 |
| 6. | Деспина Ѕепароска | Напуштени индустриски комплекси – Архитектонско репроектирање на | Abandoned industrial complexes – Architectural Redesign of | Вонр. проф. д-р Јован Ивановски, ментор | 08-6/254 од 16.11.2020 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | индустриската фабрика “Купром” | industrial Factory “Kuprum” | | |
| 7. | Емилија Стојаноска | Архитектонско репроектирање на поранешната касарна “Михаило Апостолски” во Охрид | Architectural revitalization of the ‘Mihailo Apostolski’ Barracks in Ohrid | Вонр. проф. д-р Јован Ивановски, ментор | 08-6/254 од 16.11.2020 |
| 8. | Христина Царовска | Регенерирање и адаптивна пренамена на изграден крајбрежен пејсаж на Преспанското Езеро | Regeneration and Adaptive Reuse of Built coastal Landscape for Prespa Lake | Вонр. проф. д-р Јован Ивановски, ментор | 08-6/254 од 16.11.2020 |
| 9. | Андреј Нанески | Училиште базирано на психолошки аспекти од средното детство | School Based Upon Psychological Aspects of Middle Childhood | Вонр. проф. д-р Мери Батакоја, ментор | 08-6/254 од 16.11.2020 |
| 10. | Душица Ѓорѓиоска | Фармацевтска индустрија – фабрика за производство и испитување на козметички производи и препарати | Pharmaceutical – industry – factory for production and researches of cosmetics products and preparations | Вонр. проф. д-р Александар Радевски, ментор | 08-6/254 од 16.11.2020 |
| 11. | Тања Лазарова | Фрагмент од вински пејзаж | Fragment of Vineyard Landscape | Вонр. проф. д-р Александар Радевски, ментор | 08-6/254 од 16.11.2020 |
| 12. | Теодор Ангеловски | Технолошки парк во Крива Паланка | Technology Park in Kriva Palanka | Вонр. проф. д-р Александар Радевски, ментор | 08-6/254 од 16.11.2020 |
| 13. | Ана Зикова | Центар за производство на чаеви и етерични масла | Centre for Tea and Essential Oil Production | Вонр. проф. д-р Александар Радевски, ментор | 08-6/254 од 16.11.2020 |
| 14. | Дамјан Чорбаџиев | Центар за производство, истражување и едукација: Фабрика за алуминиумски профили ТЕАЛ, Тетово | Center for production, research and education: Factory for aluminum profiles TEAL, Tetovo | Вонр. проф. д-р Горан Мицковски, ментор | 08-6/254 од 16.11.2020 |
| 15. | Тамара Најдоска | Колаборативно домување: Нови форми на населување на примерот на градот Прилеп | Cohousing communities: New forms of settlement on the case of the city of Prilep | Вонр. проф. д-р Саша Тасиќ, ментор | 08-6/254 од 16.11.2020 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 16. | Емилија Поповиќ | Прототип на домување за социјална кохезија на две различни генерации | PROTOTYPE OF HOUSING FOR SOCIAL COHESION OF TWO DIFFERENT GENERATIONS | Вонр. проф. д-р Саша Тасиќ, ментор | 08-6/254 од 16.11.2020 |
| 17. | Ангела Здравковска | Градинка како простор за физички, интелектуален, социјален и емоционален развој на децата | ,,Kindergarten as a space for physical, intellectual, social and emotional development of children ‘’ | Вонр. проф. д-р Саша Тасиќ, ментор | 08-6/254 од 16.11.2020 |
| 18. | Емилија Михајловска | Пензионерски дом | RETIREMENT HOME | Вонр. проф. д-р Саша Тасиќ, ментор | 08-6/254 од 16.11.2020 |
| 19. | Анастасија Хорватовиќ | Просторот како сетилна даденост низ примерот на Гостински конак во с. Говрлево, Скопје | Space as perceptual reality through the lenses of the guest lodging in the village of Govrlevo, Skopje | Вонр. проф. д-р Саша Тасиќ, ментор | 08-6/254 од 16.11.2020 |
| 20. | Маја Стојкова | Нов модел за меѓугенерациско домување | A NEW MODEL OF INTERGENERA TIONAL HOUSING | Вонр. проф. д-р Саша Тасиќ, ментор | 08-6/254 од 16.11.2020 |
| 21. | Јордан Лазороски | Активен пристап кон бруталистичкото архитектонско наследство на Скопје, методи на заштита преку неколку избрани студии на случај | An active Approach towards the Brutalist Heritage of the city of Skopje – Methods of Preservation Through Selected Case Studies | Вонр. проф. д-р Ана Ивановска Дескова, ментор | 08-6/254 од 16.11.2020 |
| 22. | Мартина Даскалова | Ревитализација на објектот на шалтер салата во Скопје | Revitalization of the building of the counter hall in Skopje | Вонр. проф. д-р Ана Ивановска Дескова, ментор | 08-6/254 од 16.11.2020 |
| 23. | Андреј Иваноски | Детектирање на потенцијални урбани празнини на периметарот од градот и дефинирање на | Detection of potential urban voids at the perimeter of the city and defining their | Вонр.проф.д-р Слободан Велевски,ментор | 08-6/254 од 16.11.2020 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | нивната улога во понатамошниот урбан раст и развој. Случајот на “Точила – Варош”, Прилеп | role in the future urban growth and development ‘’Tochila – Varosh’’- Prilep | | |
| 24. | Љубица Бојаџиева | Градска шума – нов структурен елемент на урбаната форма, Скопје централно градско подрачје | Urban forest – new structural element of urban form ,Skopje central area | Вонр. проф. д-р Слободан Велевски, ментор | 08-6/254 од 16.11.2020 |
| 25. | Благој Ѓорчевски | Детска библиотека “Скопје” | CHILDREN’S LIBRARY ‘’Skopje” | Вонр. проф. д-р Димитар Папастеревски, ментор | 08-6/254 од 16.11.2020 |

# Р Е Ф Е Р А Т
## ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ ВО НАУЧНАТА ОБЛАСТ НИЖА ГЕОДЕЗИЈА НА ГРАДЕЖНИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Градежниот факултет во Скопје, на седницата одржана на 9.12.2020 година, донесе одлука бр. 91-227 за формирање рецензентска комисија за избор на еден соработник во соработничко звање – асистент во научната област нижа геодезија - 20600, аграрни операции, катастар - 20603, просторно планирање и уредување на населби - 20604, картографија - 20606, друго - 20609, а врз основа на конкурсот објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Лајме“ од 1.12.2020 година во состав:

вонр. проф. д-р Ѓорѓи Ѓорѓиев, претседател
проф. д-р Ванчо Ѓорѓиев, член
проф. д-р Златко Србиноски, член.

На распишаниот конкурс се пријавила кандидатката м-р Наташа Малијанска дипл. геод. инж.

По прегледот на конкурсните материјали и по темелната анализа на Наставно-научниот совет на Градежниот факултет во Скопје го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Кандидатката м-р Наташа Малијанска е родена 28.12.1988 година во Ново Село-Струмица. Основното образование го завршува во Струмица, а средното образование го завршува во Скопје со одличен успех. Во академската 2007-2008 година се запишува на Градежниот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на студиската програма по геодезија. Првиот циклус студии го завршува 2010 година со просечна оценка 10,00, со што се стекнала со стручен назив дипломиран геодетски инженер. Насловот на дипломската работа и бил *„Моделирање на шумски пожари во ГеоИС околина“* и ја изработила под менторство на проф. д-р Ванчо Ѓорѓиев. Во 2010 година се запишала на втор циклус студии на Градежниот факултет во Скопје, на студиската програма по геодезија. Предвидените испити ги положила со просечна оценка 10,00. Магистерскиот труд, насловен *„Анализа на моделите за масовна процена со дефинирање на глобални вредносни рамки за недвижностите базирани врз ГеоИС“* го работела под менторство на проф. д-р Ванчо Ѓорѓиев и успешно го одбранила на 10.10.2018 година, со што се стекнала со научен назив магистер по технички науки од областа на геодезијата.

Во моментов е вработена во Агенцијата за катастар на недвижности како соработник за картографска обработка на податоци во Одделението за картографија и фотограметрија, Сектор за геодетски работи. Во текот на нејзиниот работен ангажман во Агенцијата за катастар на недвижности, работи на голем број проекти од областа на геодезијата и геоматиката.

### 2. НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Во текот на студирањето, кандидатката, од учебната 2010/2011 до денес, секоја година од страна на Катедрата за геодезија била ангажирана во процесот на наставата како демонстратор по предметите Геодетски подлоги, Бази на податоци, Геоинформациони системи, Геоинформациони системи (на Архитектонскиот факултет).

### 3. НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКИ РЕЗУЛТАТИ

Кандидатката Малијанска сопствениот теоретско-практичен развој го лоцира во перманентна едукација во областите поврзани со моделирање на просторни настани чии

резултати ги има објавено низ неколку научни трудови. При реализацијата на проектите, во заеднички тим со професорите Ванчо Ѓорѓиев и Ѓорѓи Ѓорѓиев, кандидатката ја искажа сопствената тимска ориентација во работењето и стратешките погледи во детализирање на просторните настани. Станува збор за:

- *„Comparing land consolidation history and future – case studies Bavaria/Germany and Republic Macedonia“,* научноистражувачки проект на Градежниот факултет – Скопје и Техничкиот универзитет во Минхен, 2018 година
- *„From point cloud to 3D building model“*, Scientific Journal of Civil Engineering, Volume 8, Issue 1, July 2019;
- *„Деместрификација и стварање на конкурентни амбиенти за процесирање со просторни настани базирани врз концептот облак од точки“*, научноистражувачки проект, Градежен факултет – Скопје, 2020 година;
- „*Feasibility study on basin-scale sediment management options for the Polog* region“, како дел од проектот „Improving Resilience to Floods in Macedonia“, Градежен факултет – Скопје, 2020 година.

## 4. ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на изнесените податоци, може да се заклучи дека кандидатката м-р Наташа Малијанска, дипл. геод. инж. во изминатиов период остварила обемна, плодна и успешна наставна, научна и стручна активност.

Следејќи ги овие квалитативни карактеристики за еден млад човек, ни дава за право да констатираме дека кандидатката се развива во исклучително квалитетен истражувач и педагог во изведување на наставата по предметните програми за кои ќе биде избран. Од друга страна, личното познавање и следењето на нејзината научноистражувачка и стручна активност, ни дава за право со задоволство да ја истакнеме нејзината наклонетост и спремност за тимско работење и лидерство како член на истражувачки и стручни тимови, карактеристики кои не убедуваат дека кандидатката Малијанска се развила, а за очекување е дека ќе продолжи со сопствената надградба, во исклучително квалитетен наставно-научен работник.

Имајќи го сето тоа предвид, Рецензентската комисија има чест и задоволство на Наставно-научниот совет на Градежниот факултет да му предложи кандидатката м-р Наташа Малијанска, дипл. геод. инж., да биде избран во соработничко звање – асистент во научната област нижа геодезија при Градежниот факултет во Скопје.

**Рецензентска комисија**

**Вонр. проф. д-р Ѓорѓи Ѓорѓиев с.р.**
**Проф. д-р Ванчо Ѓорѓиев с.р.**
**Проф. д-р Златко Србиноски с.р.**

**О Б Р А З Е Ц 1**
**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

**Кандидат:** ***Наташа Томе Малијанска***
**Институција:** ***Градежен факултет - Скопје***
**Научна област:** ***нижа геодезија - 20600, аграрни операции и катастар - 20603, просторно планирање и уредување на населби - 20604, картографија - 20606, друго - 20609***

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ/АСИСТЕНТ ИСТРАЖУВАЧ**

| **Ред. број** | **ОПШТИ УСЛОВИ** | **Исполнетост на општите услови да/не** |
|---|---|---|
| 1 | Има завршено прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити | Да |
| 2 | Стекнат назив – магистер од соодветната област<br>Назив на научната област: Геодезија. | Да |
| 3 | Остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на првиот циклус и вториот циклус на академски студии посебно<br><br>Просечниот успех на прв циклус изнесува: 10,00<br><br>Просечниот успех на втор циклус изнесува: 10,00 | Да |
| 4 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик: англиски<br>2. Назив на документот: Уверение<br>3. Издавач на документот: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Филоошки факултет „Блаже Конески“ - Скопје<br>4. Датум на издавање на документот: 4.12.2020 година | Да |

**Рецензентска комисија**

**Вонр. проф. д-р Ѓорѓи Ѓорѓиев с.р.**
**Проф. д-р Ванчо Ѓорѓиев с.р.**
**Проф. д-р Златко Србиноски с.р.**

# Р Е Ф Е Р А Т
## ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ ВО НАУЧНАТА ОБЛАСТ 20702 ГРАДЕЖНИ КОНСТРУКЦИИ ВО НИСКО- И ВИСОКОГРАДБАТА, 20708 БЕТОНСКИ, АРМИРАНОБЕТОНСКИ И ПРЕДНАПРЕГНАТИ КОНСТРУКЦИИ, 20720 ДРУГО, НА ГРАДЕЖНИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Градежниот факултет во Скопје, на седницата одржана на 9.12.2020 година, донесе Одлука бр. 02-2/91-226 од 9.12.2020 год. за формирање Рецензентска комисија за избор на двајца соработници во соработничко звање – асистент во научната област 20702 градежни конструкции во ниско- и високоградбата, 20708 бетонски, армиранобетонски и преднапрегнати конструкции, 20720 друго, на Катедрата за бетонски и дрвени конструкции, а врз основа на конкурсот објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Лајме“ од 1.12.2020 година, во состав: д-р Горан Марковски, редовен професор, Градежен факултет – Скопје, претседател; д-р Тони Аранѓеловски, редовен професор, Градежен факултет – Скопје, член и д-р Дарко Наков, вонреден професор, Градежен факултет – Скопје, член.

По прегледот на конкурсните материјали и нивна анализа, на Наставно-научниот совет на Градежниот факултет во Скопје го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс се пријавија кандидатите м-р Марија Доцевска, дипл. град. инж. и м-р Дејан Јанев, дипл. град. инж.

### 1. Кандидат ДОЦЕВСКА МАРИЈА

#### 1.1 Биографски податоци

Кандидатот м-р Марија Доцевска, дипл. град. инж., е родена на 17.03.1989 година во Куманово каде ги завршила основното и средно образование со одличен успех.

Во учебната 2008/09 година се запишала на прв циклус студии на Градежниот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на студиската програма Градежништво, конструктивна насока. На 8.10.2012 година ја одбранила дипломската работа под наслов ,,Статичка и динамичка анализа на станбен објект според наши актуелни прописи и Евроко“ изработена под менторство на проф. д-р Тони Аранѓеловски, со што се стекнала со стручниот назив дипломиран градежен инженер. Првиот циклус на студии го завршила со просечна оценка 8,97.

Во академската 2012/13 година се запишала на втор циклус студии на Градежниот факултет - Скопје, на студиската програма Градежништво, конструктивна насока. По полагањето на предвидените испити со просечна оценка 10,00, на 24.6.2015 година успешно го одбранила магистерскиот труд „Нумерички модел за анализа на граничните состојби на употребливост на армиранобетонски елементи“, кој го работела под менторство на проф. д-р Тони Аранѓеловски. Со тоа се стекнала со научниот назив магистер на технички науки од областа на градежништвото.

Во моментов м-р Марија Доцевска е студент на трет циклус студии - докторски студии на Рур Универзитетот во Бохум (RUB), СР Германија.

М-р Марија Доцевска има активно познавање на англискиот јазик, ниво Ц1 според Европската јазична рамка на Советот на Европа (CEFR) за што има приложено уверение

бр. 03-1691/2, издадено на 4.12.2020 година од Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Филолошки факултет „Блаже Конески“- Скопје.

**1.2 Наставно-образовна дејност**

Од 2015 година до денес, кандидатот Доцевска, како соработник на Катедрата за бетонски и дрвени конструкции, учествува во наставниот, научноистражувачкиот и апликативниот процес на Градежниот факултет. Во овој период организира и изведува аудиторни вежби, консултации и корекции на прв и втор циклус студии на следниве наставни дисциплини: Технологија на бетонот, Армиран бетон, Дрвени конструкции, Инфраструктурни конструкции, Претходно напрегнат бетон, Конструкции од лепено ламелирано дрво, Армиранобетонски мостови, Армиранобетонски конструкции, Санација и зајакнување на бетонски конструкции, Трајност на бетонски конструкции, Современи методи за пресметување на бетонски конструкции.

**1.3 Научноистражувачка дејност**

Покрај забележливиот континуиран напредок во одржувањето на наставата од областите за кои конкурира, кандидатката покажува и завидна активност во научноистражувачката област каде, во својство на автор и коавтор, веќе има објавено вкупно 17 научни трудови од кои, три во меѓународни списанија со импакт фактор, два во национално списание со меѓународен уредувачки одбор и 12 на меѓународни конференции:

- **Трудови објавени во списанија:**

[1] Arangjelovski, T.; Gramatikov, K.; Docevska, M. Assessment of damaged timber structures using proof load test – Experience from case studies. Construction and Building Materials 101, part 2, Elsevier, 2015, pp.1271-1277, doi.org/10.1016/j.conbuildmat.2015.07.010

[2] Docevska, M.; Arangjelovski, T.; Markovski, G.; Nakov, D. Numerical and analytical model for serviceability limit states of RC elements, Journal Civil Engineering, 70-11, 2018, pp. 943-952, DOI: https://doi.org/10.14256/JCE.2050.2017

[3] Docevska, M.; Markovski, G.; Mark, P.: Experimental investigation on the reversibility of concrete creep under repeating loads, Materials & Structures 52:83, Springer, 2019, DOI: 10.1617/s11527-019-1384-3

[4] Docevska,M.; Markovski, G.; Mark, P.: Creeping effects of concrete under varying stress histories, Scientific Journal of Civil Engineering 8(2), 2019, pp. 95-100. ISSN 1857-839X

[5] Docevska,M.; Markovski, G.: Influence of concrete age on a composite concrete section behavior, Scientific Journal of Civil Engineering 9(1), 2020, pp. 7-12. ISSN - 1857-839X

- **Трудови објавени на конференции:**

[1] Docevska, M.; Arangjelovski, T.; Markovski, G.; Nakov, D. Numerical model for analysis of serviceability limit states in reinforced concrete elements, In: Proc. of the 2015 Symposium of MASE, R. of Macedonia, 2015, pp.

[2] Docevska, M.; Heek, P., Markovski, G.; Mark, P. Fibre modelling of RC elements subject to time-variant mechanical and thermal actions, In: Proc. of the 2016 Symposium of ASES, Serbia, 2016, pp. 173-183.

[3] Docevska, M.; Markovski, G.; Mark, P.: Influence of load histories on long-term behavior of RC structure In Proc. of the 5. DAfStb-Jahrestagung mit 58. Forschungskolloquium, Bd. I, Kaiserslautern, 2017, S. 22-33. (ISBN 978-3-00-057267-8)

[4] Docevska, M.; Markovski, G.; Arangjelovski, T.; Nakov, D.; Mark, P.: Numerical procedure for long-term deflection prediction of RC elements subjected to different load histories, In: Natural Hazards and Structures, Proc. 17th MASE Int. Symp., ed. Cvetkovska, M., Macedonian Ass. Struct. Eng., 2017, pp. 668-678.

[5] Tkocz, J.; Heek, P.; Thiele, C.; Vitt, G.; Docevska, M.; Mark, P.: Tests and numerical simulation of SFRC slabs exposed to fire, In: Natural Hazards and Structures, Proc. 17th MASE Int. Symp., ed. Cvetkovska, M., Macedonian Ass. Struct. Eng., 2017, pp. 645-658.

[6] Docevska, M.; Taravari, L.; Matos, J.; Markovski, G: Implementation of Quality Control Plan into Two Case Studies, 8 WG Workshop COST Avtion TU1406: Quality Specifications for Roadway Bridges, Standardization at a European Level, 2018.

[7] Docevska, M.; Taravari, L.; Matos, J.; Markovski, G: Quality Control Plan of Arch Bridges, In: Proc. of the 2018 Symposium of ASES, Serbia, 2018, pp. 339-349.

[8] Arangjelovski, T., Nakov, D., Bogoevska, S., Docevska, M., Tsiknias, T., Markovski, G.: Assessment of bridges on the "Demir Kapija-Smokvica" motorway section on Pan-European Corridor X using loading test, In: 4 International Symposium on Deformation Monitoring (JISDM), Athens, Greece, 2019.

[9] Docevska, M.; Baron, E.; Matos, J.; Markovski, G.: Application of quality control plan to existing bridges, In: Monitoring, Assessment and Rehabilitation of Structures, Proc. 18th MASE Int. Symp., ed. Cvetkovska, M., Macedonian Ass. Struct. Eng., 2019, pp. 250-260.

[10] Ignjatovic, I.; Carevic, V.; Docevska, M.; Markovski, G.: Durability analysis of the bridge B7 on the railway line Bitola-Kremenica, In: Monitoring, Assessment and Rehabilitation of Structures, Proc. 18th MASE Int. Symp., ed. Cvetkovska, M., Macedonian Ass. Struct. Eng., 2019, pp. 325-336.

[11] Markovski, G.; Arangjelovski, T.; Nakov, D.; Docevska, M., Stojkoska, E., Janev, D.: Proof loading test of strengthened concrete arch bridge, In: Monitoring, Assessment and Rehabilitation of Structures, Proc. 18th MASE Int. Symp., ed. Cvetkovska, M., Macedonian Ass. Struct. Eng., 2019, pp. 343-350.

[12] Stojkoska, E., Docevska, M., Nakov, D., Arangjelovski, T., Markovski, G.: Experimental and analytical analysis of RC elements subjected to long – term sustained load, In: Monitoring, Assessment and Rehabilitation of Structures, Proc. 18th MASE Int. Symp., ed. Cvetkovska, M., Macedonian Ass. Struct. Eng., 2019, pp. 950-959.

Треба да се истакне дека за трудот под наслов: “Experimental investigation on the reversibility of concrete creep under repeating loads” автори: Марија Доцевска, Горан Марковски и Питер Марк, кандидатката е добитник на признание за исклучителен труд објавен во 2019 година (анг. Outstanding paper 2019 Award) во реномираното списание ,,Materials and Structures“, Издавач: Springer.

Доцевска соработувала и при изработката на научноистражувачкиот проект финансиран од УКИМ под наслов ,,Класификација на национално дефинираните параметри за материјалните еврокодови и проценка на потребни средства за нивно дефинирање“ (2015 год.).

Во изминатиов период била учесник и на неколку работилници и краткотрајни научни престои во странство:

- Educational Workshop on Concrete Science & Advanced Methods for Evaluation of Concrete held in Ioannina, Greece, October 2016
- COST Action TU1406 Quality Specifications for Roadway Bridges, Standardization at a European Level, Training School, Zell am See, Austria, December 2017
- JCSS Advanced course Part I: Probabilistic modelling and risk analysis in engineering, Guimaraes, Portugal, March 2019
- University of Minho, Guimaraes, Portugal, 05-23 March 2018 -COST Action TU1406

**1.4 Стручно-апликативна дејност**

М-р Марија Доцевска била активно вклучена и во изработка на повеќе основни градежно-конструктивни проекти, студии, експертизи, стручни мислења и др., од кои може да се издвојат следниве:

[1] Основен проект за станбено деловен објект СТ5, локалитет „Трафостаница“, Куманово, 2013 година

[2] Основен проект за станбено деловен објект СТ4, Куманово, 2014 година

[3] Основен проект за продажно-сервисен центар, ул. Босна и Херцеговина бр.4 Скопје, 2015 година

[4] Основен проект за деловен комплекс со затворен пазар (КАМ МОЛ) Г.П. 1.6 и 1.7 Скопје, 2016 година

[5] 12 Студии за пробно натоварување на мостови од Пан-европскиот коридор X на делницата Демир Капија – Смоквица, 2017 година

[6] Проект за времена санација на средниот арм. бет. столб на мостот на железничката пруга Велес - Гевгелија на км.532+442, 2018 година

[7] Студија за стабилноста и носивоста на армиранобетонски железнички мост на пругата Велес - Гевгелија на км. 532+442, 2018 година

[8] Study for service life prediction of Bridge B7 on the Corridor X Bitola-Kremenica railway section on km.141+71.94, 2018 година

[9] Студија за стабилноста и носивоста на армиранобетонски мост бр.72 на магистралниот пат А3 (М5) делница Кочани - ГП со Р. Бугарија на км. 272+649, 2018 година

[10] Студии за стабилноста и носивоста на три армиранобетонски натпатници на автопат Миладиновци – Штип, 2018 година

[11] Study of control testing of the industrial production hall "Dojran Steel" village Nikolic Star, Dojran, 2019 година

[12] Основен проект за мост на река Вардар на булевар „АСНОМ“, Скопје, 2019 година

[13] Основен проект за објект за пакување и складирање на шеќер, Марино, Скопје, 2020 година

[14] Основен проект за мост на река Вардар на ул. „Љубљанска“, Скопје, 2020 година

[15] Стручно мислење за рационализација на начинот на водење на каблите за вијадукт на км.12+660 (лев коловоз) на автопатот Кичево – Охрид, 2020 година

[16] Студија за утврдување на влијанието од измерените вредности за собирањето и течењето врз напонската состојба на преднапрегнатите носачи на вијадуктите на автопатот Кичево - Охрид (км.13+660; км.14+140; км.16+170; км.18+186), 2020 година

[17] Студија за утврдување на моменталната состојба и употребливост на преднапрегнатите носачи на вијадукт на км. 12+240, подделница 2, автопат Кичево – Охрид, 2020 година

## 2. Кандидат ДЕЈАН ЈАНЕВ

### 2.1 Биографски податоци

Кандидатот м-р Дејан Јанев, дипл. град. инж., е роден на 09.01.1995 година во Кочани. Во родниот град ги завршил основното и средно образование со одличен успех.

Во учебната 2013/14 година се запишал на прв циклус студии на Градежниот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на студиската програма Градежништво, конструктивна насока. Првиот циклус студии го завршил на 29.06.2016 година со просечна оценка 9,36, со што се стекнал со стручниот назив дипломиран градежен инженер.

Во академската 2016/17 година се запишал на втор циклус студии на Градежниот факултет - Скопје, на студиската програма Градежништво, конструктивна насока. Магистерскиот труд „Определување на динамичкиот ефект од подвижните товари кај патни армиранобетонски мостови“, изработен под менторство на проф. д-р Тони Аранѓеловски, успешно го одбранил на 13.11.2018 година, со што се стекнал со научниот назив магистер на технички науки од областа на градежништвото. Вториот циклус студии го завршил со просечна оценка 9,78.

Во моментов е студент на трет циклус студии - докторски студии на Рур Универзитетот во Бохум (RUB), СР Германија.

М-р Дејан Јанев има активно познавање на англискиот јазик, ниво Ц1 според Европската јазична рамка на Советот на Европа (CEFR), за што има приложено уверение бр. 03-1691/2 издадено на 4.12.2020 година од Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Филолошки факултет „Блаже Конески“-Скопје.

### 2.2 Наставно-образовна дејност

Од 2016 година, м-р Дејан Јанев учествува во одржувањето на наставата на Градежниот факултет како соработник на Катедрата за бетонски и дрвени конструкции. Организира и изведува аудиторни вежби, консултации и корекции на прв и втор циклус студии на следниве предмети: Градежни конструкции, Технологија на бетонот, Армиран бетон, Дрвени конструкции, Инфраструктурни конструкции, Претходно напрегнат бетон, Армиранобетонски конструкции, Современи методи за пресметување на бетонски конструкции.

### 2.3 Научноистражувачка дејност

Во истиот период м-р Јанев е вклучен и во научноистражувачките активности на Катедрата при што, во својство на автор и коавтор, има објавено вкупно четири научни трудови на меѓународни конференции:

[1] Janev, D.; Arangjelovski, T.; Nakov, D.; Markovski, G.: Methods for determination of the DAF from moving loads on RC bridges, In: Monitoring, Assessment and Rehabilitation of Structures, Proc. 18th MASE Int. Symp., ed. Cvetkovska, M., Macedonian Ass. Struct. Eng., 2019, pp. 868-877.

[2] Markovski, G.; Arangjelovski, T.; Nakov, D.; Docevska, M., Stojkoska, E., Janev, D.: Proof loading test of strengthened concrete arch bridge, In: Monitoring, Assessment and Rehabilitation of Structures, Proc. 18th MASE Int. Symp., ed. Cvetkovska, M., Macedonian Ass. Struct. Eng., 2019, pp. 343-350.

[3] Chubrinovska, A.; Gegovski, D.; Koceva, S.; Janev, D.; Nakov, D.; Arangjelovski, T.: Proof load testing of the bridges B1 and B5 on highway section Demir Kapija-Smokvica, In: Monitoring, Assessment and Rehabilitation of Structures, Proc. 18th MASE Int. Symp., ed. Cvetkovska, M., Macedonian Ass. Struct. Eng., 2019, pp. 817-824.

[4] Nakov, D.; Arangjelovski, T.; Janev, D.: Repair and rehabilitation of prefabricated reinforced concrete portal frames, In: Natural Hazards and Structures, Proc. 17th MASE Int. Symp., ed. Cvetkovska, M., Macedonian Ass. Struct. Eng., 2017, pp. 755-764.

Во изминатиов период има остварено и еден краткотраен научен престој и учество на една работилница:

- 15-31.02.2019, Short term stay at ZAG Slovenian national building and civil engineering institute, Ljubljana, Slovenia,
- 05-06.02.2019, Course on fib Bulletin 80: „Partial factor methods for existing concrete structures“, Politecnico di Torino, Italy.

**2.4 Стручно-апликативна дејност**

Кандидатот м-р Дејан Јанев учествувал како соработник и во изработка на повеќе апликативни градежно-конструктивни проекти, студии и стручни мислења, од кои би ги издвоиле следните:

[1] Основен проект за објект со намена А1: Индивидуално домување на ул. „Малешевска“, ГП 46.7, КП 7460/2, КО Драчево 2, Општина Кисела Вода, Скопје, 2016 година

[2] 12 Студии за пробно натоварување на мостови од Пан-европскиот коридор X на делницата Демир Капија – Смоквица, 2017 година

[3] Студија за стабилноста и носивоста на армиранобетонскиот мост на р. Брегалница на регионалниот пат Р1309, делница Кочани - Зрновци на km 4+336.00, 2017 година

[4] Студија за стабилноста и носивоста на армиранобетонскиот мост на р. Меденска (кон рудник Боров дол), 2018 година

[5] Студија за стабилноста и носивоста на армиранобетонскиот железнички мост на пругата Велес-Гевгелија на km. 532-442, 2018 година

[6] Студија за стабилноста и носивоста на армиранобетонскиот мост бр. 74 на km. 275+029 на магистрален пат А3, делница Кочани – Делчево, 2018 година

[7] Студија за стабилноста и носивоста на армиранобетонски мост бр.72 на магистралниот пат А3 (М5) делница Кочани ГП со Р.Бугарија на km. 272+649, 2018 година

[8] Основен проект за објект наменет за лесна и незагадувачка индустрија, конфекција, магацин со изложбен простор КП 33/1; КО Петровец, Општина Петровец, 2018 година

[9] 22 Студии за стабилноста и носивоста на армиранобетонски натпатници/потпатници/вијадукти/мостови на автопат Миладиновци – Штип, 2019

[10] 3 Извештаи за испитувања на модулот на еластичност на контролни бетонски тела за потребите на проектот „Автопат Кичево - Охрид“, 2019 година

[11] Студија за стабилноста и носивоста на армиранобетонскиот магацин за дел од железничка пруга од Железница коридор 8 во населено место Шупли Камен, Куманово, 2019 година

[12] Основен проект за објект за објект со намена Г2 – Лесна и незагадувачка индустрија, производствен погон за прехранбени производи од кондиторска индустрија-колачи и административно деловни простории ГП 6, КП 446/4, КО Таринци, Општина Карбинци, 2019 година

[13] Основен проект за мост на река Вардар на булевар „АСНОМ“, Скопје, 2019 година

[14] Стручно мислење за оценка на носивиот капацитет на конструктивниот систем на објектот хотел „Палас“ во Охрид, 2020 година

[15] 4 Студии за стабилноста и носивоста на армиранобетонските потпатници/натпатници на експресен пат А3, Штип-Кочани, делница Штип-Крупиште, 2020 година

[16] Основен проект за мост на река Вардар на ул. „Љубљанска“, Скопје, 2020 година.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

На објавениот конкурс за избор на двајца соработници во соработничко звање – асистент во научната област 20702 градежни конструкции во ниско- и високоградбата, 20708 бетонски, армиранобетонски и преднапрегнати конструкции, 20720 друго, се пријавија двајца кандидати: м-р Марија Доцевска, дипл. град. инж., и м-р Дејан Јанев, дипл. град. инж.

Врз основа на прегледот на целокупната доставена документација, членовите на Рецензентската комисија констатираа дека кандидатите м-р Марија Доцевска, дипл. град. инж. и м-р Дејан Јанев, дипл. град. инж., ги исполнуваат сите услови од објавениот конкурс, Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Покрај исполнувањето на формалните услови, а врз основа на доставената пријава, личното познавање и досегашната соработка во наставната, научноистражувачката и апликативна дејност, може да се констатира дека кандидатката м-р Марија Доцевска, дипл. град. инж., поседува сериозен и одговорен однос кон работните обврски, желба за постојан професионален и личен напредок, самоиницијативност и инвентивност, самокритичност, но и самодоверба, нескриен стремеж за стекнување нови знаења, како и завиден творечки немир. Сето она што го сочинува неопходниот супстрат за бесконечната академска надоградба.

Исто така, од доставената пријава, личното познавање на кандидатот м-р Дејан Јанев, дипл. град. инж., и досегашната соработка во областа на наставната, научноистражувачката и апликативна дејност, евидентно е дека се работи за личност која во себе содржи потенцијал за континуиран растеж, решителност за вложување во проширени и продлабочени знаења, отвореност за прифаќање нови предизвици, како и амбиција за усовршување на наставно-образовните, научноистражувачките и стручни капацитети.

Вредно е да се напомене и тоа што и двајцата кандидати покажале целосна подготвеност за прифаќање и примена на најстрогите меѓународни критериуми за квалитет во областа на научноистражувачката работа, што покрај во сопствениот, претставува сериозен влог и во општествениот просперитет.

Имајќи го предвид горенаведеното, Рецензентската комисија едногласно му предлага на Наставно-научниот совет на Градежниот факултет во Скопје, кандидатите м-р Марија Доцевска, дипл. град. инж., и м-р Дејан Јанев, дипл. град. инж., да ги избере во соработничко звање – асистент во научната област 20702 градежни конструкции во ниско- и високоградбата, 20708 бетонски, армиранобетонски и преднапрегнати конструкции, 20720 друго, при Градежниот факултет во Скопје.

**Рецензентска комисија**

**Проф. д-р Горан Марковски, с.р.**
**Проф. д-р Тони Аранѓеловски, с.р.**
**Вонр. проф. д-р Дарко Наков, с.р.**

# ОБРАЗЕЦ 1

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат: Марија Мирослав Доцевска**
(име, татково име и презиме)
**Институција: Градежен факултет - Скопје при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**
(назив на факултетот/институтот)
**Научна област: градежни конструкции во ниско- и високоградбата-20702, бетонски, армиранобетонски и преднапрегнати конструкции-20708 и друго-20720**

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ/АСИСТЕНТ ИСТРАЖУВАЧ**

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Има завршено прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити | да |
| 2 | Стекнат назив – магистер од соодветната област<br>Назив на научната област: градежништво, градежни конструкции во ниско- и високоградбата-20702, бетонски, армиранобетонски и преднапрегнати конструкции-20708. | да |
| 3 | Остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на првиот циклус и вториот циклус на академски студии посебно<br><br>Просечниот успех на прв циклус изнесува: 8,97<br><br>Просечниот успех на втор циклус изнесува: 10,00 | да |
| 4 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик: англиски јазик<br>2. Назив на документот: Уверение за познавање на англиски јазик<br>3. Издавач на документот: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Филолошки факултет „Блаже Конески“ - Скопје<br>4. Датум на издавање на документот: 4.12.2020 год. | да |

**Рецензентска комисија**

**Проф. д-р Горан Марковски, с.р.**
**Проф. д-р Тони Аранѓеловски, с.р.**
**Вонр. проф. д-р Дарко Наков, с.р.**

**О Б Р А З Е Ц 1**
**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

**Кандидат: Дејан Љубомир Јанев**
(име, татково име и презиме)
**Институција: Градежен факултет - Скопје при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**
(назив на факултетот/институтот)
**Научна област: градежни конструкции во ниско- и високоградбата-20702, бетонски, армиранобетонски и преднапрегнати конструкции-20708 и друго-20720**

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ/АСИСТЕНТ ИСТРАЖУВАЧ**

| **Ред. број** | **ОПШТИ УСЛОВИ** | **Исполнетост на општите услови да/не** |
|---|---|---|
| 1 | Има завршено прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити | да |
| 2 | Стекнат назив – магистер од соодветната област<br>Назив на научната област: градежништво, градежни конструкции во ниско- и високоградбата-20702, бетонски, армиранобетонски и преднапрегнати конструкции-20708. | да |
| 3 | Остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на првиот циклус и вториот циклус на академски студии посебно<br><br>Просечниот успех на прв циклус изнесува: 9,36<br><br>Просечниот успех на втор циклус изнесува: 9,78 | да |
| 4 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик: англиски јазик<br>2. Назив на документот: Уверение за познавање на англиски јазик<br>3. Издавач на документот: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Филолошки факултет „Блаже Конески“ - Скопје<br>4. Датум на издавање на документот: 4.12.2020 год. | да |

**Рецензентска комисија**

**Проф. д-р Горан Марковски, с.р.**
**Проф. д-р Тони Аранѓеловски, с.р.**
**Вонр. проф. д-р Дарко Наков, с.р.**

# Р Е Ф Е Р А Т
## ЗА ИЗБОР НА ДВА СОРАБОТНИКА ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ - АСИСТЕНТ ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ *НИЖА ГЕОДЕЗИЈА, ПРИМЕНЕТА ГЕОДЕЗИЈА, ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ И УРЕДУВАЊЕ НА НАСЕЛБИ, ВИША ГЕОДЕЗИЈА И ДРУГО* НА ГРАДЕЖНИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Градежен факултет, објавен во весниците „*Нова Македонија*“ и „*Лајме*“ на 1.12.2020 година, за избор на 2 (два) соработника во соработничко звање - асистент во наставно-научната област: 20600 *нижа геодезија*, 20602 *применета геодезија*, 20604 *просторно планирање и уредување на населби*, 20605 *виша геодезија* и 20609 *друго*, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 02-2/91-225, донесена на 9.12.2020 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Златко Богдановски, вонреден професор на Градежниот факултет во Скопје, д-р Златко Србиноски, редовен професор на Градежниот факултет во Скопје и д-р Лазо Димов, редовен професор на Градежниот факултет во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

На објавениот конкурс за избор на 2 (два) асистенти од наставно-научната област: 20600 *Нижа геодезија*, 20602 *Применета геодезија*, 20604 *Просторно планирање и уредување на населби*, 20605 *Виша геодезија* и 20609 *друго*, во предвидениот рок се пријавија кандидатите м-р Томе Геговски, дипл. геод. инж. и м-р Филип Петровски дипл. геод. инж.

## 1. ПОДАТОЦИ ЗА КАНДИДАТОТ ТОМЕ ГЕГОВСКИ
### 1.1. Биографски податоци

Кандидатот м-р Томе Геговски е роден на 1.5.1993 година, во Гостивар. Основното и средното образование ги завршил во родниот град со одличен успех.

Во учебната 2012/2013 година се запишал на додипломски студии по геодезија при Градежниот факултет во Скопје. Во периодот од 2013 до 2015 година, кандидатот е стипендист на Градежниот факултет во Скопје.

Додипломските студии ги завршил во септември 2015 година со просечна оценка 9,81 и со одбрана на дипломската работа под наслов *Определување на трансформациски параметри за дел од течението на реката Радика - Мавровска област,* при што се стекнал со стручниот назив дипломиран геодетски инженер. Неговата дипломска работа е наградена од Комората на трговци поединци, овластени геодети и трговски друштва за геодетски работи на Република Македонија, како најдобра дипломска работа за 2015 година.

Во учебната 2015/2016 година се запишал на постдипломските студии по геодезија при Градежниот факултет во Скопје. За време на студирањето бил ангажиран како соработник и како демонстратор на повеќе предмети на Катедрата за виша геодезија, при што учествува во изведување на вежби и практична настава по повеќе предметни програми.

Предвидените испити од постдипломските студии ги положил со просечна оценка 9,87, по што кандидатот пријавил магистерски труд од областа на вишата геодезија. Магистерскиот труд под наслов *Примена на глобалните навигациски сателитски системи за определување на 2Д деформации кај јаловишни брани,* го одбранил на 25.9.2018 година, со што се стекнал со научниот назив магистер по технички науки од областа на геодезијата.

Кандидатот активно се служи со англискиот и хрватскиот јазик.

### 1.2. Наставно-образовна дејност

Како што веќе беше истакнато, кандидатот м-р Томе Геговски бил ангажиран во изведувањето на наставата во повеќе предмети на Катедрата за виша геодезија. Така, за време на

студирањето на постипломските студии бил ангажиран како демонстратор по предметите: *основи на геодезија, геодезија 1, просторно планирање* и *геодетска пракса 1*.

По магистрирањето, кандидатот бил ангажиран како надворешен соработник на Катедрата за виша геодезија по горенаведените предмети.

Од почетокот на неговиот ангажман на Катедрата за виша геодезија, кандидатот учествува во изведувањето на аудиторните и практичните вежби.

Покрај изведувањето на вежбите, во изминатиот период кандидатот бил ангажиран и при изведување на летната практика по геодезија со студентите од студиите по геодезија, потоа при подготовката и прегледот на задачите за вежби, колоквиуми и испити, како и при контролата и примањето на графичките работи по горенаведените предмети.

Кандидатот во изминатиот период, како техничко лице, активно учествува во Комисијата за самоевалуација и Школата за докторски студии на Градежниот факултет во Скопје.

### 1.3. Стручно-научна работа

Стручно-научната работа на кандидатот м-р Томе Геговски се состои од:

- **Учество на домашни симпозиуми и советувања.** Кандидатот учествувал на домашни симпозиуми и советувања, каде што како автор и коавтор се јавува во научни трудови.
- **Изработка на стручни проекти и елаборати.** Во изминатиов период кандидатот учествувал во изведувањето на повеќе стручни проекти и подготовка на елаборати за тие проекти. Тие проекти се претежно од областа на прецизните геодетски мерења за определување на деформации на градежни објекти, како и од областа на применетата геодезија.

Кандидатот учествувал како автор или коавтор при изработка на следниве научни и стручни трудови:

*Научни трудови*

- Bogdanovski Z., Srbinoski Z., Kasapovski F., Gegovski T., **(**2018**):** *Precise geodetic measurements on structures of black metallurgy,* International Scientific Journal „Micro Macro and Mezzo Geo Information“ ISSN: 1857-9019.
- Геговски Т., Касаповски Ф., Бошковски М., Бојчовски Б., Здравкоски М., (2018), *Примена на GNSS технологијата за определување на деформации кај брани*, Конференција за студентите од градежништво, архитектура и геодезија „We build the future“- Златибор, Р. Србија.
- Kasapovski F., Srbinoski Z., Dimov L., Bogdanovski Z., Gegovski T., (2018), *Vertical crustal movements in seismic active regions*, Scientific Journal of Civil Engineering, volume 7, issue 2.
- Srbinoski Z., Bogdanovski Z., Kasapovski F., Gegovski T., (2018), *Stereographic projection for territory of the Republic of Macedonia*, Scientific Journal of Civil Engineering, volume 7, issue 2.
- Srbinoski Z., Bogdanovski Z., Kasapovski F., Gegovski T., (2019), *Tissot compensation projection for the territory of Macedonia*, Scientific Journal of Civil Engineering, volume 8, issue 1.
- Геговски Т., Богдановски З., Србиноски З., Касаповски Ф., (2019), *Геодетска оскултација на хидројаловишната брана Тополница*, 12. советување за водостопанство и хидротехника, ЗМКГБ.

*Стручни трудови*

- Геодетска оскултација на браната „Лисиче“, Велес, 2017 год. (заеднички труд со проф. д-р Златко Србиноски, вонр. проф. д-р Златко Богдановски и асист. м-р Филип Касаповски).
- Геодетска оскултација на брана „Матка“, Скопје, 2017 год. (во соработка со „ГЕИНГ Кребс унд Кифер Интернешнл“).
- Геодетска оскултација на браната „Глажња“, Липково, Куманово, 2018 год. (во соработка со „Геопроект инженеринг“).
- Геодетска оскултација на браната „Градче“, Кочани, 2018 год. (во соработка со „Геопроект инженеринг“).
- Геодетска оскултација на браната „Калиманци“, М. Каменица, 2018 год. (во соработка со „Геопроект инженеринг“).

- Геодетска оскултација на браната „Липково“, Липково, Куманово, 2018 год. (во соработка со „Геопроект инженеринг“).
- Геодетска оскултација на браната „Мантово“, Радовиш, 2018 год. (во соработка со „Геопроект инженеринг“).
- Геодетска оскултација на браната „Паљурци“, Богданци, 2018 год. (во соработка со „Геопроект инженеринг“).
- Геодетска оскултација на браната „Ратевска река“, Берово, 2018 год. (во соработка со „Геопроект инженеринг“).
- Геодетска оскултација на браната „Прилеп“, Прилеп, 2018 год. (во соработка со „Геопроект инженеринг“).
- Геодетска оскултација на браната „Турија“, Струмица, 2018 год. (во соработка со „Геопроект инженеринг“).
- Геодетска оскултација на браната „Водоча“, Струмица, 2018 год. (во соработка со „Геопроект инженеринг“).
- Геодетска оскултација на брана „Матка“, Скопје, 2018 год. (во соработка со „ГЕИНГ Кребс унд Кифер Интернешнл“).
- Геодетска оскултација на хидројаловишна брана „Тополница“, Рудник Бучим, Радовиш, 2018 год. две серии (во соработка со „Геопроект инженеринг“).
- Изработка на геодетска ситуација како дел од проектна документација за водоводен приклучок на спортската сала сместена во кампусот на УКИМ, Скопје, 2019 год. (заеднички труд со вонр. проф. Златко Богдановски и асист. м-р Филип Касаповски).
- Елаборат за геодетски мерења за изведба на градежни работи заради тековно одржување на плоштадот и сервисната улица во кампусот на УКИМ, Скопје, 2019 год. (заеднички труд со проф. д-р Златко Србиноски, вонр. проф. д-р Златко Богдановски и асист. м-р Филип Касаповски).
- Геодетска оскултација на хидројаловишна брана „Тополница“, Рудник Бучим, Радовиш, 2019 год. две серии (во соработка со „Геопроект инженеринг“).
- Геодетска оскултација на брана „Матка“, Скопје, 2019 год. (во соработка со „ГЕИНГ Кребс унд Кифер Интернешнл“).
- Елаборат од геодетски мерења за определување невертикалност на столбови од аквадуктот во Скопје, Скопје, 2019 год. (заеднички труд со проф. д-р Златко Србиноски, вонр. проф. д-р Златко Богдановски и асист. м-р Филип Касаповски).
- Геодетска оскултација на пречистителна станица во Струмица, Струмица, 2020 год. (заеднички труд со проф. д-р Лазо Димов и м-р Филип Касаповски).
- Геодетска оскултација на брана „Матка“, Скопје, 2020 год. (во соработка со „ГЕИНГ Кребс унд Кифер Интернешнл“).
- Геодетска оскултација на хидројаловишна брана „Тополница“, Рудник Бучим, Радовиш, 2020 год. две серии (во соработка со „Геопроект инженеринг“).

## 2. ПОДАТОЦИ ЗА КАНДИДАТОТ ФИЛИП ПЕТРОВСКИ

### 1.1. Биографски податоци

Кандидатот м-р Филип Петровски е роден на 24.3.1994 година, во Тетово. Основното и средното образование ги завршил во родниот град со одличен успех.

Во учебната 2012/2013 година се запишал на додипломски студии по геодезија при Градежниот факултет во Скопје. За целото време на студирање кандидатот е стипендист на Градежниот факултет во Скопје.

Додипломските студии ги завршил во септември 2015 година со просечна оценка 9,81 и со одбрана на дипломската работа под наслов *Определување на трансформациски параметри за дел од течението на реката Радика - Гостиварска област,* при што се стекнал со стручниот назив дипломиран геодетски инженер.

Во учебната 2015/2016 година се запишал на постдипломските студии по геодезија при Градежниот факултет во Скопје. Предвидените испити од постдипломските студии ги положил со просечна оценка 9,40, по што кандидатот пријавил магистерски труд од областа на вишата

геодезија. Магистерскиот труд под наслов *Споредбена анализа на пресметани базни вектори со комерцијални платформи за сателитско позиционирање,* го одбранил во април 2020 година. Самиот магистерскиот труд е изработен со високо ниво на студиозност и аналитички карактеристики, со што е вброен во најдобро изработените магистерски трудови при Катедрата за виша геодезија. Со одбраната на магистерскиот труд, кандидатот се стекнал со научниот назив магистер по технички науки од областа на геодезијата.

Кандидатот активно се служи со англискиот и српскиот јазик.

### 1.2. Стручно-апликативна дејност

Како студент на постдипломските студии по геодезија, кандидатот активно го гради своето портфолио со ангажмани во приватната геодетска практика. Имено, од септември 2015 до јуни 2019 година, кандидатот е вработен во приватната геодетска фирма *ДГКП ГЕО-КАТ Инженеринг ДООЕЛ*, Скопје, каде активно учествува во изработка на геодетски проекти и елаборати за специјални намени, како и во теренски активности за потребите на катастарот и применетата геодезија.

Од јуни 2019 година, кандидатот е вработен во македонското претставништво на турската градежна компанија *Özer Kardeşler İnşaat A.Ş*, каде изведува активности на работното место *одговорен геодетски инженер* на поголем број градежни објекти. Во рамки на оваа компанија, кандидатот работел со разновидна геодетска мерна технологија и специјализирани софтверски пакети од област на геодезијата.

Во професионалниот ангажман на кандидатот се издвојуваат следниве стручни трудови:

- Геодетски елаборат за ажурирана геодетска подлога за потребите при изработка на основен проект со сите фази за крстосница меѓу ул. „Скупи“ и бул. „8 Септември“, Скопје, 2016 година.
- Геодетски елаборат за оперативен полигон за основен проект со сите фази за ул. „Боца Иванова“ од раскрсница меѓу бул. „Христијан Тодороски-Карпош“ и ул. „Маџари“ до ул. „Новопланирана собирна улица 1“, Скопје, 2017 година.
- Геодетски елаборат за обележување на основен проект со сите фази за ул. „Боца Иванова“ од раскрсница меѓу бул. „Христијан Тодороски-Карпош“ и ул. „Маџари“ до ул. „Новопланирана собирна улица 1“, Скопје, 2017 година.
- Подготовка на геодетска проектна документација за реконструкција на државен пат А1, делница Катланово-Петровец на ниво на стандарден автопат и рехабилитација на двата коловози, Скопје, 2018 година.
- Изработка на техничка документација на ниво на основен и изведбен проект за магистрален гасовод во РС Македонија, Скопје-Тетово-Гостивар со можност за поврзување со Кичево во должина од 110 km, Скопје, 2019 година.
- Геодетски елаборат за посебна намена (трајна и времена експропријација) за магистрален гасовод во РС Македонија, Скопје-Тетово-Гостивар со можност за поврзување со Кичево во должина од 110 km, Скопје, 2019 година.

## 2. Заклучок и предлог

Рецензентската комисија со задоволство може да констатира дека двајцата кандидати кои се пријавиле на конкурсот се со исклучителен потенцијал и особен квалитет. Исто така, Комисијата се надева дека во иднина ќе продолжат со исто темпо да се надоградуваат во наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност.

Врз основа на изнесените податоци, може да се заклучи дека кандидатот м-р Томе Геговски, дипл. геод. инж., има мошне сериозен пристап кон наставно-педагошката, научната и стручната работа.

Неговиот перманентен ангажман во наставниот процес за време на студирањето и особено по завршувањето на постдипломските студии е високо оценет од страна на студентите, на што укажуваат податоците од внатрешната евалуација на факултетот.

Кандидатот м-р Томе Геговски ги исполнува сите услови од конкурсот, Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Исто така, врз основа на изнесените податоци, може да се заклучи дека кандидатот м-р Филип Петровски, дипл. геод. инж., има сериозен пристап кон геодетската стручна работа, при што се очекува дека со ист ентузијазам ќе ја гради наставно-педагошката и научната работа. Изработениот магистерскиот труд на кандидатот потврдува дека станува збор за кандидат со исклучителни истражувачки способности и желба за постигнување далекусежни научни дострели.

Кандидатот м-р Филип Петровски ги исполнува сите услови од конкурсот, Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Според гореизнесеното, Рецензентската комисија едногласно и со особена чест му предлага на Наставно-научниот совет на Градежниот факултет во Скопје, кандидатите м-р Томе Геговски и м-р Филип Петровски да ги избере во соработничко звање – асистент во научната област: 20600 *нижа геодезија*, 20602 *применета геодезија*, 20604 *просторно планирање и уредување на населби*, 20605 *виша геодезија* и 20609 *друго* при Градежниот факултет во Скопје.

**Рецензентска комисија**

**Вонр. проф. д-р Златко Богдановски, Градежен факултет - Скопје с.р.**
**Проф. д-р Златко Србиноски, Градежен факултет - Скопје с.р.**
**Проф. д-р Лазо Димов, Градежен факултет - Скопје с.р.**

**ОБРАЗЕЦ 1**
**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

**Кандидат:** ***Томе Ефте Геговски***

**Институција:** ***Градежен факултет - Скопје***

**Научна област:** 20600 нижа геодезија, 20602 применета геодезија, 20604 просторно планирање и уредување на населби, 20605 виша геодезија и 20609 друго

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ**

| **Ред. број** | **ОПШТИ УСЛОВИ** | **Исполнетост на општите услови да/не** |
|---|---|---|
| 1 | Има завршено прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити | **да** |
| 2 | Стекнат назив – магистер од соодветната област<br>Назив на научната област: **магистер по технички науки од областа на геодезијата** | **да** |
| 3 | Остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на првиот циклус и вториот циклус на академски студии посебно<br>Просечниот успех на прв циклус изнесува: **9,81.**<br>Просечниот успех на втор циклус изнесува: **9,87.** | **да** |
| 4 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик: **англиски јазик**<br>2. Назив на документот: Уверение, Б2 CEFR<br>3. Издавач на документот: УКИМ, Филолошки факултет „Блаже Конески“ - Скопје<br>4. Датум на издавање на документот: 4.12.2020 г. | **да** |

**Рецензентска комисија**
**Вонр. проф. д-р Златко Богдановски, Градежен факултет – Скопје с.р.**
**Проф. д-р Златко Србиноски, Градежен факултет – Скопје с.р.**
**Проф. д-р Лазо Димов, Градежен факултет – Скопје с.р.**

# О Б Р А З Е Ц 1
## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** ***Филип Мирослав Петровски***

**Институција:** ***Градежен факултет***

**Научна област:** 20600 нижа геодезија, 20602 применета геодезија, 20604 просторно планирање и уредување на населби, 20605 виша геодезија и 20609 друго

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ**

| **Ред. број** | **ОПШТИ УСЛОВИ** | **Исполнетост на општите услови да/не** |
|---|---|---|
| 1 | Има завршено прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити | **да** |
| 2 | Стекнат назив – магистер од соодветната област<br>Назив на научната област: **магистер по технички науки од областа на геодезијата** | **да** |
| 3 | Остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на првиот циклус и вториот циклус на академски студии посебно<br>Просечниот успех на прв циклус изнесува: **9,81.**<br>Просечниот успех на втор циклус изнесува: **9,40.** | **да** |
| 4 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик: **англиски јазик**<br>2. Назив на документот: Уверение<br>3. Издавач на документот: Отворен граѓански универзитет за доживотно учење „Гостивар” - Гостивар<br>4. Датум на издавање на документот 25.11.2020 г. | **да** |

**Рецензентска комисија**

**Вонр. проф. д-р Златко Богдановски, Градежен факултет – Скопје с.р.**
**Проф. д-р Златко Србиноски, Градежен факултет – Скопје с.р.**
**Проф. д-р Лазо Димов, Градежен факултет – Скопје с.р.**

# Р Е Ф Е Р А Т
## ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ ВО НАУЧНАТА ОБЛАСТ 20719 ОРГАНИЗАЦИЈА И ЕКОНОМИКА ВО ГРАДЕЖНИШТВОТО И ВОДОСТОПАНСТВОТО И 20720 ДРУГО НА ГРАДЕЖНИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Градежниот факултет во Скопје, на седницата одржана на 09.12.2020 година, донесе Одлука бр. 02-2/91-232 за формирање Рецензентска комисија за избор на еден соработник во соработничко звање – асистент во научната област 20719 *организација и економика во градежништвото и водостопанството* и 20720 *друго*, а врз основа на конкурсот објавен во весниците „Нова Македонија'“ и „Лајме'“ од 1.12.2020 година, во состав: 1. д-р Маријана Лазаревска, вонреден професор, Градежен факултет – Скопје, претседател; 2. д-р Гоце Тасески, вонреден професор, Градежен факултет – Скопје, член; 3. д-р Златко Србиноски, редовен професор, Градежен факултет – Скопје, член.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација, го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На распишаниот конкурс за избор на еден асистент во научната област 20719 *Организација и економика во градежништвото и водостопанството* и 20720 *друго*, во предвидениот рок, се пријавија кандидатите: м-р Гоце Велески, дипл. град. инж.; м-р Васко Гацевски, дипл. град. инж. и м-р Весна Грујоска, дипл. град. инж.

I. Извештај за кандидатот м-р Гоце Велески, дипл. град. инж.

Кандидатот м-р Гоце Велески, дипл. град. инж., е роден на 6.2.1993 година во Прилеп. Основно и средно образование завршил во Прилеп со одличен успех. Во академската 2011/12 година се запишал на додипломските студии на Градежниот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на студиската програма по градежништво, на конструктивната насока. Првиот циклус студии го завршил на Градежниот факултет во Скопје во 2015 година со просечна оценка 8,84, со што се стекнал со стручниот назив дипломиран градежен инженер. Дипломската работа под наслов „Проект за пешачки мост на нерегулирано речно корито на река Вардар, Гевгелиско“ ја изработил под менторство на проф. д-р Петар Цветановски. Во 2015 година се запишал на вториот циклус студии на Градежниот факултет во Скопје, на студиската програма по градежништво, на конструктивната насока. Предвидените испити ги положил со просечна оценка 9,83. Магистерскиот труд, насловен „Нумеричко моделирање на интеракцијата: лачна брана – акумулација – карпеста основа“, го работел под менторство на проф. д-р Елена Думова-Јованоска и успешно го одбранил на 10.7.2018 година, со што се стекнал со научниот назив магистер по технички науки од областа на градежништвото.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

Во периодот од јануари до септември 2014 година, кандидатот м-р Гоце Велески, дипл. град. инж., бил ангажиран како стручен соработник во наставната дејност на катедрата Хидраулика, хидрологија и уредување на водотеци на Градежниот факултет, по предметот Механика на флуиди.

Во периодот од јануари 2015 година до септември 2016 година, кандидатот м-р Гоце Велески, дипл. град. инж., бил ангажиран како стручен соработник во наставната дејност на катедрата Теорија на конструкции, по предметите: Теорија на конструкции 1, Теорија на конструкции 2, Нумерички методи во градежништвото, CAD ориентиран софтвер, Основи на информатика и Информатика.

Во периодот од септември 2016 година до 2018 година, кандидатот м-р Гоце Велески, дипл. град. инж., бил ангажиран како стручен соработник во наставната дејност на катедрата Организација и технологија на градба, по предметите: Организација и механизација, Организација и технологија на градба (на студиската програма по геотехника), Менаџмент во градежништво, Проектен менаџмент и Менаџмент и организација на инвестициска изградба (на Архитектонскиот факултет).

Во периодот од 2018 година до 2020 година, кандидатот не бил ангажиран како соработник во наставно-образовната дејност на Градежниот факултет во Скопје. Во тој период работи во компанијата „Перкан Проект” ДООЕЛ Прилеп во одделението за градежно-конструктивна фаза на објекти, претежно во областа на проектирање на објекти од високоградбата и учествува во изработката на околу 40 основни проекти. Работи и како соработник надзорен инженер при изведба на 4 објекти. Поседува Овластување за изработка на проектна документација од градежништво бр. 2.2273.

Во биографијата доставена како прилог на пријавата на конкурсот, кандидатот м-р Гоце Велески, дипл. град. инж., наведува дека ги познава следниве компјутерски програми: AutoCAD, ArmCAD, Metal Studio, Advance Steel, Robot Millennium, Sofistik, Radimpex Tower, GEO-5, Microsoft Office (Word, excel, Power Point), MS Project, Adobe Acrobat.

Во согласност со член 24 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 411, 5 ноември 2018 година) за избор во звањето асистент, а во согласност со општите услови за избор од Законот за високото образование, кандидатот треба да достави уверение или сертификат за познавање на англиски, француски или германски јазик издаден од Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, за ниво Б2 според Европската јазична рамка на Советот на Европа, или соодветен сертификат за истото ниво издаден од официјален европски тестатор, член на здружението АЛТЕ на европски тестатори. Кандидатот м-р Гоце Велески, дипл. град. инж., има доставено сертификат за успешно завршен курс по англиски јазик (тип на курс: Intermediate, B2 ниво), издаден на 15.9.2020 година од Друштвото за едукација, услуги за странски јазици SBOH НОВА ДООЕЛ Прилеп. Во согласност со тоа може да се констатира дека кандидатот не го исполнува општиот услов за избор во звањето асистент.

Кандидатот м-р Гоце Велески, дипл. град. инж. има објавено вкупно 2 трудови:

- Mitovski S., Kokalanov Gj., Petkovski Lj,. Tancev Lj., Veleski G.: “Static and seismic analysis of an arch-gravity dam”, 14th International Benchmark Workshop on Numerical Analysis of Dams, ICOLD, Stockholm, Sweden, September 2017.
- Susinov B., Abazi S., Naneski F., Veleski G.: “Static load testing on shallow foundation on improved soft soil”, International Summer Conference of Civil Engineering Students (ISUCCES), Osijek, Croatia, 2014.

Списокот на наведените трудови укажува на просечен ангажман на кандидатот во научноистражувачката дејност во периодот од 2014 до 2017 година. Трудовите се од областа на статичка и сеизмичка анализа на брани и подобрување на носивост на почви. Досегашната научноистражувачка дејност на кандидатот м-р Гоце Велески, дипл. град. инж., не е насочена кон научната област на овој конкурс.

II. Извештај за кандидатот м-р Васко Гацевски, дипл. град. инж.

Кандидатот м-р Васко Гацевски, дипл. град. инж., е роден на 31.1.1994 година во Скопје. Во академската 2012/13 година се запишал на додипломските студии на Градежниот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на студиската програма по градежништво, на насоката патишта и железници. Првиот циклус студии го завршил на Градежниот факултет во Скопје во 2017 година со просечна оценка 8,00, со што се стекнал со стручниот назив дипломиран градежен инженер. Дипломската работа под наслов „Претпроект за едноколосечна пруга на Коридор 8 од ст. Кратово до ст. Гиновци“ ја изработил под менторство на вон. проф. д-р Златко Зафировски. Во 2017 година се запишал на вториот циклус студии на Градежниот факултет во Скопје, на студиската програма по градежништво, на насоката патишта и железници. Предвидените испити ги положил со просечна оценка 9,94. Магистерскиот труд, насловен „Методологија за процена и менаџмент на ризици кај тунели“, го работел под менторство на вон. проф. д-р Златко Зафировски и успешно го одбранил во 2019 година, со што се стекнал со научниот назив магистер по технички науки од областа на градежништвото.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

Во периодот од септември 2017 година до денес кандидатот м-р Васко Гацевски, дипл. град. инж., е ангажиран како стручен соработник во наставната дејност на катедрата за Железници на Градежниот факултет во Скопје, по предметите: Железници, Основи на сообраќајници, Патишта и железници, Проектирање железници, Горен строј на железници, Долен строј на сообраќајници и Инфраструктурни конструкции (дел Тунели).

Од 1.6.2020 година работи во градежната компанија СТРАБАГ АГ Подружница СТРАБАГ Скопје, како инженер на градилиште за изведбата на експресниот пат Штип - Радовиш, фаза 2. Во рамките на работните активности активно е ангажиран за проверка и изработка на техничка документација, подготовка на предмер и пресметка на количини на материјали по позиции, организација на градежни активности во фазата изведба, организација на градилиште итн.

Во биографијата доставена како прилог на пријавата на конкурсот, кандидатот м-р Васко Гацевски, дипл. град. инж., наведува дека ги познава следниве компјутерски програми: AutoCAD, Civil 3D, Plateia, Roclab, Rocsupport, Examine 2D, Rocfall, Phase 2, Slide, GEO5 (Slope Stability & FEM), Microsoft Office (word, excel, power point), ITEM ToolKit & QRAS, Isograph Reliability Workbench, TILOS, Microsoft Office (Word, excel, Power Point), MS Project, Adobe Acrobat.

Кандидатот м-р Васко Гацевски, дипл. град. инж., има доставено важечко Уверение за познавање на англискиот јазик кое одговара на ниво Ц1 според Европската јазична рамка на Советот на Европа (CEFR), издадено на 4.12.2020 година од Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Кандидатот м-р Васко Гацевски, дипл. град. инж., има објавено вкупно 14 трудови претежно од областа на истражување на неговата магистерска работа, односно од областа на рехабилитација и одржување на тунели, управување со ризици и анализа на ризици кај тунели, безбедност кај тунели итн., од кои 11 труда во зборници од научни собири и конференции и 3 труда во меѓународни научни списанија:

- A. Nikolovska, V. Gacevski, K. Bozhinovski: "Comparative analysis for selection of dam site through the example of the dam "Lisiche" – Veles", Republic of Macedonia, X-та регионална конференција на студенти од геотехнички факултети GEOREKS, Тузла, 2017 година.
- Z. Zafirovski, M. Jovanovski, B. Susinov, S. Abazi, V. Gacevski: "Experiences from the application of remedial measures in hydrotechnical tunnel on Saska River – M. Kamenica", XVI Европска – Подунавска конференција за геотехничко инженерство, Скопје, 2018 година.
- Z. Zafirovski, V. Gacevski, Z. Krakutovski, S. Ognjenovic: "Analysis of the offer and demand for the transportation of people from a settlement in the city of Skopje", MATEC Web of Conferences, Volume 170, 2018.
- Z. Zafirovski, M. Jovanovski, V. Gacevski: "Technical measures for the rehabilitation in the hydrotechnical tunnel on Saska River – M. Kamenica", 15. Конгрес на друштвото на градежни конструктори на Србија - ДГКС, Златибор, 2018 година.
- Z. Zafirovski, V. Gacevski: Risk analysis and management in tunnelling, проект K-Force, предавања од областа „Управување со ризици од катастрофални настани“, Бања Лука, 2018 година.
- Z. Zafirovski, V. Gacevski, I. Peshevski, M. Jovanovski: "Solutions for the rehabilitation in a hydrotechnical tunnel", 16th International Symposium on Water Management and Hydraulic Engineering, Skopje, 2019.
- С. Абази, Б. Сусинов, Д, Коцевски, В. Гацевски: „Анализа на стабилност на нестабилна зона на пат Р-1202 Маврово – Дебар“, 18 меѓународен симпозиум на друштвото на градежни конструктори на Македонија-ДГКМ, Охрид, 2019 година.
- Z. Zafirovski, V. Gacevski, M. Lazarevska, S. Ognjenovic: "Procedures for risk analysis and management in tunnelling projects", E3S Web of Conferences 135, 01001 (2019), ITESE-2019.
- I. Nedevska, Z. Zafirovski, S. Ognjenovic, I. Nedevska, V. Gacevski: "Time influence of tunnel support on the factor of safety", E3S Web of Conferences 157, 06002 (2020), KTTI-2019;
- Z. Zafirovski, S. Ognjenovic, V. Gacevski, I. Velickovski, V. Jonceski: "Application of reinforced earth in roads substructure", The 7th international conference „Civil Engineering - Science and Practice“, GNP, Kolashin, 2020.
- Z. Zafirovski, S. Ognjenovic, V. Gacevski, I. Nedevska, I. Nedevksa: "Level crossings at railways", The 7th international conference „Civil Engineering - Science and Practice“, GNP, Kolashin, 2020.
- T. Jovanovska, I. Togo, V. Gacevski: "One method for defining an acceptable level of risks in tunneling", FACTA UNIVERSITATIS, Series: Architecture and Civil Engineering Vol. 17, No 3, 2019, pp. 315-325.
- Z. Zafirovski, Z. Krakutovski, A. Glavinov, D. Moslavac, V. Gacevski: "Transportation and mobility analysis of a target group", Scientific Journal of Civil Engineering, Volume 8, Issue 1, July 2019.
- Z. Zafirovski, D. Moslavac, A. Glavinov, Z. Krakutovski, V. Gacevski: "Guidelines for risk analysis and management in tunneling", Scientific Journal of Civil Engineering, Volume 8, Issue 1, July 2019.

Списокот на наведените трудови укажува на респектабилен ангажман на кандидатот во научноистражувачката дејност во периодот од 2017 до 2020 година. Трудовите се претежно од областа на рехабилитација и одржување на

тунели, управување со ризици и анализа на ризици кај тунели, безбедност кај тунели итн.

Кандидатот м-р Васко Гацевски, дипл. град. инж., бележи напредок во професионалното усовршување во научноистражувачката и стручно-апликативната дејност. Во периодот од 2017 година до денес учествувал на повеќе меѓународни конференции и стручни собири, меѓу кои вреди да се истакне неговото учество на: 16-та Европска – подунавска конференција за геотехничко инженерство на тема Геотехнички хазарди и ризици: искуства и пракса; стручен собир на тема „Анализа на ризици кај тунели и управување со нив“, одржана во Скопје, 2018; 16-от Меѓународен симпозиум за управување со води и хидрауличко инженерство, одржан во Скопје 2019 година; 18-от меѓународен симпозиум на друштвото на градежни конструктори на Македонија, одржан во Охрид во 2019 година; Првиот конгрес за патишта одржан во Скопје 2019 година (за кој има добиено благодарница за придонес во развојот на ДПМ); 7-та меѓународна конференција „Градежништво – наука и пракса“, одржана во Колашин, 2020 година итн.

Кандидатот посетувал обуки и едукативни програми, од кои како позначајни можат да се издвојат: обука за FIDIC отштетни побарувања кај градежни проекти, одржана во Скопје 2018 година; едукативна програма за управување со градежни проекти со примена на BIM технологијата, одржана во Скопје 2018 година; обука за FIDIC-ови услови на договарање, одржана во Скопје 2019 година и обука за MS Project - специјализиран софтверски пакет за планирање на реализација на инвестициони проекти, одржана по електронски пат во 2020 година.

Од важност е да се истакне неговото учество во меѓународниот проект „Knowledge for a resilient society - Disaster risk management and fire safety”, Erasmus+ K2 Higher Education Capacity Building in Western Balkan Countries (EAC/A04/2015), во рамките на кој остварил престој во Бања Лука во 2018 година, и бил вклучен како соработник во предавања од областа „Управување со ризици од катастрофални настани“.

Во рамките на стручно-апликативната дејност кандидатот м-р Васко Гацевски, дипл. град. инж., учествувал како соработник-проектант на 3 основни проекти, 1 изведбен проект и 1 студија, претежно од областа на проектирање на објекти од ниско градбата. Од јуни 2020 година работи како инженер на градилиште за изведба на експресниот пат Штип - Радовиш од каде стекнува практично искуство од областа на организација и технологија на градба.

III. Извештај за кандидатката м-р Весна Грујоска, дипл. град. инж.

Кандидатката м-р Весна Грујоска, дипл. град. инж., е родена на 26.1.1991 година во Струга. Во академската 2009/10 година се запишала на додипломските студии на Градежниот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на студиската програма по градежништво, на конструктивната насока. Првиот циклус студии го завршила на Градежниот факултет во Скопје во 2013 година со просечна оценка 8,02, со што се стекнала со стручниот назив дипломиран градежен инженер. Дипломската работа под наслов „Додатоци за бетон“ е наградена од страна на компанијата АДИНГ во 2014 година. Во 2013 година се запишала на вториот циклус студии на Градежниот факултет во Скопје, на студиската програма по градежништво, на конструктивната насока. Предвидените испити ги положила со просечна оценка 9,66. Магистерскиот труд насловен „Примена на инфрацрвена термографија за истражување на објекти“ успешно го одбранила во август 2015 година, со што се

стекнала со научниот назив магистер по технички науки од областа на градежништвото. Од академската 2015/16 година кандидатката е студент на докторските студии на Градежниот факултет во Скопје, на студиската програма по градежништво, на модулот конструкции. Истражувањата од областа на докторската дисертација ги спроведува под менторство на проф. Д-р Тодорка Самарџиоска.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

Во периодот од 2013 година до 2014 година кандидатката м-р Весна Грујоска, дипл. град. инж., била ангажирана како соработник во наставната дејност на Архитектонскиот факултет во Скопје, по предметите: Принципи на статиката, Јакост на материјалите и Дрвени конструкции.

Од 2014 година до денес кандидатката м-р Весна Грујоска, дипл. град. инж., е ангажирана како соработник во наставната дејност Катедрата за механика и материјали при Градежниот факултет во Скопје, по предметите: Теориска механика, Градежни конструкции и материјали, Градежни материјали, Градежна физика и Енергетска ефикасност на објекти.

Стручно усовршување во странство кандидатката м-р Весна Грујоска, дипл. град. инж., остварила со кратки научни престои во Португалија, Англија и Шведска. Учествувала во лабораториско истражување на бетон со отпадно стакло во Градежниот институт Македонија, како и во лабораториското истражување за рециклиран текстил како градежен материјал во Градежниот факултет во Скопје. Кандидатката посетувала тренинг школи во Италија (на тема: иновации во менаџирање на објекти од културно наследство), во Франција (на тема: експериментални техники за порозни акустични материјали), во Македонија (на тема: напредни материјали и технологии). Во текот на досегашната активност кандидатката учествувала во две работилници од областа на информациско моделирање на градби. Во 2019 година учествувала и во организација на Првиот македонски конгрес за патишта, одржан во Скопје.

Кандидатката м-р Весна Грујоска, дипл. град. инж., има објавено вкупно 13 трудови, претежно од областа на градежните материјали, градежната физика и енергетската ефикасност на објекти, од кои 10 труда во зборници од научни собири и конференции, 2 труда во научни списанија и 1 труд во стручно списание:

- V. Grujoska, T. Samardzioska: “Application of infrared thermography in building research”, 16th International Symposium of MASE, Ohrid, N. Macedonia, October 2015.
- V. Grujoska: “Application of infrared thermography for building investigation”, 3rd Student Conference of SKEEOR, Skopje, N. Macedonia, October 2015.
- T. Samardzioska, V. Grujoska: “Measures for energy conservation in the elementary school in Skopje”, 6th International Symposium of GNP, Zabljak, Montenegro, March 2016.
- В. Грујоска, Т. Самарџиоска: „Инфрацрвена термографија како метода за истражување на објекти“, 6-ти Меѓународен симпозиум ГНП, Жабљак, Црна Гора, март 2016 година.
- T. Samardzioska, V. Grujoska, J. Grujoska, D. Moslavac: “Use of waste glass as aggregate in concrete”, 1st International Conference on Construction Materials for Sustainable Future, Zadar, Croatia, April 2017.
- T. Samardzioska, N. Salih, V. Grujoska, M. Jovanoska: IOP Conference Series: Earth and Environmental Science, “Design of earthship for climate conditions in Macedonia”, Volume 329, Sustainable built environment conference, Cardiff, Wales, September 2019.

- V. Grujoska, T. Samardzioska, J. Grujoska: "Improvement of thermal conductivity of mortars with slag", 18th international Symposium of MASE, Ohrid, N. Macedonia, October 2019.
- V. Grujoska, J. Grujoska, T. Samardzioska, M. Jovanoska: "Waste glass effects of fresh and hardened concrete", 7th International Conference Civil engineering – science and practice, Kolashin, Montenegro, March 2020.
- T. Samardzioska, V. Grujoska, S. Abazi: "Testing thermal conductivity of a liquid coating – water based acrylic mixture", 7th International Conference Civil engineering – science and practice, Kolashin, Montenegro, March 2020.
- M. Jovanovska, T. Samardzioska, V. Grujoska: "Modelling classroom acoustics using in sity measurments", 7th International Conference Civil engineering – science and practice, Kolashin, Montenegro, March 2020.
- В. Грујоска: „Лошата изолација значи и пари и загадување на атмосферата", Порта 3, издание 247, август 2016 година.
- T. Samardzioska, J. Grujoska, V. Grujoska, D. Moslavac, K. Donevska: "Effects of waste glass on properties of hardened concrete", Scientific Journal of Civil Engineering, Volume 5, Issue 1, July 2017.
- T. Samardzioska, N. Salih, V. Grujoska, M. Jovanoska: IOP Conference Series: Earth and Environmental Science, "Design of earthship for climate conditions in Macedonia", Volume 329.

Активностите поврзани со научното усовршување на кандидатката, како и списокот на објавените трудови укажуваат на ангажман на кандидатката во научноистражувачката дејност во периодот од 2015 година до денес во областа на градежните материјали, градежната физика и енергетската ефикасност на објекти. Досегашната стручна и научноистражувачка дејност на кандидатката м-р Весна Грујоска, дипл. град. инж., не е насочена кон научната област во согласност со објавениот конкурс.

Во однос на стручно-апликативната дејност кандидатката м-р Весна Грујоска, дипл. град. инж., има наведено дека од 2013 година до денес учествува како соработник на проекти во фирма за проектирање „Пеком" – Струга, меѓутоа во доставената документација нема приложено листа на проекти.

Во согласност со член 24 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 411, 5 ноември 2018 година) за избор во звањето асистент, а во согласност со општите услови за избор од Законот за високото образование, кандидатот треба да достави уверение или сертификат за познавање на англиски, француски или германски јазик издаден од Филолошкиот факултет „Блаже Конески" при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, за ниво Б2 според Европската јазична рамка на Советот на Европа, или соодветен сертификат за истото ниво издаден од официјален европски тестатор, член на здружението АЛТЕ на европски тестатори. Кандидатката м-р Весна Грујоска, дипл. град. инж., има доставено Уверение за активно познавање на англискиот јазик издадено од Филолошкиот факултет „Блаже Конески". Уверението е издадено на 18.9.2015 година и има важност од 1 година. Уверението е издадено за учество на конкурс за трет циклус на студии. Во согласност со наведеното, може да се нотира дека на кандидатката ѝ недостасува важечко и валидно уверение или сертификат за познавање на јазик за ниво Б2 според Европската јазична рамка на Советот на Европа.

## IV. ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната доставена документација, членовите на Рецензентската комисија констатираа дека на објавениот конкурс за избор на еден асистент во научната област 20719 *Организација и економика во градежништвото и водостопанството* и 20720 *друго*, во предвидениот рок, се пријавија кандидатите: м-р Гоце Велески, дипл. град. инж.; м-р Васко Гацевски, дипл. град. инж. и м-р Весна Грујоска, дипл. град. инж.

Во согласност со доставената документација, рецензентската комисија констатира дека кандидатите: м-р Гоце Велески, дипл. град. инж., и м-р Весна Грујоска, дипл. град. инж., не ги исполнуваат општите услови за избор во асистент предвидени во согласност со Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и Законот за високо образование.

Во согласност со работниот ангажман на кандидатот м-р Васко Гацевски, дипл. град. инж., како инженер на градилиште при изведба на објект, Комисијата оценува дека кандидатот се има здобиено со практично искуство од научната област во согласност со објавениот конкурс. Рецензентската комисија, при донесувањето на својот заклучок, особено внимание обрна на анализата на научноистражувачката работа на кандидатите. Научноистражувачката работа на кандидатот м-р Васко Гацевски, дипл. град. инж., изборот на темата за магистерски труд, како и објавените трудови, во добар дел се поклопува со областа на овој конкурс.

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатот, како и врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност на м-р Васко Гацевски, дипл. град. инж. Комисијата заклучи дека м-р Васко Гацевски, дипл. град. инж., поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избран во соработничкото звање - асистент.

Според гореизнесеното, Комисијата едногласно му предлага на Наставно-научниот совет на Градежниот факултет во Скопје, кандидатот м-р Васко Гацевски, дипл. град. инж., да го избере во соработничко звање – асистент во научната област 20719 *организација и економика во градежништвото и водостопанството* и 20720 *друго* при Градежниот факултет во Скопје.

**Рецензентска комисија**

**Вонр. проф. д-р Маријана Лазаревска,**
**Градежен факултет – Скопје с.р.**
**Вонр. проф. д-р Гоце Тасески, Градежен факултет – Скопје с.р.**
**Проф. д-р Златко Србиноски, Градежен факултет – Скопје с.р.**

# ОБРАЗЕЦ 1
## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:**
Гоце Љубчо Велески
**Институција:**
Градежен факултет - Скопје
**Научна област:**
20719 организација и економика во градежништво и водостопанство, 20720 друго

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ/АСИСТЕНТ ИСТРАЖУВАЧ**

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Има завршено прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити | ДА |
| 2 | Стекнат назив – магистер од соодветната област<br>Назив на научната област: магистер по технички науки од областа на градежништвото | ДА |
| 3 | Остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на првиот циклус и вториот циклус на академски студии посебно<br>Просечниот успех на прв циклус изнесува: 8,84<br>Просечниот успех на втор циклус изнесува: 9,83 | ДА |
| 4 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик: англиски<br>2. Назив на документот: Сертификат за посетен и успешно завршен курс по англиски јазик, Б2<br>3. Издавач на документот: SBOH НОВА ДООЕЛ Прилеп<br>4. Датум на издавање на документот: 15.9.2020 година | НЕ |

**Рецензентска комисија**

**Вонр. проф. д-р Маријана Лазаревска, Градежен факултет – Скопје с.р.**
**Вонр. проф. д-р Гоце Тасески, Градежен факултет – Скопје с.р.**
**Проф. д-р Златко Србиноски, Градежен факултет – Скопје с.р.**

## О Б Р А З Е Ц 1
## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:**
Васко Никола Гацевски
**Институција:**
Градежен факултет - Скопје
**Научна област:**
20719 организација и економика во градежништво и водостопанство, 20720 друго

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ/АСИСТЕНТ ИСТРАЖУВАЧ**

| **Ред. број** | **ОПШТИ УСЛОВИ** | **Исполнетост на општите услови да/не** |
|---|---|---|
| 1 | Има завршено прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити | ДА |
| 2 | Стекнат назив – магистер од соодветната област<br>Назив на научната област: магистер по технички науки од областа на градежништвото | ДА |
| 3 | Остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на првиот циклус и вториот циклус на академски студии посебно<br>Просечниот успех на прв циклус изнесува: 8,00<br>Просечниот успех на втор циклус изнесува: 9,94 | ДА |
| 4 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик: англиски<br>2. Назив на документот: Уверение, ниво Ц1<br>3. Издавач на документот: Филолошки факултет „Блаже Конески“ Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“<br>4. Датум на издавање на документот: 4.12.2020 година | ДА |

**Рецензентска комисија**

**Вонр. проф. д-р Маријана Лазаревска, Градежен факултет – Скопје с.р.**
**Вонр. проф. д-р Гоце Тасески, Градежен факултет – Скопје с.р.**
**Проф. д-р Златко Србиноски, Градежен факултет – Скопје с.р.**

# О Б Р А З Е Ц 1
# ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:**
Весна Петко Грујоска
**Институција:**
Градежен факултет - Скопје
**Научна област:**
20719 организација и економика во градежништво и водостопанство, 20720 друго

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ/АСИСТЕНТ ИСТРАЖУВАЧ

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Има завршено прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити | ДА |
| 2 | Стекнат назив – магистер од соодветната област<br>Назив на научната област: магистер по технички науки од областа на градежништвото | ДА |
| 3 | Остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на првиот циклус и вториот циклус на академски студии посебно<br>Просечниот успех на прв циклус изнесува: 8,02<br>Просечниот успех на втор циклус изнесува: 9,66 | ДА |
| 4 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик: англиски<br>2. Назив на документот: Уверение за учество на конкурс за трет циклус на студии, за активно познавање на англиски јазик<br>3. Издавач на документот: Филолошки факултет „Блаже Конески“ - Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“<br>4. Датум на издавање на документот: 18.9.2015 година | НЕ |

**Рецензентска комисија**

**Вонр. проф. д-р Маријана Лазаревска, Градежен факултет – Скопје с.р.**
**Вонр. проф. д-р Гоце Тасески, Градежен факултет – Скопје с.р.**
**Проф. д-р Златко Србиноски, Градежен факултет – Скопје с.р.**

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ ВО НАУЧНАТА ОБЛАСТ ПАТИШТА И АЕРОДРОМИ, ПЛАНИРАЊЕ НА СООБРАЌАЈОТ, БЕЗБЕДНОСТ ВО СООБРАЌАЈОТ И ДРУГО НА ГРАДЕЖНИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Градежниот факултет во Скопје, на седницата одржана на 28.11.2020 година, донесе Одлука бр. 02-2/91-230 од 9.12.2020 за формирање Рецензентска комисија за избор на еден соработник во соработничко звање – асистент во научната област патишта и аеродроми, планирање на сообраќајот, безбедност во сообраќајот и друго, а врз основа на конкурсот објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Лајме“ од 01.12.2020 година, во состав: 1. д-р Слободан Огњеновиќ, вонреден професор, Градежен факултет – Скопје, претседател; 2. д-р Горан Мијоски, вонреден професор, Градежен факултет – Скопје, член; 3. д-р Дарко Мославац, редовен професор, Градежен факултет – Скопје, член.

На распишаниот конкурс се пријави кандидатот м-р Ристе Ристов, дипл. град. инж.

По прегледот на конкурсните материјали и по темелната анализа, на Наставно-научниот совет на Градежниот факултет во Скопје го поднесеме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

1. Кандидатот м-р Ристе Ристов е роден на 9.2.1982 година во Велес. Основно и средно образование завршил во Кавадарци со одличен/многу добар успех. Во академската 2000/2001 година се запишал на Градежниот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на студиската програма градежништво, насока: патишта. Првиот циклус студии го завршил на 10.03.2006 година, со просечна оценка 8,00, со што се стекнал со стручниот назив дипломиран градежен инженер. Насловот на дипломската работа му бил ,,Идејно решение на патен јазол Стајковци“ и ја изработил под менторство на проф. д-р Радојка Дончева. Во 2008 година се запишал на втор циклус студии на Градежниот факултет во Скопје, на студиската програма градежништво. Предвидените испити ги положил со просечна оценка 9,55. Магистерскиот труд, насловен „Планирање на заштита од сообраќајна бучава во проектната документација“, го работел под менторство на проф. д-р Радојка Дончева и успешно го одбранил на 06.04.2012 година, со што се стекнал со научниот назив магистер на технички науки на 23.05.2012 година, со просечна оценка 9,55.

Странски јазик: англиски јазик

Кандидатот има објавено 17 научни и стручни трудови во научни и стручни списанија во земјава и во странство од кои позначајни се:

- Riste Ristov, Slobodan Ognjenović, Ivana Nedevska: Metode i tehničke mere za povećanje sigurnosti u saobraćaju, Beograd, 2016
- Riste Ristov, Slobodan Ognjenović, Radojka Dončeva, Ivana Nedevska: Implementation of RSA in the design process of the state road A1, section Drenovo-Gradsko, TTS Bitola, 2018
- Riste Ristov, Slobodan Ognjenović, Ivana Nedevska, Zlatko Zafirovski: Reconstructrion of the protective barrier on the highways in the Republic of North Macedonia pursuant to the MKS EN 1317 standard, https://www.e3s-conferences.org/articles/e3sconf/abs/2019/64/e3sconf_catpid18_01004/e3sconf_catpid18_01004.html, E3S Web of Conferences 138, 01004 (2019),

- Slobodan Ognjenovic, Tatiana Sazonova, Riste Ristov, Ivana Nedevska and Anton Kibkalo. Traffic safety as a factor of improving logistics in construction sector, TTRACEE 2016, Rusia 2016
- Slobodan Ognjenovic, Vladimir Okrepilov, Riste Ristov, Jovan Papic: Calibration of the rutting model in HDM 4 on the highway network in Macedonia, HRC 2017, Rusia 2017

Кандидатот учествувал во изработка на голем број проекти за патишта, градски сообраќајници, сообраќајна сигнализација и опрема како одговорен проектант или соработник од кои позначајни се:

06.10-05.13 Автопат „Миладиновци-Св. Николе-Штип" L=47.6 км
01.13-05.14 Експресен пат Раец - Градско L=34.0km
01.14-10.15 Државен пат А4, делница: Штип - Радовиш L=40.4 км
08.18-05.20 Mall of Pristina - Градежно решение
- Булеварско решение L=1.0 км
- Сервисна улица L=2.0 км
- Паркинг платоа А=9000 $м^2$
01.19-10.20 Автопат А1/А2/А4 Миладиновци-Хиподром-Петровец L=40.0 км
08.20-11.20 Клучка Табановце - ГП Табановце L=2.0 км

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација на кандидатите, членовите на Рецензентската комисија констатираа дека на објавениот конкурс се пријави кандидатот м-р Ристе Ристов, дипл. град. инж.

Кандидатот м-р Ристе Ристов, дипл. град. инж. ги исполнува сите услови од конкурсот,Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Рецензентската комисија едногласно му предлага на Наставно-научниот совет на Градежниот факултет во Скопје, кандидатот м-р Ристе Ристов, дипл. град. инж. да го избере во соработничко звање – асистент во научната област патишта и аеродроми, планирање на сообраќајот, безбедност во сообраќајот и друго при Градежниот факултет во Скопје.

**Рецензентска комисија**

**Вонр. проф. д-р Слободан Огњеновиќ с.р.**
**Вонр. проф. д-р Горан Мијоски с.р.**
**Проф. д-р Дарко Мославац с.р.**

# ОБРАЗЕЦ 1

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** ***РИСТЕ ЗДРАВКО РИСТОВ***
(име, татково име и презиме)
**Институција:** ***ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ***
(назив на факултетот/институтот)
**Научна област:** ***ГРАДЕЖНИШТВО - ПАТИШТА***

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ/АСИСТЕНТ ИСТРАЖУВАЧ**

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Има завршено прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити | да |
| 2 | Стекнат назив – магистер од соодветната област<br>Назив на научната област: градежништво. | да |
| 3 | Остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на првиот циклус и вториот циклус на академски студии посебно<br>Просечниот успех на прв циклус изнесува: 8,00<br>Просечниот успех на втор циклус изнесува: 9,55 | да |
| 4 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик: англиски<br>2. Назив на документот: Уверение<br>3. Издавач на документот: УКИМ Филолошки факултет<br>4. Датум на издавање на документот 01.10.2014 година | да |

**Рецензентска комисија**

**Вонр. проф. д-р Слободан Огњеновиќ с.р.**
**Вонр. проф. д-р Горан Мијоски с.р.**
**Проф. д-р Дарко Мославац с.р.**

# РЕФЕРАТ
## ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ ВО НАУЧНАТА ОБЛАСТ ХИДРОТЕХНИЧКИ ОБЈЕКТИ (20717), ЕНЕРГЕТСКО ИСКОРИСТУВАЊЕ НА ВОДИТЕ (20718) И ДРУГО (20720) – ВОДОСТОПАНСКИ СИСТЕМИ, ЕКОЛОШКИ АСПЕКТИ НА АКУМУЛАЦИИ И ЈАЛОВИШТА ВО КАТЕДРАТА ЗА ХИДРОТЕХНИЧКИ ОБЈЕКТИ НА ГРАДЕЖНИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Градежниот факултет во Скопје, на седницата одржана на 9.12.2020 година година, донесе Одлука бр. 02-2/91-231 за формирање Рецензентска комисија за избор на еден соработник во соработничко звање – асистент во научната област хидротехнички објекти (20717), енергетско искористување на водите (20718) и друго (20720) - водостопански системи, еколошки аспекти на акумулации и јаловишта, економика на водни ресурси, а врз основа на конкурсот објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Лајме“ од 1.12.2020 година, во состав: 1. д-р Љупчо Петковски, професор, Градежен факултет – Скопје, претседател; 2. д-р Стевчо Митовски, вонреден професор, Градежен факултет – Скопје, член; 3. д-р Јован Б. Папиќ, вонреден професор, Градежен факултет – Скопје, член.

На распишаниот конкурс се пријави кандидатката м-р Фросина Пановска, д. град. и.

По прегледот на конкурсните материјали и по темелната анализа, на Наставно-научниот совет на Градежниот факултет во Скопје го поднесуваме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Кандидатката е родена на 24.8.1994 год. во Скопје, каде што го завршила основното и средното образование со одличен успех. Во академската 2012/2013 година се запишала на Градежниот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ на студиската програма Градежништво, модул Хидротехника. Првиот циклус на студии на тригодишната студиска програма по градежништво (180 ЕКТС), модул хидротехника, го завршила во 2016 година со просечен успех 8,69 (во доставената документација е приложена копија од дипломата), со што се стекнала со стручниот назив дипломиран градежен инженер. Дипломската работа со наслов „Мала хидроцентрала на Габровничка река, с. Доброште, Тетово“ ја изработила под менторство на вонр. проф. д-р Стевчо Митовски. Во текот на студиите на прв циклус била корисник на стипендија од Министерството за образование и наука на Р. Македонија.

Во академската 2016/2017 година се запишала на втор циклус студии на Градежниот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, на студиската програма хидротехника. Вториот семестар од постдипломските студии го поминува на Градежниот факултет во рамки на Техничкиот универзитетот во Брно, Република Чешка, во рамки на Erazmus програмата. Предвидените испити на вториот циклус на студии ги положила со просечна оценка 9,45 (во доставената документација е приложена копија од дипломата за завршени постдипломски студии). Магистерскиот труд, со наслов „Симулационен модел за анализа на повеќе-акумулационен хидроенергетски систем“, го работела под менторство на вонр. проф. д-р Стевчо Митовски и успешно го одбранила на 9.4.2019 година, со што се стекнала со научниот назив магистер на технички науки од областа на градежништвото.

Кандидатката била вклучена во наставно-образовната дејност на Градежниот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ како демонстратор на Катедрата за

хидраулика, хидрологија и уредување на водотеците во период февруари 2016 - јуни 2016 година, на Катедрата за геотехника во период септември 2018 - јуни 2019 година и на Катедрата за хидротехнички објекти во период септември 2017 - јуни 2019 година.

Од странски јазици, одлично го владее англискиот јазик, додека има солидно познавање на францускиот, шпанскиот и српскиот јазик.

Во периодот додека активно учествува во активностите на Катедрата за хидротехнички објекти како демонстратор и соработник истражувач, кандидатката континуирано се надградува и на научен план. Имено, кандидатката м-р Фросина Пановска, како автор и коавтор, има објавено 6 научни труда:

[1] **Пановска Ф.**, Дојчиновска О., Лефкова И., Крстевски В., „Статичка анализа на браната Ксинго“, 4-ти Конгрес на големи брани, Зборник на трудови, септември 2017 година, ISBN 978-608-65373-6-4;

[2] Bogatinoska B., **Panovska F.**, Grupcheva A., Ivanovska S., Kondinski D., Mitovski S., Petkovski L., “Static analysis of Gratche arch dam – A Case study”, 5th International Symposium on Dam Safety, October, 2018, Istanbul, Turkey, e-Proceedings, Volume 1, ISBN: 978-9444-0782-7-6;

[3] **Panovska F.**, Mitovski, S., Petkovski, L., ‘Simulation models on multi reservoir system planning’, 16th Water Management & Hydraulic Engineering Symposium, September, 2019, Skopje, North Macedonia, ISBN 978-608-4510-33-8;

[4] **Пановска Ф.**, Митовски С., Петковски Љ., „Анализа на капацитетот за производство на електрична енергија кај повеќеакумулациски водостопански систем“, 12-то Советување за водостопанство и хидротехника, Скопје, РС Македонија, октомври, 2019 год., Зборник на трудови, ISBN 978-608-65373-8-8;

[5] Mitovski S., Petkovski L., Kokalanov G., Kokalanov V. and **Panovska F.**, “Seismic analysis of Pine Flat concrete dam”, 15th ICOLD International Benchmark Workshop on Numerical Analysis of Dams, 9-11th September, 2019, Milano, Italy, Lecture Notes in Civil Engineering, Numerical Analysis of Dams, Proceedings, Springer Edition, ISBN 978-3-030-51084-8;

[6] Petkovski L., Mitovski S., **Panovska F.**, “Seismic Behavior of a Bituminous-Faced Rock-Fill Dam: The Menta Dam”, 15th ICOLD International Benchmark Workshop on Numerical Analysis of Dams, 9-11th September, 2019, Milano, Italy, Lecture Notes in Civil Engineering, Numerical Analysis of Dams, Proceedings, Springer Edition, ISBN 978-3-030-51084-8.

Кандидатката е член на Здружението Македонски комитет за големи брани и на Друштвото за геотехника на Македонија, и има учествувано во организација на научно-стручно собири од страна на наведените здруженија.

Кандидатката била ангажирана како хонорарен соработник во ЖИКОЛ-Скопје, ГЕИНГ-Скопје и Хидро Енерго Инженеринг (ХЕИ) – Скопје, каде работела на проекти од област на хидротехниката. Од март 2019 година е вработена во „Градежен институт – Македонија“, Скопје.

Од стандардните апликативни програмски пакети има напредни познавања на Microsoft Office, CorelDRAW, Inkscape, Autodesk AutoCAD и Autodesk Civil 3D, како и на специјализираните програмски пакети: HEC RAS, HEC ResSim, GEO5, WaterGEMS, Epanet, GeoSlope, Wordpress, ArcGIS и MATLAB.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната доставена документација на кандидатите, членовите на Рецензентската комисија констатираа дека на објавениот конкурс се пријави кандидатката м-р Фросина Пановска, дипл. град. инж.

Кандидатката м-р Фросина Пановска, дипл. град. инж. ги исполнува сите услови од конкурсот, Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Рецензентската комисија едногласно му предлага на Наставно-научниот совет на Градежниот факултет во Скопје, кандидатката м-р Фросина Пановска, дипл. град. инж. да ја избере во соработничко звање – асистент во научната област хидротехнички објекти (20717), енергетско искористување на водите (20718) и друго (20720) - водостопански системи, еколошки аспекти на акумулации и јаловишта, економика на водни ресурси, при Градежниот факултет во Скопје.

**Рецензентска комисија**
**Проф. д-р Љупчо Петковски,**
**Градежен факултет - Скопје, с.р.**
**Вонр. проф. д-р Стевчо Митовски,**
**Градежен факултет - Скопје, с.р.**
**Вонр. проф. д-р Јован Б. Папиќ,**
**Градежен факултет - Скопје, с.р.**

# О Б Р А З Е Ц 1
## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** Фросина Александар Пановска
**Институција:** Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Градежен факултет - Скопје, Катедра за хидротехнички објекти
**Научна област:** хидротехнички објекти (20717), енергетско искористување на водите (20718) и друго (20720) - водостопански системи, еколошки аспекти на акумулации и јаловишта, економика на водни ресурси

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ/АСИСТЕНТ ИСТРАЖУВАЧ

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Има завршено прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити | Да |
| 2 | Стекнат назив – магистер од соодветната област<br>Назив на научната област: хидротехнички објекти (20717), енергетско искористување на водите (20718) и друго (20720) - водостопански системи, еколошки аспекти на акумулации и јаловишта | Да |
| 3 | Остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на првиот циклус и вториот циклус на академски студии посебно<br>Просечниот успех на прв циклус изнесува: 8,69<br>Просечниот успех на втор циклус изнесува: 9,45 | Да |
| 4 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик: англиски<br>2. Назив на документот: Test of english as a foreign language internet based test (TOEFL IBT)<br>3. Издавач на документот: Test of english as a foreign language internet based test (TOEFL)<br>4. Датум на издавање на документот: јули 2019 година | Да |

**Рецензентска комисија**

**Проф. д-р Љупчо Петковски,**
**Градежен факултет - Скопје, с.р.**
**Вонр. проф. д-р Стевчо Митовски,**
**Градежен факултет - Скопје, с.р.**
**Вонр. проф. д-р Јован Б. Папиќ,**
**Градежен факултет - Скопје, с.р.**

# Р Е Ф Е Р А Т
## ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ЧЕЛИЧНИ КОНСТРУКЦИИ – 20707, ДРУГО – 20720 НА ГРАДЕЖНИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Градежен факултет - Скопје, објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Лајме“ од 1.12.2020 година, за избор на соработничко звање - асистент во наставно-научната област челични конструкции – 20707, друго - 20720, врз основа на Одлуката број 02-2/91-229 од 9.12.2020 донесена на 498. седница на Наставно-научниот совет, одржана на 9.12.2020 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: 1. д-р Денис Поповски, вонреден професор, Градежен факултет – Скопје, претседател; 2. д-р Миле Партиков, доцент, Градежен факултет – Скопје, член; 3. д-р Сергеј Чурилов, вонреден професор, Градежен факултет – Скопје, член.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледот на доставената документација и темелната анализа, на Наставно-научниот совет на Градежниот факултет - Скопје го поднесуваме следниов

**ИЗВЕШТАЈ**

На објавениот конкурс за избор во соработничко звање - асистент во научната област челични конструкции – 20707, друго - 20720, во предвидениот рок се пријави кандидатот м-р Владимир Дамјановски, дипл. град. инж.

### 1. Биографски податоци и образование

Кандидатот м-р Владимир Дамјановски, дипл. град. инж., е роден на 31.8.1990 година во Скопје. Основното образование го завршил во ОУ „11 Октомври“ во Скопје. Средното образование го завршил, исто така, во Скопје во СУГС „Георги Димитров“, на природно-математичката насока.

На Градежниот факултет - Скопје се запишал во учебната 2009/2010 година. Дипломската работа, ,,Проект за висечки мост со спрегнат коловоз“, изработена под менторство на проф. д-р Петар Цветановски, успешно ја одбрани и дипломира на 7.2.2014 година, со просечен успех 8,20.

Во учебната 2013/2014 година се запиша на втор циклус на студии на Градежниот факултет - Скопје, на конструктивната насока и ги положи сите предвидени предметни програми со просечен успех 9,50. Магистерскиот труд со наслов „Експериментално и аналитичко истражување на однесување на цилиндрични чеп мождaници кај подолжно поставени лимови со различна профилација“, изработена под менторство на проф. д-р Петар Цветановски, успешно ја одбрани на 17.4.2019 година, со што се стекна со право на научен назив – магистер на технички науки од областа на градежништвото.

По дипломирањето до денес, кандидатот м-р Владимир Дамјановски, дипл. град. инж., е ангажиран како соработник на Катедрата за метални конструкции во реализирањето на наставата, научноистражувачката и стручната дејност. Кандидатот, м-р Владимир Дамјановски, дипл. град. инж., од дипломирањето, во континуитет, учествувал во реализација на наставата (вежбите) по предметните програми од Катедрата за метални конструкции основи на челични конструкции, челични конструкции на згради, алуминиумски конструкции, челични мостови, спрегнати конструкции, испитување на конструкции, специјални метални конструкции, челични покривни конструкции со големи распони и челични конструкции за студентите од Архитектонскиот факултет.

Во јуни 2020 година, се вработува во компанијата БИТЕМ ДООЕЛ Скопје, како одговорен инженер во организирање на изведба на објекти, водење на тендерска

документација и изработка на проектна документација. Во периодот од вработувањето до денес, кандидатот учествува во реализација на вежбите по предметите специјални метални конструкции, челични конструкции со големи распони и челични конструкции за студентите од Архитектонскиот факултет.

Кандидатот активно го владее англискиот јазик и има познавање од германскиот јазик, со потврда за познавање на англискиот јазик од страна на The University of Michigan, English Language Institute од 19.5.2007 година.

Кандидатот е автор или коавтор на девет научноистражувачки трудови, рецензирани и објавени во зборник на научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на уредувачкиот одбор се од најмалку три земји, при што бројот од една земја не надминува две третини од вкупниот број на членови. Од доставените трудови ги издвојуваме побитните:

1. Investigation of load and slip capacity of headed stud connectors in composite slabs for buildings, Cvetanovski P., Popovski D., Partikov M., **Damjanovski V.**, Annual of the University of Architecture, Civil engineering and Geodesy, Sofia, Bulgaria, 2017.
2. Experimental and analytical reearch of post installed anchors in nn-reinforced concrete loaded with tension force, Denkovski D., Popovski D., **Damjanovski V.**, MASE 18 International Symposium, Ohrid, Macedonia, 2019.
3. Testing the extraction of anchors in existing concrete slab, **Damjanovski V.**, Kocovski E., Popovski D., Partikov M., MASE 16 International Symposium, Ohrid, Macedonia, 2015.
4. Basic project for the industrial capacity complex of Technical Textile in DITZ Stip, Popovski D., Partikov M., **Damjanovski V.**, Cvetanovski P., MASE 17 International Symposium, Ohrid, Macedonia, 2017.

За последниот труд, на кандидатот му е доделено признание за најдобро остварување во градежното конструкторство во периодот од 2015 до 2016 година, во категоријата за проектирање на конструкции.

Исто така, кандидатот м-р Владимир Дамјановски, дипл. град. инж., има учествувано во 26 основни проекти, испитување на две мостовски конструкции, студија за обновување на испитна станица за столбови, бил учесник во надзор на пет конструкции и учествувал во изведба на осум објекти, од кои како побитни ги издвојуваме следниве:

1. Основен проект за индустриски капацитет на комплексот Техникал Текстил во ТИРЗ Штип, соработник - проектант.
2. Основен проект за производна хала и административна зграда во ТИРЗ Жабени, Битола, соработник - проектант.
3. Испитување и изработка на елаборат за мостовски конструкции во село Ињево и радовиш, соработник.
4. Студија за обновување на испитна станица за столбови за потребите на МЕПСО, соработник.

## 2. ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Кандидатот м-р Владимир Дамјановски, дипл. град. инж., ги исполнува сите услови од конкурсот, Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија едногласно му предлага на Наставно-научниот совет на Градежниот факултет во Скопје, кандидатот м-р Владимир Дамјановски, дипл. град. инж., да биде избран во соработничкото звање - асистент од научната област челични конструкции – 20707 и друго - 20720.

**Рецензентска комисија**

**Вонр. проф. д-р Денис Поповски, с.р.**
**Градежен факултет – Скопје (претседател)**
**Доц. д-р Миле Партиков, с.р.**
**Градежен факултет – Скопје (член)**
**Вонр. проф. д-р Сергеј Чурилов, с.р.**
**Градежен факултет – Скопје (член)**

**О Б Р А З Е Ц 1**
**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

**Кандидат:** Владимир Зоран Дамјановски

**Институција:** Градежен факултет - Скопје

**Научна област:** челични конструкции – 20707 и друго - 20720

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ**

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Има завршено прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити | **Да** |
| 2 | Стекнат назив – магистер по технички науки<br>Назив на научната област: градежништво. | **Да** |
| 3 | Остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на првиот циклус и вториот циклус на академски студии посебно<br><br>Просечниот успех на прв циклус изнесува: 8,20<br><br>Просечниот успех на втор циклус изнесува: 9,50 | **Да** |
| 4 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик: англиски јазик<br>2. Назив на документот: Certificate of Competency in English<br>3. Издавач на документот: The University of Michigan, English Language Institute<br>4. Датум на издавање на документот: 19.5.2007 година | **Да** |

**Рецензентска комисија**

**Вонр. проф. д-р Денис Поповски, с.р.**
**Доц. д-р Миле Партиков, с.р.**
**Вонр. проф. д-р Сергеј Чурилов, с.р.**

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ ВО НАУЧНАТА ОБЛАСТ 20710 ЖЕЛЕЗНИЦИ, 20711 ТУНЕЛИ, 22005 ПЛАНИРАЊЕ НА СООБРАЌАЈОТ И 20720 ДРУГО НА КАТЕДРАТА ЗА ЖЕЛЕЗНИЦИ НА ГРАДЕЖНИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Градежниот факултет во Скопје, на седницата одржана на 9.12.2020 година, донесе Одлука бр. 02-2/91-228 за формирање Рецензентска комисија за избор на еден соработник во соработничко звање – асистент во научната област 20710 железници, 20711 тунели, 22005 планирање на сообраќајот и 20720 друго на Катедрата за железници, а врз основа на конкурсот објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Лајме“ од 1.12.2020 година, во состав: 1. д-р Зоран Кракутовски, редовен професор, Градежен факултет – Скопје, претседател; 2. д-р Дарко Мославац, редовен професор, Градежен факултет – Скопје, член и д-р Златко Зафировски, вонреден професор, Градежен факултет –Скопје, член.

По прегледот на конкурсните материјали и по темелната анализа, на Наставно-научниот совет на Градежниот факултет во Скопје го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Кандидатката Ивона Недевска е родена на 11.1.1992 година во Скопје. Основно и средно образование завршила во Скопје со одличен успех. Во академската 2010/2011 се запишала на додипломски студии на Градежниот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на студиската програма градежништво, насока: патишта и железници. Првиот циклус студии го завршил на 10.10.2014 година, со просечна оценка 9,52, со што се стекнала со стручниот назив дипломиран градежен инженер. Насловот на дипломската работа бил ,,Претпроект на железничка пруга Битола – Мешеишта“ и ја изработила под менторство на проф. д-р Зоран Кракутовски. Во 2014/2015 година се запишала на втор циклус студии на Градежен факултет во Скопје, на студиската програма градежништво – транспортна инфраструктура. Предвидените испити ги положила со просечна оценка 10,00. Магистерскиот труд, насловен ,,Примена на различни методи за мултикритериумски анализи за вреднување и критичка споредба кај проекти од транспортна инфраструктура“, го работела под менторство на проф. д-р Зоран Кракутовски и успешно го одбранила на 14.11.2016 година, со што се стекнала со научниот назив магистер по технички науки од областа на градежништвото на 14.11.2016 година. По дипломирањето до денес, во континуитет, кандидатот м-р Ивона Недевска, дипл. град. инж., е ангажирана како соработник на Катедрата за железници во реализирањето на наставата, научноистражувачката и стручната дејност.
Странски јазик: Сертификат за познавање француски и англиски јазик.
Кандидатот е автор или коавтор на десет научноистражувачки трудови, рецензирани и објавени во зборник на научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на уредувачкиот одбор се од најмалку три земји, при што бројот од една земја не надминува две третини од вкупниот број на членови:

1. Feasibility Study on Railway From Urban Zone Bitola to Urban Zone Mesheishta, Ivona Nedevska, Zoran Krakutovski, Darko Moslavac, Zlatko Zafirovski, Ivana Nedevska, Aug 2015, Elsevier Ltd.

2. Longitudinal data for modeling urban mobility on long term, Zoran Krakutovski, Zlatko Zafirovski, Ivona Nedevska, May 2016 - UKLO Repository – Transport for Today’s society.
3. Application of different methods of Multicriteria Analysis for railway route selection Ivona Nedevska, Zoran Krakutovski, Zlatko Zafirovski 2017, Tehnika.
4. Мултикритериумски анализи за евалуација и критичка споредба на проекти од транспортна инфраструктура, Ивона Недевска, Зоран Кракутовски, Златко Зафировски, 2017 - ДГКМ- Друштво на градежни конструктори на Македонија/17-ти Меѓународен симпозиум на градежните конструктори на Македонија.
5. Validation of the hdm models forcrack initiation and development, rutting and roughness of the pavement, Slobodan Ognjenovic, Ivona Nedevska, Andrey Pustovgar, May 23, 2017 - MATEC Web of Conferences 106
6. Application of different methods of Multicriteria Analysis for evaluation and critical comparison at transport infrastructure projects, Ivona Nedevska, Zoran Krakutovski, Darko Moslavac, Zlatko Zafirovski, May 2018, UKLO Repository – Transport for Today’s society.
7. Интелигентен транспортен систем (ИТС) на Автопат А1, Ивона Недевска, Драганчо Волчески, Дарко Трајаноски, November, 2019 - First Macedonian Road Congress.
8. Влијание на пешаците на капацитетот и нивото на услуга кај кружни крстосници Ивана Недевска, Слободан Огњеновиќ, Ристе Ристов, Ивона Недевска, November, 2019 - First Macedonian Road Congress.
9. Time influence of tunnel support on the factor of safety, Ivana Nedevska, Zlatko Zafirovski, Slobodan Ognjenovic, Ivona Nedevska, Vasko Gacevski, Mar 20, 2020 - EDP Sciences, 2020.
10. Level crossings at railways, Zlatko Zafirovski, Slobodan Ognjenovic, Vasko Gacevski, Ivona Nedevska, Ivana Nedevska, Mar, 2020 - GNP 2020.

Исто така, кандидатката м-р Ивона Недевска, дипл. град. инж., има учествувано во бројни проекти, како одговорен проектант и/или соработник, од кои, како побитни, ги издвојуваме следниве:

1. Основен проект за мултифункционален комплекс – парцела 1.1, фаза подземна сообраќајница, Скопје L=750m, соработник проектант, Инвеститор: „Лимак“ ДОО Скопје и Град Скопје.
2. Основен проект за измена и дополна на основен проект за патен коридор 8 – автопат Деве Баир – Ќафасан, патна делница Требеништа – Подмоље – Охрид, на стационажа од км. 0+000,00 до км. 10+263,28, на патен премин на км. 7+356 со рекомпонирање на елементите во Патен Јазол Св. Еразмо, КО Оровник, Горни Долни Лакочереј – ВГР. Општина Охрид, проектант
3. Основен проект за девијација на локален пат за с. Кнежино за изградба на патен коридор 8 Деве Баир – Ќафасан, патна делница Кичево – Подвис км. 0+000.00 - км.10+424.89, проектант
4. Основен проект за паралелен пристапен пат Ново Село – Ботун, со приклучок на постоечки објекти за изградба на на патен коридор 8 Деве Баир – Ќафасан, патна делница Песочани – Требеништа км. 0+000.00 – км. 12+698.72, проектант
5. Основен проект за внатрешна и надворешна инфраструктура ТИРЗ Скопје 2 и ТИРЗ Скопје 3 , соработник проектант

6. Основен проект за рехабилитација на магистрални и регионални патни правци ДЕЛ 2, Книга 6 Регионален пат P2131, делница Драчево – Орешани - Таор, L = 9 km (од км 1+000 – км 10+000) , проектант
7. Основен сообраќаен проект за измена на режим на сообраќај на патен јазол Петровец, соработник проектант
8. Основен проект за изградба на локален пат с. Орман, с. Волково, с. Кучково, граничен премин Чашка, делница: Волково – Кучково во Општина Ѓорче Петров, одговорен проектант
9. Физибилити студија за реконструкција и проширување на улица „3“, улица „2“ и дел од улица „1“ од населбата Шуто Оризари до село Горно Оризари, соработник
10. Основен проект за девијација на дел од локален пат с. Слупчане – с. Руница со пристапен пат до круна на брана, проектант.

## II. ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Кандидатката м-р Ивона Недевска ги исполнува сите услови од конкурсот, Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Рецензентската комисија едногласно му предлага на Наставно-научниот совет на Градежниот факултет во Скопје, кандидатката м-р Ивона Недевска да ја избере во соработничко звање – асистент во научната област 20710 железници, 20711 тунели, 22005 планирање на сообраќајот и 20720 друго на Катедрата за железници, при Градежниот факултет во Скопје.

**Рецензентска комисија**

**Проф. д-р Зоран Кракутовски с.р.**
**Градежен факултет - Скопје**
**Проф. д-р Дарко Мославац с.р.**
**Градежен факултет - Скопје**
**Вонр. проф. д-р Златко Зафировски с.р.**
**Градежен факултет - Скопје**

# О Б Р А З Е Ц 1
# ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:**

Ивона Зоран Недевска

**Институција:**

Градежен факултет – Скопје – Универзитет „Св. Кирил и Методиј“

**Научна област:** ***20710 Железници, 20711 Тунели, 22005 Планирање на сообраќајот и 20720 Друго, на Катедрата за Железници***

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ/АСИСТЕНТ ИСТРАЖУВАЧ

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Има завршено прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити | да |
| 2 | Стекнат назив – магистер од соодветната област<br>Назив на научната област: градежништво – патишта и железници. | да |
| 3 | Остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на првиот циклус и вториот циклус на академски студии посебно<br>Просечниот успех на прв циклус изнесува: 9,52<br>Просечниот успех на втор циклус изнесува: 10,00 | да |
| 4 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик: француски јазик<br>2. Назив на документот: Сертификат (TCF*)<br>3. Издавач на документот: Амбасада на Франција во Скопје<br>4. Датум на издавање на документот: 11.6.2010 година | да |

***TCF (test de connaissance du français), тест од Министерството за образование, е еквивалент на англискиот ТОЕФЛ. Дизајнирано од CIEP (Меѓународен центар за педагошки студии), тој оценува писмено и усно разбирање во пет теста. Студентите кои аплицирале за прием го земаат TCF DAP. Ова вклучува дополнителен тест за пишан израз. Сите кандидати добиваат сертификат за резултати што ги става на едно од шесте нивоа на скалата на компетенции дефинирани од Советот на Европа.**

**Рецензентска комисија**

**Проф. д-р Зоран Кракутовски с.р.**
**Градежен факултет - Скопје**

**Проф. д-р Дарко Мославац с.р.**
**Градежен факултет, Скопје**

**Вонр. проф. д-р Златко Зафировски с.р.**
**Градежен факултет, Скопје**

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА ИЗВРШИТЕЛ – АСИСТЕНТ ВО НАУЧНАТА ОБЛАСТ МЕЃУНАРОДНА ЕКОНОМИЈА (50309) НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 173 од Законот за високото образование и членовите 33, 34, 35 и 36 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, а во врска со објавениот конкурс на 1.12.2020 година во весниците „Нова Македонија” и „Коха”, Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје, на седницата одржана на 10.12.2020 година, донесе Одлука бр. 02-2289/6 од 10.12.2020 година, со која е формирана Рецензентска комисија во состав: проф. д-р Ирена Кикеркова, редовен професор на Економскиот факултет во Скопје, проф. д-р Катерина Тошевска-Трпчевска, вонреден професор на Економскиот факултет во Скопје и проф. д-р Елена Макревска Дисоска, вонреден професор на Економскиот факултет во Скопје, за избор на извршител – асистент во научната област меѓународна економија.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на еден извршител – асистент во научната област меѓународна економија, во предвидениот рок се пријавија 2 (двајца) кандидати. Еден од пријавените кандидати ја повлече својата пријава.

Во натамошната постапка за избор остана 1 (еден) кандидат: м-р Јасна Тоновска.

Во Извештајот ќе бидат изнесени позначајните податоци за кандидатката м-р Јасна Тоновска со образложение, мислење и предлог на Комисијата до Наставно-научниот совет на Економскиот факултет.

### 11. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ И НАСТАВНО-НАУЧНИ И СТРУЧНИ КВАЛИФИКАЦИИ

Кандидатката м-р Јасна Тоновска е родена 25.2.1989 година во Скопје. Во 2007 година се запишала на Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, а дипломирала во 2011 година на студиската програма Финансиски менаџмент со просечен успех 9,84 (девет запирка осумдесет и четири), што бил трет највисок просечен успех на дипломираните студенти на Факултетот за таа учебна година. Првиот циклус студии ги завршила со изготвување и успешно бранење на дипломски труд од предметот Надворешна трговија, на тема: „Девизен систем и девизна политика на Република Македонија“, за што кандидатката м-р Тоновска го добила признанието за најдобар дипломски труд на Економскиот факултет во Скопје. Од областа меѓународна економија на првиот циклус студии, освен предметот Надворешна трговија, ги положила и предметите: Царинска политика, Меѓународен транспорт, шпедиција и осигурување и Меѓународни финансии, сите четири со оценка 10 (десет).

Во 2011 година се запишала на втор циклус студии на Економскиот факултет во Скопје, на студиската програма Монетарна економија, финансии и банкарство, на која магистрирала во 2014 година со просечен успех 10,00 (десет), на тема: „Евро-ефекти и предизвици: Случајот на Република Македонија“. На вториот циклус студии положила два предмета од областа на меѓународната економија: Меѓународни финансии (задолжителен) и Европска монетарна унија и фискална политика (изборен), двата со оценка 10 (десет).

Во 2017 година, кандидатката м-р Тоновска се запишала на трет циклус – докторски студии по економски науки на Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Според документите од нејзиното досие, кандидатката м-р Тоновска досега ги положила сите шест предмети според акредитираната програма на овој циклус студии, секој од нив со оценка 10 (десет) и го запишала третиот семестар од студиите во учебната 2020/21 година. Еден од положените изборни предмети на трет циклус студии е Меѓународна економија.

Во периодот од јануари до мај 2012 година, кандидатката работела како стручен соработник во Здружението за бакарство при Стопанската комора на Македонија. Од февруари 2013 година, како макроекономист, со специјализација во областа на меѓународната економија, се вработила како аналитичар во Отсекот за движења во надворешниот сектор во Дирекцијата за монетарна политика и истражување во Народната банка на Република Северна Македонија. На работното место, таа е директно ангажирана во макроекономските проекции на Народната банка на Република Северна Македонија, редовната анализа на платнобилансната позиција на македонската економија, следењето на надворешнотрговските движења, пресметката на реалниот ефективен девизен курс, оценката на одржливоста на надворешниот долг и на меѓународната инвестициска позиција и на адекватноста на девизните резерви.

Кандидатката м-р Тоновска учествувала на повеќе курсеви и семинари, меѓу кои позначајни се:

- Макроекономско предвидување во организација на ММФ во 2020 година;
- Управување со капиталните текови: макроекономска анализа и политики во организација на ММФ во 2018 година;
- Неконвенционални монетарни политики, во организација на Банката на Франција во 2018 година;
- Монетарна политика, Здружен виенски институт, 2017 година;
- Конкурентност, раст и кризи, Здружен виенски институт, 2017 година;
- Макроекономско управување и фискална политика, ММФ, 2016 година;
- Надворешна ранливост и политики, ММФ, 2015 година;
- Монетарна политика, девизни курсеви и движење на капиталот, Народна банка на Швајцарија, 2015 година;
- Макроекономско дијагностицирање, Здружен виенски институт, 2014 година;
- Анализи за одржливост на долгот, ММФ, 2014 година;
- Применета економска политика, Здружен виенски институт, 2013 година;
- Имплементација на економски политики во криза, XV летна школа по економија, Институт за економски науки, Белград, 2012 година.

Кандидатката м-р Тоновска има доставено уверенија и сертификати за познавање на англискиот јазик, ниво C2, издадено од University of Cambridge ESOL Examination, како и за активно познавање на германскиот јазик.

За декември 2020 година, кандидатката најавила учество на 14. Работилница за економски истражувања во Југоисточна Европа ($14^{th}$ South-Eastern European Economic Research Workshop) како коавтор на труд со наслов: „Вреднување на ефективноста на монетарната политика во Северна Македонија: Докази од Баезијанската ФАВАР рамка“ („Evaluating Monetary Policy Effectiveness in North Macedonia: Evidence from Bayesian FAVAR framework“).

Во 2017 година го објавила трудот „Анализа на задолженоста на македонскиот корпоративен сектор и на нејзиното приспособување во посткризниот период“ во Кварталниот извештај на НБРСМ, а во 2016 година го објавила трудот „Анализа на показателите за конкурентност на „Компнет“ (CompNet) – нов поглед на извозната конкурентност“, исто во Кварталниот извештај на НБРСМ.

Во 2012 година добила награда „Најдобрите од Југоисток“ (“Best of South-East”) на Шпаркасе банката.

Кандидатката м-р Тоновска има практично искуство во користење на E-Views 10 и STATA 15.

Рецензентската комисија, во однапред утврден термин, спроведе интервју со кандидатката на кое ѝ беше објаснета природата на обврските и активностите што се очекуваат, а ѝ беа и предочени законските барања во врска со кариерниот развој.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација и интервјуирањето, Рецензентската комисија оцени дека кандидатката м-р Јасна Тоновска ги исполнува конкурсните услови и има потврден капацитет за научна работа. Покрај високиот просек во текот на студиите од прв циклус, каде што дипломирала со треторангиран највисок просечен успех во генерацијата (9,84), кандидатката м-р Тоневска го стекнала и признанието за најдобар дипломски труд на Економскиот факултет во Скопје од предметот Надворешна трговија. Кандидатката завршила втор циклус студии - Монетарна економија, финансии и банкарство, со просечен успех 10,00 (десет) и магистрирала на тема: „Евро-ефекти и предизвици: Случајот на Република Македонија“. Магистерскиот труд во целост се поклопува со областа меѓународна економија. На трет циклус студии пријавила работна тема на докторската дисертација на тема: „Меѓународни текови на капитал: двигатели, ефекти и политики за управување“, што повторно се вклопува во научната област меѓународна економија.

Поради тоа, Комисијата смета дека кандидатката може успешно да ги извршува наставно-научните задолженија од областа на меѓународната економија. Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатката, Комисијата заклучи дека м-р Јасна Тоновска ги исполнува условите според Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје, кандидатката м-р Јасна Тоновска да биде избрана за асистент во научната област меѓународна економија.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Ирена Кикерков, с.р.**
**Проф. д-р Катерина Тошевска-Трпчевска, с.р.**
**Проф. д-р Елена Макревска Дисоска, с.р.**

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ/АСИСТЕНТ ИСТРАЖУВАЧ**

| **Ред. број** | **ОПШТИ УСЛОВИ** | **Исполнетост на општите услови да/не** |
|---|---|---|
| 1 | Има завршено прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити | **да** |
| 2 | Стекнат назив – магистер од соодветната област<br>Назив на научната област: меѓународна економија | **да** |
| 3 | Остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на првиот циклус и вториот циклус на академски студии посебно<br><br>Просечниот успех на прв циклус изнесува: 9,84 (девет запирка осумдесет и четири)<br><br>Просечниот успех на втор циклус изнесува: 10,00 (десет) | **да** |
| 4 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик: англиски јазик<br>2. Назив на документот: Level 3 Certificate in English (ESOL)<br>3. Издавач на документот: Универзитетот од Кембриџ<br>4. Датум на издавање на документот: 2007 година | **да** |

# Р Е Ф Е Р А Т
# ЗА ИЗБОР НА ДВАЈЦА ИЗВРШИТЕЛИ – СОРАБОТНИЦИ АСИСТЕНТИ ВО НАУЧНАТА ОБЛАСТ ПРИМЕНЕТА ЕКОНОМИЈА НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 173 од Законот за високото образование и членовите 33, 34, 35 и 36 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, а во врска со објавениот конкурс на 1.12.2020 година во весниците „Нова Македонија” и „Коха”, Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје, на седницата одржана на 10.12.2020 година, донесе Одлука бр. 02-2289/7 од 10.12.2020 година, со која е формирана Рецензентска комисија за избор на двајца соработници – асистенти во научната област применета економија, во состав: проф. д-р Предраг Трпески, редовен професор, Економски факултет - Скопје, проф. д-р Игор Ивановски, вонреден професор, Економски факултет - Скопје и проф. д-р Билјана Ташевска, вонреден професор, Економски факултет - Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето и анализирањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на двајца извршители – соработници асистенти во научната област применета економија, во предвидениот рок се пријавија 4 (четири) кандидати: д-р Викторија Атанасовска-Новески, м-р Александар Давчев, м-р Кристијан Кожески и м-р Филип Пеовски. Во Извештајот ќе бидат изнесени позначајните биографски податоци за кандидатите, нивното образование, наставно-научни и стручни квалификации според азбучен редослед на нивното презиме, со образложение, мислење и предлог на Комисијата до Наставно-научниот совет на Економскиот факултет.

### 12. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ, ОБРАЗОВАНИЕ, НАСТАВНО-НАУЧНИ И СТРУЧНИ КВАЛИФИКАЦИИ

*Кандидатката д-р Викторија Атанасовска-Новески* е родена 26.11.1982 година во Скопје. Во 2001 година се запишала на Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, а дипломирала во 2005 година на студиската програма Финансиски менаџмент со просечен успех 10,00. Во 2006 година се запишала на втор циклус студии на Универзитетот Стафордшир, Велика Британија и во 2007 година се стекнала со научен степен магистер по економија за бизнис-анализа со исклучителен успех (просечен успех 13,42/15). На истиот универзитет во 2010 година се стекнала со постдипломски сертификат за истражувачки методи, а во 2015 година го одбранила својот докторат на тема „Ефикасност и пазарно учество во банкарскиот сектор на Југоисточна Европа“ (Efficiency and Market Share in the Banking Sector in South East European Countries). Во 2020 година завршила микропрограма од втор циклус студии за применета економија на развој. Од октомври 2020 година е запишана на извршна МБА-програма на Сити колеџот во Солун, Грција, Меѓународен факултет при Универзитетот Шефилд во Велика Британија.

Од приложената биографија може да се види дека д-р Викторија Атанасовска-Новески работела како соработник за корпоративни финансии во Македонски телекомуникации АД Скопје во периодот ноември 2004 – јули 2006 година. Има искуство во наставно-образовната дејност, како наставник на Њујорк универзитетот во Скопје од јануари 2008 до декември 2011 година и на Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово во учебната 2014/2015 година. Во периодот од ноември 2014 до октомври 2016 година била

финансиски директор во БС Хипо Трејд Скопје, а од октомври 2016 година работи во Народната банка на Република Северна Македонија како самостоен аналитичар во Дирекцијата за финансиска стабилност, регулатива и решавање банки. Таа е самостоен истражувач по економија и коосновач на Асоцијацијата на економски истражувачи Стоук, Скопје.

Д-р Викторија Атанасовска-Новески учествувала на повеќе семинари, обуки и летни школи во странство. Има објавено 25 труда во меѓународни публикации, од кои 10 во коавторство. Коавтор е и на една монографија. Учествувала и во 6 меѓународни проекти од областа на пазарот на труд, инклузијата на жените во социо-економскиот живот и др. Добитник е на неколку награди, и тоа: најдобар студент на Економскиот факултет во Скопје при УКИМ (2001 – 2006), награда на Народната банка на Република Македонија за млади истражувачи за најдобар труд во областа на макроекономијата во 2014 година, награда за најдобар истражувачки труд во областа на хартиите од вредност за 2008 година, доделена од Македонската берза АД – Скопје.

Има доставено уверение од Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, УКИМ, бр. 03-1697/2 од 4.12.2020 година, за познавање на англискиот јазик на ниво Ц1 според Европската јазична рамка на Советот на Европа (CEFR). Ги познава и шпанскиот, српскиот, хрватскиот и бугарскиот јазик.

Кандидатот *м-р Александар Давчев* е роден на 6.11.1995 година во Штип. Во 2014 година се запишал на Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, а дипломирал во 2018 година на студиската програма Финансиски менаџмент со просечен успех 9,75. Во 2018 година се запишал на втор циклус студии на Економскиот факултет во Скопје, на студиската програма Монетарна економија, финансии и банкарство, а магистрирал во 2020 година со просечен успех 10,00, на тема „Улогата на монетарната политика во услови на длабоки рецесии – случајот на Големата рецесија 2007-2009“. М-р Александар Давчев бил демонстратор на Катедрата за математика и статистика на Економскиот факултет во Скопје од септември 2017 до август 2020 година.

Учествувал на неколку меѓународни конференции. Коавтор е на 5 труда. Исто така, учествувал и во меѓународниот проект „Организирање на активности за брз раст на потенцијалните иновативни мали и средни претпријатија – газели“.

Има доставено уверение од Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, УКИМ, бр. 03-1687/2 од 4.12.2020 година, за познавање на англискиот јазик на ниво Б2 според Европската јазична рамка на Советот на Европа (CEFR). Го познава и српскиот јазик.

Кандидатот *м-р Кристијан Кожески* е роден на 22.6.1994 година во Охрид. Во 2013 година се запишал на Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, а дипломирал во 2017 година на студиската програма Економија со просечен успех 9,59. Истата година се запишал на втор циклус студии на Економскиот факултет во Скопје, на студиската програма Економски развој и меѓународни финансии, а магистрирал во 2020 година со просечен успех 9,86, на тема „Анализа на пазарот на труд со посебен осврт врз продуктивноста и компензацијата на трудот“. Од септември 2017 година е демонстратор на Катедрата за економија на Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Кандидатот м-р Кристијан Кожески има земено активно учество на повеќе конференции, семинари и работилници во земјата и во странство. Досега има објавено 9 труда, од кои 8 во коавторство (дополнителни 3 труда се во завршна фаза од процесот на објавување), а коавтор е и на 3 публикации од апликативна природа. Учествувал во следниве проекти: Accelerating Progress on Effective Tobacco Tax Policies in Low and Middle-Income Countries, спроведен од Универзитетот Илиноис од Чикаго; Анализа на трошоците и користите од организирање практични обуки за учениците од средното стручно образование во Република Северна Македонија и Одговор на социо-економските

ефекти од Ковид-19 преку поддршка на ранливите групи на ниско платени работници, работници од неформалната економија и привремени работници, поддржан од Фондација „Отворено општество“. М-р Кристијан Кожески е кооснoвач на Young Economic Minds, портал на млади македонски економисти. Има освоено неколку награди: прво место на дебатата „Неокласична наспроти Кејнзијанска економска теорија“, организирана од Економски факултет – Скопје, трето место на натпреварот „60 години од римските договори – новите проблеми и предизвици за ЕУ“, организиран од ЕУи при Економскиот факултет во Скопје.

Има доставено уверение од Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, УКИМ, бр. 03-1695/2 од 4.12.2020 година, за познавање на англискиот јазик на ниво Ц1 според Европската јазична рамка на Советот на Европа (CEFR).

Кандидатот *м-р Филип Пеовски* е роден на 26.12.1996 година во Скопје. Во 2015 година се запишал на Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, а дипломирал во 2019 година на студиската програма Финансиски менаџмент со просечен успех 9,44. Истата година се запишал на втор циклус студии на Економскиот факултет во Скопје, на студиската програма Монетарна економија, финансии и банкарство, а магистрирал во 2020 година со просечен успех 10,00 на тема „Имплементација на неконвенционални монетарни мерки – анализа на активноста на Европската централна банка“. Во текот на студиите остварил практина работа во Винер Осигурување – Виена Иншуренс Груп АД Скопје и во НЛБ Банка АД – Скопје. Од октомври 2020 година е ангажиран како демонстратор на Катедрата за финансии на Економскиот факултет во Скопје. Од приложените документи и врз основа на разговорот од спроведеното интервју, научноистражувачкиот и понатамошниот образовен развој на кандидатот е во квантитативните дисциплини кои припаѓаат на научната област применета економија.

М-р Филип Пеовски учествувал на неколку семинари и обуки, а во текот на 2015-2016 година бил активен член на НВО „Младите можат“ (Youth Can), со кој тим е добитник на второ место на квизот „Знаејќи повеќе за Европа и ЕУ, знаеме повеќе за нас“, организиран под покровителство на Европското движење на Република Македонија во 2015 година. Учествувал и во тренинг-симулацијата „Визии и желби за Европа / Модел на иднината на Европа“, организирана од Konrad Adenauer Stiftung, Wilfred Martens Centre of European Studies и Civi – Institut fur International Buldung. Автор е на 1 труд во меѓународно списание.

Има доставено уверение од Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, УКИМ, бр. 03-1489/2 од 30.10.2020 година, за одлично познавање на англискиот јазик на ниво Ц2 според Европската јазична рамка на Советот на Европа (CEFR). Ги познава и рускиот и српскиот јазик.

Рецензентската комисија, во однапред утврдени термини, направи одделни интервјуа со кандидатите на кои им беше објаснета природата на обврските и активностите што се очекуваат од нив, а им беа и предочени законските барања во врска со кариерниот развој. Исто така, членовите на Комисијата, на спроведеното интервју со кандидатката д-р Викторија Атанасовска-Новески, а и врз основа на доставената документација, конастатираа дека кандидатката во својата досегашна образовна и професионална кариера се стекнала со високи научни и стручни квалификации кои се посоодветни за избор во некое повисоко наставно-научно звање.

## 13. Заклучок и предлог

Врз основа на целокупната доставена документација и спроведените интервјуа, Рецензентската комисија оцени дека кандидатите Кристијан Кожески, Викторија Атанасовска-Новески, Филип Пеовски и Александар Давчев ги исполнуваат условите предвидени со распишаниот конкурс, а кои произлегуваат од Законот за високото образование (член 170), како и посебните услови содржани во Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (членови 33, 34, 35, 36 и 37).

Притоа, Рецензентската комисија, земајќи ги предвид севкупните критериуми за избор во соработничко звање – асистент во научната област применета економија, одлучи во постапката на избор да им даде предност на следниве кандидати:

- М-р Кристијан Кожески, со успехот кој го има постигнато на вториот циклус студии и со својата тригодишна посветена работа во извршување на активностите како демонстратор на предмети од областа на применетата економија, со својот сериозен пристап во изведувањето на вежбите на Факултетот и досегашниот успех кој го има постигнато во научноистражувачката работа, има потврден капацитет за извршување на обврските кои произлегуваат од соработничкото звање асистент на Економскиот факултет во Скопје.
- М-р Филип Пеовски се истакнува со стручни квалификации кои одговараат на барањата од објавениот конкурс и со успехот кој го има постигнато на вториот циклус студии, како и со неколкумесечниот ангажман на Економскиот факултет во Скопје во својство на демонстратор, покажа дека има потенцијал да одговори на обврските кои произлегуваат од соработничкото звање асистент на Економскиот факултет во Скопје.

Врз основа на претходно изнесеното, Комисијата има особена чест и задоволство на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј во Скопје“, да му предложи м-р Кристијан Кожески и м-р Филип Пеовски да бидат избрани за извршители во соработничко звање – асистент во научната област применета економија.

Скопје, 14.12.2020 година

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Предраг Трпески, с.р.**
**Проф. д-р Игор Ивановски, с.р.**
**Проф. д-р Билјана Ташевска, с.р.**

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ/АСИСТЕНТ ИСТРАЖУВАЧ – д-р Викторија Атанасовска-Новески**

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Има завршено прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити | да |
| 2 | Стекнат назив: Магистер на економски науки<br>Назив на научната област: економија за бизнис анализа | да |
| 3 | Остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на првиот циклус и вториот циклус на академски студии посебно<br>Просечниот успех на прв циклус изнесува: 10,00 (десет запирка нула)<br>Просечниот успех на втор циклус изнесува: 13,42 од 15 (тринаесет запирка четириесет и два од можни петнаесет) | да |
| 4 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик: англиски јазик<br>2. Назив на документот: уверение бр. 03-1697/2<br>3. Издавач на документот: Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ – Скопје, УКИМ<br>4. Датум на издавање на документот: 4.12.2020 година | да |

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ/АСИСТЕНТ ИСТРАЖУВАЧ – м-р Александар Давчев**

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Има завршено прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити | да |
| 2 | Стекнат назив: Магистер по економски науки<br>Назив на научната област: финансии | да |
| 3 | Остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на првиот циклус и вториот циклус на академски студии посебно<br>Просечниот успех на прв циклус изнесува: 9,75 (девет запирка седумдесет и пет)<br>Просечниот успех на втор циклус изнесува: 10,00 (десет запирка нула) | да |
| 4 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик: англиски јазик<br>2. Назив на документот: уверение бр. 03-1687/2 | да |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | 3. Издавач на документот: Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ – Скопје, УКИМ<br>4. Датум на издавање на документот: 4.12.2020 година | |

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ/АСИСТЕНТ ИСТРАЖУВАЧ – м-р Кристијан Кожески**

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Има завршено прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити | да |
| 2 | Стекнат назив: Магистер по економски науки<br>Назив на научната област: економски развој | да |
| 3 | Остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на првиот циклус и вториот циклус на академски студии посебно<br>Просечниот успех на прв циклус изнесува: 9,59 (девет запирка педесет и девет)<br>Просечниот успех на втор циклус изнесува: 9,86 (девет запирка осумдесет и шест) | да |
| 4 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик: англиски јазик<br>2. Назив на документот: уверение бр. 03-1695/2<br>3. Издавач на документот: Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ – Скопје, УКИМ<br>4. Датум на издавање на документот: 4.12.2020 година | да |

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ/АСИСТЕНТ ИСТРАЖУВАЧ – м-р Филип Пеоски**

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Има завршено прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити | да |
| 2 | Стекнат назив – магистер по економски науки<br>Назив на научната област: финансии | да |
| 3 | Остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на првиот циклус и вториот циклус на академски студии посебно | да |

| **Ред. број** | **ОПШТИ УСЛОВИ** | **Исполнетост на општите услови да/не** |
|---|---|---|
| | Просечниот успех на прв циклус изнесува: 9,44 (девет запирка четириесет и четири)<br>Просечниот успех на втор циклус изнесува: 10,00 (десет запирка нула) | |
| 4 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик: англиски јазик<br>2. Назив на документот: уверение бр. 03-1489/2<br>3. Издавач на документот: Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ – Скопје, УКИМ<br>4. Датум на издавање на документот: 30.10.2020 година | да |

**Членови на Комисијата**

**Проф. д-р Предраг Трпески, с.р.**
**Проф. д-р Игор Ивановски, с.р.**
**Проф. д-р Билјана Ташевска, с.р.**

# Р Е Ф Е Р А Т
## ЗА ИЗБОР НА 2 ИЗВРШИТЕЛА ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ ВО НАУЧНАТА ОБЛАСТ БИЗНИС-МЕНАЏМЕНТ (50603) НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 173 од Законот за високото образоваие (Службен весник на РС Македонија бр. 82/18) и членовите 33, 34, 35, 36 и 37 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 411), а во врска со објавенот конкурс на 1.12.2020 година, во весниците „Нова Македонија” и „Коха”, Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје, на седницата одржана на 10.12.2020 година, донесе Одлука бр. 02-2289/4 со која е формирана Рецензентска комисија во состав: д-р Сашо Јосимовски, редовен професор на Економскиот факултет во Скопје, д-р Љубомир Дракулевски, редовен професор на Економскиот факултет во Скопје и д-р Леонид Наков, редовен професор на Економскиот факултет во Скопје, за избор на два извршитела во соработничко звање – асистент во научната област бизнис-менаџмент.

Како членови на Рецензентската комисија, по опстојното прегледувањето на севкупната доставена документација го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на 2 извршитела во соработничко звање – асистент во научната област бизнис-менаџмент, во предвидениот рок се пријавија шест кандидати. Во извештајов ќе бидат аналитички претставени суштинските податоци за кандидатите со образложение, како и изложено мислење, заклучок и предлог на Комисијата до Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје.

### 14. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ, ОБРАЗОВАНИЕ, НАСТАВНО-НАУЧНИ И СТРУЧНИ КВАЛИФИКАЦИИ

Претставувањето на перформансите на кандидатите ќе го оствариме според азбучниот редослед на нивното презиме, на следниов начин:

1. Кандидатката Викторија Атанасовска-Новески е родена на 26.11.1982 год. во Скопје. На Економскиот факултет во Скопје при УКИМ, дипломирала на 30.6.2005 год. на студиската програма Финансиски менаџмент, со просечен успех на студиите од 10,00. Сопствените први магистерски студии ги започнала во 2006 год. на Универзитетот Стафордшир, Велика Британија, од областа на економија за бизнис-анализа и ги завршила со уверение за завршени магистерски студии од 26 ноември 2007 год. со просечен успех 13,42/15, односно 94,92 % успешност. За овие студии, кандидатката поседува и Решение за признавање на високообразовна квалификација издадено од Министерството за образование и наука на РС Македонија. Кандидатката во 2018 год. се запишала на, според нејзиниот исказ, втори магистерски студии на Универзитетот Лавал, Квебек, Канада, од областа на применета развојна економија, кои ги завршила со уверение за завршени студии од 31.5.2020 год., со просечен успех 4,11/4,33, односно 94,92 % успешност. За овие магистерски студии не е доставено решение за нострификација на студиите на ниво магистерски студии. Кандидатката Атанасовска-Новески во 2009 год. ги започнала своите докторски студии на Универзитетот Стафордшир, Велика Британија, од областа на ефикасноста и пазарното учество во банкарскиот сектор на земјите од Југоисточна Европа, кои успешно ги завршила со издадено уверение за завршени докторски студии од 19

ноември 2015 год., стекнувајќи се со научниот степен доктор на економски науки. За овие докторски студии не е доставено решение за нонстрификација на студиите.

Во текот на сопствените академски степени на образование, кандидатката ги изучувала следниве дисциплини од потесната област на менаџментот и е-бизнис менаџментот;

- ✓ на додипломските студии: Економика на претпријатие, Основи на менаџмент, Менаџмент на мал бизнис и Управување со системите;
- ✓ на првите и вторите магистерски студии, односно економија за бизнис-анализа, како и применета развојна економија: Компјутерско моделирање на општ еквилибриум;
- ✓ на докторските студии: не е доставен податок за структурата на дисциплините на докторските студии.

Кандидатката Атанасовска-Новески доставила уверение за познавање на англискиот јазик на ниво Ц1, издадено од Филолошкиот факултет „Блаже Конески“, Скопје, при УКИМ, како и сертификат за познавање на англискиот јазик, издаден од Универзитетот од Кембриџ на ниво Ц. Кандидатката, покрај англискиот јазик, ги говори и шпанскиот, српскиот и хрватскиот јазик. Во поглед на употребата на компјутерските знаења и вештини, кандидатката изјавила дека се служи со Word, Excel. Power Point, Outlook, Stata 11, EViews, SPSS итн.

Во текот на сопствениот научноистражувачки развој, кандидатката учествувала на бројни конференции и семинари, а ги објавила, самостојно или во коавторство, следниве трудови:

- ✓ Angjelkovska, T., Atanasovska-Noveski, V., & Davalos, J. (2020) Unemployment Spells and Skills Mismatch: Evidence from Macedonia's Youth Labour Force In: Will Bartlett, Vassilis Monastiriotis and Panagiotis Koutroumpis (Eds.) Social Exclusion and Labour Market Challenges in the Western Balkans, Cambridge Scholars Publishing, 151-174,
- ✓ Trpeski, P. & Atanasovska-Noveski, V. (2016) "Non-compliance of the (un)employment on the labor market from the aspect of knowledge and skills", in New Perspectives for Economic and Social Development in the Republic of Macedonia, Friedrich Ebert Stiftung, Skopje, pp. 87-99,
- ✓ Abazi-Alili, H. & Atanasovska, V. (2016) Female Labour Force Participation: The Case of Macedonia. Journal of WEI Business and Economics. West East Institute, West Chester, PA, USA, 8 / 2016,
- ✓ Efendic, A., Silajdzic, S. & Atanasovska, V. (2014). Ethnic Tensions and Economic Performance: Bosnia & Herzegovina and Macedonia, LAP LAMBERT Academic Publishing,
- ✓ Atanasovska, V. (2008). Empirical Testing of the Capital Asset Pricing Model - The Case of the Macedonian Stock Exchange Market, The winning paper, at the 9th Annual Conference of the Macedonian Stock Exchange in 2008,
- ✓ Atanasovska, V. & Angjelkovska, T. (2013) Opening the black-box of the labour market in Macedonia with special reference to youth unemployment, ERSTE Foundation for Social Research.

Едновремено, кандидатката Атанасовска-Новески учествувала во следниве меѓународни проекти:

- ✓ Women's Inclusion in the Socioeconomic Life: Evidence from New Data, Jan 2017 - Dec 2017, Regional Research Promotion Program (RRPP), Interfaculty Institute for Central and Eastern Europe (IICEE) at the University of Fribourg (Switzerland), Swiss Agency for Development and Cooperation (SDC), Federal Department of Foreign Affairs,

- ✓ Mismatch Unemployment: the case of Macedonia with special reference to young adults, Jun 2013 - Jul 2016, Partnership for Economic Policy, along with the UK Department for International Development (DFID/UK Aid) and the International Development Research Centre (IDRC), Canada,
- ✓ Determinants of market share in the banking sector in the Balkans: “inside” and “outside” bank determinants, Jan 2014 - Dec 2014, CERGE-I Institute, Prague, Czech Republic,
- ✓ Opening the black-box of the labour market in Macedonia with special reference to youth unemployment, Jan 2013 - Dec 2013, ERSTE Foundation for Social Research, Austria,
- ✓ Women’s Inclusion in the Socioeconomic Life: Determinants of Female Labour Force Participation in the Western Balkans, July 2012-Sep 2013, Regional Research Promotion Program (RRPP), Interfaculty Institute for Central and Eastern Europe (IICEE) at the University of Fribourg (Switzerland), Swiss Agency for Development and Cooperation (SDC), Federal Department of Foreign Affairs,
- ✓ Ethnic tensions, institutional and economic performance in Bosnia and Herzegovina: What are(not) the causal finks?, Jan 2012-April 2013, supported by the Regional Research Promotion Program (RRPP), Interfaculty Institute for Central and Eastern Europe (IICEE) at the University of Fribourg (Switzerland), Swiss Agency for Development and Cooperation (SDC), Federal Department of Foreign Affairs.

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ/АСИСТЕНТ ИСТРАЖУВАЧ**

**Институција: Економски Факултет - Скопје**
**Научна област: Бизнис менаџмент**
**Кандидат: Викторија Атанасовска - Новески**

| **Ред. Број** | **ОПШТИ УСЛОВИ** | **Исполнетост на општите услови да/не** |
|---|---|---|
| 1 | Има завршено прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити | Да |
| 2 | Стекнат назив - магистар од соодветната област<br>Назив на научната област Применета економија | Не |
| 3 | Остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на првиот циклус и вториот циклус академски студии посебно<br>Просечниот успех на прв циклус студии изнесува: 10,00<br><br>Просечниот успех на втор циклус студии изнесува:<br>1. 84,97% успешност еквивалент на 8,497,<br>2. 94,92% успешност еквивалент на 9,492. | Да |
| 4 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик: Англиски јазик | Да |

| Ред. Број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | 2. Назив на документот: Уверение за познавање на англиски јазик на ниво Ц1 според Европската јазична рамка на Советот на Европа<br>3. Издавач на документот: Филолошки Факултет „Блаже Конески“ Скопје, УКИМ<br>4. Датум на издавање на документот 04/12/2020 | |

**Рецензентска Комисија**

**Проф. д-р Сашо Јосимовски, с.р.**
**Проф. д-р Љубомир Дракулевски,с.р**
**Проф. д-р Леонид Наков, с.р.**

2. Кандидатката Ника Ивановска е родена на 2.2.1996 год. во Скопје. На Економскиот факултет во Скопје при УКИМ дипломирала на 27.6.2018 год., на студиската програма Менаџмент, со просечен успех на студиите од 9,91. Сопствените магистерски студии ги започнала во 2018 год. на Економскиот факултет во Скопје, УКИМ, од областа на корпоративниот финансиски менаџмент, а ги завршила на 18 јули 2020 год. со просечен успех 10,00.
   Во текот на сопствените академски степени на образование, кандидатката ги изучувала следниве дисциплини од потесната област на менаџментот и е-бизнис менаџментот;
   - ✓ на додипломските студии: Менаџмент (студиска програма);
   - ✓ на магистерските студии: Стратегиски менаџмент, Корпоративна финансиска стратегија.

   Кандидатката Ивановска доставила сертификат за познавање на англискиот јазик на ниво 8 (еквивалент на Б2.1), издадено од Berlitz авторизираниот центар на Универзитетот од Кембриџ, сообразен на Европската јазична рамка на квалификации на Советот на Европа. Кандидатката, покрај англискиот јазик, го говори и францускиот јазик. Во поглед на употребата на компјутерските знаења и вештини, кандидатката изјавила дека се служи со Word, Excel. Power Point, Outlook, Power BI, Word press, SQL/Python итн.
   Во текот на сопствениот научноистражувачки развој, кандидатката учествувала на 3 стручни обуки и промотивни настани а ги објавила, во коавторство, следниве трудови:
   - ✓ Cvetkoska V. and Ivanovska N. (2020), Investigating the voluntary employee turnover in IT companies in the Republic of North Macedonia: A Delphy Appaoch, Proceedings of the 1st international conference “Economic and Business Trends Shaping the Future”, Faculty of Economics – Skopje, UKIM, November 12-13, accepted for publishing,
   - ✓ Cvetkoska V. and Ivanovska N. (2019), Multy-criteria Decision model for Selecting the Best IT Employee of the year, Proceedings of the XLVI Symposium on Operational Research SIM-OP-IS 2019, Kladovo, Serbia, September 15-18, pp.766-771.

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ/АСИСТЕНТ ИСТРАЖУВАЧ**

**Институција: Економски Факултет - Скопје**
**Научна област: Бизнис менаџмент**
**Кандидат: Ника Ивановска**

| **Ред. Број** | **ОПШТИ УСЛОВИ** | **Исполнетост на општите услови да/не** |
|---|---|---|
| 1 | Има завршено прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити | Да |
| 2 | Стекнат назив - магистар од соодветната област<br>Назив на научната област Бизнис менаџмент | Да |
| 3 | Остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на првиот циклус и вториот циклус академски студии посебно<br>Просечниот успех на прв циклус студии изнесува: 9,91 | Да |

| Ред. Број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | Просечниот успех на втор циклус студии изнесува: 10,00 | |
| 4 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик: Англиски јазик<br>2. Назив на документот: Berlitz Certificate, Authorized ESOL Examinations Center of University of Cambridge (Унверзитетот од Кембриџ), Level 8, еквивалент на B2.1<br>3. Издавач на документот: Berlitz, University of Cambridge (Унверзитетот од Кембриџ) Authorized Center<br>4. Датум на издавање на документот 28/12/2017 | Да |

**Рецензентска Комисија**

**Проф. д-р Сашо Јосимовски, с.р.**
**Проф. д-р Љубомир Дракулевски,с.р**
**Проф. д-р Леонид Наков, с.р.**

3. Кандидатката Тамара Кафтанџиева е родена на 21.5.1993 год. во Скопје. На Економскиот факултет во Скопје при УКИМ дипломирала на 22.6.2015 год., на студиската програма Финансиски менаџмент, со просечен успех на студиите од 9,81, стекнувајќи се со признанието Magna Cum Laude. Сопствените магистерски студии ги започнала во 2015/2016 год. на Економскиот факултет во Скопје, УКИМ, од областа на МВА-менаџмент, а ги завршила на 29 јуни 2018 год. со просечен успех 10,00. Кандидатката Кафтанџиева е запишана од учебната 2019/20 год. на докторски студии од областа на организациските науки и управување (менаџмент).

   Во текот на своите додипломски студии, кандидатката Кафтанџиева е добитник на стипендија за 10 најдобро рангирани студенти на прв циклус студии на Економскиот факултет во Скопје, УКИМ, како и награда за извонредни остварувања во образовниот процес и остварен успех од 10,00 од студирањето во учебната 2013/2014 год.

   Во текот на сопствените академски степени на образование, кандидатката ги изучувала следниве дисциплини од потесната област на менаџментот и е-бизнис менаџментот;

   - ✓ на додипломски студии: Економика на претпријатие, Корпоративно управување, Менаџмент на мал бизнис, Организациско однесување, Основи на менаџмент, Управување со ризик;
   - ✓ на магистерските студии: МБА-менаџмент (студиска програма).

Кандидатката Кафтанџиева доставила сертификат за познавање на англискиот јазик на ниво Ц1, издадено од Универзитетот од Кембриџ, сообразен на Европската јазична рамка на квалификации на Советот на Европа. Кандидатката, покрај англискиот јазик, ги говори и германскиот и српскиот јазик. Во поглед на употребата на компјутерските знаења и вештини, кандидатката изјавила дека се служи со Word, Excel. Power Point, Outlook, E Views, итн.

Во текот на сопствениот научноистражувачки развој, кандидатката учествувала на 8 стручни обуки, семинари, работилници и промотивни настани а ги објавила, во коавторство, следниве трудови:

- ✓ Kaftandzieva, T. & Cvetkoska, V (2020). How young population makes personal finance decisions? Evidence from North Macedonia, Proceedings of the International Symposium on Analytic Hierarchy Process 2020 (ISAHP), Pittsburgh, USA, December 3-6, accepted for publishing.

Едновремено, кандидатката Кафтанџиева поседува учество во следниов меѓународен проект:

- ✓ „Организирање на забрзан раст на високо потенцијални, иновативни МСП – Газели“, Интеррег Балкан Медитеранеан, 2014-2020 год.

✓

✓ **ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ/АСИСТЕНТ ИСТРАЖУВАЧ**

✓

✓ **Институција: Економски Факултет - Скопје**

✓ **Научна област: Бизнис менаџмент**

✓ **Кандидат: Тамара Кафтанџиева**

✓

| **Ред. Број** | **ОПШТИ УСЛОВИ** | **Исполнетост на општите услови да/не** |
|---|---|---|
| 1 | Има завршено прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити | Да |
| 2 | Стекнат назив - магистар од соодветната област<br>Назив на научната област Бизнис менаџмент | Да |
| 3 | Остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на првиот циклус и вториот циклус академски студии посебно<br>Просечниот успех на прв циклус студии изнесува: 9,81<br><br>Просечниот успех на втор циклус студии изнесува: 10,00 | Да |
| 4 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик: Англиски јазик<br>2. Назив на документот: Certificate for Advanced English, ESOL Examinations, Council of Europe Level C1<br>3. Издавач на документот: University of Cambridge (Унверзитетот од Кембриџ)<br>4. Датум на издавање на документот 23/5/2011 | Да |

**Рецензентска Комисија**

**Проф. д-р Сашо Јосимовски, с.р.**
**Проф. д-р Љубомир Дракулевски,с.р**
**Проф. д-р Леонид Наков, с.р.**

4. Кандидатот Мартин Киселички е роден на 14.2.1989 год. во Скопје. На Економскиот факултет во Скопје, УКИМ, дипломирал на 7.7.2011 год., на студиската програма Е-бизнис, со просечен успех на студиите од 8,19. Сопствените магистерски студии ги започнала во 2011 год. на Економскиот факултет во Скопје, УКИМ, од областа на Е-бизнис менаџментот, а ги завршила на 27 декември 2012 год. со просечен успех 9,83. Кандидатот Киселички, почнувајќи од академската 2017/2018 год. е запишан на докторски студии, од областа на организациските науки и управување (менаџмент).

   Во текот на сопствените академски степени на образование, кандидатот ги изучувал следниве дисциплини од потесната област на менаџментот и е-бизнис менаџментот;

   - ✓ на додипломските студии: Е-бизнис (студиска програма);
   - ✓ на магистерските студии: Е-бизнис менаџмент (студиска програма).

   Кандидатот Киселички достави Уверение за познавање на англискиот јазик на ниво Ц1, издадено од Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, при УКИМ. Во поглед на употребата на компјутерските знаења и вештини, кандидатот изјавил дека се служи со поголем број основни и напредни софтверски пакети.

   Во текот на сопствениот научно-истражувачки развој, кандидатот учествувал на 13 национални и меѓународни конференции и стручни предавања, а ги објавил, самостојно или во ко-авторство, следниве трудови:

   - ✓ Киселички М. (2013), Маркетинг преку социјални мрежи, електронско издание, Фондација „Ново образование за бизнис“;
   - ✓ Kiselicki M., (2013), ANALYZING THE EFFECTIVENESS OF SOCIAL MEDIA IN THE PROMOTION OF ENTREPRENEURIAL BUSINESSES IN THE REPUBLIC OF MACEDONIA, Journal of Sustainable Development, Issue 7, pp 84-98;
   - ✓ Kiselicki M., (2014), REDUCING ELECTRONIC AND ENVIRONMENTAL WASTE THROUGH COMMERCIALLY SUSTAINABLE MOBILE DEVICES, Journal of Sustainable Development, Issue 11, pp. 71-90;
   - ✓ Kiselicki M., Josimovski S., Joncheski L., (2015) IMPLEMENTATION OF INTERNET TECHNOLOGIES IN THE SUPPLY CHAIN OF SMES IN MACEDONIA, Journal of Sustainable Development Issue 13, pp. 69-87;
   - ✓ Saiti D., Kiselicki M., Josimovski S., (2015), LEVEL OF CUSTOMER SATISFACTION FROM ELECTRONIC BANKING SERVICES IN THE POLOG REGION, Journal of Sustainable Development, Issue 13, pp.45-68;
   - ✓ Kirovska Z., Josifovska A., Kiselicki M., (2016), EFFICIENT MANAGEMENT OF SUPPLY CHAIN IN ACHIEVING A SIGNIFICANT COMPETITIVE ADVANTAGE IN THE MARKET (2016), Journal of Sustainable Development, Issue 14, pp. 5-22;
   - ✓ Stepanovska V., Josimovski S., Kiselicki M., (2016), USAGE OF ENTERPRISE RESOURCE PLANNING SYSTEMS IN SMALLAND MEDIUM ENTERPRISES IN THE REPUBLIC OF MACEDONIA, Journal of Sustainable Development issue 16, pp. 61-76;
   - ✓ Petrevski V., Josimovski S., Kiselicki M., (2017), BUSINESS PROCESS IMPROVEMENT OF THE SYSTEM INTEGRATOR COMPANIES THROUGH A CASE STUDY ANALYSIS, Journal of Sustainable Development, Issue 17, pp. 149-174;
   - ✓ Kirovska Z., Kochovska E & Kiselicki M., (2017), FAVOURABLE ORGANIZATIONAL CLIMATE AS A COMPLEX NETWORK OF VALUES AND NORMS FOR SUCCESSFUL EXECUTION OF WORKING DUTIES, Journal of Sustainable Development, Issue 18, pp. 83-101;

- ✓ Kiselicki M. & Josimovski S., (2018), IMPLEMENTATION OF GAMIFICATION IN HEIS IN THE REPUBLIC OF MACEDONIA, Economic Analysis Vol. 51, No. 3-4, pp.57-66;
- ✓ Kiselicki M., Kirovska Z., Josimovski S. & Pulevska L. (2018), THE CONCEPT OF GAMIFICATION AND ITS USE IN SOFTWARE COMPANIES IN THE REPUBLIC OF MACEDONIA - ECONOMICS AND CULTURE, Vol.15(01), DOI: 10.2478/jec-2018-004, pp.35-46;
- ✓ Kiselicki M., Josimovski S., Kiselicka M., Jovevski D., (2018), ANALYSIS OF E-RECRUITMENT METHODS THROUGH SNWS, WITH SPECIAL EMPHASIS ON THE REPUBLIC OF MACEDONIA, Journal of Sustainable Development, Issue 21, pp. 19-34;
- ✓ Josimovski S., Kiselicki M., Pulevska Ivanovska L., (2019), SOCIAL MEDIA SCREENING: IMPACT OF GDPR AND MACEDONIAN LEGAL FRAMEWORK, Journal of Contemporary Economics and Business Issues, Vol.6 No.1, pp. 75-85;
- ✓ Josimovski S., Pulevska-Ivanovska L., Kiselicki M., (2019), SNWs E-RECRUITMENT IN NORTH MACEDONIA: A CASE STUDY, Journal of Sustainable Development - Issue 22, pp. 34-46;
- ✓ Јосимовски С., Киселички М., ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ГЕЈМИФИКАЦИЈАТА ВО ВИРГУЕЛНА ОКОЛИНА - СТУДИЈА НА СЛУЧАЈ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА (2019), 14. Годишник на Економски факултет – Скопје, УКИМ, Скопје, РС Македонија, стр.96-105;
- ✓ Josimovski S., Jovevski D., Kiselicki M., (2019), INTERNET MARKETING CHANNEL IMPLEMENTATION IN THE TRADE INDUSTRY IN THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA, Journal of Sustainable Development, Issue 22, pp. 64-75;
- ✓ Kirovska Z., Josimovski S. & Kiselicki M. (2020), MODERN TRENDS OF RECRUITMENT - INTRODUCING THE CONCEPT OF GAMIFICATION, Journal of Sustainable Development, Issue 24, pp.55-65.

Едновремено, кандидатот Киселички учествувал во следниве меѓународни проекти:

- ✓ ISPEHE (Innovative Strategic Partnership for European Higher Education) - финансиран преку Еразмус+ програма, клучна акција 203, Стратегиски партнерства (2014-2016);
- ✓ Подобрување на можностиге за појавување на пазарог на трудот - финансиран преку ИПА4-програма со поддршка од Министерството за труд и социјална политика на Р Македонија (2015-2016);
- ✓ SPIDE (Strategic Partnership for Innovation and Development of Entrepreneurship) - финансиран преку Еразмус+ програма, клучна акција 203, Стратегиски партнерства (2017-2019);
- ✓ EOS (Economics of Sustainability) финансиран преку Еразмус+ програма, клучна акција 203, Стратегиски партнерства (2019-2022);
- ✓ INLEARN (Introducing modem learning methods in Macedonia using Italian experiences) - финансиран преку програмата KEP (Know-how Exchange Programme) на CEI (Central European Initiative), (2020);
- ✓ COOL проект (Collaborative Online Learning) - неформален проект на годишно ниво помеѓу студенти и наставен кадар на Факултетот за бизнис-економија, State University of New York (SUNY) и University of Ljubljana (2015 - во тек).

- ✓ **ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ/АСИСТЕНТ ИСТРАЖУВАЧ**
- ✓
- ✓ **Институција: Економски Факултет - Скопје**
- ✓ **Научна област: Бизнис менаџмент**
- ✓ **Кандидат: Мартин Киселички**
- ✓

| **Ред. Број** | **ОПШТИ УСЛОВИ** | **Исполнетост на општите услови да/не** |
|---|---|---|
| 1 | Има завршено прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити | Да |
| 2 | Стекнат назив - магистар од соодветната област<br>Назив на научната област Бизнис менаџмент | Да |
| 3 | Остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на првиот циклус и вториот циклус академски студии<br>Просечниот успех на прв циклус студии изнесува: 8,19<br><br>Просечниот успех на втор циклус студии изнесува: 9,83 | Да |
| 4 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик: Англиски јазик<br>2. Назив на документот: Уверение за познавање на англиски јазик на ниво Ц1 според Европската јазична рамка на Советот на Европа<br>3. Издавач на документот: Филолошки Факултет „Блаже Конески“ Скопје, УКИМ<br>4. Датум на издавање на документот 04/12/2020 | Да |

✓

✓ **Рецензентска Комисија**

✓

✓ **Проф. д-р Сашо Јосимовски, с.р.**

✓ **Проф. д-р Љубомир Дракулевски,с.р**

✓ **Проф. д-р Леонид Наков, с.р.**

5. Кандидатката Андријана Ристовска е родена на 5.2.1994 год. во Скопје. На Економскиот факултет во Скопје при УКИМ дипломира на 23.6.2016 год, на студиската програма Менаџмент, со просечен успех на студиите од 9,00. Сопствените магистерски студии ги започнала во учебната 2016/2017 год. на Економскиот факултет во Скопје, УКИМ, од областа на стратегиски менаџмент на човечки ресурси, а ги завршила на 29 јуни 2018 год. со просечен успех 10,00. Кандидатката Ристовска е запишана од учебната 2018/2019 год. на докторски студии, од областа на организациските науки и управување (менаџмент).

   Во текот на сопствените академски степени на образование, кандидатката ги изучувала следниве дисциплини од потесната област на менаџментот и е-бизнис менаџментот;
   - ✓ на додипломските студии: Менаџмент (студиска програма);
   - ✓ на магистерските студии: Теорија на организација, Организациско однесување.

Кандидатката Ристовска достави уверение за познавање на англискиот јазик на ниво Ц1, издадено од Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, при УКИМ. Во поглед на употребата на компјутерските знаења и вештини, кандидатката изјавила дека се служи со Word, Excel. Power Point, SPSS итн.

Во текот на сопствениот научноистражувачки развој, кандидатката учествувала на 12 национални и меѓународни обуки, работилници, трибини, конференции и семинари, а ги објавила, во коавторство, следниве трудови:

- ✓ Postolov, K., Bardarova S. & Ristovska A. (2019), “ORGANIZATIONAL STRUCTURES BASED ON INFORMATION TECHNOLOGY”, Novi Ekonomist July-December, Vol 13 (2), pp.89-93;
- ✓ Bardarova S., Magdincheva Shopova M., Ristovska A., & Durkalic D. (2019), “CREATION JOBS IN THE REAL SECTOR: CASE OF THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA” in KNOWLEDGE INTERNATIONAL JOURNAL Vol. 34, September, pp.55-61;
- ✓ Ristovska A. & Eftimov L. (2019), “THE ROLE OF HUMAN RESOURCE MANAGEMENT IN RETAINING THE TALENTS IN THE REPUBLIC OF MACEDONIA: EMPIRICAL ANALYSIS OF YOUTH IN THE REPUBLIC OF MACEDONIA”, Dynamic Relationships Management Journal, May, Vol. 8, No. 1, pp.29-29;
- ✓ Postolov, K., Bardarova S., Magdincheva Shopova M. & Ristovska A. (2019), “CHALLENGES IN MANAGING YOUR OWN CAREER DEVELOPMENT” published in MAGAZINE FOR ECONOMIC THEORY AND PRACTICE MATTERS: ECONOMIC OUTLOOK, May, Vol.21, No.1, pp. 17-34;
- ✓ Ristovska A. & Eftimov L. (2019), “FACTORS OF JOB SATISFACTION AND THEIR EFFECTS ON EMPLOYEES’ BEHAVIOR IN A MANUFACTURING COMPANY IN THE REPUBLIC OF MACEDONIA”, Proceedings of the Faculty of Economics in East Sarajevo, Issue19, pp.43-54;
- ✓ Postolov, K., Magdincheva Shopova M., Bardarova S. & Ristovska A. (2019), “AMERICAN BUSINESS CULTURE: AN OVERVIEW OF THE NATIONAL CULTURE AND ORGANIZATIONAL CULTURAL DIMENSIONS IN THE USA”, KNOWLEDGE INTERNATIONAL JOURNAL, March, Vol. 30.1, pp.17-22;
- ✓ Ristovska A., Magdincheva Shopova M., Postolov, K. & Josimovski S., (2018), “THE DETERMINING FACTORS OF THE BRAIN DRAIN IN THE REPUBLIC OF MACEDONIA AND ITS EFFECTS ON THE ECONOMY OF

THE COUNTRY”, KNOWLEDGE INTERNATIONAL JOURNAL Vol. 28, December, pp.97-104;

- ✓ Postolov, K., Magdincheva Shopova M. & Ristovska A. (2018), “PARAMETERS OF ORGANIZATIONAL STRUCTURE IN ENTERPRISES IN THE REPUBLIC OF MACEDONIA – SPECIFICS AND OPPORTUNITIES FOR THEIR OPTIMIZATION”, MAGAZINE FOR ECONOMIC THEORY AND PRACTICE MATTERS: ECONOMIC OUTLOOK, Vol.20, No.1, pp. 27-39;
- ✓ Eftimov L. & Ristivska A. (2016), “IMPORTANCE OF THE MOTIVATIONAL FACTORS: Empirical Analysis of Students and Employees” CEA Journal of economics, December, Vol.11, Issue 2, pp.63-71.

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ/АСИСТЕНТ ИСТРАЖУВАЧ

**Институција: Економски Факултет - Скопје**
**Научна област: Бизнис менаџмент**
**Кандидат: Андријана Ристовски**

| Ред. Број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Има завршено прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити | Да |
| 2 | Стекнат назив - магистар од соодветната област<br>Назив на научната област Бизнис менаџмент | Да |
| 3 | Остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на првиот циклус и вториот циклус академски студии посебно Просечниот успех на прв циклус студии изнесува: 9,00<br><br>Просечниот успех на втор циклус студии изнесува: 10,00 | Да |
| 4 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик: Англиски јазик<br>2. Назив на документот: Уверение за познавање на англиски јазик на ниво Ц1 според Европската јазична рамка на Советот на Европа<br>3. Издавач на документот: Филолошки Факултет „Блаже Конески“ Скопје, УКИМ<br>4. Датум на издавање на документот 04/12/2020 | Да |

**Рецензентска Комисија**

**Проф. д-р Сашо Јосимовски, с.р.**
**Проф. д-р Љубомир Дракулевски,с.р**
**Проф. д-р Леонид Наков, с.р.**

6. Кандидатката Анета Џамбаска е родена на 4.9.1981 год. во Скопје. На Економскиот факултет во Скопје при УКИМ дипломирала на 1.2.2006 год., на студиската програма Менаџмент, со просечен успех на студиите од 7,74. Сопствените магистерски студии ги завршила во септември 2014 год. на Универзитетот „Американ колеџ“, Скопје, од областа на МБА во маркетинг, со просечен успех 3,21/4, односно 80,25 % успешност.
   Во текот на сопствените академски степени на образование, кандидатката ги изучувала следниве дисциплини од потесната област на менаџментот и е-бизнис менаџментот;
   - ✓ на додипломските студии: Менаџмент (студиска програма);
   - ✓ на магистерските студии: Напредно организациско однесување, Стратегиски менаџмент, Оперативен и проектен менаџмент.

   Кандидатката Џамбаска достави свидетелство за положени испити по странски, односно англиски јазик, стекнато за дисциплините Англиски јазик 1 и Англиски јазик 2, кои ги изучувала на своите додипломски студии на Економскиот факултет во Скопје, УКИМ. Во поглед на употребата на компјутерските знаења и вештини, кандидатката изјавила дека се служи со Word, Excel. Power Point, како и оперативните системи SAP, Opera, Sage итн.
   Во текот на сопствениот научноистражувачки развој, кандидатката учествувала на 13 национални и меѓународни обуки, конференции и стручни форуми, а ги објавила, самостојно или во коавторство, следниве трудови:
   - ✓ Dzambaska A. (2016), “Use the Humor in Advertising”, Lambert Academic Publishing, September;
   - ✓ Dzambaska A., Petrovska I. & Bundalevska E., (2016), “Is Humor in Advertising Always Effective? Parameters for Effective use of Humor in Advertising”, Journal of Management Research, Vol. 8, No.1, doi:10.5296/jmr.v8i1.8419.

Рецензентската комисија, во однапред утврдени и најавени термини, реализира интервјуа со кандидатите, при што изворно имаше можност да се запознае со суштинските мотиви и развојни интереси за нивна работа на Економскиот факултет при УКИМ во Скопје. Едновремено, во рамките на интервјуата, на сите кандидати им беше претставен карактерот на активностите и одговорностите кои со себе ги носи работата на високообразовна научна институција, како и законските аспекти на постапката на избор и иден кариерен развој.

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ/АСИСТЕНТ ИСТРАЖУВАЧ**

**Институција: Економски Факултет - Скопје**
**Научна област: Бизнис менаџмент**
**Кандидат: Анета Џамбаска**

| Ред. Број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Има завршено прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити | Да |
| 2 | Стекнат назив - магистар од соодветната област<br>Назив на научната област Бизнис менаџмент | Да |

| Ред. Број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 3 | Остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на првиот циклус и вториот циклус академски студии<br>Просечниот успех на прв циклус студии изнесува: 7,74<br><br>Просечниот успех на втор циклус студии изнесува: 80,25% успешност еквивалент на 8,025 | Не |
| 4 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик: Англиски јазик<br>2. Назив на документот: Свидетелство за положени испити по странски јазик<br>3. Издавач на документот: Економски Факултет - Скопје, УКИМ<br>4. Датум на издавање на документот 08/02/2006 | Не |

**Рецензентска Комисија**

**Проф. д-р Сашо Јосимовски, с.р.**
**Проф. д-р Љубомир Дракулевски,с.р**
**Проф. д-р Леонид Наков, с.р.**

## 15. Заклучок и предлог

Врз основа на формално-правните аспекти на постапката за избор на 2 извршитела во соработничко звање – асистент во научната област бизнис- менаџмент, како и сообразно целокупната доставена документација и спроведените интервјуа со пријавените кандидати на јавнообјавениот конкурс, Рецензентската комисија оценува дека:

- ✓ Кандидатката Анета Џамбаска не го исполнува критериумот од општите услови кој се однесува на остварен просечен успех од најмалку 8 (осум), на првиот и вториот циклус академски студии, имајќи го предвид сознанието дека нејзиниот просек на прв циклус додипломски студии изнесува 7,74. Едновремено, оваа кандидатка не го исполнува ниту детализираниот критериум од општите услови за поседување на уверение или сертификат за познавање на 1 странски јазик (англиски, германски или француски),
- ✓ Кандидатката Викторија Атанасовска-Новески не го исполнува критериумот од општите услови кој се однесува на стекнат назив – магистер од соодветната област, бидејќи и првите и вторите магистерски студии, како и завршените докторски студии, не се од областа на бизнис-менаџментот.

Едновремено, Рецензентската комисија е целосно убедена дека останатите 4 кандидати кои ги исполнуваат општите услови предвидени според Законот за високото образование (член 173), како и посебните услови содржани во Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (членови 33, 34, 35, 36 и 37) се исклучително квалитетни и посветени кандидати.

Врз основа на интегралната анализа на доставените документи и спроведените интервјуа, Рецензентската комисија одлучи, во постапката на избор, да им даде предност на следниве 2 кандидата, кои во најистакната димензија соодветствуваат на севкупните критериуми за избор во соработничко звање –асистент во научната област бизни-менаџмент:

1. М-р Тамара Кафтанџиева поседува највисок степен на адекватност на оформени магистерски студии од соодветна област на бизнис-менаџментот, односно во рамките на студиската програма од МБА-менаџментот, таа успешно положила најголем број дисциплини од потесната област на менаџментот, завршувајќи ги со просечен успех 10,00. Едновремено, кандидатката била неколкукратно наградувана на сопствените додипломски студии за степенот на успешност на сопствените студии. Кандидатката Кафтанџиева поседува сериозно професионално искуство од 4 години и 10 месеци, исполнето со бројни практични менаџмент-анализи и техники. Особена вредност кај кандидатката Кафтанџиева се согледува и во нејзината посветеност и континуитет на областа на нејзините академски студии, односно и на студиите од трет циклус се запишува на студиската програма Организациските науки и управување (Менаџмент), што илустративно говори за нејзината целно насочена развојна ориентација на сопствениот научноистражувачки потенцијал во областа на бизнис-менаџментот,
2. М-р Мартин Киселички поседува нагласен континуитет и перманентност во сопствените академски студии од соодветна област на бизнис-менаџментот, односно првиот циклус студии ги оформува на студиската програма по Е-бизнис, додека сопствените втор циклус студии ги завршува на студиската програма по Е-бизнис менаџмент. Сопствените магистерски студии кандидатот Киселички ги завршува со натпросечно ниво на остварен просечен успех од 9,83. Илустративна потврда на врвниот научноистражувачки профил на кандидатот Киселички претставуваат и неговите досега објавени 16 трудови и 1 книга, како и учеството во

6 проекти. Дополнителна вредност на професионалната и истражувачка ориентација на кандидатот Киселички претставува сознанието дека тој поседува работно искуство од 7 години и 3 месеци, а едновремено е запишан на студиската програма од трет циклус студии – Организациски науки и управување (Менаџмент).

Во сообразност со претходно изнесеното, Комисијата има особена чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје при УКИМ, м-р Тамара Кафтанџиева и м-р Мартин Киселички да бидат избрани за извршители во соработничко звање – асистент во научната област бизнис-менаџмент.
Скопје, 14.12.2020 год.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Сашо Јосимовски, с.р.**
**Проф. д-р Љубомир Дракулевски, с.р.**
**Проф. д-р Леонид Наков, с.р.**

# Р Е Ф Е Р А Т
## ЗА ИЗБОР НА СОРАБОТНИК – АСИСТЕНТ ВО НАУЧНАТА ОБЛАСТ ЕКОНОМСКА ТЕОРИЈА НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 173 од Законот за високото образование и членовите 33, 34, 35 и 36 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, а во врска со конкурсот за избор на седум извршители во соработничко звање – асистент, објавен на 1.12.2020 година во весниците „Нова Македонија” и „Коха”, Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје, на седницата одржана на 10.12.2020 година, донесе Одлука бр. 02-2289/7 од 10.12.2020 година, со која е формирана **Рецензентска комисија за избор на еден извршител во соработничко звање – асистент во научната област: економска теорија,** во состав: проф. д-р Владимир Филиповски, редовен професор на Економскиот факултет во Скопје, проф. д-р Трајко Славески, редовен професор на Економскиот факултет во Скопје и проф. д-р Борче Треновски, вонреден професор на Економскиот факултет во Скопје.

Врз основа на прегледувањето и анализата на доставената документација по конкурсот, Рецензентската комисија го поднесува следниов

### И З В Е Ш Т А Ј

На делот од конкурсот кој се однесува за избор на *еден извршител во соработничко звање – асистент во научната област економска теорија*, во предвидениот рок се пријавија 2 (двајца) кандидати: м-р Ѓунтер Мерџан и д-р Викторија Атанасовска-Новески. Во продолжение на Извештајот следува приказ на биографските податоци, стекнатото образование и научно-наставните и стручни квалификации на кандидатите, а потоа следува заклучок и предлог на Рецензентската комисија.

*Кандидатот м-р Ѓунтер Мерџан* е роден на 17.7.1994 година во Битола. Основно и средно образование завршува во Ресен. Во 2013 година се запишал на Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, а дипломирал во 2017 година на студиската програма *Економија* со просечен успех 9,94 (девет запирка деведесет и четири). Во 2017 година се запишал на втор циклус студии на Економскиот факултет во Скопје, на студиската програма *Економски развој и меѓународни финансии*, а магистрирал во 2020 година со просечен успех 10,00 (десет запирка нула), на тема: „Влијанието на четвртата индустриска револуција врз продуктивноста на трудот“. Од 2017 година, м-р Ѓунтер Мерџан работи како демонстратор на Катедрата за економија на Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Во периодот од 2018 до 2020 година, м-р Ѓунтер Мерџан е ангажиран и како наставник по економски предмети во Гимназијата СУГС „Јосип Броз-Тито” во Скопје.

Во текот на своето факултетско образование, кандидатот м-р Ѓунтер Мерџан има добиено повеќе награди за извонредни остварувања во образовниот процес и во научноистражувачката дејност, од кои би ги издвоиле следниве: добиен Златник со ликот на светите Кирил и Методиј за најдобар дипломиран студент во академската 2016/2017 година; наградата „26 Јули“ за најдобар студент во академската 2016/2017 година од Фондацијата „Франк Манинг“, која традиционално се доделува секоја година на најдобрите студенти на факултетите од областа на општествените науки, архитектурата и уметностите; прво место на конкурсот за избор на најдобар есеј на тема: „Влијанието на дигитализацијата на европската економија и општество" организиран по повод јубилејот - 25 години од постоењето на Центарот за податоци и информации за Европската Унија итн. Исто така, кандидатот е еден од коосновачите на стручно-истражувачката платформа: „Млади економски умови”. М-р Ѓунтер Мерџан бил член на Универзитетското студентско собрание на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје во 2019/2020 година.

Во периодот 2017 – 2020 година, кандидатот м-р Ѓунтер Мерџан е ангажиран како демонстратор на Катедрата по економија на Економскиот факултет во Скопје. Во неговата досегашна работа како демонстратор, м-р Ѓунтер Мерџан одговорно и посветено ги извршувал активностите во врска изведување на вежби, одржување на консултации и посетување и вклучување во предавањата. Но, треба посебно да се истакне дека м-р Ѓунтер Мерџан многу активно се ангажирал и на полето на научноистражувачката активност, оформувајќи се во млад

кадар со голем научноистражувачки потенцијал. Имено, тој има учествувано на 11 (единаесет) меѓународни и домашни конференции со свои истражувања и трудови, а исто така, учествувал и на неколку семинари и обуки. Резултат на неговиот научноистражувачки ангажман се 7 (седум) објавени научноистражувачки трудови, самостојни и во коавторство, и уште 5 (пет) труда во процес на објавување. Најголем дел од истражувањата и публикациите на кандидатот се со теми поврзани со економската теорија, односно економскиот раст и развој, макроекономските политики, технолошкиот развој и глобализацијата и пазарот на трудот.

Кандидатот м-р Ѓунтер Мерџан има доставено уверение за познавање на англискиот јазик на ниво Ц1 (C1), издадено од Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје – УКИМ, Скопје.

*Кандидатката д-р Викторија Атанасовска-Новески* е родена на 26.11.1982 година во Скопје. Во 2001 година се запишала на Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, а дипломирала во 2005 година на студиската програма *Финансиски менаџмент*, со просечен успех 10,00 (десет запирка нула). Во 2006 година се запишала на магистерски студии од областа *економија за бизнис-анализи* на Универзитетот Стафордшир во Велика Британија, каде што магистрира во 2007 година со исклучителен успех („прва класа на оценки“). Кандидатката во 2009 година продолжила на докторски студии на Универзитетот Стафордшир, а во 2015 година го одбранила својот докторски труд на тема: ”Efficiency and Market Share in the Banking Sector in South East European Countries” и се стекнала со научното звање доктор по економија (Ph.D. in Economics).

Кандидатката д-р Викторија Атанасовска-Новески има добиено повеќе награди и признанија, од кои би ги издвоиле: најдобар студент на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (2006 г.); најдобар студент на Економскиот факултет во Скопје (2001 – 2006); добитник на Годишната награда на НБРМ за млади истражувачи во 2014 година; награда за најдобар истражувачки труд во областа на хартиите од вредност за 2008 година, доделена од Македонската берза АД Скопје.

Во изминатиот период, д-р Викторија Атанасовска-Новески има објавено и 6 (шест) научни труда, пред сè на теми поврзани со невработеноста и пазарот на труд.

Покрај своето формално образование, кандидатката д-р Викторија Атанасовска-Новески има посетувано и поголем број на тренинзи, обуки и летна школа, во различни области, од кои може да се издвојат обуките во областа на финансиите и економетријата. Исто така, кандидатката има наведено дека има учествувано на поголем број конференции (20) во земјата и во странство, како и во неколку (6) меѓународни истражувачки проекти во областите на финансиите, пазарот на труд, социоекономската инклузивност итн. Кандидатката била вклучена во мастер-програма на Универзитетот Лавал во Канада, а има запишано извршна МБА-програма на Сити колеџот при Универзитетот Шефилд во Солун, Грција.

Кандидатката има и одредено работно искуство. Работела на различни работни позиции во приватниот деловен сектор, а има наведено дека имала искуство во приватни високообразовни институции. Од 2016 до денес, кандидатката е вработена како самостоен аналитичар во Народната банка на Република Северна Македонија,

Кандидатката м-р Викторија Атанасовска-Новески има доставено уверение за познавање на англискиот јазик на ниво Ц1 (C1), издадено од Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ Скопје, при УКИМ во Скопје. Исто така, кандидатката има доставено уверение за познавање на англискиот јазик на ниво Ц (C), издадено од University of Cambridge Examination.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на оцената на доставената документација, Рецензентската комисија констатира дека кандидатите м-р Ѓунтер Мерџан и д-р Викторија Атанасовска Новески ги исполнуваат условите од конкурсот. Кандидатот м-р Ѓунтер Мерџан, со неговата досегашна, успешна и посветена, тригодишна работа како демонстратор по предмети од областа на економската теорија, со квалитетното изведување на часовите за вежби, со редовното одржување на консултациите и другите активности, покажува дека изградил капацитет за квалитетно извршување на асистентските активности поврзани со наставата и испитите. Но, особено е важно дека со својата активната вклученост во научноистражувачката работа, м-р Мерџан се оформува во сериозен и амбициозен, млад научен работник на полето на економските науки. Врз основа на сето ова, може да се констатира дека кандидатот м-р Ѓунтер Мерџан целосно ги исполнува сите конкурсни услови за избор во *соработничкото* звање асистент по предметите во научната област економска теорија, на Економскиот факултет во Скопје.

Од друга страна, кандидатката д-р Викторија Атанасовска Новески во својата досегашна образовна и работна кариера има стекнато високи научни и стручни квалификации, кои се веројатно посоодветни за избор во некое повисоко, односно *наставно-научно* звање.

Оттаму, Рецензетската комисија заклучи да му предложи на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје да го избере м-р Ѓунтер Мерџан во соработничко звање – асистент во научната област економска теорија.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Владимир Филиповски, с.р.**
**Проф. д-р Трајко Славески, с.р.**
**Проф. д-р Борче Треновски, с.р.**

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ/АСИСТЕНТ ИСТРАЖУВАЧ: м-р Ѓунтер Мерџан**

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Има завршено прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити | **да** |
| 2 | Стекнат назив – магистер по економски науки<br>Назив на научната област: економски развој | **да** |
| 3 | Остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на првиот циклус и вториот циклус на академски студии посебно<br><br>Просечниот успех на прв циклус изнесува: **9,94** (девет запирка деведесет и четири)<br><br>Просечниот успех на втор циклус изнесува: **10,00 (десет**) | **да** |
| 4 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик: англиски јазик<br>2. Назив на документот: уверение бр. 03-1694/2<br>3. Издавач на документот: Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје, УКИМ<br>4. Датум на издавање на документот: 4.12.2020 година | **да** |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА:**

**Проф. д-р Владимир Филиповски, с.р.**
**Проф. д-р Трајко Славески, с.р.**
**Проф. д-р Борче Треновски, с.р.**

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ/АСИСТЕНТ ИСТРАЖУВАЧ: д-р Викторија Атанасовска-Новеска**

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Има завршено прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити | **да** |
| 2 | Стекнат назив – магистер по економски науки<br>Назив на научната област: економија за бизнис анализи | **да** |
| 3 | Остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на првиот циклус и вториот циклус на академски студии посебно<br><br>Просечниот успех на прв циклус изнесува: **10,00 (десет)**<br><br>Просечниот успех на втор циклус изнесува: 13,42 од 15. | **да** |
| 4 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик: англиски јазик<br>2. Назив на документот: уверение бр. 03-1697/2<br>3. Издавач на документот: Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ Скопје, УКИМ<br>4. Датум на издавање на документот 04.12.2020 година | **да** |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА:**

**Проф. д-р Владимир Филиповски, с.р.**
**Проф. д-р Трајко Славески, с.р.**
**Проф. д-р Борче Треновски, с.р.**

# Р Е Ф Е Р А Т
## ЗА ИЗБОР НА СОРАБОТНИК – АСИСТЕНТ ВО НАУЧНАТА ОБЛАСТ ФИНАНСИИ НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 173 од Законот за високото образование и членовите 33, 24, 25 и 36 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, а во врска со конкурсот за избор на седум извршители во соработничко звање – асистент, објавен на 1.12.2020 година во весниците „Нова Македонија“ и „Коха“, Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје, на седницата одржана на 10.12.2020 година, донесе Одлука бр. 02-2289/7 од 10.12.2020 година, со која е формирана Рецензентска комисија за избор на еден извршител во соработничко звање – асистент во научната област финансии, во состав: проф. д-р Горан Петревски, редовен професор на Економскиот факултет во Скопје, проф. д-р Ѓорѓи Гоцков, вонреден професор на Економскиот факултет во Скопе и проф. д-р Сузана Макрешанска Младеновска, вонреден професор на Економскиот факултет во Скопје.

Врз основа на прегледувањето на доставената документација по конкурсот, Рецензентската комисија го поднесува следниов

### И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на асистент во научната област финансии, во предвидениот рок се пријавија девет кандидати: Викторија Атанасовска Новески, Александар Давчев, Силвија Јакимовска, Ана Јовановска, Љубе Јолевски, Виктор Митевски, Филип Пеовски, Ива Петроска и Кирил Симеоновски. Во Извештајот ќе бидат изнесени позначајните податоци за кандидатите, со образложение, мислење и предлог на Комисијата до Наставно-научниот совет на Економскиот факултет.

Кандидатката д-р Викторија Атанасовска Новески е родена на 26. 11.1982 година во Скопје. Во 2005 година дипломирала на Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на студиската програма Финансиски менаџмент, со просечен успех 10 (десет). Притоа, таа била прогласена за најдобар студент на Економскиот факултет и за најдобар студент на Универзитетот. Во 2007 година завршила втор циклус студии на Staffordshire University, при што магистрирала на студиската програма Економија за бизнис анализа, а студиите ги завршила со исклучителен успех. Во 2010, на истиот универзитет се стекнала со постдипломски сертификат за истражувачки методи. Во 2015 година, на истиот универзитет се стекнала со звањето доктор по економија. Во 2020 година завршила магистерска програма на програмата Применета развојна економија при Universite Laval. Истата година се запишала на извршната MBA-програма на Меѓународниот факултет на Универзитетот Шефилд, Сити колеџ, во Солун. Од 2016 година, кандидатката работи како самостоен аналитичар во Народната банка на Република Македонија. Има доставено уверение од Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, УКИМ, бр. 03- 1697/2 од 4.12.2020 година, за познавање на англискиот јазик на ниво C1 според Европската јазична рамка на Советот на Европа (CEFR). Кандидатката има учествувано на голем број семинари, обуки и курсеви од различни области, во организација на Здружениот виенски институт, Европската централна банка, ММФ, Банката на Англија, Банката на Франција и неколку европски универзитети. Исто така, самостојно и во коавторство, има објавено бројни трудови во домашни и меѓународни списанија, учествувала на повеќе меѓународни конференции, а работела и на неколку проекти од различни области. Во 2008 година ја освоила наградата на Македонската берза за најдобар истражувачки труд. Во 2014 година ја освоила годишната награда на конкурсот на Народната банка на Република Македонија за млади истражувачи. Има искуство во користење на програмските јазици и софтверските пакети: Microsoft Office, Eviews, R, SPSS, LIMDEP, Microfit, MATLAB, Gauss и Stata.

Александар Давчев е роден на 6.11.1995 година во Скопје. Во 2018 година дипломирал на Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на студиската програма Финансиски менаџмент, со просечен успех 9,75 (девет запирка седумдесет и пет). Во 2020 година завршил втор циклус студии на Економскиот факултет во Скопје, при што магистрирал на студиската програма Монетарна економија, финансии и банкарство, а студиите ги завршил со просечен успех 10 (десет). Има доставено уверение од Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, УКИМ, бр. 03- 1687/2 од 4.12.2020 година, за познавање на англискиот јазик на ниво B2 според Европската јазична рамка на Советот на Европа (CEFR). Исто така, самостојно и во коавторство, има објавено два труда во зборник на домашна високообразовна институција, учествувал на две меѓународни конференции, а работел и на еден проект. Во текот на студирањето бил демонстратор на Економскиот факулет во Скопје. Кандидатот има искуство во користење на софтверскиот пакет Microsoft Office.

Силвија Јакимовска е родена на 2.10.1994 година во Скопје. Во 2017 година дипломирала на Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на студиската програма Финансиски менаџмент, со просечен успех 9 (девет). Во 2020 година завршила втор циклус студии на Економскиот факултет во Скопје, при што магистрирала на студиската програма Монетарна економија, финансии и банкарство, а студиите ги завршила со просечен успех 10 (десет). Кандидатката извршувала практична работа во Народната банка на Република Македонија, во Управата за финансиска полиција и во други претпријатија. Има доставено уверение од Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, УКИМ, бр. 03- 1666/2 од 1.12.2020 година, за познавање на англискиот јазик на ниво B2 според Европската јазична рамка на Советот на Европа (CEFR). Кандидатката има учествувано на обуки, а присуствувала и на повеќе презентации и дебати. Исто така, во коавторство, има објавено еден труд во зборник на домашна висикобразовна институција. Во текот на студирањето била демонстраторка на Економскиот факулет во Скопје. Во 2018 година ја освоила наградата на конкурсот на Комисијата за хартии од вредност за најдобар научноистражувачки труд. Има потврда за познавање на компјутерските вештини од пакетот Microsoft Office.

Ана Јовановска е родена на 21.9.1992 година во Скопје. Во 2015 година дипломирала на Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на студиската програма Финансиски менаџмент, со просечен успех 8,91 (осум запирка деведесет и еден). Во 2017 година завршила втор циклус студии на Економскиот факултет во Скопје, при што магистрирала на студиската програма Монетарна економија, финансии и банкарство, а студиите ги завршила со просечен успех 9 (девет). Кандидатката работи како аналитичар за истражување на пазарот, а исто така е овластен агент на Сава пензиско друштво - Скопје. Има доставено уверение од University of Cambridge ESOL Examinations, бр. 0028615162 од 9.8.2010 година, за познавање на англискиот јазик на ниво B2 според Европската јазична рамка на Советот на Европа (CEFR). Кандидатката има учествувано на повеќе обуки, како и во еден проект. Има добиено награди за најдобри резултати во натпреварот по ораторство (2017 година) и во натпреварот на Summer Jam Croatia (2014 година). Има потврда за познавање на компјутерските вештини од пакетот Microsoft Office, како и основни вештини од EViews и Python.

Љубе Јолевски е роден на 3.6.1990 година во Скопје. Во 2015 година дипломирал на Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на студиската програма Финансиски менаџмент, со просечен успех 9,41 (девет запирка четириесет и еден). Во 2017 година завршил втор циклус студии на Економскиот факултет во Скопје, при што магистрирал на студиската програма Монетарна економија, финансии и банкарство, а студиите ги завршил со просечен успех 10 (десет). Од 2016 година работи во НЛБ банка во Секторот за управување со ризици. Има доставено уверение од British Council од 27.11.2015 година, за познавање на англискиот јазик на ниво C според Европската јазична рамка на Советот на Европа (CEFR). Кандидатот е запишан на докторски студии по економски науки на Економскиот факултет во Скопје со прифатена тема. Има учествувано на повеќе обуки

во организација на MIGA, IFC, АБИТ итн. Исто така, самостојно и во коавторство, има објавено неколку труда во домашни и меѓународни списанија, а учествувал и на неколку меѓународни конференции. Има познавања во користењето на софтверските пакети Microsoft Office и Eviews.

Виктор Митевски е роден на 28.5.1990 година во Скопје. Во 2012 година дипломирал на Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на студиската програма Финансиски менаџмент, со просечен успех 8,09 (осум запирка нула девет). Во 2016 година завршил втор циклус студии на Texas A&M University, College of Liberal Arts, при што магистрирал на Департманот по економија, а студиите ги завршил со просечен успех 9,39 (девет запирка триесет и девет). Од 2019 година е вработен во OECD/SIGMA како консултант за внатрешна контрола. Има доставено уверение од Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, УКИМ, бр. 03- 1725/2 од 9.12.2020 година, за познавање на англискиот јазик на ниво C1 според Европската јазична рамка на Советот на Европа (CEFR). Има учествувано на бројни обуки и проекти од различни области, а бил вклучен и во изработката на неколку владини документи. Исто така, самостојно и во коавторство, има објавено неколку труда во домашни и меѓународни списанија и публикации. Во 2015 година бил добитник на Фулбрајтовата стипендија, а во 2016 година бил ангажиран како асистент во McFerrin Center for Entrepreneurship. Има искуство во користењето на програмските јазици и софтверските пакети: Eviews, R, SAS, Adobe Photoshop и Premiere Pro.

Филип Пеовски е роден на 26.12.1996 година во Скопје. Во 2019 година дипломирал на Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на студиската програма Финансиски менаџмент, со просечен успех 9,44 (девет запирка четириесет и четири). Во 2020 година завршил втор циклус студии на Економскиот факултет во Скопје, при што магистрирал на студиската програма Монетарна економија, финансии и банкарство, а студиите ги завршил со просечен успех 10 (десет). Во текот на студирањето извршувал практична работа во Винер осигурување и во НЛБ банка, а во 2020 година бил демонстратор на Економскиот факултет во Скопје. Има доставено уверение од Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, УКИМ, бр. 03- 1489/2 од 30.10.2020 година, за познавање на англискиот јазик на ниво C2 според Европската јазична рамка на Советот на Европа (CEFR). Има учествувано на еден семинар и една обука, има објавено еден труд во меѓународно списание, а учествувал и на неколку меѓународни конференции. Има познавања во користењето на софтверските пакети Microsoft Office и Eviews.

Ива Петроска е родена на 21.10.1994 година во Скопје. Во 2017 година дипломирала на Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на студиската програма Финансиски менаџмент, со просечен успех 9,03 (девет запирка нула три). Во 2020 година завршила втор циклус студии на Економскиот факултет во Скопје, при што магистрирала на студиската програма Монетарна економија, финансии и банкарство, а студиите ги завршила со просечен успех 9,29 (девет запирка дваесет и девет). Од 2017 година работи како советник за продажба во Стопанска банка - Скопје. Има доставено уверение од University of Cambridge ESOL Examinations, бр. 0032223376 од 18.8.2010 година, за познавање на англискиот јазик на ниво B2 според Европската јазична рамка на Советот на Европа (CEFR). Кандидатката има учествувано на неколку семинари и конференции. Има добиено награди за најдобри резултати во натпреварот на Solveo Business Development Platform (2016 година) и во натпреварот на Summer Jam Croatia (2015 година). Има потврда за познавање на компјутерските вештини од пакетите: Microsoft Office, EViews и MATLAB.

Кандидатот м-р Кирил Симеоновски е роден на 3.6.1990 година во Скопје. Во 2012 година дипломирал на Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на студиската програма Сметководство и ревизија, со просечен успех 9,94 (девет запирка деведесет и четири). Во 2014 година завршил втор циклус студии на Економскиот факултет во Скопје, при што магистрирал на студиската програма Монетарна економија, финансии и банкарство, а студиите ги завршил со просечен успех 10 (десет). Од 2014 година е вработен во Министерството за финансии,

во Секторот за макроекономска политика. Има доставено уверение од Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, УКИМ, бр. 03- 1665/2 од 1.12.2020 година, за познавање на англискиот јазик на ниво C2 според Европската јазична рамка на Советот на Европа (CEFR). Кандидатот е запишан на докторски студии по економски науки на Економскиот факултет во Скопје со прифатена тема. Има учествувано на бројни обуки во организација на ММФ, Обединетиот виенски институт, Народната банка на Република Македонија и Калифорнискиот технолошки институт. Исто така, самостојно и во коавторство, има објавено повеќе трудови во домашни и меѓународни списанија, учествувал на повеќе меѓународни конференции, а работел и на еден проект. Во текот на студирањето бил демонстратор на Економскиот факулет во Скопје. Во 2018 година ја освоил втората награда на конкурсот на Народната банка на Република Македонија за млади истражувачи. Има искуство во користењето на програмските јазици и софтверските пакети: Python, SQL, SPARQL, Microsoft Office, Eviews, R, MATLAB, FLAME и Stata.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

По разгледувањето на целокупната доставена документација, Рецензентската комисија со задоволство констатира дека на конкурсот се пријавиле квалитетни кандидати: повеќето од нив имаат завршено прв или втор циклус студии со највисок просек, а 7 од пријавените 9 кандидати имаат магистрирано во соодветната научна област во која е распишан конкурсот. Исто така, дел од пријавените кандидати имаат искуство во образовната и во научноистражувачката дејност, односно биле ангажирани како демонстратори и имаат објавено трудови во домашни и меѓународни научни списанија. Сепак, по внимателното проучување на поднесените пријави, Рецензентската комисија одлучи да му даде предност на кандидатот м-р Кирил Симеоновски.

Врз основа на севкупната активност на кандидатот (завршени втор циклус студии со највисок просек од соодветната научната област во која е распишан конкурсот, објавени поголем број научни трудови во домашни и меѓународни научни списанија, учество на повеќе обуки и меѓународни конференции и ангажман како демонстратор на Економскиот факултет во Скопје), Комисијата заклучи дека м-р Кирил Симеоновски ги исполнува условите според Законот за високото образование (член 173) и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (членови 33, 34, 35 и 36).

Оттука, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје, м-р Кирил Симеоновски да биде избран за соработник – асистент во научната област финансии.

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат: ВИКТОРИЈА АТАНАСОВСКА НОВЕСКИ**
**Институција: ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ**
**Научна област: ФИНАНСИИ**

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Има завршено прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити | да |
| 2 | Стекнат назив – магистер од соодветната област<br>Назив на научната област: Економија за бизнис анализа; Применета развојна економија | не |
| 3 | Остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на првиот циклус и вториот циклус на академски студии посебно<br><br>Просечниот успех на прв циклус изнесува: 10<br>Просечниот успех на втор циклус изнесува: / | |
| 4 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик: англиски јазик<br>2. Назив на документот: уверение бр. 03- 1697/2<br>3. Издавач на документот: Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ Скопје, УКИМ<br>4. Датум на издавање на документот: 4.12.2020 година | |

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ/АСИСТЕНТ ИСТРАЖУВАЧ

**Кандидат: АЛЕКСАНДАР ДАВЧЕВ**
**Институција: ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ**
**Научна област: ФИНАНСИИ**

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Има завршено прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити | да |
| 2 | Стекнат назив – магистер од соодветната област<br>Назив на научната област: Монетарна економија, финансии и банкарство | да |
| 3 | Остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на првиот циклус и вториот циклус на академски студии посебно<br><br>Просечниот успех на прв циклус изнесува: 9,75<br>Просечниот успех на втор циклус изнесува: 10 | |
| 4 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик: англиски јазик<br>2. Назив на документот: уверение бр. 03- 1687/2<br>3. Издавач на документот: Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ Скопје, УКИМ<br>4. Датум на издавање на документот 4.12.2020 година | |

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ/АСИСТЕНТ ИСТРАЖУВАЧ**

**Кандидат: СИЛВИЈА ЈАКИМОВСКА**
**Институција: ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ**
**Научна област: ФИНАНСИИ**

| **Ред. број** | **ОПШТИ УСЛОВИ** | **Исполнетост на општите услови да/не** |
|---|---|---|
| 1 | Има завршено прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити | да |
| 2 | Стекнат назив – магистер од соодветната област<br>Назив на научната област: Монетарна економија, финансии и банкарство | да |
| 3 | Остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на првиот циклус и вториот циклус на академски студии посебно<br><br>Просечниот успех на прв циклус изнесува: 9<br>Просечниот успех на втор циклус изнесува: 10 | |
| 4 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик: англиски јазик<br>2. Назив на документот: уверение бр. 03- 1666/2<br>3. Издавач на документот: Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ Скопје, УКИМ<br>4. Датум на издавање на документот 1.12.2020 година | |

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ/АСИСТЕНТ ИСТРАЖУВАЧ**

**Кандидат: АНА ЈОВАНОВСКА**
**Институција: ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ**
**Научна област: ФИНАНСИИ**

| **Ред. број** | **ОПШТИ УСЛОВИ** | **Исполнетост на општите услови да/не** |
|---|---|---|
| 1 | Има завршено прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити | да |
| 2 | Стекнат назив – магистер од соодветната област<br>Назив на научната област: Монетарна економија, финансии и банкарство | да |
| 3 | Остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на првиот циклус и вториот циклус на академски студии посебно<br><br>Просечниот успех на прв циклус изнесува: 8,91<br>Просечниот успех на втор циклус изнесува: 9 | |
| 4 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик: англиски јазик<br>2. Назив на документот: уверение бр. 0028615162<br>3. Издавач на документот: University of Cambridge ESOL Examinations, Скопје<br>4. Датум на издавање на документот 9.8.2010 година | |

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ/АСИСТЕНТ ИСТРАЖУВАЧ

**Кандидат: ЉУБЕ ЈОЛЕВСКИ**
**Институција: ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ**
**Научна област: ФИНАНСИИ**

| **Ред. број** | **ОПШТИ УСЛОВИ** | **Исполнетост на општите услови да/не** |
|---|---|---|
| 1 | Има завршено прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити | да |
| 2 | Стекнат назив – магистер од соодветната област<br>Назив на научната област: Монетарна економија, финансии и банкарство | да |
| 3 | Остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на првиот циклус и вториот циклус на академски студии посебно<br><br>Просечниот успех на прв циклус изнесува: 9,41<br>Просечниот успех на втор циклус изнесува: 10 | |
| 4 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик: англиски јазик<br>2. Назив на документот: уверение<br>3. British Council, Скопје<br>4. Датум на издавање на документот 27.11.2015 година | |

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ/АСИСТЕНТ ИСТРАЖУВАЧ

**Кандидат: ВИКТОР МИТЕВСКИ**
**Институција: ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ**
**Научна област: ФИНАНСИИ**

| **Ред. број** | **ОПШТИ УСЛОВИ** | **Исполнетост на општите услови да/не** |
|---|---|---|
| 1 | Има завршено прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити | да |
| 2 | Стекнат назив – магистер од соодветната област<br>Назив на научната област: Економија | не |
| 3 | Остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на првиот циклус и вториот циклус на академски студии посебно<br><br>Просечниот успех на прв циклус изнесува: 8,09<br>Просечниот успех на втор циклус изнесува: 9,39 | |
| 4 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик: англиски јазик<br>2. Назив на документот: уверение бр. 03- 1725/2<br>3. Издавач на документот: Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ Скопје, УКИМ<br>4. Датум на издавање на документот 9.12.2020 година | |

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ/АСИСТЕНТ ИСТРАЖУВАЧ**

**Кандидат: ФИЛИП ПЕОВСКИ**
**Институција: ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ**
**Научна област: ФИНАНСИИ**

| **Ред. број** | **ОПШТИ УСЛОВИ** | **Исполнетост на општите услови да/не** |
|---|---|---|
| 1 | Има завршено прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити | да |
| 2 | Стекнат назив – магистер од соодветната област<br>Назив на научната област: Монетарна економија, финансии и банкарство | да |
| 3 | Остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на првиот циклус и вториот циклус на академски студии посебно<br><br>Просечниот успех на прв циклус изнесува: 9,44<br>Просечниот успех на втор циклус изнесува: 10 | |
| 4 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик: англиски јазик<br>2. Назив на документот: уверение бр. 03- 1489/2<br>3. Издавач на документот: Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ Скопје, УКИМ<br>4. Датум на издавање на документот 30.10.2020 година | |

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ/АСИСТЕНТ ИСТРАЖУВАЧ**

**Кандидат: ИВА ПЕТРОСКА**
**Институција: ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ**
**Научна област: ФИНАНСИИ**

| **Ред. број** | **ОПШТИ УСЛОВИ** | **Исполнетост на општите услови да/не** |
|---|---|---|
| 1 | Има завршено прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити | да |
| 2 | Стекнат назив – магистер од соодветната област<br>Назив на научната област: Финансии | да |
| 3 | Остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на првиот циклус и вториот циклус на академски студии посебно<br><br>Просечниот успех на прв циклус изнесува: 9,03<br>Просечниот успех на втор циклус изнесува: 9,29 | |
| 4 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик: англиски јазик<br>2. Назив на документот: уверение бр. 0032223376<br>3. Издавач на документот: University of Cambridge ESOL Examinations, Скопје<br>4. Датум на издавање на документот 18.8.2010 година | |

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ/АСИСТЕНТ ИСТРАЖУВАЧ**

**Кандидат: КИРИЛ СИМЕОНОВСКИ**
**Институција: ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ**
**Научна област: ФИНАНСИИ**

| **Ред. број** | **ОПШТИ УСЛОВИ** | **Исполнетост на општите услови да/не** |
|---|---|---|
| 1 | Има завршено прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити | да |
| 2 | Стекнат назив – магистер од соодветната област<br>Назив на научната област: Монетарна економија, финансии и банкарство | да |
| 3 | Остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на првиот циклус и вториот циклус на академски студии посебно<br><br>Просечниот успех на прв циклус изнесува: 9,94<br>Просечниот успех на втор циклус изнесува: 10 | |
| 4 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик: англиски јазик<br>2. Назив на документот: уверение бр. 1665/2<br>3. Издавач на документот: Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ Скопје, УКИМ<br>4. Датум на издавање на документот 1.12.2020 година | |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Горан Петревски, с.р.**
**Проф. д-р Ѓорѓи Гоцков, с.р.**
**Проф. д-р Сузана Макрешанска Младеновска, с.р.**

**До:**
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**
**Машински факултет во Скопје**
**ул. „Руѓер Бошковиќ“ бр. 18**
**1000 Скопје**

# ПРИГОВОР

**на Рефератот за избор на соработник во соработничко звање – асистент во научната област lean менаџмент во Институтот за производно инженерство и менаџмент на Машинскиот факултет во Скопје објавен во Билтен бр. 1227 на УКИМ од 1.12.2020 година (стр.20-42)**

Предмет на приговорот: Реферат објавен во Билтен бр. 1227 од 1.12.2020 година стр.20-42 на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ за избор на соработник во соработничко звање – асистент во научната област lean менаџмент во Институтот за производно инженерство и менаџмент на Машинскиот факултет во Скопје, во согласност со конкурсот објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Коха“ од 29.10.2020 година

Почитувани професори,
Почитувани членови на ННС,

Најпрво, би сакала да изразам благодарност до Машинскиот факултет во Скопје и Рецензентската комисија за приемот и разгледувањето на документите кои ги доставив во предвидениот рок наведен во конкурсот.

Овој Приговор го поднесувам согласно со член 38 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, а кој се однесува на можноста за поднесување приговор, бидејќи во објавениот реферат, во извештајот потпишан од проф. д-р Јованоски и проф. д-р Миновски, сметам дека е нарушена постапката и процедурата за спроведување на процесот на оценување и избор, како и составување предлог - реферат за избор на соработник-асистент.

Во мојот поднесок до вас, ги опишувам законските повреди кои се однесуваат на два генерални аспекти:

(1) доставување предлог за избор на кандидатката м-р Ангела Василевска која не ги задоволува посебните услови за избор во соработничко звање асистент согласно со член 12 (Универзитетски гласник бр. 411, од 5.11.2018 година) и
(2) елиминација на мојата документација врз основа на тенденциозни и субјективни заклучоци донесени од страна на членовите на Рецензентската комисија, кои не се базирани на приложените докази.

За овие законски повреди се поднесени претставки во Државниот просветен инспекторат и е започнат законски процес за постапување според законските надлежности.

(1) Рецензентската комисија му предлага на Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет во Скопје, да ја избере кандидатката м-р Ангела Василевска во звањето асистент, заобиколувајќи го фактот дека кандидатката не ги задоволува посебните услови за избор во соработничко звање асистент согласно со член 12 (Универзитетски гласник бр. 411, од 5.11.2018 година), како што е и посочено во издвоеното мислење од проф. д-р Поленаковиќ.

Кандидатката м-р Ангела Василевска има приложено листа со два трудови:

R. Minovski, B. Jovanoski et al. (2017-2019): „Increasing the competitiveness of the domestic SMEs in order to improve their cooperation with foreign investors’ companies“. IPA project, EuropeAid/138-495/ID/ACT/MK

L. Nakov, A. Vasilevska (2017-2018): Joint program for sustainability leadership – PoSsible, Managing Sustainable Enterprises Excellence – methodological and empirical overview, Faculty of Economics

Првиот труд е книга на случаи кој е јавно објавен од страна на Стопанската комора на Македонија и е достапен на следниот линк (нацрт верзија):

https://www.mchamber.mk/upload1/publications/237_1.pdf. Како што забележува проф. д-р Поленаковиќ во неговото издвоено мислење, автори на овој труд се професорите д-р Миновски Р., д-р Јованоски Б. и д-р Јованоски Д. Кандидатката м-р Василевска не е коавтор на овој труд.

Вториот наведен труд не е јавно достапен. Како што е истакнато во издвоеното мислење, трудот кој е доставен од страна на кандидатката е проектна задача во рамки на програма за обука на тема одржливо лидерство на Економскиот факултет во Скопје. Значи не станува збор за труд објавен во стручно списание, како што се бара во Правилникот за избор во соработничко звање согласно со член 12 (Универзитетски гласник бр. 411, од 5.11.2018 година).

Рецензентската комисија констатира дека: *„Кандидатката е коавтор на еден научноистражувачки труд од областа на одржливата одличност“*. Овој заклучок е неоснован, затоа што ниту еден од двата наведени труда не е научно-истражувачки, односно не е објавен во списание. Точно се знае што претставува списание - мора да има извесни карактеристики: ISSN код, том (volume), број на издание (issue), страници (page numbers) и година на издавање. Ова се непобитни научни факти - кои комисијата брутално ги игнорира!

Кандидатката м-р Ангела Василевска нема пријавено учество на проекти.

Како што е потенцирано во издвоеното мислење, кандидатката ниту во својата биографија, ниту во друг документ од приложеното, не наведува дека учествувала во проект. Во рамките на IPA проектот кој бил имплементиран на Машинскиот факултет во Скопје, под водство на проф. д-р Миновски, кандидатката како претставник на фирмата каде била вработена, слушала обуки поврзани со lean менаџмент. Како што појаснува проф. д-р Поленаковиќ во издвоеното мислење, овие обуки се наведени во нејзината биографија во секцијата „Образование и обука“.

Рецензентската комисија се произнесува со контрадикторен став по однос на учеството на проект, цитирам: *„Таа е учесник во меѓународен проект „Increasing the competitiveness of the domestic SMEs in order to improve their cooperation with foreign investors' companies“. Во склоп на овој IPA-проект, работи на имплементација на Lean-филозофијата во една домашна компанија. Со тоа може да се констатира дека овој труд е во полето во кое е распишан конкурсот*“. И покрај тоа што не се повикува на никаков документ приложен како доказ за учество, Комисијата констатира дека кандидатката е учесник во проектот, односно во трудот кој е во полето во кое е распишан конкурсот, но кандидатката не е коавтор. Следствено, излегува дека Комисијата тенденциозно не прави разлика помеѓу ентитетите проект и труд во стручно списание, за да го прикаже приложениот труд како доказ за учество во проект. Учество на проект се потврдува со официјален документ издаден од институцијата која е лидер на проектот, соодветно потпишан, печатиран и архивиран (потврда за учество или договор за ангажман). Како што е констатирано во издвоеното мислење, таков документ не е доставен од страна на кандидатката. Дури и ако ова се смета за проект, а не треба, во поднесениот труд може да се види дека кандидатката, како дел од фирмата каде била вработена, била обучувана, а со тоа и краен корисник на овој ИПА проект (final beneficiary). Уште повеќе, во предговорот на овој труд наведена е конечна листа од сите учесници во проектниот тим по институции, каде како дел од Машинскиот факултет во Скопје, дадени се професорите и асистентите, како и практикантите кои учествувале во реализацијата на проектот. М-р Ангела Василевска не е дел ниту од проектиот тим, ниту од студентите-практиканти, ниту пак од експертите. И конечно, како final beneficiary на овој проект, според правилата на Водичот на ЕУ за реализација на проекти (PRAG), постои конфликт на интереси истиот субјект да биде имплементатор и краен корисник (обучувач и обучен во овој случај), што е пропишано во правилата од поглавјето 2.5.4. Conflict of interest, посебно 2.5.4.1. Conflict of interest for the contracting authority, како и поглавјето 2.5.6. Ethics clauses од овој водич.

Според изнесеното, кандидатката м-р Ангела Василевска не ги задоволува посебните услови за избор во соработничко звање асистент согласно со член 12 (Универзитетски гласник бр. 411, од 5.11.2018 година).

(2) Мојата документација поднесена на Конкурсот не е објективно оценета. Елиминирана сум врз основа на тенденциозни и субјективни заклучоци донесени од страна на членовите на рецензентската комисија, кои не се базирани на приложените докази.

Имено, во формуларот Образец 1, направена е елиминација на две од трите кандидатки според научната област. Како што е подетално елаборирано во издвоеното мислење на проф. д-р Поленаковиќ, на УКИМ претходно не постоеле ниту едни студии (на прв или втор циклус) во

областа lean менаџмент. Такви студии за прв пат се воведени во втор циклус оваа учебна година, значи магистри на оваа насока сè уште нема. Согласно со Универзитетскиот гласник бр. 357 од 23.3.2017 на стр. 42, каде што се презентирани научните полиња, односно области кои се соодветни за Институтот за производно инженерство и менаџмент, научната под-област 21111 друго е дел од научното поле 211 индустриско инженерство и менаџмент. Кандидатките м-р Василевска и д-р Матевска завршиле на студиската програма Индустриско инженерство и менаџмент, а јас завршив на престижниот Факултет за менаџмент при Универзитетот во Ланкастер, Англија, Обединето Кралство на програмата Е-бизнис и иновации и **сум веќе избрана во насловен доцент на Институтот за производно инженерство и менаџмент**, во научното поле Индустриско инженерство и менаџмент (Билтен на УКИМ од 30.12.2019, рецензентска комисија во сличен состав: проф. д-р Поленаковиќ, проф. д-р Јованоски и проф. д-р Донев). Во Образецот 1 од рецензијата, рецензентите сами ја вршат преквалификацијата на кандидатките, од научното поле Индустриско инженерство и менаџмент, во под-областите, како што се lean менаџмент и ергономија, субјективно - врз основа на називите на магистерските тези, и покрај тоа што двете кандидатки слушале идентични магистерски студии. Уште повеќе, во заклучокот се резимира следното: ...„*кандидатките Биљана Матевска и Ивана Станковска... се имаат стекнато со називот магистер во други области, а не во онаа во која е распишан конкурсот. Единствено кандидатката Ангела Василевска ги исполнува сите претходно наведени услови*“, што воопшто не е точно. Стекнатиот назив на м-р Василевска и д-р Матевска на нивните магистерски дипломи е идентичен, затоа што, како што елаборирав претходно, слушале идентични магистерски студии. Во консултација со правник, ми беше објаснето дека магистерските тези се еквивалент на еден научно-истражувачки труд и не е издржано да бидат основа за преквалификација на експертизата во под-области. Според тоа, целосно се согласувам со заклучокот кој го дава проф. Поленаковиќ во своето издвоено мислење, цитирам: ...„*на мислење сум дека секоја од кандидатите го исполнува општиот услов кој се однесува на научната област. Сите кандидатки своите магистерски студии ги имаат завршено во области кои се во рамките на научното поле индустриско инженерство и менаџмент. Експертизата во специфичната област која е потребна за конкурсот Lean-менаџмент, сметам дека треба да се докажува преку другите документи кои се приложени, како: тези, истражувања, трудови, проекти, сертификати и практично искуство*“.

Во делот каде рецензентите ја ревидираат и оценуваат мојата научно-истражувачка дејност, воопшто не е дискутиран квалитетот на објавените трудови кои се приложени кон мојата апликација. Вредно е и да се нагласи дека од 25-те научни труда кои се наведени, 2 научни труда се во научни списанија со импакт-фактор (фактор на влијание), дополнителни 5 научни труда во зборници од конференции кои се индексирани во базата Web of Science, како и 2 научни труда во меѓународни научни списанија кои се индексирани во базата EBSCO. Понатаму, сметам дека е особено значајно да се спомене моето учество како проектен менаџер или експерт на повеќе од 35 проекти, од кои 18 интернационални проекти (7 ЕУ Еразмус + проекти, 6 ЕУ ИПА проекти и по 1 проект од програмите: Хоризонт 2020, ЕУ КОСМЕ, GIZ, Светска банка и БалканМЕД).

За трите проекти кои се посочени како релевантни за областа lean менаџмент, рецензентската комисија констатира дека не може да најде јасна поврзаност со областа. За првиот проект, приложен е проектен извештај насловен: „University-enterprises cooperation in selected Western Balkan Countries – Report on the potential and activities“ на кој сум прв автор и во кој, на почетните страници јасно е прикажана улогата и употребата на lean manufacturing и lean-start-up методологијата во проектот. Уште повеќе, во рамките на овој проект напишав труд насловен: „Implementation of Industry 4.0 in start-ups by application of Lean principles - The case of the KnowHub project“ и неодамна го презентирав на конференција во Португалија, за кој приложив Paper Acceptance Letter. Овој труд е издвоен и прифатен како релевантен за областа од страна на рецензентската комисија.

За вториот наведен проект релевантен за lean менаџмент кој е насловен: „European VET Excellence Platform for Green Innovation“, краток опис е даден во официјалната потврда од мојот работодавец за мојот ангажман на проектите, од каде што може да се согледа на кој начин lean филозофијата и lean проектниот менаџмент се применети во проектот.

Како доказ дека третиот наведен проект со наслов: „Modern textile industry as attractive career path for young generations and contributor for economic development and social prosperity of

cross border region“, каде имав експертски ангажман токму на темата: Lean statart-up methodology, е релевантен за областа за која аплицирав, го приложив проектниот извештај во кој мојата презентација е дадена во прилозите.

Рецензентите користат шпекулативни изрази за да ја намалат вредноста на фактите кои ја потврдуваат мојата експертиза, знаење и образование во областа lean менаџмент. Ќе наведам два примери. Прво, проектниот извештај за проектот со текстилната индустрија е означен како *симптоматичен*, затоа што е доставен со датум додека трае конкурсот. Ова е целосно правно неиздржано. И другите кандидатки можеби имаат документи издадени истиот период, на пример, Комисијата наведува дека м-р Василевска приложила уверение за признавање на англиски јазик издадено на 3.11.2020 – што за Комисијата не било *симптоматично*. Второ, при оценувањето на сертификатите, особено на оние кои се од релевантната област, Комисијата изразува дека: ..„*индикативно е што сите тие се добиени во период од една седмица, и тоа во периодот кога сè уште е активен конкурсот*“. Повторно и целосно правно е неиздржано! Ова воопшто не постои како услов или некакво ограничување, и сметам дека на овој начин не треба да се намалува вредноста, односно да се одвлекува вниманието со овие изрази. Уште повеќе, од експерти кои работат во lean менаџмент, очекувам да ја разбираат тежината на сертификатот Lean Six Sigma Green Belt, кој е издаден од интернационален, светски признат институт. Материјалот кој го покрива овој сертификат е комплексен, обемен и аналитички, а базира на напредни статистички методи. Се разбира дека таков материјал не може да се совлада во еден месец, или уште повеќе, во една недела, за некој кој нема претходни предзнаења. Но, ако се погледнат подетално моите трудови, ќе се заклучи дека уште од магистерските студии, каде учев за lean manufacturing и AGILE технологии (подкласа на lean за ИКТ), јас се занимавам со статистички методи (на пр. трудовите: „Digital channels diminish SME barriers: the case of the UK“ и „Innovativeness in Macedonian Companies: Evidence from the Community Innovation Survey“, и двата објавени во списанија со фактор на влијание). Материјалот од преку 500 страници кој го совладав за овој сертификат, беше само едно потсетување и заокружување на моето претходно знаење, научно-истражувачка работа и практично искуство во областа на lean менаџмент. Оттука, сметам дека заклучокот кој рецензентите го даваат во овој дел: „*Несомнено, станува збор за кандидатка која има големо искуство во научноистражувачки проекти, пишување научни и стручни трудови, организирање и водење обуки, но генерално во области што не се поврзани со Lean-менаџментот*“ е субјективен, тенденциозен и неоснован. Со кандидатите пријавени на конкурсот, не е извршено интервју за да се провери знаењето и познавањето од областа на lean менаџмент.

Сметам дека заклучоците на членовите на рецензентската комисија во однос на исполнетоста на општите и посебните услови треба да се донесени врз основа на доставената документација од страна на апликантите, а не брз основа на тенденциозни и субјективни расудувања - кои се сосема погрешни, неосновани и правно сосема неиздржани. Поднесените трудови како докази за посебните услови на кандидатката м-р Ангела Василевска не можат и не смеат да бидат прифатени – зошто така се игнорираат и прекршуваат основните факти за научни трудови и проекти! Само доколку се уважат овие укажувања, може да се достави објективен извештај врз основа на кој, ННС на Машинскиот факултет ќе може да одлучува за избор на најсоодветен кандидат кој целосно ги задоволува сите потребни услови во согласност со правната постапка за избор.

Се надевам дека Комисијата ќе ги земе предвид горенаведените укажувања и дека ќе се произнесе позитивно по овој Приговор,

Срдечно ве поздравувам и однапред ви благодарам,

Скопје, 3.12.2020 год.

**Подносител на приговорот:**
**Д-р Ивана Станковска**

Адреса на живеење:
Ул. „Бранислав Нушиќ“ бр. 7/2-3
1000, Скопје

# О Д Г О В О Р
## НА ПРИГОВОРОТ НА РЕФЕРАТОТ ЗА ИЗБОР НА СОРАБОТНИК ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ ВО НАУЧНАТА ОБЛАСТ LEAN-МЕНАЏМЕНТ ВО ИНСТИТУТОТ ЗА ПРОИЗВОДНО ИНЖЕНЕРСТВО И МЕНАЏМЕНТ НА МАШИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ,

поднесен на 3.12.2020 година од страна на д-р Ивана Станковска, а заведен на 4.12.2020 со бр. 04-1491/5 на Машинскиот факултет во Скопје

Овој Одговор на Приговорот ќе го започнеме и ќе го завршиме со јасна констатација дека пријавената кандидатка која го поднесува Приговорот се стекнала со називот магистер во областа е-бизнис и иновации (што јасно се гледа од доставените документи) и не соодветствува на областа во која е објавен конкурсот (21111 друго: lean-менаџмент), со што не ги задоволува општите услови на конкурсот, согласно со Законот за високото образование (ЗВО). И за жал, тоа ниту еден приговор не може да го промени.

Интересно е дека во ниту еден дел на Приговорот не е експлицитно наведено од страна на поднесувачот на Приговорот дека ги исполнува општите и посебните услови на конкурсот. Поднесувачот на Приговорот, акцентот го става на некаква субјективност во оценката на нејзините трудови и сертификати, заборавајќи притоа дека неисполнувањата на барањата поврзани со формалното образование не можат да бидат заменети со документи добиени во неформалното образование.

Во продолжение, ќе се обидеме да одговориме на отворените прашања во Приговорот.

Првиот генерален аспект во Приговорот е дека кандидатката Ангела Василевска не ги задоволува посебните услови за избор во соработничко звање. Патем, во Приговорот не е цитиран ниту еден закон, од каде што станува нејасно на какви законски повреди се повикува поднесувачот на Приговорот.

За да нема недоумици околу посебните услови за избор во соработничко звање, во оваа прилика ќе го цитираме членот 12 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник, бр. 411, 5 ноември 2018), каде што стои:

„За асистент може да биде избрано лице кое покрај општите услови предвидени со Законот за високо образование (поднесени во Образец 1), ги исполнува и посебните услови за избор, односно има објавено најмалку 1 (еден) труд во стручно списание како автор или коавтор или **има учество на проект**.“

Случајно или намерно, подносителот на Приговорот лавира помеѓу термините проект – труд – книга на случаи, обучувач – обучуван, итн., обидувајќи се да внесе конфузија, во инаку јасната состојба околу учеството на Ангела Василевска во проектот “Increasing the competitiveness of the domestic SMEs in order to improve their cooperation with foreign investors’ companies [InComSMEs]”.

Да дообјасниме дека проектот InComSMEs околу кој се кршат копјата, претставува IPA-проект кој имаше за цел да го унапреди работењето на одбрани компании во Македонија, а во насока на унапредување на нивната соработка со директните странски инвестиции кај нас. За таа цел, беше предвидено спроведување на 5 т.н. индустриски проекти во рамките на самиот проект InComSMEs. Како подготовка на тие индустриски проекти, во одбраните компании беа спроведени обуки за кадарот од соодветната област. По спроведените обуки, беа формирани хибридни тимови (во кои рамноправно членуваа и вработени од компаниите), во насока на подобрување на состојбата во домашните компании. Тоа јасно може да се види од прифатената пријава на предлог-проектот, каде што на стр. 20 стои:

“Hybrid project teams consisted of the representatives from the universities, expert for enterprise restructuring, most dedicated experts from FDIs and **the experts from respective companies**, will work on the projects for improvement of the identified gaps”.

Оттука, може недвосмислено да се констатира дека одделни вработени во претпријатијата (меѓу кои и Ангела Василевска), не само што биле обучувани во одделни области, меѓу кои и областа на lean во рамките на проектот, туку активно учествувале во суштинска имплементација на истиот.
Во овој проект, како дел од неговата целокупна документација, издадена е книга на случаи, во кои детално се опишани горенаведените индустриски проекти. Во нејзе, на неколку места, видливо се назначени сите учесници во проектите (вклучително и Ангела Василевска).
Кулминација на целата дискусија претставува фактот дека токму Ангела Василевска го презентираше индустрискиот проект реализиран во нејзината компанија на Завршната конференција на InComSMEs проектот одржана на 4.12.2019 во хотел „Мериот“ во Скопје, а на која присуствуваа **сите три члена на Комисијата**. Во прилог на ова се и видеата и сликите на официјалната страна на проектот, www.mf.edu.mk/incomsmes и делот „VII. Dissemination of the knowledge, experiences and results“.
Значи, да констатираме уште еднаш, Ангела Василевска **не е коавтор на книгата на случаи**, но **е учесник во проектот**, што е **доволен предуслов за да се задоволат посебните барања предвидени со соодветниот правилник на нашиот универзитет**. Со тоа, се потврдуваат ставовите на Комисијата изнесени во Рефератот и се отфрлаат несоодветните аргументи наведени по однос на овој, прв генерален став во Приговорот.
За да не останеме недоречени во однос на некои од забелешките изнесени во Приговорот, а се поврзани со овој прв генерален аспект, во продолжение ќе се осврнеме кусо на некои од нив.

- Поднесувачот на Приговорот го оспорува трудот “L. Nakov, A. Vasilevska (2017-2018): Joint program for sustainability leadership – Possible, Managing Sustainable Enterprises Excellence – Methodological and empirical overview, Faculty of Economics”, поднесен од кандидатката Ангела Василевска.
  Трудот на кој се повикува поднесувачот на Приговорот, воопшто не е ни земен како релевантен за разгледување од страна на Комисијата, што е јасно нагласено во Рефератот – „Кандидатката е коавтор на еден научноистражувачки труд од областа на одржливата одличност и за жал, тој не е во полето во кое е распишан конкурсот“. Комисијата и во овој случај беше доследна и немаше потреба да анализира било какви детали поврзани со било кој труд од трите кандидатки што не беа од областа за која беше распишан конкурсот.
- Учеството во проектот го нема во биографијата на кандидатката Ангела Василевска
  Проектот е пријавен во листата на трудови на кандидатката Ангела Василевска и е поднесена дополнителна документација (каде кандидатката се споменува повеќе пати како учесник на проектот). Тоа е повеќе од доволно Комисијата да се произнесе по него, што таа и тоа го направи.
- Се инсистира на докажување на учеството на проектот со приложување на „официјален документ издаден од институцијата која е лидер на проектот“
  Институцијата лидер на проектот беше нашиот Универзитет, преку Машинскиот факултет; проектен менаџер беше еден од долупотпишаните, а учесници беа сите три члена на Рецензентската комисија. Во такви околности, поднесувањето на таквиот документ станува беспредметно. Згора на сè, учеството на Ангела Василевска, како што беше веќе речено, може да се потврди и преку приложената книга на случаи.

Во вториот главен аспект, поднесувачот на Приговорот тврди дека е направена елиминација на нејзината документација врз основа на тенденциозни и субјективни заклучоци донесени од страна на членовите Рецензентската комисија, кои не се базирани на приложените докази.
И во оваа прилика, наспроти тврдењата за тенденциозност и субјективност, ќе се повикаме на ЗВО, член 170 за општи услови за избор во соработнички звања, каде јасно стои дека за асистент може да биде избрано лице кое:

„1. има завршено прв и втор циклус на академски студии со најмалку 300 ЕКТС кредити,
**2. има стекнато назив магистер од соодветната област,**
3. има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на првиот циклус и вториот циклус на академски студии посебно,
4. има познавање на најмалку еден странски јазик.“

Главниот фокус во овој втор генерален аспект од страна на поднесувачот на Приговорот е да се релативизира ставот 2 од овој член (т.е. соодветноста на областа во стекнатиот назив) и да се направи обид да се стават трите кандидати во рамноправна положба во однос на ова гледиште.
Уште еднаш мораме да истакнеме дека во однос на поднесувачот на Приговорот состојбата е повеќе од јасна – таа се има стекнато со соодветниот назив во друга област, е-бизнис и иновации, и со самото тоа не ги исполнува општите услови од конкурсот. Во прилог на својот заклучок, Комисијата го приложува извадокот од Решението за признавање високообразовна квалификација стекната во странство, од поднесувачот на Приговорот, слика 1.


**РЕШЕНИЕ**
**за признавање на високообразовна квалификација**
**стекната во странство**

1. Дипломата издадена во Октомври 2011 година, на име **ИВАНА СТАНКОВСКА** од Универзитетот во Ланкастер, Велика Британија, во Република Македонија се **признава** како документ за завршен **втор циклус магистерски студии и стекнат научен степен Магистер на науки по е-бизнис и иновации.**

Слика 1: Извадокот од Решението за признавање високообразовна квалификација стекната во странство, од поднесувачот на Приговорот
И тука, нема ниту субјективност ниту тенденциозност, затоа што заклучокот е донесен врз основа на поднесените документи.
Поднесувачот на Приговорот, понатаму дебатира дека останатите две кандидатки имаат магистрирано на Индустриско инженерство и менаџмент (ИИМ) и дека на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (УКИМ) не постоеле студии во областа на lean менаџментот. Тоа е точно. Но, Поднесувачот на Приговорот заборава на фактот дека во иста студиска програма, врз основа на изборните предмети (кои во минатото беа и до 60% од вкупниот број на предмети во една студиска програма) и на изработената магистерска тема се врши профилирање на студентите во одделни области, особено кога називот на магистерската диплома е на ниво на научноистражувачко поле. Со оглед дека Индустриското инженерство и менаџмент е научноистражувачко поле во Фраскатиевата класификација, Рецензентската комисија припадноста кон областа во која е објавен конкурсот за двете кандидатки (Биљана Матевска и Ангела Василевска) го направи врз основа на изработената магистерска тема. Тоа е и улогата на Рецензентската комисија – врз база на фактите да даде свое мислење, а тоа право и обврска подносителот на Приговорот не може и не смее да ѝ го одземе. Впрочем, за да избегнат одреден субјективизам во изведеното мислење, кандидатите на конкурсот, знаејќи ја областа во која е објавен конкурсот, можеле да поднесат и дополнителни документи/појаснувања поврзани со своите магистерски тези, што во овој случај не е направено. Впрочем, досега не е стигнат приговор од другата кандидатка, Биљана Матевска во однос на несоодветната анализа на магистерската тема и класифицираниот назив од страна на рецензентската комисија.
Во спротивно, ако на рецензентските комисии им се одземе ваквото право на оценка, сите оние кои магистрирале или докторирале пред воведувањето на Болоњскиот кредит трансфер систем, не би можеле да учествуваат на ниту еден сличен конкурс (согласно со постојниот ЗВО), со што неоправдано би се довеле во прашање многу избори, не само на универзитетот, туку и во земјава. Затоа, Комисијата констатира дека кандидатката Биљана Матевска има магистрирано на областа ергономија и безбедност при работа (тема: Оптимизација на канцелариско работење за лице во инвалидска количка), а кандидатката Ангела Василевска на областа Lean (тема: Споредба на Lean филозофијата

во производство и услужни дејности – практична имплементација). Ваквиот заклучок е во корелација со Правилникот за систематизација на работните места на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје – Машински факултет – Скопје од 2017 година (Универзитетски гласник, бр. 357 од 23.2.2017), каде иновациите, ергономијата и безбедноста при работа и Lean менаџментот, се три одделни, јасно разграничени области, слика 2.



| Научно поле | Научни области (дисциплини) |
|---|---|
| **211 Индустриско инженерство и менаџмент** | 21100 Метод на анализа на структура и финкционирање на претпртијатието<br>21101 Планирање<br>21102 Анализа и мерење на работата и времето<br>21103 Проучување на факторите на работната средина и заштита на работа<br>21104 Внатрешен транспорт<br>21105 Организација на технолошки процеси<br>21106 Организација на административни процеси<br>21107 Методи на теорија на системот и системска анализа<br>21108 Индустриска динаминка<br>21109 Теорија на одлучување<br>21110 Операциски истражувања<br>21111 Друго<br>Други области (дисциплини) поврзани со наставната, научноистражувачката и апликативна дејност кои произлегуваат од долгогодишната а[illegible]ститутот и развојот на науката:<br>Системи за мерење и менаџмент на перформансите, Постојано подобрување, Lean менаџмент, 6 сигма, TQM, Системи за менаџмент на квалитетот, Оптимирање на процесите, Продуктвност, Планирање и управување на производств[illegible], Системи за мотивација и наградување, Менаџмент на одржувањето, Менаџмент на развој на производ, Иновации, Менаџмент на технолошки развој, Проектен менаџмент, Менаџмент на технологии на почисто производство, Животен циклус на производ, Одржлив развој, Ергономија и безбедност при работа. |



Слика 2: Правилникот за систематизација на работните места на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје – Машински факултет – Скопје од 2017, соодветните области во ИИМ и областите во кои се работени магистерските теми на кандидатките

Сите оние кои имале допирна точка со овие области, знаат колкава е разликата помеѓу нив. Тројцата членови на Рецензентската комисија се членови на Катедрата за ИИМ, Институтот за производно инженерство и менаџмент (ИПИМ) и Машинскиот факултет – Скопје (МФС). По тој редослед, Катедрата за ИИМ, преку ИПИМ до Наставно-научниот Совет (ННС) на МФС достави барање за распишување на конкурсот во областа (21111 Друго: Lean менаџмент). Истиот предлог беше усвоен од ННС на МФС и во целата постапка немаше ниту една забелешка. Со тоа, Катедрата за ИИМ јасно покажа дека од нејзин интерес е да вработи асистент кој ќе продолжи да твори и истражува во споменатата област. Оттаму, (мнозинството од) Комисијата, го донесе својот заклучок, како што беше изнесено во Рефератот.
Иако ова може да се третира како доволен одговор, како и кај претходниот генерален аспект, и овде ќе се обидеме да затвориме некои од отворените дилеми во Приговорот.

- Поднесувачот на приговорот го акцентира својот избор во насловен доцент на ИПИМ, во полето индустриско инженерство и менаџмент (ИИМ)

  Сериозен пропуст во овој дел од Приговорот е фактот што при елаборацијата е изоставена областа во кое беше распишан тој конкурс, со кој таа е избрана во

насловен доцент. Тоа е областа „метод на анализа на структура и функционирање на претпријатието“, сосема различна област од онаа во која е распишан овој конкурс!

- Поднесувачот на Приговорот забележува дека не е дискутиран квалитетот на нејзините трудови
  Во Рефератот не се оценувани посочените трудови затоа што едноставно, тие не се во областа! Комисијата ниту сакаше ниту имаше потреба да оценува трудови кои не се релевантни за конкурсот. Дека Комисијата, наспроти наводите за субјективност, беше конзистентна во пристапот, говори и фактот дека, не само кај поднесувачот на Приговорот, туку кај сите кандидатки не се анализирани трудовите кои не се во областа!
- Се забележува дека со кандидатите не е спроведено интервју
  Подносителот на Приговорот би требало да знае дека не постои законска одредба според која мора да се спроведува такво интервју. Со оглед дека членовите на Комисијата, повеќе или помалку биле во контакт со трите пријавени кандидатки, **ниту еден член од Комисијата** не поведе иницијатива за спроведување на интервју. Ова, особено во услови кога некои од пријавените кандидати не ги задоволуваа условите на конкурсот.
- Поднесувачот на Приговорот се обидува да направи еквиваленција на магистерските тези со еден научноистражувачки труд
  Констатацијата дека „во консултација со правник, ми беше објаснето дека магистерските тези се еквивалент на еден научно-истражувачки труд и не е издржано да бидат основа за преквалификација на експертизата во под-области“, не сакаме дури ни да ја коментираме туку ќе се повикаме на претходно цитираниот член од ЗВО.
- Поднесувачот на Приговорот ја обвинува Комисијата за користење „шпекулативни изрази“, како симптоматичен и индикативно.
  Неточно е дека извештај на проект е „означен како симптоматичен“ туку е симптоматично времето на неговото издавање (во времетраење на конкурсот), што е прилично различно.
  Обидувајќи се да го девалвира мислењето на Комисијата и да ја апострофира нејзината наводна субјективност, поднесувачот на Приговорот посегнува по една несреќна споредба. Имено, крајно несериозна е споредбата на сертификатите (кои треба да сведочат за суштинските компетенции на кандидатите) со уверение за познавање на англиски јазик (како доказ за генеричките компетенции на кандидатите). Таквите уверенија по правило се добиваат при конкурирање на некаков конкурс, каде што се бара познавање на јазикот, а во конкретниот случај единствена валидна институција што може да даде таков сертификат за работно место на УКИМ е Филолошкиот факултет. Во своето повеќедецениско работење на факултетот и членување во органите на факултетот, двајцата долупотпишани се немаат сретнато со случај кога по објавувањето на конкурсот, во период од 5 денови, кандидатот се стекнал со пет сертификати од областа (а притоа претходно да немал ниту еден) и учествувал во изработката на еден завршен извештај за проект. Ваквата невообичаеност, членовите на Комисијата мораа да ја нотираат. Едноставно, тоа беше и нивна должност и кон останатите кандидати кои се пријавија на конкурсот и кон членовите на ННС на МФС и кон целата академска заедница. За неоснованоста на тврдењето за субјективност од страна на Комисијата говори и фактот дека Комисијата била конзистентна кога немала забелешка на ваквиот документ и за кандидатката Биљана Матевска, која, сосема очекувано, таквото уверение за познавање на странскиот јазик исто така го обезбедила за времетраење на конкурсот. И во оваа прилика сакаме уште еднаш да апострофираме дека и покрај сето ова, сертификатите не беа главна основа за отфрлање на поднесувачот на Приговорот во изнесените заклучни согледувања во Рефератот, туку неисполнување на општите услови на конкурсот.

На крајот, а во насока на искажаното претходно, би сакале да потенцираме една круцијална работа генерално поврзана со вториот генерален аспект на Приговорот, а тоа е дека стекнатите сертификати при **неформалното образование** треба да бидат само надградба на **формалното образование** и не можат и не смеат да бидат негова замена!

**Заклучок**

Поднесувачот на Приговорот, во својот поднесок изнесува наводни аргументи кои во ниту еден момент не можат да ги оспорат заклучоците изнесени од страна на Рецензентската комисија за конкурсот за избор на соработник во соработничко звање – асистент во научната област lean менаџмент во Институтот за производно инженерство и менаџмент на Машинскиот факултет во Скопје. Комисијата повторно може да констатира дека поднесувачот на Приговорот се има стекнато со звањето магистер во различна област (е-бизнис и иновации), од онаа во која е распишан конкурсот (21111 друго: lean-менаџмент), и оттаму не ги исполнува општите услови на конкурсот, согласно со ЗВО.

Комисијата останува на својот изречен став во Рефератот дека „единствено кандидатката Ангела Василевска ги исполнува сите претходно наведени услови“, при што под услови се мисли на општите и посебните услови за избор во наставно-научно, научно, наставно-стручно и соработничко звање.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА,**
**ПОДНЕСУВАЧИ НА ОДГОВОРОТ**

**Вонр. проф. д-р Бојан Јованоски,**
**Машински факултет – Скопје, с.р.**

**Проф. д-р Роберт Миновски,**
**Машински факултет – Скопје, с.р.**

# Р Е Ф Е Р А Т
## ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТИ ПО ПРЕДМЕТОТ НЕВРОЛОГИЈА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Медицински факултет – Скопје, објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Коха“ од 2.9.2020 година, за избор на 2 асистента по предметот Неврологија, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 02-3524/66 од 22.9.2020 година, донесена на XXIX редовна седница, формирана е Рецензентска комисија во состав: н. сор. д-р Иван Барбов, научен соработник на Медицинскиот факултет, н. сор. д-р Николина Тановска, научен соработник на Медицинскиот факултет и н. сор. д-р Игор Кузмановски, научен соработник на Медицинскиот факултет.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

На објавениот конкурс за избор на 2 асистента по предметот Неврологија, во предвидениот рок се пријавија 3 кандидати: д-р Татјана Делева-Стошевска, д-р Блерим Адеми и д-р Илија Здравков.

**Д-р Татјана Делева-Стошевска**

1. **Биографски податоци и образование**

Д-р Татјана Делева-Стошевска е родена 1978 година во Струмица. Основно и средно образование има завршено во Струмица, континуирано, со одличен успех и со бројни учества на регионални и републички натпревари по предметите Биологија и Македонски јазик и литература со постигнување на значајни резултати.

Во 1996 година ги започнала студиите на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, а дипломирала прва во генерацијата во 2002 година со просечен успех 8,91. Во текот на студиите, во рамките на програмата за размена на студенти, остварила едномесечна посета во Клиничкиот центар во Сплит, Хрватска. Стручниот испит пред испитна комисија на Медицинскиот факултет во Скопје успешно го положила на 9.7.2003 година.

Во периодот од 17 септември 2002 година до 14 јануари 2011 година работела како доктор на медицина во Медицинскиот центар во Струмица. Како лекар по општа медицина учествувала на бројни национални, меѓународни и светски конгреси и други научни собири. Во 2006 година ја започнала специјализацијата по неврологија при ЈЗУ Универзитетска клиника за неврологија, Медицински факултет, УКИМ во Скопје и на 3.12.2010 година го положила специјалистичкиот испит, со што се здобила со звањето специјалист по неврологија. Од 14 јануари 2011 година е вработена во ЈЗУ ГОБ „8-ми Септември“ во Скопје, како лекар специјалист по неврологија. Како лекар специјалист по неврологија има учествувано на бројни конгреси и други научни собири од областа. Има остварено студиски едукативни престои од областа на невросонологијата во Софија, Бугарија и Љубљана, Словенија, како и Летна школа за невросонологија во Задар, Хрватска и бројни други едукативни курсеви од областа.

Во академската 2014/2015 година се запишала на трет циклус студии – докторски студии по клиничка медицина, Медицински факултет, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” Скопје. Активно се служи со англискиот јазик.

2. **НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТКАТА ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА**

***Научноистражувачка дејност, наставно образовна, стручно-применувачка дејност и дејност од поширок интерес***

- Подистражувач (sub-investigator) во клиничка студија спроведена од Janssen Research & Development Protocol RIVAROXDVT 3002: Medically Ill Patient Assessment of Rivaroxaban Versus Placebo IN Reducing Post-Discharge Venous ThromboEmbolism Risk (MARINER), PAREXEL Study Number 216547, Site Number: MK00001.
- Активен учесник во голем национален проект„Ризик-фактори за хипертензија во Република Македонија", Македонска асоцијација за хипертензија во соработка со Здружението на лекари од примарна здравствена заштита
- Активен член на: Лекарската комора на Македонија, Македонското лекарско друштво, Здружението на невролози на РМ, Европската академија за неврологија (EAN), Светската невролошка федерација (WFN World Federation of Neurology) и Бугарското здружение за невросонологија церебрална хемодинамика (BSNCH). Поранешен член е на Претседателството на Македонската асоцијација за хипертензија.
- Стручен престој и едукација од областа на неврологијата и невросонологијата со индивидуална обука за колор доплер сонографија на каротидните и вертебралните артерии, 18.8 – 13.9.2013, Клиника за неврологија, Болница „Токуда“, Софија, Бугарија.
- Стручен престој и едукација од областа на невросонологијата на Клиниката за неврологија, Оддел за васкуларна неврологија и интензивна невролошка терапија, Универзитетски клинички центар Љубљана, Р Словенија, во периодот од 27.10. до 20.11.2015 година.
- 9. Летна школа по невросонологија и менаџмент на мозочен удар и 5. Меѓународен курс на ESNCH, 28-30 септември 2017, Задар, Хрватска.
- Школа за ЦНС, 16-17 мај 2014, Истанбул, Турција.
- Едукативен престој на Одделот за интерна медицина (оддел за срце и крвни садови и оддел за нефрологија) во периодот од 15 јули до 15 август 2001, Клиничка болница – Сплит, Хрватска.
- Успешно го поминала тренингот и се стекнала со сертификат за етички и регулаторни аспекти на добра клиничка пракса на The Second National GCP Seminar Training in Republic of Macedonia: „Ethical and regulatory aspects of Good Clinical Practice“, Version 1.0/4 December 2015, Skopje, R. Macedonia.
- Сертифициран едукатор за Fondation PH Suisse-Partnership in Health, со успешно завршен Курс за обука на обучувачи TSTS (Trainer Skills Training Course), 23 декември 2005 година.
- Предавач и едукатор на Основен HIV/AIDS курс за здравствените работници од Примарна здравствена заштита, Fondation PH Suisse-Partnership in Health, 14 февруари – 30 јуни 2006 година.
- Завршила обука за работа со жртви на семејно насилство во локалната средина, подржана од UNICEF Скопје, 22 декември 2004, Битола, Македонија.
- Била дел од тимот за работа со жртви на семејно насилство во локалната средина.
- Поканет предавач на стручниот состанок на Македонската асоцијација за хипертензија, на тема „Хипертензија и цереброваскуларен инсулт", 14.3.2008 год, Скопје, Македонија.
- Предавач на стручен состанок на невролози на Р. Македонија, на тема „Betahistin Pharma S во третман на вртоглавица- приказ на случаи“, Скопје, Македонија, мај 2016.
- Остварила едукација во рамките на програмата за континуирана медицинска едукација на Светска невролошка федерација, октомври 2006, 5 мај 2009.
- Има завршено постдипломски тренинг курс на 4. Академија за бубрежна инсуфициенција, изберена помеѓу голем број на апликанти и успешно поминатa евалуација, 1-3 јуни 2006, Синаја, Романија.
- Шеф е на Одделот за општа неврологија , Одделение за неврологија, ЈЗУ ГОБ „8-ми Септември“– Скопје.

- Активен учесник како едукатор во едукацијата на специјализанти по неврологија од Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип.
- Член на Стручна комисија за издавање на наод, оценка, и мислење за потребата од помош и нега од друго лице во ГОБ „8-ми Септември“, во периодот од 2015 до 2017 година.
- Член на Работната група за ревизија на болнички истории по пат на телемедицина во јавноздравствените установи од секундарно ниво на здравствена заштита, во организација на Министерството за здравство на Р Македонија (бр. 07-8345, 11.9.2014 година).

**Учества на бројни едукации, курсеви, национални, меѓународни и светски конгреси и други научни собири:**

- 5$^{th}$ International Training Course of the ESNCH & 9$^{th}$ Zadar summer school of neurosonology and stroke management, Zadar, Croatia, September 28$^{th}$-30$^{th}$, 2017;
- XI/XVII конгрес на невролозите на Србија со меѓународно учество, 24-26.11.2017, Белград, Србија;
- Шести конгрес на невролозите на Р Македонија и Втори интернационални охридски средби, 21-24 септември 2016, Охрид, Македонија;
- Втор национален конгрес со меѓународно учество на Бугарското здружение за невросонологија и церебрална хемодинамика, 30 септември – 2 октомври 2016 год, Софија Бугарија;
- Национален семинар за невромускулните болести во клиничката пракса, предизвици во дијагностиката и лечењето - Друштво на невролозите на Србија, 14 – 15 октомври 2016 година, Палиќ, Р Србија;
- The Second National GCP Seminar Training in Republic of Macedonia: “Ethical and regulatory aspects of Good Clinical Practice“, Version 1.0/4 December 2015, Skopje, R. Macedonia;
- Прв КМЕ ЦНС Истанбул 2014, 16-17 мај 2014, Истанбул, Турција;
- First International Ohrid Meeting, 26-27 September 2014, Ohrid, Macedonia;
- Прв национален конгрес на Бугарското здружение по невросонологија и церебрална хемодинамика, 2 – 4 октомври 2015, Софија Бугарија;
- 46$^{th}$ International Danube Neurology Symposium in cooperation with Adriatic Neurology Forum, 23$^{th}$ – 27$^{th}$ April, 2014, Becici, Monenegro;
- XI/XVI конгрес на невролозите на Србија со мегународно учество, 22-24 октомври 2015, Нови Сад, Србија;
- EAN Regional Teaching Course, 9$^{th}$ meeting of the Bulgarian Society of Neurosonology and cerebral hemodynamics, 02-05 October, 2014, Sofia, Bulgaria;
- Едукативен престој за индивидуална обука за Колор доплер и дуплекс ултрасонографија на каротидни и вертебрални артерии, 18 август до 13 септември 2013, Клиника за неврологија, Болница „Токуда“, Софија, Бугарија;
- **XXI светски конгрес** по неврологија, 21-26 септември 2013 година**, Виена,** Австрија
- Четврти интердисциплинарен семинар - практична неврологија, Дијагностички методи во неврологијата, Клиника за неврологија и медицина на сонот, МБАЛ „Токуда болница Софија“, 30 ноември 2013 год.;
- Втор интернационален симпозиум по ургентна медицина, 11 – 14 април 2013 година, Скопје, Македонија;
- 5. Конгрес на невролозите во Македонија со меѓународно учество, 14-16 јуни 2012, Охрид, Македонија;
- Стручен состанок на тема „Дијабетска полиневропатија, патогена и симптоматска терапија“, 5 декември 2008, Скопје, Македонија;
- 4. Конгрес на невролозите во Македонија со меѓународно учество, 3 – 7 септември 2008, Охрид, Македонија
- Едукативен курс на тема „Модерни трендови во дијагнозата и третманот на епилепсијата, специјално издание“, 3 септември 2008, Охрид, Македонија;

- Стручен состанок на тема „Современи аспекти во третманот на мигрената“, 21 март 2008, Велес, Македонија;
- Учесник и предавач на состанокот на Македонската асоцијација за хипертензија на теми „Кардиоваскуларни фактори на ризик и хиперурикемија кај хипертензија“, „Упатства за хипертензија“, „Хипертензија и кардиоваскуларен инсулт“, 14 март 2008, Скопје, Македонија
- Континуирана медицинска едукација, Светска невролошка федерација, октомври 2006, 5 мај 2009;
- Стручен состанок на Здружението на невролози на Република Македонија на теми „Невроваскулити“, „Алтернативна терапија за мултипла склероза“, „Фармакорезистентност и епилепсии“, 26 декември 2007, Скопје, Македонија;
- Состанок на Македонска асоцијација за хипертензија со темите „Метаболен сидром и хипертензија“, „Упатства за хипертензија“ и „Дебелина и хипертензија“, 15 ноември 2007, Скопје, Македонија
- Стручен состанок на здружението на невролози на Република Македонија на теми „Антиепилептична терапија кај пациенти со хепатални заболувања“, „ЕЕГ-новини во дијагностички техники и значење на ЕЕГ во локализација на епилептичниот фокус кај пациенти со рефрактерна епилепсија“, „Третман на мијастенија гравис“, 7 ноември 2007, Скопје, Македонија;
- Стручен состанок на здружението на невролози на Република Македонија на теми „Антиепилептична терапија кај трудници и доилки“, „Невросаркоидоза“, „Диференцијална дијагноза на Паркинсоновата болест“, 30 мај 2007, Скопје, Македонија;
- Стручен состанок на тема „Современи аспекти во антиепилептичната терапија“, мај 2007, Велес, Македонија;
- Семинар од областа на електромиографијата, 20 април – 4 мај 2007, Клиника за неврологија, Скопје, Македонија;
- Стручен состанок на Здружението на невролози на Република Македонија на теми „Смерници за секундарна превенција за исхемичен мозочен удар и ТИА“, „Базиларна артериска тромбоза“, „Хеморагична трансформација на исхемичниот мозочен удар“, „Тромболитичка терапија кај цереброваскуларните болести“, „Екстракранијални (каротидни) и интракранијални стентови“, 28 март 2007, Скопје, Македонија;
- Прв меѓународен симпозиум за епилепсии и неврофизиологија 20 – 23 септември 2007, Охрид, Македонија;
- Стручен сопстанок на тема „Нови пристапи во третманот на исхемичниот мозочен удар“, 15 декември 2006
- Прв конгрес на АОМ/ФМ – Асоцијација на лекари по општа/фамилијарна медицина на Југоисточна Европа, јуни 2006, Охрид, Македонија;
- Постдипломски тренинг курс на 4. Академија за бубрежна инсуфициенција, изберена помеѓу голем број на апликанти и успешно помината евалуација,1-3 јуни 2006, Синаја, Романија;
- учесник во проектот „Ризик-фактори за хипертензија во Република Македонија, Македонска асоцијација за хипертензија во соработка со Здружението на лекари од примарната здравствена заштита“;
- **Прва меѓународна конференција** на гинеколози и акушери **во Пекинг**, 7-10 октомври, 2005 Пекинг, Кина
- Трет конгрес по неврологија, 22– 25 септември 2004, Струмица, Македониј;
- Успешно завршен Курс за обука на обучувачи TSTS (Trainer Skills Training Course) со што станав сертифициран обучувач за Foundation PH Suisse-Partnership in Health, 23 декември 2005 година;
- предавач и обучувач на Основен HIV/AIDS Курс за здравствените работници од Примарна здравствена заштита, Foundation PH Suisse-Partnership in Health, 14 февруари – 30 јуни 2006 година;

- Курс за тренинг за бронхијална астма (2003 – 2005), КМЕ;
- Курс за срцево белодробно оживување, 31.10 – 2.11.2003, Катедра за анестезија и реанимација, Медицински факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј” – Скопје, Македонија;
- Тренинг-програма „Работа со жртви на семејно насилство во локална заедница“ – тренинг програма подржана од УНИЦЕФ
- Предавања во средни училишта на тема на АИДС, Скопје, Македонија
- Еден месец во Оддел за нефрологија и кардиологија во Медицински факултет во Сплит, Хрватска, како дел од програма за студентска размена

Д-р Татјана Делева-Стошевска е **автор и коавтор** на повеќе трудови, автор на два труда објавени во списанија со импакт-фактор. Подолу се наведени најзначајните трудови:

1. **Deleva Stoshevska T**., Association of abdominal obesity with carotid artery disease, JMS 2020;3(2):42-49
2. **Deleva Stoshevska T.,** Association of the components of metabolic syndrome and carotid artery disease and the significance of elevated blood pressure, Physioacta 2019;13(2):81-88
3. **Deleva Stoshevska T,** Stoshevski B, Nikoloska S, Nikoloski M, “The influence of different therapeutic procedures on clinical presentation and neurophysiological indicators on the state of peripheral neuron in diabetic polyneuropathy”, 7th Pediatric Congress, 25-28th June, 2019, Strumica, North Macedonia
4. **Делева- Стошевска Т**. „Betahistin Pharma S во третман на вртоглавица- приказ на случаи“, предавач на стручен состанок на невролози на Р. Македонија, мај 2016, Скопје, Македонија
5. Ristic D, Grozdanovski M, Dzambazovska-Zikova S, **Deleva-Stoshevska T**, Stojchev S. Polymorphism in prothrombotic genes in young stroke patients:a case report. First National Congress of the BSNCH with international participation. October 2-4, 2015 Sofia, Bulgaria. Neurosonolgy and cerebral hemodinamics 2015; 11(2):105.
6. **Deleva Stoshevska T,** Stojcev S, Stoshevski B, Nikoloska S, Nikoloski M, “The role of genetic factors in the occurrence of ischemic stroke - case report”, 46th International Danube Neurology Symposium in cooperation with Adriatic Neurology Forum, 23–27 April 2014, Becici, Montenegro
7. **Deleva-Stoshevska T**, Stojchev S, Grozdanovski M, Ristic D, Stoshevski B, Nikolovska S, Nikolovski M. Recombinant tissue plasminogen activator and stroke: a case report. First National Congress of the BSNCH with international participation. October 2-4, 2015 Sofia, Bulgaria. Neurosonolgy and cerebral hemodinamics 2015; 11(2):106. 1ви Светски невролошки конгрес, Виена, Австрија, 21-26 септември, 2013
8. **Делева-Стошевска Т.**, Стојчев С., Велинова В., Стошевски Б., Ристиќ Д., Груневска Б. Значењето на КДС на каротидните крвни садови, КТ-ангиографијата и васкуларната хирургија во дијагностиката и третманот на карпотидната оклузивна болест во корелација со ЦВИ. 5. Конгрес на невролозите во Македонија со меѓународно учество, 14– 16 јуни 2012, Охрид, Македонија
9. Донева А., Велинова В., Гроздановски М., **Делева Т.,** Бутикоски В., Ристиќ Д., Стојчев С. Алфа липоичната киселина во третман на дијабетичната невропатија. 5. Конгрес на невролозите во Македонија со меѓународно учество, 14 – 16 јуни 2012, Охрид, Македонија
10. Ristic D, Stojcev S, **Deleva Stoshevska T,** Velinova V, Jakupi A. Delayed radiation Encephalopathy after radiotherapy of Glioblastoma Multiforme. 5. Конгрес на невролозите во Македонија со меѓународно учество, 14 – 16 јуни 2012, Охрид, Македонија
11. **Делева Т.**, ,,Хипертензија и цереброваскуларни инсулти”- презентација на постер, Стручен состанок на Македонската асоцијација за хипертенизија, 13.3.2009, Скопје, Македонија
12. **Делева Т.**, Николоска С., Николоски М., Глигорова М., Карчева-Сарајлија Е., „Diabetes mellitus и појава на касни компликации – приказ на случај“ – Прв

конгрес на асоцијацијата на лекарите по општа/фамилијарна медицина на Југоисточна Европа, 15 – 18 јуни 2006, Охрид, Македонија.
13. Маткова Л., **Делева Т.,** Николоска С., Николоски М., „Фактори на ризик кај болните од Angina Pectoris и инфаркт на миокардот “ – Прв конгрес на асоцијацијата на лекарите по општа/фамилијарна медицина на Југоисточна Европа, 15 – 18 јуни 2006, Охрид, Македонија.
14. Николоски М., Николоска С., **Делева Т.,** Димитровска Б., „Остеоартроза во нашата ординација“ – Прв конгрес на асоцијацијата на лекарите по општа/фамилијарна медицина на Југоисточна Европа, 15 – 18 јуни 2006, Охрид, Македонија.
15. Николоска С., **Делева Т.**, Николоски М., Димитровски Е., „Риносинузитис, клинички и тераписки аспекти“ – Прв конгрес на асоцијацијата на лекарите по општа/фамилијарна медицина на Југоисточна Европа, 15 – 18 јуни 2006, Охрид, Македонија.
16. Глигорова М., **Делева Т.**, Николоска С, Николоски М, „Ферипривна анемија кај децата и исхрана“ – Прв конгрес на асоцијацијата на лекарите по општа/фамилијарна медицина на Југоисточна Европа, 15 до 18 јуни 2006, Охрид, Македонија
17. Nikoloska S, Orovcanec G, Cakar M, Nikoloski M, Nikolova M, **Deleva T,** ,”Squamous cell carcinoma of the left maxilla: a case report” - 5th Balkan Congress of Otorhinolaryngology, head and Neck Surgery, September 7-10, 2006 Edirne, Turkey.
18. **Делева Т.**, Василев К., Николоска С., Николоски М., Глигорова М., „ПАП-метода за рано откривање на неопалазми на грлото на матката“ – Прва средба на гинеколози и неонатолози во Охрид, 23-26 јуни 2005, Охрид, Македонија
19. **Делева Т.**, Василев К., Маткова Л., Николоска С., Николоски М., Глигорова М., „Локална терапија на Condylomata Accuminata со 30% раствор на Podophyllin“ – Прва средба на гинеколози и неонатолози во Охрид, 23 – 26 јуни 2005, Охрид, Македонија
20. **Делева Т**., Николоска С., Николоски М., Маткова Л., Глигорова М., Василев К., Димитровски Е. „Рано откривање на ракот на дојката – наши искуства“ – XX симпозиум за едукација на лекарите по општа медицина на Република Македонија, 16 - 17 јуни 2005, Воена болница, Скопје, Македонија.
21. Nikoloska S, Jakimovska F, Cakar M, **Deleva T,** Nikolova M, Markovic S, “Complications of acute sinusitis- diagnosis and treatment”, 1st Macedonian Congress of Otorhinolaryngology, September 28-30, 2005, Ohrid, Macedonia.
22. Orovcanec G, Nikoloska S, Lazarevski A, Nikoloski M, **Deleva T**, Nikolova M, , “Esthesioneuroblastoma - a case presentation” , 1st Macedonian Congress of Otorhinolaryngology, September 28-30, 2005, Ohrid, Macedonia.
23. Gligorova M, **Deleva T**, Kuzmanovska K, Trenceva-Cvetkovska T, “Incidence of premature deliveries compared to on term deliveries in the Strumica county, Republic of Macedonia” (,,Инциденца на предвремено раѓање наспроти времено раѓање во струмичкиот регион“) - Прва Пекинг меѓународна конференција на гинеколози и акушери, 7 – 10 октомври 2005, Пекинг, Кина.
24. Gligorova M, **Deleva T,** Kuzmanovska K, Trenceva-Cvetkovska T, “The incidence of Sectio Cesarea and Sectio Recesarea in the Strumica County, Republic of Macedonia” („Инциденца на Sectio Cesarea и Sectio Recesarea во струмичкиот регион“) - Прва Пекинг меѓународна конференција на гинеколози и акушери, 7 – 10 октомври 2005, Пекинг, Кина.
25. Deleva T, Nikoloski M, Nikoloska S, Matkova L, Dimitrovski E, Gligorova M, Hypertension-risk factors and their prevention-our experiences, Прв национален конгрес по општа медицина со меѓународно учество, 3 – 6 ноември 2005, Варна, Бугарија.
26. Matkova L, **Deleva T,** Nikoloska S, Nikoloski M, “Diabetes mellitus complicated hypertension - a case report, Прв национален конгрес по општа медицина со меѓународно учество, 3 – 6 ноември 2005, Варна, Бугарија.

27. **Делева Т**, Николоска С, Николоски М, Глигорова М, Карчева Е, Цицимова А, Маткова Л, „Хипократовата заклетва, некогаш и денес“, Втор македонски конгрес за историја на медицина, 5 ноември 2005, Струмица, Македонија.
28. **Делева Т**, Глигорова М, Николоска С, Николоски М, „Лекар и лекарска тајна“, Втор Македонски конгрес за историја на медицина, 5 ноември 2005, Струмица, Македонија.
29. **Делева Т**., Карчева Е., Цицимова А., Глигорова М., Николоски М., Николоска С., „Знаењето за етиологијата на карциомот на дојката некогаш и денес“, Втор македонски конгрес за историја на медицина, 5 ноември 2005, Струмица, Македонија.
30. Глигорова М, **Делева Т,** Кузмановска К, Тренчева-Цветковска Т, Николоска С, Николоски М, „Улога на педијатарот во минатото и денес“, Втор македонски конгрес за историја на медицина, 5 ноември 2005, Струмица, Македонија.
31. Глигорова М., **Делева Т.,** Кузмановска К., Тренчева-Цветковска Т., Николоска С., Николоски М., „Почетоци и развој на педијатријата во општина Струмица“, Втор македонски конгрес за историја на медицина, 5 ноември 2005, Струмица, Македонија.
32. Цицимова А., Карчева Е., **Делева Т.,** „Развој на хемодијализниот центар во Струмица“, Втор македонски конгрес за историја на медицина, 5 ноември 2005, Струмица, Македонија.
33. Карчева Е., Цицимова А., **Делева Т.,** „Историски развој на нефрологијата во Струмица“, Втор македонски конгрес за историја на медицина, 5 ноември 2005, Струмица, Македонија.
34. **Делева Т.,** Маткова Л, Делева С, Николоски М, Танчев П „Примена на Амоксицилин + Клавуланска киселина кај инфекции на горен респираторен тракт“ - Прв конгрес на лекарите по општа медицина на Македонија со меѓународно учество, 2 – 6 јуни 2004, Охрид.
35. Jakimovska F., Dimeska E, Lazarevski A, Deleva S, Dimitrovski E, **Deleva T**, “Complications of Acute Sinsitis - Diagnosis And Tretment“ 20-th Congress of the European Rhinologic Society and 23th International Symposium of infection and allergy of the nose, June 18-25, 2004, Istanbul, Turkey.
36. Талеска Г., **Делева Т.**, „Специфични професионални ризици кај здравствените работници во центрите за дијализа со посебен осврт на Хепатит Б и ХИВ“ – 25. Интернационален медицински научен конгрес за студенти по медицина и млади лекари, 23 – 26 мај 2002, Охрид, Македонија.

# ОБРАЗЕЦ 1
## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат: Татјана Стојан Делева-Стошевска**
**Институција: УКИМ – Медицински факултет - Скопје**
**Научна област:** ***НЕВРОЛОГИЈА***

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ за факултети кои имаат студиски програми на интегрирани прв и втор циклус студии**

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Има завршено интегрирани прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити, со остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум)<br><br>Просечниот успех изнесува: 8,91 | ДА |
| 2 | Има завршено додипломски и постдипломски студии по студиските програми пред воведувањето на европскиот кредит-трансфер систем и има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на додипломските и постдипломските академски студии одделно<br>Просечниот успех на додипломски студии изнесува: 8,91 | ДА |
| 3 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1.Странски јазик: АНГЛИСКИ<br>2.Назив на документот: Уверение за познавање на англиски јазик на ниво Б2 според Европската јазична рамка на Советот на Европа (CEFR)<br>3.Издавач на документот: Универзитет „Св. Кирил и Методиј”, - Филолошки факултет „Блаже Конески” - Скопје<br>4.Датум на издавање на документот: 9.6.2020 (бр.03-728/2) | ДА |

**Рецензентска комисија**
**Н. сор. д-р Иван Барбов, с.р.**
**Н. сор. д-р Николина Тановска, с.р.**
**Н. сор. д-р Игор Кузмановски, с.р.**

**Д-Р БЛЕРИМ АДЕМИ**

**2. Биографски податоци и образование**

Кандидатот д-р Блерим Адеми е роден на 19.3.1986 година, во Гостивар, Р Македонија. Средното образование го завршил во Приватното средно училиште „Јахја Кемал“ во Гостивар, со континуиран одличен успех. Со високо образование се стекнал на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје. Дипломирал во 2011 година, со просечен успех 8,15. Во ноември 2011 година положил државен испит на Медицинскиот факултет во Скопје и се здобил со називот доктор на медицина. Од ноември 2011 до септември 2013 работел како општ лекар во Поликлиниката „Ехомед“ во Гостивар. Во септември 2013 година започнал со специјализација по неврологија. Во декември 2014 година бил примен во редовен работен однос во ЈЗУ Клиничка болница – Тетово, Оддел за неврологија. Во декември 2017 година положил специјалистички испит и се здобил со називот специјалист по неврологија, каде што како специјалист невролог е распределен на Одделот за неврологија при ЈЗУ Клиничка болница - Тетово. Во учебната 2018/2019 година се запишал на трет циклус (докторски) студии на Медицинскиот факултет во Скопје, клиничка медицина од областа на неврологија. Во февруари 2020 година се вработил во ЈЗУ Универзитетска клиника за неврологија во Скопје, каде што сè уште работи. Од септември 2012 до септември 2015 година е ангажиран како асистент по Анатомија и Хистологија при Медицинскиот факултет на Тетовскиот универзитет. Од септември 2018 е ангажиран како асистент по неврологија при Медицинскиот факултет на Тетовскиот универзитет.

Кандидатот активно го владее англискиот јазик, за што приложи Уверение за познавање на англиски јазик (Бр.03-1045/2, 09.09.2020 година), кое одговара на ниво Ц1 според Европската јазична рамка на Советот на Европа издадено од Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Активен член е на Европската академија за неврологија-EAN, Светската федерација за неврологија-EFNS и MDS (Movement society disorders).

**Наставни, научни, стручни и други остварувања на кандидатот**

Научна активност

Д-р Блерим Адеми е автор на трудови приложени за рецензија при овој избор:

1. Alili Ademi L., **Ademi B.** *Acute disseminatted encephalomyelitis:clinical presentation, diagnostics, treatment, outcome and distingwishness from multiple sclerosis* – Knowledge International journal, Medical sciences and health Vol.26 No.4 Skopje, 2018, 1045-1050

Целта на трудот била литературна презентација за клиничката слика, дијагностика, третман, последици на акутен дисеминирачки енцефаломиелитис, како и негово разликување од мултипна склероза со невроимиџинг-студии и клиничка презентација.

2. Alili Ademi L, **Ademi B.** *Evaluation and management of a child with febrile seizure* , Knowlegde - International journal, Knowledge In practice, Vol. 20.4 Bansko, December, 2017, 1775-1778

Целта на трудот била евалуација, следење и третман на дете со фебрилни конвулзии. Заклучено е дека кај здраво дете, последиците од фебрилни конвулзии како невролошки секвели, епилепсија или смрт се ретки. Ризикот за развивање на епилепсија е околу 1 % кај децата со прости фебрилни конвулзии. Бензодијазепините се најдобар лек за третирање на акутна фаза на фебрилни конвулзии.

**Научноистражувачка дејност**

Коавтор е на една стручна медицинска книга:

1. “*Anatomia e njeriut*”(Човекова анатомија) – N. Bexheti, S. Cerkezi, A. Muca, **B. Ademi**, published 2013 – ISBN 978-608-217-012-1

Автор е на 4 научни труда, објавени во списание со меѓународен уредувачки одбор. Автор е на 7 апстракти, објавени на зборник од конгреси со меѓународно и домашно учество. Приложени за рецензија при овој избор се:

1. Alili Ademi L., **Ademi B.,** *Acute disseminatted encephalomyelitis:clinical presentation, diagnostics, treatment, outcome and distingwishness from multiple sclerosis* – Knowledge International journal, Medical sciences and health Vol.26 No.4 Skopje, 2018, 1045-1050.
2. **Ademi B**, Alili Ademi L, Beqir A *Reforms in primary health care in Macedonia* – International Medical Journal Medicus – Vol. December 2012
3. Alili Ademi L, **Ademi B**. *Evaluation and management of a child with febrile seizure,* Knowlegde - International journal, Knowledge In practice, Vol. 20.4 Bansko, December, 2017, 1775-1778.
4. A. Taravari, F. Medziti, B. Grunevska, F. Adili, **B. Ademi**, V. Miftari, G. Haliti *Correlation of Age and Severity of Clinical Manifestation Assessed by UPDRS in Patients with Idiopathic Parkinson's Disease* Medical archives - journal of the academy of medical sciences in bosnia and herzegovina 2014 • Volume 68 • Issue 1.

**Апстракти:**

1. Alili Ademi L. R.Trajkova, **Ademi. B**, G.Hnida, Z.Gucev , *Myasthenia gravis in a girl with Hashimoto's thyroiditis,* 6th Rare disease in SEE meeting, Skopje, Macedonia (EAP, UEMS Section of paediatrics), Macedonian Academy of science and arts (MASA), Skopje, November 11, 2017, book of abstracts.
2. Alili Ademi L., **Ademi B.,** *Choledocal cyst in infancy- presentation of the disease with a case report* International Professional medical meeting, 26-28 October, 2018, Struga, Macedonia, book of abstracts 32-33.
3. Treatment and modern opportunities in trigeminal neuralgia Taravari A., Mexhiti F., **Ademi B.,** Miftari V., Haliti G. Professional medical meeting – XX 2014 book of abstracts page 63.
4. Learta A. Ademi, **Blerim Ademi***, Family physician's role in the evaluation of respiratory tract infections in child age* Professional medical meeting – xviii – 2013, Struga, Macedonia, book of abstracts 150-151.
5. Huntington disease Taravari A., Mexhiti F., Haliti G., **Ademi B.,** Miftari V. Professional medical meeting – XIX 25-26/10/2014 book of abstracts page 12
6. Parkinson Disease in early age Taravari A., Mexhiti F., Haliti G., **Ademi B.,** Miftari V, Grunevska B. Professional medical meeting – XVIII 26-27/10/2013, book of abstracts page 118.
7. *The screening sonography of abdominal cavity in Primary health care.* **B. Ademi**, L. Alili Ademi III Congress of GP doctors of Republic of Macedonia with international participation, Ohrid, Macedonia April 26 – 29, 2012.

**Наставно-образовна дејност, стручно-применувачка дејност и дејност од поширок интерес**

Д-р Блерим Адеми е редовен и активен учесник на стручните состаноци, симпозиуми и конгреси. Добил гранд за активно учество со презентација на случај во MDS European Summer School for Young Neurologists – Barcelona во периодот 18 - 21.7.2014 . Во периодот од 11 до 12 септември 2014 учествувал на Курс за длабока мозочна стимулација за невродегенеративни заболувања (*Deep Brain Stimulation for Movement Disorders course),* одржан во Будимпешта – Унгарија. Учествувал на 25., 26. и 27. Летна школа Summer Stroke School Healthy Lifestyle and Prevention of Brain Impairment одржани во Дубровник, Хрватска. Учествувал на четири курса одржани во Палич, Србија, од различни области на неврологијата: Epilepsy school, Treatment of epilepsy and etiology – course (2014г); Multiple sclerosis school, Diagnostics of multiple sclerosis – course (2015г) ; Neuromuscular diseases school, Treatment and diagnostics of neuromuscular diseases – course (2016г); Neurological emergent diseases school, Treatment and diagnostics – course (2017). Во периодот од 30 ноември до 6 декември 2018 г., учествувал во 54-th Turkish National Neurology Congress, одржан во Анталија, Турција.

Учествувал и на II Interventional Neurology Training Session, одржан на 22 декември 2018 година во Анталија, Турција; *Evidence Based Medicine Course: Treatments for Parkinson's Disease* course одржан во Виена, Австрија, на 21 јуни 2019 година. Активно учествувал со презентација на случај во III интердисциплинарен состанок на невролози организиран од Друштвото на невролози на Србија, Црна Гора и Институтот „Симо Милошевиќ“ во Игало, Црна Гора, од 20 до 23.2.2020 година.

# ОБРАЗЕЦ 1
## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат: Блерим Беќир Адеми**
**Институција: Медицински факултет – Скопје**
**Научна област: неврологија**
**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ за факултети кои имаат студиски програми на интегрирани прв и втор циклус студии**

| **Ред. број** | **ОПШТИ УСЛОВИ** | **Исполнетост на општите услови да/не** |
|---|---|---|
| 1 | Има завршено интегрирани прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити, со остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум)<br>Просечниот успех изнесува: 8,15 | ДА |
| 2 | Има завршено додипломски и постдипломски студии по студиските програми пред воведувањето на европскиот кредит-трансфер систем и има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на додипломските и постдипломските академски студии одделно<br>Просечниот успех на додипломски студии изнесува: 8,15 | ДА |
| 3 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик: англиски јазик<br>2. Назив на документот: Уверение за познавање на англискиот јазик, кое одговара на ниво Ц1 според Европската јазична рамка на Советот на Европа<br>3. Издавач на документот: Филолошки факултет „Блаже Конески“, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје<br>4. Датум на издавање на документот: 9.9.2020 година | ДА |

**Рецензентска комисија**

**Н. сор. д-р Иван Барбов, с.р.**
**Н. сор. д-р Николина Тановска, с.р.**
**Н. сор. д-р Игор Кузмановски, с.р.**

**Д-Р ИЛИЈА ЗДРАВКОВ**

**3. Биографски податоци и образование**

Илија Здравков е роден на 4.10.1982 година. Основно образование завршил во Св. Николе, а средно образование во 2001 година во ДСМУ „Јане Сандански“ во Штип. Истата година се запишал на Медицинскиот факултет во Скопје на отсекот општа медицина, а дипломирал во 2009 година со просек 8,27. Во 2010 година во мај се запишал на специјализација по неврологија на Медицинскиот факултет во Скопје, а специјалистички испит положил во јуни 2014 година и се стекнал со звањето специјалист по неврологија.

**Стручно-применувачка дејност**

Во периодот од мај до октомври бил на едукација на Одделот за неврофизиологија при УК за неврологија во Скопје, за методата ЕМНГ, која успешно ја завршил положувајќи го завршниот испит и се здобил со официјален сертификат.

Од октомври 2014 до мај 2015 г. работел во ПЗУ Неуромедика, а од мај 2015 г. до сега е вработен во ГОБ „8-ми Септември“ – Скопје. Таму работи како лекар невролог извршувајќи ги активностите на делот за интензивна невролошка нега, општа неврологија и амбулантско-поликлиничка дејност, како и електродијагностички студии во Лабораторијата за неврофизиологија.

Во 2016 година еден месец (март-април) престојувал на стручно усовршување на Институтот за неврофизиологија во Клиничкиот центар Љубљана, Р Словенија.

Истата година за првпат извел електродијагностичка студија кај интубиран пациент на Одделот за неврологија и за првпат во РСМ ја докажал дијагнозата полиневропатија кај критично болен.

Во годините на својата работа, особен интерес пројавува кон електродијагностичките студии и невромускулните болести.

Учествувал на повеќе меѓународни конференции, семинари, симпозиуми и сл.

Во 2019 година се запишал на докторски студии (трет циклус) на Медицинскиот факултет во Скопје, под менторство на проф. д-р Оливија Васкова, кои се во тек.

**Научноистражувачка дејност**

1. EXTRACRANIAL CAROTID ARTERY DISSECTION, Lazarova Snezana, Milanovska Marija, Ilija Zdravkov, 51st International Neuropsychiatric Pula Congress.
2. Хемиплегична мигрена - приказ на случај, Г. Кузмановска, СВ Јекиќ, И. Здравков, Р. Миленковски, XVIII на лекарите на Република Македонија со меѓународно учество.
3. Васкуларна деменција и депресија – клиничка корелација, Чепреганова-Чанговска Т., Здравков И., Национален конгрес на психијатри, Охрид, 2013 г.
4. ЕЕГ-наоди и деменции, Барбов И., Здравков И., ЕПИЛЕПСИЈА.
5. Реберзибилен церебрален вазоконстрикциски синдром, Барбов И., Георгиевска А., Здравков И., V конгрес на невролози на Македонија со интернационално учество.
6. Мигрена, главоболки и болни синдроми, Таравари А. (автор), Здравков И. (коавтор), 2016 г.

# ОБРАЗЕЦ 1
## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат: Илија Спасо Здравков**
**Институција: Медицински факултет - Скопје, Катедра за неврологија**
**Научна област: НЕВРОЛОГИЈА**

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ за факултети кои имаат студиски програми на интегрирани прв и втор циклус студии**

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Има завршено интегрирани прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити, со остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум)<br><br>Просечниот успех изнесува: 8,27 | да |
| 2 | Има завршено додипломски и постдипломски студии по студиските програми пред воведувањето на европскиот кредит-трансфер систем и има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на додипломските и постдипломските академски студии одделно<br>Просечниот успех на додипломски студии изнесува: 8,27 | да |
| 3 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик: англиски јазик<br>2. Назив на документот: Уверение за познавање на англиски јазик C1 според европската јазична рамка на Советот на Европа (CEFR)<br>3. Издавач на документот: Универзитет „Св. Кирил и Методиј”, Филолошки факултет „Блаже Конески” - Скопје<br>4. Датум на издавање на документот: 6.9.2019 | да |

**Рецензентска комисија**
**Н. сор. д-р Иван Барбов, с.р.**
**Н. сор. д-р Николина Тановска, с.р.**
**Н. сор. д-р Игор Кузмановски, с.р.**

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатите, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Татјана Делева-Стошевска, д-р Блерим Адеми и д-р Илија Здравков.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатите од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Татјана Делева-Стошевска , д-р Блерим Адеми и д-р Илија Здравков, според Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнуваат сите услови да бидат избрани во звањето асистент по предметот Неврологија.

Ценејќи ги наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, Комисијата одлучи да бидат избрани во звањето асистент д-р Татјана Делева-Стошевска и д-р Блерим Адеми.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, д-р Татјана Делева-Стошевска и д-р Блерим Адеми да бидат избрани во звањето **асистент** по предметот Неврологија.

**Рецензентска комисија**

**Н. сор. д-р Иван Барбов, с.р.**
**Н. сор. д-р Николина Тановска, с.р.**
**Н. сор. д-р Игор Кузмановски, с.р.**

# **Р Е Ф Е Р А Т**
## **ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ ПО ПРЕДМЕТОТ ТРАНСФУЗИОЛОГИЈА, НА КАТЕДРАТА ЗА ТРАНСФУЗИОЛОГИЈА ПРИ МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ**

Врз основа на конкурсот на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Коха“од 6.10.2020 година, за избор на еден асистент по предметот Трансфузиологија, како и врз основа на Одлуката број 02 – 4595/34, донесена на XXX редовна седница на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет, одржана на 17.11.2020 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: проф. д-р Татјана Макаровска Бојаџиева, проф. д-р Миленка Благоевска и н. сор. д-р Емилија Велкова.
Како членови на Рецензентската комисија, по разгледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## **ИЗВЕШТАЈ**

На објавениот конкурс за 1 (едно) лице во соработничко звање – асистент на Катедрата за трансфузиологија, во предвидениот рок се пријави д-р Виолета Дејанова Илијевска, вработена во Институтот за трансфузиона медицина на РСМ – Скопје.

### **8. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ**
Кандидатката д-р Виолета Дејанова Илијевска е родена на 21.2.1970 година во Скопје. Основно и средно образование завршила во Скопје. Во 1996 година дипломирала на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Во Републичкиот завод за трансфузиологија во Скопје се вработила во 1997 година. Завршила специјализација по трансфузиологија на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, 2002 година. За раководител на Центарот за хемофилија била назначена во 2003 година. Во звањето помлад асистент по трансфузиологија била избрана во 2003 година. Во 2007 година била преизбрана за помлад асистент по трансфузиологија, а во 2010 година била избрана за асистент по трансфузиологија. Во 2019 година ја одбранила докторската дисертација со наслов „Квалитет на живот кај возрасни со хемофилија третирани со и без профилакса“.
Остварила повеќе стручни престои од областа на тромботичните и хеморагичните заболувања. Во 2000 година била два месеца во Клиничкиот центар и Заводот за трансфузија на крв во Љубљана, Словенија, како стипендист на словенечката влада. Во 2007 година била еден месец во Центарот за хемофилија и тромбоза во Милано, Италија, стипендирана од Светската федерација за хемофилија. Во 2012 година била една недела во Центарот за хемофилија во Бон, Германија. Во 2014 година била две недели во Службата за клиничка трансфузиологија при Институтот за кардиоваскуларни болести во Дедиње, Белград, Србија.
Активно учествувала на курсеви, симпозиуми, стручни состаноци, конгреси од областа на тромбозата и коагулопатиите, во земјата и во странство.
Д-р Виолета Дејанова-Илијевска, досега, учествувала во повеќе научноистражувачки проекти. Во 2000 година учествувала во „Антифосфолипиден синдром причина или последица за тромботични збиднувања“ и „Фибринолитичка активност на крвта кај пациенти со орално-хируршки интервеции“. Во 2004 година учествувала во меѓународен научноистражувачки проект со Р Словенија „Тромбофилија-хередитарен синдром“. Во 2007 година учествувала во меѓународен проект финансиран од Novo Nordisk Hemophilia Fondation - „Градење на капацитети за згрижување на лицата со хемофилија во РМ“. Во 2008 година учествувала во меѓународен проект финансиран од Светската федерација за хемофилија - твининг проект со Центарот за хемофилија во Бон, Германија. Во 2011 година била координатор на меѓународен проект финансиран од Novo Nordisk Hemophilia Fondation - „Основање на Национален мултидисциплинарен центар за хемофилија во РМ“. Д-р Виолета Дејанова-Илијевска

има искуство со учество во клинички студии. Во 2012 година била главен истражувач во клиничка студија, фаза III, поддржана од Ново Нордиск за ефикасност и безбедност на пегилиран рекомбинантен концентрат на FIX со долготрајно дејство. Во 2015 година била национален лидер за клиничка студија, фаза III, поддржана од Bayer за венски тромбоемболизам. Во 2017 година била главен истражувач во клиничка студија, фаза III B, поддржана од Octa pharma за персонализирана профилакса со simoctocog alfa кај лица со Haemophilia A. Активно учествува во работата на Македонското здружение на трансфузиолози. Претседател е на Здружението на здравствени работници и соработници кои ги згрижуваат лицата со хемофилија и други коагулопатии – „17ти АПРИЛ“. Македонски претставник е во Дунавска лига за тромбоза и хеморагични нарушувања и била нејзин претседател од 2017 до 2019 година.
Течно го зборува англискиот јазик.

**2. Наставни, научни, стручни и други остварувања на кандидатката**

Наставна активност

Д-р Виолета Дејанова-Илијевска е активно вклучена во здравствената дејност на Институтот за трансфузиона медицина на РСМ – Скопје, што опфаќа широк дијапазон на дијагностички и терапевтски процедури. Кандидатката е насочена и кон совладување на наставната активност на Институтот по практичната настава на предметот Трансфузиологија, на Катедрата за трансфузиологија. Учествува во едукативната активност по практичната настава и на студиската програма: Тригодишни стручни студии за високи стручни сестри при Медицинскиот факултет во Скопје.

Научна активност

Д-р Виолета Дејанова-Илијевска е автор на трудов приложен за рецензија при овој избор:

1. **Dejanova-Ilijevska V.,** Kosevska E, Velkova E., Blagoevska M., Ismaili A. Self-Evaluation of Health among People with Hemophilia as Indicator for Quality of Life. Medicus, 2016. ISSN 1409-6366 UDC 61, Vol-21(2), p. 156-160.

Целта на трудот била да се процени самоперцепцијата на здравјето кај лицата со хемофилија преку методот на самоевалуација на здравјето. Направена била студија на пресек во периодот август - септември 2014 година. Анкетирани биле по е-пошта 30 испитаници со SF – 36, стандардизиран прашалник за проценка на квалитетот на живот. Своето здравје како добро го оцениле 46,7 % од испитуваните лица, при што само 13,3 % го оцениле како одлично. Многу подобро здравје во споредба со минатата година имале 23,3 % од испитаниците. Постои умерено јака значајна негативна корелација ($p<0,05$) помеѓу оценката на здравјето и активностите како пешачење до еден блок (определена територија во населено место). За сите останати активности како трчање, подигнување на тешки предмети, учествување во напорни спортови, преместување на маса, чистење со правосмукалка, куглање, играње голф, подигнување и носење на намирници, качување на помалку скалила, качување на повеќе скалила, навалување, клечење, наведнување, облекување и бањање, пешачење повеќе од еден километер, пешачење повеќе од неколку блокови, постои јака значајна негативна корелација ($p<0,05$) помеѓу оценката на здравјето и анализираните активности. Обработените одговори покажуваат дека е потребно воспоставување на квалитативен методолошки пристап при редовните контролни прегледи на лицата со хемофилија со цел да се избегнат нецелосно разбрани прашања. Од студијата може да се заклучи дека постои делумно нереална самоперцепција за сопственото здравје кај лицата со хемофилија при употреба на методот на самоевалуација на здравјето. Нужна е примена на интервју како дополнителна метода со цел да се добие поадекватна анализа на квалитетот на животот кај лицата со хемофилија.

**О Б Р А З Е Ц 1**
**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

**Кандидат:** ***Виолета, Иван Дејанова Илијевска***
(име, татково име и презиме)
**Институција:** ***Медицински факултет***
(назив на факултетот/институтот)
**Научна област:** ***ТРАНСФУЗИОЛОГИЈА***

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ**
**за факултети кои имаат студиски програми на интегрирани прв и втор циклус студии**

| **Ред. број** | **ОПШТИ УСЛОВИ** | **Исполнетост на општите услови да/не** |
|---|---|---|
| 1 | Има завршено интегрирани прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити, со остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум)<br><br>Просечниот успех изнесува: 9,08 | да |
| 2 | Има завршено додипломски и постдипломски студии по студиските програми пред воведувањето на европскиот кредит-трансфер систем и има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на додипломските и постдипломските академски студии одделно<br>Просечниот успех на додипломски студии изнесува: 9,08<br><br>Просечниот успех на постдипломски студии изнесува: | да |
| 3 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик: англиски јазик<br>2. Назив на документот: УВЕРЕНИЕ<br>3. Издавач на документот: Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје<br>4. Датум на издавање на документот: 9.10.2020 | да |

**Рецензентска комисија**

**Проф. д-р Татјана Макаровска Бојаџиева, с.р.**
**Проф. д-р Миленка Благоевска, с.р.**
**Н. сор. д-р Емилија Велкова, с.р.**

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кадидатката, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува досегашната наставно-образовна и научноистражувачка дејност на кандидатката д-р Виолета Дејанова Илијевска. Таа и формално ги исполнува условите за избор на асистент, пропишани со новиот ЗВО – член 163 (Службен весник на РМ бр. 82/2018) и член 20 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје (Универзитетски гласник бр. 411/18) и суштински, со својата досегашна стручна ангажираност, посветен и темелен однос кон наставната активност во која учествува, како и афинитетот за научноистражувачка работа на Институтот за трансфузиона медицина и на Катедрата за трансфузиологија.

Врз основа на изнесеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, да ја избере д-р Виолета Дејанова Илијевска, специјалист по трансфузиологија, за асистент по предметот Трансфузиологија на Катедрата за трансфузиологија.

**Рецензентска комисија**

**Проф. д-р Татјана Макаровска Бојаџиева, с.р.**
**Проф. д-р Миленка Благоевска, с.р.**
**Н. сор. д-р Емилија Велкова, с.р.**

# Р Е Ф Е Р А Т
## ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТИ ПО ПРЕДМЕТОТ ИНТЕРНА МЕДИЦИНА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Медицински факултет Скопје, објавен во весниците „Нова Македонија“и „Коха“, од 02.09.2020 година, за избор на 41 асистенти по интерна медицина и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, на XXIX седница, одржана на 22.09.2020 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: проф. д-р Горица Брешковска, Универзитетска клиника за пулмологија и алергологија, проф. д-р Татјана Миленковиќ, Универзитетска клиника за ендокринологија, доц. д-р Лидија Попоска, Универзитетска клиника за кардиологија.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов:

## И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на асистент по предметот интерна медицина во предвидениот рок се пријавија кандидатите: д-р Зоран Јаневски, помл. ас. д-р Сава Пејковска, д-р Ирфан Исмаили, асистент-докторанд д-р Ирина Ангеловска, ас. д-р Фана Личоска Јосифовиќ, ас. д-р Димитар Каркински, помл. ас. д-р Саша Ќаева Анастасова, асистент-докторанд д-р Елена Цуракова Ристовска, д-р Саветка Паљошковска Јорданова, д-р Даница Петковска Спирова, ас. д-р Дејан Тодевски, помл. ас. д-р Атип Рамадани, асистент-докторанд д-р Лазар Чадиевски, д-р Симона Стојановска, д-р Хајбер Таравари, асистент-докторанд д-р Нела Костова, д-р Наташа Ефтимовска Отовиќ, д-р Данче Ристова, д-р Емилија Николовска Трпчевска, асистент-докторанд д-р Душан Петковски, асистент-докторанд д-р Биљана Зафировска Талеска, асистент-докторанд д-р Јане Талески, д-р Марио Јовановски, асистент-докторанд д-р Елена Јовановска Јанева, д-р Биљана Попоска, асистент-докторанд д-р Милена Милетиќ, д-р Елена Груева Настевска, асистент-докторанд д-р Владислава Ада Груева Каранфилова, д-р Ана Василевска, д-р Ангела Каранфиловиќ, д-р Кристин Костадиноски, д-р Кирил Наумоски, ас.д-р Александра Бабуловска, помл. ас. д-р Емилија Лазарова Трајковска, д-р Марија Ѓеракароска Радовиќ, д-р Милче Цветаноски, д-р Александра Цаневска Танеска, д-р Александар Отљански, д-р Адријана Спасовска Василова, д-р Мимоза Миленкова, д-р Тара Ристевска, асистент-докторанд д-р Ангела Дебрешлиоска, д-р Невенка Ридова, ас. д-р Сузана Арбутина, д-р Марија Живковиќ, д-р Татјана Бајрактарова Прошева, асистент-докторанд д-р Зоран Арсовски и д-р Зорица Нановиќ.

Кандидатот помл. ас. д-р Атип Рамадани со Изјава ги повлече документите од конкурсот.

**д-р Зоран Јаневски**

**БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ**

Кандидатот е роден во 1988 година во Тетово. Завршил средно медицинско училиште во Тетово со одличен успех (5,0).

На Медицинскиот факултет во Скопје се запишал во 2006 година и дипломирал во 2012 година со просечен успех од 8,24. Во 2013 година запишал специјализација на катедрата по интерна медицина на Медицинскиот факултет во Скопје.

Запишан на докторски студии по Клиничка медицина - Нефрологија од 2020 година.

Во период од 2012 до 2018 година работел како лекар во општа амбуланта во Тетово. Од декември 2018 година е вработен на Клиниката за нефрологија во Скопје на Одделот за хронична хемодијализа, работејќи и во Одделот за интензивна нега, ЕСП и интервентна нефрологија.

Активно го владее англискиот, српскиот и македонскиот јазик.

Приложен сертификат за познавање на англиски јазик TOEFL iBT.

Поседува сертификати и одлични практични познавања од областа на информатиката и компјутерските програми.

**НАСТАВНО-НАУЧНА АКТИВНОСТ**

Учествувал на бројни домашни и странски медицински симпозиуми и конгреси во склоп на областа интерна медицина.

Учесник е како подистражувач на национален научноистражувачки проект „Третман на хиперфосфатемија со севеламер карбонат кај пациенти на хемодијализа: асоцираност на FGF 23 со кардиоваскуларен морбидитет и ефект на минерално коскена болест“ кој се изведува на ЈЗУ Универзитетска клиника за нефрологија.

**СТРУЧНА АКТИВНОСТ**

Кандидатот активно е вклучен во работата на Клиника за нефрологија на Одделот за хронична хемодијализа, работи и во Одделот за интензивна нега, ЕСП и интервентна нефрологија. Активно е вклучен во дијагностиката и третманот на болните во амбулантите при Клиника за нефрологија.

**ПУБЛИЦИРАНИ ТРУДОВИ IN EXTENSO ЗА РЕЦЕНЗИЈА**

1. MALE SYSTEMIC LUPUS ERYTHEMATOSUS, AND CHALLENGE IN MALE LUPUS NEPHRITIS TREATMENT. Zoran Janevski, Vesna Ristovska, Irena Rambabova Busletic, Nikola Gjorgjievski, Igor Nikolov. Medicus, ISSN 1409-6366 UDC 61 Vol 25 (1)-2020.

Преставува студија на пациенти-мажи заболени од СЛЕ што преставува голема реткост, начинот на нивниот третман, поради неговата специфичност, споредба со светските препораки за третман во однос на тоа дека сме во чекор со нив и успехот во него. Заклучокот беше дека СЛЕ е сѐ уште ретко заболување кај мажи, иако е во пораст, што може да се должи на сѐ поголемите иновативни методи во неговото докажување, како и сѐ уште е специфичен третманот на СЛЕ поради употребата на многу ,,силни“ лекови.

2. Influence of Nephrolithiasis and Urinary Tract Infections on the Renal Functions in Autosomal Dominant Polycystic Kidney Disease. Vesna Ristovska, Svetlana Pavleska Kuzmanovska, Ana Stojanoska, Aleksandra Canevska Tanevska, Lada Trajcevska. BANTAO Journal 2019; 17(2): 103-107.

Испитување кое покажува дека кај пациентите кои имаат нефролитијаза и автосомно доминантно бубрежно заболување се изложени на создавање поголеми и повеќе на број бубрежни цисти. 24-часовното испитување на урината кај пациентите со нефролитијаза, покажа дека има помал волумен и пониски вредности за урична киселина. Споредувањето на две групи пациенти покажа дека влошувањето на бубрежното заболување напредува при појавата на уринарни инфекции кај овие пациенти.

**О Б Р А З Е Ц 1**
**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

Кандидат**:** ***Зоран Јанко Јаневски***
Институција: ***Медицински факултет, УКИМ - Скопје***
Научна област:***ИНТЕРНА МЕДИЦИНА***

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ**
**за факултети кои имаат студиски програми на интегрирани прв и втор циклус студии**

| **Ред. број** | **ОПШТИ УСЛОВИ** | **Исполнетост на општите услови да/не** |
|---|---|---|
| **1** | Има завршено интегрирани прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити, со остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум)<br>Просечниот успех изнесува: 8,24 | **ДА** |
| 2 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик: англиски јазик<br>2. Назив на документот: TOEFL iBT 82 поени – соодветно на ниво B1<br>3. Издавач на документот: British Council<br>4. Датум на издавање на документот: декември 2018 година | **НЕ** |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Горица Брешковска с.р.**
**Проф. д-р Татјана Миленковиќ с.р.**
**Доц. д-р Лидија Попоска с.р.**

**помл. ас. д-р Сава Пејковска**

**БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ**

Кандидатката д-р Сава Пејковска е родена на 06.03.1970 година, во Скопје. Средно образование завршила во Скопје, во учебната 1987/88 година. Своето образование го продолжила на Медицинскиот факултет во Скопје во учебната 1988/89 година. Дипломирала 1996 година, со просечен успех 8,96.

Кандидатката активно се служи со англиски јазик.

Докторска дисертација пријавила во мај 2015 г. Дисертацијата на тема: „Ефект од неинвазивна позитивно-притисочна вентилација кај пациенти со респираторна инсуфициенсија како последица на акутна егзацербација на хронична опструктивна белодробна болест“, ја одбранила на 07.06.2017 година. Со тоа се стекнала со научниот степен доктор на науки од научната област клиничка медицина.

Во моментот е помлад асистент на клиниката за пулмологија. Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од почетокот на кариерата, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

**НАСТАВНО НАУЧНА АКТИВНОСТ**

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, Медицински факултет, кандидатката д-р Сава Пејковска изведува вежби на прв циклус студии на студиската програма на Медицински факултет и на Стоматолошки факултет.

Кандидатката е автор на рецензиран учебник под наслов „Практикум по интерна медицина“.

Има објавено вкупно 59 научни трудови од медицинска област, од кои 6 трудови во меѓународни научни списанија со меѓународен уредувачки одбор, 21 труд во меѓународни научни публикации и 3 трудови во зборници од научни собири, 29 трудови во национален зборник на конференција.

Д-р Сава Пејковска учествувала како коистражувач во 7 научни проекти.

**СТРУЧНА АКТИВНОСТ**

Д-р Сава Пејковска активно е вклучена во стручно-апликативната работа на Клиниката за пулмологија.

Стручно усовршување во странство остварила со студиски престој во Р. Словенија и Р. Србија.

Особена активност кандидатката покажува во дејностите од поширок интерес. Активно е вклучена во работата на стручни комисии и работни групи при УКИМ.

**ПУБЛИЦИРАНИ ТРУДОВИ IN EXTENSO ЗА РЕЦЕНЗИЈА**

1. Body mass index as a determinant of outcome of treatment with non-invasive ventilation in patients with respiratory failure due to acute exacerbation of chronic obstructive pulmonary disease. Pejkovska Sava, Jovkovska Kaeva B, Goseva Z, Arsovski Z, Arbutina S. Acta morphol. 2015; Vol.12(2): 51-56

Цел на студијата била да се утврди поврзаноста меѓу БМИ и исходот од НИВ кај пациенти со акутна егзацербација на ХОББ. Пациентите биле поделени според успешноста на НИВ. Не е добиена сигнификантна разлика во однос на GCS, $PaCO_2$ и APACHE II скорот. Сигнификантна разлика меѓу групите постоела за вредности на pH и БМИ. Поголемиот број на пациенти каде што се детектирал неуспех на НИВ биле со BMI<22kg/m2.

2. Role and Significance of Markers of Inflammation in the Asthmatic Disease. Zlatica Goseva, Elena Jovanovska Janeva, Angelko Gjorcev, Zoran Arsovski, Sava Pejkovska. Open Access Macedonian Journal of Medical Sciences. 2015 Dec 15: 3(4) 630-634 http://dx.doi.org/10.3889/oamjms.2015.109

Цел на овој труд бил да се истражи важноста на еозинофилите, ECP, IL-5 пред и по терапија со кортикостероиди кај астматичари споредено со пациенти со опструктивен бронхитис и здрави испитаници. Биле вклучени 77 пациенти и добиените вредности на еозинофили биле значително зголемени кај астматичарите, наспроти втората и третата група. Вредностите на ECP биле значително повисоки кај астматичарите и тоа демонстрирало постојано воспаление, без разлика на присуството или отсуството на симптомите. Добиените вредности на IL-5 биле значително зголемени споредено со втората група испитаници и со здравите ($p<0,01$). Сите воспалителни маркери по третманот со кортикостероиди биле намалени.

3. Predictive Factors for the Effect of Treatment by Noninvasive Ventilation in Patients with Respiratory Failure as a Result of Acute Exacerbation of the Chronic Obstructive Pulmonary Disease.Sava Pejkovska, Biserka Jovkovska Kaeva, Zlatica Goseva, Zoran Arsovski, Elena Jovanovska Janeva, Sead Zeynel.Open Access Macedonian Journal of Medical Sciences. 2015 Dec 15: 3(4): 655-660 http.//dx.doi.org/10.3889/oamjms.2015.115

Цел на студијата е да се утврдат ризик факторите кои можат да укажат на зголемен ризик од неуспех во НИВ кај пациенти со егзацербација на ХОББ. Мерењето на одредени параметри, особено pH, респираторната рата, $PaCO_2$ и состојбата на свеста може да бидат од важност во однос на предвидувањата за ефикасноста од третманот со НИВ, со цел да се избегне третманот со инвазивна механичка вентилација.

4. Analysis of Lymphocyte Immunological Reactivity in Patients with Pleural Effusions of Different Aetiology. Zlatica Goseva, Biserka Jovkovska Kaeva, Angelko Gjorcev, Elena Jovanovska Janeva, Zoran Arsovski, Sava Pejkovska, Aleksandra Tatabitovska. Open Access Macedonian Journal of Medical Sciences. 2016 Mar 15; 4(1): 50-53.

Цел на трудот е анализа на дистрибуција на Т и Б лимфоцитите, Th-CD4 и TcCD8, CD16 кај 48 пациенти со плеврални изливи. Првата група се состоела од 18 пациенти со туберкулозен плеврален излив; втората група од 20 пациенти со малигни плеврални изливи, трета група 10 пациенти со трансудативни плеврални изливи и 30 здрави испитаници. Резултатите покажале намалено ниво на CD3, CD4 и CD16 Т– клетките во крвта кај пациентите наспроти здравите. Бил утврден зголемен процент на CD3, CD4 Т- клетките во плевралната течност во споредба со вредностите во крвта со статистичка сигнификантност кај туберкулозниот излив. Вредностите на CD8 биле слични и во плевралната течност и во крвта. Нивото на CD16 не било значително поголемо во плевралната течност кај сите групи.

5. Neutrophilic airway inflammation in severe uncontrolled asthma. Jovanovska Janeva E; Gjorcev A; Kaeva B; Goseva Z; Zdraveska M; Dimitrievska D; Arsovski Z; Pejkovska S; Trajkov D. Allergy. Vol 71, Suppl 102; 2016:358-359

Во трудот се анализира поврзаноста на нивото на неутрофилите и LTB4 кај 29 пациенти со акутно влошена тешка неконтролирана астма. Најдена е сигнификантна корелација меѓу бројот на неутрофили и LTB4. Корелацијата меѓу неутрофилите и LTB4 со FEV1 била негативна, но статистички несигнификантна. Зголемените вредности на неутрофили и LTB4 биле асоцирани со намалени вредности на FEV1. Се заклучува дека неутрофилната инфламација има улога во прогресијата на воздушната попреченост кај астмата.

6. Role and clinical significance of IL-33 in patients with asthma, Janeva J. E., Gjorcev A., Kaeva B., Breskovska G., Goseva Z., Zdraveska M., Dimitrievska D., Arsovski Z., Pejkovska S., Minov J., Trajkov D., Dimitrova G.M., Zafirova B. Mak Med Pregled 2017; 71 (1): 50- 55

Целта на оваа студија била да се испита улогата и клиничкото значење на IL-33, како нов и недоволно истражен медијатор на инфламација кај 87 пациенти со неконтролирана средна форма на астма. Резултатите покажале повисоко ниво на IL-33 во серумот кај пациенти со астма во споредба со здравите луѓе, незначително повисоки вредности кај женските пациенти во споредба со мажите и незначителна корелација со возраста.

**ОБРАЗЕЦ 1**
**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

Кандидат**: *Сава Благун Пејковска***
Институција: ***Медицински факултет, УКИМ - Скопје***
Научна област:***ИНТЕРНА МЕДИЦИНА***

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ**
**за факултети кои имаат студиски програми на интегрирани прв и втор циклус студии**

| **Ред. број** | **ОПШТИ УСЛОВИ** | **Исполнетост на општите услови да/не** |
|---|---|---|
| **1** | Има завршено додипломски и постдипломски студии по студиските програми пред воведувањето на европскиот кредит-трансфер систем и има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на додипломските и постдипломските академски студии, одделно<br>Просечниот успех на додипломски студии изнесува:8,96<br>Просечниот успех на постдипломски студии изнесува: 9,71 | **ДА** |
| 2 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик: англиски јазик<br>2. Назив на документот: Уверение за познавање на англиски јазик ниво B2. (CEFR)<br>3. Издавач на документот: Филолошки факултет ,,Блаже Конески“ УКИМ- Скопје<br>4. Датум на издавање на документот: декември 2019 година | **ДА** |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Горица Брешковска с.р.**
**Проф. д-р Татјана Миленковиќ с.р.**
**Доц. д-р Лидија Попоска с.р.**

**д-р Ирфан Исмаили**

**БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ**

Д-р Ирфан Исмаили е роден на 01.03.1982 година во Скопје. Основно и средно образование завршил во Скопје. На Медицинскиот факултет во Скопје дипломирал во 2008 година. Во периодот од 2008-2010 година бил вработен во Одделот за астма и во Одделот за туберкулоза при Институт за белодробни заболување кај децата – КОЗЛЕ. Во 2010 година се вработува на Универзитетската клиника за Пулмологија и алергологија каде работи на Одделот за инвазивна бронхолошка дијагностика и интервентна пулмологија. Редовно е вклучен во секојдневната работа на клиниката, со посебен интерес и афинитет кон инвазивните пулмолошки дијагностички и терапевтски процедури.

Во периодот 2010-2014 година специјализира по предметот Интерна медицина и се стекнува со звањето- специјалист по интерна медицина. Со супспецијализација по пулмологија започнува во март 2019 година. Во учебната 2019/2020 година се запишува на трет циклус докторски студии на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методи“ во Скопје, на студиската програма Клиничка медицина.

Активно го владее англискиот јазик и поседува меѓународен сертификат, издаден од Филолошкиот факултет - Скопје. Исто така, располага и со солидни компјутерски познавања MS Office (Word, Excel, Power point, internet explorer).

**НАСТАВНО НАУЧНА АКТИВНОСТ**

Во рамките на наставно-образовната дејност, успешно изведува едукација на специјализантите по интерна медицина и пулмологија. Зема активно учество на голем број конгреси, семинари.

Учествува како подистражувач на клинички студии и тоа „Рандомизирана, двоструко-слепа студија со паралелна употреба на два медицински производи, каде во паралелни групи се споредуваат Fluticasone propionate/formoterol fumarate (flutiform) 250/10 μg (2 пафа 2 пати дневно) и flutiform 125/5 (2 пафа 2 пати дневно), наспроти Formoterol fumarate dehydrate (Atimos®) 12 μg (1 паф 2 пати дневно) кај испитаници со хронична опструктивна белодробна болест (ХОББ)” (2014 -2016 г), Универзитетска клиника за пулмологија и алергологија- Скопје.

Учествува како подистражувач во клиничка студија „Проценка на намалување на пост-хоспиталниот ризик од венски тромбоемболизам кај медицински болни пациенти кои примаат Rivaroxaban наспроти плацебо“( 2016-2018), Универзитетска клиника за пулмологија и алергологија – Скопје.

**СТРУЧНА АКТИВНОСТ**

Во април 2017 г. престојувал во Белград на работилница за бронхоскопија и бронхоскопија со криобиопсија организирана од EABIP (Европска асоцијација за бронхологија и интервентна пулмологија). Септември 2017 година, престој во Милано- Италија на работилница за EBUS TBNA (ендобронхијален ултразвук) организирана од ERS. Октомври 2019 година престојува на школа за спирометрија во Тешањ – БИХ, организирана од ERS.

Д-р Ирфан Исмаили активно е вклучен во стручно-апликативната работа на Клиниката за пулмологија и алергологија во Скопје преку изработка на стручни презентации, учество на главни визити и семинари. Неговата стручна дејност е особено афирмирана во областа на инвазивната дијагностика и интервентен третман на белодробните карциноми, како и примената на ултра сонографијата во дијагностика и третман на болестите на плеврата и белодробните тумори. Член е на: Лекарското друштво на Македонија, Македонското респираторно здружение, Македонска лекарска комора, Македонско здружение за алергологија и клиничка имунологија, Европско респираторно здружение (ERS), International Assosiation for the Study of Lung Cancer (IASLC), Светската асоцијација за бронхологија и интервентна пулмологија (WABIP) и Европската асоцијација за бронхологија и интервентна пулмологија (EABIP).

**ПУБЛИЦИРАНИ ТРУДОВИ IN EXTENSO ЗА РЕЦЕНЗИЈА**

1. Marija Zdraveska, Dejan Todevski, Arben Rexhepi, Aleksandra Tatabitovska, Irfan Ismaili, Slavica Kostadinova-Kunovska, Magdalena Bogdanovska-Todorovska, Tome Stefanovski and Gordana

Petrushevska; Recommendations for the diagnostic algorithm in lung cancer, Concensus Statement of the Macedonian Respiratory Society and the Masedonian Associacion of Pathology, Mak.Med. Pregled, 2019, 73(2): 55-66

Со овој прирачник поради потребата од постојано ревидирање на основните препораки донесени врз база на анализата на резултатите од многубројни студии и научни трудови од страна на релевантни авторитети, Македонското респираторно здружение, заедно со Македонското здружение на патолози, ја потенцираа важноста на молекуларната дијагностика во третманот на белодробниот карцином со надградба на препораките за дијагностика и третман на пациенти со белодробен карцином. Исто така е истакната и важноста за развивање на скрининг програма за рана детекција на белодробен карцином и подготвување на програма за финансирање на дијагностика и третман на пациенти со напреднат белодробен карцином.

**ОБРАЗЕЦ 1**
**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

Кандидат**: *Ирфан Адил Исмаили***
Институција: ***Медицински факултет, УКИМ - Скопје***
Научна област: ***ИНТЕРНА МЕДИЦИНА***

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ за факултети кои имаат студиски програми на интегрирани прв и втор циклус студии**

| **Ред. број** | **ОПШТИ УСЛОВИ** | **Исполнетост на општите услови да/не** |
|---|---|---|
| **1** | Има завршено интегрирани прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити, со остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум)<br><br>Просечниот успех изнесува: 8,5 | **ДА** |
| 2 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик: англиски јазик<br>2. Назив на документот: Уверение за познавање на англиски јазик ниво B2. (CEFR)<br>3. Издавач на документот: Филолошки факултет ,,Блаже Конески“УКИМ- Скопје<br>4. Датум на издавање на документот: јуни 2020 година | **ДА** |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Горица Брешковска с.р.**
**Проф. д-р Татјана Миленковиќ с.р.**
**Доц. д-р Лидија Попоска с.р.**

**Асистент-докторанд д-р Ирина Ангеловска**

**БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ**

Кандидатот ас. д-р Ирина Ангеловска е родена на 17.02.1975 година, во Скопје. Средно образование завршила во МУЦ. „Д-р. Панче Караѓозов“, Скопје на 17.06.1993 година. Со високо образование се стекнала на Медицинскиот факултет „Универзитет „Св. Кирил и Методиј“-Скопје, 1993-1999 година. Дипломирала на 12.10.1999 година, со просечен успех 9,27.

Кандидатката активно се служи со англиски јазик.

Во учебната 2015/2016 година се запишала на трет циклус (докторски) студии на Школата за докторски студии, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“- Скопје, Медицински факултет, програма Клиничка медицина, ментор Проф. д-р. Снежана Стојковска.

На 17.03.2016 година е избрана во звањето асистент докторанд на Медицински факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“- Скопје во областа Интерна медицина.

Во моментот е асистент докторанд по интерна медицина. Последниот реферат за избор е објавен во Билтен бр.1110 од 02.11.2015 година.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од почетокот на кариерата, објавени во Билтен/билтени бр. 1110 2015, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

**НАСТАВНО НАУЧНА АКТИВНОСТ**

Д-р Ирина Ангеловска има објавено вкупно 31 научени трудови од областа на пулмологијата и алергологијата, од кои 8 научни труда во меѓународни научни списанија, и 25 трудови во зборници од научни собири.

Д-р Ирина Ангеловска била учесник во 1 национален, и подистражувач во 2 меѓународни научни проекти.

**СТРУЧНА АКТИВНОСТ**

Д-р Ирина Ангеловска е активно е вклучена во стручно-апликативната работа на Универзитетската клиника за пулмологија и алергологија во Скопје. Врши стручна и научна дејност од областа на пулмологијата и алергологијата како супспецијалист пулмоалерголог и потесна дејност во областа на бронхоскопијата со инвазивната дијагностика и ултразвук на бели дробови.

Стручно усовршување во странство остварила со студиски престој во Универзитетскиот медицински центар Хамбург-Епендорф на одделот за пулмологија и единицата за бронхоскопија и инвазивна дијагностика во период 15 мај-15 јули 2017 година.

Особена активност кандидатката покажува во дејностите од поширок интерес. Активно е вклучена во работата на стручни комисии и работни групи при ЈЗУ Клиника за пулмологија и алергологија, Скопје.

**ПУБЛИЦИРАНИ ТРУДОВИ IN EXTENSO ЗА РЕЦЕНЗИЈА**

1. Analysis of Plasma Concentrations of Theophylline in Smoking and Nonsmoking Patients with Asthma. Goseva Z, Gjorcev A, Kaeva BJ, Janeva EJ, Angelovska I. Open access Macedonian journal of medical sciences. 2015 Dec 15;3(4):672.

Целта на овој труд била да се испита концентрацијата на теофилинот во тек на денот кај 20 пушачи и 20 непушачи со астма, кои примале таблети тефолин со продолжено дејство од 175 мг, двапати дневно. Кај групата пушачи се добил зголемен клиренс и намален полу-живот на теофлинот, што довело до заклучок да се препорачаат максимални дози, особено во ноќните часови кај пушачите и индивидуален пристап.

2. The Prevalence of diabetes mellitus in COPD patients with severe and very severe stage of the disease. Stojkovikj J, Zafirova-Ivanovska B, Kaeva B, Anastasova S, Angelovska I, Jovanovski S, Stojkovikj D. Open access Macedonian journal of medical sciences. 2016 Jun 15;4(2):253.

Целта на овој труд била да се истражи преваленцата на дијабетес мелитус кај пациентите со тежок и многу тежок облик на ХОББ. Испитувањето се вршело на 100 испитаници, сите пушачи

поделени во две групи според тежината на болеста. Се добила вкупната преваленца која изнесувала 21%, како и повисоки вредности на гликемии кај групата со многу тежок ХОББ, со што се заклучило дека присуството на ХОББ е независен фактор и влијае врз клиничката слика на дијабетес мелитус.

The Prevalence and Risk Factors of Cardiovascular Comorbidity in Patients with Severe and Very Severe COPD. Stojkovikj J, Ivanovska-Zafirovska B, Angelovska I, Debreslioska A, Zejnel S. Global Journal of Medical Research. 2016 Sep 8.

Во оваа студија се одредувала преваленцијата и ризик факторите на кардиоваскуларните коморбидитети кај ХОББ кај 114 испитаници со тежок и многу тежок облик на болеста. Кај 92 од нив е најдено присуство на кардиоваскуларни коморбидитети и се заклучило дека тие се многу чести кај пациенти со тежок и многу тежок ХОББ и имаат големо влијание врз болеста.

3. Goodpasture syndrome diagnosed one year and a half after the appearance of the first symptoms (case report). Stojkovikj J, Zejnel S, Gerasimovska B, Gerasimovska V, Stojkovic D, Trajkovski M, Angelovska I, Debreslioska A, Jovanovski S. Open access Macedonian journal of medical sciences. 2016 Dec 15;4(4):683.

Преку анализа на случај на пациент со клиничка слика на белодробна хеморагија и гломерулонефрит, кај кого е докажан синдромот на Goodpasture со ренална биопсија, се прикажува дека со сегашната терапија е возможно стабилизирање на состојбата и долгогодишно преживување за повеќе од 50%.

## О Б Р А З Е Ц 1
## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат**:** ***Ирина Ванчо Ангеловска***
Институција: ***Медицински факултет, УКИМ - Скопје***
Научна област: ***ИНТЕРНА МЕДИЦИНА***

### ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ
### За факултети кои имаат студиски програми на интегрирани прв и втор циклус студии

| **Ред. број** | **ОПШТИ УСЛОВИ** | **Исполнетост на општите услови да/не** |
|---|---|---|
| **1** | Има завршено интегрирани прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити, со остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум)<br>Просечниот успех изнесува: 9,27 | **ДА** |
| 2 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик: англиски јазик<br>2. Назив на документот: Уверение за познавање на англиски јазик ниво C1. (CEFR)<br>3. Издавач на документот: Филолошки факултет ,,Блаже Конески“ УКИМ- Скопје<br>4. Датум на издавање на документот: јули 2020 година | **ДА** |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Горица Брешковска с.р.**
**Проф. д-р Татјана Миленковиќ с.р.**
**Доц. д-р Лидија Попоска с.р.**

**ас. д-р Фана Личоска Јосифовиќ**

**БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ**

Кандидатката м-р д-р Фана Личоска-Јосифовиќ е родена на 13.04.1971 година во Прилеп. Средно гимназиско образование завршила со одличен успех. Со високо образование се стекнала на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во 1998 година, со просечен успех 8,00. Државниот стручен испит успешно го положила во 1999 година. Испитите од втор циклус студии ги положила со среден успех 9,80 и во 2010 година го одбранила магистерскиот труд од областа на интерната медицина, на тема „Проценка на бубрежната функција и инциденца на асимптоматска протеинурија кај хероински корисници“ при Медицинскиот факултет, УКИМ, Скопје, со што се стекнала со звањето магистер на медицински науки.

Во мај 2010 година е избрана за асистент на Катедрата за интерна медицина при Медицинскиот факултет на Универзитетот„Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Во 2013/2014 година се запишала на трет циклус студии-докторски студии при Медицинскиот факултет на Универзитетот„Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Во 2001 година се вработила на Универзитетската клиника за ургентна интерна медицина и токсикологија. Специјалистичкиот испит по интерна медицина го положила cum laude во 2005 година. Од 2013 година работи на Универзитетската клиника за гастроентерохепатологија. Во 2018 година, успешно го положила субспецијалистичкиот испит по гастроентерохепатологија.

Кандидатката активно го владее англискиот јазик и поседува уверение од Филолошкиот факултет „Блаже Конески“за познавање на англиски јазик, ниво Б2,според Европската јазична рамка на Советот на Европа (CEFR).

**НАСТАВНО НАУЧНА АКТИВНОСТ**

Како специјалист по интерна медицина и субспецијалист гастроентерохепатолог, активно е вклучена во едукацијата на студенти на медицина, стоматологија и специјализантите по Интерна медицина и гастроентерохепатологија на Универзитетската клиника за гастроентерохепатологија.

Автор и коавтор на повеќе од 30 трудови и апстракти презентирани и објавени во домашни и странски списанија (рецензирани за претходен избор, УКИМ, Билтен бр.983 од 01.04.2010 година).

М-р д-р Фана Личоска-Јосифовиќ е автор и коавтор на повеќе трудови и апстракти, презентирани и објавени во домашни и странски списанија.

Кандидатката е учесник во неколку меѓународни научни проекти.

- Меѓународен научен проект: „Клиничка потхранетост – ризик во лекувањето на пациентите“ – УК за гастроентерохепатологија , Скопје, Медицински факултет - Скопје, 2018 година.

**СТРУЧНА АКТИВНОСТ**

Кандидатката активно е вклучена во стручно-апликативната работа на Универзитетската клиника за гастроентерохепатологија во Скопје и во едукативно-практичната настава по предметот Интерна медицина на студентите на медицина, стоматологија и специјализанти по интерна медицина.

Како специјалист и субспецијалист, активно учествува на голем број стручни состаноци, симпозиуми и конгреси во земјава и во странство од областа на клиничката токсикологија и гастроентерохепатологијата. Учествува во неколку комисии и тела на државни органи. Добитник е на благодарница и диплома од МЛД.

**ПУБЛИЦИРАНИ ТРУДОВИ IN EXTENSO ЗА РЕЦЕНЗИЈА**

1. Zollinger-Ellison синдром: приказнаслучај. Личоска Јосифовиќ Фана, Попова-Јовановска Р, Чалоска-Ивановска В, Трајковска М, Старделова-Гривчева К, Димитрова-Генадиева М, Дерибан Ѓ, Тодоровска Б. MEDICUS,UDC 61;VOL. 23 (3),2018,p 1409-6366

Станува збор за приказ на случај, 62-годишна жена, со четиригодишна анамнеза за повторувачки епизоди на епигастрични болки, гадење и повраќање, течни столици и губење во телесна тежина. Горнодигестивната ендоскопија покажа мошне изразени улцеративно-некротични промени на храноводот, хиперпластички/хипертрофички промени на желудечната

лигавица, а во постбулбарниот на дуоденумот се забележаа повеќе улцеративни лезии со хематинизирано петно. Веднаш беше направен тест за гастринемија, со високо ниво на гастринот во серумот, што изнесување 2404 pg / ml ( реф.13-115pg / ml), што беше индикативно за постоење на гастрином. Хистопатолошкиот наод од гастричната и дуоденобиопсија покажа скратени фовеоларни крипти и хиперплазија на париеталните клетки. Пациентката беше поставена на високи дози ИППп (2x80mg), а потоа на ИППо (2x80mg),што доведе до маркантно подобрување на општа состојба и смирување на симптомите. Како дефинитивна терапија беше предложена хируршка интервенција за екстирпација на туморот.

## О Б Р А З Е Ц 1
## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат**:** ***Фана Стојан Личоска Јосифовиќ***
Институција: ***Медицински факултет, УКИМ - Скопје***
Научна област: ***ИНТЕРНА МЕДИЦИНА***

### ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ за факултети кои имаат студиски програми на интегрирани прв и втор циклус студии

| **Ред. број** | **ОПШТИ УСЛОВИ** | **Исполнетост на општите услови да/не** |
|---|---|---|
| **1** | Има завршено додипломски и постдипломски студии по студиските програми пред воведувањето на европскиот кредит-трансфер систем и има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на додипломските и постдипломските академски студии одделно<br>Просечниот успех на додипломски студии изнесува: 8,0<br>Просечниот успех на постдипломски студии изнесува: 9,8 | **ДА** |
| 2 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик: англиски јазик<br>2. Назив на документот: Уверение за познавање на англиски јазик ниво C1. (CEFR)<br>3. Издавач на документот: Филолошки факултет „Блаже Конески“ УКИМ- Скопје<br>4. Датум на издавање на документот: мај 2020 година | **ДА** |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Горица Брешковска с.р.**
**Проф. д-р Татјана Миленковиќ с.р.**
**Доц. д-р Лидија Попоска с.р.**

**ас. д-р Димитар Каркински**

**БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ**

Кандидатот ас. д-р Димитар Каркински е роден на 4.1.1976 година, во Скопје. Средно образование завршил во Скопје во 1994 година. Со високо образование се стекнал на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, Медицински факултет - Скопје.

Дипломирал во 2002 година, со просечен успех 8,00. Кандидатот активно се служи со англискиот јазик. Во учебната 2002 година се запишал на втор циклус (магистерски) студии на Медицинскиот факултет во Скопје. Студиите ги завршил во 2004 година, со просечен успех 9,66. Во 2008 година го одбранил магистерскиот труд на тема: „Ефикасност на специфична имунотерапија со модифицирани алергенски екстракти од микрокрлежи од домашна прашина“.

Докторска дисертација пријавил во 2013 година на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, Медицински факултет - Скопје. Дисертацијата на тема: „Поврзаност на опструктивната ноќна апнеа со прекумерната телесна тежина“ ја одбранил на 17.7.2017 година. Со тоа се стекнал со научниот степен доктор на науки од научната област медицински науки.

Во 2009 година е избран во звањето асистент на Медицинскиот факултет, во областа интерна медицина. Во моментот е асистент. Последниот реферат за избор е објавен во Билтен бр. од 2009 година. Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од почетокот на кариерата, објавени во Билтен бр. како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

**НАСТАВНО НАУЧНА АКТИВНОСТ**

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, Медицински факултет, кандидатот д-р Димитар Каркински изведува вежби од прв циклус студии на студиската програма на Медицинскиот факултетот и на Стоматолошкиот факултет. Кандидатот бил едукатор на 5 специјализанти по предметот Интерна медицина. Кандидатот е коавтор на рецензиран учебник под наслов „Интерна медицина - практикум“.

Д-р Димитар Каркински има објавено вкупно 30 научни трудови од областа на пулмологијата и алергологијата, од кои 3 научни труда во научни списанија со импакт-фактор (фактор на влијание), 10 труда, во меѓународни научни списанија, 3 труда во меѓународни научни публикации и 9 труда во зборници од научни собири.

**СТРУЧНА АКТИВНОСТ**

Д-р Димитар Каркински активно е вклучен во стручно-применувачката работа на ЈЗУ Универзитетска клиника за пулмологија и алергологија, Скопје. Стручно усовршување во странство остварил со студиски престој во Берлин, Германија и Лос Анџелес, САД.

**ПУБЛИЦИРАНИ ТРУДОВИ IN EXTENSO ЗА РЕЦЕНЗИЈА**

1. Glucose-insulin metabolism in patients with obstructive sleep apnea syndrome. KarkinskiDimitar, Georgievski O, Dzekova-Vidimliski P, Milenkovic T, Dokic D. Acta morphol.2016;Vol.13(2):31-34.

Целта на оваа студија беше да се процени преваленцата на аномалии на гликоза кај пациенти осомничени за ОСА, упатени во нашата лабораторија за спиење за полисомнографија. Кај 200 пациенти е направена полисомнографија и беше утврдено нивото на гликоза, инсулин и гликолизиран хемоглобин (HbA1c) во крвта. Од резултатите може да се заклучи дека ОСА и дебелината се потентни фактори на ризик за нарушувања на гликозата. ОСА може да игра значајна улога во влошувањето на метаболизмот на гликозата кај пациенти без дебелина. Но, кај дебели пациенти, дополнителната тежина го нарушува метаболизмот на гликоза-инсулин и улогата на ОСА не е толку важна како кај пациентите без дебелина.

2. Obstructive sleep apnea in patients with overweight and obesity. Karkinski Dimitar, Dokic D. Acta morphol.2016;Vol.13(1):52-57.

Целта на оваа студија е да се добијат податоци за појавата на опструктивна ноќна апнеа во Македонија и да се испита нејзината асоцијација со прекумерната телесна тежина. Во студијата

беа вклучени 200 испитаници на кои им се одреди индексот на телесната маса и им е направена полисомнографија. Резултатите укажуваа дека со зголемувањето на телесната тежина расте ризикот од појава на ОНА. БМИ можеби преставува едноставен но сепак битен предиктор за тежината на ОНА, особено за тешката ОНА.

3. Patients symptoms as a reason for cousulting a doctor and obtainin a diagnosis of obstructive sleep apnea. KarkinskiDimitar, Dokic D. srpArhCelok Lek.2017 Mar-Apr;145(3-4):136-140.

Целта на оваа студија беше да се утврдат симптомите поради кои пациентите дојдоа во нашиот оддел за спиење и да испитаат до каде се проширува самосвеста на пациентите во дијагностицирањето на ОСА. Идентификувавме 23 симптоми што ги наведуваат пациентите да посетат лекар. Пациентите кои имаат симптоми како што се 'рчењето, сведоци на апнеа и дневна поспаност, најверојатно страдаат од ОСА. Повеќето од пациентите се свесни за своите симптоми и бараат помош од лекар.

4. Obstructive sleep apnea and lipid abnormalities. KarkinskiDimitar, Georgievski O, Dzekova-Vidimliski P, Milenkovic T, Dokic D. Open Access Maced J Med Sci.2017 Feb 15;5(1):19-22.

Целта на оваа студија беше да се процени преваленцата на аномалиите на липидите кај пациенти осомничени за ОСА. Кај 200 пациенти беше направена полисомнографија и земен примерок од крв на липиден статус. Резултатите укажуваа дека кај пациенти со дебелина, дополнителната тежина ги прави метаболичките промени во метаболизмот на липидите, и улогата на ОСА не е толку важна како кај пациентите без дебелина.

5. Azitrommycin во лекување на пациенти со астма и инфекција со C. Pneumoniae. Докиќ Д., Попоски Б., Каркински Д. Македонска академија на науките и уметностите, Прилози, Одделение за биолошки и медицински науки XXXI 1.Посебен отпечаток 2010 година.

Целта на оваа студија беше да се утврди дали анти-хламидијалниот третман со азитромицин ќе ги подобри симптомите на астма и функцијата на белите дробови кај астматични пациенти позитивни на C. pneumoniae. За таа цел, на 20 пациенти со лесна астма се третира просек од 8 недели со азитромицин 1000 mg еднаш неделно. Третманот со азитромицин значително ги подобри симптомите на астма и функцијата на белите дробови, што укажува на тоа дека C. pneumoniae може да игра важна улога во подобрувањето на воспалителните процеси во долните дишни патишта.

6. Мерење на назалните волумени со акустичен рино манометар. Докиќ Д., Каркински Д., Исјановска Р., Трајковска-Докиќ Е.: Македонска академија на науките и уметностите, Прилози, Одделение за биолошки и медицински науки XXXI 1.Посебен отпечаток 2010 година.

Акустичната ринометрија се користи за објективно мерење на минималната површина на пресек и волуменот на носните шуплини. Сепак, во Македонија не се пријавени податоци за здрави субјекти. Затоа, сакавме да воспоставиме нормален опсег кај здрави возрасни и да ги процениме промените по назална дегестија. Од резултатите заклучивме дека акустичната ринометрија е пригоден метод за проценка на геометријата на носната празнина. Максималниот ефект на деконгестија се наоѓа во предните и средните делови на носната празнина, на ниво на инфериорните и средните турбини.

# О Б Р А З Е Ц 1
## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат**:** ***Димитар Тало Каркински***
Институција: ***Медицински факултет, УКИМ - Скопје***
Научна област: ***ИНТЕРНА МЕДИЦИНА***

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ
**за факултети кои имаат студиски програми на интегрирани прв и втор циклус студии**

| **Ред. број** | **ОПШТИ УСЛОВИ** | **Исполнетост на општите услови да/не** |
|---|---|---|
| **1** | Има завршено додипломски и постдипломски студии по студиските програми пред воведувањето на европскиот кредит-трансфер систем и има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на додипломските и постдипломските академски студии одделно<br>Просечниот успех на додипломски студии изнесува: 8,0<br>Просечниот успех на постдипломски студии изнесува: 9,66 | **ДА** |
| 2 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик: англиски јазик<br>2. Назив на документот: BULATS C1. (CEFR)<br>3. Издавач на документот: British Council Macedonia<br>4. Датум на издавање на документот: јули 2016 година | **ДА** |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Горица Брешковска с.р.**
**Проф. д-р Татјана Миленковиќ с.р.**
**Доц. д-р Лидија Попоска с.р.**

**помл. ас. д-р Саша Ќаева Анастасова**

**БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ**

Д-р. С. Ќаева-Анастасова е родена 1981 година во Скопје. Основно и средно образование завршила во Скопје, континуирано со одличен успех. На Медицинскиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ се запишала во 1999 година, а дипломирала на 06.07.2005 година со просечен успех 9,78, како прв дипломиран студент во генерација. По изведување на лекарскиот стаж, со успех го положила стручниот испит и во 200 година се здобила со лиценца за работа.

Во 2006 година добитник е на пофалница за најдобар студент од Приватната фондација на „Професор Стамболиев”“како првенец на генерација.

По завршување на студиите, со волонтерски договор работи на Универзитетската клиника за кардиологија во периодот од 2006 до 2008 година.

Во периодот 2006 до 2010 година ја врши специјализацијата по интерна медицина. Од јуни месец 2008 година вработена е на ЈЗУ Универзитетска клиника за кардиологија. За асистент на катедрата по интерна медицина е избрана во 2008 година. Учествувала на повеќе едукативни курсеви и конгреси од областа на кардиологијата како во земјава, така и во странство. Од 2014 година е активен волонтер во Црвен крст, Скопје.

Во 2015 година завршува супспецијализација по кардиологија и се стекнува со звањето интернист-кардиолог. Активен учесник е на повеќе македонски и европски кардиолошки конгреси со усни и постер презентации.

Активен член е на македонското и европското кардиолошко здружение.

Активно го владее англиските јазик и има базични познавања од германскиот и албанскиот јазик.

**НАСТАВНО НАУЧНА АКТИВНОСТ**

Од 2008 година, како асистент активно е вклучена во практичниот дел од наставата по предметот интерна медицина.

Во рамките на наставно-образовната дејност, успешно изведува едукација на специјализантите по интерна медицина и кардиологија. Зема активно учество на голем број конгреси, семинари.

Учествува како коистражувач во EORP регистарот за атријална фибрилација, AF III, организиран од европското здружение за кардиологија.

**СТРУЧНА АКТИВНОСТ**

Во 2004 година престојува како активен партиципант-лекар во болницата AKH (Виена, Австрија) на Одделот за хематологија и онкологија. Во 2009 година активно учествува на курсот под наслов “Cardiac imaging” во Салзбург, Австрија.

Од нејзиното вработување, кандидатката е вклучена во стручно-апликативната работа на ЈЗУ Универзитетска клиника за кардиологија- Скопје.

**ПУБЛИЦИРАНИ ТРУДОВИ IN EXTENSO ЗА РЕЦЕНЗИЈА**

1. Heart damage in pregnancies complicated with preeclampsia: case report, Journal of the Macedonian medical ass, Mac Med, 2016, Kjaev. I, Jovanova. S, Nivicka Kjaeva, Karadjova. D, Aleksioska. I, Kjaeva. S, Spasova. R, Kocoski. G

Овој труд обработува приказ на случај на млада жена на 37 години, бремена во 27 недела со клиничка слика на висок крвен притисок, тешко дишење. Пациентката во повеќе наврати е следена на клиниката за кардиологија преку ехокардиографско иследување. Целта на трудот е да прикаже колку е значајна ехокардиографијата кај оваа група на жени.

2. Bilateral serous detachment in preeclampsia, case report, Journal of The Macedonian medical ass, Mac Med , review, 2017, Kjaev.I, Kjaeva Nivicka.J, Kjaeva.S, Karadjova.D ,Aleksioska I, Daneva.A, Dimitrov.G.

Се обработува случај на млада трудница во 31 недела од бременост која се јавила на клиника за очни болести заради силна главоболка, промени во видно поле заради висока нерегулирана хипертензија последниот месец. По направените иследувања и наредни контроли е установено дека се работи за одлепување на ретината како ретка компликација на прееклампсија.

## О Б Р А З Е Ц 1
## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат**: *Саша Митко Ќаева Анастасова***
Институција: ***Медицински факултет, УКИМ - Скопје***
Научна област: ***ИНТЕРНА МЕДИЦИНА***

### ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ
### за факултети кои имаат студиски програми на интегрирани прв и втор циклус студии

| **Ред. број** | **ОПШТИ УСЛОВИ** | **Исполнетост на општите услови да/не** |
|---|---|---|
| **1** | Има завршено интегрирани прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити, со остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум)<br>Просечниот успех изнесува: 9,78 | **ДА** |
| 2 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик: англиски јазик<br>2. Назив на документот: Уверение за познавање на англиски јазик ниво C1. (CEFR)<br>3. Издавач на документот: Филолошки факултет „Блаже Конески“ УКИМ- Скопје<br>4. Датум на издавање на документот: декември 2019 година | **ДА** |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Горица Брешковска с.р.**
**Проф. д-р Татјана Миленковиќ с.р.**
**Доц. д-р Лидија Попоска с.р.**

**асистент-докторанд д-р Елена Цуракова Ристовска**

## БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Елена Цуракова Ристовска е родена на 25.04.1981 год. во Велес, каде го завршила основното образование. Средното образование го завршила во гимназијата „Јосип Броз-Тито“ во Скопје со одличен успех.

На медицинскиот факултет во Скопје се запишала во 1999 год. и дипломирала во 2005 год. со просечен успех 9,1. За време на студиите користела стипендија за талентирани студенти, доделена од Министерството за образование.

Стручниот испит го положила на 29.03.2006 год. Во ноември 2006 година ја започнала специјализацијата по интерна медицина, а на 29.1.2011 година го положила специјалистичкиот испит и се стекнала со звањето специјалист по интерна медицина. Во 2018 година го положила супспецијалистичкиот испит и се стекнала со звањето супспецијалист гастроентерохепатолог.

Од 1.2.2008 година вработена е на неопределено време на Клиниката за гастроентерохепатологија во Скопје каде активно е вклучена во клиничката и истражувачка дејност.

## НАСТАВНО НАУЧНА АКТИВНОСТ

Интерес за научна работа кандидатката пројавила уште од студентските денови кога зела учество на неколку студентски конгреси. На клиниката за гастроентерохепатологија активно била вклучена во научноистражувачката работа, што резултирало со објавување на повеќе авторски и коавторски трудови од областа на гастроентерологијата и хепатологијата.

Зела учество и била член на организациониот одбор на VIII-оти IX Македонски конгрес по гастроентерологија и хепатологија со меѓународно учество, одржани во 2008 и 2012 година.

Од 2014 год. запишана е на докторски студии од областа на гастроентерохепатологијата и активно работи на нејзината докторска дисертација за прогностичката вредност на фон-Вилебрандов фактор кај пациентите со црнодробна цироза.

Во 2009 год. била избрана за помлад асистент на Катедрата по интерна медицина, а во 2015 год. била избрана за асистент докторанд.

На конкурсот за избор на помлад асистент по предметот интерна медицина пријавила 9 трудови/апстракти кои се рецензирани во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", бр.981 од 1.03.2010 год. На конкурсот за избор на асистент докторанд по предметот интерна медицина за рецензија пријавила 12 трудови/апстракти кои се рецензирани во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", бр.1110 од 2.11.2015 год.

## СТРУЧНА АКТИВНОСТ

Кандидатката учествувала на многу курсеви, работилници и семинари во организација на Европското здружение на гастроентерохепатолози, со што се стекнала со бројни сертификати за повеќе техники и вештини.

Нејзино поле на особен интерес е хепатологијата, особено хроничната црнодробна болест, црнодробната трансплантологија, васкуларните и метаболни заболувања на црниот дроб, фокалните црнодробнаи лезии и ултрасонографијата, како метода во дијагностика и евалуација на црнодробните нарушувања, горнодигестивните крвавења и методите на ендоскопска хемостаза итн.

Во октомври 2013 год. била на стручен престој во ендоскопската единица во Универзитетската клиника Епендорф во Хамбург. Во 2017 год престојувала на хепатолошкиот оддел во болницата Санта Марија во Лисабон.

Кандидатката зборува англиски, германски и француски јазик.

## ПУБЛИЦИРАНИ ТРУДОВИ IN EXTENSO ЗА РЕЦЕНЗИЈА

1. Curakova Ristovska E,Genadieva-Dimitrova M, Caloska-Ivanova V, Misevski J. Von-Willebrand factor as a predictor of three-month mortality in patients with liver cirrhosis compared to MELD score. ActaGastroenterol Belg. 2019;82(4):487-493.

Цел на студијата била да се анализира предиктивната вредност на vWF за тромесечен морталитет кај пациентите со црнодробна цироза во однос на MELD скорот. Студијата потврдила дека WF е сигнификантен предиктор на тромесечен морталитет со дијагностичка ефикасност приближна со онаа на MELD скорот.

2. Elena Curakova Ristovska, Magdalena Genadieva-Dimitrova, Viktorija Caloska-Ivanova, Emilija Nikolovska, Nenad Joksimovic, Beti Todorovska, Urim Isahi and Ivana Milichevik. The SIRS score relevance for assessment of systemic inflammation compared to C-reactive protein in patients with liver cirrhosis. Mak Med Pregled 2019; 73(1): 24-30

Цел на студијата била кај пациентите со црнодробна цироза да се одреди застапеноста на SIRS со примена на различни дијагностички критериуми да се анализира релевантноста на стандардните критериуми за SIRS во споредба со вредноста на Ц- реактивен протеин. Студијата потврдила дека SCCM/ESICM/ACCP/ATS/SIS критериумите не се погодни за проценка на присуството на SIRS кај пациентите со црнодробна цироза.

3. Elena Curakova Ristovska, Magdalena Genadieva-Dimitrova, Kalina Grivceva-Stardelova, Viktorija Caloska-Ivanova, Nenad Joksimovik, Emilija Nikolovska, Ivana Milicevic, Paracentesis-induced abdominal wall hematoma: case report and review of literature, Mak Med Pregled 2019; 73(2): 118-121

Во овој приказ на случај прикажана е појавата на хематом на преден стомачен ѕид како компликација на абдоминална парацетеза кај пациент со црнодробна цироза. Иако кај повеќето случаи во литературата била неопходна примена на интервентна процедура за постигнување на хемостаза, во овој случај пациентот бил успешно конзервативно третиран и излекуван само со примена на супортивни мерки и криорецipitат.

4. Elena Curakova Ristovska, Magdalena Genadieva-Dimitrova, Viktorija Caloska-Ivanova, Bet Todorovska, Nenad Joksimovic, Emilija Nikolovska, Sonja Genadieva-Stavric and Maja Bojadzioska, Gastrointestinal lymphoma in tertiary gastroenterology center: epidemiological, clinical and endoscopic features, Mac Med Review 2017; 71(2): 105-112

Во оваа серија на случаи прикажани се епидемиолошките, клиничките и ендоскопските карактеристики на пациентите со гастроинтестинален лимфом, дијагностицирани на Клиниката за гастроетерохепатологија во Скопје. Студијата покажала дека гастрионтестиналните лимфоми имаат варијабилна клиничка и ендоскопска презентација поради што е неопходно високо ниво на дијагностичка свест и сеопфатен клинички пристап, со цел да се утврди точна дијагноза, да се обезбеди соодветен третман и да се продолжи преживувањето.

5. Beti Todorovska, Nenad Joksimovic, Viktorija Caloska-Ivanova, Magdalena Dimitrova-Genadieva, Meri Trajkovska, Elena Curakova, Sanja Kiprijanovska, Beti Zafirova-Ivanovska, Vladimir Serafimoski, Factors That Influence the Virological Response in Patients with Chronic Hepatitis C Treated with Pegylated Interferon and Ribavirin, Prilozi Volume 38: Issue 1

Цел на трудот била да се анализира ефектот на комбинираната антивирусна терапија со пегилиран интерферон и рибавирин и да се идентификуваат предикторите на одржлив вирусолошки одговор кај пациентите со хроничен Ц хепатит. Студијата потврдила дека кај пациентите со хроничен Ц хепатит единствено возраста и генотипот биле независни предиктори на одржлив вирусолошки одговор.

# О Б Р А З Е Ц 1
## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: ***Елена Божидар Цуракова Ристевска***
Институција: ***Медицински факултет, УКИМ - Скопје***
Научна област: ***ИНТЕРНА МЕДИЦИНА***

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ
**за факултети кои имаат студиски програми на интегрирани прв и втор циклус студии**

| **Ред. број** | **ОПШТИ УСЛОВИ** | **Исполнетост на општите услови да/не** |
|---|---|---|
| **1** | Има завршено интегрирани прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити, со остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум)<br>Просечниот успех изнесува: 9,1 | **ДА** |
| 2 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик: англиски јазик<br>2. Назив на документот: Уверение за познавање на англиски јазик ниво C1. (CEFR)<br>3. Издавач на документот: Филолошки факултет „Блаже Конески“ УКИМ- Скопје<br>4. Датум на издавање на документот: септември 2020 година | **ДА** |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Горица Брешковска с.р.**
**Проф. д-р Татјана Миленковиќ с.р.**
**Доц. д-р Лидија Попоска с.р.**

**д-р Саветка Паљошковска Јорданова**

**БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ**

Д-р Саветка Паљошковска Јорданова е родена 1981 година во Ново Село, Струмица. Основно училиште завршила во родното место, а средно медицинско образование- фармацевтски техничар има завршено во Штип во 1999 година, континуирано со одличен успех.

На медицински факултет во Варна, Р. Бугарија при универзитетот „Проф. Д-р Параскев Стојанов“ се запишала во 1999 година, а дипломирала на 7.09.2005 година со просечен успех 8,67. По изведување на лекарскиот стаж, со успех го положи стручниот испит и во 2006 година се здобила со лиценца за работа.

По завршување на студиите, со волонтерски договор работи на Универзитетска клиника за кардиологија во период од 1.04.2007- 30.09.2007 година. Од месец јуни 2008 година е вработена на Универзитетска клиника за кардиологија Скопје.

Во периодот од 2008-2011 година ја врши специјализацијата по интерна медицина. Од периодот од 2016-2018 година врши супспецијализација по кардиологија и се стекнала со звање кардиолог на 1.06.2018 година.

Од 2017 година запишана е на докторски студии на Медицинскиот факултет во Скопје.

Активно го владее англискиот и бугарскиот јазик.

**НАСТАВНО НАУЧНА АКТИВНОСТ**

Од 2018 година активно учествува во едукацијата на специјализанти-интернисти и супспецијалисти на Клиниката за кардиологија.

Учествувала на повеќе едукативни курсеви и конгреси во земјава и странство.

Активно учество како коистражувач во неколку меѓународни студии:

-SIGNIFY студија ( морбидитет- морталитет со ивабрадин кај пациенти со КВБ ( (study assessing the morbidity-mortality benefit of the, if inhibitor ivabradine, in pacient with CAD ( 2011)) – GCP studija, fase III, October 2011

-FENOPRA III Студија – бенефит од статин аторвастатин и фенофибрат 2013 година, III фаза

-Клиничка студија за био крил актив, изведена на Клиника за кардиологија, Скопје, 2011 година

Кандидатката учествувала како предавач на 6-ти Македонски Кардиолошки Конгрес 3-6 октомври 2019 година во Охрид, Р. Македонија: Relationship between risk factors and carotid artery disease.

Досега кандидатката учествувала во создавањето на 20 стручни и научни трудови презентирани на национални и меѓународни конгреси, како автор и коавтор.

**СТРУЧНА АКТИВНОСТ**

05.2015 година -сертификат за учество на едукација во Р. Бугарија, Софија за васкуларен доплер сонографија во времетраење од еден месец.
12.2015 година - сертификат за еднодневен курс по ехокардиографија, Софија, Р. Бугарија
2015 година - сертификат за sub investigator во Fenopra III-12-1 за период од 2012-2015 година
2015 и 2016 година - учество во едукација за ЕКГ на матични лекари во Р. Македонија, обезбедено од Министерство за здравство- Скопје Р. Македонија
31.03.2017 година -сертификат за курс за напредна ехокардиографија

**ПУБЛИЦИРАНИ ТРУДОВИ IN EXTENSO ЗА РЕЦЕНЗИЈА**

1. Acute Myocardial Infarction with St-Segment Elevation: To Aspirate or Not?
   MarjanBoshev,[1] Savetka Paljoshkovska Jordanova[2] Received: February 26, 2017 Published: March 17, 2017,Clinic of Cardiology, Skopje J Cardiol Curr Res 8 (3): 00286.
   DOI: 10.15406/jccr.2017.08.00286

Златен стандард во пристап на пациент со СТЕМИ е примарна перкутана коронарна интервенција, со цел да се ресторира нормален коронарен проток. Аспирацијата на тромби е терапевтски модалитет и може да е од големо значење при СТЕМИ со големи тромботични компликации. Во овој труд, авторите ги разгледуваат предностите и недостатоците на техниката на аспирација на тромби, споредбено со бројни светски студии.

2. Special condition in venous thromboembolism- case series, Corresponding author: MarijanBosevski, Address: University Cardiology Clinic, 16 Vodnjanska Street, postal code: 1000, city: Skopje, country: Macedonia, University Cardiology Clinic, Faculty of Medicine Skopje 2 University Clinic of Hematology Skopje 3 Zan Mitrev Clinic Skopje 4 Institute for Transfusion Medicine Skopje 5 General Hospital 8th September 6 Private Outpatient Health Facility “D-r. Hadjiev”, Bitola 7 General Hospital Veles, R.N. Macedonia Marijan Bosevski1, Irena Mitevska1, Marica Pavkovic2, Milka Klincheva3, Emilija Trajkovska Lazarova1, Emilija Velkova4, Zlate Stojanoski2, Nela Kostova1, Savetka Paljoskovska Jordanova1, Danica Petkoska1, Mimi Mancheva1, Aleksandra Gulevska5, Marjan Baloski5, Vasko Hadjiev6, Gorjan Krstevski1, Viktorija Kralevska1, Ivica Bojovski1, Mario Jovanovski1, Vesna Nedelkovska7, Atanas Gjorgievski1 S. MANU, XL ,2.2019 godina.

Целта на серијата на прикази на случаи во областа на венскиот тромбоемболизам е да се претстават главните ризик фактор за настанување на венскиот тромбоемболизам (длабоката венска тромбоза и белодробната емболија) во секојдневната клиничка пракса. Тие би биле еден вид на водич од клиничката пракса која ни помага во дијагностицирањето на овој битен ентитет. Дополнително презентирани се самите ризик фактори, ризик стратификатори, како и исходот кај презентираните 18 случаи, проследени со терапевтскиот пристап и компликациите и бенефитите на истиот.

## О Б Р А З Е Ц 1
## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат**:** ***Саветка Ѓеорѓе Паљошковска Јорданова***
Институција: ***Медицински факултет, УКИМ - Скопје***
Научна област: ***ИНТЕРНА МЕДИЦИНА***

### ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ за факултети кои имаат студиски програми на интегрирани прв и втор циклус студии

| **Ред. број** | **ОПШТИ УСЛОВИ** | **Исполнетост на општите услови да/не** |
|---|---|---|
| **1** | Има завршено интегрирани прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити, со остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум)<br>Просечниот успех изнесува: 8,67 | **ДА** |
| 2 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик: англиски јазик<br>2. Назив на документот: Уверение за познавање на англиски јазик ниво C1. (CEFR)<br>3. Издавач на документот: Филолошки факултет „Блаже Конески“ УКИМ- Скопје<br>4. Датум на издавање на документот: јуни 2020 година | **ДА** |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Горица Брешковска с.р.**
**Проф. д-р Татјана Миленковиќ с.р.**
**Доц. д-р Лидија Попоска с.р.**

**д-р Даница Петковска Спирова**

**БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ**

Д-р Даница Петкоска Спирова е родена 1983 година во Битола. Основно и средно насочено образование завршила во Битола, континуирано со одличен успех. Во февруари 2002 година ги започнала студиите на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, а дипломирала во јули 2008 година со просечен успех 9,06. На Клиниката за кардиологија во Скопје почнала да волонтира од декември 2008 година, а е вработена од март 2011 година.

Специјалистички испит по специјалноста интерна медицина положила во јуни 2014 година. Во март 2016 год. се запишала на супспецијализација од областа на кардиологијата, а во април 2019 успешно го положила супспецијалистичкиот испит и се здобила со звањето супспецијалист по кардиологија.

Во академската 2018/19 година е запишана на трет циклус студии – докторски студии по медицина.

Активно се служи со англискиот јазик.

**НАСТАВНО НАУЧНА АКТИВНОСТ**

Во текот на студиите, учествувала на повеќе студентски работилници и конгреси.

Бележи активно учество како предавач на ESC Congress 2016 Rome-Italy, на тема: “Transradial approach for carotid artery stenting in high risk patients, Euro PCR Congress во Париз, 2017 год., на тема: “Macedonia and Slovenia share their most educational cases: Transradial PCI with provisional stenting of complex distal left main”, на конгрес на Македонското здружение по кардиологија, од 3-6 октомври 2019 година, на тема “Homocystein and carotid disease”.

Учествувала како коистражувач во неколку интернационални студии:

- *Study to Evaluate the Performance of the Paladin® Used in Conjunction with the Roadsaver® Carotid Artery Stent System;*

-PERFORMANCE I Trial; Roadsaver Study.

Коавтор е на прирачник за специјалисти по интерна медицина на тема „Хроничен коронарен синдром“.

**СТРУЧНА АКТИВНОСТ**

Во временска рамка од една година во периодот 2009-2010 година, учествувала на Executive fellowship program in Interventional Cardiology Module 1, 2 and 3 at the Crossroads институтот во Брисел и во Скопје.

Во 2012 година бележи учество на професионална едукација во Блед, Словенија - “The focus on coronary bifurcations with Jean Marco”.

Член е на Македонското кардиолошко и Европското кардиолошко здружение.

**ПУБЛИЦИРАНИ ТРУДОВИ IN EXTENSO ЗА РЕЦЕНЗИЈА**

1. Safety and Feasibility of Transulnar Catheterization When Ipsilateral Radial Access Is Not Available. SaskoKedev, Biljana Zafirovska, Surya Dharma, Danica Petkoska.*Catheter Cardiovasc Interv*. 2014 Jan 1;83(1):E51-60. doi: 10.1002/ccd.25123. Epub 2013 Aug PMID:23832623 [PubMed - indexed for MEDLINE]

Целта на оваа студија е да се евалуира безбедноста и ефикасноста на трансулнарниот пристап преку рака за изведување на ангиографски интервенции, во случаи каде истостраниот трансрадијален пристап не е достапен. Во студијата се вклучени 476 консекутивни пациенти кај кои е изведена ангиографска интервенција преку трансулнарен пристап. Испитувани беа процедуралните карактеристики, успешноста на процедурите и присутните компликации. Заради докажаната успешност и безбедност врз оваа група на пациенти процедурата се препорачува како можен алтернативен пристап на трансрадијалниот, кога тој не е достапен кај сите видови коронарни и други ангиографски интервенции.

2. Safety of Slender 5Fr Transradial Approach for Carotid Artery Stenting With a Novel Nitinol Double-Layer Micromesh Stent.Kedev S, Petkoska Danica, Zafirovska B, Vasilev I, Bertrand OF. *Am J*

*Cardiol.* 2015 Sep 15;116(6):977-81. doi: 10.1016/j.amjcard.2015.05.063. Epub 2015 Jun 25.PMID:26189035 [PubMed - indexed for MEDLINE]

Цел на студијата е да се процени безбедноста и успешноста на перкутано каротидно артериско стентирање преку трансрадијален пристап со користење на 5 Fr слендер техника и имплантирање на новодизајнираните нитинол Roadsaver стентови со двојна обвивка за заштита од микроемболизација. Вклучени биле 10 консекутивни пациенти. Заклучено е новите каротидни стентови со двојна обвивка може успешно да се имплантираат кај пациенти со каротидна стеноза преку трансрадијален слендер пристап со успешност во сите случаи.

3. Transradial Subclavian Artery Percutaneous Interventions After Bilateral or Single Access. Kedev S, Zafirovska B, Petkoska D, Vasilev I, Bertrand OF.*Am J Cardiol.* 2016 Sep 15;118(6):918-23. doi: 10.1016/j.amjcard.2016.06.029. Epub 2016 Jun 27. PMID: 27471055[PubMed - indexed for MEDLINE]

Авторите во овој труд споредуваат рани и доцни резултати од стентирање на артерија субклавиа со билатерален наспрема унилатерален трансрадијален пристап. Разгледувани се 54 пациенти во временска рамка од 2010 до 2015 година. Кај 35 пациенти бил избран билатерален пристап, додека кај 19 – унилатерален. Повеќе хронични тотални оклузии биле забележани кај билатералната група (77% наспрема 21%). Стентови биле имплантирани кај 94% од билатералната група и 84% од унилатералната. Поголеми кардиоваскуларни и цереброваскуларни случувања со преживување до 5 години – 97% кај билатералната група, и 84% кај унилатералната.

4. Radial artery anomalies in the Macedonian population during transradial angiography procedures. Zafirovska Biljana, Petkoska Danica, Antov Slobodan, VasilevIvan,Jovkovski Aleksandar, Kalpak Oliver, Kostov Jorgo, Spiroski Igor, Pejkov Hristo,Bosev Marjan, Taravari Hajber, Kitanoski Darko, Kedev Sasko. *Sanamed 2016*. DOI: 10.5937/sanamed1602087Z.

Целта на авторите во овој труд е да се утврди зачестеноста на аномалиите на радијалната артерија кај македонската популација во тек на ангиографија со трансрадијален пристап. Разгледани се вкупно 19292 пациенти во временска рамка од март 2011 до декември 2014 год. Заклучокот се сведува на тоа дека постои голема зачестеност на аномалиите во општата популација и познавањето на аномалиите им помага на интервентните кардиолози во успешно изведување на процедурите. Се препорачува ангиографија на радијална артерија кај секој пациент пред изведување на трансрадијална ангиографија.

5. Macedonia: coronary and structural heart interventions from 2010 to 2015. Kedev, Sasko, Zafirovska Biljana, Kalpak Oliver, Antov Slobodan, KostovJorgo . Spiroski Igor, PejkovHristo, BoshevMarjan, Vasllev Ivan, Jovkovski Aleksandar, TaravariHajber, Petkoska Danica, Kitanoski Darko. *EuroIntervention*. 2017. 13. Z47-Z50. 10.4244/EIJ-D-16-00827. [PubMed - indexed for MEDLINE].

Авторите во трудот ги опишуваат инвазивните кардиолошки методи во Р. Македонија, во временска рамка од 2010 до 2015 год. Разгледувани се детали од 39.899 пациенти кои подлегнале на кардиоваскуларна интервенција во таа временска рамка. Нотиран е пораст на бројот на коронарни ангиографии од 5540 во 2010 година на 8550 во 2015 година. Трансфеморален пристап е презентиран кај 4% од коронарните интервенции во 2010 година, и нотиран е негов пад на 1% во 2015 година. Бројот на примарни перкутани коронарни интервенции за акутна СТ- елевација се зголемил од 763 на 1175. Трансрадијален пристап беше изведен кај 38.455 (96%) од сите пациенти.

6. Total wrist access for angiography and interventions: Procedural success and access site crossover in a high volume transradial center.Kedev S, Zafirovska B, Antov S, Kostov J, Spiroski I, Boshev M, Vasilev I, Jovkovski A, Taravari H, Kitanoski D, Petkoska D, Ho KL. Cardiovasc Revasc Med. 24 Dec 2017.

Авторите разгледуваат група од 30 848 пациенти кој подлегнале на дијагностичка ангиографија и/или интервенција во периодот од 2010 до 2015 година. Процедурален успех по избор на трансрадијален пристап бил 94 % (n=28988). Crossover кон подруг пристап е нотиран кај 6% (n=1860). Во 3,8% бил изведуван ипсилатерален трансулнарен пристап , во 1,5% бил изведуван лев радијален пристап, и само кај 0,6% било пристапено кон трансфеморален пристап. Компликации присутни кај 5,1% случаи.

7. The impact of glyco-metabolic status in patients treated for Acute Coronary Syndrome.Vavlukis M, Zafirovska B, Antova E, Pocesta B, Shehu E, Taravari H, Kotlar I, Kitanovski D, Petkoska D, Vasilev I, Janusevski F, Bojovski I, Kedev S. Pril (MakedonAkadNaukUmet Odd Med Nauki). 2018 Jul 1;39(1):37-50. doi: 10.2478/prilozi-2018-0022

Целта на авторите во овој труд е процена на преваленцата на новооткриен дијабетес кај пациенти со акутен коронарен синдром и процена на врската меѓу стрес-хипергликемија, гликорегулација и новодијагностициран дијабетес со хоспитален морбидитет и морталитет. Анализирани се 860 пациенти. Нотирана е висока преваленца на новооткриен дијабетес кај пациенти со акутен коронарен синдром. Стрес-хипергликемија и неможноста да се постигне гликорегулација се независни предиктори на хоспитален морбидитет и морталитет.

8. Benefit of routine preprocedural radial artery angiography in STEMI patients. Zafirovska B, Antov S, Kostov J, Spiroski I, Vasilev I, Jovkovski A, Kitanoski D, Petkoska D, Bertrand OF, Kedev S. Catheter Cardiovasc Interv. 2018 Aug 5. doi: 10.1002/ccd.27711.

Авторите во овој труд разгледуваат пациенти со СТЕМИ, во временска рамка од јануари 2010 до декември 2016. Препроцедурална радијална ангиографија била изведена кај сите пациенти до март 2011. Споредувани се резултатите кај 762 СТЕМИ- пациенти до март 2011, и 4306 пациенти од март 2011 до декември 2016. Средна возраст на пациентите била од 60+/- 11 години, со 73% мажи. Рутинската препроцедурална радијална ангиографија се покажала како алатка за намалување на веројатност на крвавечки компликации по интервенцијата, како и намалување на времето на изведување на интервенцијата и намалување на стапката на можен crossover.

9. Risk factor distribution and long-term outcomes in young patients undergoing percutaneous coronary intervention in Macedonia. Zafirovska B, Otljanska M, Petkoska D, Kedev S. Acta Clin Croat 2019 Dec;58(4):583-589.

Целта беше да се процени ризикот за коронарна артериска болест, како и долгорочните исходи кај млади пациенти подложени на перкутана коронарна интервенција во Македонија. Во студијата биле вклучени вкупно 12.361 пациент со PCI (од март 2011 година до декември 2017 година). Како заклучок, позитивната фамилијарна историја за КАД, дебелината и пушењето биле најчестите ризик фактори кај младата популација со перкутана коронарна интервенција. Младите пациенти со СТЕМИ вообичаено имале едносадовна КАБ. Долгогодишното преживување надмина 99% кај овие пациенти со одлична прогноза по ПКИ.

10. Special condition in venous thromboembolism- case series, Corresponding author: MarijanBosevski, Marijan Bosevski1, Irena Mitevska1, Marica Pavkovic2, Milka Klincheva3, Emilija Trajkovska Lazarova1, Emilija Velkova4, Zlate Stojanoski2, Nela Kostova1, Savetka Paljoskovska Jordanova1, Danica Petkoska1, Mimi Mancheva1, Aleksandra Gulevska5, Marjan Baloski5, Vasko Hadjiev6, Gorjan Krstevski1, Viktorija Kralevska1, Ivica Bojovski1, Mario Jovanovski1, Vesna Nedelkovska7, Atanas Gjorgievski1 S. MANU, XL ,2.2019 година.

Целта на серијата на прикази на случаи во областа на венскиот тромбоемболизам е да се претставаат главните ризик фактор за настанување на венскиот тромбоемболизам (длабоката венска тромбоза и белодробната емболија) во секојдневната клиничка пракса. Тие би биле еден вид на водич од клиничката пракса која ни помага во дијагностицирањето на овој битен ентитет. Дополнително презентирани се самите ризик фактори, ризик стратификатори, како и исходот кај

презентираните 18 случаи, проследени со терапевтскиот пристап и компликациите и бенефитите на истиот.

11. Plasma Homocysteine in Patients with Coronary and Carotid Artery Disease: A Case Control Study.Bosevski M, Zlatanovikj N, Petkoska D, Gjorgievski A, Lazarova E, Stojanovska L. Pril (MakedonAkadNaukUmet Odd Med Nauki). 2020 Jun 1;41(1):15-22. doi: 10.2478/prilozi-2020-0019.

Цел на  оваа студија е евалуација на поврзаноста помеѓу кардиоваскуларни заболувања и серумското ниво на хомоцистеин. Пациентите без поделени во 4 групи: пациенти со низок ризик за КАБ, без симптоми, пациенти со висок ризик за КАБ без симптоми, пациенти со симптоматска КАБ и пациенти со документирана каротидна и коронарна болест. Докажано е дека високи вредности на хомоцистеин во серум се асоцирани со висок ризик за васкуларни болести, поточно каротидна и коронарна болест, преку инфламаторен и метаболен ефект на атерослеротичните плаки.

## О Б Р А З Е Ц 1
## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат**:** ***Даница Стојмир Петковска Спирова***
Институција: ***Медицински факултет, УКИМ - Скопје***
Научна област:  ***ИНТЕРНА МЕДИЦИНА***

### ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ за факултети кои имаат студиски програми на интегрирани прв и втор циклус студии

| **Ред. број** | **ОПШТИ УСЛОВИ** | **Исполнетост на општите услови да/не** |
|---|---|---|
| **1** | Има завршено интегрирани прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити, со остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум)<br>Просечниот успех изнесува: 9,06 | **ДА** |
| 2 | Има познавање на најмалку еден странски  јазик<br>1. Странски јазик: англиски јазик<br>2. Назив на документот: Уверение за познавање на англиски јазик ниво C1. (CEFR)<br>3. Издавач на документот: Филолошки факултет ,,Блаже Конески“ УКИМ- Скопје<br>4. Датум на издавање на документот: јуни 2020 година | **ДА** |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Горица Брешковска с.р.**
**Проф. д-р Татјана Миленковиќ с.р.**
**Доц. д-р Лидија Попоска с.р.**

**ас. д-р Дејан Тодевски**

**БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ**

Д-р Дејан Тодевски е роден на 09.01.1970 година во Скопје. Основно и средно образование завршил во Скопје со одличен успех.

На Медицински факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје се запишал 1989 година, а го завршил 1997 година.

Специјализација по интерна медицина запишал во 1999 година на Медицински факултет во Скопје, а ја завршил 2004 година. На супспецијализација по пулмологија и алергологија се запишува 2005 година, а ја завршува 2007 година. На докторски студии на Медицинскиот факултет е запишан од 2016 година и во подготовка е на неговиот поднесок за докторат.

Вработен на Клиниката за пулмологија и алергологија од 1998 год., Универзитетски клинички центар- Скопје, шеф на Отсекот за терапија во Центарот за астма на клиниката од 2007 год. Моментално активно работи и во Одделот за бронхоскопија и инвазивни дијагностички процедури на клиниката.

Одлично се служи со англискиот јазик и има одлично познавање и користење на компјутери.

**НАСТАВНО НАУЧНА АКТИВНОСТ**

За време на работата на Клиниката за пулмологија и алергологија учествувал во изработка на повеќе од 80 трудови, презентирани на конгреси во земјава и странство. Активно учествува на неколку едукативни тренинзи и семинари од областа на бронхоскопијата, ехосонографијата и инвазивни дијагностички процедури во респираторната медицина во земјава и странство (Голник- Словенија, Белград- Србија).

**СТРУЧНА АКТИВНОСТ**

Во 2013 година бил на едукативен престој во САД на универзитетот УЦЛА во Лос Анџелес во областа на интензивна нега и ургентни состојби.

Бил учесник на два веќе завршени научни меѓународни истражувачки проекти на клиникава: истражувач во фаза III, паралелна, компаративна делумно слепа, плацебо контролирана студија за ефикасноста и безбедноста на лекови кај болни со средно тешка, перзистентна астма (2006-2007 година), истражувач во фаза IIII, паралелна, рандомизирана, отворена студија за компарација на тераписката ефикасност и безбедност на лекови кај болни со средно тешка, перзистентна астма (2009 година).

Цо-Пи скрининг студија за детекција на алфа 1 антитрипсин дефициенција ГРИФОЛС, ИГО 903 (2011-2012 година)

Активен член е на Македонското респираторно здружение, Европското респираторно здружение и Европската и Светската асоцијација за бронхологија и интервентна пулмологија.

**ПУБЛИЦИРАНИ ТРУДОВИ IN EXTENSO ЗА РЕЦЕНЗИЈА**

1.Total eosinophils, ECP and IL-5 inperipheral blood during treatment with inhaled corticosteroids in patients with ashma. Deska Dimitrievska, Marija Zdravevska, Dejan Todevski; Mac Med Review 2015; 69(2): 55-58 DOI :10.1515/mmr-2015-0012

Во овој труд биле вклучиле 30 испитаници до дијагностицирана астма, на терапија со инхалаторен кортикостероид. Следени параметри биле Ео, ЕКП и ИЛ-5. Во ова испитување авторите дошле до заклучок дека инхалаторната кортикостероидна терапија ја супримира инфламаторната реакција кај астмата и биолошките маркери.

2. Biomarkes of inflammation in peripheral blood during treatment with inhaled corticosteroids in patients with asthma. Deska Dimitrievska, Marija Zdravevska , Dejan Todevski, Elena Jovanovska-Janeva, Angela Debreslioska; South east Europen Journal of Immunology, Volume 2016, Article ID 20010, htpps://doi.org/10.3889/seejim.2016.20010

Во овој труд биле вклучиле 30 испитаници со дијагностицирана астма, на терапија со инхалаторен кортикостероид. Следени параметри биле Ео, ЕКП и ИЛ-5 на почетокот на испитувањето, по 2 недели и по 6 месеци од започнување на терапијата. Авторите дошле до заклучок дека

инхалаторната кортикостероидна терапија ја супримира инфламаторната реакција кај астмата и биолошките маркери

3. Joint incidence of asthma and rhinitis in Macedonia M. Zdravevska , D.Dimitrievska, D.Todevski, A. Gjorcev, E.Janeva, I.Pavlovska, B.Zafirova-Ivanovska. The Open Respiratory Medicine Journal, 2015, 9 (Suppl 1: M4) 52-58

Во оваа студија биле вклучени 386 пациенти со опструкција и симптоми од горен респираторен тракт во период од 48 месеци. Авторите дошле до заклучок за постоење на коинциденца на астма и ринитис од 78,21% или 91,4% (вклучително и синузит), а поголемо коегзистирање е најдено кај атопичари. Пациентите со алергиски ринит се со повисок ризик да развијат астма и треба да се мониторираат и соодветно да се лекуваат, со цел да се намали ризикот од развивање астма.

4. Correlation of total eosinophils in peripheral blood with bronchoprovocative testing with acetylcholine in patients with bronchial asthma. Dimitrievska D, Zdravevska M, Gjorcev A., Todevski D, Janeva E, Vlaski E, SYLWAN , 159 (10) . ISI Indexed-Oct 2015

Во оваа студија се испитувани 30 пациенти со дијагностицирана астма. Кај сите пациенти следени се Ео во периферна крв и PC20 при провокација со ацетилхолине на почетокот на студијата, по 2 и по 6 месеци од почетокот. Авторите дошле до заклучок за постоење на статистички сигнификантна корелација ($p<0.05$) помеѓу Ео и PC20 од ацетилхолине.

## О Б Р А З Е Ц 1
## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат**:** ***Дејан Љупчо Тодевски***
Институција: ***Медицински факултет, УКИМ - Скопје***
Научна област: ***ИНТЕРНА МЕДИЦИНА***

### ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ за факултети кои имаат студиски програми на интегрирани прв и втор циклус студии

| **Ред. број** | **ОПШТИ УСЛОВИ** | **Исполнетост на општите услови да/не** |
|---|---|---|
| **1** | Има завршено додипломски и постдипломски студии по студиските програми пред воведувањето на европскиот кредит-трансфер систем и има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на додипломските и постдипломските академски студии одделно<br>Просечниот успех на додипломски студии изнесува:8,08<br>Просечниот успех на постдипломски студии изнесува:9,75 | **ДА** |
| 2 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик: англиски јазик<br>2. Назив на документот: Уверение за познавање на англиски јазик ниво C1. (CEFR)<br>3. Издавач на документот: Филолошки факултет ,,Блаже Конески“ УКИМ- Скопје<br>4. Датум на издавање на документот: септември 2020 година | **ДА** |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Горица Брешковска с.р.**
**Проф. д-р Татјана Миленковиќ с.р.**
**Доц. д-р Лидија Попоска с.р.**

**асистент-докторанд д-р Лазар Чадиевски**

**БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ**

Кандидатот е роден 1982 година во Скопје. Основно и средно образование завршил во Скопје, континуирано со одличен успех (5,00). Дипломирал на Медицинскиот факултет во Скопје во март 2008 година со просечен успех на оцени 9,47. Специјалистички испит по специјалноста интерна медицина положил во мај 2013 година и се здобил со звање специјалист по интерна медицина. Од 2015 година запишани и во тек III циклус докторски студии. Од 2015 година, асистент на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“. Во 2018 година завршил супспецијализација по хематологија и се стекнал со звање супспецијалист-хематолог.

Вработен е на Клиниката за хематологија во Скопје од декември 2012 година, на Одделението за трансплантација на хематопоетски матични клетки.

Активно го владее англискиот јазик.

Во 2015 година е избран во звањето асистент на Медицински факултет при универзитетот „Св. Кирил и Методиј,“ Скопје.

**НАСТАВНО НАУЧНА АКТИВНОСТ**

Во тек на студиите, присуствувал во Bydgoszcz, Полска (2006 година) на Одделението за пластична хирургија, во рамките на програмата за студентска размена со практично учество во микроинвазивни хируршки процедури и потоа во 2006 година, присуствувал на International medical students scientific congress - Ohrid, Makedonijaсо практично учество и презентација на труд „EVALUATION OF THE EFFECTS OF SURGICAL TREATMENT AND RECONSTRUCTION OF THE PALPEBRA AND PERIORBITAL REGION“;

Во 2012 зема активно учество на Првиот конгрес на Здружението на хематологија на Македонија и Седмите балкански денови на хематологијата со презентација на трудот „ 18FDG PET SCAN VS CT SCAN IN POSTTREATMENT EVALUATION AND DIFFERENTIATION OF FURTHER MANAGEMENT IN PATIENTS WITH HODGKIN LYMPHOMA AND NON-HODGKIN LYMPHOMA; SINGLE CENTER EXPERIENCE“;

Во тек на ноември 2014 година престојува во Клиниката во Нирнберг, на стручно усовршување на Одделението за трансплантација на коскена срцевина со акцент на спроведувањето на алогена трансплантација на хематопоетски матични клетки од несроден дарител;

Како активен предавач со презентација на тема „Стекната хемофилија – практични совети и искуства од Клиниката за Хематологија во Скопје“ учествува на SEE Hemophilia school Sofia 23-24.11.2017 година.

Како коистражувач учествува во следниве интернационални студии:

-MMY3007 A Study of Combination of Daratumumab and Velcade (Bortezomib) Melphalan-Prednisone (DVMP) Compared to VelcadeMelphalan-Prednisone (VMP) in Participants With Previously Untreated Multiple Myeloma. Вклучен во студијата со 3 пациента од истражувачкиот центар на Клиниката за Хематолгија.

-GREEN - A Safety and Efficacy Study of Obinutuzumab Alone or in Combination With Chemotherapy in Participants With Chronic Lymphocytic Leukemia. Вклучени со 2 пациента од истражувачиот центар на Клиниката за Хематологија

-FEIBA Reconstitution Volume Reduction and Faster Infusion Study (FEIBA STAR), Примена на FEIBA кај пациенти со хемофилија А со инхибитори и хемофилија Б со инхибитори со редукција на волуменот на растворање на препаратот и забрзана стапка на инфузија кај пациентите.

**СТРУЧНА АКТИВНОСТ**

Кандидатот во моментот е активен член на повеќе здруженија:

- член е на Здружението на хематологија на Македонија;
- член е на Европската хематолошка асоцијација Црвен крст, Скопје
- член е на Европската група за трансплантација на коскена срцевина (European Society for Blood and Marrow Transplantation (EBMT) Црвен крст, Скопје;
- составен дел е од тимот за трансплантација на хематопоетски матични клетки при Универзитетската Клиника за хематологија, Скопје.

**ПУБЛИЦИРАНИ ТРУДОВИ IN EXTENSO ЗА РЕЦЕНЗИЈА**

1. FLAG-IDA протоколот – можен избор во лекување рефракторна акутна миелоидна леукемија, во контекст на трансплантацијата на хематопоетски матични клетки. Лазар Чадиевски, Соња Генадиева Ставриќ, Александра Пивкова Велјановска, Злате Стојаноски, Дијана Милоска, Лидија Чевреска, Борче Георгиевски. Универзитетска Клиника за Хематологија, Скопје. *Mac Med Review* 2017; 71(1): 27-31 DOI:10.1515/mmr-2017-0006

Трудот ги прикажува резултатите од тераписките исход кај пациенти со рефракторна акутна миелоидна леукемија третирани на Универзитетската клиника за хематологија во Скопје. Во трудот авторот го претставува основниот дизајн на истражувањето, во кое се вклучени 22 пациенти со средна возраст од 36,6 год., дијагностицирани со рефракторна форма на акутна миелоидна леукемија, каде лекувањето е продолжено со апликација на FLAG-Ida хемотераписки протокол, како вовед кон трансплантација на хематопоетски матични клетки, автологна или алогена, зависно од достапноста на компатибилен дарител. Во студијата се прикажуваат сосема задоволителни резултати со преживување без болест од околу 74 месеци. Најдолгиот период изнесува 148 месеци и е регистриран кај пациент со алогена рансплантација и регистрирана болест на калемот против домаќинот. Вкупното преживување изнесува 59% во период од 5 години.

2. MOLECULAR MONITORING IN ACUTE MYELOID LEUKEMIA PATIENTSUNDERGOING MATCHED UNRELATED DONOR – HEMATOPOIETICSTEM CELL TRANSPLANTATION: SINGLE CENTER EXPERIENCE, Irina Panovska-Stavrdis[1], Aleksandra Pivkova-Veljanovska[1], Nevenka Ridova[1], Zlate Stojanovski[1], Lazar Cadievski[1], Sanja Trajkova[1], Marija Popova-Labacevska[1], Nadica Matevska-Geshkovska[2], Lidija Cevreska[1], Borche Georgievski[1], Aleksandar Dimovski[2, 3]. [1] University Clinic of Hematology-Skopje, RN Macedonia [2] Center for Biomolecular Pharmaceutical Analyses, UKIM -Faculty of Pharmacy, University “Ss. Cyril and Methodius”, Skopje,RN Macedonia [3] Research Center for Genetic Engineering and Biotechnology “Georgi D. Efremov”, Macedonian Academy of Sciences and Arts, Skopje, RN Macedonia, CONTRIBUTIONS. Sec. of Med. Sci., XLI 2, 2020 ISSN 1857-9345 UDC: 616.5-02:616.89-008.441 (ПРИЛОЗИ. Одд. замед. науки, XLI 2, 2020, МАНУ)

Во овој труд е направена сериозна клиничка импликација со примената на сензитивна метода при проценка на минималната резидуална болест (МРД), како есенцијален клинички параметар кај пациентите со акутна миелоидна леукемија (АМЛ). Релапсот на болеста е најчестата причина за тераписки неуспех кај пациентите со АМЛ, каде е реализирана алогена трансплантација на хематопоетски матични клетки (ТХМК). Направена е анализа на 10 пациенти со АМЛ кај кои е реализирана алогена ТХМК од несроден дарител во периодот од Ноември 2018 до Јуни 2020 година на Клиниката за хематологија, Скопје. Молекуларни маркери асоцирани со болеста беа идентификувани кај 4 пациенти. 3 пациенти имаа експресија на RUNX-RUNX1T1, еден за CBFB-MYH11. Еден пациент имаше мутација во генот за CEBPA. По трансплантацијата беше направена проценка на МРД со следење на присуството на детектираните молекуларни маркери со примена на RT-qPCR или multiplex fluorescent PCR на секои 3 месеци во тек на првите 2 години по трансплантацијата. Кај 3 пациенти кои беа МРД позитивни пред трансплантацијата, по ТХМК постигнат е негативитет за МРД (отсуство на детектибилни молекуларни маркери – мутации). Соодветно пациентите се во долготрајна хематолошка и молекуларна ремисија (најдолгата комплетна ремисија – 19 месеци). Според анализата на податоците кај пациентите со АМЛ со детектибилни молекуларни маркери и реализирана алогена ТХМК следење на МРД се наметнува како есенцијална клиничка пракса која овозможува предвидување на релапсот кај пациентите со што би се овозможило навремено преземање на соодветни тераписки постапки.

# О Б Р А З Е Ц 1
## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат**:** ***Лазар Јованче Чадиевски***
Институција: ***Медицински факултет, УКИМ - Скопје***
Научна област: ***ИНТЕРНА МЕДИЦИНА***

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ
**за факултети кои имаат студиски програми на интегрирани прв и втор циклус студии**

| **Ред. број** | **ОПШТИ УСЛОВИ** | **Исполнетост на општите услови да/не** |
|---|---|---|
| **1** | Има завршено интегрирани прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити, со остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум)<br>Просечниот успех изнесува: 9,47 | **ДА** |
| 2 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик: англиски јазик<br>2. Назив на документот: Cambridge English Certificate (ESOL)B2<br>3. Издавач на документот: Cambridge<br>4. Датум на издавање на документот: јуни 2015 година | **ДА** |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Горица Брешковска с.р.**
**Проф. д-р Татјана Миленковиќ с.р.**
**Доц. д-р Лидија Попоска с.р.**

**д-р Симона Стојановска**

**БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ**

Симона Стојановска е родена 1992 година во Куманово. Основно образование завршила во 2007 год. како првенец во генерацијата и средно образование завршила во 2011 г. во Куманово со одличен успех. Во 2017 година дипломирала на Медицинскиот факултет во Скопје, со среден просек 9,49. Во декември 2017 година го положила државниот стручен испит, по што се вработила во приватна медицинска установа како општ доктор, до мај 2018 година. Од мај 2018 година е вработена на Универзитетската клиника за хематологија - Скопје. Специјализацијата по хематологија ја започнала во 2019 година.

Има одлично познавање на англискиот јазик, за што поседува положен Кембриџ испит за Б2-ниво, организиран од страна на Британскиот совет во Скопје, исто така има и задоволителни познавања од германскиот јазик.

**НАСТАВНО НАУЧНА АКТИВНОСТ**

Во тек на студиите, присуствувала во Загреб, Хрватска (2016) на Медициски факултет-Загреб - на Институтот за фармакологија, со активно учество во истражувачка работа во Истражувачки проект со наслов „The effect of pentadecapeptide BPC 157 n deep vein thrombosis and related conditions, its mechanisms and relations to NO-system and erg-1|nab 2 signal“.

Како коистражувач учествува во 2 клинички истражувања:

- Коистражувач во GIMEMA-EORTC 1621-QLG-LG(SPARTA)- интернационална мултицентрична опсервациона клиничка студија, спроведена од страна на GIMEMA со НАСЛОВ: „Проект во врска со преживувањето на пациентите со акутна миелоидна леукемија со цел разбирање и подобрување на долгорочниот исход.“ Студијата има за цел да се истражат разликите во квалитетот на животот кај пациенти излекувани од акутна миелобластна леукемија и нивни врсници кои се здрави. Студијата е во тек од 11/2019 г.
- Млад истражувач во истражувачки проект кој е дел од ICGEB (International Centre for Genetic Engineering and Biotechnology) Research Grants Programme 2020 (Special call on COVID-19) со наслов "Natural antibody and cytotoxic T cell responses in asymptomatic/mildly symptomatic, severely symptomatic and critically ill patients with COVID-19" („ Одговор на Т цитотоксични лимфоцити и природни антитела кај асимптоматски, умерено симптоматски, пациенти со тешки симптоми или критично болни пациенти со COVID-19”). Проектот има за цел да се утврди зошто кај некои од пациентите со COVID19 имуниот систем не успева да се избори со инфекцијата во почетните фази на болеста, дали одговорот на имуниот систем на пациентот може да се предвиди и евентуално дали постои можност да се интервенира со примена на различни терапевтски пристапи. Во тек од 06/2020 година.

**СТРУЧНА АКТИВНОСТ**

Кандидатот е член на SOHO (Society of Hematological Oncology) и член е на Здружението на хематологија на Македонија.

**ПУБЛИЦИРАНИ ТРУДОВИ IN EXTENSO ЗА РЕЦЕНЗИЈА**

1. Current regulatory approaches for accessing potential COVID-19 therapies; Vesa Halimi, Armond Daci, Simona Stojanovska, Irina Panovska-Stavridis, Milena Stevanovic, Venko Filipce and Aleksandra Grozdanova. . J of Pharm Policy and Pract 13, 16 (2020). https://doi.org/10.1186/s40545-020-00222-6

Авторите со овој труд имаа за цел да ги разработат предизвиците во регулаторните пристапи во спроведување и истражување на потенцијалните терапии со COVID 19. Соочени со недостаток на терапија која е формално одобрена и целосно ефикасна и безбедна клиничарите најдобриот избор го прават по соодветна комуникација и соработка со лекари клиничари, истражувачи, регулаторни тела, производители и пациентите. Како заклучок следи дека, имајќи ја предвид разновидната клиничка презентација, текот и прогресија на COVID 19, регулаторните тела треба да воспостават регулаторни програми, кои ги минимизираат клиничките дилеми во избор на најдобра терапија за пациенти со COVID 19. Клиничарите треба да продолжат да ги информираат пациентите со COVID 19 или нивните законски застапници за потенцијалните исходи на

терапијата, добивање на информирана согласност од нив е клучно за олеснување на клиничката одлука.

## О Б Р А З Е Ц 1
## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат**: *Симона Мирослав Стојановска***
Институција: ***Медицински факултет, УКИМ - Скопје***
Научна област: ***ИНТЕРНА МЕДИЦИНА***

### ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ
### За факултети кои имаат студиски програми на интегрирани прв и втор циклус студии

| **Ред. број** | **ОПШТИ УСЛОВИ** | **Исполнетост на општите услови да/не** |
|---|---|---|
| **1** | Има завршено интегрирани прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити, со остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум)<br>Просечниот успех изнесува: 9,49 | **ДА** |
| 2 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик: англиски јазик<br>2. Назив на документот: Cambridge English Certificate (ESOL)B2<br>3. Издавач на документот: Cambridge<br>4. Датум на издавање на документот: јуни 2010 година | **ДА** |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Горица Брешковска с.р.**
**Проф. д-р Татјана Миленковиќ с.р.**
**Доц. д-р Лидија Попоска с.р.**

**д-р Хајбер Таравари**

**БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ**

Кандидатот е роден во 1980 година во Гостивар. Основното и средното образование го завршил во Гостивар со одличен успех (5,00). На Медицинскиот факултет во Скопје се запишал во 1999 година и дипломирал во 2006 година, со просечен успех од 8,51. Во 2009 година запишал специјализација на катедрата по интерна медицина на Медицинскиот факултет Скопје, а специјалистичкиот испит по специјалноста интерна медицина го положил во 2014 година. Суспецијалистички испит по кардиологија положил во 2019 година. Запишан е на докторски студии по клиничка медицина- кардиологија од 2018 година.

Во период од 2006 до 2007 година работел како професор во средно медицинското училиште во Гостивар. Од 2007 до 2009 година бил вработен во Здравствен дом Гостивар. Од март 2011 година е вработен на Клиниката за кардиологија во Скопје на Одделот за интензивна коронарна нега и Одделот за интервентна кардиологија.

Активно го владее англискиот, турскиот и албанскиот јазик. Поседува сертификати и одлични практични познавања од областа на информатиката и компјутерските програми.

**НАСТАВНО НАУЧНА АКТИВНОСТ**

Кандидатот учествувал како предавач во интернационалниот конгрес SYNERGY во Белград 2016 год.

Кандидатот е едукатор на курсевите за кардиопулмонална ресусцитација и употреба на автоматски надворешен дефибрилатор, за широка популација од 2013 година.

Активно учествувал како едукатор на работилници на тема: Базична кардиопулмонална ресусцитација со употреба на автоматски надворешен дефибрилатор и тоа: на Летна школа за ургентна медицина во Охрид, организирана од ЕМСА и на 37 Интернационален медицинско научен конгрес во Охрид, организиран од ММСА.

Кандидатот е коавтор на труд добитник на наградата Епса Урумова: Vavlukis M,Zafirovska B, Antova E, Pocesta B, Shehu E, Taravari H, Kotlar I, Kitanovski D,Petkoska D, Vasilev I, Janusevski F, Bojovski I, Kedev S. The Impact of GlycoMetabolic Status in Patients Treated for Acute Coronary Syndrome. Pril(Makedon Akad Nauk Umet Odd Med Nauki). 2018 Jul 1;39(1):37-50.

Како коистражувач учествува во неколку големи интернационални студии:

1. CLEAR SYNERGY (OASIS 9) - 2x2 факторско, рандомизирано, контролирано клиничко испитување на колхицин (kolhicin) и спиронолактон (spironolakton) кај пациенти со инфаркт на миокард со елевација ST/SYNERGY stent registar – Организација за оценување на стратегии за исхемични синдроми;
2. Meres-1 Trial- рандомизирана студија за проценка на безбедноста и ефикасноста на новиот обложен со сиролимус биоресорбтивен стент Мерес 100 во третманот на де ново коронарни лезии;
3. Merit V trial- рандомизирана студија која ги споредува ефикасноста и безбедноста на Biomime DES vs Xience DES во третманот на коронарната артериска болест.

**СТРУЧНА АКТИВНОСТ**

Кандидатот во моментов е активен член на повеќе здруженија: Европското здружение по кардиологија, Македонското здружение по кардиологија, Европското здружение за перкутани коронарни интервенции.

Поседува сертификат за GCP (ДКП – добра клиничка пракса), 4 December 2015 – Certificate of Training - The Second National GCP Seminar Training in Republic of Macedonia: “Ethical and regulatory aspects of Good Clinical Practice” organized by Association for Good Clinical Practice and Clinical Research Development;

**ПУБЛИЦИРАНИ ТРУДОВИ IN EXTENSO ЗА РЕЦЕНЗИЈА**

1. Radial artery anomalies in the Macedonian population during transradial angiography procedures. Zafirovska B, Petkoska D, Antov S, Vasilev I,Jovkovski A, Kalpak O, Kostov J, Spiroski I, Pejkov H, Bosev M, Taravari H, Kitanoski D, Kedev S. Sanamed 2016. DOI: 10.5937/sanamed1602087Z.

Во оваа студија беа вклучени 19292 пациенти подложени на ангиографски процедури на Клиниката за кардиологија. Биле идентификувани 8,8% на анатомски варијации на артериите на раката. Се заклучила korиста на изведување на претпроцедуралната радијална ангиографија за идентификување на анатомски варијации.

2. The Impact of Glyco-Metabolic Status in Patients Treated for Acute Coronary Syndrome. Vavlukis M, Zafirovska B, Antova E, Pocesta B, Shehu E, Taravari H, Kotlar I, Kitanovski D, Petkoska D, Vasilev I, Janusevski F, Bojovski I, Kedev S. Pril (Makedon Akad Nauk Umet Odd Med Nauki). 2018 Jul 1;39(1):37-50. doi: 10.2478/prilozi-2018-0022.

Опсервациона студија во која биле вклучени 860 пациенти со акутен коронарен синдром, кои биле хоспитализирани во периодот од 2015 до 2017 година. Кај 35% бил докажан пореметен метаболизам на гликоза, 9% биле со ново дијагностициран дијабет. Хоспиталниот морбидитет и морталитет биле 15 и 5%, највисок кај пациенти со новодијагностициран нерегулиран дијабет. Како заклучок се наведува дека стрес хипергликемијата и неможноста да се постигне гликемиска контрола се независни предиктори за болнички морбидитет и морталитет кај пациентите со акутен коронарен синдром.

3. Macedonia: coronary and structural heart interventions from 2010 to 2015. Kedev S, Zafirovska B, Kalpak O, et al. EuroIntervention. 2017;13(Z):Z47- Z50. doi:10.4244/EIJ-D-16-00827. [PubMed - indexed for MEDLINE].

Целта на оваа студија беше да се опишат инвазивните кардиолошки процедури во Македонија од 2010 до 2015 година. Детални процедурални карактеристики, процедурален успех, пристап и присутни компликации кај 39.899 пациенти беа иследени во тој период.

4. Total wrist access for angiography and interventions: Procedural success and access site crossover in a high volume transradial center. Kedev S, Zafirovska B, Antov S, et al. Cardiovasc Revasc Med. 2018;19(5 Pt B):570-574. doi:10.1016/j.carrev.2017.12.009. https://doi.org/10.1016/j.carrev.2017.12.009

Во оваа опсервациона студија биле вклучени 30 848 пациенти во периодот од 2010 до 2015 кои биле подложени на ангиографски процедури. Процедурален успех преку избраниот пристап преку рака имало кај 94% од пациентите. Преминот кон друг пристап бил присутен кај 6% од пациентите. Најчеста причина за премин кон друг пристап биле неможноста за пункција, непроодни аномалии на радијалната артерија или радијална оклузија или спазам и компликации во пристапот. Заклучок е дека тоталниот пристап преку рака е безбеден и успешен кај сите коронарографски процедури, ако е изведен во искусен трансрадијален центар.

5. M Vavlukis, I Kotlar, H Taravari, L Poposka, S Kedev. Can rivaroxaban be a drug of choice for treating heparin-induced thrombocytopenia in a patient with pulmonary thromboembolism? Anatolian Journal of Cardiology 2017 Jul; 18(1): 77–79

Во овој труд е претставен приказ на случај на 35-годишен пациент кој за прв пат бил хоспитализиран поради диспнеја и тахикардија, симптомите се јавиле 4 дена по третман поради инфекција на левата нога. Освен обезност, пациентот немал други ризик фактори, а електрокардиограмот на прием како и високото ниво на Д-димери воделе кон сомнение за белодробна тромбоемболија. Работната дијагноза била потврдена со ехо кардиографија и КТ ангиографија на пулмонално стебло. Доплер ултра сонографијата покажала тромботични маси во вените на левата нога Иницијален третман бил започнат со нефракциониран хепарин, но петтиот ден од третманот бил утврден значаен пад на нивото на тромбоцити. Било поставено сомнение за хепарин индуцирана тромбоцитопенија и истото било потврдено со утврденото зголемување на heparin –PF4 антителата. Пациентот бил поставен на ниско молекуларен хепарин, пошто дошло до пораст на тромбоцитите, но по 5 дена повторно бил регистриран значаен пад на критично ниво.

Пациентот бил поставен на ривароксабан, ваквиот третман довел до прогресивен раст на тромбоцитите и нивно одржување на стабилно ниво, а од друга страна регресија на тромботичните маси и нормализирање на десно вентрикуларната функција. Како заклучок се издвојува дека ривароксабан може да биде ефикасен кај третманот на пациенти со хепарин индуцирана тромбоцитопенија. Овој заклучок би можело да се аплицира и на сите нови орални антикоагуланси, но поголеми клинички студии се неопходни за потврдување на нивната ефикасност кај хепарин индуцирана тромбоцитопенија.

## О Б Р А З Е Ц 1
## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат**:** ***Хајбер Скендер Таравари***
Институција: ***Медицински факултет, УКИМ - Скопје***
Научна област: ***ИНТЕРНА МЕДИЦИНА***

### ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ
### за факултети кои имаат студиски програми на интегрирани прв и втор циклус студии

| **Ред. број** | **ОПШТИ УСЛОВИ** | **Исполнетост на општите услови да/не** |
|---|---|---|
| 1 | Има завршено интегрирани прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити, со остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум)<br>Просечниот успех изнесува: 8,51 | **ДА** |
| 2 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик: англиски јазик<br>2. Назив на документот: Уверение за познавање на англиски јазик ниво B2. (CEFR)<br>3. Издавач на документот: Филолошки факултет „Блаже Конески“ УКИМ- Скопје<br>4. Датум на издавање на документот: јуни 2020 година | **ДА** |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Горица Брешковска с.р.**
**Проф. д-р Татјана Миленковиќ с.р.**
**Доц. д-р Лидија Попоска с.р.**

**асистент- докторанд д-р Нела Костова**

**БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ**

Д-р Нела Костова е роденана на 20.6.1969 год во Скопје, каде го завршила основното и средното образование со одличен успех.

На Медицинскиот факултет во Скопје дипломирала во јуни 1994 год. со просечен успех 9,6. Во јуни 1995 год. го положила стручниот испит и се здобила со лиценца за работа. На Клиниката за кардиологија во Скопје е вработена од април 2000 год. Специјализацијата по интерна медицина ја завршила во март 2003 год. и се здобила со звање специјалист по интерна медицина. Супспецијализацијата по кардиологија ја завршила во март 2013 год. и се здобила со звање супспецијалист по кардиологија.

Активно се служи со англискиот јазик.

**НАСТАВНО ОБРАЗОВНА АКТИВНОСТ**

Во звањето помлад асистент по предметот интерна медицина е избрана на 22.5.2008 година и оттогаш е активно вклучена во практичната настава по предметите интерна медицина, основи на клиничко испитување и др.

Како едукатор, учествувала во програмите на Министерството за здравство за базична кардиопулмонална реанимација и примена на автоматски надворешни дефибрилатори за немедицински лица, како и во програмата за теоретската и практична обука на матичните лекари за упатствата од областа на кардиологијата.

**СТРУЧНА И НАУЧНА АКТИВНОСТ**

Член е на Македонското и Европското кардиолошко здружение, како и на Европското здружение за кардиоваскуларна превенција и рехабилитација, а исто така е и Национален координатор за превенција од кардиоваскуларните заболувања во склоп на Европското здружение за кардиоваскуларна превенција и рехабилитација.

Во октомври 2014 год. како активен учесник учествувала на Weil Cornell семинарот по кардиологија во Салцбург, Австрија. Како претставник- рецензент на Македонското кардиолошко здружение учествувала во изработката на Препораките за акутна белодробна тромбоемболија на Европското кардиолошко здружение од 2014 год.

Била активен учесник коистражувач во меѓународните мултицентрични студии:

-Фенопра- III фаза на клиничко истражување

-МАРИНЕР –RIVAROXDVT 3002

Како автор и коавтор на преку 60 трудови учествувала на бројни конгреси во земјата и странство.

**ПУБЛИЦИРАНИ ТРУДОВИ IN EXTENSO ЗА РЕЦЕНЗИЈА**

1. Myocardial Perfusion Single Photon Emission –Computed Tmography(MPS) SPECT in Ischaemia detection in suspected Acute Coronary Syndromes (Case report) Kostova N.,VavlukisM.Mitevska I.,Boshev M. Symposium Highlights in acute Coronary Syndrome 4-5.09.2018 Macedonian Medical Review-Journal of Macedonian Medical Association YEAR:72[SUPPLEMENT 99] Page 1-8,2018.

Прикажан е случај на 61-годишна пациентка хоспитализирана поради прогредирачки ангинозни симптоми со висок кардиваскуларен ризик, неспецифични ЕКГ промени, уредни биолошки маркери, нормален ехо кардиографски наод и претходен негативен коронарен стрес тест. Поради суспекција за изразена коронарна артериска болест (КАБ) и претечки акутен коронарен синдром, упатена е на миокардна перфузиона сцинтиграфија (МПС). По изведување ЕКГ водена MIBI Tc 99 m SPECT студија во мир детектирана е опсежна регија на тешка хипоперфузија во прилог на двосадовна КАБ. Пациентката е упатена на коронарографија со наод на висока стеноза на левата десцендентна и десната коронарна артерија успешно реваскуларизирана.

2. Atypical presentation of type A aortic dissection: a case report
Nela Kostova, Magdalena Otljanska , Igor Kostov. Cardiol Croat. 2015;10(9-10):215.

Прикажан е случај на 75-годишен маж со неконтролирана хипертензија и болка во долните екстремитети која се јавила по физички напор со знаци за критична исхемија на левата нога. Поставена е суспекција за акутна аортна болест и таа е потврдена ехо кардиографски и со КТ ангиографија во прилог н аортна дисекција тип А со тромб во левата илиачна артерија, одговорен за атипична клиничка слика.

3. A Case of Tacotsubo Cardiomyopathy - How We Uncovered the Diagnosis V. Andova, M. Otljanska, H. Taravari, A. Jovkovski, N. Kostova, E. Caparoska, B. Zafirovska. Journal of Advances in Medicine and Medical Research 32(13): 1-6, 2020; Article no.JAMMR.59382ISSN: 2456-8899

Прикажан е случај на 62 год. жена со ЕКГ промени во прилог на СТЕМИ и покачени биомаркери без значајни стенози на коронарните артерии. Ехо кардиографски е детектирана намалена лево вентрикуларнафунција со апикална хипокинезија и присуство на тромб во левата комора, во прилог на такоцубо-кардиомиопатија. Пациентката е третирана со оптимален медикаментозен третман и по 3 месеци нормализиран е ЕКГ наодот и функцијата на левата комора.

4. Nebivolol: A Different Beta-Blocker for Hypertension. Otljanska M., Kostova N .,Boshev M and Otljanski A. J CardiolCurr Res 2016, 5(4): 00171DOI: 10.15406/jccr.2016.05.

Улогата на бета блокаторите во третман на хипертензија е контроверзна. Небивололот е трето генерациски високо селективен бета блокатор со уникатно влијание на ослободување на азот моноксид со активација на бета 3 рецепторите што ја подобрува ендотелната функција, предизвикува вазодилатација и редукција на периферната резистенција. Тој е ефективен во терапија на блага до умерена хипертензија како моно или во состав на комбинирана терапија.

5.Prognostic value of normal myocardial perfusion imaging in asymphtomatic diabetic patients with moderate and high calcium score. Peovska Irena, Davceva Jelka, Pop Gorceva Daniela, Zdravkovska Maja, Vavlukis Marija, Bosevski Marijan, Kostova Nela (2015) SCORE. Europian Heart Journal-Cardiovascular Imaging, 16 (supl.1). i59-i69.

Цел на студијата е евалуација на прогностичката вредност на МПС кај асимптоматски дијабетичари со висок кардиоваскуларен ризик без позната КАБ. Анализирани се 115 асимптоматски пациенти подложени на МПС СПЕКТ студија, со проценка на калциум скор (ЦАЦ), поделени во 3 групи во зависност од траење на дијабетот. Пронајдена е позитивна корелација помеѓу траењето на дијабетот и висината на ЦАЦ, како и бројот на тешки КВ настани како срцева смрт и нефатален миокарден инфаркт. МПС и ЦАЦ се покажале како корисни техники во претклиничка проценка на КАБ кај асимптоматски пациенти со висок ризик.

6. Are there specific MPI SPECT study variables that can distinct ischemic from nonischemic cardiomyopathy? M. Vavlukis; D. Popgorceva,V. Majstorov,N. Kostova; . Peovska,M. Zdravkovska,S. European Journal of Heart Failure Supplements (2012) 11, S185–S236doi:10.1093/eurjhf/hss015

Со цел идентификација на МПС СПЕКТ варијаблите дистинктивни за неисхемична дилатативна кардиомиопатија анализирани се 47 пациенти, подложени на МПС СПЕКТ студија, поделени во две групи со исхемична и неисхемична дилатативна кардиомиопатија. Значајна корелација со неисхемична дилатативна кардиомиопатија е најдена за присуство на ЛБББ на ЕКГ, нехомогена дистрибуција на радиопрепаратот, отсуство на симптоми и СТ депресија по напор и мал фиксен перфузионен дефект.

7. SPECIAL CONDITIONS IN VENOUS THROMBEMBOLISM – CASE SERIES M.Bosevski, I. Mitevska, M.Pavkovic, M. Klincheva, E. Trajkovska, E. Velkova, Z. Stojanoski, N. Kostova, S. Paljoskovska Jordanova, D. Petkoska, M.Mancheva, A. Gulevska, M. Baloski, V. Hadjiev, G Krstevski, V. Kralevska, I. Bojovski, M. Jovanovski , V. Nedelkovska , A. Gjorgievski CONTRIBUTIONS. Sec. of Med. Sci., XL 2, 2019 MASA ISSN 1857-9345

Венскиот тромбоемболизам е превентабилна причина за интрахоспитална смрт. Низа клинички значајни групи како постари, пациенти со неодамнешно крвавење, бубрежна слабост, бременост или малигнитет не се соодветно застапени во клиничките студии при што остануваат отворени низа прашања за нивниот третман и прогноза. Соодветно недостигот информации од реалниот живот презентирани се низа случаи со венски тромбоемболизам кај високоризична популација

со низа коморбидитети со што се проширува нашето знаење за ефективен третман во специјални состојби.

8. ARE THERE SPECIFIC MPI STUDY PARAMETERS THAT CAN DISTINCT ISCHEMIC FROM NONISCHEMIC CARDIOMYOPATHY Vavlukis M, Pop Gorceva D, Majstorov V, Kostova N, Zdravkovska M, Stojcevski S, Peovska I European Congress of Heart Failure May 2012: Belgrade, Serbia European Journal of Heart Failure Supplement, 2012. DOI: 10.1093/eurjhf/hss015

Анализирани се 47 пациенти со дилатативна кардиомиопатија кај кои е изведена селективна коронарографија, со цел проценка на етиологијата на срцевата слабост и добиените параметри се споредени со МС СПЕКТ студиите изведени 6 месеци пред или по коронарографијата. Утврдено е дека кај пациентите со наод за реверзибилен перфузионен дефект и повисок однос Л/Х(срце /бели дробови) постои позитивна корелација со исхемична етиологија, како независен предиктивен фактор.

## О Б Р А З Е Ц 1
## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат**:** ***Нела Милутин Костова***
Институција: ***Медицински факултет, УКИМ - Скопје***
Научна област: ***ИНТЕРНА МЕДИЦИНА***

### ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ за факултети кои имаат студиски програми на интегрирани прв и втор циклус студии

| **Ред. број** | **ОПШТИ УСЛОВИ** | **Исполнетост на општите услови да/не** |
|---|---|---|
| **1** | Има завршено додипломски и постдипломски студии по студиските програми пред воведувањето на европскиот кредит-трансфер систем и има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на додипломските и постдипломските академски студии одделно<br>Просечниот успех на додипломски студии изнесува:8,6<br>Просечниот успех на постдипломски студии изнесува: 9,0 | **ДА** |
| 2 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик: англиски јазик<br>2. Назив на документот: Уверение за познавање на англиски јазик ниво С1. (CEFR)<br>3. Издавач на документот: Филолошки факултет ,,Блаже Конески“ УКИМ- Скопје<br>4. Датум на издавање на документот: септември 2020 година | **ДА** |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Горица Брешковска с.р.**
**Проф. д-р Татјана Миленковиќ с.р.**
**Доц. д-р Лидија Попоска с.р.**

**д-р Наташа Ефтимовска Отовиќ**

## БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Д-р Наташа Ефтимовска Отовиќ е родена на 11.8.1977 год во Скопје, каде го завршила основното и средното образование со одличен успех.

На Медицинскиот факултет во Скопје дипломирала во 2002 год. со просечен успех 9,03. Магистерски студии завршила во 2009 година, со одбрана на тема „Преваленца и асоцираност на ризик фактори за хронична бубрежна болест во Р Македонија“. Докторски студии запишала 2011 година и ги завршила со одбрана на докторска теза „Компарација на клиничките ефекти при користење на различни методи на прескрипција на индивидуализиран дијализатен натриум кај пациенти на хронична хемодијализа“ во 2016 година.

Вработена е во ГОБ „8 Септември“ во Скопје, во моментот раководител на Оддел за нефрологија и хемодијализа. Суспецијалист е по нефрологија од 09.04 2019 година.

Активно се служи со англискиот јазик.

## НАСТАВНО НАУЧНА АКТИВНОСТ

Како коистражувач учествувала и во неколку проекти: Дијализна адекватност, Употреба на хепарин во дијализа, Употреба на долгоделувачки еритропоетин. Како главен истражувач учествувала во проектите: Ефекти од употреба на перорален еритропоетин –Roxadustat, Одложување на хронична бубрежна болест кај пациенти со метаболна ацидоза.

Како едукатор на специјализанти била ангажирана од Универзитетот „Гоце Делчев“, Штип.

Со свои трудови учествувала на бројни семинари и конгреси од областа на нефологијата, национални и интернационални.

## СТРУЧНА АКТИВНОСТ

Д-р Наташа Ефтимовска Отовиќ е вклучена во стручно апликативната дејност на своето работно место во ГОБ „8 Септември“ во Скопје.

Во тек на стручното усовршување посетувала бројни курсеви и стручни едукации од областа нефрологија, како: Курс за ехо сонографија на урогенитален тракт, Ренална академија, 2008, Мамаја, Романија, школа за нефрологија, 2009 година, Будимпешта, Унгарија.

## ПУБЛИЦИРАНИ ТРУДОВИ IN EXTENSO ЗА РЕЦЕНЗИЈА

1. Clinical characteristics of patients with intradialytic hypertension. Natasa Eftimovska-Otovic, Risto Grozdanovski, Borjanka Taneva, Olivera Stojceva-Taneva. Prilozi, MANU. 2015, Vol2:187-195.

Интрадијалитична хипертензија со преваленца од 15% кај пациенти со хемодијализа е со непозната патофизиологија, демографска, лабораториска и клиничка карактеристика на пациентите и има влијание врз клиничките ефекти на долготрајноста (кардиоваскуларен морбидитет и морталитет, стапка на хоспитализација). Целта на студијата е да ги претстави клиничките, лабораториските и демографските карактеристики на пациентите со интрадијалитична хипертензија во нашиот центар за дијализа.

2. Total dialysate calcium effects on calcium balance during dialysis. Natasa Eftimovska-Otovic , Elena Babalj-Banskolieva , Srdanka Bogdanoska- Kostadinoska , Maja Milovanceva- Popovska , Risto Grozdanovski Prilozi, MANU. 2013, Vol 3:25-31.

Вкупната концентрација на калциум во дијализа има важно влијание врз метаболизмот на калциум во дијализа со висок флукс на бикарбонат. Целта на студијата е да се истражи влијанието на различните концентрации на калциум во дијализа, врз серумската концентрација на јонизиран калциум и врз рамнотежата на вкупниот калциум во дијализа.

3. Comparison of the accuracy of hospital mortality of cardiovascular disease between two hospitals in the Republic of North Macedonia. Petkovikj N, Velikj-Sefanovska V, Bosevski M, Eftimova Rogac I, Eftimovska-Otovikj N, Stavreva N. Physioacta. 2019; Vol 13 (1):67-76.

Целта на оваа студија е да се спореди точноста на хоспиталниот морталитет со впишаната главната причина за смрт (I10-I50) помеѓу две болници во Република Северна Македонија. Резултатите од оваа студија покажуваат дека потврдите за смртта и во двете болници се со незадоволителна точност.

4. Clinical Effects of Standard and Individualized Dialysate Sodium in Patients on Maintenance Hemodialysis. Natasa Eftimovska–Otovic, Olivera Stojceva-Taneva, Risto Grozdanovski, Saso Stojcev. Open Access Maced J Med Sci. 2016 Jun 15; 4(2): 248–252.

Степенот до кој дијализата и концентрацијата на натриум на дијализа, влијае на крвниот притисок и на интердијалитичното зголемување на телесната тежина (IDWG) преку промени во натриумскиот флукс, волуменот на плазмата или другите параметри не е добро разбран. Целта на студијата беше да се испита дали пациентите со дијализа ќе имаат некои корисни ефекти на натриум дијализат, поставен според серумскиот натриум или моделирање на натриум.

5. Prevalence of Diabetes Mellitus in Patients with Chronic Kidney Disease. Olivera Stojceva-Taneva, Natasa Eftimovska Otovic, Borjanka Taneva. Open Access Maced J Med Sci. 2016 Mar 15; 4(1): 79–82.

Хроничното заболување на бубрезите (ХББ) стана нова епидемија на дваесеттиот и дваесет и првиот век. Дијабетичната нефропатија е една од водечките причини за крајна фаза на бубрежна инсуфициенција, како резултат на епидемијата на дијабетес ширум светот. Целта на оваа студија е да се процени преваленцата на ХББ во Република Македонија и нејзината поврзаност со дијабетес мелитус.

6. Accuracy of death certification from cardiovascular mortality in secondary care hospital. Archives of public health. Petkovikj N, Velic-Stefanovska V, Eftimova Rogac I, Eftimovska Otovic N, Doneva A, Stavreva N. 2019; Vol 11 (2): 26-33.

Статистиката на морталитетот по причина за смрт е основен показател на здравствената состојба на населението во една земја. Целта на оваа студија е да се спореди точноста на хоспиталниот морталитет со впишаната главната причина за смрт (I10-I50).

7. Prescription of individualized dialysis sodium in patients on chronic haemodialysis. Bogdanoska Kostadinoska S, Eftimovska Otovic N, Banskulieva Bibalj E, Milovanceva Poposka M, Grozdanovski R. Mac Med Review, 2012; 66(3):174-180.

Целта на трудот е да се утврди асоцијацијата на натриумовиот градиент со интердијализното зголемување на тежината и предијализните вредности на артерискиот притисок. Се заклучува дека интердијализното зголемување на тежината корелира добро со градиентот на натриум. Предијализниот натриум може да се прифати само како база за индивидуална прескриппција на дијализниот натриум.

8. Slow progression of chronic kidnay disease and what it is associated with. N Eftimovska , O Stojceva-Taneva, M Polenakovic. Prilozi, 2008; 29 (1):153-165.

Целта на студијата беше да се проценат факторите на ризик поврзани со брзата прогресија на ХББ и да се види кои фактори се заштитни и обезбедуваат побавна прогресија. Навременото препознавање на факторите на ризик за прогресија на ХББ и нивното лекување со корекција на високиот крвен притисок, намалување на протеинурија, корекција на анемија и дислипидемија може да ја забави прогресијата на ХББ во бубрежна болест во завршна фаза, со што ќе се одложи бубрежната трансплантација или хемодијализа.

# О Б Р А З Е Ц 1
## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат**:** ***Наташа Тодор Ефтимовска Отовиќ***
Институција: ***Медицински факултет, УКИМ - Скопје***
Научна област: ***ИНТЕРНА МЕДИЦИНА***

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ
**за факултети кои имаат студиски програми на интегрирани прв и втор циклус студии**

| **Ред. број** | **ОПШТИ УСЛОВИ** | **Исполнетост на општите услови да/не** |
|---|---|---|
| **1** | Има завршено додипломски и постдипломски студии по студиските програми пред воведувањето на европскиот кредит-трансфер систем и има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на додипломските и постдипломските академски студии одделно<br>Просечниот успех на додипломски студии изнесува:9,03<br>Просечниот успех на постдипломски студии изнесува:10,00 | **ДА** |
| 2 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик: англиски јазик<br>2. Назив на документот: Уверение за познавање на англиски јазик ниво C1. (CEFR)<br>3. Издавач на документот: Филолошки факултет ,,Блаже Конески“ УКИМ- Скопје<br>4. Датум на издавање на документот: септември 2020 година | **ДА** |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Горица Брешковска с.р.**
**Проф. д-р Татјана Миленковиќ с.р.**
**Доц. д-р Лидија Попоска с.р.**

**д-р Данче Ристова**

**БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ**

Д-р Данче Ристова е родена 1985 година во Скопје, каде завршила основно и средно стручно образование со одличен успех. Дипломирала на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во јуни 2011 година, со просечен успех 9,29. Стручниот испит го положила во декември 2011 година, непосредно по завршувањето на приправничкиот стаж.

По завршување на студиите работи како доктор во Алкалоид АД- Скопје во Секторот за глобална регистрација, безбедност на лекови и интелектуална сопственост. Од март 2014 година продолжува со работа на Универзитетската клиника по хируршки болести во Скопје, на Одделот за интерна медицина, а од април 2016 година е редовно вработена на Универзитетската клиника за гастроентерохепатологија во Скопје.

Во тек на специјалистичките студии се стекнува со стипендија од фондацијата „Илија Камчев“ и е дел од програмата за стручна едукација на Одделот за гастроентерохепатологија во Клиничката болница „Аџибадем Систина“. Специјалистичкиот испит го положила во февруари 2020 година и се стекнува со звањето специјалист по гастроентерохепатологија. Во октомври 2016 година ги започнала докторските студии по клиничка медицина на Медицинскиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“.

Активно ги владее англискиот, германскиот, српскиот и хрватскиот јазик, а има базично познавање на францускиот јазик.

**НАСТАВНО НАУЧНА АКТИВНОСТ**

Учествува во научно истражувачки проекти и за овој избор кандидатот ги приложи следниве проекти:

- Национален проект под наслов „Клиничка потхранетост- ризик во лекување на пациентите“, одобрен од етичката комисија на Медицинскиот факултет во Скопје (2018-во тек);
- Меѓународен проект “EUNICE” - Cross cultural differences in FGDI, под раководство на prof. Dan L. Dumitrscu, UMF Cluj Napoca, Romania (2019-во тек).

Учествувала и како предавач на X Македонски конгрес за гастроентерохепатологија со меѓународно учество (септември 2016 година): Dyspepsia as a Challenge in Decision Making Process- Case Report. Свое предавање одржала и на редовниот стручен состанок на Катедрата по интерна медицина на Медицинскиот факултет во Скопје (април 2018 година): Синдром на иритабилно црево: Стари проблеми. Нови решенија?

Добитник е на награда за најдобра постер презентација на конгресот на неурогастроентеролози во Јаж, Романија (март 2017 година).

Додека учествувала во изработка на 2 научни и стручни трудови, како автор и коавтор, објавени во списанија со меѓународен управувачки одбор, како и 5 апстракти од учество на конгреси, објавени во книгите на апстракти.

**СТРУЧНА АКТИВНОСТ**

Во тек на специјализацијата по гастроентерохепатологија во период од 2 месеци (ноември/декември 2018 година), д-р Данче Ристова била на едукативен престој во УКЦ Љубљана, на Одделот за гастроентерологија, каде е активно вклучена во ендоскопската дијагностика.

Досега учествувала на голем број симпозиуми, семинари, конгреси и едукации од обласа на гастроентерологијата и хепатологијата. Во септември 2017 година била дел од младински кампус во Н Р Кина за позитивни придонеси во соработката меѓу младите од различни држави. Во ноември 2017 година била активно вклучена во работилницата за гастроинтестинална ендоскопија и ендоскопски ултразвук во организација на УКЦ Загреб. Во март 2019 година присуствувала на Школата за млади гастроентерохепатолози во организација на Српското здружението на гастроентеролози. Во април 2019 година партиципирала и на курсот за клиничка нутриција во организација на ACCN.

**ПУБЛИЦИРАНИ ТРУДОВИ IN EXTENSO ЗА РЕЦЕНЗИЈА**

1. IBS in a Patient with Incidentally Found Minor Form of Beta-Thalassemia, Treated with Rifaximin- A Case Report D. Ristova, M. Trajkovska, N. Joksimovikj. University Clinic of Gastroenterohepatology, Clinical Center, Skopje, Republic of Macedonia. (Journal of Gastrointestinal and Liver Diseases);

Се работи за приказ на случај, 60-годишен пациент кој од пред 7 месеци, по реализирана простатектомија, развива синдром на иритабилно црево (IBS-D), презентиран со рекурентна абдоминална болка и нарушено цревно празнење (дијареа), во отсуство на органска причина. Постоењето на докази дека нарушената микрофлора игра улога во патогенезата на СИЦ е искористена за воведување на антибиотиците како терапевтска опција. Во конкретниот случај, примената на Rifaximin се покажа како одлична терапевтска опција што резултираше со исчезнување на тегобите кај пациентот по само неколку дена од почеток на терапискиот третман, иако препорачаната дневна доза (3x550 мг) беше редуцирана, со оглед на фактот дека на нашиот пазар е достапна само формулацијата од 200 мг.

## О Б Р А З Е Ц 1
## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат**:** ***Данче Стојан Ристова***
Институција: ***Медицински факултет, УКИМ - Скопје***
Научна област: ***ИНТЕРНА МЕДИЦИНА***

### ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ за факултети кои имаат студиски програми на интегрирани прв и втор циклус студии

| **Ред. број** | **ОПШТИ УСЛОВИ** | **Исполнетост на општите услови да/не** |
|---|---|---|
| **1** | Има завршено интегрирани прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити, со остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум)<br>Просечниот успех изнесува: 9,29 | **ДА** |
| 2 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик: англиски јазик<br>2. Назив на документот: Уверение за познавање на англиски јазик ниво C1. (CEFR)<br>3. Издавач на документот: Филолошки факултет ,,Блаже Конески“ УКИМ- Скопје<br>4. Датум на издавање на документот: септември 2020 година | **ДА** |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Горица Брешковска с.р.**
**Проф. д-р Татјана Миленковиќ с.р.**
**Доц. д-р Лидија Попоска с.р.**

**Асистент - докторанд д-р Емилија Николовска Трпчевска**

**БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ**

Кандидатката е родена 1985 година во Струга. Основно и средно образование завршила во Струга. На Медицинскиот факултет во Скопје се запишала во учебна 2004 година и го завршила во 2010 година со просечен успех на оцени 9,5. По изведување на лекарскиот стаж, со успех го положила стручниот испит во февруари 2011 година. Од март 2011 година работи во ПЗУ Медика плус - Скопје, а специјализацијата по интерна медицина ја започнува во мај 2011 година.

На Клиниката за гастроентерохепатологија во Скопје почнала да волонтира во септември 2012 година, а е вработена од декември 2014 година.

Специјалистички испит по специјалноста интерна медицина положила во мај 2015 година. Супспецијализација по гастроентерохепатологија започнала во март 2018 година. Запишана е на докторски студии по Клиничка медицина-гастроентерохепатологија од 11.2014 година. Асистент докторанд на Медицинскиот факултет е од декември 2015 година.

Активно ги владее англискиот јазик и има базични познавања од германски јазик.

**НАСТАВНО НАУЧНА АКТИВНОСТ**

Активно учествува во практичната настава за студенти од 2016 година.

Кандидатката учествувала како предавач на неколку конгреси:

Балкански конгрес по Гастроентерохепатологија 2016 година во Охрид: Abdominal pain in midnight. Acute on chronic liver failure.

Конгрес на македонското здружение по гастроентерохепатологија во мај 2018 година во Скопје: Третман на панкреатични псевдоцисти.

Конгрес на млади гастроентерохепатолози, март 2019 година Софија, Бугарија–Trombotic complications in patients with ulcerative colitis: case presentation.

Македонски педијатриски конгрес, јуни 2019 година, Струмица- функционални цревни заболувања.

Кандидатката учествувала во едукација, обука на матични лекар во организација на Министерството за здравство од програмата за дисперзирана медицина.

Досега кандидатката е автор и коавтор на 7 in extenso трудови објавени во списанија со меѓународен управувачки одбор, како и на 24 апстракти објавени во книгите на апстракти на разни конгреси.

**СТРУЧНА АКТИВНОСТ**

Кандидатката учествувала во повеќе стручни едукациски курсеви. Во периодот од март до април 2012 година, уште во тек на специјализацијата по интерна медицина, била на едукација за ултразвук на абдомен во Клиничкиот центар во Белград, Србија.

Последователно, три години 2014, 2015 и 2016 година, учествувала на летната школа за млади гастроентерохепатолози во организација на Европското здружение на гастроентерохепатолози, UEG Summer School, Прага, Чешка. Активно, како автор или коавтор, учествувала на голем број симпозиуми, семинари, конгреси, едукации од областа на интерната медицина, меѓу кои 6 ФАЛК симпозиуми во Германија, Швајцарија, Австрија, Шпанија, Русија.

Во 2017 година предложена и финансирана од Деканатот на Медицински факултет ја започнува онлајн обуката за подобрување на едукацијата и вештини во процес на учење - ESME (essentanal skills in medical education) Certificate. Во тек на докторските студии, во траење од 6 недели, односно од мај 2017 до јули 2017 година, престојувала на Одделот за гастроентерохепатологија во Клиника, односно ендоскопската единица UKEEppendorf, Endoscopyunit, Хамбург, Германија. Во јуни 2018 година беше на неколкудневна посета во Charrite Institute, Berlin, Germany каде активно учествуваше како предавач на тема Rapid improvement of hepatic coma with parenteralL-ornithinL-aspartate after failure of conventational therapy case presentation, каде ја доби и втората награда.

Активно учествува во меѓународниот проект Клиничка потхранетост - ризик во лекувањето на пациентите при УК за гастроентерохепатологија од 2018 година.

**ПУБЛИЦИРАНИ ТРУДОВИ IN EXTENSO ЗА РЕЦЕНЗИЈА**

1. Solid pseudopapillary tumor of pancreas with anomaly of hepatic portal vein in young female patient:case report. Emilija Nikolovska, Rozalinda Popova-Jovanovska, Zoran Karadzov, Viktorija Calovska, Meri Trajkovska, Darko Dzambaz, Mitko Miloshevski, Ljubomir Ognjenovic, Georgi Deriban, Magdalena Genadieva-Dimitrova, Elena Curakova, Dafina Janevska, Ance Volkanovska, Kalina Grivceva-Stardelova. Mak med preg 2018; 72(1):43-48

Целта на овој труд е да прикаже исклучително редок тумор на панкреас кој се јавува кај млада женска популација со инциденца од 3 % од сите панкреатични неоплазми. Овој тип на тумор е скоро секогаш од бениген карактер и во многу ретки случаи може да метастазира по хируршка ресекција. Дополнително случајот беше уникатен поради случајниот наод на анатомска варијација на вена порте.

2. Kras mutations in pancreatic adenocarcinoma in correlation with clinical and pathological characteristics. Emilija Nikolovska Trpchevska, Rozalinda Popova Jovanovska, Gordana Petrushevska, Aleksandar Eftimov, Dafina Nikolova, Ance Volkanovska Nikolovska. JMS2020; 3 (1):55-64.

Во оваа студија вклучени се 42 пациенти со хистопатолошки докажан аденокарцином на панкреас. Кај сите пациенти се истражуваше присуство на KRAS мутација во корелација со големина на туморот, лимфна инвазија, степен на диференцијација и васкуларна инвазија. Резултатите покажаа дека во поголемиот дел пациентите има присутна мутација и таа корелира со поголем тумор, полоша диференцираност, лимфна и васкуларна инвазија. Исто така, се покажа дека оваа мутација влијае и на преживувањето на пациентите. Беше испитана и мутација на EGFR, но кај ниту еден пациент не се покажа нејзино присуство.

3. Immunohistohemical expression of CD44 in patient with hepatocellular carcinoma. Nikolova Dafina, Chaloska Ivanova V, Jovanovik R, Janevska V, Nikolovska Trpcevska **E,**Volkanovska Nikolovska A. JMS 2020;3(2):22-28

Оваа студија е кохортна која опфаќа 60 пациенти. Целта е да се евалуира имунохистохемиска експресија на cd44 во туморското и околното нетуморско ткиво и да се направи корелација со бројни клиничко патолошки карактеристики, со цел да се утврди нејзиното прогностичко значење.

4. Fetal weight estimation using fractional fetal thigh volume.Nikolovski Sotir, Matik S, Ristevska-Dimitrovska G, Nikolovska-Trpchevska E, Nikolova D, Janevska V.JMS. 2020;3(2):53–60.

Студијата е пресечна и вклучува 116 пациентки во постпородилниот период. Целта на студијата е да покаже дека тежината на фетусот може да се процени со употреба на 3Д ултразвук, вклучувајќи фракциониран волумен на феталнита надколеница.

5. Endoscopic treatment of biliary complications after cholecystectomy. Georgi Deriban, Urim Isahi, Vladimir Andreevski, Jane Mishevski, Emilija Nikolovska, Mirko Krstevski, Nenad Joksimovic.Mak Med Pregled 2013; 67(3): 146-153

Целта на оваа ретроградна студија, која вклучува 30 пациенти, е да го прикаже ендоскопскиот третман на постоперативните компликации по холецистектомија. Стентирањето на билијарните патишта се покажа како комплементарен метод за решавање на постоперативните стриктури и билијарниот ликиц, додека сфинктеректомијата за резидуална калкулоза. Според добиените резултати ERCP треба да биде прва тераписка опција кај билијарните компликации по холецистектомија, но пристапот сепак треба да биде мултидисциплинарен, вклучувајќи билијарен ендоскопист, хепатобилијарен хирург и рендгенолог.

6. Prevention of post endoscopic retrograde cholangiopancreatography pancreatitis. Georgji Deriban, UrimIsahi, Vladimir Andreevski, Jane Mishevski, Emilija Nikolovska, Mirko Krstevski, Nenad Joksimovic. Mak med preg 2013;67(2):99-105.

Во оваа студија опишана е постапката на стентирање на панкреатичниот канал при изведување на ЕРЦП, како моќен метод за превенција на таканаречен пост-ЕРЦП панкреатит. Стентирањето беше изведено кај пациентите кои при самата интервенција, односно ендоскопска ретроградна холангиопанкреатографија го афектирале панкреатичниот канал.

## О Б Р А З Е Ц 1
## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат**: *Емилија Здравко Николовска Трпчевска***
Институција: ***Медицински факултет, УКИМ - Скопје***
Научна област:***ИНТЕРНА МЕДИЦИНА***

### ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ за факултети кои имаат студиски програми на интегрирани прв и втор циклус студии

| **Ред. број** | **ОПШТИ УСЛОВИ** | **Исполнетост на општите услови да/не** |
|---|---|---|
| **1** | Има завршено интегрирани прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити, со остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум)<br>Просечниот успех изнесува: 9,50 | **ДА** |
| 2 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик: Англиски Јазик<br>2. Назив на документот: Уверение за познавање на англиски јазик ниво B2. (CEFR)<br>3. Издавач на документот: Филолошки факултет ,,Блаже Конески“ УКИМ- Скопје<br>4. Датум на издавање на документот: септември 2020 година | **ДА** |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Горица Брешковска с.р.**
**Проф. д-р Татјана Миленковиќ с.р.**
**Доц. д-р Лидија Попоска с.р.**

**Асистент - докторанд д-р Душан Петковски**

**БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ**

Д-р Душан Петковски е роден 1983 година во Крива Паланка. Основно и средно образование завршил во Крива Паланка, континуирано со одличен успех 5,00. На Медицинскиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ се запишал во 2002 год, а дипломирал на 07.11.2008 година со просечен успех 8,59. По изведување на лекарскиот стаж, со успех го положил стручниот испит и во јуни 2009 година се здобил со лиценца за работа.

Во октомври 2009 година се запишал на приватна специјализација по интерна медицина, а специјалистички испит по специјалноста интерна медицина го положил на 18.12.2013 година и се стекна со звање Специјалист по интерна медицина.

Во периодот од 01.09.2012 год. до 30.09.2013 год. работи како волонтер и со договор на определено време на Универзитетска клиника за ендокринологија и метаболни заболувања Скопје, каде се стекнува со големо искуство во третман на дијабетот и метаболните заболувања, како и дијагностика и третман на дијабетично стапало– доплер на екстремитети.

Од 01.03.2014 – 31.05.2018 година е редовно вработен во ЈЗУ Универзитетска клиника за токсикологија и ургентна интерна медицина при Кампус клиники Мајка Тереза, како лекар специјалист по интерна медицина на Одделот за интензивна нега. По завршување на обука во МЦ Токуда – Софија на одделот за ГЕХ и ендоскопија , од мај 2015- мај 2018 година работи исто така и како ендоскопист (горнодигестива ендоскопија и абдоминален ултразвук), каде се стекнува со богато знаење во областа на токсикологијата и третман на зависности и акутни интоксикации, како и во третман на пациенти во ургентен интернистички центар.

Од 01.06.2018 година е редовно вработен на ЈЗУ Универзитетска клиника за кардиологија Скопје, како специјалист интернист, во оддел за интензивна нега.

Во септември 2016 година е запишан на докторски студии на Медицински факултет Скопје.

Активно го владее англискиот јазик- Cambridge –ESOL international evel B1, уверение од „Филолошки факултет Блаже Конески“–ниво Б2 (09.2020 година).

**НАСТАВНО НАУЧНА АКТИВНОСТ**

На 01.07.2016 год. избран е во звање асистент-докторанд при Медицинскиот факултет во Скопје (асистент на катедра по интерна медицина – Токсикологија 07.2016-06.2018 година, интерна медицина кардиологија 07.2018- ).

Активно учествува во практичната настава за студенти од 2016 година.

Како автор и коавтор учествувал во изработка на повеќе научни и стручни трудови.

**СТРУЧНА АКТИВНОСТ**

Во август 2007 година учествува во професионална студентска размена во траење од еден месец на одделот за Кардиоторакална хирургија при Медицинскиот факултет во Оломуц- Р. Чешка.

Во април 2015 год. успешно завршува едномесечен индивидуален тренинг курс за третман на гастроинтестинални заболувања, со посебен осврт на гастроскопија, тераписка ендоскопија и абдоминален ултразвук во болницата Токуда - Софија под менторство на проф. Симеон Стоинов.

Во текот на 2015 година во два наврати е избран во „Клубот 100“, како еден од 100 најдобри лекари во Р. Македонија за месец март и јули 2015 год.

Во декември 2015 година учествува на Secoнd National GSP Seminar Training in R.Macedonia „Ethical and regulatory aspects of Good Clinical Practice” и се здобива со сертификат за спроведен тренинг.

Во текот на 2015-2016 година учествува на проектот за „Континуирана медицинска едукација на матични лекари“, организиран од Министерство за здравство, како самостоен предавач од областа на токсикологија

Во април 2016- август 2018 год. вклучен е во мултицентрична клиничка студија, како клинички супистражувач ( RIVAROXDVT3002), дел од тимот под водство на Проф. Д. Докиќ како главен истражувач.

Во периодот 15.10-13.11.2016 година посетува обука во реномираниот Универзитетски медицински центар Хамбург- Еппендорф, на Одделот за интерна медицина, Единица за ургентна медицина со сите сервиси, под менторство на Dr. med U. Mayer-Runge.

Во март 2019 година, запишан е на супспецијализација по кардиологија на Медицинскиот факултет во Скопје ( во тек ).

Член е на Европското кардиолошко здружение (ESC); Македонско кардиолошко здружение (MSC); Здружението на интернисти на РМ.

**ПУБЛИЦИРАНИ ТРУДОВИ IN EXTENSO ЗА РЕЦЕНЗИЈА**

1. Petkovska Lidija, Petronievik Zvezdana, Chibishev Andon ,Petkovski Dushan, Stevcevska Aleksandra (2016). Minoxidil overdosage : a case report Makedonski medicinski pregled, 70 (2). pp. 104-107

Во овој приказ на случај се прикажани системските компликации и нарушувања кај акутна интоксикација, односно предозирање со minoxidil, приготвен како 2% раствор за локална употреба, како средство против андрогена алопеција. Миноксидилот во основа е антихипертензивен лек, кој преку своето дејство на мазната мускулатура предизвикува вазодилатација на артериолите, а со тоа и антихипертензивен ефект. Тука е прикажан случај маж на 64-годишна возраст, кој е хоспитализиран 12 часа по ингестија на 60 мл 2% раствор со цел поттикнување на раст на коса, со клиничка слика на хипотензија, олигурија со акутна бубрежна инсуфициенција (пререналнa), субендокардијална исхемија со промени на ЕКГ (ST депресија и инверзен Т бран). Прикажан е мултисистемскиот пристап на лекување со супституција со кристалоидни раствори, катехоламинска стимулација, изведување на две дијализи поради раст на деградациони продукти. По стабилизирање на состојбата, кај пациентот се следи ребаунд хипертензија, која е третирана со антихипертензивна терапија. Миноксидилот за локална употреба е козметички препарат за терапија на андрогена алопеција. Кога ќе се внесе перорално доведува до тешка хипотензија, компензаторна тахикардија, акутна бубрежна инсуфициенција и субендокардна исхемија. Итниот тераписки пристап е предуслов за добар исход.

# О Б Р А З Е Ц 1
## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: ***Душан Љупчо Петковски***
Институција: ***Медицински факултет, УКИМ - Скопје***
Научна област: ***ИНТЕРНА МЕДИЦИНА***

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ за факултети кои имаат студиски програми на интегрирани прв и втор циклус студии

| **Ред. број** | **ОПШТИ УСЛОВИ** | **Исполнетост на општите услови да/не** |
|---|---|---|
| **1** | Има завршено интегрирани прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити, со остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум)<br>Просечниот успех изнесува: 8,59 | **ДА** |
| 2 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик: англиски јазик<br>2. Назив на документот: Уверение за познавање на англиски јазик ниво B2. (CEFR)<br>3. Издавач на документот: Филолошки факултет ,,Блаже Конески“ УКИМ- Скопје<br>4. Датум на издавање на документот: септември 2020 година | **ДА** |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Горица Брешковска с.р.**
**Проф. д-р Татјана Миленковиќ с.р.**
**Доц. д-р Лидија Попоска с.р.**

**Асистент - докторанд д-р Биљана Зафировска Талеска**

**БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ**

Кандидатката е родена 1983 година во Скопје. Основно образование и средно насочено образование завршила во Скопје. На Медицинскиот Факултет во Скопје се запишала во учебната 2001 година и го завршила во 2007 година, со просечен успех на оцени 9,15. По изведување на лекарскиот стаж, со успех го положила стручниот испит во февруари 2008 година.

На Клиниката за кардиологија во Скопје почнала да волонтира декември 2009 година, а е вработена од март 2011 година.

Специјалистичкиот испит по специјалноста интерна медицина го положила во јуни 2014 година. Суспецијалистички испит по кардиологија положила на 16.03.2019 година. Запишана е на докторски студии по клиничка медицина- кардиологија од 10.2017 година. Асистент-докторанд на Медицинскиот факултет од 2016 година.
Активно ги владее англискиот и шпанскиот јазик.

**НАСТАВНО НАУЧНА АКТИВНОСТ**

Активно учествува во практичната настава за студенти од 2016 година.

Кандидатката учествувала како предавач на повеќе конгреси:

Конгресот за интервентна кардиологија во Париз Euro PCR 2013 и тоа: Bilateral Transradial approach in stenting of occluded right Axillary artery, Interactive case corner #7; Bilateral radial and ulnar access for PCI of proximal circumlex and ostial right coronary artery chronic total occlusions, in the session- When there is no access site, remember that the arteries lead to the heart; Radial access in carotid artery stenting of right internal carotid artery in acute carotid syndrome,without touching the aortic arch in the session - Tips and tricks in carotid artery stenting; Percutaneous retrieval of embedded large foreign body from right ventricle through the femoral vein in the session - Macedonia shares its most educational cases.

Конгрес за интервентна кардиологија: AIM Radial, 2016 година во Будимпешта: Benefit of Pre-procedural Radial artery angiography in STEMI patients;

Конгрес на Европското кардиолошко здружение - ESC Congress, 2016 во Рим, Radial artery anomalies in STEMI interventions;

Конгрес на Европското кардиолошко здружение - ESC Congress, 2017 година во Барселона,-
Radial vs. Ulnar artery anomalies in STEMI patients: 6 year results from routine wrist angiography;

Конгрес за интервентна кардиологија -AIM Radial 2017;

Конгрес за интервентна кардиологија - Euro PCR, 2018 година во Париз: Total wrist access for Carotid artery Stenting;

Македонски кардиолошки конгрес, Скопје, 2014 година:Radial artery anomalies – Variations, Incidence of anatomical variants located from wrist to aorta and their impact on transradial angiography procedures;

Македонски кардиолошки конгрес, Охрид, 2018 година: Benefit of Preprocedural radial angiography in STEMI patients.

Кандидатката учествувала во преводи на дела и тоа:

1. Превод на МЗД упатства на македонски (NICE упатства) за третман на пациенти-практикување на медицина заснована на докази;
2. Превод на македонски на водичи на Европското кардиолошко здружение за третман на пациенти со миокарден инфаркт со СТ сегмент елевација (прирачник и целосни препораки), спроведено од Македонско кардиолошко здружение.

Досега кандидатката учествувала во создавањето на 35 стручни и научни трудови, како автор и коавтор. За рецензија на сегашниот конкурс поднесени се 12 труда “in extenso” во кои е автор и коавтор. Автор е или коавтор на 18 апстракти од учество на конгреси и 5 едиторијали.

Кандидатката заедно со група автори е коавтор на труд добитник на наградата Епса Урумова: Vavlukis M,Zafirovska B, Antova E, Pocesta B, Shehu E, Taravari H, Kotlar I, Kitanovski D,Petkoska D, Vasilev I, Janusevski F, Bojovski I, Kedev S. The Impact of GlycoMetabolic Status in Patients Treated for Acute Coronary Syndrome. Pril(Makedon Akad Nauk Umet Odd Med Nauki). 2018 Jul 1;39(1):37-50.

**СТРУЧНА АКТИВНОСТ**

Кандидатката ги положила сертификатите USMLE за добивање медицинска лиценца за практикување медицина во Соединетите Американски Држави во периодот од 2008 до 2009 година.

Во периодот од 08.2009-11.2009 година била на едукација - Internship во University Hospitals, Cleveland, Ohio – Case Western University Hospital - Cardiac Intensive Care Unit, Interventional cardiology section и VMA Louis Stokes Hospital Cleveland, Ohio.

Учествувала на повеќе стручни едукациски курсеви 2009-2010 година - Executive fellowship program in Interventional Cardiology Module 1, 2 and 3 во Crossroads институтот во Брисел и во Скопје.

Учествувала на повеќе големи интернационални студии: ТОТАЛ – Рандомизирана студија за проценка на употреба на рутинска тромбоаспирација со Перкутана коронарна интервенција (ПКИ) споредено само со ПКИ без тромбоаспирација, каде беа вклучени 10, 732 пациенти. МАСТЕР ДАПТ – скратена, наспроти продолжена, двојна антиагрегациона терапија кај пациенти со висок ризик од крвавење по имплантирање на стент со биоапсортивен полимер. CLEAR SYNERGY- двојно слепа рандомизирана студија за дејството на колхицин и спиронолактон кај пациенти по акутен срцев удар со СТ сегмент елевација. DISCO RADIAL- рандомизирана студија за проценка на дистален, наспроти конвенционален радијален пристап при коронарни процедури. EORP- NSTEMI registry- Европски регистар за третман на пациенти со миокарден инфаркт без СТ сегмент елевација.

**ПУБЛИЦИРАНИ ТРУДОВИ IN EXTENSO ЗА РЕЦЕНЗИЈА**

1. Benefit of routine preprocedural radial artery angiography in STEMI patients. Zafirovska B, Antov S, Kostov J, Spiroski I,Vasilev I, Jovkovski A, Petkoska D, Kitanovski D, Bertrand OF, Kedev S. Catheter Cardiovasc Interv. 2018;00:1–7. https://doi.org/10.1002/ccd.27711

Се работи за опсервациона студија во која се проценувала korиста од изведување на пред процедуралната радијална ангиографија кај пациенти со миокарден инфаркт со СТ сегмент елевација. Се споредиле две групи на пациенти во центарот во периодот пред и по воведувањето на рутинска претпроцедурална радијална ангиографија. Се докажала корист на процедурата со подобрување на крвавечките компликации, времетраењето на самата процедура и пониската стапка на премин кон друг пристап од радијалниот.

2. Safety and Feasibility of Transulnar Catheterization When Ipsilateral Radial Access Is Not Available. Sasko Kedev · Biljana Zafirovska · Surya Dharma · Danica Petkoska. Catheter Cardiovasc Interv. 2014 Jan 1;83(1):E51-60. doi: 10.1002/ccd.25123. Epub 2013 Aug PMID:23832623 [PubMed - indexed for MEDLINE]

Целта на оваа студија е да се евалуира безбедноста и ефикасноста на трансулнарниот пристап преку рака за изведување на ангиографски интервенции, во случаи каде исто страниот трансрадијален пристап не е достапен. Во студијата вклучени се 476 консекутивни пациенти, кај кои е изведена ангиографска интервенција преку трансулнарен пристап. Испитувани беа процедуралните карактеристики, успешноста на процедурите и присутните компликации. Заради докажаната успешност и безбедност врз оваа група на пациенти процедурата се препорачува како можен алтернативен пристап на трансрадијалниот, кога тој не е достапен кај сите видови коронарни и други ангиографски интервенции.

3. Radial artery anomalies in the Macedonian population during transradial angiography procedures. Zafirovska B, Petkoska D, Antov S, Vasilev I,Jovkovski A, Kalpak O, Kostov J, Spiroski I, Pejkov H, Bosev M, Taravari H, Kitanoski D, Kedev S. Sanamed 2016. DOI: 10.5937/sanamed1602087Z.

Во оваа студија биле вклучени 19292 пациенти подложени на ангиографски процедури на Клиниката за кардиологија. Биле идентификувани 8,8% на анатомски варијации на артериите на

раката. Се заклучила korиста на изведување на претпроцедуралната радијална ангиографија за идентификување на анатомски варијации.

4. Macedonia: coronary and structural heart interventions from 2010 to 2015. Kedev S, Zafirovska B, Kalpak O, et al. EuroIntervention. 2017;13(Z):Z47- Z50. doi:10.4244/EIJ-D-16-00827. [PubMed - indexed for MEDLINE].

Целта на оваа студија беше да се опишат инвазивните кардиолошки процедури во Македонија од 2010 до 2015 година. Детални процедурални карактеристики, процедурален успех, пристап и присутни компликации кај 39.899 пациенти беа иследени во тој период.

5. Total wrist access for angiography and interventions: Procedural success and access site crossover in a high volume transradial center. Kedev S, Zafirovska B, Antov S, et al. Cardiovasc Revasc Med. 2018;19(5 Pt B):570-574. doi:10.1016/j.carrev.2017.12.009. https://doi.org/10.1016/j.carrev.2017.12.009

Во оваа опсервациона студија биле вклучени 30848 пациенти во периодот од 2010 до 2015 година, кои биле подложени на ангиографски процедури. Процедурален успех преку избраниот пристап преку рака имало кај 94% од пациентите. Преминот кон друг пристап бил присутен кај 6% од пациентите. Најчеста причина за премин кон друг пристап биле неможноста за пункција, непроодни аномалии на радијалната артерија или радијална оклузија или спазам и компликации во пристапот. Заклучок е дека тоталниот пристап преку рака е безбеден и успешен кај сите коронарографски процедури, ако е изведен во искусен трансрадијален центар.

6. Minimalistic Approach for Transcatheter Aortic Valve Implantation (TAVI): Open Vascular Vs. Fully Percutaneous Approach. Kedev S, Zafirovska B, Srbinovska-Kostovska E, et al. Pril (Makedon Akad Nauk Umet Odd Med Nauki). 2019;40(2):5-14. doi:10.2478/prilozi-2019-0009

Во оваа проспективна студија се иследувале процедуралните и карактеристиките на пациентите со перкутана замена на аортна валвула, како процедура која за прв пат се изведува во земјава. Биле вклучени 54 пациенти, поделени во 2 групи, во зависност дали бил користен минималистички или целосен пристап, со препарирање на воведната артерија, кај кои била имплантирана аортна валвула и се следеле исходите кај овие пациенти со долгорочно следење. Заклучокот бил дека оваа процедура може успешно и безбедно да се изведе кај пациентите со аортна стеноза со добри исходи при долгорочно следење, особено при користење на минималистички пристап со аналгоседација.

7. The Impact of Glyco-Metabolic Status in Patients Treated for Acute Coronary Syndrome. Vavlukis M, Zafirovska B, Antova E, Pocesta B, Shehu E, Taravari H, Kotlar I, Kitanovski D, Petkoska D, Vasilev I, Janusevski F, Bojovski I, Kedev S. Pril (Makedon Akad Nauk Umet Odd Med Nauki). 2018 Jul 1;39(1):37-50. doi: 10.2478/prilozi-2018-0022.

Опсервациона студија во која биле вклучени 860 пациенти со акутен коронарен синдром, кои биле хоспитализирани во периодот 2015 до 2017 година. Кај 35% бил докажан пореметен метаболизам на гликоза, 9% биле со новодијагностициран дијабет. Хоспиталниот морбидитет и морталитет биле 15 и 5%, највисок кај пациенти со ново дијагностициран нерегулиран дијабет. Како заклучок се наведува дека стрес хипергликемијата и неможноста да се постигне гликемиска контрола се независни предиктори за болнички морбидитет и морталитет кај пациентите со акутен коронарен синдром.

8. Different treatment options and prevention of SCD in athletes with frequent ventricular extrasystoles. Dr. Jane Taleski, Dr. Biljana Zafirovska - Taleska (Published in E – Journal of Cardiology Practice - Vol. 17, N° 13 - 26 Jun 2019)

Во овој ревијален труд се разгледуваат различните опции за третман и превенција на ненадејна срцева смрт кај атлети со чести екстрасистоли.

9. Value of routine urine examinations including microalbuminuria in “newly detected” hypertensive patients. Dr. Biljana Zafirovska Taleska, Dr. Jane Taleski (Published in E – Journal of Cardiology Practice - Vol. 17, N° 19 - 21 Aug 2019).

Во овој ревијален труд се проценуваше значењето на рутински иследувања на урината вклучувајќи ја и микроалбуминуријата кај ново дијагностицирани хипертензични пациенти.

10. Safety of Slender 5Fr Transradial Approach for Carotid Artery Stenting With a Novel Nitinol Double-Layer Micromesh Stent. Kedev S, Petkoska D, Zafirovska B, Vasilev I, Bertrand OF. Am J Cardiol. 2015 Sep 15;116(6):977-81. doi: 10.1016/j.amjcard.2015.05.063. Epub 2015 Jun 25.PMID:26189035 [PubMed - indexed for MEDLINE]

Цел на студијата е да се процени безбедноста и успешноста на перкутано каротидно артериско стентирање преку трансрадијален пристап со користење на 5 френчи слендер техника и имплантирање на ново дизајнираните нитинол Роадсејвер стентови со двојна обвивка за заштита од микроемболизација. Вклучени биле 10 консекутивни пациенти. Заклучено е новите каротидни стентови со двојна обвивка може успешно да се имплантираат кај пациенти со каротидна стеноза преку трансрадијален слендер пристап со успешност во сите случаи.

11. Bilateral trans-radial approach in stenting of occluded right axillary artery. Kedev S, Jovkovski A, Zafirovska B. J Cardiothorac Surg. 2014 Aug 23;9:138. doi: 10.1186/s13019-014-0138-0. PMID:25149874 [PubMed - indexed for MEDLINE]

Се работи за приказ на случај, 77-годишна пациентка кој била подложена на стентирање на десната артерија аксиларис поради болки и трнење во десната рака и при минимална физичка активност. Кај пациентката успешно е отворена хронична тотална оклузија на десната артерија аксиларис, користејќи првпат објавена техника со билатерален трансрадијален рачен пристап и притоа се поставени 2 стента. Процедурата е успешно изведена со избраната техника и следењето со дуплекс ехосонографија докажа прооден стент со исчезнување на тегобите кај пациентката.

12. Bilateral retrograde radial approach in stenting of occluded Subclavian artery D. Petkoska, B. Zafirovska, A. Jovkovski, S. Kedev. European Society of Cardiology Congress 2013 Amsterdam – Published European Heart Journal 34(suppl 1):P349-P349 · August 2013, Impact Factor: 15.20 · DOI: 10.1093/eurheartj/eht307.P349

Се работи за студија во која биле вклучени 12 консекутивни пациенти со хронична тотална оклузија на артерија субклавија кај кои се извело отворање на оклузиите со користење на првпат објавен билатерален трансрадијален пристап. Кај сите пациенти успешно била изведена процедурата, без компликации со проодни стентови при повеќемесечно следење на пациентите со дуплекс ехосонографија освен кај еден пациент каде имаше асимптоматска реоклузија по 3 години од имплантирањето на стентот.

**О Б Р А З Е Ц 1**
**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

Кандидат**:** ***Биљана Страшо Зафировска Талеска***
Институција: ***Медицински факултет, УКИМ - Скопје***
Научна област: ***ИНТЕРНА МЕДИЦИНА***

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ**
**за факултети кои имаат студиски програми на интегрирани прв и втор циклус студии**

| **Ред. број** | **ОПШТИ УСЛОВИ** | **Исполнетост на општите услови да/не** |
|---|---|---|
| **1** | Има завршено интегрирани прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити, со остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум)<br>Просечниот успех изнесува: 9,15 | **ДА** |
| 2 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик: англиски јазик<br>2. Назив на документот: Cambridge English Certificate (ESOL) B2<br>3. Издавач на документот: Cambridge<br>4. Датум на издавање на документот: мај 2015 година | **ДА** |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Горица Брешковска с.р.**
**Проф. д-р Татјана Миленковиќ с.р.**
**Доц. д-р Лидија Попоска с.р.**

**Асистент - докторанд д-р Јане Талески**

**БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ**

Кандидатот е роден 1981 година во Прилеп. Основно образование завршил во Прилеп, додека средно насочено образование завршил во Битола. На Медицинскиот факултет во Скопје се запишал во учебната 1999/2000 година и го завршил во 2007 година со просечен успех на оцени 8,64. По изведување на лекарскиот стаж, со успех го положил стручниот испит во 2008 година.

На Клиниката за кардиологија во Скопје волонтира од септември 2009 година, вработен на истата клиника од декември 2012 година во Одделот за електрофизологија и електростимулација на срце.

Специјалистички испит по специјалноста интерна медицина положил во март 2014 година. Супспецијалистички испит по кардиологија положил на 01.04.2019 година. Запишан е на докторски студии по клиничка медицина- кардиологија од 10.2017 година. Асистент- докторанд на Медицинскиот факултет е од 2016 година. Кандидатот е сертифициран електрофизиолог од европското здружение за срце и ритам од 01.2019 година.

Активно го владее англискиот јазик.

**НАСТАВНО НАУЧНА АКТИВНОСТ**

Активно учествува во практичната настава за студенти од 2016 година.

Досега учествувал во создавањето на 23 стручни и научни трудови како автор и коавтор, како и автор на *„Прирачник за нарушувања во срцев ритам“.*

**СТРУЧНА АКТИВНОСТ**

Во периодот од 2011 година, учествувал во неколку стручни едукациски курсеви: во октомври 2011 година, активно учествува на едукативниот курс за базична инвазивна електрофизиологија на срце, организиран од Европското здружение за срце и ритам – (Европски центар за срце- Sophia Antipolis France 27-29.10.2011 г.); во мај 2012 година активно учествува на „Medtronic Academia“ (Pacemaker Principles in Clinical Practice) од 15-16 мај 2012 г. во Tolochenaz-Lausanne; во октомври 2012 година активно учествува на „Medtronic Academia“ (Overcoming Challenges in Pacemaker Follow-up) од 11-12 октомври 2012 г. во Tolochenaz-Lausanne; во август 2013 година еден месец едукација од тип на набљудување во „Ronald Reagan UCLA Medical Centar”, Оддел за срцева електрофизиологија и електростимулација под менторство на Noel G.Boyle PhD, директор на сали за електростимулација и електрофизиологија во истиот центар; во јуни 2014 година активно учествува на ЕКГ работилница (how to approach complex arrhythmias by Professor Hein J.J Wellens ) – 01-05.06.2014 г; во февруари 2015 година активно учествува на едукативниот курс за напредна инвазивна електрофизиологија на срце, организиран од Европското здружение за срце и ритам – (Европски центар за срце- Sophia Antipolis France 12-14.02.2015 г.); во ноември 2015 година учествува на „Europa AF”- конференција за преткоморна фибрилација (8th annual conference – London 23-24.11.2015 г.); во јануари 2016 година активно учествува на „Medtronic Academia“ (CRT implantation: How to improve your results) – 29-30.01.2016 г. Во април 2016 година учествува на едукација во полето на срцевата електрофизиологија, од типот на набљудување во три центри во Виена, Австрија од 04-15.04.2016 г. и тоа: “Vienna General Hospital – AKH WIEN” Оддел за електрофизиологија на срце под менторство на Prof. Schmidinger и Prof. Stix, “Wilhelimenspital” под менторство на Dr. Kaltenbrunner и Modling Clinic под менторство на Dr. Roithinger. Во мај месец 2016 година зема активно учество на едукација (Hands-on), во полето на техниките за имплантација на срцева ресинхронизациона терапија, составена од два дела и тоа: “CRT virtual lab – Bucharest, Romania” од 16-18.05.2016 г., под менторство на Yanis Dumpis и “CRT hands on training – NUSCH Bratislava hospital, Slovakia” од 23-27.05.2016 г. под менторство на Dr.Peter Margitfalvi.

Во период од 6 месеци кандидатот бил на едукација со активно учество (Hands-on) во полето на напредна срцева електрофизиологија и катетер аблација, во Универзитетската болница „Сестре Милосрднице“ во Загреб, Хрватска (01.10.2017-31.03.2018 година - која претставува акредитиран едукативен Европски центар), под менторство на доц. д-р Шиме Манола и асс. д-р Никола Павловиќ. Непосредно по завршувањето на едукацијата кандидатот го полага и испитот

на Европското здружение за срце и ритам, за електрофизиологија и електрофизиолошки процедури.

Учествувал во EORP регистарот за атријална фибрилација, организиран од европското здружение за Кардиологија од кој се произлезени повеќе објавени трудови во медицински списанија со импакт фактор.

**ПУБЛИЦИРАНИ ТРУДОВИ IN EXTENSO ЗА РЕЦЕНЗИЈА**

1. Scoring system assessment of cephalic vein access for device implantation. J innov card rhythm manag. Taleski J, Poposka L, Janusevski F, Pocesta B, Boskov V, Boyle NG. 2018;9(8):3284-3290. published 2018 aug 15. doi:10.19102/icrm.2018.090802

Целта на оваа проспективна студија е создавање на скор систем за проценка на венската анатомија и поедноставен избор на централен венски пристап при имплантација на срцеви имплантабилни уреди. Во неа биле вклучени 100 пациенти и било докажано дека скор системот помага и го поедноставува изборот на пристап при имплантација на срцеви уреди.

2. Arrhythmias in the Heart Transplant Patient. Hamon D, Taleski J, Vaseghi M, Shivkumar K, Boyle N. – Arrhythm Electrophysiol Rev. 2014 Nov;3(3): 149-55.doi: 10.15420/aer.2014.3.3.149. Epub 2014 nov 29. Indexed in pub med.

Во овој едиторијал се дава детална анализа на можната појава на тахи и бради-аритмии кај пациентите по трансплантација на срце, поврзаноста на овие абнормалности во срцевиот ритам со типовите на трансплантација како и со можните причини за нивно настанување. Во тек на овој едиторијал се прикажани повеќе студии кои ги потврдуваат овие тврдења. Едиторијалот дава осврт и на начините и времето на третман на пациентите кај кои се појавиле овие абнормалности во срцевиот ритам.

3. Anticoagulation management in patients with pacemaker-detected atrial fibrillation. Poposka L, Boskov V, Risteski D, Taleski J, Georgievska-ismail L. OAMJMC. 2016;4(2):243-247. doi:10.3889/oamjms.2016.053

Во оваа опсервациона студија биле вклучени 104 пациенти со индикација за перманентен пејсинг, без документирани претходни епизоди на атријална фибрилација. Се заклучило дека со поделбата на овие пациенти со епизоди на АФ под 1% и над 1% во 24 часа би се помогнало како индикатор во воведувањето на орална антикоагулантна терапија кај пациенти со CHADS VASC score >1.

4. Electrocardiographic parameters as predictors of response to cardiac resynchronization therapy. Poposka L, Boskov V, Risteski D, Taleski J, et al. OAMJMC. 2018;6(2):297-302. Published 2018 Feb 9. doi:10.3889/oamjms.2018.092

Во оваа опсервациона студија во која биле вклучени 102 пациенти со имплантиран CRT уред за срцева ресинхронизација, биле идентификувани одредени параметри на електрокардиограмот кои би можеле да послужат во идентификување на т.н. респондери на срцевата ресинхронизационата терапија.

5. Different treatment options and prevention of SCD in athletes with frequent ventricular extrasystoles. Dr. Jane Taleski, Dr. Biljana Zafirovska 4 Taleska (Published in E – Journal of Cardiology Practice - Vol. 17, N° 13 - 26 Jun 2019)

Во овој ревијален труд се разгледуваат различните опции за третман и превенција на ненадејна срцева смрт кај атлетичари со чести коморни екстрасистоли.

6. Value of routine urine examinations including microalbuminuria in “newly detected” hypertensive patients. Dr. Biljana Zafirovska Taleska, Dr. Jane Taleski (Published in E – Journal of Cardiology Practice - Vol. 17, N° 19 - 21 Aug 2019).

Во овој ревијален труд се проценуваше значењето на рутински иследувања на урината вклучувајќи ја и микроалбуминуријата кај ново дијагностицирани хипертензивни пациенти.

7. Left ventricular lead placement for pacing and sensing in a patient with arrhythmogenic right ventricular cardiomyopathy undergoing ICD implantation. Taleski J, Manola Š, Radeljić V, Bulj N, Delić Brkljačić D, Pavlović N Acta clin croat. 2019;58(2):391-393

Во овој приказ на случај се следи имплантација на лево коморна електрода за пејсинг и сензинг кај пациент со аритмогена десно коморна кардиомиопатија при импантација на имплантабилен кардиовертер дефибрилатор.

## О Б Р А З Е Ц 1
## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат**:** ***Јане Добре Талески***
Институција: ***Медицински факултет, УКИМ - Скопје***
Научна област: ***ИНТЕРНА МЕДИЦИНА***

### ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ за факултети кои имаат студиски програми на интегрирани прв и втор циклус студии

| **Ред. број** | **ОПШТИ УСЛОВИ** | **Исполнетост на општите услови да/не** |
|---|---|---|
| 1 | Има завршено интегрирани прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити, со остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум)<br>Просечниот успех изнесува: 8,64 | **ДА** |
| 2 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик: англиски јазик<br>2. Назив на документот: Cambridge English Certificate (ESOL) B2<br>3. Издавач на документот: Cambridge<br>4. Датум на издавање на документот: мај 2015 година | **ДА** |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Горица Брешковска с.р.**
**Проф. д-р Татјана Миленковиќ с.р.**
**Доц. д-р Лидија Попоска с.р.**

**д-р Марио Јовановски**

**БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ**

Кандидатот д-р Марио Јованоски е роден на 07.05.1989 година во Скопје, РСМ. Средно образование завршил во СУГС „Никола Карев'“ – Скопје, со одличен успех.

Дипломирал на Медицински факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во 2014 година со просечна оценка 9,13. Во 2015 година запишал специјализација по кардиологија. Поминал 4 години како приватен специјализант при Клиника за кардиологија – Скопје, по што се вработил на истата клиника во декември 2019 година.

Работи на Одделот за периферна и коронарна ангиографија, како еден од собните лекари вклучен во целокупната работна дејност на самиот оддел.

Одлично го владее англискиот јазик и поседува сертификат на C1 ниво (издаден од страна на British council – Bulats). Има издадено и сертификат за познавање на компјутерски програми за канцелариско работење.

Во 2020 година запишува докторски студии при Медицински факултет, УКИМ, Скопје.

**НАСТАВНО НАУЧНА АКТИВНОСТ**

Како студент бил дел од Извршниот одбор во MMSA (Македонска асоцијација на студенти при медицина), вклучен во организација на многубројни студентски конгреси од локален, како и интернационален карактер во склоп на IFMSA (Интернационална федерација на асоцијации на студенти по медицина ), учесник на две генерални собранија во Вашингтон (2013) и Тунис (2014).

Во 2013 година е избран за потпретседател на извршен одбор на 36-от студентски конгрес во Охрид.

Две години поминал како научен офицер за организирање на билатерални студентски размени во склоп на IFMSA.

Учествувал на бројни домашни и странски медицински симпозиуми и конгреси во склоп на областа на кардиологија и интерна медицина.

**СТРУЧНА АКТИВНОСТ**

Д-р Марио Јованоски активно е вклучен во работата на ЈЗУ УК за кардиологија на Одделот за периферни ангиографии и коронарографии. Како специјализант поминува време на професионално усовршување веќе 5 години во дијагностичките лаборатории (ехокардиографска, доплер лабораторија, коронарен стрес тест), активно вклучен во дијагностиката и третманот на болните во амбулантите при Клиника за кардиологија и редовно дежура, а водежурствата е активно вклучен и во работата на единиците за интензивна нега.

11-от семестар од своите студии го поминал во стручно усовршување на Универзитетската клиника во Љубљана, Словенија. Едномесечни пракси како студент имал во Реус (Каталонија) во 2013 година, како и Санкт Петербург (Русија) во 2014 година.
5 месеци работел како доктор по општа медицина на Одделот за васкуларна хирургија во Аџибадем Систина (2015 година), а 9 месеци и како лекар во ПЗУ Центар за внатрешни болести „Срце'“ (2016/2017).

Активно е вклучен во Извршниот одбор на Здружение на лекари специјализанти (ЗЛС), како и во Комисијата на лекари специјализанти при Лекарска комора.

Во моментов е активен член на повеќе здруженија и тоа: Европското здружение по кардиологија, Македонското здружение по кардиологија, Здружението на интернисти на Македонија.

**ПУБЛИЦИРАНИ ТРУДОВИ IN EXTENSO ЗА РЕЦЕНЗИЈА**

1. Special condition in venous thromboembolism- case series, Corresponding author: MarijanBosevski, Address: University Cardiology Clinic, 16 Vodnjanska Street, postal code: 1000, city: Skopje, country: Macedonia, University Cardiology Clinic, Faculty of Medicine Skopje 2 University Clinic of Hematology Skopje 3 Zan Mitrev Clinic Skopje 4 Institute for Transfusion Medicine Skopje 5 General Hospital 8th September 6 Private Outpatient Health Facility “D-r. Hadjiev”, Bitola 7 General Hospital Veles, R.N. Macedonia Marijan Bosevski1, Irena Mitevska1, Marica Pavkovic2, Milka Klincheva3, Emilija Trajkovska Lazarova1, Emilija Velkova4, Zlate Stojanoski2, Nela Kostova1,

Savetka Paljoskovska Jordanova1, Danica Petkoska1, Mimi Mancheva1, Aleksandra Gulevska5, Marjan Baloski5, Vasko Hadjiev6, Gorjan Krstevski1, Viktorija Kralevska1, Ivica Bojovski1, Mario Jovanovski1, Vesna Nedelkovska7, Atanas Gjorgievski1 S. MANU, XL, 2.2019 година.

Целта на серијата на прикази на случаи во областа на венскиот тромбоемболизам е да се претстават главните ризик фактор за настанување на венскиот тромбоемболизам (длабоката венска тромбоза и белодробната емболија) во секојдневната клиничка пракса. Тие би биле еден вид на водич од клиничката пракса која ни помага во дијагностицирањето на овој битен ентитет. Дополнително презентирани се самите ризик фактори, ризик стратификатори, како и исходот кај презентираните 18 случаи, проследени со терапевтскиот пристап и компликациите и бенефитите на истиот.

## О Б Р А З Е Ц 1
## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат**: *Марио Спасо Јовановски***
Институција: ***Медицински факултет, УКИМ - Скопје***
Научна област: ***ИНТЕРНА МЕДИЦИНА***

### ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ за факултети кои имаат студиски програми на интегрирани прв и втор циклус студии

| **Ред. број** | **ОПШТИ УСЛОВИ** | **Исполнетост на општите услови да/не** |
|---|---|---|
| **1** | Има завршено интегрирани прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити, со остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум)<br>Просечниот успех изнесува: 9,13 | **ДА** |
| 2 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик: англиски јазик<br>2. Назив на документот: BULATS C2<br>3. Издавач на документот: British Council Macedonia<br>4. Датум на издавање на документот: август 2017 година | **ДА** |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Горица Брешковска с.р.**
**Проф. д-р Татјана Миленковиќ с.р.**
**Доц. д-р Лидија Попоска с.р.**

**Асистент - докторанд д-р Елена Јовановска Јанева**

**БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ**

Д-р Елена Јовановска Јанева е родена на 09.07.1981 година во Скопје. Основно и средно образование завршила во Скопје со континуиран одличен успех. На Медицинскиот факултет се запишала во учебната 2000/2001 година, а дипломирала на 29.1.2007 година, со просечен успех 8,63.

Стручниот испит за лекари го положила во септември 2007 година на Медицинскиот факултет во Скопје и се здобила со називот доктор на медицина. Во декември 2007 година, се запишала на постдипломски студии од областа на пулмологијата и алергологијата при Медицински факултет во Скопје, а магистерската теза со наслов „Астма, медијатори, маркери на инфламација и ефектот на анти-инфламаторната терапија“ ја одбранила на 31.01.2014 година со просек 10. Во мај 2008 година, започнала специјализација по интерна медицина, а специјалистичкиот испит го положила на 13 март 2013 година и се здобила со звање специјалист по интерна медицина. На 1.03.2016 година, започнала со супспецијализација од областа на пулмологијата и алергологијата и на 19.03.2018 година го положила супспецијалистичкиот испит и се здобила со звање супспецијалист по пулмологија и алергологија. Од 23 мај 2008 година е вработена на Клиниката за пулмологија и алергологија во Скопје, каде што е активно вклучена во клиничката и истражувачката дејност. На 31 октомври 2014 година се запишала на трет циклус на докторски студии на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, под програма за клиничка медицина со потесна област од пулмологија и алергологија, а на ден 10.05.2018 година, ја одбранила докторската дисертација на тема: „Маркери на инфламација, нивната улога и значење во евалуацијата на дијагнозата, терапијата, еволуцијата и прогнозата кај болните од астма“ пред комисија во состав: проф. д-р Горица Брешковска, проф. д-р Бисерка Ќаева, проф. д-р Дејан Докиќ, проф. д-р Магдалена Генадиева Димитрова и проф. д-р Андреја Арсовски и со тоа се стекна со научниот степен доктор на науки од научната област медицински науки. Зборува англиски јазик.

**НАСТАВНО НАУЧНА АКТИВНОСТ**

Д-р Елена Јовановска Јанева пројавувала интерес за научна работа уште од времето на студентските денови, кога учествувала на неколку студентски конгреси и повеќе семинари. На Клиниката за пулмологија и алергологија како специјализант, а потоа и како специјалист и супспецијалист активно учествува во целокупната здравствена, наставна и научна активност. На 24 декември 2009 година, избрана е за асистент по предметот интерна медицина (билтен број 981 од 1.03.2010 година), а за асистент- докторанд на ден 22.12.2015 година (билтен број 1110 од 02.11.2015 година) и изведува вежби од прв циклус студии на студиската програма на Медицинскиот факултетот и на Стоматолошкиот факултет по предметите: интерна медицина, клиничко испитување и ургентна медицина.

Д-р Елена Јовановска Јанева, од областа на пулмологијата и алергологијата има публицирано повеќе од 80 стручни и научни трудови со активно учество на повеќе семинари, симпозиуми, конгреси во земјава и во странство со свои и заеднички трудови.

**СТРУЧНА АКТИВНОСТ**

Активно учествувала во шест меѓународни студии од областа на пулмологијата како подистражувач (Sub -investigator).

Кандидатката оствари едномесечна меѓународна едукација во 2016 година, во Клиничкиот центар во Србија, Белград.

Д-р Елена Јовановска Јанева, активно е вклучена во стручно-применувачката работа на ЈЗУ Универзитетска клиника за пулмологија и алергологија, Скопје.

Член е на Македонското лекарско друштво (МЛД), Македонската лекарска комора (МЛК), Македонско респираторно здружение (МРЗ), Македонско пулмолошко здружение (МПЗ), Член на Македонското здружение за базична, клиничка имунологија и алергологија, Европското респираторно здружение (ERS), Европската академија за алергија и клиничка имунологија (EAACI) и Американското торакално здружение.

**ПУБЛИЦИРАНИ ТРУДОВИ IN EXTENSO ЗА РЕЦЕНЗИЈА**

1. Maintenance of therapeutic effect of oral anticoagulants (acenocoumarin) in long term treatment of patients with pulmonary embolism- reality of vision. Marija Zdraveska, Deska Dimitrievska, Dejan Todevski, Elena Janeva. Journal of the Macedonian Medical Association, MMR 2017;71(3): 184-189

Станува збор за ретроспективна студија која анализирала 105 пациенти со ПТЕ третирана на Клиниката за пулмологија и алерглогија во Скопје со следење на демографските податоци, фактори на ризик, вредностите на ИНР во текот на целиот период на третман како и потребното време да се постигнат оптималните вредности на ИНР. Резултатите покажале дека само кај 34.5% ИНР бил во границите на 2-3 и потребен просек за ова било 1.012 месеци.

2. Gastroesophageal reflux symptoms in patients with chronic obstructive pulmonary disease,Goseva Z., Gjorcev A., Jovanovska-Janeva E., Arbutina S. Macedonian Journal of Medical Sciences 2014; 7 (3): 461-463

Целта на овој труд била да се утврди фреквенцијата на ГЕР симптомите и нивна корелација со белодробната функција кај пациенти со ХОББ. Во студијата биле вклучени 58 пациенти. Првата група имала 20 пациенти со лесна ХОББ, втората 18 пациенти со средна форма и третата група имала 20 пациенти со тешка ХОББ, како и контролна група со 12 здрави лица. Резултатите покажале дека пациенти со FEV1<50% имале почести симптоми на ГЕР во споредба со оние чии вредности на FEV1 биле > 50%.

3. The effect of combined therapy ICS/LABA and ICS/LABA plus Montelucast in patients with uncontrolled severe persistent asthma based on serum IL-13 and FEV1, Janeva-Jovanovska E., Goseva Z., Gjorcev A., Debreslioska A., Spiroski M., Zafirova B., Genadieva-Dimitrova M. OA Maced J Med Sci 2015, Vol3, No 2: 268-272

Целта на оваа студија била да се утврди ефектот од комбинирана терапија ICS/LABA кај 27 пациенти и ICS/LABA плус Монтелукаст кај 29 пациенти со неконтролирана тешка астма, анализирајќи ги серумските IL-13 и FEV1 пред третманот и по 6 месеци терапија. Добиените резултати во двете групи покажале зголемени вредности на серумскиот IL-13 на почетокот на терапијата, додека по 6 месеци лекување значително се намалила нивната вредност со позначителен ефект, добиен во групата која била на терапија со ICS/LABA плус Монтелукаст.

4. Altered therapeutic response towards inhaled corticosteroids in asthmatics –smokers with mild asthma Zoran Arsovski, Dejan Dokic, Zlatica Gosheva, Elena J. Janeva, Anita Arsovska, Viktor Isjanovski. Macedonian pharmaceutical bulletin, 62 (2) 43 - 47 (2016)

Во трудот е иследуван терапевтскиот одговор кон инхалаторен флутиказон пропионат кај пушачи и непушачи со лесна астма, за време од 6 недели, кои претходно не употребувале инхалаторна кортикостероидна терапија. Ефектот е иследуван со помош на спирометрија. Добиен е сигнификантно позитивен одговорна вредности на FEV1 во групата на пациенти со астма кои биле непушачи. Ваков позитивен ефект изостанал во група на пушачи со лесна астма. Се заклучува дека пушењето доведува до изменет тераписки одговор кон инхалаторните кортикостероиди кои имаат централно место во третманот на болните со астма.

5. Role and significance of markers of inflammation in the asthmatic disease.Goseva Z., Janeva Jovanovska E., Gjorcev A., Arsovski Z., Pejkovska S. Macedonian Journal of Medical Sciences. 2015 Dec 15: 3(4) 630-634

Целта на оваа студија била да се истражи важноста на еозинофилите, ECP, IL-5 пред и по терапија со кортикостероиди кај астматичарите, наспроти пациенти со опструктивен бронхитис и здрави испитаници. Биле вклучени 77 пациенти и добиените вредности на еозинофилите биле значително зголемени кај астматичари, наспроти втората и третата група. Вредностите на ECP биле значително повисоки кај пациентите со астма и демонстрираат постојана инфламација, со или без клинички симптоми кај овие пациенти. Добиените вредности на IL-5 биле значително зголемени наспроти втората група и здравите (p<0,01). Сите воспалителни маркери по третманот со кортикостероиди биле намалени.

6. Joint Incidence of Asthma and Rhinitis in Macedonia, M.Zdraveska, D.Dimitrievska, D.Todevski, A.Gjorcev, E.Janeva, I.Pavlovska and B.Zafirova-Ivanovska: The Open Respiratory Medicine Journal, 2015,9,(Suppl.1: M4), 52-58

Оваа студија го анализирала концептот на „единствени дишни патишта“, заснован со многу слични карактеристики и меѓусебни интеракции во патогенезата на астмата и ринитисот, што индицира интегрален пристап во нивното менаџирање. Оваа студија анализирала 386 пациенти во период од 48 месеци. Добиените резултати покажале дека 78,21% имале астма и ринитис истовремено, со поголема застапеност кај атопичните пациенти. Пациентите со алергиски ринитис имаат висок ризик за развој на астма и треба да се следат во иднина.

7. Predictive factors for the effect of treatment by noninvasive ventilation in patients with respiratory failure as a result of acute exacerbation of the chronic obstructive pulmonary disease. Pejkovska S., Kaeva Jovkovska B., Goseva Z., Arsovski Z., Janeva Jovanovska E., Zeynel S. Macedonian Journal of Medical Sciences. 2015 Dec 15: 3(4): 655-660

Целта на студијата е да се утврдат ризик факторите кои можат да укажат на зголемен ризик од неуспех во НИВ кај пациенти со егзацербација на ХОББ. Мерењето на одредени параметри, особено pH, респираторната рата, $PaCO_2$ и состојбата на свеста може да бидат од вредност во однос на предвидувањата за ефективноста од третманот со НИВ, со цел да се избегне третманот со инвазивна механичка вентилација.

8. Analysis of plasma concentrations of theophylline in smoking and nonsmoking patients with asthma. Goseva Z., Gjorcev A., Kaeva Jovkovska B., Janeva Jovanovska E., Angelovska I. Macedonian Journal of Medical Sciences. 2015 Dec 15: 3(4): 672-675.

Целта на студијата била да се истражат концентрациите на теофилин кај пушачи и непушачи болни од астма во текот на денот. Концентрациите на теофилин биле измерени 6 пати дневно кај 20 пушачи и 20 непушачи кои биле третирани со таблети теофилин со продолжено ослободување од 175 мг. два пати на ден. Добиените резултати покажале дека кај непушачите терапевтските и оптимални концентрациите на теофилин биле постојани, додека кај пушачите концентрацијата на теофилин во плазмата, измерена во две точки во 20 часот и 8 часот била намалена.

9. Analysis of lymphocyte immunological reactivity in patients with pleural effusions of different etiology. Goseva Z., Kaeva Jovkovska B., Gjorcev A., Janeva Jovanovska E., Arsovski Z., Pejkovska S., Tatabitovska A. OA Maced J Med Sci, Dec 25, 2015.

Целта на оваа студија е анализирање на дистрибуцијата на Т и Б лимфоцитите, Th-CD4 и Tc-CD8, CD16 кај 48 пациенти со плеврални изливи. Првата група имала 18 пациенти кои биле со плеврален излив поради туберкулоза; втората група била 20 пациенти со малигни плеврални изливи, третата група 10 пациенти со трансудати и 30 здрави испитаници. Резултатите покажале намалено нивото на CD3, CD4 и CD16 Т-клетките во крвта кај пациентите, наспроти здравите. Бил утврден зголемен процент на CD3, CD4 Т-клетките во плевралната течност во споредба со вредностите во крвта со статистичко значење во туберкулозниот излив. Додека вредностите на CD8 биле слични и во плевралната течност и во крвта. Нивото на CD16 не било значително зголемено во плевралната течност кај сите групи.

10. Role and clinical significance of IL-33 in patients with asthma, Janeva J. E., Gjorcev A., Kaeva B., Breskovska G., Goseva Z., Zdraveska M., Dimitrievska D., Arsovski Z., Pejkovska S., Minov J., Trajkov D., Dimitrova G.M., Zafirova B. Mak Med Pregled 2017; 71 (1): 50- 55

Целта на оваа студија била да се испита улогата и клиничкото значење на IL-33 како нов и недоволно истражен медијатор на инфламација кај 87 пациенти со неконтролирана средна форма на астма. Резултатите покажале повисоко ниво на IL-33 во серумот кај пациенти со астма во споредба со здравите луѓе, незначително повисоки вредности кај женските пациенти во споредба со мажите и незначителна корелација со возраста.

11. Leukotriene receptor antagonists in managing severe uncontrolled asthma, Janeva Jovanovska E., Kaeva B., Breskovska G., Goseva Z., Gjorcev A., Zdraveska M., Dimitrievska D., Arbutina S., Trajkov D., Genadieva Dimitrova M. EMJ Allergy & Immunology, Vol 2.1 (66-68) August 2017

Целта на студијата била да се утврди ефектот на монтелукаст, додаден во комбинираната терапија (ICS / LABA) преку анализа на серумските IL-5, IL-13, еозинофилите и симптом скорот кај 29 пациенти со тешка неконтролирана астма. Добиените резултати за IL-5, IL-13 и вредноста на еозинофилите покажале дека пред почетокот на терапијата се многу повисоки и третманот на ICS/LABA плус монтелукаст сигнификатно ги намалиле овие вредности и е постигнато статистичко сигнификатно подобрување на симптом скорот.

12. Relationship between Vitamin D, inflammation and lung function in patients with severe uncontrolled asthma, Janeva-Jovanovska E., Dokic D., Jovkovska-Kaeva B., Breskovska G., Goseva Z., Minov J., Trajkov D., Dimitrova-Gebadieva M., Zafirovska-Ivanovska B. Maced J Med Sci, 2017 Dec15,5(7):889-903

Трудот ја анализирал врската помеѓу витамин Д, белодробната функција и системската инфламацијата, анализирајќи го серумскиот IL-33 кај 30 пациенти со тешка неконтролирана астма. Резултатите покажале статистички незначителна корелација помеѓу витамин Д и IL-33 и витамин Д со FEV1. Додека корелацијата помеѓу IL-33 и FEV1 била негативна, но статистички значајна, односно зголемено ниво на IL-33 имале пациентите со пониски вредности за FEV1.

## О Б Р А З Е Ц 1
## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат**:** ***Елена Раде Јовановска Јанева***
Институција: ***Медицински факултет, УКИМ - Скопје***
Научна област: ***ИНТЕРНА МЕДИЦИНА***

### ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ за факултети кои имаат студиски програми на интегрирани прв и втор циклус студии

| **Ред. број** | **ОПШТИ УСЛОВИ** | **Исполнетост на општите услови да/не** |
|---|---|---|
| **1** | Има завршено интегрирани прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити, со остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум)<br>Просечниот успех изнесува: 8,63 | **ДА** |
| 2 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик: англиски јазик<br>2. Назив на документот: Уверение за познавање на англиски јазик ниво B2. (CEFR)<br>3. Издавач на документот: Филолошки факултет „Блаже Конески“ УКИМ- Скопје<br>4. Датум на издавање на документот: септември 2020 година | **ДА** |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Горица Брешковска с.р.**
**Проф. д-р Татјана Миленковиќ с.р.**
**Доц. д-р Лидија Попоска с.р.**

**д-р Билјана Попоска**

**БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ**

Кандидатката д-р Билјана Попоска е родена на 04.11.1984, во Охрид. Средно образование завршила во Охрид во СОСУ „Св. Кирил и Методиј“ во 2003 година. Со високо образование се стекнала на Медицинскиот факултет при „Тракијскиот Унивезитет“ Стара Загора, Бугарија во 2009 година. Дипломирала во декември, 2009 година, со просечен успех 8,05 (мн. добар 4,56).

Кандидатот активно се служи со англиски јазик.

**НАСТАВНО НАУЧНА АКТИВНОСТ**

Д-р Билјана Попоска има објавено вкупно 4 научни трудови (апстракти) од обласа на интерната медицина.

Д-р Билјана Попоска била подистражувач на 2 меѓународни научни проекти:

- HAROSA3 Sleep apnea, ЈЗУ Универзитетска клиника за пулмологија и алергологија, Скопје-од септември 2019 година до октомври 2020 година.
- RIVAROXDVT3002, ЈЗУ Универзитетска клиника за пулмологија и алергологија, Скопје -од април 2016 година до август 2018 година.

**СТРУЧНА АКТИВНОСТ**

Кандидатката активно е вклучена во стручно-апликативната работа на ЈЗУ Универзитетската клиника за пулмологија и алергологија во Скопје.

**О Б Р А З Е Ц 1**
**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

Кандидат**:** ***Билјана Љубе Попоска***
Институција: ***Медицински факултет, УКИМ - Скопје***
Научна област: ***ИНТЕРНА МЕДИЦИНА***

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ**
**за факултети кои имаат студиски програми на интегрирани прв и втор циклус студии**

| **Ред. број** | **ОПШТИ УСЛОВИ** | **Исполнетост на општите услови да/не** |
|---|---|---|
| **1** | Има завршено интегрирани прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити, со остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум)<br>Просечниот успех изнесува: 8,05 | **ДА** |
| 2 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик: англиски јазик<br>2. Назив на документот: Уверение за познавање на англиски јазик ниво B2. (CEFR)<br>3. Издавач на документот: Филолошки факултет ,,Блаже Конески“ УКИМ- Скопје<br>4. Датум на издавање на документот: септември 2020 година | **ДА** |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Горица Брешковска с.р.**
**Проф. д-р Татјана Миленковиќ с.р.**
**Доц. д-р Лидија Попоска с.р.**

**Асистент - докторанд д-р Милена Милетиќ**

**БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ**

Д-р. Милена Милетиќ Ѓореска е родена на 23.09.1983 година во Скопје, Р. Македонија. Основно и средно образование има завршено во Скопје. Осново образование, со одличен успех (1990-1998 год.) завршила во основното училиште „11 Октомври" во Скопје, Р Македонија, а средно образование, со одличен успех (1998-2003 год.) завршила во Гимназија "Јосип Броз- Тито" во Скопје , Р. Македонија.

На Медицинскиот факултет во Скопје дипломирала на 06.12.2008 година, со просечен успех 9,5, а на 29.05.2009 година положила стручен испит и се стекнала со звање дипломиран доктор на медицина.

Запишала специјализација по специјалноста интерна медицина во 2009 година и положила специјалистички испит пред испитната комисија на Медицински факултет во Скопје на 25.12.2013 година, по што се стекнала со звање специјалист по интерна медицина. Во текот на специјализацијата по интерна медицина, редовно ги спроведува внатрешните и надворешните турнуси, предвидени со програмата за специјализација по специјалноста интерна медицина. За време на специјализацијата четири години волонтира на Клиниката за кардиологија, каде е активно вклучена во работата на Одделот за коронарна болест, Одделот за периферна васкуларна болест, Одделот за хипертензија, а активно учествува и во работата на лабораторијата за ехокардиографија. Во учебната 2012/2013 година се запишува на трет циклус студии, докторски студии на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ на студиската програма за клиничка медицина. На 10.03.2014 година се вработува на Универзитетската клиника за токсикологија, каде зема активно учество во секојдневната работа на клиниката. На 15.05.2015 година се вработува на Универзитетската клиника за пулмологија и алергологија, каде е активно вклучена во секојдневната работа на клиниката, со посебен интерес кон функционалните дијагностички испитувања. Со супспецијализација по пулмологија започнува во март 2019 година.

Активно го владее англискиот јазик и поседува меѓународен сертификат (Cambridge Certificate of Preliminary English-PET, Cambridge Certificate B2 First FCE, уверение од Филолошки Факултет „Св. Кирил и Методиј“ за познавање на англискиот јазик , ниво Ц2 според CEFR. Исто така, располага и со солидни компјутерски познавања на MS Office (Word, Excel, Power point, internet explorer).

**НАСТАВНО НАУЧНА АКТИВНОСТ**

Д-р Милена Милетиќ Ѓореска е избрана за асистент- докторанд на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методија“ на 13.07.2015 година. Во рамките на наставно-образовната дејност, кандидатката д-р Милена Милетиќ Ѓореска, активно изведува вежби и едукација на студенти и специјализантите. Кандидатката учествува во едукација на матични лекари, организирано од Министерството за здравство во 2014 година.

Д-р Милена Милетиќ Ѓореска зема активно учество на голем број конгреси, семинари, и различни школи од областа на пулмологија и интерна медицина. Во тек на студиите по медицина, има спроведено два едномесечни научноистражувачки престои во склоп на IFMSA програмата. Првиот во 2007 год. на Одделот за физиологија, под менторство на проф. д-р Christa Einspieler при Медицинскиот универзитет во Грац, Австрија (Medizinische Universitaet Graz). Вториот престој во 2008 година на Универзитетската клиника за детски болести , при Медицинскиот универзитет во Братислава, Словачка, под менторство на проф. д-р Laszlo Kovacs (Detska fakultna nemocnica s poliklinikou). За време на специјализацијата по интерна медицина активно учествува на еднонеделен семинар во 2011 година за континуирана медицинска едукација ‚Salzburg Columbia Seminar in Internal Medicine, со презентација на приказ на случај “ Holiday heart Syndrome” во Салзбург, Австрија. За време на специјализацијата учествува на дводневен курс по напредна ехокардиографија, организиран од Македонското здружение по кардиологија и Европската асоцијација по ехокардиографија “EAE Teaching course of Advanced Echocardiography” во 2012 год. одржан во Скопје, Р. Македонија. Исто така, е активен учесник на дводневен курс за напредна ехокардиографија во 2012 година, одржан во Софија, Р. Бугарија. Во октомври 2019 зема учество на школа за спирометрија во Тешањ –БИХ, организирано од ERS.

**СТРУЧНА АКТИВНОСТ**

Д-р Милена Милетиќ Ѓореска активно е вклучена во стручно-апликативната работа на Клиниката за пулмологија и алергологија во Скопје преку изработка на стручни презентации, учество на главни визити и семинари. Нејзината стручна дејност е особено насочена во областа на функционалната дијагностика.

Член е на: Лекарското друштво на Македонија, Македонското респираторно здружение, Здружение на пулмолози на РМ, Македонска лекарска комора, Македонско здружение за алергологија и клиничка имунологија, Македонското кардиолошко здружение, Европско респираторно здружение (ERS), Европското кардиолошко здружение (ESC), Европската асоцијација за ехокардиографија (EAE)

**ПУБЛИЦИРАНИ ТРУДОВИ IN EXTENSO ЗА РЕЦЕНЗИЈА**

1. Influence of age on the survival and mortality rate in acute caustic poisonings. Andon Chibisev, Marija Glasnovic, Milena Miletic, Ivica Smokovski, Lou Chitkushev Mater Sociomed, 2014 Aug; 26(4): 272-276.

Трудот претставува ретроспективна студија, спроведена кај 415 пациенти, хоспитализирани на Клиника за токсикологија во период од четири години и на возраст од 14 до 90 години. Акутните корозивни интоксикации може да предизвикаат сериозни хемиски оштетувања по целата должина на горниот интестинален тракт, како резултат на намерна или случајна ингестија. Заклучокот донесен од оваа студија е дека морталитетот кај акутните корозивни интоксикации е доста висок. Процентот на фатален исход е повисок за време на акутната фаза (првите 96 часа), најчесто како резултат на компликации, додека за време на хроничната фаза смртноста е пониска (21 ден по интоксикацијата). Хроничната фаза е поврзана со системски компликации и доцни пост корозивни компликации (езофагеална и гастрична стеноза).

2. Post-corrosive complications in different age intervals. Chibishev Andon, Zdravkovska Milka, Smokovski Ivica, Miletic Milena , Glasnovic Marija, Shikole Emilija. SYLWAN,159(3). ISI Indexed

Овој труд претставува ретроспективна студија, спроведена кај 415 пациенти, хоспитализирани на Клиника за токсикологија во период од четири години и на возраст од 14 до 90 години. Заклучокот од оваа студија е дека преваленцата на корозивни интоксикации кај општата популација е во пораст, особено во помалку развиените земји и во земјите со пониска медицинска развиеност, а лесниот пристап до корозивни средства во секојдневиeто уште повеќе го усложнува овој проблем. Оваа студија покажа дека возраста на пациентите е статистички значајна во однос на крајниот исход кај акутните корозивни интоксикации.

3. Severe mushroom poisoning in one Macedonian family. Andon Chibishev, Zanina Perevska, Natasha Simonovska, Lidija Petkovska , Milena Miletic , Emilija Shikole IJAO, The International Journal of Artificial Organs 2015;38(8):425-432 DOI:10.5301/ijao5000428

Овој труд претставува приказ на случаи со тешка интоксикација со Amanita печурки (A. verna) кај 8-члено семејство. Заклучокот од овој труд е дека и покрај современата терапија , труење со Amanita печурки претставува сериозен клинички и медицински проблем, со висок морталитет и морбидитет.

# О Б Р А З Е Ц 1
## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат**: *Милена Бранислав Милетиќ***
Институција: ***Медицински факултет, УКИМ - Скопје***
Научна област: ***ИНТЕРНА МЕДИЦИНА***

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ
### за факултети кои имаат студиски програми на интегрирани прв и втор циклус студии

| **Ред. број** | **ОПШТИ УСЛОВИ** | **Исполнетост на општите услови да/не** |
|---|---|---|
| **1** | Има завршено интегрирани прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити, со остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум)<br>Просечниот успех изнесува: 9,5 | **ДА** |
| 2 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик: англиски јазик<br>2. Назив на документот: Уверение за познавање на англиски јазик ниво C2. (CEFR)<br>3. Издавач на документот: Филолошки факултет „Блаже Конески“ УКИМ- Скопје<br>4. Датум на издавање на документот: јуни 2020 година | **ДА** |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Горица Брешковска с.р.**
**Проф. д-р Татјана Миленковиќ с.р.**
**Доц. д-р Лидија Попоска с.р.**

**д-р Елена Груева Настевска**

**БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ**

Д-р Елена Груева Настевска е родена на 31.05.1984 година во Скопје. Средното образование со одличен успех го завршила во државното средно гимназиско училиште „Јосип Броз Тито“. На Медицинскиот факултет при УКИМ во Скопје се запишала во 2002 година и го завршила во 2009 година со просечен среден успех 8,94.

По изведувањето на лекарскиот стаж, со успех го положила стручниот испит и се здобила со лиценца за работа. Во 2010 година ја започнала својата специјализација по интерна медицина и истата успешно ја завршила 2016 година по што се стекнала со звање Специјалист по интерна медицина.

Од 01.08.2016 година започнала да волонтира на ЈЗУ Универзитетска клиника за кардиологија - Скопје, а од 19.12.2018 година е вработена на неопределено работно време на Одделот за интензивна коронарна нега и е дел од ехокардиографската лабораторија. Од 2019 година е запишана на суспецијализација по кардиологија, која е во тек.

Истата 2019 година ги започнува и докторските студии на Медицинскиот факултет при УКИМ кои се во тек.

Кандидатката активно се служи со англискиот јазик, со стекнато уверение кое одговара на ниво B2 -IELTS Academic, издадено од British Council и уверение C2, според CEFR. Поседува сертификати и одлични практични познавања од областа на информатиката и компјутерските програми.

**НАСТАВНО НАУЧНА АКТИВНОСТ**

Од 2020 година е избрана за Национален амбасадор на младите во Европското здружение за акутна кардиоваскуларна нега.

Како автор и коавтор учествувала во повеќе научни трудови и апстракти за конгреси со домашно и меѓународно учество.

Член на советодавно тело за „Кардијална амилоидоза ATTR- CM“ на Република Македонија.

**СТРУЧНА АКТИВНОСТ**

Д-р Елена Груева Настевска е вклучена во стручно-апликативната работа на ЈЗУ Универзитетска клиника за кардиологија - Скопје. Присуствувала на повеќе обуки и работилници и курсеви. Во моментов е активен член на повеќе здруженија и тоа: Европското здружение за кардиологија, Македонското здружение за кардиологија, Европското здружение за акутна кардиоваскуларна нега, Европското здружение за кардиоваскуларни сликовни техники, Европското здружение за срцева слабост.

**ПУБЛИЦИРАНИ ТРУДОВИ IN EXTENSO ЗА РЕЦЕНЗИЈА**

1. Delayed presentation of acute ST segment elevation myocardial infarction complicated with heart failure in the period of COVID-19 pandemic- case report. Irena Mitevska, Oliver Bushljetikj, Elena Grueva, Irina Kotlar. Intensive care unit, University clinic of cardiology, Skopje, N.Macedonia Clinical Case Rep Open Access.2020;3(2):147. | https://dx.doi.org/10.46527/2582-5038.147

Се работи за приказ на случај на 47-годишен пациент со претходно третирана хипертензија и дијабет, кој бил хоспитализиран на Клиниката за кардиологија- Скопје поради градна болка и отежнато дишење. Пациентот имал рекурентни епизоди на градна болка изминатите 2 дена, но поради актуелната пандемија со КОВИД-19 тој се плашел да се јави на лекар. По првичните лабораториски иследувања и ехокардиографија во прилог на дилатирана лева комора со изразено редуцирана систолна функција 35%, кај пациентот била направена коронарографија и поставена ендоваскуларна протеза на примарната лезија -лева коронарна артерија и уште една ендоваскуларна протеза на десна коронарна артерија. Пациентот бил испишан со клинички стабилна срцева слабост. Важноста на овој случај е поради трајните последици од одложувањето на една од најургентните состојби во кардиологијата- СТ елевација миокарден инфаркт,како резултат на новонастанатата пандемија.

2. Cardiac tamponade and hypothyroidism. Lujza Grueva, Elena G.NastevskaUnivesity clinic of cardiology, Skopje, N.MacedoniaCardiol Croat. 2019;14(3-4):65. | https://doi.org/10.15836/ccar2019.65

Се работи за приказ на случај за 60-годишна пациентка хоспитализирана со симптоми на диспнеа и малаксаност, забавен говор, периорбитални отоци и сува кожа. Ехокардиографски било потврдено присуство на голем перикардијален излив со компресија на десно срцеви кавитети и танцувачко срце во прилог на срцева тампонада. Кај пациентката била направена перикардиоцентеза и евакуирани 1100 мл серозна течност. Во тек на хоспитализацијата, лабораториските анализи покажале напредна, претходно нетретирана хипотиреоза (TSH >75.0, fT4 <3.86, T4 <12.9). Пациентката веднаш била поставена на соодветен третман со тироксин. Ненавременото откривање на една од најчестите болести во ендокринологијата, може да доведе до животозагрозувачка состојба, како што е срцевата тампонада.

3. Postpartum spontaneous coronary artery dissection: a rare cause of acute coronary syndrome in young women, Emilija Lazarova Trajkovska, E.Grueva Nastevska, Macedonian Journal of Anaesthesia, Volume 4, Number 3, October 2020.

Ова е редок случај на 38-годишна жена без претходна историја на кардиоваскуларни болести, хоспитализирана поради градна болка по царски рез. По детална дијагностичка евалуација, пациентката е со коронарографски наод за дисекција на предната лева десцендентна коронарна артерија. Пациентката е третирана со коронарен бај-пас (ЛИМА на ЛАД).

## О Б Р А З Е Ц 1
## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат**:** ***Елена Никола Груева Настевска***
Институција: ***Медицински факултет, УКИМ - Скопје***
Научна област: ***ИНТЕРНА МЕДИЦИНА***

### ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ
### За факултети кои имаат студиски програми на интегрирани прв и втор циклус студии

| **Ред. број** | **ОПШТИ УСЛОВИ** | **Исполнетост на општите услови да/не** |
|---|---|---|
| **1** | Има завршено интегрирани прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити, со остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум)<br>Просечниот успех изнесува: 8,94 | **ДА** |
| 2 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик: англиски јазик<br>2. Назив на документот: Уверение за познавање на англиски јазик ниво C2. (CEFR)<br>3. Издавач на документот: Филолошки факултет „Блаже Конески“ УКИМ- Скопје<br>4. Датум на издавање на документот: јули 2020 година | **ДА** |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Горица Брешковска с.р.**
**Проф. д-р Татјана Миленковиќ с.р.**
**Доц. д-р Лидија Попоска с.р.**

**Асистент - докторанд д-р Владислава Ада Груева Каранфилова**
**БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ**

Д-р Владислава Ада Груева Каранфилова е родена во Скопје, на 15.08.1985 година, каде завршила основно и средно образование со просечен успех 5,00. На Медицинскиот факултет во Скопје дипломирал на 16.05.2012 година со просечен успех 8,88.

Државниот испит го положила на 30.11.2012 година.

Со специјализација од областа пулмологија и респираторна алергологија започнала на 16.09 2013 година. Волонтерски на ЈЗУ Универзитетска клиника за пулмологија и алергологија во Скопје работела од 01.12 2012 година-14.04 2014 година.

Вработена е на ЈЗУ Универзитетска клиника за пулмологија и алергологија во Скопје од 14.04 2014 година.

Активно познавање на англиски јазик, ниво С1, според Европската јазична рамка на Советот на Европа.

**НАСТАВНО НАУЧНА АКТИВНОСТ**

Активно учествува во одржување на практична настава на студенти од областа на интерната медицина и клиничкото испитување. Активно учество на бројни симпозиуми, конгреси и стручни состаноци со меѓународно учество, како автор/коавтор на трудови.

**СТРУЧНА АКТИВНОСТ**

Д-р Владислава Ада Груева Каранфилова активно е вклучена во стручно-апликативната работа на Клиниката за пулмологија. Член е на Македонското респираторно здружение, Македонското здружение за алергологија и клиничка имунологија, Европското респираторно здружение.

## О Б Р А З Е Ц 1
## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат**:** ***Владислава Ада Груева Каранфилова***
Институција: ***Медицински факултет, УКИМ - Скопје***
Научна област: ***ИНТЕРНА МЕДИЦИНА***

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ за факултети кои имаат студиски програми на интегрирани прв и втор циклус студии**

| **Ред. број** | **ОПШТИ УСЛОВИ** | **Исполнетост на општите услови да/не** |
|---|---|---|
| 1 | Има завршено интегрирани прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити, со остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум)<br>Просечниот успех изнесува: 8,88 | **ДА** |
| 2 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик: англиски јазик<br>2. Назив на документот: Уверение за познавање на англиски јазик ниво С1. (CEFR)<br>3. Издавач на документот: Филолошки факултет ,,Блаже Конески“ УКИМ- Скопје<br>4. Датум на издавање на документот: јуни 2020 година | **ДА** |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**
**Проф. д-р Горица Брешковска с.р.**
**Проф. д-р Татјана Миленковиќ с.р.**
**Доц. д-р Лидија Попоска с.р.**

**д-р Ана Василевска**
**БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ**

Кандидатот Ана Василевска е родена во 1993 година во Скопје. Основното и средното образование го завршила со одличен успех (5,00). На Медицинскиот факултет во Скопје се запишала во 2011 година и дипломирала во мај 2017 година со просечен успех од 9,75. Со лиценца за работа издадена од Лекарска комора на Македонија се здобила во декември 2017 година. Во март 2018 година запишала специјализација по специјалноста ревматологија.

Од март 2018 година е вработена на Клиниката за ревматологија во Скопје.

Активно го владее англискиот и шпанскиот јазик. Поседува сертификати и одлични практични познавања од областа на информатиката и компјутерските програми.

**НАСТАВНО НАУЧНА АКТИВНОСТ**

Во тек на студиите во два наврати имала студентски истражувачки престои во Шпанија и Полска, како и активни учества на конгреси за студенти и млади лекари.

Учествувала со свој труд на 4-от Конгрес на гинеколози и акушери на Македонија, со меѓународно учество, во 2017 година.

**СТРУЧНА АКТИВНОСТ**

Д-р Ана Василевска активно е вклучена во работата на ЈЗУ УК за ревматологија во Скопје.

Учествувала на повеќе симпозиуми и стручни состаноци во склоп на континуирана медицинска едукација од областа ревматологија и интерна медицина.

Во тек на студиите, во склоп на студентска размена, престојувала на Одделот за гастроентерохепатологија на Универзитетот во Сантијаго де Компостела, MAIGA, Шпанија, јули, 2016 година.

**О Б Р А З Е Ц 1**
**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

Кандидат: ***Ана Љупчо Василевска***
Институција: ***Медицински факултет, УКИМ - Скопје***
Научна област: ***ИНТЕРНА МЕДИЦИНА***

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ за факултети кои имаат студиски програми на интегрирани прв и втор циклус студии**

| **Ред. број** | **ОПШТИ УСЛОВИ** | **Исполнетост на општите услови да/не** |
|---|---|---|
| **1** | Има завршено интегрирани прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити, со остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум)<br>Просечниот успех изнесува: 9,75 | **ДА** |
| 2 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик: англиски јазик<br>2. Назив на документот: Bullates C1. (CEFR)<br>3. Издавач на документот: British Council<br>4. Датум на издавање на документот: Март 2018 година | **ДА** |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Горица Брешковска с.р.**
**Проф. д-р Татјана Миленковиќ с.р.**
**Доц. д-р Лидија Попоска с.р.**

**д-р Ангела Каранфиловиќ**

## БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатката е родена во 1989 година во Кочани. Основното и средно образование ги завршила во Кочани со одличен успех (5,00).

На Медицинскиот факултет во Скопје се запишала во 2008 година и дипломирала во 2015 година со просечен успех од 8,31. Во 2018 година запишала специјализација по нефрологија на Катедрата по интерна медицина на Медицинскиот факултет во Скопје. Истата е во тек.

Во периодот од 2016-2017 година била вработена на Одделот за торако-васкуларна хирургија во КБ Систина во Скопје. Од 2017-2018 година работела како матичен доктор во ПЗУ Интергин во Скопје. Од декември 2018 година е вработена на Клиниката за нефрологија во Скопје.

Активно ги владее англискиот, германскиот и шпанскиот јазик. Поседува одлични практични познавања од областа на информатиката и компјутерските програми.

## НАСТАВНО НАУЧНА АКТИВНОСТ

Кандидатката е коавтор на неколку објавени трудови.

## СТРУЧНА АКТИВНОСТ

Д-р Ангела Каранфиловиќ е вклучена во секојдневната работа на Клиниката за нефрологија во непосредната работа со пациенти, како и со изведување на дијагностички и терапевтски постапки. Има учествувано на повеќе стручни состаноци, работилници, семинари и конгреси.

## ПУБЛИЦИРАНИ ТРУДОВИ IN EXTENSO ЗА РЕЦЕНЗИЈА

1. Uric acid and left ventricular hypertrophy: another relationship in hemodialysis patients. Gjulsen Selim, Olivera Stojceva-Taneva, Liljana Tozija, Beti Zafirova-Ivanovska, Goce Spasovski, Vesna Gerasimovska, Zvezdana Petronijevic, Lada Trajceska, Pavlina Dzekova-Vidimliski, Nikola Gjorgjievski, Svetlana Pavleska-Kuzmanovska, Angela Kabova, Ljubica Georgievska-Ismail. Clinical Kidney Journal, sfz172, https://doi.org/10.1093/ckj/sfz172

Во оваа студија биле вклучени 225 ХД пациенти кои биле класифицирани во три групи, во зависност од нивните средни вредности за нивото на урична киселина во текот на следењето - follow-up-averaged UA(FA-UA): низок FA-UA(FA-UA < 400 µmol/L), средна/референтна вредност на FA-UA(FA-UA помеѓу 400 и 450µmol/L) и висок FA-UA(FA-UA >450µmol/L). Ехокардиографија била изведена во текот на недијализен ден и присуството на лева вентрикуларна хипертрофија (ЛВХ) било дефинирано врз база на left ventricular mass index(LVMI) >131 и > 100g/m$^2$ за мажи и жени, соодветно. Се донел заклучок дека ниското ниво на серумска урична киселина е ризик фактор за смртност кај хемодијализни пациенти и е поврзано со ЛВХ кај овие пациенти.

# О Б Р А З Е Ц 1
## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат**:** ***Ангела Атанас Каранфиловиќ***
Институција: ***Медицински факултет, УКИМ - Скопје***
Научна област: ***ИНТЕРНА МЕДИЦИНА***

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ
**за факултети кои имаат студиски програми на интегрирани прв и втор циклус студии**

| **Ред. број** | **ОПШТИ УСЛОВИ** | **Исполнетост на општите услови да/не** |
|---|---|---|
| **1** | Има завршено интегрирани прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити, со остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум)<br>Просечниот успех изнесува: 8,17 | **ДА** |
| 2 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик: англиски јазик<br>2. Назив на документот: BULATS C1. (CEFR)<br>3. Издавач на документот: British Council Macedonia<br>4. Датум на издавање на документот: јуни 2020 година | **ДА** |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Горица Брешковска с.р.**
**Проф. д-р Татјана Миленковиќ с.р.**
**Доц. д-р Лидија Попоска с.р.**

**д-р Кристин Костадиноски**

**БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ**

Кандидатот д-р Кристин Костадиноски е роден на 09.02.1993 година во Прилеп. Средно гимназиско образование завршил во СОУ Гимназија „Мирче Ацев“ во Прилеп со одличен успех. На Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје се запишал во 2011 година, а дипломирал на 12.06.2017 година со просечен успех од 9,2. По завршувањето на студиите и здобивање со лиценца во јануари 2018 година еден месец работи како волонтер во ПЗУ Аџибадем Систина на Одделението за торако-васкуларна хирургија.

Со специјализација по општа интерна медицина започнал во март 2018 година. Во август 2018 година се вработил при ЈЗУ УК за токсикологија.

Кандидатот активно се служи со англискиот јазик.

**НАСТАВНО НАУЧНА АКТИВНОСТ**

Во текот на работата на ЈЗУ Универзитетската клиника за токсикологија кандидатот е вклучен во неколку научноистражувачки студии и коавтор е на неколку трудови (апстракти) презентирани на национални и меѓународни конгреси.

**СТРУЧНА АКТИВНОСТ**

Кандидатот активно е вклучен во стручно-апликативната работа на ЈЗУ Универзитетската клиника за токсикологија во Скопје.

Бил учесник на неколку научни и стручни семинари и работилници од областа на клиничка токсикологија и интерна медицина, како домашни така и меѓународни.

**ПУБЛИЦИРАНИ ТРУДОВИ IN EXTENSO ЗА РЕЦЕНЗИЈА**

1. Clinical and biochemical findings of rhabdomyolisis in acute intoxications with psychoactive and chemical substances.Babulovska A, Chaparoska D, Velikj-Stefanovska V, Simonovska N, Pereska Z, Kostadinoski K, Naumoski K. Georgian Med News. 2020 Mar;(300):90-6

Истражувањето претставува клиничка студија на пресек (cross sectiones study) која беше спроведена во периодот од 1 јануари до 30 јуни 2019 година на Универзитетска клиника за токсикологија во Скопје. Пациентите со рабдомиолиза ги поделивме во две групи според карактерот на супстанцата употребена за интоксикацијата и тоа: а) психотропна и б) хемиска супстанција. Постои сигнификантна разлика помеѓу двете групи на пациенти со рабдомиолиза во однос на вредностите на ЦПК, уреа и хемоглобин на првиот ден во прилог на сигнификантно повисоки вредности во групата каде интоксикацијата се случила со психотропни супстанции. Со мускулна болка беа 10,9% од пациентите со рабдомиолиза, поради интоксикација со психотропни супстанции и 3,8% од оние со рабдомиолиза, поради интоксикација со хемиски супстанции без сигнификантна асоцијација помеѓу мускулната болка и видот на интоксикацијата (Fisher exact test: $p=0,3003$). Мускулна слабост и пигментирана урина беше согледана кај консеквентно 13,0% vs. 63,9% од пациентите со психотропна интоксикација и кај ниеден со хемиска интоксикација.

# О Б Р А З Е Ц 1
## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат**:** ***Кристин Тони Костадиноски***
Институција: ***Медицински факултет, УКИМ - Скопје***
Научна област: ***ИНТЕРНА МЕДИЦИНА***

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ
### за факултети кои имаат студиски програми на интегрирани прв и втор циклус студии

| **Ред. број** | **ОПШТИ УСЛОВИ** | **Исполнетост на општите услови да/не** |
|---|---|---|
| **1** | Има завршено интегрирани прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити, со остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум)<br>Просечниот успех изнесува: 9,2 | **ДА** |
| 2 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик: англиски јазик<br>2. Назив на документот: BULATS C1. (CEFR)<br>3. Издавач на документот: British Council Macedonia<br>4. Датум на издавање на документот: јуни 2018 година | **ДА** |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Горица Брешковска с.р.**
**Проф. д-р Татјана Миленковиќ с.р.**
**Доц. д-р Лидија Попоска с.р.**

**д-р Кирил Наумоски**

**БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ**

Кандидатот Д-р Кирил Наумоски е роден на 15.06.1990 година во Скопје, Р. Македонија. Средно образование завршил во Скопје како одличен ученик во СУГС „Раде Јовчевски Корчагин“ во 2009 година.

Високо образование завршил на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, каде дипломирал во 2015 година, со просечен успех 8,34. Се стекнува со лиценца за работа како доктор по медицина во ноември истата година.

Специјализацијата по општа интерна медицина ја започнува во септември 2016 година. На ЈЗУ УК за токсикологија се вработил во август 2018 година.

Кандидатот активно се служи со англиски јазик.

**НАСТАВНО НАУЧНА АКТИВНОСТ**

Во текот на работата на ЈЗУ Универзитетската клиника за токсикологија кандидатот е вклучен во неколку научноистражувачки студии и коавтор е на неколку трудови (апстракти) презентирани на национални и меѓународни конгреси.

**СТРУЧНА АКТИВНОСТ**

Кандидатот активно е вклучен во стручно-апликативната работа на ЈЗУ Универзитетската Клиника за токсикологија во Скопје.

Бил учесник на неколку научни и стручни семинари и работилници од областа на клиничка токсикологија и интерна медицина, како домашни така и меѓународни.

**ПУБЛИЦИРАНИ ТРУДОВИ IN EXTENSO ЗА РЕЦЕНЗИЈА**

1. Clinical and biochemical findings of rhabdomyolisis in acute intoxications with psychoactive and chemical substances.Babulovska A, Chaparoska D, Velikj-Stefanovska V, Simonovska N, Pereska Z, Kostadinoski K, Naumoski K. Georgian Med News. 2020 Mar;(300):90-6

Истражувањето претставува клиничка студија на пресек (cross sectiones study) која беше спроведена во периодот од 1 јануари до 30 јуни 2019 година на Универзитетска клиника за токсикологија во Скопје. Пациентите со рабдомиолиза ги поделивме во две групи според карактерот на супстанцата употребена за интоксикацијата и тоа: а) психотропна и б) хемиска супстанција. Постои сигнификантна разлика помеѓу двете групи на пациенти со рабдомиолиза во однос на вредностите на ЦПК, уреа и хемоглобин на првиот ден во прилог на сигнификантно повисоки вредности во групата каде интоксикацијата настанала со психотропни супстанции. Со мускулна болка беа 10,9% од пациентите со рабдомиолиза, поради интоксикација со психотропни супстанции и 3,8% од оние со рабдомиолиза, поради интоксикација со хемиски супстанции без сигнификантна асоцијација помеѓу мускулната болка и видот на интоксикацијата (Fisher exact test: p=0,3003). Мускулна слабост и пигментирана урина беше согледана кај консеквентно 13,0% vs. 63,9% од пациентите со психотропна интоксикација и кај ниеден со хемиска интоксикација.

# О Б Р А З Е Ц 1
## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: ***Кирил Златко Наумоски***
Институција: ***Медицински факултет, УКИМ - Скопје***
Научна област: ***ИНТЕРНА МЕДИЦИНА***

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ
**За факултети кои имаат студиски програми на интегрирани прв и втор циклус студии**

| **Ред. број** | **ОПШТИ УСЛОВИ** | **Исполнетост на општите услови да/не** |
|---|---|---|
| **1** | Има завршено интегрирани прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити, со остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум)<br>Просечниот успех изнесува: 8,34 | **ДА** |
| 2 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик: англиски јазик<br>2. Назив на документот: BULATS C2. (CEFR)<br>3. Издавач на документот: British Council Macedonia<br>4. Датум на издавање на документот: февруари 2017 година | **ДА** |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Горица Брешковска с.р.**
**Проф. д-р Татјана Миленковиќ с.р.**
**Доц. д-р Лидија Попоска с.р.**

**ас. д-р Александра Бабуловска**

**БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ**

Кандидатот д-р Александра Бабуловска е родена во 1971 година во Скопје. По завршувањето на средно образование се запишува на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, и истиот го завршува во 1996 година со просечна оценка 8,00. Државниот стручен испит успешно го положила во 1997 година. Испитите од втор циклус студии ги положила со среден успех 9,80 и во 2012 успешно го одбранила магистерскиот труд од областа на интерната медицина, на тема „Компаративна клиничко-епидемиолошка студија на тераписки пристап со бупренорфин и метадон при зависност од хероин“ при Медицинскиот факултет, УКИМ, Скопје, со што се стекнала со звањето магистер на медицински науки. Во мај 2010 година е избрана за асистент на Катедрата за интерна медицина при Медицинскиот факултет на Универзитетот„Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Во 2016/2017 година се запишува на трет циклус студии - докторски студии при Медицинскиот факултет на Универзитетот„Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Во 2002 година се вработила на Универзитетската клиника за ургентна интерна медицина и токсикологија. Специјалистичкиот испит по интерна медицина го положила cum laudeво во 2006 година.

Кандидатката активно го владее англискиот јазик и поседува уверение од Филолошкиот факултет „Блаже Конески“за познавање на англиски јазик, ниво Б2,според Европската јазична рамка на Советот на Европа (CEFR).

**НАСТАВНО НАУЧНА АКТИВНОСТ**

Како специјалист по интерна медицина м-р д-р Александра Бабуловска активно е вклучена во едукацијата на студенти на медицина, стоматологија и специјализанти по интерна медицина и токсикологија на Универзитетската клиника за токсикологија.

Автор е и коавтор на повеќе трудови и апстракти презентирани и објавени во домашни и странски списанија (рецензирани за претходен избор, УКИМ,Билтен бр.983 од 01.04.2010 година).

**СТРУЧНА АКТИВНОСТ**

М-р д-р Александра Бабуловска е активно вклучена во стручно-апликативната работа на Универзитетската клиника за токсикологија во Скопје и во едукативно-практичната настава по предметот Интерна медицинана студентите на медицина, стоматологија и специјализанти по интерна медицина.

Како специјалист и активно учествува на голем број стручни состаноци, симпозиуми и конгреси во земјава и во странство од областа на клиничката токсикологија.

Како коистражувач учествува во научниот проект: „Влијанието на хероинската зависност врз коскениот метаболизам“-УК за токсикологија, Скопје, Медицински факултет - Скопје, 2018година.

**ПУБЛИЦИРАНИ ТРУДОВИ IN EXTENSO ЗА РЕЦЕНЗИЈА**

1. Клинички и биохемиски наоди на рабдомиолиза компликација кај акутно интоксицирани пациенти со психотропни и хемиски супстанции. Бабуловска Александра, Чапароска Д, Велиќ- Стефановска Весна, Симоновска Н, Переска Ж, Костадиноски К, Наумоски К. GEORGIAN MEDICAL NEWS. 2020;(300):90-96.

Истражувањето претставува клиничка студија на пресек (cross sectiones study) која беше спроведена во периодот од 1 јануари до 30 јуни 2019 година на Универзитетска клиника за токсикологија во Скопје. Пациентите со рабдомиолиза ги поделивме во две групи според карактерот на супстанцата употребена за интоксикацијата и тоа: а) психотропна и б) хемиска супстанција. Постои сигнификантна разлика помеѓу двете групи на пациенти со рабдомиолиза во однос на вредностите на ЦПК, уреа и хемоглобин на првиот ден во прилог на сигнификантно повисоки вредности во групата каде интоксикацијата настанала со психотропни супстанции. Со мускулна болка беа 10,9% од пациентите со рабдомиолиза, поради интоксикација со психотропни

супстанции и 3,8% од оние со рабдомиолиза, поради интоксикација со хемиски супстанции без сигнификантна асоцијација помеѓу мускулната болка и видот на интоксикацијата (Fisher exact test: p=0,3003). Мускулна слабост и пигментирана урина беше согледана кај консеквентно 13,0% vs. 63,9%од пациентите со психотропна интоксикација и кај ниеден со хемиска интоксикација.

## О Б Р А З Е Ц 1
## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат**:** ***Александра Беби Бабуловска***
Институција: ***Медицински факултет, УКИМ - Скопје***
Научна област: ***ИНТЕРНА МЕДИЦИНА***

### ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ за факултети кои имаат студиски програми на интегрирани прв и втор циклус студии

| **Ред. број** | **ОПШТИ УСЛОВИ** | **Исполнетост на општите услови да/не** |
|---|---|---|
| **1** | Има завршено додипломски и постдипломски студии по студиските програми пред воведувањето на европскиот кредит-трансфер систем и има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на додипломските и постдипломските академски студии одделно Просечниот успех на додипломски студии изнесува: 8,27<br>Просечниот успех на постдипломски студии изнесува: 9,8 | **ДА** |
| 2 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик: англиски јазик<br>2. Назив на документот: Уверение за познавање на англиски јазик ниво B2. (CEFR)<br>3. Издавач на документот: Филолошки факултет „Блаже Конески” УКИМ- Скопје<br>4. Датум на издавање на документот: септември 2020 година | **ДА** |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Горица Брешковска с.р.**
**Проф. д-р Татјана Миленковиќ с.р.**
**Доц. д-р Лидија Попоска с.р.**

**помл. ас. д-р Емилија Лазарова Трајковска**

**БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ**

Др. Емилија Лазарова Трајковска е родена на 23.05.1073 год. во Скопје. Основно и средно образование завршила во Скопје ( ДСУ „Никола Карев“), со континуиран одличен успех ( 5,00).

На Медицинскиот факултет во Скопје при УКИМ се запишала во 1992 год, а дипломирала во јули 1998 год. со просек 9.00. Од септември 1998 до август 2002 работи како волонтер, а од август 2002 година до денешен ден е во редовен работен однос во ЈЗУ Универзитетска клиника за кардиологија во Скопје, вклучена активно во дијагностика и третман на хоспитализирани пациенти. Досега има работено на следниве оддели: интензивно лекување, аритмии, ургентна амбуланта со дневна болница, срцеви мани и воспалителни срцеви болести, периферни болести (артериска и венска со/без белодробна емболија), коронарна болест. Активно е вклучена и во работата во дијагностички центар, во лабораториите за трансторакална и трансезофагеална ехокардиографија, васкуларна лабораторија (дијагностика на периферна артериска болест, каротидна болест, длабока венска тромбоза), коронарен стрес тест, ЕКГ и АБПМ Холтер мониторинг.

Во 2006 год. го полага специјалистичкиот испит по интерна медицина со успех, а во 2015 год. и супспецијалистичкиот испит по кардиологија и се стекнува со звање специјалист интернист- супспецијалист кардиолог.

Во 2019 год. се запишува на докторски студии по клиничка медицина, област кардиологија. Активно го владее англискиот (ниво Ц1), српскиот и хрватскиот јазик. Поседува сертификат и практични познавања од областа на информатиката.

**НАСТАВНО НАУЧНА АКТИВНОСТ**

Избрана е за асистент по предметот интерна медицина во 2006 год. со континуирано учество во практични вежби на студентите по општа медицина, предмет клиничко испитување и интерна медицина, студенти по стоматологија и др.

Едукатор е на специјализанти по интерна медицина и специјализанти по кардиологија. Едукатор е на матични лекари во склоп на работилници за електрокардиографија, проект на Министерство за здравство.

Моментално е учесник-истражувач во научен проект под наслов „Венски тромбоемболизам кај малигни хемопатии“, главен истражувач проф. др. М. Бошевски и проф. Др. С. Генадиева Ставриќ, одобрен и финансиран од Медицински факултет Скопје, УКИМ, 2019 год.

Била учесник- истражувач во научен проект под наслов „Примарна перкутана коронарна интервенција наспроти тромболиза во третман на акутен миокарден инфаркт“, главен истражувач проф. Др. Б. Петровски, одобрен и финансиран од МОН, 1998 год.

Учесник е во регистарот за атријална фибрилација на Европското кардиолошко здружение.

Досега има учествувано на над 100 кардиолошки симпозиуми и семинари во организација на Македонското кардиолошко здружение во склоп на континуирана медицинска едукација. Исто така, има активно учествувано на многу кардиолошки симпозиуми, семинари, конгреси со меѓународно учество, со свои трудови, од кои во последниве години како предавач на симпозиумот за венски тромбоемболизам – дијагностички и терапевтски пристап со меѓународно учество, во април 2019 год, 6-ти Конгрес по кардиологија со меѓународно учество, во октомври 2019 година, кардиоваскуларни сликовни техники и искуства со КОВИД 19 со меѓународно учество во октомври 2020 година.

**СТРУЧНА АКТИВНОСТ**

Во склоп на своето стручно усовршување кандидатката има учествувано на:

**-Курс за обука за добра клиничка пракса за истражувачи, декември 2008 година, Скопје, Македонија;**

**-Кардиолошки семинар организиран од американско - австриска фондација (ААФ), октомври 2012 година, Салзбург, Австрија;**

**-Тримесечен клинички престој (септември-декември 2013 година) во САД, Ен Арбор, -Универзитет на Мичиген, Кардиоваскуларен центар, со специјален интерес за ехокардиографија, ментор проф. Вилијам Армстронг;**

**-Тромбозис менаџмент семинар, јуни 2014 година, Барцелона, Шпанија;**

**-Едномесечен клинички престој (октомври 2014 година) во Германија, Нирнберг, Центар за срце и крвни садови, клинички тренинг за трансезофагеална ехокардиографија;**

**-Кардиолошки семинар организиран од ААФ, октомври 2015 година, Салцбург, Австрија;**

**-Едномесечен клинички престој во АКХ, Виена, Австрија, октомври 2016 година, со специјален интерес за ехокардиографија, ментор проф. Томас Биндер;**

**-ЕАСД курс за клинички дијабетес, ноември 2017 година, Скопје, Македонија;**

**-ЕАЦВИ курс, мултимодалити имиџинг во итни кардиоваскуларни состојби, март 2018 година, Белград, Србија.**

Членува во Македонско кардиолошко здружение од 2002 год, Европско кардиолошко здружение од 2002 год, Лекарска комора на Македонија од 1998 год, Македонско лекарско друштво од 1998 год, во многу европски асоцијации (за сликовни техники, за венски тромбоемболизам, за мозочен удар и др.).

Од 2018 год. е лиценциран судски вештак од областа на интерна медицина.

**ПУБЛИЦИРАНИ ТРУДОВИ IN EXTENSO ЗА РЕЦЕНЗИЈА**

1. Carotid artery disease in patients with type 2 diabetes, Bosevski M, Lazarova Trajkovska E, PubMed, Angiol Sosud Khir. 2015;21(3):17-26

Цел на оваа студија е да се одредат ризик фактори за каротидна артериска болест кај пациенти со тип 2 ДМ. Пациенти со коронарна артериска болест и тип 2 ДМ без инволвирани во студијата, со проценка на присуство на конкомитантна каротидна болест со ултразвучен преглед на каротидните артерии. Резултатите од оваа студија може да помогнат во дополнување на критериумите за скрининг за каротидна болест кај пациенти со ДМ тип 2.

2. Postpartum spontaneous coronary artery dissection: a rare cause of acute coronary syndrome in young women, Emilija Lazarova Trajkovska, E.Grueva Nastevska, Macedonian Journal of Anaesthesia, Volume 4, Number 3, October 2020.

Ова е редок случај на 38-годишна жена без претходна историја на кардиоваскуларни болести, хоспитализирана поради градна болка по царски рез. По детална дијагностичка евалуација, пациентката е со коронарографски наод за дисекција на предна левата десцендентна коронарна артерија. Пациентката е третирана со коронарен бај-пас (ЛИМА на ЛАД).

3. DOAC- balance between thrombosis and bleeding- a narrative review, Lazarova Trajkovska E, Archives of public health, Vol. 12 No.2 2020.

Цел на овој преглед е да се одреди соодветна стратегија за акутно крвавење на пациент на ДОАК. До скоро супортивна терапија и инфузија на фактори на коагулација без единствените достапни опции за пресврт на дејството на ДОАК. Во последните 4 години одобрувањето на специфични антидоти ја зголемија надежта за подобар исход на крвавењата асоцирани со употреба на ДОАК, но сè уште постојат ограничувања како што се цена, достапност и податоци од клиничка пракса.

4. Special conditions in venous thrombembolism-case series, Marijan Bosevski, Emilija Lazarova Trajkovska et al., MASA, Contributions Sec.of Med.Sci.XL 2 2019, ISSN 1857-9345.

Во оваа студија се прикажани серија од случаи со венски тромбоемболизам во специјални состојби, вклучувајќи канцер асоцирана тромбоза, малигни хемопатии, како и високоризична возрасна популација. Многу клинички важни субгрупи, вклучувајќи постари пациенти, пациенти

со скорешно крвавење, бубрежна слабост, малигном со метастази или бремени пациентки, се помалку застапени во клиничките студии. Во оваа студија се употребени податоците од РИЕТЕ регистарот.

5. Plasma homocysteine in patients with coronary and carotid artery disease: a case control study, Marijan Bosevski, Emilija Lazarova Trajkovska et al., MASA, Contributions Sec.of Med.Sci.XLI 1,2020,ISSN 1857-9345

Цел на  оваа студија е евалуација на поврзаноста помеѓу кардиоваскуларни заболувања и серумското ниво на хомоцистеин. Пациентите без поделени во 4 групи: пациенти со низок ризик за КАБ, без симптоми, пациенти со висок ризик за КАБ без симптоми, пациенти со симптоматска КАБ и пациенти со документирана каротидна и коронарна болест. Докажано е дека високи вредности на хомоцистеин во серум се асоцирани со висок ризик за васкуларни болести, поточно каротидна и коронарна болест, преку инфламаторен и метаболен ефект на атерослеротичните плаки.

## О Б Р А З Е Ц 1
## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат**:** ***Емилија Лазар Лазарова Трајковска***
Институција: ***Медицински факултет, УКИМ - Скопје***
Научна област: ***ИНТЕРНА МЕДИЦИНА***

### ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ за факултети кои имаат студиски програми на интегрирани прв и втор циклус студии

| **Ред. број** | **ОПШТИ УСЛОВИ** | **Исполнетост на општите услови да/не** |
|---|---|---|
| **1** | Има завршено интегрирани прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити, со остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум)<br>Просечниот успех изнесува: 9,00 | **ДА** |
| 2 | Има познавање на најмалку еден странски  јазик<br>1. Странски јазик: англиски јазик<br>2. Назив на документот: Уверение за познавање на англиски јазик ниво C1. (CEFR)<br>3. Издавач на документот: Филолошки факултет ,,Блаже Конески“ УКИМ- Скопје<br>4. Датум на издавање на документот: септември 2020 година | **ДА** |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Горица Брешковска с.р.**
**Проф. д-р Татјана Миленковиќ с.р.**
**Доц. д-р Лидија Попоска с.р.**

**д-р Марија Ѓеракароска Радовиќ**

**БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ**

Кандидатката е родена во 1984 година во Скопје. Основното и средното образование завршила во Скопје со одличен успех (5,00). На Медицинскиот факултет во Скопје се запишала во 2002 година и дипломирала во 2009 година со просечен успех од 9,85. Во 2010 година запишала специјализација на Катедрата по интерна медицина на Медицинскиот факултет Скопје, а специјалистичкиот испит по специјалноста интерна медицина го положила во 2014 година. Во 2016 година се запишала на докторски студии по клиничка медицина од областа на кардиологија. Во 2019 година се запишала на супспецијализација од областа кардиологија.

Во периодот од 2011-2016 година била вработена на Институтот за медицинска и експериментална биохемија при Медицинскиот Факултет - Скопје. Од април 2016 година е вработена на УК за државна кардиохиругија – Скопје на Одделот за интензивно лекување.

Активно го владее англискиот и германскиот јазик, како и одлични практични познавања од областа на компјутерските програми.

**НАСТАВНО НАУЧНА АКТИВНОСТ**

Во периодот од 2011-2016 година кандидатката била активно вклучена во практичната настава за студенти по медицина, стоматологија, аналитичка биохемија, СМС и физиотерапевти како демонстратор- асистент, а подоцна и асистент- докторанд на Катедрата по биохемија и клиничка биохемија при Медицинскиот факултет- Скопје.

Во 2012 година била вклучена како помлад истражувач во „SUMMIT – клиничка студија, фаза III“, спонзорирана од GlaxoSmithKline, со цел тестирање на долгорочните позитивни ефекти на лекот Reloviar во намалување на белодробните и кардиоваскуларни компликации кај лица со ХОББ и зголемен ризик за кардиоваскуларни заболувања.

Во 2013 година учествувала во превод на книга/учебник (проект на Министерството за образование и наука на РМ):

- Cardiac Nursing: A comprehensive Guide од Richard Hatchett, David R.Thompson
- Pathophysiology of Heart Disease од Leonard S. Lilly

Во 2017 година е вклучена како истражувач во рамките на Европскиот регистар за валвуларни заболувања- организиран од страна на EORP (European observational research programme) (EORP Valvular Heart Disease II Survey), а подоцна во 2019 година активно е вклучена како истражувач во Европскиот регистар за срцева слабост (EORP-HFIII Registry).

Во 2019 година активно учествувала на 6-от Македонски кардиолошки конгрес со интернационално учество.

Во 2020 година учествувала на третиот интернационален симпозиум за периоперативен TEE во Милано, Италија. Истата година зела активно учество како поканет предавач на симпозиумот за кардиоваскуларни сликовни техники и искуствата со КОВИД 19 во организација на Македонското здружение по кардиологија.

**СТРУЧНА АКТИВНОСТ**

Кандидатката во моментов е активно вклучена во предопертивната проценка и водењето на пациентите по кардиохируршки интервенции во единица за интензивна нега. Исто така активно е вклучена во водењето на пациентите со механичка циркулаторна поддршка (LVAD, BiVAD), како и во тимот за трансплантација на срце.

Во 2016 година кандидатката има остварено тромесечен престој на Институтот за кардиоваскуларни болести- Дедиње, Р. Србија, во тек на кој има учествувано на тромесечен курс за ехокардиографија и се има здобиено со сертификат за истиот.

Кандидатката е активен член на повеќе здруженија: Лекарска комора на Македонија, European Society of Cardiology, European respiratory Society, Македонско здружение по кардиологија, Здружение на доктори на медицина специјалисти по медицинска биохемија.

**ПУБЛИЦИРАНИ ТРУДОВИ IN EXTENSO ЗА РЕЦЕНЗИЈА**

1. Superior vena cava syndrome as first clinical manifestation of lung adenocarcinoma. Gjerakaroska Radovikj M, Srbinovska-Kostovska E, Jovev S and Dameska S. Mac.Med.Review, 2018;72 (1):35-38

Трудот претставува приказ на случај на белодробен аденокарцином, манифестиран и иницијално сметан за обичен тромб на горна вена кава, третиран безуспешно со орална антикоагулантна терапија. На компјутерска томографија и ехокардиографија на нашиот оддел детектиран огромен мултилобулиран тумор тромб во десната преткомора, со протрузија низ трикуспидниот залисток. Во трудот е изнесена клиничката слика, диференцијално дијагностичките можности при ваквата презентација, како и дијагностичките опции за докажување на истиот. Авторите дошле до заклучок дека кај пациент со синдром на вена кава супериор и маса во десна преткомора, неопходно е да се постави сомнение за тумор тромб и да се истражи потеклото на карциномот со сите расположливи дијагностички методи.

2. Predictors of atrial fibrillation following coronary artery bypass surgery. Gjerakaroska Radovikj M, Srbinovska Kostovska E, Gjerakaroska Savevska C, Jovev S. Arch Pub Health 2020; 12 (2): 5-14 (Macedonian).

Трудот претставува опсервациско научно истражување во рамки на докторската теза, во кој е опфатена една подгрупа испитаници по аорто-коронарна бајпас хирургија, со цел да се утврди инциденцијата на постоперативната атријална фибрилација (ПОАФ), да се откријат предиспонирачките ризик-фактори, како и да се евалуира нејзиниот ефект врз постоперативниот исход. Авторите дошле до заклучок дека ПОАФ значително го влошува морбидитетот и морталитетот кај кардиохируршките пациенти. Возраста, високата вредност на скоровите-CHADS2-VASC2, HATCH и Euroscore, како и волуменот на левата преткомора претставуваат предиктивни фактори за атријална фибрилација во постоперативниот период по аорто-коронарна бајпас операција.

## О Б Р А З Е Ц 1
## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат**:** ***Марија Јосиф Ѓеракароска Радовиќ***
Институција: ***Медицински факултет, УКИМ - Скопје***
Научна област: ***ИНТЕРНА МЕДИЦИНА***

### ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ за факултети кои имаат студиски програми на интегрирани прв и втор циклус студии

| **Ред. број** | **ОПШТИ УСЛОВИ** | **Исполнетост на општите услови да/не** |
|---|---|---|
| **1** | Има завршено интегрирани прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити, со остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум)<br>Просечниот успех изнесува: 9,85 | **ДА** |
| 2 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик: англиски јазик<br>2. Назив на документот: Cambridge English Certificate (ESOL)B2<br>3. Издавач на документот: Cambridge<br>4. Датум на издавање на документот: јануари 2018 година | **ДА** |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Горица Брешковска с.р.**
**Проф. д-р Татјана Миленковиќ с.р.**
**Доц. д-р Лидија Попоска с.р.**

**д-р Милче Цветаноски**

**БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ**

Д-р Милче Цветаноски е роден на 10.06.1992 година во Прилеп. Основно и средно образование завршил во Македонски Брод со одличен успех. На Медицинскиот факултет при УКИМ во Скопје се запишал во учебната 2011/2012 година. Дипломирал на 16.05.2017 година со среден успех 9,66. За време на студиите користел стипендија за талентирани студенти од Министерството за образование. По успешно изведениот приправнички стаж, со основна лиценца за работа се здобил на 01.12.2017 година. На 01.02.2018 година се вработил во ПЗУ „Филинг“ на работна позиција доктор на општа медицина. Својот работен стаж го продолжил на Универзитетската клиника за хематологија во Скопје, каде е вработен од 17.05.2018 година.

Специјализацијата по хематологија ја започнал на 01.03.2019 година.

Активно го владее англискиот јазик, со ниво на познавање B2 според Европската јазична рамка на Советот на Европа, издадено од British Council Macedonia.

Активно се служи со компјутерскиот програмски пакет Microsoft Office, како и со компјутерско пребарување за потребите на секојдневната стручна, како и за научноистражувачка работа.

**НАСТАВНО НАУЧНА АКТИВНОСТ**

Кандидатот е коавтор на неколку објавени трудови.

**СТРУЧНА АКТИВНОСТ**

Д-р Милче Цветаноски е вклучен во секојдневната работа на Клиниката за хематологија во стационарните оддели, во непосредната работа со пациенти, како и со изведување на дијагностички и терапевтски постапки. Има учествувано на повеќе стручни состаноци, работилници, семинари и конгреси, како во земјава, така и во странство. Член е во две комисии во постапката за акредитација на клиниката.

Член е на Лекарската комора на Република Северна Македонија, на Македонското лекарско друштво, на Здружението за хематологија на Македонија, како и на Society of Hematologic Oncology.

**ПУБЛИЦИРАНИ ТРУДОВИ IN EXTENSO ЗА РЕЦЕНЗИЈА**

1. Cardiac and pulmonary late effects in Hodgkin’s lymphoma survivors in The Republic of North Macedonia. Gazmend Amzai, Milce Cvetanoski, Oliver Karanfilski, Sonja Genadieva Stavric, Aleksandar Stojanovic. International Journal of Current Research and Review. Vol 12, Issue 13, July 2020: 13-18. DOI: http://dx.doi.org/10.31782/IJCRR.2020.12133

Целта на трудот била да се анализираат кардијалните и пулмонарните доцни несакани ефекти кај пациенти со Хоџкинов лимфом поврзани со должината и типот на терапијата. Во текот на студијата анализирани биле 287 пациенти со Хоџкинов лимфом, дијагностицирани и третирани на клиниката за хематологија од 2005 до 2015 година. Кај 20,8% од пациентите е регистрирано срцево нарушување со статистички сигнификантно влијание на диксорубицинот врз појавата на доцни срцеви компликации. Пациентите кои добиле дополнително и надмедијастинална радиотерапија имаат двапати повисока фреквенција на појава на срцеви заболувања. Кај 24,7% се регистрира нарушен белодробен наод, а кај 12,7% се регистрира тежок степен на белодробна вентилаторна инсуфициенција која е во корелација со примената на блеомицинот во терапевтскиот протокол.

2. CIRS-G score as a rapid way to determine the overall multimorbidity burden and for selecting optimal and individualized therapy in newly diagnosed elderly CLL patients. Gazmend Amzai, Oliver Karanfilski, Sonja Genadieva-Stavric, Tatjana Sotirova, Slobodanka Trpkovska Terzieva, Marica Pavkovic, Dijana Milovska, Argjent Muca, Bozidar Kocoski, Milce Cvetanoski and Aleksandar Stojanovic. Mac. Med. Review, 2020: 74(2). (во печат)

Примарната цел на студија била да се процени дистрибуција на CIRS статусот кај пациенти со ХЛЛ во клиничката пракса. Секундарната цел била да се анализираат ефектите на CIRS скорот во

изборот на опциите на третман во секоја група на пациенти класифицирани по CIRS. Студијата покажа дека статусот на коморбидитети е од голем интерес при лекување на повозрасни пациенти со ХЛЛ, а CIRS е корисен за идентификување на најдобриот третман што ќе овозможи постигнување на најдобра можна контрола на ХЛЛ, а и истовремено одржување на оптималното ниво на квалитет на живот.

**О Б Р А З Е Ц 1**
**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

Кандидат**:** ***Милче Славе Цветаноски***
Институција: ***Медицински факултет, УКИМ - Скопје***
Научна област: ***ИНТЕРНА МЕДИЦИНА***

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ**
**за факултети кои имаат студиски програми на интегрирани прв и втор циклус студии**

| **Ред. број** | **ОПШТИ УСЛОВИ** | **Исполнетост на општите услови да/не** |
|---|---|---|
| **1** | Има завршено интегрирани прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити, со остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум)<br>Просечниот успех изнесува: 9,96 | **ДА** |
| 2 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик: англиски јазик<br>2. Назив на документот: BULATS B2. (CEFR)<br>3. Издавач на документот: British Council Macedonia<br>4. Датум на издавање на документот: март 2018 година | **ДА** |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Горица Брешковска с.р.**
**Проф. д-р Татјана Миленковиќ с.р.**
**Доц. д-р Лидија Попоска с.р.**

**д-р Александра Цаневска Танеска**

**БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ**

Кандидатката е родена на 28.05.1984 година, во Скопје. Основно образование има завршено во О.У. „Љубен Лапе" во Скопје со просек 5,00 по што се стекна со признание првенец на генерација. Средното образование го завршила во ДСМУ „Панче Караѓозов“, отсек медицинска сестра –техничар со одличен успех 5,00.

На Медицинскиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ се запишала во студиската година 2002/2003 година, а дипломирала на 06.02.2009 година со просек 9,23. Во текот на студирањето членувала во повеќе студентски здруженија, за меѓународна размена на студенти, за спорт, а е автор и на неколку написи во медицинското списание Медикус. По изведување на лекарскиот стаж, го положила стручниот испит и се здобила со лиценца за работа на 02.10.2009 година. По здобивањето со лиценца за работа, 18 месеци работела како матичен доктор, а потоа се вработила во ЈЗУ „Здравствен дом – Скопје“, 1 година на одделот за вакцинација и превентивна медицина, а потоа во Службата за итна медицинска помош и домашно лекување, каде остварила работен стаж од 5 години. Во 2013 година започнала со приватна специјализација на Катедрата по интерна медицина на Медицинскиот факултет во Скопје, а по положување на специјалистичкиот испит во февруари 2017 год., се здобила со звање специјалист по интерна медицина. Од јануари 2019 година е вработена на Универзитетската клиника за нефрологија, каде сè уште и работи на Одделот за етиоструктурна нефролошка проценка.

Активно го владее англискиот јазик и поседува меѓународен сертификат (First Certificate in English FCE grade C), издаден од Британскиот совет во Скопје 2000 година, како и уверение за познавање на англискиот јазик со ниво Ц1 според Европската јазична рамка на Совет на Европа (CEFR), издадено на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје на 04.09.2020 година. Има основно познавање и од албанскиот јазик, со завршени 4 степени на курс по албански јазик. Има посетувано и основен курс по информатика.

**НАСТАВНО НАУЧНА АКТИВНОСТ**

Како подистражувач е вклучена во меѓународниот проект „Потенцијална валидација на уринарен тест за одредување на прогресија на клиничката слика кај пациенти заразени со SARS-CoV-2 инфекција“, главни истражувачи - проф. д-р. мед Јоаким Бајге, д-р. мед Кристоф Луберт, Клиника Св. Ѓорги - Лајпциг, Оддел за инфектологија/тропски болести, нефрологија и ревматологија.

**СТРУЧНА АКТИВНОСТ**

Од вработувањето на Универзитетската клиника за нефрологија, работи на Одделот за етиоструктурна нефролошка проценка.

**ПУБЛИЦИРАНИ ТРУДОВИ IN EXTENSO ЗА РЕЦЕНЗИЈА**

1. Malnutrition-inflammation score predicts survival in hemodialysis patients. Trajceska L, Selim Gj, Arsov S, Canevska A. JMS 2019;2(2):31-36

Проспективна студија спроведена кај 131 преvалентни дијализни пациенти, преку која се утврдува поврзаноста на калкулираниот МИ скор (MIS- Malnutrition-Inflammation Score) и смртноста кај истите, следени во текот на 5-годишен период. Се утврди дека 42 % од вкупниот број испитаници починале, од кои кај 65% (36) била утврдена кардиоваскуларна причина за смрт. Во компаративна анализа помеѓу преживеаните и починатите, не била забележана сигнификантна разлика ниту во нутритивните, ниту во инфламаторните варијабили, како ЦРП, албумин, креатинин, БМИ или СГА. Она што било забележано е значително подолго преживување кај пациентите со понизок МИ скор, што го прави корисна алатка при следење на дијализните пациенти со прогностичко значење во крајниот исход.

2. Relation of renal ultrasonographic measurements with body height. Trajceska Lada, Pavleska Kuzmanovska S, Pusevski V, Rambabova Busljetic I, Severova Andreevska G, Gerasimovska B,

Petronijevic Z, Selim Gj, Ristovska V, Canevska A, Spasovski G. ACTA MORPHOLOGICA 2019,Vol 16(2).

Студија која ја покажува корелацијата помеѓу големината на бубрезите и антропометриските особености, различни помеѓу припадниците на различни етнички групации. Користен е ултразвук за мерење на бубрежниот волумен кај здрави индивидуи и евалуирана поврзаноста со телесната тежина, полот и возраста. Се дојде до заклучок дека должината и волуменот на бубрезите се во тесна корелација со телесната тежина на испитаниците.

3. Influence of Nephrolithiasis and Urinary Tract Infections on the Renal Function in Autosomal Dominant Polycystic Kidney Disease. Vesna Ristovska, Svetlana Pavlevska Kuzmanovska, Ana Stojanoska, Zoran Janevski, Aleksandra Canevska Taneska, Lada Trajceska. Bantao Journal 2019, vol 17-issue2 december, 2019.

Студија која ја покажува асоцијацијата на адултната полицистична бубрежна болест и зголемената инциденца на уринарните инфекции и нефролитијаза кај истите, како влошувачки фактор за прогресија на бубрежната слабост.

## О Б Р А З Е Ц 1
## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: ***Александра Зоран Цаневска Танеска***
Институција: ***Медицински факултет, УКИМ - Скопје***
Научна област: ***ИНТЕРНА МЕДИЦИНА***

### ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ
### за факултети кои имаат студиски програми на интегрирани прв и втор циклус студии

| **Ред. број** | **ОПШТИ УСЛОВИ** | **Исполнетост на општите услови да/не** |
|---|---|---|
| **1** | Има завршено интегрирани прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити, со остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум)<br>Просечниот успех изнесува: 9,23 | **ДА** |
| 2 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик: англиски јазик<br>2. Назив на документот: Уверение за познавање на англиски јазик ниво C1. (CEFR)<br>3. Издавач на документот: Филолошки факултет ,,Блаже Конески“ УКИМ- Скопје<br>4. Датум на издавање на документот: септември 2020 година | **ДА** |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Горица Брешковска с.р.**
**Проф. д-р Татјана Миленковиќ с.р.**
**Доц. д-р Лидија Попоска с.р.**

**д-р Александар Отљански**

Д-р Александар Отљански е роден во Скопје на 25.02.1988 година каде завршил основно и средно образование со просечен успех 5,00. На Медицинскиот факултет во Скопје дипломирал во 2012 година со просечен успех 8,36.

Во октомври 2019 година завршил специјализација по интерна медицина. Со лиценца за работа како специјалист по интерна медицина се стекнал на 08.11.2019 година.

Во специјалната болница по хируршки болести „Филип Втори“ волонтирал на Одделението за полуинтензивна нега од 01.06 2013-15.08 2013 година.

Вработен е на ЈЗУ Универзитетска клиника за хируршки болести „Св. Наум Охридски“ во Скопје од август 2016 година.

Има активно познавање на англиски јазик, ниво B2, според Европската јазична рамка на Советот на Европа.

**НАСТАВНО НАУЧНА АКТИВНОСТ**

Активно учествува на семинари и конгреси меѓу кои и Македонскиот кардиолошки конгрес во 2014 година. Коавтор е на трудови објавени in extensor.

Учествувал како презентер на случај во работилница на тема „Примарна превенција во кардиологија“.

**СТРУЧНА АКТИВНОСТ**

Учествува на интернационални едукациски курсеви во склоп на Европската асоцијација за дијабетес во Софија, Бугарија и Скопје, Македонија во 2017 година, во Белград, Србија и Сараево, Босна во 2018 година, во Тирана, Албанија во 2019 година.

Член е на Македонската асоцијација за хипертензија, Македонското лекарско друштво и Лекарската комора на Македонија.

**ПУБЛИЦИРАНИ ТРУДОВИ IN EXTENSO ЗА РЕЦЕНЗИЈА**

1.Nebivolol: A Different Beta-Blocker for Hypertension. Otljanska M, Kostova N, Boshev M, Otljanski A. J CardiolCurr Res 2016, 5(4): 00171DOI: 10.15406/jccr.2016.05.

Улогата на бета блокаторите во третман на хипертензија е контроверзна. Небивололот е третогенерациски високо селективен бета блокатор со уникатно влијание на ослободување на азот моноксид со активација на бета 3 рецепторите што ја подобрува ендотелната функција, предизвикува вазодилатација и редукција на периферната резистенција. Тој е ефективен во терапија на блага до умерена хипертенија како моно или во состав на комбинирана терапија.

2. Coarctatio aortae secondary form of hypertension-Case report. Otljanska M, Boshev M, Otljanski A. Journal of Cardiology&Current Research, 2017, 8(6), 00300.

Коарктацијата на аорта е конгенитално срцево заболување и е една од причините за секундарна хипертензија. Во трудот е прикажан случај на јуктадуктална коарктација кај пациент кој е рефериран во кардиохирушки центар за интервенција –стентирање на аорта.

# О Б Р А З Е Ц 1
## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: ***Александар Зоран Отљански***
Институција: ***Медицински факултет, УКИМ - Скопје***
Научна област: ***ИНТЕРНА МЕДИЦИНА***

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ
### за факултети кои имаат студиски програми на интегрирани прв и втор циклус студии

| **Ред. број** | **ОПШТИ УСЛОВИ** | **Исполнетост на општите услови да/не** |
|---|---|---|
| **1** | Има завршено интегрирани прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити, со остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум)<br>Просечниот успех изнесува: 8,36 | **ДА** |
| 2 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик: англиски јазик<br>2. Назив на документот: Уверение за познавање на англиски јазик ниво B2. (CEFR)<br>3. Издавач на документот: Центар за странски јазици- Скопје<br>4. Датум на издавање на документот: - | **ДА** |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Горица Брешковска с.р.**
**Проф. д-р Татјана Миленковиќ с.р.**
**Доц. д-р Лидија Попоска с.р.**

**д-р Адријана Спасовска Василова**

**БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ**

Кандидатката е родена во 1987 година во Скопје. Основното и средното образование го завршила во Скопје со одличен успех (5,00). На Медицинскиот факултет во Скопје се запишала во 2006 година и дипломирала во 2012 година со просечен успех од 8,78. Во 2015 година запишала специјализација по нефрологија на Катедрата по интерна медицина на Медицинскиот факултет во Скопје.

Во период од 2013 до 2018 година работела како доктор по општа медицина во ПЗУ Аџибадем Систина. Од декември 2018 година се вработила на Клиника за нефрологија во Скопје.

Активно го владее англискиот јазик.

Поседува одлични практични познавања од областа на информатиката и компјутерските програми.

**НАСТАВНО НАУЧНА АКТИВНОСТ**

Кандидатката е коавтор на неколку објавени трудови.

**СТРУЧНА АКТИВНОСТ**

Д-р Адријана Спасовска Василова е вклучена во секојдневната работа на Клиниката за нефорлогија во непосредната работа со пациенти, како и со изведување на дијагностички и терапевтски постапки. Има учествувано на повеќе стручни состаноци, работилници, семинари и конгреси.

**ПУБЛИЦИРАНИ ТРУДОВИ IN EXTENSO ЗА РЕЦЕНЗИЈА**

1. Tacrolimus variability in transplantation. L.Trajceska, I.R Busletik, I.Nikolov, M.Milenkova, A.Spasovska, G.Spasovski. BantaoJournal. 2019; 1791:26-8

Во оваа студија се испитува индивидуалната варијабилност на такролимус во крв кај трансплантирани пациенти, со цел достигнување на оптимална доза, за намалување на токсичност и превенција од одбивање на графтот. Обработени се 40 стабилни трансплантирани пациенти 6 месеци по трансплантација, кои примаат такролимус два пати дневно, тестирани на неделно ниво. Резултатите покажале варијабилност на вредноста на такролимус помеѓу 2,46-12,48, средна вредност од 6,42 ± 1,86 ng/ml. Средна вредност на коефициент на варијација за целата популација била 22,49%. Авторите заклучуваат дека такролимусот покажал умерена варијабилност кај пациентите. Висока варијабилност на такролимус може да идентификува група на пациенти кои бараат надзор и едукација околу придржување на диета и медикаменти.

2. A case of seronegative pulmonary-renal syndrome: A diagnostic and therapeutic challenge. Muharremi Sh, Selim Gj, Petronijevik Z, Kovaceska V, Tozija L, Saidi M, Spasovska A, Gjeorgjievski N, Stojanoska A, Poposka B, Kabova A, Milenkova M. Polish archives of internal medicine. Vol 129 (2019) Specialissue 4.

Во оваа презентација на случај авторите опишуваат 51-годишен пациент со пулмоленален синдром, дијагностициран на основа на клиничката манифестација на дифузна алвеоларна хеморагија, негативни серолошки тестови и патохистолошки наод на крешчендо гломерулонефрит, добиен преку ренална биопсија. Активноста на болеста следена преку 24ч протеинурија. Пациентот е третиран со пулс на кортикостероидна терапија, циклофосфамид и плазмаферези, но заради влошување на бубрежната функција поставен е и на хемодијализа. Авторите заклучуваат дека овој случај покажува дека некласифициран пулморенален синдром со алвеоларна хеморагија и гломерулонефрит, без присуство на АНКА или анти ГБМ антитела е редок и асоциран со висок морбидитет и морталитет.

3. A case report of immunosuppression related complicationsin a kidney transplanted patient. Spasovska Vasilova Adrijana, Trajkova S, Simonovska E, Stojanoska, Godjoska S, Stojanoska A,

Nikolov I, Bushljetik Rambabova I, Trajcheska L, Spasovski G. JMS 2020;3 (2):37-41 UDK: 616.61-089.843-085.37

Авторите презентираат случај на 60-годишен пациент со трансплантиран бубрег од кадавер, дијагностициран со дифузен Б клеточен лимфом по презентација на неколкучасовна стомачна болка, како компликација на долгорочната имуносупресивна терапија која вклучувала кортикостероиди, таклолимус и микофенолична киселина. Пациентот е опериран и успешно третиран со 4 дози на R-CHOP терапија, со нормален ПЕТ скен. Авторите презентираат и генерализирана херпес зостер и ЦМВ инфекција која се случила по два месеца, успешно третирана со ацикловир. Променет имуносупресивен режим со кортикостероиди и сиролимус. Како заклучок потребно е долгорочно мониторирање за превенција и третман на компликациите од долгорочна имуносупресија. Употребата на м TOR инхибиторите е со бенефит во превенција на развој на карциноми кај трансплантирани пациенти.

## О Б Р А З Е Ц 1
## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: ***Адријана Димитрија Спасовска Василова***
Институција: ***Медицински факултет, УКИМ - Скопје***
Научна област: ***ИНТЕРНА МЕДИЦИНА***

### ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ за факултети кои имаат студиски програми на интегрирани прв и втор циклус студии

| **Ред. број** | **ОПШТИ УСЛОВИ** | **Исполнетост на општите услови да/не** |
|---|---|---|
| **1** | Има завршено интегрирани прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити, со остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум)<br>Просечниот успех изнесува: 8,76 | **ДА** |
| 2 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик: англиски јазик<br>2. Назив на документот: Уверение за познавање на англиски јазик ниво C1. (CEFR)<br>3. Издавач на документот: Филолошки факултет „Блаже Конески“ УКИМ- Скопје<br>4. Датум на издавање на документот: септември 2020 година | **ДА** |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Горица Брешковска с.р.**
**Проф. д-р Татјана Миленковиќ с.р.**
**Доц. д-р Лидија Попоска с.р.**

**д-р Мимоза Миленкова**

**БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ**

Кандидатката е родена во 1983 година во Скопје. Основното и средното образование го завршила во Скопје со одличен успех.

На Медицинскиот факултет во Скопје се запишала во 2001 година и дипломирала во 2007 година со просечен успех од 9,41/10. По завршувањето на приправничкиот стаж, положила државен испит и се стекнала со лиценца за доктор по медицина. Во 2010 година запишала специјализација по интерна медицина на Медицинскиот факултет во Скопје, а специјализирала во 2015 година, стекнувајќи се со лиценца за работа како специјалист- интернист 10/2015 година.

Во период од 2008 до 2019 година работела како доктор во специјалистичката ординација по спортска медицина и наука за движење ПЗУ Кинетикус. Била и тимски лекар на ФК Вардар во периодот од јуни 2016 до септември 2017 година. Од февруари 2019 година е вработена на Клиниката за нефрологија во Скопје.

За време на студиите, едукациониот процес и работниот стаж, активно учествувала во едукациони и практични тренажни програми, истражувачка работа и проекти.

Поседува сертификати за познавање на англискиот јазик издадени од Британскиот совет (тест BULATS) со оцена C2 и сертификат според Европската јазична рамка на Совет на Европа (CEFR) издаден од Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ со оцена C2.

Поседува одлични практични познавања од областа на компјутерските програми.

**НАСТАВНО НАУЧНА АКТИВНОСТ**

За време на студиите, активно учествувала во истражувачка работа и проекти. Коавтор е на труд.

**СТРУЧНА АКТИВНОСТ**

За време на студиите, едукациониот процес и работниот стаж, активно учествувала во едукациони и практични тренажни програми, истражувачка работа и проекти.

Како подистражувач учествува во следниве проекти:

- „Потенцијална валидација на уринарен тест за одредување на прогресија на клиничката слика кај пациенти заразени со SARS-CoV-2 инфекција“, Оддел за инфектологија и тропски болести, нефрологија и реуматологија на Клиниката Св. Ѓорги - Лајпциг, со главни истражувачи проф. д-р Јоаким Бајге, д-р Кристоф Луберт, координатор на истражувањето проф. д-р Гоце Спасовски од Клиниката за нефрологија.
- „Предтрансплантациона проценка на бубрежната функција кај донаторите на бубрег со нуклеарно медицински методи наспроти математички формули“, Институт за патофизиологија и нуклеарна медицина, насл. доц. д-р Ирена Рамбабова Бушљетиќ, проф. д-р Даниела Миладинова.

**ПУБЛИЦИРАНИ ТРУДОВИ IN EXTENSO ЗА РЕЦЕНЗИЈА**

1. Family support is crutial for dyalisis patients compliance to treatment and quality of life. M. Milenkova, L. Trajceska, D. Mladenovska, B. Bedzeti, V. Pusevski, I. RambabovaBusletic, G. Spasovski, Gj. Selim Journal od Morphological sciences Vol3 3 No 2 (2020) pp 29-36 UDC: 616.61-008.64-78:364-797.3-055.52

Во оваа студија целта е да се одреди влијанието на семејната поддршка врз придржувањето кон пропишаните диететски/дијагностички/терапевтски правила кај дијализните пациенти. Предмет на истражување биле 134 пациенти во период од 2 години. Според специфични бодувања за секој индикатор (редовност на дијализни сесии, придржување кон терапија, ниво на фосфати во крв, интердијализни покачувања на телесна тежина, пушење и придржување кон дијагностички процедури), авторите утврдиле дека пациентите кај кои семејната поддршка била на надпросечно ниво, биле сигнификантно повеќе мажи, дијабетичари, пациенти во брак, пациенти со низок социоекономски статус. Пациентите со слаба поддршка од семејството биле оценети со слаб квалитет на живот (56.73±26.15vs.39.23±24.05, p=0.0001) и скорови за генерално отсуство на комплијанса (2.04±1.71vs.2.97±2.06, p= 0.007). Во мултиваријатни анализи нон-комплијансата била најдобро предвидена кај помлади, пациенти од низок социјален статус, слаба

семејна поддршка. Семејната поткрепа е круцијална за одржување на комплијансата кон третман и квалитетот на живот.

2. Tacrolimus variability in transplantation. L.Trajceska, I.R Busletik, I.Nikolov, M.Milenkova, A.Spasovska, G.Spasovski. Bantao Journal. 2019; 1791:26-8

Во оваа студија се испитува индивидуалната варијабилност на такролимус во крв кај трансплантирани пациенти, со цел достигнување на оптимална доза, за намалување на токсичност и превенција од отфрлање на графтот. Обработени се 40 стабилни трансплантирани пациенти 6 месеци по трансплантација, кои примаат такролимус два пати дневно. Тестирани биле на неделно ниво. Резултатите покажале варијабилност на вредноста на такролимус помеѓу 2.46-12.48, средна вредност од 6.42 ± 1.86 ng/ml. Средна вредност на коефициент на варијација за целата популација била 22.49% . Авторите заклучуваат дека такролимусот покажал умерена варијабилност кај пациентите. Висока варијабилност на такролимус може да ни ги посочи пациентите, кои бараат надзор и едукација околу придржување на диета и медикаменти.

3. A case of seronegative pulmonary-renal syndrome: A diagnostic and therapeutic challenge. Muharremi Sh, Selim Gj, Petronijevik Z, Kovaceska V, Tozija L, Saidi M, Spasovska A, Gjeorgjievski N, Stojanoska A, Poposka B, Kabova A, Milenkova M. Polish archives of internal medicine. Vol 129 (2019) Special issue 4

Трудот претставува презентација на случај кој опишува 51-годишен пациент со пулмореналeн синдром, дијагностициран на основа на клиничката манифестација на дифузна алвеоларна хеморагија, негативни серолошки тестови и патохистолошки наод на крешчендо гломерулонефрит, добиен преку ренална биопсија. Активноста на болеста била следена преку 24ч протеинурија. Пациентот бил третиран со пулсна кортикостероидна терапија, циклофосфамид и плазмаферези, но заради влошување на бубрежната функција бил поставен и на хемодијализа. Авторите заклучиле дека овој некласифициран пулморенален синдром со алвеоларна хеморагија и гломерулонефрит, без присуство на АНКА или анти ГБМ антитела е редок и асоциран со висок морбидитет и морталитет.

4. Isokinetic characteristics of ankle joints, clinical torsion profile and length of lower extremities in young handball players. Z. Handziski, E. Handziska, M. Milenkoa, H. Bojadziev. British Journal of Medicine. Nov 2016, 50 (suppl 1) A17; DOI: 10.1136/bjsports-2016-097120.30 IF 7.867

Целта на ова испитување била да ги прикаже изокинетичките карактеристики на скочните зглобови, торзиониот профил и должината на долните екстремитети кај млади ракометарки и сигнификантните корелации меѓу нив. Биле испитувани 61 ракометарка, поделени во три старосни групи. Направени биле изокинетички тестирања на обата скочни зглоба, со следните параметри за евалуација во флексија и екстензија: максимален вртежен момент (Peak TQ), максимален вртежен момент/телесна маса (Peak TQ/BW), вкупна работа кај максимална репетиција (J), просечна снага (Watt), време на акцелерација, време на децелерација, однос агонисти/антагонисти. Авторите заклучиле дека сигнификантното намалување на внатрешна ротација во обата колка кај највозрасната старосна група се должи на подолги и поинтензивни тренажни протоколи; во исто време сигнификантното зголемување на екстерната ротација на лев колк и лево стапало, како и аголот на прогресија на стапалото, кај истата старосна група е во сигнификантна позитивна корелација со изокинетичките карактеристики на дорзалната флесија на обата скочни зглоба. Само Peak TQ во плантарна флексија кај највозрасната старосна група сигнификантно се намалува, контра очекуваните резултати за нејзино зголемување.

5. The changes of clinical profile and isokinetic characteristics of knees and ankles during the training process in young male handball players. Z. Handziski, E. Handziska, M. Milenkova. Research and Physical education, Sport and Health 6(1), pp 101-110. (2017). ISSN: 1857-8160, 1857-8152

Целта на оваа студија била да се презентираат промените во торзиониот профил и изокинетичките карактеристики на колената и скочните зглобови за време на тренажниот протокол кај ракометари во една полусезона. Вклучени биле 88 испитаници на возраст од 14 до 20 години. Направени биле изокинетички тестирања на обата колени и скочни зглоба, измерени биле должините на долните екстремитети и направен торзионен профил. Авторите дошле до следниве заклучоци: сигнификантното зголемување на ротацијата на левиот колк за време на тренажниот протокол и сигнификантното влијание на изокинетичките карактеристики на скочните зглобови и колената на оваа ротација поставува прашање за поврзаноста на зголемената инциденца на повреди на долните екстремитети опишани во литературата во последнава декада; сигнификантното зголемување на изокинетичките карактеристики во десно-колената флексија и плантарната флексија во десното стапало е битна информација за тренерите; намалувањето на акцелерационото и децелерационото време и во флексија и во екстензија на коленото и плантарната флексија на десниот скочен зглоб сугерираат еден од механизмите за зголемен ризик за повреда.

6. ACTN3 genotype and isokinetic characteristics of the knees of soccer players U17. Z. Handziski, E. Handziski, M. Milenkova. Research in Physical Education, Sport and Health. 5(1), pp 45-50 (2016). ISSN: 1857-8160, 1857-8152.

Целта на оваа студија била да се одреди ACTN3 генотипот и изокинетичките карактеристики на колената на U17 фудбалерите. Вклучени биле 27 фудбалери на возраст 16-17 години. Испитувани биле: ACTN3 генотипот преку венска крв (RR – мускулни влакна со брзи карактеристики, XX – мускулни влакна со карактеристики на издржливост и RX варијанта – мешани мускулни влакна) според позиција на фудбалска игра; мерени биле Peak TQ/BW, AG/ANT (H/Q) и дефицитите на флексија и екстензија на обете колена со изокинетичко тестирање, според позиција на фудбалска игра. Авторите заклучиле дека дистрибуцијата на ACTN3 генотипот кај фудбалерите биле генерално во сооднос со податоците наведени во литературата, со изненадувачки висока XX честота на генот кај напаѓачите; H/Q на десното колено, особено кај одбранбените играчите било над нормалните вредности. Напаѓачите биле со најсигнификантни разлики помеѓу колените зглобови. Најчестите дефицити биле во флексија, особено на левата натколеница.

# О Б Р А З Е Ц 1
## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: ***Мимоза Владимир Миленкова***
Институција: ***Медицински факултет, УКИМ - Скопје***
Научна област: ***ИНТЕРНА МЕДИЦИНА***

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ
**За факултети кои имаат студиски програми на интегрирани прв и втор циклус студии**

| **Ред. број** | **ОПШТИ УСЛОВИ** | **Исполнетост на општите услови да/не** |
|---|---|---|
| **1** | Има завршено интегрирани прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити, со остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум)<br>Просечниот успех изнесува: 9,41 | **ДА** |
| 2 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик: англиски јазик<br>2. Назив на документот: Уверение за познавање на англиски јазик ниво C2. (CEFR)<br>3. Издавач на документот: Филолошки факултет ,,Блаже Конески“ УКИМ- Скопје<br>4. Датум на издавање на документот: септември 2020 година | **ДА** |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Горица Брешковска с.р.**
**Проф. д-р Татјана Миленковиќ с.р.**
**Доц. д-р Лидија Попоска с.р.**

**д-р Тара Ристевска**

**БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ**

Кандидатот д-р Тара Ристевска е родена на 10.3.1991 г. во Битола. Основното и средното образование ги завршува во Битола, со просечен успех 5.00, како првенец на својата генерација. Образованието го продолжува на Медицинскиот факултет во Скопје на отсекот општа медицина, каде што во 2016 г. дипломира со просек 8,65 и се стекнува со лиценца од Лекарската комора на Македонија.

Поради просекот од над 8,5 во текот на студиите, стипендист е на МОН.

Од септември, 2017 г., волонтира на кардиохирургија и васкуларна хирургија при ЈЗУ УК Државна кардиохирургија - Скопје. Од мај, 2018 г. е вработена на ЈЗУ УК за хематологија - Скопје. Од октомври, 2018 година е запишана на втор циклус (магистерски) студии по јавно здравство. Од март, 2019 г. е на специјализација - хематологија.

Активно ги владее англискиот и шпанскиот јазик, а има основни познавања од францускиот јазик. Поседува сертификати и одлични практични познавања од областа на информатиката и компјутерските програми.

**НАСТАВНО НАУЧНА АКТИВНОСТ**

Во текот на студиите, а особено по дипломирањето, учесник е на многубројни: трибини, работилници, конференции, стручни состаноци и конгреси во земјава и во странство.

Се јавува како истражувач во еден проект, автор на 1 труд и коавтор во 10 трудови.

Во јуни, 2017 г., со своја презентација на научен труд *Hygiene hypothesis in childhood asthma,* се претстави на конгресот на Европската академија на алергологија и клиничка имунологија во Хелсинки - EAACI (European Academy of Allergy and Clinical Immunology).

**СТРУЧНА АКТИВНОСТ**

Во периодот од јануари до мај, 2016 г. учествува како коистражувач во истражувачкиот проект: Lung Health Survey in Childhood, финансиран од еден од најдобрите 300 универзитети во светот, Универзитетот од Саскачуан - Саскатун (Канада).

За одбележување е едномесечниот престој (јули, 2016 г.), на Одделот за торакална хирургија во болницата Germans Triasi Pujol во Барселона, каде што се стекнува со нови вештини и ги проширува своите професионални хоризонти.

Кандидатот во моментов е активен член на повеќе здруженија: Европското здружение за алергологија и клиничка имунологија, Здружение за хематологија на Македонија, Европската хематолошка асоцијација; во моментов е составен дел од тимот за трансплантација на хематопоетски матични клетки при Универзитетската клиника за хематологија и воедно е член на Европската група за трансплантација на коскена срцевина (ЕВМТ).

# О Б Р А З Е Ц 1
## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: ***Тара Драган Ристевска***
Институција: ***Медицински факултет, УКИМ - Скопје***
Научна област: ***ИНТЕРНА МЕДИЦИНА***

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ
**за факултети кои имаат студиски програми на интегрирани прв и втор циклус студии**

| **Ред. број** | **ОПШТИ УСЛОВИ** | **Исполнетост на општите услови да/не** |
|---|---|---|
| **1** | Има завршено интегрирани прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити, со остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум)<br>Просечниот успех изнесува: 8,65 | **ДА** |
| 2 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик: англиски јазик<br>2. Назив на документот: BULATS B2. (CEFR)<br>3. Издавач на документот: British Council Macedonia<br>4. Датум на издавање на документот: февруари 2017 година | **ДА** |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Горица Брешковска с.р.**
**Проф. д-р Татјана Миленковиќ с.р.**
**Доц. д-р Лидија Попоска с.р.**

**Асистент - докторанд д-р Ангела Дебрешлиоска**

**БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ**

Кандидатот д-р Анѓела Дебрешлиоска е родена на 12.08.1979 година, во Скопје. Средно образование завршила во Штип во 1997 година со одличен успех. Со високо образование се стекнала на Медицински факултет во Скопје. Дипломирала на 19.02.2004 година, со просечен успех 8,75. Специјализација по интерна медицина завршила во 2010 година, и супспецијализација по пулмологија со алергологија во 2019 година.

Кандидатот активно се служи со англиски јазик, ниво С1 според Европската јазична рамка на Советот на Европа (CEFR).

Во учебната 2004/2005 година се запишала на втор циклус (магистерски) студии на Медицинскиот факултет во Скопје.

Докторска дисертација пријавила на 22.09.2020 година на Медицинскиот факултет во Скопје, на тема: „Генетски и инфламаторни параметри на хронична опструктивна белодробна болест во асоцијација со клиничките фенотипови“.

На 17.03.2016 година е избрана во звањето асистент докторанд на Медицинскиот факултет во Скопје во областа интерна медицина.

Во моментов е асистент докторанд по интерна медицина. Последниот реферат за избор е објавен во Билтен бр.1110 од 02.11.2015 година.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од почетокот на кариерата, објавени во Билтен бр. 1110 од 02.11.2015 година, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

**НАСТАВНО НАУЧНА АКТИВНОСТ**

Д-р Анѓела Дебрешлиоска има објавено вкупно 45 научни трудови од областа на интерната медицина, од кои 7 трудови во меѓународни научни списанија и 38 трудови во зборници од научни собири.

Д-р Анѓела Дебрешлиоска била учесник како подистражувач во 2 меѓународни научни проекти:

- Study to Evaluate the Effect of Fluticasone Furoate/Vilanterol on Survival in Subjects With Chronic Obstructive Pulmonary Disease (SUMMIT), NCT01313676.
- A Study of Rivaroxaban (JNJ-39039039) on the Venous Thromboembolic Risk in Post-Hospital Discharge Patients (MARINER), NCT02111564

**СТРУЧНА АКТИВНОСТ**

Д-р Анѓела Дебрешлиоска е активно вклучена во стручно-апликативната работа на УК за пулмологија и алергологија. Врши стручна и научна дејност од областа на пулмологијата и алергологијата, со потесна област функционална дијагностика и ултрасонографија на бели дробови.

Стручно усовршување во странство остварила со студиски престој на Клиника за пулмологија, Клинички центар Србија и Универзитетска клиника- Гросхадерн, Лудвиг-Максимилијан универзитет, Минхен, Р. Германија.

**ПУБЛИЦИРАНИ ТРУДОВИ IN EXTENSO ЗА РЕЦЕНЗИЈА**

1. Asthma and copd overlap syndrome. Dimitrievska D, Zdraveska M, Todevski D, Janeva E, Arbutina S, Debreslioska A. Mak Med Pregled 2015; 69(1): 8-11.

Во трудот се анализира синдромот на преклопување на астма и ХОББ, кој се среќава кај 15-25% од вкупниот број на опструктивни болести на дишните патишта, и овие пациенти имаат полоша прогноза во однос на секоја од овие болести поединечно, имаат комбинација од ризик фактори, помлади се и имаат почести егзацербации. Се дискутира фармаколошкиот пристап кој треба да биде интегриран, и потребата од нови рандомизирани студии.

2. The Level of Cholesterol in COPD Patients with Severe and Very Severe Stage of the Disease. Zafirova-Ivanovska B, Stojkovikj J, Dokikj D, Anastasova S, Debreslioska A, Zejnel S et all. Open Access Maced J Med Sci. 2016 Jun 15; 4(2):277-282.

Во трудот се анализира преваленцата на хиперхолестеролемијата кај стабилни пациенти со тешка и многу тешка форма на ХОББ. Испитани се 100 пациенти, пушачи, со тешка и многу тешка ХОББ, забележани се нивните демографски и функционални параметри, индекс на телесна маса, ниво на холестерол, ХДЛ и ЛДЛ. Утврдени се значајно повисоки вредности на холестерол и ЛДЛ кај испитаниците, а намалени вредности на ЛДЛ.

3. The effect of smoking on lung function and respiratory symptoms in population aged 25-40 years who work in state administration.Zafirova-Ivanovska B, Stojkovikj J, Dokikj D, Jovanoski S, Angelovska I, Debreslioska A. Physioacta. 2016 Jun; 10 (1): 51-56

Во овој труд биле иследувани 230 субјекти, 110 пушачи, 80 непушачи и 40 поранешни пушачи на возраст меѓу 25-45 години. Биле пополнувани прашалници за респираторни симптоми и белодробни функционални тестови. Се добиле пониски вредности на FEV1 кај пушачите во споредба со непушачи, како и зголемена продукција на спутум и кашлица кај пушачи. Свирење во градите и диспнеата биле незначајни помеѓу двете групи.

4. The Effect of Combined Therapy ICS/LABA and ICS/LABA plus Montelukast in Patients with Uncontrolled Severe Persistent Asthma Based on the Serum IL-13 and FEV1. Janeva EJ, Goseva Z, Gjorchev A, Debreslioska A, Spiroski M, Zafirova B, Dimitrova MG. Open Access Maced J Med Sci. 2015 Jun 15;3(2):268-72.

Во трудот се анализира ефектот на комбинирана терапија ИКС/ЛАБА и комбинирана терапија плус монтелукаст кај пациенти со тешка перзистентна неконтролирана астма, преку одредување на серумските вредности на ИЛ 13 пред и по третманот. Вклучени се две групи на испитаници, првата третирани со ИКС/ЛАБА, а втората со ИКС/ЛАБА и монтелукаст и утврдено е дека новото на ИЛ 13 е сигнификантно повисоко и кај двете групи пред третманот, и значително се намалува по третманот, поизразено во втората група. Заклучено е дека третман со ИКС/ЛАБА и монтелукаст е супериорен за тешка перзистентна неконтролирана астма.

5. The Prevalence and Risk Factors of Cardiovascular Comorbidity in Patients with Severe and Very Severe COPD. Stojkovikj J, Ivanovska-Zafirovska B, Angelovska I, Debreslioska A, Zejnel S. Global Journal of Medical Research. 2016 Sep 8; 16: 4-F.

Во оваа студија се одредувала преваленцијата и ризик факторите на кардиоваскуларните коморбидитети кај ХОББ кај 114 испитаници со тежок и многу тежок облик на болеста. Кај 92 од нив е најдено присуство на кардиоваскуларни коморбидитети и се заклучило дека тие се многу чести кај пациенти со тежок и многу тежок ХОББ и имаат големо влијание врз болеста.

6. Biomarkers of Inflammation in Peripheral Blood during Treatment with Inhaled Corticosteroids in Patients with Asthma. Dimitrievska DT, Zdraveska M, Todevski D, Janeva EJ, Debreslioska A. South East European Journal of Immunology. 2016 Dec 24;2016:1-4.

Во трудот се анализирани вредностите на биолошките инфламаторни маркери (Ил5, еозинофили и ЦРП) во тек на третманот со инхалаторни кортикостероиди (ИКС) кај пациенти со астма. Резултатите од студијата на 30 пациенти покажале дека ИКС ја супримираат инфламаторната реакција и инфламаторните маркери, и може да се користат и за дијагноза, но и за следење на третманот.

7. Goodpasture syndrome diagnosed one year and a half after the appearance of the first symptoms (case report). Stojkovikj J, Zejnel S, Gerasimovska B, Gerasimovska V, Stojkovic D, Trajkovski M, Angelovska I, Debreslioska A, Jovanovski S. Open access Macedonian journal of medical sciences. 2016 Dec 15;4(4):683.

Преку анализа на случај на пациент со клиничка слика на белодробна хеморагија и гломерулонефрит, кај кого е докажан синдромот на Goodpasture со ренална биопсија, се прикажува дека со сегашната терапија е возможно стабилизирање на состојбата и долгогодишно преживување за повеќе од 50%.

8. Рана пулмонална рехабилитација кај акутна егзацербација на ХОББ. Арсовски З, Ќаева Б, Докиќ Д, Брешковска Г, Гошева З, Дебрешлиоска А и сор. Mak Med Pregled 2016; 90 (92): 47-48.

Во трудот е анализиран ефектот на раната пулмонална рехабилитација која е составен дел од сите водичи за нефармаколошки третман на ХОББ со осврт особено кај пациенти по акутна егзацербација на болеста. Наведени се различни светски искуства, позитивни и негативни, од рехабилитација започната во тек на хоспитализација поради акутна егзацербација на ХОББ или веднаш по неа. Се наведува дека особено влијание на успехот од рехабилитацијата имаат присуството на коморбидитети, мотивираноста на пациентот, сеопфатност на рехабилитационите методи, индивидуализираниот пристап и постхоспиталното придржување на препораките. Се наведува дека успехот од рехабилитацијата зависи од бројот и интензитетот на тераписките сесии, едукацијата, степенот на супервизија, како и психичкиот статус на болните со ХОББ.

9. Correlation between plasma levels of IL-33 and Vitamin D in patients with severe uncontrolled allergic asthma. Jovanovska Janeva E, Kjaeva B, Breshkovska G, Gjorchev A, Goseva Z, Debreslioska A et al. European Respiratory Journal 2017 50: 1162.

Целта на студијата била да се одреди дали ниските вредности на витамин Д се поврзани со циркулирачкиот интерлеукин- 33 и дали влијаеле на белодробната функција кај тешка неконтролирана астма, се забележала негативна корелација помеѓу интерлеукин-33 и витамин Д 3 како и негативна корелација помеѓу интерлеукин-33 и ФЕВ1.

## О Б Р А З Е Ц 1
## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: ***Ангела Стојан Дебрешлиоска***
Институција: ***Медицински факултет, УКИМ - Скопје***
Научна област: ***ИНТЕРНА МЕДИЦИНА***

### ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ за факултети кои имаат студиски програми на интегрирани прв и втор циклус студии

| **Ред. број** | **ОПШТИ УСЛОВИ** | **Исполнетост на општите услови да/не** |
|---|---|---|
| 1 | Има завршено интегрирани прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити, со остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум)<br>Просечниот успех изнесува: 8,75 | **ДА** |
| 2 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик: англиски јазик<br>2. Назив на документот: Уверение за познавање на англиски јазик ниво C1. (CEFR)<br>3. Издавач на документот: Филолошки факултет „Блаже Конески“ УКИМ- Скопје<br>4. Датум на издавање на документот: јули 2020 година | **ДА** |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Горица Брешковска с.р.**
**Проф. д-р Татјана Миленковиќ с.р.**
**Доц. д-р Лидија Попоска с.р.**

**д-р Невенка Ридова**

**БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ**

Д-р. Невенка Ридова е родена на 03.12.1992 год. во Кавадарци. Основното и средно гимназиско образование ги завршила во Кавадарци со континуиран одличен успех од 5,00. Се запишала на Медицинскиот факултет - Скопје, насока општа медицина, во 2011 година. Дипломирала во 2017 година со просечен успех од 9,76 и била избрана за првенец во генерацијата 2011/2016 година. Започнала специјализација по хематологија при Катедрата за интерна медицина на Медицинскиот факултет - Скопје во март, 2018 година.

Вработена е на Универзитетската клиника за хематологија во Скопје од мај, 2018 год. Активно ги владее англискиот и германскиот јазик.

**НАСТАВНО НАУЧНА АКТИВНОСТ**

Кандидатот е коавтор на 3 научни труда.

Кандидатот во моментот учествува како истражувач во 2 клинички истражувања:

- Од ноември, 2019 година е коистражувач во студијата GIMEMA-EORTC-1621-QLC-L6 (SPARTA – A Survivorship Project to understAnd and to impRove long-Term outcomes for Acute myeloid leukemia patients) – опсервациона, интернационална, мултицентрична клиничка студија со примарна цел да се испитаат разликите во степенот на квалитет на живот, поврзан со здравјето (HRQoL) помеѓу долгогодишно излекуваните пациенти со акутна миелобластна леукемија (AML) и здрави врсници – спонзорирана од Fondazione GIMEMA – Frano Mandelli onlus и EORTC (European Organisation for the Research and Treatment of Cancer);
- Од јуни, 2020 година е млад истражувач во истражувачки проект дел од International Centre for Genetic Engineering and Biotechnology (ICGEB) Research Grants Programme 2020: „Cytotoxic T-cell and natural antibody responses in asymptomatic/ mildly symptomatic, severely symtomatic and critcally ill patients with COVID-19” со цел проучување на еволуцијата на механизмите на вродениот и стекнат имун одговор во клиничкиот тек на COVID-19 инфекцијата.

**СТРУЧНА АКТИВНОСТ**

Кандидатот во моментот е член на повеќе здруженија: *SOHO* (*Society of Hematological Oncology)*; *ERIC (European Research Initiative in CLL)* и *Здружението за хематологија на Македонија*

**ПУБЛИЦИРАНИ ТРУДОВИ IN EXTENSO ЗА РЕЦЕНЗИЈА**

1. Popova-Labachevska M, Panovska-Stavridis I, Eftimov A. Kapedanovska Nestorovska A, Cevreska L, Ivanovski M., Ridova N, Trajkova S, Dimovski AJ. Evaluation of the JAK2V617F mutational burden in patients with Philadelphia chromosome negative myeloproliferative neoplasms: a single-center experience. BALKAN JOURNAL OF MEDICAL GENETICS. 22 (2), 2019.31-36

Оваа студија вклучува 134 пациенти со миелопролиферативен синдром (MPN), вклучувајќи примарна полицитемија (PRV), есенцијална тромбоцитоза (ET) и примарна миелофиброза (PMF) со докажана JAK2V617F мутација. Кај овие пациенти, била направена кванитфикација на степенот на мутација со real time PCR. Резултатите покажале најнизок степен на мутација кај пациентите со ET, а највисок кај PMF и статистички значајна корелација помеѓу степенот на мутација и хематолошките параметри кај PRV и бројот на леукоцити и возраста кај PMF. Исто така, студијата докажала асоцијација помеѓу степенот на мутација и различните MPN фенотипи, со неповолна прогноза кај пациентите со повисок степен на мутација. Студијата заклучува дека квантификацијата на JAK2V617F мутацијата е корисна алатка во терапискиот пристап кон MPN.

# О Б Р А З Е Ц 1
## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: ***Невенка Еленчо Ридова***
Институција: ***Медицински факултет, УКИМ - Скопје***
Научна област: ***ИНТЕРНА МЕДИЦИНА***

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ**
**За факултети кои имаат студиски програми на интегрирани прв и втор циклус студии**

| **Ред. број** | **ОПШТИ УСЛОВИ** | **Исполнетост на општите услови да/не** |
|---|---|---|
| **1** | Има завршено интегрирани прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити, со остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум)<br>Просечниот успех изнесува: 9,76 | **ДА** |
| 2 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик: англиски јазик<br>2. Назив на документот: BULATS C1. (CEFR)<br>3. Издавач на документот: British Council Macedonia<br>4. Датум на издавање на документот: септември 2020 година | **ДА** |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Горица Брешковска с.р.**
**Проф. д-р Татјана Миленковиќ с.р.**
**Доц. д-р Лидија Попоска с.р.**

**ас. д-р Сузана Арбутина**

**БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ**

Ас. д-р Сузана Арбутина е родена на 07.02.1972 год. во Скопје. Основно и средно училиште завршува во Скопје. Дипломира во 2000 год. на Медицинскиот факултет во Скопје со просечен успех 8,80 и се стекнува со звање дипломиран доктор по медицина.

Од 2000 година до денес работи на Универзитетска клиника за пулмологија и алергологија во Скопје. Во 2007 година го полага специјалистичкиот испит од областа на интерна медицина. Во 2012 година го положи супспецијалистичкиот испит од областа пулмологија и алергологија.

За асистент по предметот интерна медицина при Медицинскиот факултет во Скопје е избрана во 2002 година.

Во учебната 2018/19 година се запишува на докторски студии од областа на пулмологија и алергологија на Медицинскиот факултет во Скопје.

Активно се служи со англиски јазик.

**НАСТАВНО НАУЧНА АКТИВНОСТ**

Како асистент по предметот интерна медицина од 2002 е активно вклучена во практичната настава по предметите интерна медицина, основи на клиничко испитување и др.

Како едукатор учествувала во едукација на специјализантите по интерна медицина и пулмологија.

На Клиниката за пулмологија и алергологија учествува во домашни и меѓународни проекти. Учествува на повеќе научен собири, семинари и конгреси во земјава и во странство. Завршува повеќе стручни обуки во странство од областа на пулмоалергологија.

Автор и коавтор е на повеќе научни и стручни трудови.

Коавтор е на практикумот по интерна медицина.

**СТРУЧНА АКТИВНОСТ**

Кандидатката има остварено стручни престои на Клиниката Голник- Универзитетска клиника за белодробни заболувања и туберкулоза, Р. Словенија, Институт за белодробни заболувања во Сремска Каменица, и едномесечна меѓународна едукација во 2016 година, во Клиничкиот центар во Белград, Р. Србија.

Член на Македонско респираторно здружение, Здружение на пулмолози на РМ, European Respiratory Society, European Sleep Research Society (ESRS), European Academy of Allergy and Clinical Immunology, EAACI,Македонско здружение за алергологија и клиничка имунологија„МЗАКИ“.

Актуелен секретар е на Македонско респираторно здружение.

Во 2019 година добива благодарница од Македонско лекарско друштво за активно учество и извршувањето на целите и задачите на МЛД.

**ПУБЛИЦИРАНИ ТРУДОВИ IN EXTENSO ЗА РЕЦЕНЗИЈА**

1. Body mass index as a determinant of outcome of treatment with non-invasive ventilation in patients with respiratory failure due to acute exacerbation of chronic obstructive pulmonary disease. Pejkovska Sava, Jovkovska Kaeva B, Goseva Z, Arsovski Z, Arbutina S. Acta morphol. 2015; Vol.12(2): 51-56

Цел на студијата била да се утврди поврзаноста меѓу БМИ и исходот од НИВ кај пациенти со акутна егзацербација на ХОББ. Пациентите биле поделени според успешноста на НИВ. Не е добиена сигнификантна разлика во однос на GCS, $PaCO_2$ и APACHE II скорот. Сигнификантна разлика меѓу групите постоела за вредности на pH и БМИ. Поголемиот број на пациенти каде што се детектирал неуспех на НИВ биле со BMI<22kg/m2.

2. Goseva Z., Gjorcev A., Jovanovska-Janeva E., Arbutina S. Gastroesophageal reflux symptoms in patients with chronic obstructive pulmonary disease, Macedonian Journal of Medical Sciences 2014; 7 (3): 461-463

Целта на овој труд била да се утврди фреквенцијата на ГЕР симптомите и нивна корелација со белодробната функција кај пациенти со ХОББ. Во студијата биле вклучени 58 пациенти. Првата група имала 20 пациенти со лесна ХОББ, втората 18 пациенти со средна форма и третата група

имала 20 пациенти со тешка ХОББ, како и контролна група со 12 здрави лица. Резултатите покажале дека пациенти со FEV1<50% имале почести симптоми на ГЕР во споредба со оние чии вредности на FEV1 биле > 50%.

3. Janeva Jovanovska E., Kaeva B., Breskovska G., Goseva Z., Gjorcev A., Zdraveska M., Dimitrievska D., Arbutina S., Trajkov D., Genadieva Dimitrova M. Leukotriene receptor antagonists in managing severe uncontrolled asthma, EMJ Allergy & Immunology, Vol 2.1 (66-68) August 2017

Целта на студијата била да се утврди ефектот на монтелукаст додаден во комбинираната терапија (ICS / LABA) преку анализа на серумските IL-5, IL-13, еозинофилите и симптом скорот кај 29 пациенти со тешка неконтролирана астма. Добиените резултати за IL-5, IL-13 и вредноста на еозинофилите покажале дека пред почетокот на терапијата се многу повисоки и третманот на ICS/LABA плус монтелукаст сигнификантно ги намалиле овие вредности и постигнато статистичко сигнификантно подобрување на симптом скорот.

4. Dimitrievska, D., Zdraveska, M., Todevski, D., Janeva, E.J., Arbutina, S.D., & Debreslioska, A. (2015). Asthma and COPD Overlap Syndrome (ACOS). Macedonian Medical Review, 69, 11 - 8.

Авторите дискутираат за низата постојни и новите класи на лекови од кои пациентите со АКОС може да имаат корист и го споделуваат нивниот терапевтски пристап. Потребна е консензусна меѓународна дефиниција за ACOS во иднина. Рандомизирани клинички испитувања се неопходни за да се процени специфичното влијание на интервенциите со лекови врз важните исходи, како што се функцијата на белите дробови, акутните егзацербации, квалитетот на животот и смртноста.

## О Б Р А З Е Ц 1
## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: ***Сузана Стево Арбутина***
Институција: ***Медицински факултет, УКИМ - Скопје***
Научна област: ***ИНТЕРНА МЕДИЦИНА***

### ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ
### За факултети кои имаат студиски програми на интегрирани прв и втор циклус студии

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Има завршено интегрирани прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити, со остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум)<br>Просечниот успех изнесува: 8,80 | ДА |
| 2 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик: англиски јазик<br>2. Назив на документот: Уверение за познавање на англиски јазик ниво C1. (CEFR)<br>3. Издавач на документот: Филолошки факултет „Блаже Конески“ УКИМ-Скопје<br>4. Датум на издавање на документот: септември 2020 година | ДА |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Горица Брешковска с.р.**
**Проф. д-р Татјана Миленковиќ с.р.**
**Доц. д-р Лидија Попоска с.р.**

**д-р Марија Живковиќ**

**БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ**

Д-р Марија Живковиќ е родена во 1985 година. Основно и средно образование завршила во Скопје со одличен успех. На Медицинскиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ дипломирала во 2011 год. со просечен успех 9,3. Успешно го положила стручниот испит и се здобила со лиценца за работа.

Во 2012 година станала волонтер на Универзитетска клиника за ендокринологија. Специјализација по ендокринологија добила во 2013 година. Од декември 2015 година е вработена во ЈЗУ УК за ендокринологија, дијабетес и болести на метаболизмот.

Активно ги владее англискиот и германскиот јазик, а има базично познавање на италијански јазик.

**НАСТАВНО НАУЧНА АКТИВНОСТ**

Автор е, или коавтор на 7 трудови со висок импакт- фактор.

Како автор и коавтор учествувала во изработка на 36 апстракти објавени во зборници на меѓународни конгреси, како и конференции-конгреси на национално ниво.

**СТРУЧНА АКТИВНОСТ**

Во текот на студиите има реализирано два стручни престоја во Полска и Турција. Учествувала на бројни постдипломски курсеви од областа на ендокринологијата и дијабетесот. Работела како волонтер во летни кампови за млади со дијабетес. Има работено на неколку интернационални клинички и опсервациони студии. Активно учествува во работата на Центарот за инсулински пумпи и сензори на Клиниката за ендокринологија.

**ПУБЛИЦИРАНИ ТРУДОВИ IN EXTENSO ЗА РЕЦЕНЗИЈА**

1. Petrovski G, Zivkovic M. Are We Ready to Treat Our Diabetes Patients Using Social Media? Yes, We Are. J Diabetes Sci Technol. 2018 Aug 22:1932296818795441. doi: 10.1177/1932296818795441.

Авторите прикажуваат резултати од ретроспективна и кросекциона студија во која биле вклучени 728 пациенти со тип 1 дијабетес (базал болус и инсулинска пумпа), на возраст од 11 до 25 години, поделени во две групи - група со регуларни клинички визити, без употреба на социјални медиуми и група која покрај стандардниот протокол со регуларни клинички визити дополнително имала интеракција во вид на прашања, одговори и искуства околу грижата за дијабетесот со други пациенти и тим лекари во затворена група ‘’Diabetes Macedonia”и Viber комуникација. Студијата покажала подобра гликемиска контрола кај адолесценти и млади кои секојдневно активно комуницираат околу состојби поврзани со дијабетесот.

2. Zivkovic M., Petrovski G., Bitoska I. Glucose control during kidney transplantation in type 1 diabetes patient on sensor augmented pump: A case report. ActaDiabetologica 2018. DOI: 10.1007/s00592-018-1147-6

Авторите прикажуваат случај на успешна гликемиска контрола во периоперативен период на трансплантација на бубрег кај пациент со тип 1 дијабетес. Контролата била постигната со употреба на систем на инсулинска пумпа и сензор за континуирано гликозно мониторирање (SAP). Системот овозможува приказ на моментални вредности на гликемија, употреба на привремени базални дози со таргетирање на дејството на кортикостероидната терапија и прекин на инсулинската испорака при ниски вредности на гликемија. На овој начин се овозможува одржување на добри гликемиски вредности во сите три фази од периоперативниот период, што придонесува за успешен исход на целиот процес на трансплантација.

3. Petrovski G. Zivkovic M. ShubeskaStratrova S. Todorova B. Type 1 Diabetes and Long-Term Continuous Subcutaneous Insulin Infusion Therapy: A 10-Year Experience from Macedonia. Diabetes Technology and Therapeutics, 2017. DOI: 10.1089/dia.2017.0227

Авторите прикажуваат искуство на центарот за инсулински пумпи, во одржување на добра гликемиска контрола кај долготрајно користење на инсулинска пумпа (>3 години). Оваа ретроспективна студија опфаќа 162 пациенти со тип 1 дијабетес, на терапија со инсулинска пумпа, во периодот од октомври 2004 година до октомври 2014 година. Студијата прикажува одржување на редукцијата на HbA1c од 1.1%.

4. Petrovski G. Zivkovic M. A 5-Step Approach Protocol Using CareLink Therapy Software in Type 1 Diabetes Patients. Journal of Diabetes Science and Technology 2017. DOI: 10.1177/1932296817726553

Авторите прикажуваат употреба на протокол од 5 чекори за поедноставна анализа на податоци од инсулинска пумпа. Податоците од системот на инсулинска пумпа со сензор (SAP) се анализираат во тераписки софтвер CareLink Medtronic, кој генерира 9 различни извештаи на 23 страници. Со наведениот протокол била направена пилот студија која опфатила 34 пациенти на возраст 15.3 ± 7.7 години, со вкупно 128 анализи во период од 3 месеци. Протоколот се покажал како едноставен и ефикасен во анализа и водење на пациенти на инсулинска пумпа со сензор.

5. Petrovski G, Zivkovic M. Impact of Facebook on Glucose Control in Type 1 Diabetes: A Three-Year Cohort Study. JMIR Diabetes 2017;2 (1):e9

Авторите прикажуваат резултати од тригодишна кохорт студија во која биле вклучени 67 адолесценти на терапија со инсулинска пумпа и сензор (SAP). Пациентите биле поделени во две групи: традиционална група со регуларни клинички визити, со употреба на тераписки софтвер и промени во подесувањата на пумпата и интернет група, каде пациентите биле следени на месечно ниво преку тераписки софтвер и информирани за потребните промени преку доставување на пишани медицински извештаи и Facebook пораки. ХбА1ц е одредуван на секои 3 месеци во тек на 3 години. Студијата покажала подобрување на гликемиската контрола кај двете групи со значајно подобрување на ХбА1ц ( P< .05) во интернет групата. Социјалните медиуми, како Facebook, може да бидат дополнително помагало на стандардната медицинска грижа во подобрување на гликозната контрола кај адолесценти со тип 1 дијабетес на инсулинска пумпа.

6. Petrovski G, Zivkovic M, Stratrova SS. Social media and diabetes: can Facebook and Skype improve glucose control in patients with type 1 diabetes on pump therapy? One-year experience. Diabetes Care. 2015 Apr;38(4):e51-2. doi: 10.2337/dc14-2487.

Авторите прикажуваат резултати од едногодишна студија кај група на пациенти со тип 1 дијабетес на инсулинска пумпа и сензор, на возраст од 14 до 23 години. Пациентите биле поделени во 2 групи, интернет група во која визитите се изведувани преку интернет анализа на податоци од пумпа и консултацијата се изведувала преку Facebook пораки и перонализирани Skype термини (видео и звук) и регуларна група, каде пациентите се водени со клинички визити. Двете групи имале подобрување на ХбА1ц по 12 месеци. Резултатите покажале дека пациентите преферираат да комуницираат со своите медицински тимови преку социјални медиуми, додека, пак, Facebook и Skype можат да ја подобрат гликемиската контрола слично на клиничките визити.

7. Petrovski G, Zivkovic M, Milenkovic T, Ahmeti I, Bitovska I. Successful desensitization in patient with type 2 diabetes with an insulin allergy using insulin pump and glargine. ActaDiabetol. 2014 Dec;51(6):1073-5. doi: 10.1007/s00592-014-0591-1.

Авторите прикажуваат случај на десензибилизација кај пациент со тип 2 дијабетес и алергиска реакција кон инсулини. Десензибилизацијата е направена со инсулин гларгин во инсулинска пумпа со следење на 14-дневен протокол во рамките на кој дозирањето започнало со 0,1 единица на ден до вкупно 16 единици на ден на крајот од протоколот. Пациентот немал алергиска реакција на местото на апликација на инфузискиот сет, а потоа успешно бил префрлен на терапија со пенкало инсулин гларгин 36 единици, метформин 2г со што е постигната добра гликорегулација и ХбА1ц-6,2%

# О Б Р А З Е Ц 1
## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: ***Марија Зоран Живковиќ***
Институција: ***Медицински факултет, УКИМ - Скопје***
Научна област: ***ИНТЕРНА МЕДИЦИНА***

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ
**За факултети кои имаат студиски програми на интегрирани прв и втор циклус студии**

| **Ред. број** | **ОПШТИ УСЛОВИ** | **Исполнетост на општите услови да/не** |
|---|---|---|
| **1** | Има завршено интегрирани прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити, со остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум)<br>Просечниот успех изнесува: 9,29 | **ДА** |
| 2 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик: германски јазик<br>2. Назив на документот: Уверение за познавање на германски јазик ниво B2. (CEFR)<br>3. Издавач на документот: Goethe Institut<br>4. Датум на издавање на документот: јуни 2013 година | **ДА** |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Горица Брешковска с.р.**
**Проф. д-р Татјана Миленковиќ с.р.**
**Доц. д-р Лидија Попоска с.р.**

**д-р Татјана Бајрактарова Прошева**

**БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ**

Д-р Татјана Бајрактарова Прошева е родена на 06.11.1967 година во Штип. Основно образование и средно медицинско училиште завршила во Штип, со континуиран одличен успех.

Студиите по општа медицина, на Медицинскиот факултет во Скопје ги започнала во 1986 година, а дипломирала во 1992 год. и се стекнала со звањето доктор на медицина. Во 1992 год. го положила стручниот испит и се здобила со лиценца за работа бр.06231. Од јуни 1995 год. до февруари 1996 год. работела како општ лекар во итна медицинска помош, а од март 1996 - октомври 1999 год. на Одделот за хемодијализа во Медицински центар - Штип. Специјализација по интерна медицина запишала во октомври 1999 год. а со звање специјалист по интерна медицина се стекнала во декември 2003 год. и продолжува да работи како специјалист по интерна медицина во Клиничка болница - Штип. Во ноември 2014 започнува супспецијализација по ендокринологија, со звањето супспецијапист ендокринолог се стекнува во декември 2016 година. Со работа на Клиниката за ендокринологија, дијабетес и метаболички нарушувања во Скопје работи од јуни 2018 год. На 2.4.2008 год, по евалуација и процена на приложените стручни и научни трудови, се стекнала со звањето примариус, по одржување на седница на посебната комисија при Министерството за здравство.

Докторските студии по клиничка медицина се во тек.

Активно познавање на англиски јазик ниво Б2 и германски јазик ниво А2.

**НАСТАВНО НАУЧНА АКТИВНОСТ**

Како асистент по интерна медицина на Универзитетот „Гоце Делчев“ ангажирана е од јануари 2013 до мај 2018 год.

Како автор и коавтор учествувала во изработка на повеќе апстракти објавени во зборници на конференции- конгрес на национално ниво, како и меѓународни конгреси.

**СТРУЧНА АКТИВНОСТ**

Во јуни 1991 год. учествувала на меѓународна размена на студенти во болницата Marques de Valdecilla, Santander, Шпанија. Во февруари 1996 година, пак, била на едукација за хемодијализа на Клиниката за нефрологија во Скопје, а од ноември 2003 до март 2004 год., остварила едукација за ехокардиографија при УК за кардиологија – Скопје. По учеството на курс за дијагноза на остеопороза во октомври 2007 година, се стекнала и со сертификат за дензитометрија. Во Виена, во Wilhelminespital, на Клиниката за кардиологија, бележи повторна едукација од областа на ехокардиографијата во ноември 2009 год. На Клиниката за ендокринологија, во 2014 год., остварила и обука за ехо на тироидна жлезда.

Работела како коистражувач во клинички студии: Fenopra, Odyssey; Sustain 11.

Член е на: Научното здружение на ендокринолози и дијабетолози на Македонија, Македонското здружение за дебелина (МЗД), Македонското лекарско друштво (МЛД), Меѓународното здружение за остеопороза, Здружението на интернисти на Македонија, Европското и Македонското здружение на кардиолози.

**ПУБЛИЦИРАНИ ТРУДОВИ IN EXTENSO ЗА РЕЦЕНЗИЈА**

1. Улога на метаболичниот синдром во развој и прогресија на хроничната бубрежна слабост; Татјана Бајрактарова Прошева; Лилјана Тозија. Македонско Медицинско Електронско Списание Волумен 2015; Статија ИД 50005, http://dx.doi.org/10.3889/mmej.2015.50005 eISSN: 1857-9809.

Целта на трудот била да се систематизираат податоците добиени од студии кои укажуваат на поврзаност на метаболичниот синдром (МС) со прогресијата на бубрежната слабост, за подобро да се разбере како компонентите на МС влијаат на прогресијата на хроничната бубрежна инсуфициенција (ХБИ). Најдена е корелација на сите компоненти на МС со ХБИ.

2. Contemporary stroke prevention strategies in 11 096 European patients with atrial fibrillation: a report from the EURObservational Research Programme on Atrial Fibrillation (EORP-AF) Long-TermGeneral Registry. Giuseppe Boriani [1], Marco Proietti [2], Cécile Laroche [3], Laurent Fauchier [4], Francisco Marin [5], Michael Nabauer [6], Tatjana Potpara [7 8], Gheorghe-Andrei Dan [9], Zbigniew Kalarus [10], Igor Diemberger [11], Luigi Tavazzi [12], Aldo P Maggioni [3 13], Gregory Y H Lip [2 14], EORP-AF Long-Term General Registry Investigators( FYR MACEDONIA Bitola: N. Lozance, S. Nastevska, Ohrid: A. Doneva, B. Fortomaroska Milevska, B. Sheshoski, K. Petroska, N. Taneska, N. Bakrecheski, Skopje: K. Lazarovska, S. Jovevska, V. Ristovski, A. Antovski, Skopje: E. Lazarova, I. Kotlar, J. Taleski, L. Poposka, S. Kedev, Skopje: N. Zlatanovik, Štip: S. Jordanova, T. Bajraktarova Proseva,); Steering Committee (National Coordinators).Europace. 2018 May 1;20(5):747-757. doi: 10.1093/europace/eux301

EORP-AF Long-Term регистарот презентира комплетна слика за актуелната употреба на оралната антикоагулантна терапија (ОАК) кај пациентите со преткоморна фибрилација во повеќето европски држави. Вкупната стапка на употреба на ОАК генерално е висока -84,9%, и низа од фактори се асоцирани со препорачување на употреба на ОАК терапијата. Се евидентира значајна географска хетерогеност во препорачување на невитамин К антагонистите орални антикоагулантни лекови (НОАК).

## О Б Р А З Е Ц 1
## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: ***Татјана Ристо Бајрактарова Прошева***
Институција: ***Медицински факултет, УКИМ - Скопје***
Научна област: ***ИНТЕРНА МЕДИЦИНА***

### ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ
### За факултети кои имаат студиски програми на интегрирани прв и втор циклус студии

| **Ред. број** | **ОПШТИ УСЛОВИ** | **Исполнетост на општите услови да/не** |
|---|---|---|
| **1** | Има завршено додипломски и постдипломски студии по студиските програми пред воведувањето на европскиот кредит-трансфер систем и има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на додипломските и постдипломските академски студии одделно<br>Просечниот успех на додипломски студии изнесува: 8,23<br>Просечниот успех на постдипломски студии изнесува: | **ДА** |
| 2 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик: англиски јазик<br>2. Назив на документот: Уверение за познавање на англиски јазик ниво B2. (CEFR)<br>3. Издавач на документот: Филолошки факултет „Блаже Конески“ УКИМ- Скопје<br>4. Датум на издавање на документот: септември 2020 година | **ДА** |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Горица Брешковска с.р.**
**Проф. д-р Татјана Миленковиќ с.р.**
**Доц. д-р Лидија Попоска с.р.**

**Асистент - докторанд д-р Зоран Арсовски**

**БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ**

Д-р Зоран Арсовски е роден во Скопје на 26.09.1966 година каде завршил основно и средно образование. На Медицинскиот факултет во Скопје дипломирал на 02.06.1992 година со просечен успех 8,81. Во тек на студиите, во 1990 година, имал стручен престој во Ain Shamps University Hospital, Cairo, Egipet.

Државниот испит го положил на 01.07.1993 година.

Вработен е во ЈЗУ Универзитетска клиника за пулмологија и алергологија од 1994 година. До 2014 година бил шеф на Отсекот за алергологија, а од 2014 година до денес е шеф на Одделот за проценка на респираторна функција. Го владее англискиот и францускиот јазик.

**НАСТАВНА АКТИВНОСТ**

Во 1997 година бил избран за помлад асистент по предметот интерна медицина. Асистент по интерна медицина за прв пат бил избран во 2001 година и потоа реизбран во повеќе наврати, последен избор за звање асистент докторанд на 23.12.2015 година. Ова звање го има до денешен ден.

Активно учествува во реализација на практичната настава (вежби) по предметите кои ги координира Катедрата по интерна медицина.

Ас. Д-р Зоран Арсовски досега е едукатор на 14 специјализанти.

**СТРУЧНА И НАУЧНА АКТИВНОСТ**

Магистерскиот труд со наслов: „Одредување на специфичните ИгЕ антитела ИгЕ антитела кај пациенти со анафилактична реакција по убод од Hymenoptera со сопствени микро-ELISA тест китови“ го одбранил во 2003 година и се стекнал со звање – магистер на медицински науки.

Специјалистичките студии по интерна медицина ги завршил во 1999 година. Супспецијализацијата по пулмологија и алергологија ја завршил во 2004 година и се стекнал со звање супспецијалист по пулмологија и алергологија.

Во 1999 година имал стручен престој на “RUSH” Универзитетот во Чикаго, САД и бил награден со “International Miniresidency RecognitionAward” од страна на Американскиот колеџ на пулмолози. Во 2000 година учествувал на Европскиот семинар за респираторна медицина и на Напредниот едукациски програм за имунологија на астмата во Ферара, Италија. Во 2001 година го завршил семинарот за доктори едукатори за рационално препишување на лекови, организиран од Министерството за здравство на Република Македонија. Во 2002 година учествувал на курсот за Базична алерологија за лекари – пулмолози во Анталија, Турција. Во 2003 година во Виена, Австрија, учествувал на курсот: „Маркери на инфламацијата кај опструктивната болест на дишните патишта“. Во 2005 година учествувал на едукацискиот семинар за фармакологија на астмата и ХОББ во Лондон, Велика Британија. Во 2006 година учествувал на школата за откажување од пушење – организирана од ЕРЗ во Родос, Грција. Истата година бил предавач на работилницата организирана од МРЗ на тема: „Современа терапија на респираторните болести“. Во 2007 година учествувал на стручен состанок: Иновации во дијагностиката и третман на алергиите. Учествувал и на Истражувачкиот семинар организиран од ЕРЗ: „Комплексност на пациентите со мултипли хронични болести“, одржан во Рим, Италија и на Работилницата организирана од GRACE и EBAID за инфекции на долните респираторни патишта – моментален концепт во патогенезата, микробиологијата, епидемиологијата и економското влијание одржан во Прага, Чешка. Во 2008 година учествувал на истражувачки семинар за пулмонална циркулација – пулмонална артериска хипертензија со склеродерма во Париз, Франција. Учествувал на работилница за проценка на ризиците на работното место - SNF SCOPES Project, како и учество на регионалната зимска школа за проценка на ризик на работното место. Истата година го положил испитот за менаџмент на јавна здравствена установа. Во 2009 година ја завршил Алерголошката школа за ремек дело – алергија на лекови, под покровителство на EAACI и GALEN, во Fischbachau, Германија. Во 2010 година учествувал на Првата регионална академија за менаџмент на инфекции, Белград, Србија. Истата година учествувал и на Weill Cornell семинарот за инфективни болести во Салцбург, Австрија и на Светскиот астма и ХОББ форум во Дубаи, ОАЕ, курсеви за астма и антимикробен третман на долнореспираторни инфекции- важни

нови аспекти за клиничката пракса во Барселона, Шпанија. Истата година учествувал на работилници на тема: „Нов фармаколошки пристап во третман на астма и ХОББ“ (Охрид) и „Местото и улогата на анхихолинергици во современа терапија на ХОББ“ (Скопје). Истата година учествувал на стручни состаноци на МРЗ на теми: акутна кашлица, примена на оксигенотерапијата и ХОББ – глобален социо-економски проблем. Во 2011 година го завршил курсот за Sleep medicine, во Единбург, Шкотска – со положен испит. На стручен состанок во Скопје учествувал со предавање на тема: „Третман и менаџмент на акутни егзацербации кај пациенти со ХОББ“. Во 2012 година како генерален секретар го организирал 5-от Конгрес на МРЗ со меѓународно учество. Во 2013 година учествувал на 8-от научен симпозиум проф. д-р Владимир Спужиќ во Белград, Србија на тема: „Новитети во атописките болести на дишните патишта“. Учествувал на работилница за имплементација на CAT во секојдневната клиничка пракса. Во 2014 година учествувал на 9-от научен симпозиум проф. д-р Владимир Спужиќ во Белград, Србија на тема: „Што е ново кај астмата?“. Учествувал на Симпозиумот: „Обединети клинички пристапи за болестите на дишните патишта“, во Дубровник, Хрватска. Во 2016 година бил на студиски престој во Одделот за пулмологија при Универзитетскиот медицински центар во Хамбург - Епендорф во траење од 2 месеци. Во март 2017 година го добива звањето Physician Champion for Tobacco Dependence Treatment од страна на Henry Ford Global Health Initiative.

Учествувал во изработка на два домашни и пет меѓународни проекти:

- Испитување на можностите за определување на нивото на специфичните ИгЕ и ИгГ антитела на отровот од Hymenoptera инсекти во тек на имунотерапијата кај лица алергични на убод од Hymenoptera;
- Компаративна евалуација на инхалативен беклометазон дипропионат и будезонид кај пациенти со бронхијална астма;
- Мултицентрично со плацебо контролирано двојно слепо клиничко истражување на толеранцијата и ефикасноста на имунотерапијата со алуминиум хидроксид атсорбиран алергоид на микро крлеж на домашен прав;
- Мултицентрична студија за евалуацијата на ефикасноста и сигурноста на целогодишна специфична имунотерапија со мешавина на алергоиди од домашен прав (Dermatophagoides pteronyssinus и Dermatophagoides farinae) кај пациенти со сензитивност кон крлежи и на домашен прав;
- Рандомизирана двојно слепа паралелна 52-неделна студија за стандардно дозирање со комбинација на Salmeterol/Fluticasone 50/250 μg bid, споредено со од симптоми зависен режим на дозирање со комбинација Formoterol/Budesonide 4,5/160 μg кај возрасни астматичари;
- FLT3509 како субистражувач од 02/2014-08/2016 година;
- RIVAROXDVT3002 како субистражувач од 04/2016 - 08/2018.

Член е на Здружението на пулмолози на Република Македонија (генерален секретар на ЗПРМ), на Европското респираторно здружение и Европската академија за алергологија и клиничка имунологија. Поранешен член на Американскиот колеџ на пулмолози и Азиско-пацифичкото респираторно здружение.

Национален делегат на Р. Македонија во Европското респираторно здружение од 2010-2013 година.

Учествувал на повеќе домашни, европски и светски конгреси од областа на пулмологијата и алергологијата со усни и постер презентации.

Добитник на благодарница, диплома и плакета од Македонското лекарско друштво.

Запишан е на трет циклус докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, Медицински факултет Скопје.

Автор е или коавтор на 95 претходно рецензирани трудови.

**ПУБЛИЦИРАНИ ТРУДОВИ IN EXTENSO ЗА РЕЦЕНЗИЈА**

1. Body mass index as a determinant of outcome of treatment with non-invasive ventilation in patients with respiratory failure due to acute exacerbation of chronic obstructive pulmonary disease.

Pejkovska Sava, Jovkovska Kaeva B, Goseva Z, Arsovski Z, Arbutina S. Acta morphol. 2015; Vol.12(2): 51-56

Цел на студијата била да се утврди поврзаноста меѓу БМИ и исходот од НИВ кај пациенти со акутна егзацербација на ХОББ. Пациентите биле поделени според успешноста на НИВ. Не е добиена сигнификантна разлика во однос на GCS, PaCO2 и APACHE II скорот. Сигнификантна разлика меѓу групите постоела за вредности на pH и БМИ. Поголемиот број на пациенти каде што се детектирал неуспех на НИВ биле со BMI<22kg/m2.

2. Role and Significance of Markers of Inflammation in the Asthmatic Disease. Zlatica Goseva, Elena Jovanovska Janeva, Angelko Gjorcev, Zoran Arsovski, Sava Pejkovska. Open Access Macedonian Journal of Medical Sciences. 2015 Dec 15: 3(4) 630-634 http://dx.doi.org/10.3889/oamjms.2015.109

Цел на овој труд бил да се истражи важноста на еозинофилите, ECP, IL-5 пред и по терапија со кортикостероиди кај астматичари споредено со пациенти со опструктивен бронхитис и здрави испитаници. Биле вклучени 77 пациенти и добиените вредности на еозинофили биле значително зголемени кај астматичарите, наспроти втората и третата група. Вредностите на ECP биле значително повисоки кај астматичарите и тоа демонстрирало постојано воспаление, без разлика на присуството или отсуството на симптомите. Добиените вредности на IL-5 биле значително зголемени споредено со втората група испитаници и со здравите (p<0,01). Сите воспалителни маркери по третманот со кортикостероиди биле намалени.

**3.** Predictive Factors for the Effect of Treatment by Noninvasive Ventilation in Patients with Respiratory Failure as a Result of Acute Exacerbation of the Chronic Obstructive Pulmonary Disease.Sava Pejkovska, Biserka Jovkovska Kaeva, Zlatica Goseva, **Zoran Arsovski**, Elena Jovanovska Janeva, Sead Zeynel.Open Access Macedonian Journal of Medical Sciences. 2015 Dec 15: 3(4): 655-660 http://dx.doi.org/10.3889/oamjms.2015.115

Цел на студијата е да се утврдат ризик факторите кои можат да укажат на зголемен ризик од неуспех во НИВ кај пациенти со егзацербација на ХОББ. Мерењето на одредени параметри, особено pH, респираторната рата, PaCO2 и состојбата на свеста може да бидат од важност во однос на предвидувањата за ефикасноста од третманот со НИВ, со цел да се избегне третманот со инвазивна механичка вентилација.

4.Altered therapeutic response towards inhaled corticosteroids in asthmatics – smokers with mild asthma. Zoran Arsovski, Dejan Dokic, Zlatica Gosheva, Elena J. Janeva, Anita Arsovska, Viktor Isjanovski.Macedonian pharmaceutical bulletin, 62 (2) 43-47 (2016) ISSN 1409-8695.

Во трудот е иследуван терапевтскиот одговор кон инхалаторен флутиказон пропионат кај пушачи и непушачи со лесна астма, за време од 6 недели, кои претходно не употребувале инхалаторна кортикостероидна терапија. Ефектот е иследуван со помош на спирометрија. Добиен е сигнификантно позитивен одговор на вредности на FEV1 во групата на пациенти со астма кои биле непушачи. Ваков позитивен ефект изостанал во група на пушачи со лесна астма. Се заклучува дека пушењето доведува до изменет тераписки одговор кон инхалаторните кортикостероиди кои имаат централно место во третманот на болните со астма.

5.The influence of inhaled corticosteroids on asthma control test in smokers and non-smokers with asthma. Zoran Arsovski, Gorica Breshkovska, Dejan Dokic, Elena J. Janeva, Anita Arsovska, Viktor Isjanovski.Macedonian pharmaceutical bulletin, 62 (2) 59-64 (2016) ISSN 1409-8695.

Во трудот е анализиран ефектот на инхалаторните кортикостероиди кај 38 пушачи и непушачи со астма врз контролата на болеста анализирана преку тест за контрола на астмата – ACT. Пациентите примале дневна доза на 500 μg инхалаторен флутиказон пропионат. ACT бил направен пред и по 6 недели од почетокот на третманот со инхалаторниот стероид. Статистички позитивен одговор на терапијата е забележан во двете иследувани групи но ефектот од инхалаторниот стероид врз ACT бил поизразен во групата на астматичари-непушачи.

6.Analysis of Lymphocyte Immunological Reactivity in Patients with Pleural Effusions of Different Aetiology. Zlatica Goseva, Biserka Jovkovska Kaeva, Angelko Gjorcev, Elena Jovanovska Janeva,

Zoran Arsovski, Sava Pejkovska, Aleksandra Tatabitovska. Open Access Macedonian Journal of Medical Sciences. 2016 Mar 15; 4(1): 50-53.

Цел на трудот е анализа на дистрибуција на Т и Б лимфоцитите, Th-CD4 и TcCD8, CD16 кај 48 пациенти со плеврални изливи. Првата група се состоела од 18 пациенти со туберкулозен плеврален излив; втората група од 20 пациенти со малигни плеврални изливи, трета група 10 пациенти со трансудативни плеврални изливи и 30 здрави испитаници. Резултатите покажале намалено ниво на CD3, CD4 и CD16 Т– клетките во крвта кај пациентите наспроти здравите. Бил утврден зголемен процент на CD3, CD4 Т- клетките во плевралната течност во споредба со вредностите во крвта со статистичка сигнификантност кај туберкулозниот излив. Вредностите на CD8 биле слични и во плевралната течност и во крвта. Нивото на CD16 не било значително поголемо во плевралната течност кај сите групи.

7. Neutrophilic airway inflammation in severe uncontrolled asthma. Jovanovska Janeva E; Gjorcev A; Kaeva B; Goseva Z; Zdraveska M; Dimitrievska D; Arsovski Z; Pejkovska S; Trajkov D. Allergy. Vol 71, Suppl 102; 2016:358-359

Во трудот се анализира поврзаноста на нивото на неутрофилите и LTB4 кај 29 пациенти со акутно влошена тешка неконтролирана астма. Најдена е сигнификантна корелација меѓу бројот на неутрофили и LTB4. Корелацијата меѓу неутрофилите и LTB4 со FEV1 била негативна но статистички несигнификантна. Зголемените вредности на неутрофили и LTB4 биле асоцирани со намалени вредности на FEV1. Се заклучува дека неутрофилната инфламација има улога во прогресијата на воздушната попреченост кај астмата.

## О Б Р А З Е Ц 1
## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: ***Зоран Спиридон Арсовски***
Институција: ***Медицински факултет, УКИМ - Скопје***
Научна област: ***ИНТЕРНА МЕДИЦИНА***

### ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ
### За факултети кои имаат студиски програми на интегрирани прв и втор циклус студии

| **Ред. број** | **ОПШТИ УСЛОВИ** | **Исполнетост на општите услови да/не** |
|---|---|---|
| **1** | Има завршено додипломски и постдипломски студии по студиските програми пред воведувањето на европскиот кредит-трансфер систем и има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на додипломските и постдипломските академски студии одделно<br>Просечниот успех на додипломски студии изнесува: 8,23<br>Просечниот успех на постдипломски студии изнесува: 9,0 | **ДА** |
| 2 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик: англиски јазик<br>2. Назив на документот: Cambridge English Certificate (ESOL)B2.<br>3. Издавач на документот: Cambridge<br>4. Датум на издавање на документот: мај 2015 година | **ДА** |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Горица Брешковска с.р.**
**Проф. д-р Татјана Миленковиќ с.р.**
**Доц. д-р Лидија Попоска с.р.**

**д-р Зорица Нановиќ**

**БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ**

Кандидатката д-р Зорица Нановиќ е родена на 30.01.1969 година во Скопје, каде со одличен успех завршува основно образование. Средното образование за лабораториски техничар во МУЦ „Д-р Панче Караѓозов“, Скопје, го завршува како ученик на генерацијата.

На Медицинскиот факултет во Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, дипломира во 1997 година со просечен успех 9,81. Учествува во базични и клинички истражувања чии резултати усно ги презентира на студентските конгреси по медицина. Во 1992 година поминува еден месец на студентска размена во Policlinico San Matteo, Chirurgia patologica II, Università degli studi di Pavia, во Павиа, Италија.

Докторска дисертација пријавува во 2016 година на Медицинскиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Докторските студии ги завршува со просечен успех 9,71, а дисертацијата на тема „Компаративна студија на дијагностичките постапки за молекуларна брза директна детекција на *Mycobacteriumtuberculosis* complex и резистенцијата кон рифампицин со класичните микробиолошки методи кај белодробна туберкулоза“ ја брани на 27.05.2019. Со тоа се стекнува со научниот степен доктор на медицински науки – клиничка медицина од областа на пулмологијата.

На Институтот за белодробни заболувања и туберкулоза Ц.О. Скопје работи од 21.04.2000 година до денес. На 04.07.2008 година ја завршува специјализацијата по интерна медицина, а во 2016 година запишува суспецијализација по пулмологија со алергологија.

Кандидатката активно се служи со англиски и српски јазик.

**НАСТАВНО НАУЧНА АКТИВНОСТ**

Во рамките на наставно-образовната дејност, кандидатката д-р Зорица Нановиќ учествува во реализација на проектот на Глобалниот фонд за контрола на ХИВ/СИДА, туберкулоза и маларија „ДОТС интервенции во Република Македонија” (2011 - 2017 година) и Програмата за превентивни мерки за спречување на туберкулозата кај населението во Република Македонија на Министерството за здравство на Р.С. Македонија, како предавач и едукатор во голем број работилници за долно респираторни инфекции и туберкулоза, наменети за лекари од примарна здравствена заштита, матични доктори, медицински сестри и социјални работници, како и едукација за туберкулоза на лица во контакт со болни од туберкулоза и медицински персонал во казнено-поправните установи во Македонија.

Во периодот 2011-2017 година д-р Зорица Нановиќ е вклучена во реализација на активностите на проектот на Глобалниот фонд за контрола на ХИВ/СИДА, туберкулоза и маларија „ДОТС интервенции во Република Македонија” (вклучувајќи го и Оперативното истражување за вонбелодробна ТБ во 2014 г., во склоп на проектот), а во 2009 година учествува во проектот „Подобрување на квалитетот на живот кај пациентите со хронична опструктивна белодробна болест (ХОББ) со примена на долго делувачки антихолинергик“ во ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза.

Активно учествува во четири меѓународни истражувачки студии наThe Tuberculosis Network European Trials Group (TBNET):1. Burden and Characteristics of the Comorbidity Tuberculosis—Diabetes in Europe: TBnet Prevalence Survey and Case-Control Study (2018); 2. National advisory services for multidrug-resistant tuberculosis (MDRTB) in Europe: an ERS-TBnet survey (2018); 3. QT prolongation and cardiac toxicity of new tuberculosis drugs in Europe: a Tuberculosis Network European Trials group (TBnet) study (2017); 4. Socio-demographic and clinical characteristics of patients with tuberculosis and diabetes in European countries. A TB-net study (2015).

Редовен учесник и предавач е на секциските научни/стручни состаноци на Здружението на пневмофтизиолози на Македонија. На следниве научни/стручни собири со меѓународно учество била поканет предавач на пленарни предавања:1. “Molecular diagnosis of tuberculosis”. Sixth Congress of Macedonian respiratory society with international participation.University Clinic of Pulmonology and Allergology. Ohrid, Republic of Macedonia, 2016October 6-9; 2. “Idiopathic pulmonary fibrosis: practical approach to diagnostics and therapy”. Third Congress of Pneumophtysiologists of Macedonia with international participation. Macedonian Medical Association, Association of Pneumophtysiologists of Macedonia, Institute of Lung Diseases and Tuberculosis –

Skopje. Struga, Republic of Macedonia 2015, November 05-07; 3.37thInternational Medical Scientific Congress for Students and Young Doctors. Workshop Title: Tuberculosis control in Macedonia. May 10-13, 2014. Ohrid, Macedonia; 4. "TB infection control in healthcare facilities". Fifth Congress of Macedonian respiratory society with international participation. University Clinic of Pulmonology and Allergology. Ohrid, Republic of Macedonia, 2012 Sept 26-29; 5. "Effects of smoking on human health". Second Congress of Pneumophtysiologists of Macedonia with international participation. Macedonian Medical Association, Association of Pneumophtysiologists of Macedonia, Institute of Lung Diseases and Tuberculosis – Skopje. Skopje, Republic of Macedonia, 2011 November 03-05.

Како автор и коавтор, д-р Зорица Нановиќ има објавено 32 научни трудови од областа на пулмологијата и алергологијата, од кои 4 научни труда во научни списанија со импакт-фактор (фактор на влијание), 3 труда во научни списанија со меѓународен уредувачки одбор и 25 труда во зборници од научни собири.

**СТРУЧНА АКТИВНОСТ**

Д-р Зорица Нановиќ има реализирано три едукативни престои во Универзитетската клиника за респираторни и алергиски болести Голник во Словенија (2007, 2010 и 2011 г.), вклучувајќи ја и бронхолошката школа во 2007 година. Во јули 2014 година реализира студиски престој на Одделот за интензивна нега и пулмологија (MICU4) во Ronald Reagan Medical Center, UCLA, LA, USA, а во ноември 2018 година успешно ја завршува обуката за молекуларна дијагноза на резистентна туберкулоза (Diego Zallocco 5th Course on Molecular diagnosis of Drug-resistant TB) во Колаборативниот центар на СЗО во San Raffaele Scientific Institute во Милано, Италија. Стручно усовршување остварува и со едукативни престои за туберкулоза во Финска (European Advanced course in Clinical tuberculosis. FILHA, KNCV and TBNET, 2016 September, Helsinki, Finland), Обединетото Кралство (TB&HIV Skills Exchange program. Royal Free Hospital, London. 2018 January, London, United Kingdom), Хрватска (1. European Respiratory Society & TB Europe Coalition. Workshop on Enhancing TB Advocacy, People-Centred care (PCC) and collaboration in TB care between Civil Society Organisations (CSOs) and Healthcare Professional across the Balkan states. 2019 April 16-17, Zagreb, Croatia; 2. Razmjena iskustava u organizaciji skrbi za oboljele od opstruktivnih plućnih bolesti: Astma – patofiziologija, dijagnostika, fenotipizacija i liječenje. KBC Zagreb, Klinika za plućne bolesti Jordanovac. 6-7. 12. 2018, Zegreb, Hrvatska; 3. School Course: "TB elimination: dream or reality?" European Respiratory Society. 2013 May, Dubrovnik, Croatia) и Бугарија (Training in Molecular diagnostic testing in tuberculosis. National Center for Infectious and parasitic diseases. 2013 November 04-05, Sofia, Bulgaria). Во 2017 година, во тек на Четвртиот европски конгрес за бронхологија и интервентна пулмологија (ECBIP) во Белград, Србија, учествува на тренингот „Cryo and APC in interventional pulmonology“ на Erbe Elektromedizin од Германија.

Особена активност кандидатката покажува во дејностите од поширок интерес. Во 2008 година посетува шестнеделна обука за здравствен менаџмент, под покровителство на Медицинскиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и на 03.11.2008 година со успех го положува завршниот испит.

Во ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза работи како бронхоскопист во Кабинетот за бронхоскопија, со над 500 самостојни бронхоскопии, и активно учествува во бронхолошката едукација на младите доктори. Од јануари 2020 година е раководител на Одделот за акутни белодробни болести и ултрасонографија, а претходно била раководител на Одделот за туберкулоза со микробиолошка лабораторија (ноември 2017-јануари 2020 година).

Од 2018 година активно е вклучена во работата на стручни комисии: член е на Комисијата за спречување на туберкулозата кај населението на Република Северна Македонија, како стручно советодавно тело на Министерот за здравство, и на Комисијата за резистентна туберкулоза при ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза Скопје.

Член е на повеќе струкови здруженија: Здружение на пневмофтизиолози на Р.М. (чиј секретар била во периодот 2014-2018 год.), Здружение на пулмолози на Р.М., Македонско респираторно здружение (чиј член на управен одбор е од 2018 година), European Respiratory Society (ERS), World Association of Bronchology and Interventional Pulmonology (WABIP), International Union against Tuberculosis and Lung Diseases (IUATLD). Добитник е на признанија за значаен придонес во остварување на задачите и целите на овие здруженија. Била член на Научниот одбор на Четвртиот конгрес на пневмофтизиолозите на Република Македонија со

меѓународно учество (2019 година), секретар на Третиот конгрес на пневмофтизиолозите на Република Македонија со меѓународно учество и член на Конгресниот одбор (2015 година), и секретар на Вториот конгрес на пневмофтизиолозите на Република Македонија со меѓународно учество и член на Конгресниот одбор (2011 година).

Добитник е на наградата од Министерството за здравство на Република Македонија како еден од 100-те најдобро рангирани доктори во државата за март 2015 година.

**ПУБЛИЦИРАНИ ТРУДОВИ IN EXTENSO ЗА РЕЦЕНЗИЈА**

1. Sane Schepisi M, Navarra A, Altet Gomez MN, Dudnyk A, Dyrhol-Riise AM, Esteban J, Giorgetti PF, Gualano G, Guglielmetti L, Heyckendorf J, Kaluzhenina A, Lange B, Lange C, Manika K, Miah J, Nanovic Z,Pontali E, Prego MR, Solovic I, Tiberi S, Palmieri F, Girardi E. Burden and Characteristics of the Comorbidity Tuberculosis-Diabetes in Europe: TBnet Prevalence Survey and Case-Control Study. Open Forum Infect Dis. 2019 Jan; 6(1): ofy337.

Во вкрстена студија на 3143 испитаници од 11 Европски референтни ТБ-центри, во периодот 2007-2015 г., е анализирана преваленцата на Diabetes mellitus (ДМ) кај пациенти со туберкулоза (ТБ) и нивната клиничка презентација. Доминира машката популација (>60%), со просечна преваленца на ДМ од 10,7% (ранг 4.4-28.5%). ДМ е независно асоциран со постара возраст, и кај постарите испитаници – со потекло надвор од земјата на живеење. Пациентите со ДМ и белодробна ТБ почесто имаат кавернозна форма на болеста. Заклучок е дека се неопходни специфични стратегии на screening кај болните од ТБ.

2. Bothamley GH, Andre E, Kuksa L, Barkana L, Keane J, Veziris N, Van Crevel R, Magis-Escurra C, Jankovic M, Schoch O, Zellweger JP, Vasankari T, Eyuboglu F, Holland R, Normark J, Macedo R, Korzeniewska M, Nanovic Z, Butov D, Akkerman O, Kirakosyan O, Solovic I, Calcagno A,, Kruczak K, Garcia JM,SanchezMontalva A, Dyatlov A, Starshinova A, Kulcitkaia S, Lillebaek T, Wiese L, Hafizi H, Papaventis D, Heldel E,Arnesen MT, Lanoix JP, Chiappini E, Wejse C, Manika K, Pesut D, Wetzstein N, Skrahina A, Flick H, Arias M, Konstantynovska O, Millet JP, Bakker M, Lange C. National advisory services for multidrug-resistant tuberculosis (MDRTB) in Europe: an ERS-TBnet survey. EurRespir J 2019;54.

Во студијата се вклучени 65 лекари од земји на EU/EEA и други земји од европскиот регион на СЗО, со цел да се процени достапноста на националните ресурси за третман на мултирезистентна туберкулоза (МДР-ТБ). Заклучоците се дека во 18/31 (58%) земји за третман на МДР-ТБ е одговорен национален/регионален комитет, во согласност со националната политика, во 15/18 земји е неопходна претходна консултација за употреба на бедаквилин или деламанид, и третманот на МДР-ТБ е честопати сконцентриран во терциерните центри.

3. QT prolongation and cardiac toxicity of new tuberculosis drugs in Europe: a Tuberculosis Network European Trialsgroup (TBnet) study. Guglielmetti L, Tiberi S, Burman M, Kunst H, Wejse C, Togonidze T, Bothamley G, Lange C; TBnet; of the TBnetQTc survey. Hafizi H, Kirakosyan O, Rumetshofer R, Skrahina A, Muylle I, Zutic H, Markova R, Jankovic M, Gyorfy Z, Gorgios G, Andersen AB, Ravn P, Kolekar S, Danilovits M, Vasankari T, Fréchet-Jachym M, Kiria N, Avaliani Z, Wetzstein N, Avsar K, Dimopoulos G, Horvath I, Kristjánsson M, McLaughlin AM, Chiappini E, Confalonieri M, Del Bravo P, Gualano G, Motta I, Pontali E, Tunesi S, Kurhasani X, Kuksa L, Jacunskiene L, Gil W, Nanovikj Z,Chesov D, Bojovic O, De Lange W, Magis-Escurra C, Van Ingen J, Jensenius M, Kruczak K, Duarte R, Mihaescu T, Ibraim E, Kaluzhenina A, Volchenkov G, Pesut D, Solovic I, García-García JM, Luque-Márquez R, Sánchez-Montalvá A, de Souza Galvao ML, Norrby M, Schoch O, Dudnyk A, Belton M, Dedicoat M. EurRespir J. 2018 Aug 16;52(2):1800537

Во 2016 г. е спроведена вкрстена студија во 45 земји членки на Tuberculosis Network European Trialsgroup (TBnet) од европскиот регион на СЗО, со цел евалуација на клиничкиот импакт од пролонгирање на QTc - интервалот и бројот на кардијални настани кај пациентите со МДР-ТБ што примаат бедаквилин (Bdq)/деламанид (Dlm). Најголемиот број лекари (50/61 (82%)) рутински го мониторираат QT- интервалот. Фреквенцијата на клинички релевантни кардијални настани

асоцирани со примена на Bdqи Dlme ниска: терапијата со Dlme прекината кај еден случај со пролонгиран QT интервал (0.45% (95% CI 0.02–2.89)); рапортиран е само еден сигнификантен кардијален настан (0.45% (95% CI 0.02–2.89)). Меѓу 1044 пациенти лекувани со Bdq и 220 пациенти лекувани со Dlmкако дел од режимот за МДР-ТБ, не е регистриран ниту еден фатален кардијален настан.

4. Socio-demographic and clinical characteristics of patients with tuberculosis and diabetes in European countries. A TB-net study. Sane Schepisi M, Pontali E, Manika K, Gomez A, Nieves M, Prego R, Monica EJ, Dyrhol-Riise AM, Solovic I, Giorgetti P, Dudnyk A, Heyckendorf J, Lange B, Nanovic Z, Kaluzhenina A, Tiberi S, Girardi E. European Respiratory Journal Sep 2016; 48 (suppl 60) PA 2657.

Во ретроспективна студија, спроведена во периодот 2009-2013 г. на 1996 испитаници во 6 Европски референтни ТБ - центри, анализирани се социо-демографските и клиничките карактеристики на пациентите со туберкулоза (ТБ) и Diabetes mellitus (ДМ). Во групата доминира машката популација (66,1%), со 53% застапеност на испитаниците со потекло вон земјата на живеење, и преваленца на ДМ од 6,8%. Заклучокот е дека ДМ, како ризик фактор за ТБ и неповолен клинички ток на болеста, е независно асоциран со постара возраст и потекло од земји со инциденца на ТБ>100/100,000, со сигнификантно помала веројатност за ХИВ- позитивитет и со поголема веројатност за присуство на коморбидитети.

5. Key Issues in the Management of Multi-Drug Resistant Tuberculosis: A Case Report. Nanovic Z, Kaeva-Jovkovska B, Breskovska G, Petrovska M. Open Access Maced J Med Sci. 2018 Jul 20; 6 (7): 1282-1288

Во приказ на случај се опфатени повеќе аспекти на мултирезистентната туберкулоза (МДР-ТБ): клиничко- рендгенолошки карактеристики, улога на молекуларните методи за брза дијагноза и детекција на МДР-ТБ, тешкотии при спроведување на долготраен режим на лекување, несоработка на пациентот и прекин на терапијата, потреба од алтернативни модалитети на третман покрај болните со МДР-ТБ, законски ограничувања и епидемиолошко значење.

6. Legionnaires' disease and use of tumor necrosis factor-alpha inhibitors: a forthcoming problem? Nanovic Z, Petrovska M. Macedonian Journal of Medical Sciences. 2013 Dec 1;6(4):465-72.

Во ревиски труд е анализирана појавата на Легионерска болест кај пациенти кои се лекуваат со TNF-α инхибитори. Постојат индиции дека Легионерската болест може да биде сериозен здравствен проблем кај оваа популација, но потребни се дополнителни студии за утврдување на потребата од screening пред почнување со терапија, како и на можноста од постоење на латентна инфекција со *Legionella pneumophila*.

7. Evaluation of the GeneXpert MTB/RIF assay for rapid diagnosis of tuberculosis and detection of rifampicin resistance in respiratory specimens. Nanovic Z, Shurbevska-Boneva B, Breskovska G, Kaeva Jovkovska B, Panov S, Petrovska M. Medicus 2019, Vol. 24 (1):7-12.

Во периодот 2016-2017 година во ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза е изведена проспективна студија на 156 респираторни примероци за дијагноза на туберкулоза (ТБ) и детекција на резистенција кон рифампицин (РИФ) кај изолираниот сој на *Mycobacterium tuberculosis*. Споредено со културелното испитување како златен стандард, молекуларниот тест (Xpert MTB/RIF) покажа сензитивност од 90.38% (85.76-95.01; 95% CI), наспроти сензитивноста на директната микроскопија од 55.13% (47.32-62.93; 95% CI). Xpert- тестот идентификуваше дополнителни 57 случаи на микроскопски-негативни култура-позитивни примероци, зголемувајќи ја стапката на дијагностицирање на ТБ за 35.26%. Заклучокот е дека Xpert-тестот нуди недвојбена предност за рана дијагноза на белодробна ТБ, а при детекција на резистенција на РИФ е потребна доза на претпазливост.

# О Б Р А З Е Ц 1
## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: ***Зорица Ристо Нановиќ***
Институција: ***Медицински факултет, УКИМ - Скопје***
Научна област: ***ИНТЕРНА МЕДИЦИНА***

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ**
**За факултети кои имаат студиски програми на интегрирани прв и втор циклус студии**

| **Ред. број** | **ОПШТИ УСЛОВИ** | **Исполнетост на општите услови да/не** |
|---|---|---|
| **1** | Има завршено додипломски и постдипломски студии по студиските програми пред воведувањето на европскиот кредит-трансфер систем и има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на додипломските и постдипломските академски студии одделно<br>Просечниот успех на додипломски студии изнесува: 9,81<br>Просечниот успех на постдипломски студии изнесува: 9,71 | **ДА** |
| 2 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик: англиски јазик<br>2. Назив на документот: BULATS B2. (CEFR)<br>3. Издавач на документот: British Council Macedonia<br>4. Датум на издавање на документот: септември 2020 година | **ДА** |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Горица Брешковска с.р.**
**Проф. д-р Татјана Миленковиќ с.р.**
**Доц. д-р Лидија Попоска с.р.**

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Рецензентската комисија, по деталната анализа на целокупната доставена документација, формално-правниот аспект на исполнувањето на критериумите за избор, како и личното долгогодишно познавање на кандидатите, по усогласувањето на ставовите ја вреднува научноистражувачката, наставно-образовната и стручно-применувачката активност на кандидатите: д-р Зоран Јаневски, помл. ас. д-р Сава Пејковска, д-р Ирфан Исмаили, асистент-докторанд д-р Ирина Ангеловска, ас. д-р Фана Личоска Јосифовиќ, ас. д-р Димитар Каркински, помл. Ас .д-р Саша Ќаева Анастасова, асистент-докторанд д-р Елена Цуракова Ристовска, д-р Саветка Паљошковска Јорданова, д-р Даница Петковска Спирова, ас. д-р Дејан Тодевски, асистент-докторанд д-р Лазар Чадиевски, д-р Симона Стојановска, д-р Хајбер Таравари, асистент-докторанд д-р Нела Костова, д-р Наташа Ефтимовска Отовиќ, д-р Данче Ристова, д-р Емилија Николовска Трпчевска, асистент-докторанд д-р Душан Петковски, асистент-докторанд д-р Биљана Зафировска Талеска, асистент-докторанд д-р Јане Талески, д-р Марио Јовановски, асистент-докторанд д-р Елена Јовановска Јанева, д-р Биљана Попоска, асистент-докторанд д-р Милена Милетиќ, д-р Елена Груева Настевска, асистент-докторанд д-р Владислава Ада Груева Каранфилова, д-р Ана Василевска, д-р Ангела Каранфиловиќ, д-р Кристин Костадиноски, д-р Кирил Наумоски, ас. д-р Александра Бабуловска, помл. ас. д-р Емилија Лазарова Трајковска, д-р Марија Ѓеракароска Радовиќ, д-р Милче Цветаноски, д-р Александра Цаневска Танеска, д-р Александар Отљански, д-р Адријана Спасовска Василова, д-р Мимоза Миленкова, д-р Тара Ристевска, асистент-докторанд д-р Ангела Дебрешлиоска, д-р Невенка Ридова, ас. д-р Сузана Арбутина, д-р Марија Живковиќ, д-р Татјана Бајрактарова Прошева, асистент-докторанд д-р Зоран Арсовски, д-р Зорица Нановиќ.

Кандидатите д-р Зоран Јаневски, д-р Марио Јовановски, асистент-докторанд д-р Владислава Ада Груева Каранфилова, д-р Ана Василевска, д-р Александар Отљански, д-р Тара Ристевска, не се предложени за избор.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, кандидатите: помл. ас. д-р Сава Пејковска, д-р Ирфан Исмаили, асистент- докторанд д-р Ирина Ангеловска, ас. д-р Фана Личоска Јосифовиќ, ас. д-р Димитар Каркински, помл. ас. д-р Саша Ќаева Анастасова, асистент-докторанд д-р Елена Цуракова Ристовска, д-р Саветка Паљошковска Јорданова, д-р Даница Петковска Спирова, ас. д-р Дејан Тодевски, асистент-докторанд д-р Лазар Чадиевски, д-р Симона Стојановска, д-р Хајбер Таравари, асистент-докторанд д-р Нела Костова, д-р Наташа Ефтимовска Отовиќ, д-р Данче Ристова, д-р Емилија Николовска Трпчевска, асистент-докторанд д-р Душан Петковски, асистент-докторанд д-р Биљана Зафировска Талеска, асистент-докторанд д-р Јане Талески, асистент-докторанд д-р Елена Јовановска Јанева, д-р Биљана Попоска, асистент-докторанд д-р Милена Милетиќ, д-р Елена Груева Настевска, д-р Ангела Каранфиловиќ, д-р Кристин Костадиноски, д-р Кирил Наумоски, ас. д-р Александра Бабуловска, помл. ас. д-р Емилија Лазарова Трајковска, д-р Марија Ѓеракароска Радовиќ, д-р Милче Цветаноски, д-р Александра Цаневска Танеска, д-р Адријана Спасовска Василова, д-р Мимоза Миленкова, асистент-докторанд д-р Ангела Дебрешлиоска, д-р Невенка Ридова, ас. д-р Сузана Арбутина, д-р Марија Живковиќ, д-р Татјана Бајрактарова Прошева, асистент-докторанд д-р Зоран Арсовски, д-р Зорица Нановиќ, да бидат избрани во звањето асистент по предметот интерна медицина.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Горица Брешковска с.р.**
**Проф. д-р Татјана Миленковиќ с.р.**
**Доц. д-р Лидија Попоска с.р.**

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

**ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА**

„ПРИМЕНА НА ДОПЛЕР-УЛТРАЗВУК ВО СЛЕДЕЊЕ НА МАТУРАЦИЈА НА АРТЕРИОВЕНСКА ФИСТУЛА ЗА ХЕМОДИЈАЛИЗА“ **ОД** АС Д-Р НИКОЛАЃОРЃИЕВСКИ, **ПРИЈАВЕНА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ**

Врз основа на член 112 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018), член 257 од Статутот на Медицинскиот факултет во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (бр. 458 од 17.10.2019) и член 61 од Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус – докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 245/2013), Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, на својата XXX редовна седница одржана 17.11.2020, а по предлог на Советот на студиската програма на трет циклус – докторски студии по медицина, донесе

**ОДЛУКА**

за формирање на Комисија за оцена на докторската дисертација

1. Се формира Комисија за оцена на докторската дисертација со наслов: **Примена на доплер-ултразвук во следење на матурација на артериовенска фистула за хемодијализа**“ од докторандот **ас. д-р Никола Ѓорѓиевски,** во состав:

1. проф. д-р Гоце Спасовски, претседател
2. проф. д-р Нинослав Ивановски, ментор
3. проф. д-р Петар Дејанов, член
4. проф. д-р Весна Герасимовска, член
5. проф. д-р Ѓулшен Селим, член.

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет му го поднесува следниов

**ИЗВЕШТАЈ**

**АНАЛИЗА НА ТРУДОТ**

Докторската дисертација на кандидатот ас. д-р Никола Ѓорѓиевски, со наслов „Примена на доплер-ултразвук во следење на матурација на артериовенска фистула за хемодијализа“, содржи 77 страници компјутерски обработен текст во фонт Times New Roman, со 1,5 проред и големина 12 на фонтот на букви, 19 табели, 17 графикони, 7 слики, 122 библиографски единици, меѓу нив научни трудови, статии, книги, национални прописи, меѓународни акти и интернет-ресурси.

Приложената докторска дисертација обработува особено актуелен клинички проблем, за кој постои континуиран истражувачки интерес во делот на нефрологијата. Испитувањето на параметрите кои причинско-последично го поврзуваат влијанието на крвните садови со процесот на матурација на артериовенската фистула (АВФ) за хемодијализа (ХД), претставува научноистражувачки предизвик што дополнително го зголемува придонесот на докторскиот труд.

Голем број на достапни студии во изминатиот период ја истакнуваат клиничката важност на АВФ. Имено, функционалната фистула претставува врата за живот на болните на ХД, која воедно придонесува за повеќедецениското преживување со минимални компликации и ревизии. Утврдено е дека морфолошките и хемодинамиските карактеристики на крвните садови се асоцирани со матурацијата на АВФ. Актуелните Kidney Disease Outcomes Quality Initiative (KDOQI) препораки ја дефинираат матурацијата на АВФ со крвен проток (КП) ≥600mL/min. Важноста на КП ја отсликува патогеноста на фистулата, односно намалениот КП ќе доведе до рециркулација на крвта. Тоа, пак, ќе ја намали севкупната ефикасност на ХД со зголемување на концентрацијата на уремичните токсини, што доведува до зголемен морбидитет и морталитет на болните.

Трудот започнува со апстракт на македонски и англиски јазик и листа на кратенки. Структуриран е во 9 глави: вовед, мотив и цели, материјал и методи, примарна и секундарна

завршна точка, статистичка обработка, резултати, дискусија, заклучок и преглед на литература. Деловите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето.

**Првата глава** од докторската дисертација претставува **Вовед**, во која кандидатот јасно, на концизен и прегледен начин, поткрепен со многубројни публикувани студии, ги изнесува податоците од интерес. Имено, го дефинира значењето на васкуларниот пристап (ВП) како круцијална алатка за адекватен хемодијализен третман. Во почетниот дел се прикажува застапеноста на хроничната бубрежна болест (ХББ) во глобални размери како јавен интернационален здравствен проблем, при што го зазема 16-тото место како водечка причина за смрт. Наведени се модалитетите на лекување кај болните во терминален стадиум на ХББ со потреба од бубрежна заместителна терапија (БЗТ). А во продолжение се презентирани и податоците од регистарот на European Renal Association–European Dialysis and Transplant Association (ERA-EDTA) за 2017 година во кој се истакнува постојаниот пораст на болните со потреба од БЗТ ширум светот. Исто така, на краток и јасен начин се осврнува и во историската заднина на ХД и креирањето на првата АВФ. Во понатамошниот дел од воведот, претставен е и патофизиолошкиот механизам за развој на калцификацијата на крвните садови како честа васкуларна промена кај болните со ХББ. Опишани се двата типа на васкуларна калцификација: калцификација на tunica media на артериските крвни садови (калцифицирачка артериосклероза или Mönckeberg склероза) и забрзана калцификација на интималните плаки (калцифицирачка атеросклероза). Но, исто така, посочува дека не постои јасно утврдена граница помеѓу васкуларната калцификација и крутоста на артериските крвни садови. Односно, овие два ентитета се тесно поврзани водејќи до намалена артериска еластичност, висок притисок и зголемена брзина на пулсниот бран. За преживување на АВФ потенцирани се атеросклеротичните промени на крвните садови, а неоинтималната хиперплазија е главната патохистолошка промена присутна во крвните садови, која е асоцирана со раното откажување на АВФ.

Доплер-ултразвукот (ДУЗ), како лесно достапна и неинвазивна метода што овозможува реална слика во дадено време, е претставена како супериорна метода за морфолошка и хемодинамиска анализа на крвните садови на фистулата. Кандидатот во продолжение ја истакнува важноста на ВП кај болните на ХД, а АВФ ја означува како златен стандард во третманот на лекување. Таа е дефинирана како јатрогена анастомоза помеѓу артерија и вена, при што инволвираните крвни садови се подложни на хемодинамиските сили одговорни за васкуларното ремоделирање. Воедно, таа е претставена како симбол во лекувањето со ХД, со минимален број на компликации и ревизии во споредба со артериовенските графтови и трајните/привремени централни венски катетри. Употребата на АВФ како ВП е прикажана во DOPPS V студијата (Dialysis Outcomes and Practice Patterns - V Study) каде во најголем број од анализираните држави процентот на хемодијализни болни што употребуваат АВФ е помалку од 80%, поточно тоа се движи во ранг од 49 % во Канада со раст до 92 % во Русија. Кандидатот ги презентира и податоците од ЈЗУ „УК за Нефрологија“ Скопје во периодот од 2002 до 2018 година, при што биле креирани 4554 АВФ, наспроти 1016 тунелизирани катетри. Односно, процентот на креирани АВФ изнесува над 80 % од целокупниот број на креирани трајни ВП за ХД во последните 5 години. Трендот на употребата на АВФ како прв избор за траен ВП со над 90%, на нашата клиника континуирано е застапен од почетоците на првата АВФ во 1976 година.

Потоа на многу јасен и прецизен начин ги елаборира стратегиите и техничките аспекти при креирање на АВФ. Наведен е временскиот интервал за правовремено креирање на АВФ согласно KDOQI препораките. Посочено е значењето од мултидисциплинарниот пристап во обезбедувањето на адекватен ВП за ХД, со акцентирање на важноста на нефрологот во креирањето на АВФ. Претставена е предоперативната подготовка, направено е образложение за типот и местоположбата на анастомозата, а потоа е посочено времето на првата канулација како и понатамошната грижа во долгорочното користење на АВФ.

Кандидатот се осврнува и на терминологијата за дефинирање на матурација на АВФ, што воедно подразбира васкуларно ремоделирање на крвните садови предизвикано од хемодинамиските сили, а проследено со зголемување на КП, зголемување на дијаметарот на крвните садови и задебелување на ѕидот на крвните садови. Дополнително во целост го објаснува и влијанието на Wall shear stress (WWS) и Hoop stress (HS) во структурното преуредување на ендогениот и васкуларниот матрикс на крвните садови. Исто така ги претставува и ултразвучните

карактеристики за матурираната АВФ согласно актуелните KDOQI препораки (правилото на шестка„6“): КП ≥ 600 mL/min, дијаметар на фистулната вена од 6 mm и длабочина на вена од 6 mm под површината на кожата. Во останатиот дел од Воведот се прикажани и физикалните принципи на Доплеровиот ефект и неговата примена во медицината. Исто така јасно ги прикажува формулите за доплеровото поместување, за индексот на отпор/резистенција како и за мерење на КП. Непосредно по елаборирање на употребата на ДУЗ, во целост ги претставува и биолошките ефекти на ДУЗ врз човековото тело. На крај од воведот, кандидатот го потенцира значењето на употребата на ДУЗ во предоперативната подготовка, креирање и следење на АВФ. Имено, детално е опишана користа од предоперативното мапирање на крвните садови планирани за креирање на АВФ. Воедно се наведени неколку студии во кој се прикажува бенефитите на предоперативниот мапинг при креирање на АВФ. Имено во студијата на Hossain et *al.* во која беа анализирани 250 испитаника, се прикажа дека процентот на примарен неуспех на АВФ во групата со употребуван предоперативен ултразвук изнесува 18 % споредено со 47 % (p < ,001) во групата која не била подложна на ултразвучен преглед. Во групата без ултразвучен преглед има повисока стапка на ново креирани ВП (31 % vs 9 %; p < ,001) и повисока стапка на дисфункција на фистулата (66 % vs 39 %; p < ,001). Мултиваријантната анализа демонстрираше дека фистулите креирани без предоперативен ултразвучен преглед се асоцирани со 3,56 пати поголем ризик за неуспех (95 % CI, 1,67-7,59; p = ,001) споредено со фистулите во групата подложни на предоперативен ултразвучен преглед во (POCUS - Preoperative point of care ultrasound) групата. Во друга студија спроведена од Ferring et *al.* беше прикажана пониска стапка на примарен неуспех во групата која била со предоперативна проценка наспроти оние кои не биле евалуирани предоперативно со ултразвук (4% vs 11 % p = ,028), како и помала стапка на тромбоза ( 38 % vs 67 % p = ,029 ).

Исто така, на многу јасен начин беше прикажана и формулата за мерење на КП на АВФ со ДУЗ, при што вредноста на измерениот КП на АВФ е претставена како алатка за проценка на функционалноста на АВФ. Достапните студии покажуваат дека мерењето на КП на АВФ претставува најдобар начин за проценка на АВФ, односно измерениот КП на АВФ > 500 mL/min и зголемувањето на дијаметарот на вената > 4,0 mm е предиктор за успешна матурација во 95 % од случаите. А, пак, измерен КП на АВФ < 350 mL/min е резултат на малфункција што доведува до рециркулација на крвта.

Втората глава од докторската дисертација го обработува **мотивот** кој произлегува од сè поголемиот број на болни со ХББ кои имаат потреба од хронична ХД. Тоа пак доведува до зголемена инциденца на бројот на креирани ВП секако вклучувајќи ја и АВФ. Најчестите причини за морбидитет и морталитет кај овие болни се во корелација со компликациите што произлегуваат од ВП. А зголеменото преживување на АВФ е резултат на сè поголемата примена на ДУЗ во последните две декади. Воедно ДУЗ претставува лесна, достапна и неинвазивна техника која овозможува брза, јасна и навремена проценка на квалитетот на АВФ.

Кандидатот ги дефинира **целите на докторскиот труд**:

- да се утврди влијанието на дијаметарот на крвните садови и крвниот проток врз процесот на матурација на АВФ во 4-тата и 8-мата недела кај болните со ХББ стадиум 4/5 и ХББ стадиум 5 на хемодијализа (ХББ5Д)<

-да се утврди влијанието на: полот, возраста, пушењето цигари, дијабетес мелитус (ДМ), индексот на телесна маса (ИТМ), гломеруларната филтрациона рата (ГФР), дијализниот стаж врз процесот на матурација на АВФ во 4-тата и 8-мата недела;

-да се утврди корелација помеѓу матурацијата на АВФ во 4-тата и 8-мата недела со лабораториските вредностите земени пред креирање на АВФ: хемоглобин, хематокрит, тромбоцити, протеини, албумини, глобулини, Ц-реактивен протеин (ЦРП), паратироиден хормон (ПТХ), калциум, фосфор и витамин D.

Третото поглавје е насловено **Материјал и методи**, и во него кандидатот појаснува дека станува збор за проспективна студија, во која се вклучени 80 испитаници на возраст од 18 до 83 години од двата пола. Студијата е реализирана на ЈЗУ УК за нефрологија во Скопје, при Одделот за васкуларни пристапи, во периодот од 2019 до 2020 година.

Учесниците во студијата се следени во четири опсервациони точки. Сите податоци од студијата се евидентирани во анкетни листови кои се изготвени согласно потребите на студијата. Во студијата не беа вклучени испитаници со: проксимална стеноза и присутни ехогени маси во површинското венско стебло, претходно тромбозирани АВФ, нарушена крвна хемостаза со

продолжени времиња на крварења, трудници, доилки и лица со посебни потреби, дијаметар на радијална артерија пред креирање АВФ < 1,6 mm, дијаметар на цефалична вена пред креирање АВФ < 2,0 mm, присутни две брахијални артерии, опструкција на радијалната и улнарната артерија.

-На првата опсервациона точка (нулта ден) беше земено серумска крв за: хемоглобин, хематокрит, тромбоцити, протеини, албумини, глобулини, ЦРП, ПТХ, калциум, фосфор и витамин D. Потоа, направена е анализа на демографските карактеристики и е пресметана ГФР преку формулата на Cockroft Gault. Направена е локална клиничка проценка на горните екстремитети преку Аленовиот тест. Со ДУЗ, изведен е предоперативен мапинг на крвните садови на подлактницата. По извршената комплетна психичка и физичка подготовка, пристапено е кон оперативно креирање на радиоцефалична АВФ во локална анестезија. Присутниот шум и трил во должина од 10 cm над анастомозата во период од 24 часа ја дефинира успешно креираната АВФ. А отсуството на шум и трил ја дефинира тромбозираната АВФ.

-Во втората опсервациона точка (еден ден по креирање на АВФ) со ДУЗ е направено мерење на дијаметарот на крвните садови (цефалична вена, радијална и брахијална артерија) како и мерење на КП на АВФ. Отсуството на шум и трил е дефиниција за тромбозирана АВФ.

-Во трета опсервациона точка (четвртата недела по креирање на АВФ) со ДУЗ е направено мерење на дијаметарот на крвните садови (цефалична вена, радијална и брахијална артерија) како и мерење на КП на АВФ. КП на АВФ ≥ 600 mL/min е дефиниција за матурирана АВФ што е во согласност со актуелните KDOQI препораки. А отсуството на шум и трил е дефиниција за тромбозирана АВФ.

-Во четвртата опсервациона точка (осмата недела по креирање на АВФ) со ДУЗ е направено мерење на КП на АВФ. КП на АВФ ≥ 600 mL/min е дефиниција за матурирана АВФ што е во согласност со актуелните KDOQI препораки. А отсуството на шум и трил е дефиниција за тромбозирана АВФ.

Во четвртото поглавје се дефинирани **примарната и секундарната завршна точка** од истражувањето.

**Статистичката обработка** на податоците е претставена во петтото поглавје. Добиените податоци се обработени со статистичката програма SPSS 15.0 за Windows. Резултатите се прикажани табеларно и графички. Нумеричките податоци се презентирани како средни вредности ± стандардна девијација (X±SD). Параметарските варијабли помеѓу две групи на испитаници се споредувани со Student t-тест за независни примероци. Непараметарските варијабли помеѓу две групи на испитаници се споредувани со Chi-squared ($X^2$) тестот. Тестот за корелација (Spearman) е користен за одредување на корелацијата помеѓу две параметарски варијабли. Предикторите асоцирани со матурацијата на АВФ со постигнат адекватен крвен проток се одредени со моделот на мултипната регресиона анализа. Во мултипната регресиона анализа се вклучени варијаблите-предиктори со вредност p < ,05 при интервал на сигурност (CI) од 95 % при анализа со моделот на обична (simple) регресиона анализа. За статистички значајна вредност е земена вредноста на p <,05. Дополнително за проценка на КП на 1-от ден како предиктор за матурација на АВФ е направена ROC (reciever operating curve) анализа на површината под крива.

**Резултатите** од студијата се прикажани во шестото поглавје, претставени со 17 графикони и 19 табели. Испитувани се вредностите на анализираните параметри, кои се компарирани помеѓу групите заради проценка на заемната поврзаност и евентуалното влијание врз матурацијата на АВФ со КП ≥ 600mL/min во 4-тата и 8-мата недела.

Од вкупно 80 испитаници вклучени во студијата, 46 беа мажи, а 34 жени. Матурацијата на АВФ со КП ≥ 600mL/min во 4-тата недела е постигната кај 43,75 %, а нешто поголем процент од 62,50 % на матурирана АВФ со КП ≥ 600mL/min е прикажан во 8-мата недела.

Анализата покажува дека бројот на испитаници со матурирана АВФ со КП ≥ 600mL/min во 4-тата и 8-мата недела од машкиот пол е сигнификантно поголем во споредба со бројот на испитаници од женскиот пол. Дополнително е покажано дека машкиот пол има сигнификантно поголем предоперативен дијаметар на радијалната и брахијалната артерија во споредба со женскиот пол. Исто така испитаниците од машки пол имаа постигнато сигнификантно поголем КП на АВФ на 1-от ден, во 4-тата и 8-мата недела во споредба со испитаниците од женскиот пол. А во продолжение се прикажува дека бројот на испитаниците од машкиот пол со КП на АВФ ≥ 350mL/min на 1-от ден е сигнификантно поголем во споредба со бројот на испитаници од женскиот пол.

Една од значајните цели на овој докторски труд е одговорот на хипотезата за поврзаноста помеѓу дијаметарот на крвните садови и КП со матурацијата на АВФ во 4-тата и 8-мата недела. Резултатите покажуваат дека испитаниците со матурирана АВФ со КП ≥ 600mL/min во 4-тата и 8-мата недела имаа сигнификантно поголем дијаметар на крвните садови пред креирање на АВФ, на 1-виот ден и во 4-тата недела во споредба со испитаниците со нематурирана АВФ<600 mL/min во 4-тата и 8-мата недела. При испитувањето на корелации, беше утврдено дека дијаметарот на крвните садови пред креирање на АВФ, на 1-от ден и во 4-тата недела на крвните садови е во сигнификантна позитивна корелација со постигнатиот КП на АВФ во 4-тата и 8-мата недела.

На направената ROC-анализа прикажани се вредности за AUC (area under the curve) над 0,8 што се смета за крива која поседува висока дискриминација. За моделот со одбраниот исход во 4-тата недела добиена е вредност за површина од 0,847 (CI 0,750; 0,944), а за 8-мата недела добиената вредност за површина е 0,911 (CI 0,848 ; 0,974), и обета се асоцирани со p < ,001. Моделот за КП ≥350 mL/min на 1-от ден како предиктор на матурација на АВФ со КП ≥ 600mL/min во 4-тата недела покажа (сензитивност 0,829, специфичност 0,644 и оптимална вредност од 1,473), и во 8-мата недела покажа (сензитивност 0,820; специфичност 0,867, и оптимална вредност од 1,687).

Бројот на испитаници со матурирана АВФ со КП ≥ 600 mL/min во 4-тата и 8-мата недела е сигнификантно поголем кај испитаниците со КП на АВФ ≥350 mL/min на 1-от ден споредено со испитаниците со КП на АВФ < 350 mL/min на 1-от ден.

Кандидатот го анализира и влијанието на ДМ врз матурацијата на АВФ при што покажува дека бројот на испитаници без ДМ со матурирана АВФ со КП ≥ 600 mL/min во 4-тата и 8-мата недела е поголем во споредба со испитаниците со ДМ, но без статистичка значајност.

Во дополнение на анализата се прикажува дека процентот на зголемување на дијаметарот на радијалната и брахијална артерија на 1-виот ден е сигнификантно поголем кај испитаниците без ДМ во споредба со испитаниците со ДМ. А во 4-тата недела е утврдено дека само процентуалното зголемување на дијаметарот на брахијалната артерија е сигнфикантно поголемо кај испитаниците без ДМ во споредба со испитаниците со ДМ.

Во анализата на резултатите преку обичната (simple) регресиона анализа одредени се потенцијалните предиктори асоцирани со матурираната АВФ со КП ≥ 600 mL/min во 4-тата и 8-та недела. А со мултипната регресиона анализа одредини се независните предиктори асоцирани со матурираната АВФ со КП ≥ 600 mL/min во 4-тата недела: машкиот пол и предоперативниот дијаметар на цефаличната вена. Во 8-мата недела како независни предиктори се презентирани: крвниот проток на АВФ во 4-тата недела и витаминот D.

Во однос на морфолошките и хемодинамиските карактеристики на крвните садови како испитувани варијабли врз матурацијата на АВФ со КП ≥ 600 mL/min во 4-тата и 8-мата недела, кандидатот претставува дополнителни анализи на резултатите. Имено покажано е дека сигнификантно поголем КП на АВФ е постигнат кај испитаниците со поголемо процентуално зголемување на дијаметарот на крвните садови на 1-виот ден и во 4-тата недела. Од анализата е утврдено дека не секогаш процентуалното зголемување на дијаметарот на еден крвен сад на 1-виот ден го следи зголемувањето на дијаметарот на останатите крвни садови на 1-виот ден. Но, во 4-тата недела, процентуалното зголемување на дијаметарот на крвните садови го следи зголемувањето на дијаметарот на останатите крвни садови во 4-тата недела.

Во завршниот дел од резултатите, презентирани се податоци во кои нема статистичка асоцираност помеѓу матурацијата на АВФ со КП ≥ 600 mL/min во 4-тата и 8-мата недела и хемодијализниот стаж, возраста, ИТМ, ГФР, пушењето цигари, уреата, креатининот, хемоглобинот, хематокритот, тромбоцитите, протеините, албумините, калциумот, фосфорот, ПТХ и ЦРП.

Во седмото поглавје, **Дискусија,** кандидатот се осврнува на добиените резултати од научноистражувачкиот труд, кои ги елаборира и коментира во контекст на слични вакви испитувања. Ваков тип на студија на поголема популација досега не е спроведувана во нашата држава, а добиените резултати овозможуваат подобар апликативен и клинички мониторинг на АВФ.

Анализата на резултатите ја потврдува основната хипотеза, односно поставената цел – да се утврди поврзаноста помеѓу дијаметарот на крвните садови и КП со матурацијата на АВФ со

КП≥600 mL/min во 4-тата и 8-мата недела. Утврдено е дека поголем процент на матурација на АВФ со КП≥600 mL/min од 62, 5 % е постигнат во 8-мата недела, наспроти 43,75 % на матурација на АВФ со КП≥600 mL/min во 4-тата недела. Во контекст на овој наод, кандидатот прикажува слични резултати од поголем број на меѓународни студии. Така, процентот на матурација на АВФ во студијата на Zhang et *al.* е 44,44 %, потоа Mendes et *al.* прикажаа процент од 50 %. Нешто поголем процент беше прикажан во студијата на Kordzadeh et *al.* од 66 %. Податоците кои беа презентирани од една голема мултицентрична студија (Hemodyalisis Fistula Maturation study-HFM) покажаа матурација на АВФ во ранг од 48,2 % во 2-рата недела до 49,4 % во 6-тата недела. А 59 % на матурација на АВФ се прикажа во една кохортна ретроспективна студија презентирана од Shahinian et *al.*

Поврзаноста помеѓу полот и матурацијата на АВФ и денес претставува несомнено актуелен, не само клинички, туку особено научноистражувачки предизвик. Во продолжение на анализата на резултатите, кандидатот покажува дека големо влијание врз матурацијата на АВФ со КП≥600 mL/min има полот. Имено, бројот на испитаници од машкиот пол со матурирана АВФ со КП≥600 mL/min во 4-тата и 8-мата недела е сигнификантно поголем во споредба со бројот на испитаници од женскиот пол (p<,001; p=,001). Исто така, и Jemcov во нејзината студија прикажува дека женскиот пол е сигнификантно асоциран со пролонгирана матурација на АВФ (p=,005) и со сигнификантно помал дијаметар на радијалната артерија во споредба со машкиот пол (p=,01). Притоа и Siddiqui et *al.* укажуваат дека машкиот пол има двапати поголема можност за матурација на АВФ, споредено со женскиот пол (p=,011). Потоа и Bashar et *al.* покажаа дека женскиот пол е сигнификантно асоциран со нематурирана АВФ (p=,004). Дополнително, кандидатот прикажува дека машкиот пол се одликува со сигнификантно поголем постигнат КП на АВФ на 1-виот ден, во 4-тата недела и 8-мата недела наспроти женскиот пол (p=,004; p<,001; p=,007). Во корелација со полот беше и дијаметарот на крвните садови, при што испитаниците од машкиот пол имаа поголем предоперативен дијаметар на радијалната и брахијалната артерија во споредба со испитаниците од женскиот пол (p<,001; p<,001). Слични резултати беа претставени во студиите на Wlminik и Korthen. Во однос на моделот за КП ≥ 350mL/min на 1-виот ден, анализата покажува дека бројот на испитаници од машкиот пол е сигнификантно поголем наспроти испитаниците од женскиот пол.

Во понатамошниот дел од анализата изнесени се податоци кои покажуваат асоцијација помеѓу дијаметарот на крвните садови и матурацијата на АВФ со КП≥600 mL/min во 4-тата и 8-мата недела. Во насока на оваа констатација кандидатот во дискусијата приложува голем број студии со слични резултати. Така, Malovrh прикажува дека ризикот за неуспех на АВФ е зголемен кога дијаметарот на радијалната артерија е ≤ 1,5mm со само 45 % успешност на АВФ. Потоа Opera et *al.* во нивната студија прикажаа дека предоперативниот дијаметар на вената ≥ 1,9 mm и на артеријата ≥1,5 е асоцирана со успешна матурација во повеќе од 60 % (p=,003). А мултиваријантната бинарна логистичка анализа во студијата на Kordzadeh et *al.* презентираше дека дијаметарот на цефаличната вена > 1,55 mm (p<,001) и дијаметарот на радијалната артерија ≥ 1,65 mm (p<,001) се независни фактори асоцирани со матурација на АВФ.

Со оглед на достапните податоци од литературата се забележува дека голем број студии се фокусираат на промената на дијаметарот на крвните садови. Затоа во насока на подетална анализа на морфолошките и хемодинамиските параметри на крвните садови, кандидатот презентира податоци во однос на процентуалното зголемување на дијаметарот на крвните садови и постигнатиот КП на АВФ. Анализата утврди дека постигнатиот КП на АВФ е правопропорционален со дијаметарот на крвните садови. Поголем дијаметар, поголем КП на АВФ. Процентуалното зголемување на дијаметарот на еден крвен сад на 1-от ден не секогаш го следи сигнификантно поголем дијаметар на останатите крвни садови на 1-от ден. Но процентуалното зголемување на дијаметарот во 4-тата недела се прикажува дека е проследено со сигнификантно поголем дијаметар на останатите крвни садови во 4-та недела. Затоа е наведена и потребата од дополнителни понатамошни истражувања со цел да се утврди корелација помеѓу процентуалното зголемување на дијаметарот на крвните садови со матурацијата на АВФ. Во насока на зголемување на дијаметарот на крвните садови презентирани се две студии. Првата на Mahmutyazlctoglu et *al.* која презентираше сигнификантна асоцираност помеѓу дијаметарот на радијалната артерија на 7-от ден и предоперативниот дијаметар (p<,005) и дијаметарот на 1-от

ден ( p<,005). А во студијата на Wong et *al.* се презентираше најголемото зголемување на дијаметарот на крвните садови во 2-та недела со максимално зголемување во 12-тата недела.

За анализата на КП на АВФ на 1-от ден кандидатот демонстрираше модел за вредност на КП на АВФ ≥ 350 mL/min како пресечна точка при што истата се покажува како предиктор на матурација на АВФ во 4-тата и 8-мата недела. Моделите од ROC анализите очекувано покажаа дека вредноста на КП на 1-виот ден како предиктор на матурација на АВФ зависи од тоа во која недела се проценува. Така, површината под кривата е порасната од 0,847 на 0,911 кога како исход се користи матурација на АВФ во 8-мата недела наместо во 4-тата недела. Воедно се проследува и подобрување на сензитивноста и специфичноста на КП на 1-от ден како предиктор на матурација на АВФ во 8-та недела. Имено, измерениот КП на АВФ ≥ 350 mL/min на 1-от ден ја детерминира матурацијата на АВФ во 4-тата и 8-мата недела.

Во дополнение, испитаниците со КП на АВФ ≥ 350 mL/min на 1-виот ден имаа сигнификантно поголем дијаметар пред креирање на АВФ и на 1-от ден на цефаличната вена, радијалната и брахијалната артерија во споредба со испитаниците со КП на АВФ < 350 mL/min на 1-от ден. За важноста на КП на АВФ во Дискусијата се презентираше и студијата на Robbin et *al.* При што КП на АВФ на најголем број од испитаниците на 1-от ден изнесуваше од ≥ 250 mL/min до <500mL/min. А во 6-та недела кај најголем број од испитаниците беше достигнат КП од ≥ 500 mL/min до <750mL/min. Нивната анализа демонстрираше дека КП на АВФ и дијаметарот на вената на 1-от ден и во 2-та недела се во позитивна корелација со резултатите добиени во 6-та недела, со истакнување на посилна корелација со 2-та недела. Во продолжение беа прикажани и резултати од студијата на Lin et *al.* каде што вредноста на КП од 425 mL/min како пресечна точка за диференцирање на успешната од неуспешната матурација се покажа со сензитивност од 0,813; специфичност 0,933; позитивна предикативна вредност 0,975 и негативна предикативна вредност од 0,609.

Потоа кандидатот преку направената обичната (simple) регресиона анализа ги демонстрираше умерените предиктори асоцирани со матурација на АВФ со КП ≥ 600 mL/min во 4-тата и 8-мата недела. А мултипната регресиона анализа ги прикажа независните предиктори за 4-тата недела: машкиот пол (OR 1,27; 95 % CI 1,02-1,57; p = ,035) и пред оперативниот дијаметар на цефаличната вена (OR 0,77; 95 % CI 0,64-0,94; p = ,011). Во 8-мата недела за независни предиктори беа презентирани: КП на АВФ во 4-тата недела (OR 0,52; 95 % CI 0,38-0,73; p < ,000) и витаминот D (OR 0,77; 95 % CI 0,67-0,89; p = ,011).

Во однос на ДМ како испитувана варијабла кандидатот презентираше дека не постои статистичка асоцираност помеѓу ДМ и матурацијата на АВФ. Но, прикажа дека постои статистичка асоцираност помеѓу процентуалното зголемување на дијаметарот на радијалната и брахијалната артерија на 1-виот ден и ДМ. Слични резултати со статистичка значајност се демонстрирани и помеѓу дијаметарот на бархијалната артерија во 4-тата недела и ДМ. Механизмот на негативниот ефект од ДМ врз функционалноста на АВФ не е точно познат. Некои студии покажуваат дека дури кај 60 % од болните на дијализа има присутни атеросклеротични промени и во фистулната вена. Односно, постои голема хетерогеност во достапните податоци од литературата за ДМ како ризик фактор во функционалноста на АВФ. Несомнено е влијанието на ДМ врз ендотелната функција на крвните садови која води до голем број функционални нарушувања во хомеостазата. Затоа, кандидатот ја објаснува потреба од дополнителни подолготрајни истражувања со цел да се дефинира влијанието на ДМ врз функционалноста на АВФ.

Во однос на предоперативните лабораториски вредности на: уреата, креатининот, хемоглобинот, хематокритот, тромбоцитите, протеините, албумините, калциумот, фосфорот, ПТХ и ЦРП, анализите не покажаа статистичка асоцираност со матурацијата на АВФ со КП ≥ 600 mL/min во 4-тата и 8-мата недела. Во завршниот дел е прикажано дека хемодијализниот стаж, возраста, ИТМ, ГФР и пушењето цигари како испитувани варијабли немаат статистичка асоцираност со матурацијата на АВФ со КП ≥ 600 mL/min во 4-тата и 8-мата недела.

Во делот на **заклучоците**, кандидатот таксативно ги набројува наодите од испитуваните параметри, формулирајќи заклучни согледувања како одговор на поставените цели во докторскиот труд. Во контекст на ова, најзначајно е потврдувањето на поврзаност помеѓу дијаметарот на крвните садови и матурацијата на АВФ со КП≥600ml/min во 4-тата и 8-мата

недела, што претставува една од главните цели на овој научноистражувачки труд. Притоа, дијаметарот на крвните садови се прикажа со сигнификантна позитивна корелација со постигнатиот КП на АВФ. Анализата на резултатите покажа дека машкиот пол е сигнификантно асоциран со матурацијата на АВФ со КП≥600ml/min во 4-тата и 8-мата недела. А, пак, вредноста на КП ≥ 350mL/min на 1-виот ден, како пресечна точка, се прикажа како предиктор на матурација на АВФ со КП ≥ 600mL/min во 4-тата и 8-мата недела. Во продолжение на анализата на резултатите се покажа дека: уреата, креатининот, хемоглобинот, хематокритот, тромбоцитите, протеините, албумините, калциумот, фосфорот, ПТХ, ЦРП, хемодијализниот стаж, возраста, ИТМ, ГФР и пушењето цигари немаат статистичка значајност со матурацијата на АВФ со КП≥600ml/min во 4-тата и 8-мата недела.

На крај, неспорно е дека добиените резултати имаат клиничко и апликативно значење за функционалноста на АВФ, што ја наметнува потребата од имплементација на ДУЗ во рутинската клиничка пракса.

Поглавјето **Литература** содржи 122 референци, од кои најголем дел се со понов датум, кои се уредно презентирани според важечките стандарди и соодветно се цитирани во текстот.

**ОЦЕНА НА ТРУДОТ**

Докторската дисертација со наслов „Примена на доплер-ултразвук во следење на матурација на артериовенска фистула за хемодијализа“, од кандидатот ас д-р. Никола Ѓорѓиевски, претставува истражување во нефрологија. Изработката на темата на оваа докторска дисертација овозможува детално, во подолг временски период да се анализира влијанието на морфолошките и хемодинамиските параметри на крвните садови врз матурацијата на артериовенската фистула за хемодијализа, а добиените податоци треба да помогнат на сите инволвирани здравствени работници. Клиничкото значење на функционалноста на АВФ ја наметна потребата од имплементација на доплер-ултразвукот како нова клиничка, апликативна и современа метода во процесот на планирање, креирање и матурација на АВФ за ХД.

Докторската дисертација со наслов „Примена на доплер-ултразвук во следење на матурација на артериовенска фистула за хемодијализа“, од кандидатот ас. д-р Никола Ѓорѓиевски, според мислењето на Комисијата за оцена, ги исполнува основните услови и стандарди за подготовка на докторски труд.

**ИСПОЛНЕТОСТ НА ЗАКОНСКИТЕ УСЛОВИ ЗА ОДБРАНА НА ТРУДОТ**

Кандидатот, пред одбраната на докторскиот труд, ги објавил (како прв автор, во меѓународни научни списанија или еден труд во списание со импакт-фактор) следниве рецензирани истражувачки трудови:

[1]. **Nikola Gjorgjievski**, Pavlina Dzekova-Vidimliski, Vesna Gerasimovska, Svetlana Pavleska Kuzmanovska, Julija Gjorgievska, Petar Dejanov, Aleksandar Sikole, Ninoslav Ivanovski “Primary failure of the arteriovenous fistula in patients with chronic kidney disease stage 4/5” Open Access Macedonian Journal of Medical Sciences. 2019 June 15; 7 (11) :1782-1787. https://doi.org/10.3889/oamjms.2019.541 (Pubmed)

[2]. **Gjorgjievski N**, Dzekova-Vidimliski P, Trajcheska L, Stojanoska A, Selim G, Rambabova-Bushljetik I, Nikolov I, Gjorgievska J, Janevski Z, Muharremi S, Dejanov P, Spasovski G, Sikole A, Ivanovski N. (2020) The Impact Of Preoperative Arterial And Venous Diameter On Achievement Of The Adequate Blood Flow In Arteriovenous Fistula For Hemodialysis. Ther Apher Dial 2020 Aug 4. doi: 10.1111/1744-9987.13570. Online ahead of print (Impact factor IF = 1,044) (Pubmed)

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

По внимателното, целосно и исцрпно разгледување на докторската дисертација на кандидатот ас. д-р. Никола Ѓорѓиевски со наслов „Примена на доплер-ултразвук во следење на матурација на артериовенска фистула за хемодијализа“, комисијата смета дека се работи за самостоен научноистражувачки труд кој разработува актуелен клинички проблем со јасно дефиниран мотив и цели, апликативни клинички резултати и релевантни научни заклучоци.

Во докторскиот труд, во рамките на поставените цели на истражувањето, кандидатот прави обид да процени и утврди постоење на потенцијалната поврзаност, односно асоцираност помеѓу дијаметарот на крвните садови и матурацијата на АВФ со КП ≥600 mL/min во 4-тата и 8-мата недела. Покрај оваа поврзаност, кандидатот испитува и бројни други релевантни параметри за кои тргнува од премисата дека се поврзани со матурацијата на АВФ со КП ≥600 mL/min во 4-тата и 8-мата недела или имаат улога на ризични фактори. Анализата на резултатите, компарацијата и воспоставените корелации покажуваат дека во трудот е потврдена примарната цел за постоење на статистичката асоцираност помеѓу дијаметарот на крвните садови и матурацијата на АВФ со КП ≥600 mL/min во 4-тата и 8-мата недела, како и тоа дека машкиот пол е сигнификантно асоциран со матурацијата на АВФ со КП ≥600 mL/min во 4-тата и 8-мата недела. А, пак, вредноста на КП ≥ 350mL/min на 1-виот ден, како пресечна точка, е прикажана како предиктор на матурација на АВФ со КП ≥ 600mL/min во 4-тата и 8-мата недела.

Врз основа на претходно изнесеното, Комисијата го оценува позитивно приложениот докторски труд и има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во состав на УКИМ, Скопје, да ја прифати позитивната оценка и да закаже јавна одбрана на докторската дисертација на кандидатот **ас. д-р Никола Ѓорѓиевски** со наслов: **Примена на доплер-ултразвук во следење на матурација на артериовенска фистула за хемодијализа.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Гоце Спасовски, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Нинослав Ивановски, ментор, с.р.**
**Проф. д-р Петар Дејанов, член, с.р.**
**Проф. д-р Весна Герасимовска, член, с.р.**
**Проф. д-р Ѓулшен Селим, член, с.р.**

**До:**
**Наставно-научниот совет на**
**Медицински факултет – Скопје**
**Рецензентската комисија**

# Приговор

кон Извештајот на Рецензентската комисија за избор на наставници во сите наставно-научни звања по предметите од наставно науните области: гинекологија и акушерство и гинекологија и акушерство со нега, на Медицинскиот факутет во Скопје, објавен во Билтен **бр. 1227** од **1.12.2020** година, поднесен од Рецензентската комисија, формирана со Одлука на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје со бр. 02-3524/29 од 22.9.2020 година, а врз основа на конкурсот објавен во дневните весници „Коха“ и „Нова Македонија“, за избор на 2 наставника во сите наставно-научни звања по горенаведените наставно-научни области од датум 2.9.2020 година.

Приговорот се однесува на заклучокот и предлогот поднесен од доц. д-р Сашо Стојчевски и доц. д-р Игор Алуловски, кои на Наставно-научниот совет во делот од заклучокот кој се однесува на кандидатите од конкурсот кои се предлагаат за избор во наставно звање – доцент, изнесуваат мислење и предлог кои се разликуваат од мислењето и предлогот на доц. д-р Викторија Јовановска.

**Подносител: ас. д-р сци. Роса Спасова, д-р спец. гинеколог акушер, доктор на медицински науки, вработена на Универзитетската клиника за гинекологија и акушерство во Скопје**

Го поднесувам овој Приговор бидејќи сметам дека моите права за избор во наставно звање – доцент се повредени на повеќе нивоа. Имено, согласно со Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ од 30.10.2018 година („Службен весник на Република Македонија“ бр.82/2018), член 36, алинеи 2 и 3, „Рефератот на комисијата содржи: оцена за остварувањето на кандидатите во согласност со општите и посебните услови за избор во соодветното звање; научните стручните, педагошките и други остварувања на кандидатите од почетокот на кариерата до денот на пријавата кои се од важност за утврдувањето на условите за избор во звања“. Оттаму сметам дека при донесувањето на заклучокот, именуваните членови на Рецензентската комисија, доц. д-р Сашо Стојчески и доц. д-р Игор Алуловски, несоодветно ги процениле моите досегашни достигнувања, во однос на еден од кандидатите предложен во нивниот заклучок. Од аргументите кои се изнесени во понатамошниот текст на овој Приговор јасно се гледа дека факторите кои би требало да влијаат при донесувањето на одлуката за избор во наставно звање – доцент се на моја страна, т.е. дека јас сум кандидатот кој треба да биде предложен за тоа звање.

1. Согласно со параметрите и начинот на бодување, предвидени во Анекс 1 „Посебни услови за избор во наставно-научно, научно и наставно-стручно звање“, од Правилникот, приложени во Образец 2 кон Извештајот за избор во наставно-научно, научно и наставно-стручно звање, според вкупниот број на поени, јас сум второрангирана од сите кандидати, т.е. повисоко рангирана од кандидатот предложен за избор, со 23,74 поени повеќе.

- ас. д-р Горан Кочоски – 703,444 поени
- **ас. д-р Роса Спасова – 192,44 поени**
- **ас. д-р Кристина Скепаровска – 168,7 поени**
- ас. д-р Катерина Николовска – 152,306 поени
- ас. д-р Валентина Тофиловска – 147,85 поени

2. По однос на предвидени барања согласно со Правилникот имам повеќе бодови од наставно-образовна и научноистражувачка дејност, и сум подобро рангирана од кандидатот предложен за избор.

   - ас. д-р Горан Кочоски
     Наставно-образовна дејност - 527,744 поени
     Научноистражувачка дејност - 75,8 поени

   - **ас. д-р Роса Спасова**
     **Наставно-образовна дејност - 107,74 поени**
     **Научноистражувачка дејност - 75 поени**

   - **ас. д-р Кристина Скепаровска**
     **Наставно-образовна дејност - 102,25 поени**
     **Научноистражувачка дејност - 35,5 поени**

   - ас. д-р Катерина Николовска
     Наставно-образовна дејност - 96,356 поени
     Научноистражувачка дејност - 35,05 поени

   - ас. д-р Валентина Тофиловска
     Наставно-образовна дејност - 91,74 поени
     Научноистражувачка дејност - 35,61 поени

3. По однос на годините на специјалистички стаж, јас сум 1 година постар специјалист гинеколог акушер од предложениот кандидат (специјалист од 2014 година), и подолготрајно сум член на Катедрата за гинекологија и акушерство, како асистент на Медицинскиот факултет од 2015 година.
4. Како вработена на Универзитетската клиника за гинекологија и акушерство, секојдневно сум вклучена во активностите за едукација на студентите и специјализантите на Медицинскиот факултет и Катедрата за гинекологија и акушерство, кои најголем дел (повеќе од 3 години) го поминуваат на Клиниката за гинекологија и акушерство, додека предложениот кандидат работи во наставна база, каде што воопшто нема таков обрт на студенти и специјализанти, т.е. дел на специјализацијата поминува помалку од 5 % од специјализантите. Да не заборавиме при тоа дека клиничката проблематика, со којашто се соочува еден специјалист вработен во терцијарна здравствена установа е далеку покомплексна од проблематиката со која, во секојдневната работа, се соочува специјалист од секундарно ниво на здравствена заштита, па оттаму и елементот на искуството е неспоредлив.
5. Досега , од постоењето на Медицинскиот факултет и Катедрата за гинекологија и акушерство, сите членови на наставниот кадар биле кадар на Универзитетската клиника, и заради просторните услови (близината на

Медицинскиот факултет), а и бидејќи најголем дел од работата и едукацијата се одвива на Клиниката.

Ценејќи ги сите овие аргументи, претседателот на Комисијата, доц. д-р Викторија Јовановска, ги предложи двајцата прворангирани кандидати (ас. д-р Горан Кочоски и ас. д-р Роса Спасова), а од за мене непознати причини, без соодветно образложение и правна поткрепа, останатите двајца членови, доц. д-р Сашо Стојчевски и доц. д-р Игор Алуловски дадоа поинаков извештај, во кој се фаворизира кандидат кој е пониско рангиран. При тоа, согласно со претходно образложеното во Приговорот, не постои причина истото да биде сторено.

Ја молам Рецензентската комисија уште еднаш ја преиспита својата одлука, да ги земе предвид сите горенаведени аргументи, и да поднесе поинаков извештај до Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет, во кој ќе заклучи и на Наставно-научниот совет ќе му предложи, за избор во звање – доцент, да бидеме именувани двајцата прворангирани кандидати, ас. д-р Горан Кочоски и ас. д-р Роса Спасова.

Со надеж дека ќе добијам позитивен одговор од вас,

Подносител
Ас. д-р Роса Спасова, с.р.

Скопје, 7.12.2020

**До:**
**Наставно-научниот совет на**
**Медицинскиот факултет во Скопје**

**Предмет:** Одговор на Приговор поднесен од страна на ас. д-р сци. Роса Спасова

Во врска со Приговорот на Рефератот за избор на 2 (два) наставника во сите наставно-научни звања во наставно-научните области: гинекологија и акушерство и гинекологија и акушерство со нега, објавен во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје бр. 1227 од 1.12.2020 година, а потпишан од двајца членови на Рецензентската комисија, двајцата членови на Рецензентската комисија го разгледаа Приговорот и го даваат следниов

**ОДГОВОР**

Приговорот е неоснован во целост.

Имено, според точка 5 од Приговорот, дека досега сите членови на наставниот кадар биле вработени на Универзитетската клиника за гинекологија и акушерство, не е аргумент за приговор, од проста причина што ЈЗУ Специјална болница за гинекологија и акушерство во Чаир е наставна база на Медицинскиот факултет во Скопје и како таква има право да дава свои кандидати за наставници. Специјалната болница за гинекологија и акушерство во Чаир има потпишано Спогодба со Медицинскиот факултет во Скопје за уредување на меѓусебните односи во вршењето на високообразовната, научноистражувачката и здравствената дејност и за уредување на работниот однос на наставниците и соработниците вработени во болницата. Врз основа на оваа Спогодба, предложената кандидатка ас. д-р сци. Кристина Скепаровска има засновано работен однос со Медицинскиот факултет во Скопје како и подносителот на приговорот.

Според точка 4 од Приговорот дека предложениот кандидат има помал обрт на студенти, во однос на кандидатот што приговара, сметаме дека во однос на првиот циклус студии, по семестар двете кандидатки имаат слична активност во едукација на студентите, дури предложената кандидатка има мал процент поголем ангажман, гледано по семестар. Што се однесува до ангажираноста во однос на специјализантите, комплексноста на проблематиката не зависи од секундарната или терцијарната позиција на институциите, туку од ангажирањето на кадарот, за што членовите на Комисијата сметаат дека предложената кандидатка е неправедно помалку ангажирана, за што ќе имаме дополнителен коментар подолу.

Според точка 3 од Приговорот дека предложениот кандидат е пократко член на Катедрата за гинекологија и акушерство, сметаме дека квалитетот на кандидатите треба да биде критериум за избор. Впрочем, меѓу кандидатите што не се избрани, има кандидат со уште поголем стаж од кандидатот што приговара.

Според точка 2 од Приговорот дека, врз основа на бодовникот, предложениот кандидат има помалку бодови во однос на кандидатот што приговара, Комисијата смета дека:

-во делот наставно-образовна дејност, кандидатката Роса Спасова има 5,49 бода повеќе, вклучувајќи ги 11,2 бода од едукација на специјализанти, бодови кои предложената кандидатка Кристина Скепаровска не можела да ги добие, заради неправедна прераспределба на специјализантите по гинекологија и акушерство, односно предложената кандидатка по таа основа нема бодови. Без споменатите бодови, предложената кандидатка би била во предност за 5,71 бод;

-во делот за научноистражувачка дејност, предложената кандидатка Кристина Скепаровска има 15 бода од авторски трудови, за разлика од кандидатката Роса Спасова која има 10 бода од авторски трудови. Останатите бодови се за коавторства, во кои кандидатката Роса Спасова во голем број од споменатите трудови (22) е рангирана како четврти коавтор или подолу.

Во делот на дејности од поширок интерес, предложената кандидатка има убедливо повеќе бодови.

Според точка 1, согласно со начинот и параметрите за бодување, според вкупниот број на бодови, кандидатката Роса Спасова има повеќе бодови од предложената кандидатка Кристина Скепаровска, што комплетната комисија од сите членови тоа го има верификувано. Сепак, членовите на Комисијата го задржуваат дискреционото право да предложат наставник според комплетниот впечаток што го имаат од кандидатите.

Долупотпишаните членови на Комисијата, а со оглед на аргументите погоре опишани, сметаат дека кандидатката ас. д-р сци. Кристина Скепаровска е подобар избор за наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научните области: гинекологија и акушерство и гинекологија и акушерство со нега.

Согласно со горенаведеното, членовите на Рецензентската комисија ГО ПОТВРДУВААТ ЗАКЛУЧОКОТ во Рефератот за избор на 2 (два) наставника во сите наставно-научни звања во наставно-научните области: гинекологија и акушерство и гинекологија и акушерство со нега, објавен во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје бр. 1227 од 1.12.2020 година.

**Членови на Рецензентската комисија**

**Доц. д-р Сашо Стојчевски, с.р.**
**Доц. д-р Игор Алулоски, с.р.**

# Р Е Ф Е Р А Т

**ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ ПО ПРЕДМЕТИ ОД НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ПЕДАГОГИЈА ЗА ПОСТОЈНИТЕ СТУДИСКИ ГРУПИ НА МАКЕДОНСКИ НАСТАВЕН ЈАЗИК ПРИ ПЕДАГОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ ВО СКОПЈЕ**

Врз основа на конкурсот на Педагошкиот факултет „Св Климент Охридски“ во Скопје, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Коха“ на 21/22.12.2019 година, за избор на еден асистент по предмети од наставно-научната област педагогија за постојните студиски групи на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ на македонски наставен јазик, како и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет, бр. 02-65/8, донесена на седницата одржана на 22.1.2020, формирана е Рецензентска комисија во состав: проф. д-р Билјана Камчевска, претседател, проф. д-р Татјана Котева-Мојсовска, член и проф. д-р Сузана Никодиновска Банчотовска, член.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На објавениот конкурс за избор на еден асистент по предмети од научната област педагогија за постојните студиски групи на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ на македонски наставен јазик, во предвидениот рок се пријавија кандидатите д-р Симона Палчевска и д-р Тамара Ќупева.

Согласно со општите услови утврдени со Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 82/2018) и посебните услови утврдени со Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 411/2018), како и актите на Факултетот, Комисијата по опстојното разгледување на поднесените документи констатира дека кандидатката Тамара Ќупева не ги задоволува законски предвидените општи услови. Имено, за предвиденото соработничко звање асистент по предмети од научната област педагогија потребен е стекнат назив магистер од научната област за која кандидатот се избира. Кандидатката Тамара Ќупева е магистер по филолошки науки, што е сосема друга научна област која воопшто не соодветствува со звањето за кое кандидатката конкурира. Согласно со тоа, Рецензентската комисија нема понатаму да ги земе предвид другите содржини од нејзината документација.

Во понатомошниот тек на извештајот, направен е осврт на целокупните постигнувања на кандидатката д-р Симона Палчевска.

### 1. Биографски податоци

Д-р Симона Палчевска е родена на 5 декември 1971 година во Скопје, каде што завршила основно и средно образование. По завршувањето на средното образование, во 1990/1991 г. се запишала како редовен студент на Филозофскиот факултет во Скопје, Институт за педагогија, кој го завршила во редовниот рок (1995) и се стекнала со звањето дипломиран педагог. Студиите од прв циклус ги завршила со висок просечен успех од 9,46. По дипломирањето како најдобар студент во генерацијата е избрана за работа на предучилишниот проект „Чекор по чекор“, со што се вработува како воспитувач во градинката „Мајски цвет“ во Скопје. Во студиската 1997/1998 г. се запишала на постдипломски студии на Институтот за педагогија при Филозофскиот факултет во Скопје. Со завршувањето на предвидените испити со просечна оценка 9,5, на 6.3.2006 година, на Институтот за педагогија при Филозофскиот факултет во Скопје, под менторство на проф. д-р Марија Тофовиќ Ќамилова, го одбранила магистерскиот труд и се стекнала со научен степен – магистер од областа на педагогијата. По завршувањето на магистерските студии во 2006 година се запишала на докторски

студии на Педагошкиот факултет при Универзитетот „Св. Климент Охридски“ во Битола. Под менторство на проф. д-р Дејан Илиев во 2011 година, на Педагошкиот факултет во Битола, Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Битола, ја одбранила докторската дисертација на тема „Курикуларни и вонкурикуларни основи за развој на компетенциите на наставниците во процесот на перманентнот образование“ и се стекнала со степенот доктор по педагогија од областа на методиките.

**Во октомври 2009 година, Симона Палчевска е избрана како надворешен соработник од областа на предучилишната практика на Педагошкиот факултет во Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје.**

**Д-р Симона Палчевска активно се служи со англискиот јазик (читање, пишување и зборување), а има и основни познавања на грчкиот јазик. Исто така, д-р Симона Палчевска поседува солидни компјутерски знаења и вештини за Microsoft Office (Word, Excel, PowerPoint), како и комуникациски вештини, вештини за решавање проблеми, способност за работа во тим итн.**

**2. Резултати и искуство во наставната дејност**

**Кандидатката д-р Симона Палчевска во текот на последната година од студиите на Институтот за педагогија при Филозофскиот факултет во Скопје, како најдобар студент е избрана за учество во предучилишниот проект „Чекор по чекор“ при Институтот Отворено општество Македонија - Скопје и учествува во неговата реализација во рамките на Институтот за педагогија и тогаш избраните модел градинки во Р Македонија.**

Во 2000 година е избрана за помлад асистент на Педагошкиот факултет во Битола, по предметот Дидактика, под менторство на проф. д-р Благородна Лакинска, каде што на одреден период работи до 2007 година и реализира настава, вежби и консултации.

Кандидатката д-р Симона Палчевска во 2009 година е избрана за надворешен соработник на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ од областа на практиката за предметот педагошка практика на групата за предучилишно воспитание. Во текот на реализација на вежбите со студентите, активно работи во областа на раниот детски развој, реализирајќи конкретни практични активности во различни возрасни групи. Во периодот од 2013 до 2015 година, работела и како надворешен соработник по предметот Основи на техничко образование со методика под менторство на проф. д-р Сузана Никодиновска Банчотовска, со што со студентите од групата за одделенска настава реализира предавања, вежби и следење на конкретни часови во основните училишта. Во истиот период е ангажирана и за предметот Сообраќајно воспитание, под менторство на проф. д-р Билјана Камчевска, каде што активно учествува во неговата организација и реализација, а, исто така, реализира и вежби во рамките на предметот Педагошка администрација, под менторство на проф. д-р Весна Макашевска.

Д-р Симона Палчевска, од февруари 2013 година, започнува да работи како професор на Високата школа за воспитувачи - Гњилање со привремено седиште во Бујановац. Високата школа во 2019 год. влегува во состав на Академијата за струкови студии, Јужна Србија - Лесковац, отсек – Студија за воспитувачи – Бујановац. Во текот на работата, д-р Симона Палчевска реализира настава по предметите: Припремни претшколски програм, Припрема дете за полазак у школу, Дидактика и Рад са даровитом децом. Исто така, д-р Симона Палчевска е ментор и член во комисии за одбрана на повеќе од 50 дипломски трудови. Според досегашните спроведени евалуации на кои студентите даваат оценка за квалитетот на предавањата, начинот на предавање, како и односот кон студентите, кандидатката има позитивна оценка во континуитет, и тоа: просечна оценка од 4,9, за 2013/14 г., 4,7 за 2014/15 г., 4,5 за 2015/16 г., 4,8 за 2016/17 г., 4,7 за 2017/18 и 4,6 за 2018/19, евалуации спроведени во рамките на Академијата за струкови студии - Јужна Србија, Отсек Студија за воспитувачи – Бујановац.

**3. Научноистражувачка дејност**

Значаен и најобемен труд на д-р Симона Палчевска е нејзината докторска дисертација со наслов „Курикуларни и вонкурикуларни основи за развој на компетенциите на наставниците во процесот на перманентното образование“. Докторската дисертација претставува сериозен научен труд во кој врз основа на искуствата од наставната практика и додипломските студии, наставниците имаа можност да го искажат своето мислење за потребите од нивно понатамошно професионално усовршување. Докторската дисертација е структурирана во четири дела, и тоа: концепциска поставеност, актуелност на проблемот на истражување, глобална структура на докторската дисертација, применета методологија на истражувањето и анализа и интерпретација на добиените резултати. Анализата на добиените резултати, како и оригиналните предлози и решенија со развојна компонента упатуваат на тоа дека д-р Симона Палчевска со докторската дисертација дава значаен придонес во теоретското осветлување и практичната примена на одредени компетенции во улогата на воспитувачот и наставникот, како и современи приоди во развојот на наставата преку реализирање на различни актуелни теми и обуки, а исто така дава свој предлог за формирање на т.н. центри за професионален развој, каде што воспитувачите и наставниците би можеле континуирано да се усовршуваат и со тоа да го зајакнуваат својот професионален развој.

Во периодот од 2000 до крајот на 2019, д-р Симона Палчевска има учествувано на повеќе меѓународни конференции и научни симпозиуми во земјата и во странство и е автор и коавтор на повеќе оригинални научни и стручни трудови во меѓународни странски и во домашни списанија. Тоа може да се види од списокот на објавени трудови, од кои позначајни се следниве:

1. Дамовска Л., Шеху Ф., **Палчевска С.,** Јанева Н., Самарџиска Панова Љ. ( 2009 )“, Стандарди за рано учење и развој кај за деца од 0-6 години”–Министерство за труд и социјална политика и УНИЦЕФ, Скопје.
2. Шеху Ф., **Палчевска С.**, Ничова А., Зиндел В., Анчевска Б., Јанева Н. (2014), Прирачник за воспитувачи за примена на стандардите за рано учење и развој, Министерство за труд и социјална политика, Скопје.
3. Камчевска Б., Весна Макашевска В., **Палчевска С.** (2014), Го откриваме светот со Елена и Емил 1 и 2, Работни листови за деца од 4 до 5 години, Просветно дело, Скопје
4. Камчевска Б., Весна Макашевска В., **Палчевска С.** (2014), Детски свет 1 и 2, Работни листови за деца од 5 до 6 години, Просветно дело, Скопје.
5. **Палчевска С.**, Перманентно образовање наставника, (2015), Зборник радова, Висока школа за васпитаче струкових студија-Бујановац, стр. 89-99
6. **Палчевска С.**, Ничова А., Зиндел В., Анчевска Б., Јанева Н. (2014), Прирачник за негователи за примена на стандардите за рано учење и развој, Министерство за труд и социјална политика, Скопје.
7. **Палчевска С.** (2016), Следење и проценка во раниот детски развој, Интернационална научна конференција, Образованието на крстосница - предизвици, алтернативи и перспективи, Битола.
8. **Палчевска С.** (2016), Инклузија како процес во раниот детски развој, 11. Интернационален балкански научен конгрес, Пореч, Хрватска.
9. **Палчевска С.** (2017), Унапредување на алтернативни услуги за згрижување на деца, Учебник за обука на дадилка во домашни услови, Европска Унија, Скопје, стр. 45-49.
10. **Палчевска С.** (2017), Инклузија како процес во раниот детски развој, 12. Интернационален балкански научен конгрес, Несебар, Бугарија.
11. **Палчевска С.,** (2018), Развојни практики и ефективни пристапи во детскиот развој и учењето, 13. Интернационален балкански научен конгрес, Едирне, Турција.
12. Камчевска Б, Макашевска В, **Палчевска С.** (2018), „Ајде да си играме“, Работни листови за деца од 2 до 3 години, Просветно дело, Скопје.
13. **Палчевска С.** (2019), Што детето треба да знае пред поаѓање на училиште, 14. Интернационален балкански научен конгрес, Охрид, Македонија.

**4. Стручно-применувачка дејност и проектни активности**

Д-р Симона Палчевска реализирала повеќе студиски престои на кои ги проширува своите научни сознанија и искуства. На пр., во 2000 година реализирала студиски престој во Вашингтон, каде што посетувала државни институции и приватни училишта, со цел да се увидат начините на работа во градинките и училиштата и можностите како дел од тоа може да се приспособи и имплементира во условите во нашата земја. Исто така, во 2002 д-р Симона Палчевска реализирала студиски престој во Ерусалим, Израел, каде што следела активности во билингвални групи, со цел стекнување искуство за билингвизам во рамките на градинките и училиштата, со што по нејзиното враќање одржувала презентации во рамките на програмата „Потрага по заедничка основа“.

Д-р Симона Палчевска учествува на повеќе семинари, обуки, работилници и во научноистражувачки проекти кои се во организација на Министерството за труд и социјална политика, Министерството за образование и наука, Бирото за развој на образованието, УСАИД, УНИЦЕФ, ОБСЕ, Фондацијата за културни и образовни иницијативи „Чекор по чекор “, Институтот Отворено општество - Македонија, но и од други домашни, ЕУ и странски фондови. Кандидатката д-р Симона Палчевска во 2000 година е избрана за воспитно-образовен координатор за предучилишни и училишни програми во Фондацијата за образовни и културни иницијативи „Чекор по чекор“, во чии рамки сè уште координира, организира и реализира компатибилни обуки и активности. Истата година станува член како сениор експерт на ЕЦД-Кор - Друштво за консалтинг и истражување на раниот детски развој, со што во изминатиот период се занимава со спроведување на стандардите за рано учење и развој кај децата од раѓање до поаѓање во училиште, како и различни обуки од областа на предучилишното воспитание и образование.

Во периодот од 2015 година, па сè до денес е координатор на проектот „Со читање до лидерство“, во рамките на Фондацијата „Чекор по чекор“ и Институтот Отворено општество - Македонија, каде што менторира заедници за учење во училиштата. Во изминатите 5 години, кандидатката учествува како истражувач во **проектот „Зајакнување на улогата на граѓанското општество во осигурувањето рамноправност и квалитет во предучилишното образование, воспитание и згрижување“, финансиран од Европската Унија, во соработка со Фондацијата за културни и образовни иницијативи „Чекор по чекор“, каде што се јавува како еден од соработниците во создавање на „**Македонската рамка за квалитет во предучилишното образование, воспитание и згрижување (ПОВЗ)“.

Во последните две години работи како ментор на воспитувачи за колегијална поддршка и рализира обуки на тема: „Социјална кохезија и културен дијалог“, во организација на Министерството за труд и социјална политика и УНИЦЕф, тема која е основа за градење на платформа за социо-емоционалниот развој кај децата од предучилишна возраст.

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ-АСИСТЕНТ/АСИСТЕНТ ИСТРАЖУВАЧ**

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови ДА/НЕ |
|---|---|---|
| 1. | Има завршено прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити | да |
| 2. | Стекнат назив - магистер од соодветната област<br><br>Назив на научната област: **магистер на педагошки науки** | да |
| 3. | Остварен просечен успех од најмалку 8(осум) на додипломските и постдипломските студии одделно.<br><br>Просечниот успех на додипломски изнесува: **9,46**<br><br>Просечниот успех на постдипломски изнесува: **8,83** | да |
| 3. | Има познавање од најмалку еден странски јазик:<br>1. Странски јазик: англиски јазик<br>2. Назив на документот: диплома<br>3. Издавач на документот: „Л. М. Лингва“<br>4. Датум на издавање на документот: 10.6.2015 | да |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Биљана Камчевска, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Татјана Котева-Мојсовска, член, с.р.**
**Проф. д-р Сузана Никодиновска-Банчотовска, член, с.р.**

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на извршениот увид во целокупната доставена документација, бодирањето согласно со Образецот кон Извештајот за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“во Скопје, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-применувачката дејност на кандидатката д-р Симона Палчевска.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатката, Рецензентската комисија заклучи дека д-р Симона Палчевска поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје ги исполнува сите услови да биде избрана во соработничко звање – **асистент** по предмети од научната област **педагогија** за постојните студиски групи на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ на македонски наставен јазик.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје, д-р Симона Палчевска да биде избрана во соработничко звање – **асистент** по предмети од научната област **педагогија** за постојните студиски групи на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ на македонски наставен јазик.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Билјана Камчевска, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Татјана Котева-Мојсовска, член, с.р.**
**Проф. д-р Сузана Никодиновска-Банчотовска, член, с.р.**

# Р Е Ф Е Р А Т
## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ (ДИСЦИПЛИНА) МЕЃУНАРОДНО ПРИВАТНО ПРАВО НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Правен факултет „Јустинијан Први“, објавен во весниците „Нова Македонија” и „Коха“ од 2.XI 2020 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област меѓународно приватно право, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, донесена на 4.XII 2020 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Тони Дескоски, редовен професор на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, д-р Сашо Георгиевски, редовен професор на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје и д-р Мирјана Ристовска, вонреден професор на Правниот факултет при Универзитетот „Св. Климент Охридски“ во Битола.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област (дисциплина) меѓународно приватно право, во предвидениот рок се пријави единствено кандидатот д-р Вангел Доковски. Кон пријавата, кандидатот достави доказ за стекнат соодветен степен на образование – доктор на науки, изјава за исполнување на општите и посебните услови за избор, CV, список на објавени научни и стручни трудови и по еден примерок од трудовите и други докази за исполнување на професионалните референци.

### 16. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатот д-р Вангел Доковски е роден на 9.III 1986 година, во Скопје. Средно образование завршил во ДСЕПУ „Васил Антевски Дрен“ во 2004 година. Со високо образование се стекнал на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Дипломирал на 6.III 2009 година, со просечен успех 9,38.

Во учебната 2008/2009 се запишал на постдипломските студии на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Студиите ги завршил во 2011 година, со просечен успех 9,86. На 5.X 2011 година го одбранил магистерскиот труд на тема: „Избрана меѓународна судска надлежност (*prorogation iurisdictionis*)”.

Докторска дисертација пријавил во 2011 година на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Дисертацијата на тема: „Автономијата на волја како точка на врзувањето кај вондоговорната одговорност за штета во правото на Република Македонија и во правото на Европската Унија“ ја одбранил на 21.XII 2015 година, пред Комисија во состав: проф. д-р Поликсена Гавроска, проф. д-р Горан Коевски, проф. д-р Тони Дескоски (ментор), проф. д-р Аслан Билали и проф. д-р Татјана Зороска Камиловска. Со тоа се стекнал со научниот степен доктор на правни науки.

Во учебните 2008/2009, 2009/2010, 2011/2012 година, кандидатот е ангажиран како демонстратор на Катедрата за меѓународно приватно право на Правниот факултет „Јустинијан Први” во Скопје. Во учебните 2012/2013 и 2013/2014, кандидатот е ангажиран како соработник на Катедрата за меѓународно приватно право на Правниот факултет „Јустинијан Први” во Скопје. Во учебната 2014/2015, кандидатот бил волонтер на Катедрата за меѓународно приватно право на Правниот факултет „Јустинијан Први” во Скопје.

Со Одлука на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, донесена на 27.V 2016 година, кандидатот е избран за насловен доцент на научната област меѓународно приватно право. На седницата на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје одржана на 22.XII 2017, кандидатот е избран за доцент на научната област меѓународно приватно право. Во моментот, кандидатот работи како доцент на научната

област меѓународно приватно право. Последниот реферат за избор на кандидатот е објавен во Билтенот бр. 1158, од 1.XII 2017 година.

Кандидатот активно се служи со англискиот јазик. Исто така има познавања од компјутерските техники и интернет-пребарувањата.

### 17. Научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од последниот избор до денот на пријавата

**Наставно-образовна дејност**

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, Правен факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, кандидатот доц. д-р Вангел Доковски учествува во изведувањето на настава на првиот и вториот циклус студии по предметите: Меѓународно приватно право, Меѓународно арбитражно право, Меѓународно приватно право – применета програма, Меѓународно приватно процесно право, Судир на законите, Меѓународно приватно право на ЕУ, Признавање и извршување на странски одлуки и Инвестиционо право.

Кандидатот е коавтор со проф. д-р Тони Дескоски на рецензирани учебни помагала под наслов: Практикум по меѓународно приватно право, Скопје, 2014 година, Практикум по меѓународно приватно право, трето изменето и дополнето издание, Скопје, 2015 година и Практикум по меѓународно приватно право, четврто изменето и дополнето издание, Скопје, 2015 година.

Во периодот по изборот во звањето доцент, учествувал и како член во комисии за оцена и одбрана на вкупно 23 магистерски трудови. Како составен дел од активностите во рамките на наставно-образовната дејност, за одбележување се и повеќето значајни учества на кандидатот во школи и семинари од областа на меѓународното приватно право. Конкретните активности кои припаѓаат во наставно-образовната дејност, наведени се во табелата во Образец 2 кон Извештајот за избор во наставно-научно звање.

**Научноистражувачка дејност**

Д-р Вангел Доковски има објавено вкупно 17 научни труда од областа меѓународно приватно право, од кои 6 труда објавени во научно списание кое нема импакт-фактор за годината во која е објавен трудот, во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank, MathSciNet (Mathematical Reviews), Zentralblatt fur Mathematik и Реферативный журнал "Математика" или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование, 5 труда со оригинални научни резултати, објавени во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови, 5 труда со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји и 1 труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир.

Сите пријавени и доставени научни и стручни трудови се соодветно прикачени и евидентирани во Ризницата (репозиториумот) на трудови на УКИМ.

Д-р Вангел Доковски учествувал на поголем број домашни и меѓународни научни конференции, од кои за овој избор селектирани се следниве: Четврта балканска конференција на тема: Personal name in Internal Law and in Private International Law, Ниш, Србија, 14.IV 2016 година; Public and Private Justice: Dispute Resolution in Modern Societies, реферат на тема - Reconsidering Clinical Legal Education in Inter University Centre, Дубровник, Хрватска, 23-28. V 2016; HCCH Conference: Towards a Global Framework for International Commercial Transactions: Implementing the Hague Principles on Choice of Law in International Commercial Contracts, Луцерн, Швајцарија, 08-09. IX 2016; Тринаесетта конференција за меѓународно приватно право на тема: New Trends in Contemporary Private International Law, Крагујевац, Србија, 04. XI 2016 година; Седма конференција на Journal of Private International Law, Рио де Жанеиро, Бразил, 3 – 5.VIII 2017 година; Меѓународна конференција по повод 70 години од Постојаниот арбитражен суд при

Комората за трговија и индустрија на Србија, Reshaping the boundaries of arbitrability: are we heading forward?, Белград, Србија, 6 – 7.X 2017; Меѓународна конференција: Restructuring of Companies and their Consequences in relation to Employees: Conditions, dilemmas and challenges in the laws of the EU, Austria, Macedonia and Serbia, Скопје, Република Македонија, 6.XI 2017 година; Четиринаесетта регионална конференција за меѓународно приватно право на тема: „Private International Law Revisited – Is there a Room for the Improvement of Existing Sources of PIL, Сплит, Хрватска, 3.XI 2017 година; Меѓународна конференција „Слободата на изразување во XXI век“, Скопје, Република Македонија, 13.XII 2017; Меѓународна конференција: Contractual issues in Private International Law, Marmara University, Истанбул, Турција, 11.X 2018; Осма конференција на Journal of Private International Law, Минхен, Германија, 12 – 14. IX 2019; Шеснаесетта регионална конференција за меѓународно приватно право, Тирана, Албанија, 8.XI 2019 година.

Во периодот од изборот во претходното звање доцент, д-р Доковски бил ментор на тројца кандидати со успешно одбранет магистерски труд. Другите активности кои припаѓаат во научноистражувачката дејност, податоците за објавените трудови, за проектите во кои учествувал кандидатот и за одржаните предавања, се наведени во табелата во Образец 2 кон Извештајот за избор во наставно-научно звање.

**Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес**

Кандидатот д-р Вангел Доковски од 2009 година е асистент-тренер на тимот на Правниот факултет за меѓународно арбитражно право кој учествува на меѓународниот натпревар Willem C. Vis International Commercial Arbitration Moot (под менторство на проф. д-р Тони Дескоски).

Кандидатот д-р Вангел Доковски од 2017 година е тренер на тимот на Правниот факултет за инвестиционо право кој учествува на меѓународниот натпревар Frankfurt Investment Arbitration Moot (под менторство на проф. д-р Тони Дескоски).

Кандидатот д-р Вангел Доковски, по изборот во звањето доцент, остварил студиски престој во странство во периодот 7 – 21.VII 2018, во Шамен, НР Кина, на Академијата за меѓународно право.

Д-р Вангел Доковски е секретар на Летната школа од областа на меѓународното приватно право, која се организира во соработка помеѓу Franco-German University, Université Paris Ouest-Nanterre-La Défense (France), Universität Münster (Germany) и Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, Правен факултет „Јустинијан Први“ во Скопје.

Д-р Вангел Доковски земал учества и во промотивните активности на Правниот факултет „Јустинијан Први”, а бил член и на неколку факултетски комисии и работни групи. Активностите кои припаѓаат во стручно-применувачката дејност и дејностите од поширок интерес, подетално се наведени во табелата во Образец 2 кон Извештајот за избор во наставно-научно звање.

**Оценка од самоевалуација**

Кандидатот д-р Вангел Доковски, во учебните 2016/2017, 2017/2018, 2018/2019 и 2019/2020 година, доби позитивна оценка од анонимно спроведената анкета на студентите на Правниот факултет.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Вангел Доковски.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Вангел Доковски поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избран во звањето вонреден професор во научната област меѓународно приватно право.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, д-р Вангел Доковски да биде избран во звањето **вонреден професор** во научната област меѓународно приватно право.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Тони Дескоски, с.р.**
**Проф. д-р Сашо Георгиевски, с.р.**
**Проф. д-р Мирјана Ристовска, с.р.**

# О Б Р А З Е Ц 1
## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** ***д-р Вангел Славко Доковски***
**Институција:** ***Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Правен факултет „Јустинијан Први“ – Скопје***
**Научна област:** ***МЕЃУНАРОДНО ПРИВАТНО ПРАВО***

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР/НАУЧНО ЗВАЊЕ – ВИШ НАУЧЕН СОРАБОТНИК**

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус *<br>Просечниот успех на прв циклус изнесува: __________<br>Просечниот успех на втор циклус изнесува: __________<br>Просечниот успех изнесува __________за интегрираните студии. | / |
| 2 | Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира<br><br>Назив на научната област: меѓународно приватно право; поле: правни науки; подрачје: општествени науки. | **ДА** |
| 3 | Објавени најмалку пет рецензирани научни труда во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор** | **ДА (подетално во Образец 2)** |
| 3.1 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование<br>1. Назив на научното списание: __________<br>2. Назив на електронската база на списанија:___________<br>3. Наслов на трудот: _____________<br>4. Година на објава: _____________ | |
| 3.2 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови<br>1.Назив на научното списание: __________<br>2.Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): __________<br>3. Наслов на трудот: _____________<br>4. Година на објава: _____________ | |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 3.3 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е објавено во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД<br>1.Назив на научното списание: _________<br>2.Назив на членката на ЕУ/ОЕЦД________<br>3. Наслов на трудот: _____________<br>4. Година на објава: _____________ | |
| 3.4 | Книга или дел од книга рецензирана и објавена во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД<br>1. Наслов на книгата: ________<br>2. Назив на членката на ЕУ/ОЕЦД_______<br>3. Издавач, година и место на издавање/објавување: ___________ | |
| 3.5 | Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји<br><br>1.Назив на зборникот: _______<br>2.Назив на меѓународниот собир: ____________<br>3.Имиња на земјите: _________<br>4. Наслов на трудот: _____________<br>5. Година на објава: ____________ | |
| 3.6 | Преводи на капитални дела во области кои ги утврдува Националниот совет за високо образование и научноистражувачка дејност<br>1. Наслов на преведеното капитално дело: _______<br>2. Година на објава __________<br>3. Издавач, место на издавање и година ______________ | |
| 4 | Претходен избор во наставно-научно звање – доцент, датум и број на Билтен: 1.XII 2017 година, број 1158 | **ДА** |
| 5 | Има способност за изведување на високообразовна дејност | **ДА** |

* На лицата кои имаат засновано работен однос на Универзитетот или на некој од универзитетите во Република Македонија во моментот на стапување во сила на Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр.82/2018), нема да се применуваат одредбите од Законот кои се однесуваат на просекот, односно дека лицата треба да имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус. Во овој случај, полето под реден број 1 не се пополнува.

** За кандидатот/ите кој има повеќе од 5 (пет) научни труда во референтна научна публикација, рецензентската комисија научните труда ќе ги наведе, ќе ги оцени и ќе ги вреднува во Образец 2.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Тони Дескоски, с.р.**
**Проф. д-р Сашо Георгиевски, с.р.**
**Проф. д-р Мирјана Ристовска, с.р.**

# О Б Р А З Е Ц 2

## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ

**Кандидат: ВАНГЕЛ СЛАВКО ДОКОВСКИ**
(име, татково име и презиме)
**Институција: ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“ – СКОПЈЕ**
(назив на факултетот/институтот)
**Научна област: МЕЃУНАРОДНО ПРИВАТНО ПРАВО**

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | **Одржување на настава (прв циклус студии)**<br><br>***Меѓународно приватно право***<br><br>Академска 2016/2017 година 2*15*0,04=1,20<br>Академска 2017/2018 година 2*15*0,04=1,20<br>Академска 2018/2019 година 2*15*0,04=1,20<br>Академска 2019/2020 година 2*15*0,04=1,20<br><br>**Вкупно (прв циклус студии): 4,80 поени**<br><br>**Одржување настава (втор циклус студии)**<br><br>***Меѓународно арбитражно право***<br><br>Академска 2016/2017 година 1,5*15*0,05=1,125<br>Академска 2017/2018 година 1,5*15*0,05=1,125<br>Академска 2018/2019 година 1,5*15*0,05=1,125<br>Академска 2019/2020 година 1,5*15*0,05=1,125<br><br>***Меѓународно приватно право – применета програма***<br><br>Академска 2016/2017 година 2,5*15*0,05=1,875<br>Академска 2017/2018 година 2,5*15*0,05=1,875<br>Академска 2018/2019 година 2*15*0,05=1,5<br>Академска 2019/2020 година 2*15*0,05=1,5<br><br>***Меѓународно приватно право на ЕУ***<br><br>Академска 2016/2017 година 2*15*0,05=1,5<br>Академска 2017/2018 година 2*15*0,05=1,5<br>Академска 2018/2019 година 2*15*0,05=1,5<br>Академска 2019/2030 година 2*15*0,05=1,5<br><br>***Меѓународно приватно процесно право***<br><br>Академска 2016/2017 година 2*15*0,05=1,5<br>Академска 2017/2018 година 2*15*0,05=1,5 | **30,3** |

| | | |
|---|---|---|
| | Академска 2018/2019 година 2*15*0,05=1,5<br>Академска 2019/2020 година 2*15*0,05=1,5<br>***Инвестиционо право***<br><br>Академска 2016/2017 година 1*15*0,05=0,75<br>Академска 2017/2018 година 1*15*0,05=0,75<br>Академска 2018/2019 година 1*15*0,05=0,75<br><br>**Вкупно (втор циклус студии): 25.5** | |
| 2. | **Настава во школи и работилници**<br><br>2.1. Предавач на летна школа: Law on the Bosphorus Istanbul International Summer School 2017, 10. VII 2017 година, предавање на тема: “Family Reunification in Europe”, Истанбул, Турција; [1 поен]<br>2.2. Предавач на школа: Winter School on ADR, организира од Open Regional Fund for South Eastern Europe – Legal Reform GIZ, предавање на тема: Third Party Funding“, Драч, Албанија, 21-23.XI 2017 година; [1 поен]<br>2.3. Предавач на летна школа: Law on the Bosphorus Istanbul International Summer School 2018, 12. VIII 2018 година - предавање на тема: “Rights of refugees in troubled times” Истанбул, Турција; [1 поен]<br>2.4. Предавач на школа: Winter School on ADR, организира од Open Regional Fund for South Eastern Europe – Legal Reform GIZ, предавање на тема: “Constitution of the Arbitral Tribunal“, Скопје, Северна Македонија 21-23.XI 2019 година; [1 поен]<br>2.5. Предавач на летна школа: Law on the Bosphorus Istanbul International Summer School 2020 година, 21. VIII 2020 - предавање на тема: “COVID 19 Impact on ADR” Истанбул, Турција; [1 поен]<br>2.6. Предавач на тренинг за студентски правобранители, 9. X 2020 година, Скопје, Северна Македонија. [1 поен] | **6** |
| **3.** | **Консултации со студенти**<br><br>Академска 2016/2017 година 200*0,002=0,4<br>Академска 2017/2018 година 200*0,002=0,4<br>Академска 2018/2019 година 200*0,002=0,4<br>Академска 2019/2020 година 200*0,002=0,4 | **1,6** |
| **4.** | **Член на комисија за оцена или одбрана на магистерски труд**<br><br>23*0.3 = 6,9 поени | **6,9** |
| **5.** | **Позитивно рецензиран практикум** | **3** |

| | | |
|---|---|---|
| | - Меѓународно приватно право, четврто изменето и дополнето издание, Скопје, 2019 година, коавтор со проф. д-р Тони Дескоски. [3 поени] | |
| | **Вкупно** | **47,8** |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | **Ментор на магистерски труд**<br><br>1.1. Ментор на тројца кандидати за магистрирање (одбранети магистерски тези) [3*2 = 6 поени] | 6 |
| 2. | **Учесник во национални научни проекти**<br><br>2.1. Мегапроект „Евроинтеграцијата на општествениот, правниот и политичкиот систем во Република Македонија“. [3 поени]<br>2.2. Учесник во научноистражувачки проект финансиран од средства на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје за 2019/2020 година, под наслов: **„**Анализа на степенот на транспарентност во инвестициони арбитражни постапки поведени против Република Северна Македонија“.[3 поени] | 6 |
| 3. | **Учесник во меѓународни научни проекти**<br><br>3.3. Учесник во меѓународен научен проект: „ Investors State Dispute Resolution” (2017/2018) во рамките на Програмата за техничка помош на Германската влада (ГИЗ). [5 поени]<br>3.4. Учесник во меѓународен научен проект финансиран од мрежата SEELS за 2019-2021 година, под наслов: Legal Status and Protection of Internationally Displaced Persons, Refugees, Asylum Seekers and 'Invisible' Persons without IDs" (the Forced Migrations Project). [5 поени] | 10 |
| 4. | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно списание кое нема импакт-фактор за годината во која е објавен трудот, во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank, MathSciNet (Mathematical Reviews), Zentralblatt fur Mathematik и Реферативный журнал "Математика" или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование** | 22.5 |

| | | |
|---|---|---|
| | 4.1. Deskoski T., Dokovski V., „Party Autonomy in Family Matters in the European and in the Macedonian Private International Law – from a Comparative Perspective” Iustinianus Primus law review (Skopje) vol. 6, Issue 1 (2016); [5*0,9 = 4,5 поени]<br>4.2. Deskoski T., Dokovski V., Characterization of Family Name upon marriage in Private International Law “, Iustinianus Primus law review (Skopje) vol. 8, Issue 1 (2017); [5*0,9= 4,5 поени]<br>4.3. Deskoski T., Dokovski V., Notes on arbitrability – focus on objective arbitrability“, Iustinianus Primus law review (Skopje) vol. 9, Issue 1 (2018); [5*0,9 = 4,5 поени]<br>4.4. Deskoski T., Dokovski V., Lex contractus for specific contracts under the Rome I Regulation, Iustinianus Primus Law Review, vol. 10, Issue 1 (2019); [5*0,9 = 4,5 поени]<br>4.5. Deskoski T., Dokovski V.,Kocev Lj., The Birth and Rise of the International Commercial Courts in Paris – Boosting the Litigation or Alternative to Arbitration, Iustinianus Prilus Law Review, vol. 10, Issue 2 (2019) [5*0,9 = 4,5 поени] | |
| **5.** | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови**<br><br>5.1. Дескоски Т., Доковски В., „Поимно определување на вондоговорната одговроност во меѓународното приватно право на Европската Унија“, Европско право, година 5, том 8, бр. 2/2016, стр. 139-150. [5*0,9 = 4,5 поени]<br>5.2. Дескоски Т., Доковски В., „Теоретски аспекти на точките на врзувањето кај семејните односи со странски елемент“, Годишник на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, во чест на проф. д-р Јане Миљовски, Том 54, 2016 година, стр. 125-139; [5*0,9 = 4,5 поени]<br>5.3. Дескоски Т., Доковски В., „Традиционални точки на врзувањето кај вондоговорната одговорност за штета“, Годишник на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, во чест на проф. д-р Петар Манговски, Том 55, 2016 година, стр. 157-172; [5*0,9 = 4,5 поени]<br>5.4. Дескоски Т., Доковски В., „Подрачје на примена на Регулативата Брисел I“, Годишник на Правниот факултет „Јустинијан | **27** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Први“ во Скопје, во чест на проф. д-р Марјан Марјановски Том 56, 2017 година, стр. 295-314; [5*0,9 = 4,5 поени]<br>5.5. Дескоски Т., Доковски В., „Граници на арбитрабилноста во правото на Република Македонија – анализа на споровите за надомест на штета предизвикана со клевета и навреда“, Годишник на Правниот факултет „Јустинијан Први“ по повод 40 години од основањето на студиите по новинарство, Том 57, 2018 година, стр. 63-81; [5*0,9 = 4,5 поени]<br>5.6. Дескоски Т., Доковски В., „Причини за прифаќање на автономијата на волјата во меѓународното приватно право“, Годишник на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, во чест на проф. д-р Мидораг Мицајков, Том 58, 2018 година, стр. 277-297; [5*0,9 = 4,5 поени] | |
| **6.** | **Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји**<br><br>6.1. Deskoski T., Dokovski V., „Whose Family Name upon Birth and Marriage? Macedonian and European PIL Perspectives“,4th Balkan Conference, Conference Proceedings: Personal Name in Internal Law and Private International Law, 2016 година, стр. 33-46; [5*0,9 = 4,5 поени]<br>6.2. Дескоски Т., Доковски В., „Аутономија воље код уговора о франшизи – савремени мпп аспекти вануговорне одговорности“, Зборник на трудови од XII-тото Мајско советување „Услуге и услужне права“, одржано на 13. V 2016 година во Крагујевац, Србија, стр. 69-85; [5*0,9 = 4,5 поени]<br>6.3. Дескоски Т., Доковски В., „(Не)допуштеност аутономије воље код вануговорне одговорности за штету из повреде права интелектуалне својине“, Зборник на трудови од XIII-тото Мајско советување „Услуге и одговорност“, одржано на 19. V 2017 година во Крагујевац, Србија, стр. 539-550; [5*0,9 = 4,5 поени]<br>6.4. Deskoski T., Dokovski V., „Arbitrating corporate disputes –focus on employment disputes (from Macedonian perspective) Зборник на трудови од меѓународната конференција “Restructuring of companies and their consequences in relation to employees: Conditions, dilemmas and challenges in the Laws of the EU, Austria, Macedonia and Serbia”, одржана на 6. XI 2017 година во Скопје, стр. 129-150; [5*0,9 = 4,5 поени] | **22,5** |

| | | |
|---|---|---|
| | 6.5. Дескоски Т., Доковски В.„Основи аутономија воље у савременим међунардоним трговачким транскацијама “, Зборник на трудови од XIV-тото Мајско советување „Савремени правни промет и услуге“, одржано на 25. V 2018 година во Крагујевац, Србија, стр. 51-64; [5*0,9 = 4,5 поени] | |
| 7. | **Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир**<br><br>7.1. Deskoski T., Dokovski V., „Arbitrability of Defamation Disputes: Expanding the Boundaries of Arbitrability in Macedonia”, Collection of papers, Reshaping the boundaries of arbitrability: are we heading forward?, Stalna arbitraza pri privrednoj komori srbije, стр. 148-165. [2*0,9 = 1,8] | **1,8** |
| 8. | **Пленарни предавања на научен/стручен собир со меѓународно учество**<br><br>8.1. „Whose Family Name upon Birth and Marriage? Macedonian and European PIL Perspectives“, реферат поднесен на Четвртата Балканска конференција на тема: Personal name in Internal Law and in Private International Law, Ниш, Србија, 14.IV 2016 година, заеднички реферат со проф. д-р Тони Дескоски (усна презентација). [3 поени]<br>8.2. „Recognition and enforcement of foreign judgments under the Macedonian Draft PIL Act at first glance“, реферат поднесен на Тринаесетата конференција за меѓународно приватно право на тема: New Trends in Contemporary Private International Law, Крагујевац, Србија, 4.XI 2016 година, заеднички реферат со проф. д-р Тони Дескоски (усна презентација). [3 поени]<br>8.3. „Arbitratbility of Defamation Disputes: Expanding the Boundaries of Arbitrability in Macedonia“, реферат поднесен на Меѓународната конференција по повод 70 години од Постојаниот арбитражен суд при Комората за трговија и индустрија на Србија, Reshaping the boundaries of arbitrability: are we heading forward?, Белград, Србија, 6 – 7.X 2017, заеднички реферат со проф. д-р Тони Дескоски (усна презентација). [3 поени]<br>8.4. „Arbitrating Corporate Disputes – focus on employment disputes“, реферат поднесен на Меѓународна конференција: Restructuring of Companies and their Consequences in relation to Employees: Conditions, dilemmas and challenges in the laws of the EU, Austria, Macedonia and Serbia, Скопје, Република Македонија, 6.XI 2017 година, | **27** |

| | | |
|---|---|---|
| | заеднички реферат со проф. д-р Тони Дескоски (усна презентација). [3 поени]<br>8.5. „Article 28 of the Rome II Regulation: The Relationship between Rome II Regulation and the 1971 & 1973 Convention“ , реферат поднесен на Четиринаесеттата регионална конференција за меѓународно приватно право на тема: „Private International Law Revisited – Is there a Room for the Improvement of Existing Sources of PIL, Сплит, Хрватска, 3.XI 2017 година, заеднички реферат со проф. д-р Тони Дескоски (усна презентација). [3 поени]<br>8.6. „Некои специфични прашања за арбитрабилноста во Република Македонија: со фокус на клеветата“, реферат поднесен на меѓународна конференција „Слободата на изразување во XXI-от век“, Скопје, Република Македонија, 13.XII 2017, заеднички реферат со проф. д-р Тони Дескоски (усна презентација). [3 поени]<br>8.7. „Overriding mandatory rules and public policy (*ordre public*) as restriction of party autonomy in the Hague Principles on Choice of Law in International Contracts“, реферат поднесен на Меѓународна конференција: Contractual issues in Private International Law, Marmara University, Истанбул, Турција, 11.10.2018, заеднички реферат со проф. д-р Тони Дескоски. (усна презентација). [3 поени]<br>8.8. “(Re)Shaping the Principle of Party Autonomy under the Hague Principles on Choice of Law in International Contracts“, реферат поднесен на Осмата конференција на Journal of Private International Law, Минхен, Германија, 12-14. IX 2019 година, заеднички реферат со проф. д-р Тони Дескоски. (усна презентација) [3 поени]<br>8.9. The Interplay of the Hague Convention on the Recognition and Enforcement of Foreign Judgments in Civil or Commercial Matters and the Principles on Choice of Law in International Commercial Contracts - unification v. soft harmonization“, реферат поднесен на Шеснаесеттата регионална конференција за меѓународно приватно право, Тирана, Албанија, 8.XI 2019 година, заеднички реферат со проф. д-р Тони Дескоски (усна презентација). [3 поени] | |
| 9. | **Секциско предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество**<br><br>9.1. „Party autonomy and procedural treatment and application of foreign law“, реферат поднесен на Седмата конференција на Journal of Private International Law, Рио де Жанеиро, Бразил, 3 - 5.VIII | **2** |

| | | |
|---|---|---|
| | 2017 година, заеднички реферат со проф. д-р Тони Дескоски (усна презентација) [2 поена] | |
| 10. | **Апстракт објавен во зборник на меѓународна конференција**<br><br>10.1. Deskoski T., Dokovski V., Overriding Mandatory Rules and Public Policy (Ordre Public) as Restriction of Party Autonomy in The Hague Principles on Choice of Law in International Contracts, Зборник на апстракти на меѓународната конференција Contractual Issues in Private International Law, 11. VIII 2018, Универзитет Мармара, Истанбул, Турција. [1 поен] | **1** |
| | **Вкупно** | **125,8** |

**СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1. | **Учество во промотивни активности на факултетот**<br><br>1.1. Промотивни активности на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје – Денови на образование, април 2017 година. [0,5 поени]<br>1.2. Промотивни активности на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје – Денови на образование, мај 2018 година [0,5 поени]<br>1.3. Промотивни активности на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје во средните училишта низ државата, 2019 година. [0,5 поени]<br>1.4. Промотивни активности на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје – Денови на образование, мај 2019 година [0,5 поени]<br>1.5. Промотивни активности –Запознај го УКИМ, 2.XI 2019 година. [0,5 поени]<br>1.6. Промотивни активности на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје во средните училишта низ државата, 2020 година. [0,5 поени] | **3** |
| 2. | **Член во комисија изработка на подзаконски акт**<br><br>2.1. Член на Работна група за изработка на Нацрт-одлука за условите, критериумите и правилата за студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје. [2 поена] | **2** |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| 3. | **Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/ стручен собир**<br><br>3.1. Секретар на трета летна школа - *Itinerant Summer University in the Balkans,* организирана во соработка помеѓу Franco-German University, Université Paris Ouest- | **4** |

| | | |
|---|---|---|
| | Nanterre-La Défense (Франција), Universität Münster (Германија) и Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, 11-15.IX 2016 година. [1 поен]<br>3.2. Секретар на четврта летна школа - Itinerant Summer University in the Balkans, организирана во соработка помеѓу Franco-German University, Université Paris Ouest-Nanterre-La Défense (Франција), Universität Münster (Германија) и Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, 20 - 23.IX 2018 година. [1 поен]<br>3.3. Член на Организационен одбор за Годишната научна конференција на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, 2019 година. [1 поен]<br>3.4. Член на Организационен одбор за Годишната научна конференција на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, 2020 година. [1 поен] | |
| 4. | **Студиски престој во странство (до три месеци)**<br><br>4.1. 7-21 VII 2018, Шамен, НР Кина, Xiamen Academy for International Law. [о,5 поени] | **0,5** |
| 5. | **Член на факултетска комисија**<br><br>5.1. Престедател на Комисија за попис на основни средства, ситен инвентар, потрошен материјал и изданија од издавачка дејност на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, со состојба 31.12.2018 година. [0,5 поени]<br>5.2. Член на Комисијата за попис и утврдување на паричните и другите форми на побарувања и обврски на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, со состојба 31.12.2019 година. [0,5 поени]<br>5.3. Член на избирачки одбор за спроведување на изборите за претседател и членови на Факултетското студентско собрание на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, 2019 година . [0,5 поени]<br>5.4. Член на Конкурсна комисија за упис на студенти на втор циклус студии во учебната 2019/2020 година. [0,5 поени]<br>5.5. Член на факултетска Комисија за изработка на програма за обука за полагање на правосуден испит, 2019 година. [0, 5 поени]<br>5.6. Член на факултетска Комисија за спроведување на избор за ректор на УКИМ, 2020 година. [0,5 поени]<br>5.7. Член на Работна група за изработка на апликација на Правниот факултет „Јустинијан Први” во Скопје за меѓународен проект во рамки на Еразмус + програмата, 2019 година. [0,5 поени]<br>5.8. Член на Конкурсна комисија за упис на студенти на прв циклус студии во учебната 2020/2021 година. [0,5 поени] | **4** |
| 6. | **Член на комисија за избор во звање**<br><br>6.1. Член на комисија за избор на наставник во сите наставно-научни звања на научната област меѓународно приватно право, 2018 година. [0,2 поени] | **0,2** |

| | | |
|---|---|---|
| | **Вкупно** | **13,7** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 47,8 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 125,8 |
| **СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 13,7 |
| **Вкупно** | 187,3 |

**Членови на Комисијата**

**Проф. д-р Тони Дескоски, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Сашо Георгиевски, член, с.р.**
**Проф. д-р Мирјана Ристовска, член, с.р.**

***Прилог бр. 3***

# Р Е Ц Е Н З И Ј А
## НА РАКОПИСОТ „ЛОКАЛНА САМОУПРАВА“ ОД АВТОРИТЕ
проф. д-р Гордана Силјановска-Давкова, проф. д-р Владимир Митков, проф. д-р Тања Каракамишева-Јовановска, проф. д-р Александар Спасеновски и доц. д-р Марко Кртолица

Врз основа на **Одлуката на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први”, бр. 02-828/9 од 31.8.2020 година**, за членови на Рецензентската комисија за рецензирање на учебникот „Локална самоуправа“ од авторите: **проф. д-р Гордана Силјановска-Давкова, проф. д-р Владимир Митков, проф. д-р Тања Каракамишева-Јовановска, проф. д-р Александар Спасеновски и доц. д-р Марко Кртолица**, наменет за студентите на Правниот факултет „Јустинијан Први”, за предметите Локална самоуправа (втор циклус правни студии на насоката по уставно право), Локална самоуправа (втор циклус политички студии на македонски јазик) и Локална самоуправа (втор циклус политички студии на англиски јазик), **избрани се проф. д-р Билјана Ванковска, проф. д-р Александра Максимовска-Стојкова и проф. д-р Јетон Шасивари.**

По добивањето на ракописот и неговото детално разгледување и анализа, до Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први” во Скопје, рецензентите го поднесуваат следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### I. Општ дел

**Основни податоци за ракописот**

| | |
|---|---|
| **Назив на ракописот:** | Локална самоуправа |
| **Назив на предметната програма:** | Локална самоуправа |
| **Назив на студиската програма:** | 1. Втор циклус правни студии на насоката по уставно право<br>2. Втор циклус политички студии на македонски јазик<br>3. Втор циклус политички студии на англиски јазик |
| **Фонд на часови и ЕКТС-кредити** (доколку ракописот е наменет за повеќе предмети, да се наведат сите предмети): | **1.75 часови (5 часа неделно)**<br>**2. 60 часови (4 часа неделно)**<br>**3. 60 часови (4 часа неделно)** |
| 1. Предметот Локална самоуправа на Правниот факултет „Јустинијан Први” е задолжителен предмет на вториот циклус правни студии на насоката по уставно право со фонд на часови 75 часа вкупно (5 часа неделно), број на ЕКТС-кредити 8 (осум) и се слуша во VII семестар.<br>2. Предметот Локална самоуправа на Правниот факултет „Јустинијан Први” е задолжителен предмет на вториот циклус политички студии на македонски јазик со фонд на часови 60 часа вкупно (4 часа неделно), број на ЕКТС-кредити 7 (седум) и се слуша во VII семестар.<br>3. Предметот Локална самоуправа на Правниот факултет „Јустинијан Први” е задолжителен предмет на вториот циклус политички студии на англиски јазик со фонд на часови 60 часа вкупно (4 часа неделно), број на ЕКТС-кредити 7 (седум) и се слуша во VII семестар. | |
| **Реден број на изданието:** | прво издание |

| | |
|---|---|
| **Општи податоци за ракописот:** | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 325 страници (формат Times New Roman), напишани на компјутер, со големина на фонтот 12 и фусноти со големина на фонтот 10. Текстот е поделен во шест дела (дополнително има предговор, резиме и користена литература), содржи 5 табели и 8 фотографии. |

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Проф. д-р Билјана Ванковска, с.р.**
**Проф. д-р Александра Максимовска-Стојкова, с.р.**
**Проф. д-р Јетон Шасивари, с.р.**

## II.ПОСЕБЕН ДЕЛ ОД РЕЦЕНЗЕНТОТ: ПРОФ. Д-Р БИЛЈАНА ВАНКОВСКА

| | |
|---|---|
| **Краток опис на содржината:** | Ракописот „Локална самоуправа“ од авторите проф. д-р Гордана Силјановска-Давкова, проф. д-р Владимир Митков, проф. д-р Тања Каракамишева-Јовановска, проф. д-р Александар Спасеновски и доц. д-р Марко Кртолица претставува вистинско освежување во научната мисла на оваа тема.<br>На мошне јасен и едноставен начин, авторите успеале да објаснат мошне сложени и противречни феномени, категории и процеси, да го поврзат социјалистичкото минато на македонската локална самоуправа со сегашноста и да го потенцираат значењето на демократијата во нејзиниот развој. Едновремено, авторите одблиску го согледале практикувањето и значењето на најважните европски и меѓународни стандарди во насока на подобрување на квалитетот на националната локална самоуправа.<br>**Ракописот е составен од шест дела.**<br>**Во првиот дел,** детално е анализиран поимот и основните карактеристики на локалната самоуправа, различната терминологија што е во употреба за локалната самоуправа во одделни земји, односот меѓу локалната самоуправа и државата (односот меѓу локалните и централните органи), локалната самоуправа и демократијата, заемниот однос меѓу локалната самоуправа, децентрализацијата и деконцентрацијата, локалната самоуправа и регионализмот.<br>**Во вториот дел,** разработени се ембрионите на локалната самоуправа од античкиот период, преку феудалниот период, па сѐ до развојот на локалната самоуправа во текот на 19 и 20 век. Во овој дел, посебно внимание е дадено и на различните теории што ја обработуваат локалната самоуправа на конкретен начин, а кои се среќаваат во литературата и се од значење за разбирањето на суштината на локалната самоуправа.<br>**Во третиот дел** од ракописот, авторите детално се осврнале на типологизацијата, односно на моделите на локалната самоуправа, и тоа: моделот на вистинска локална самоуправа и локална самоуправа во облик на децентрализација, моделот на непосредна локална самоуправа и претставничка локална самоуправа, моделот на едностепена, двостепена и повеќестепена локална самоуправа, моделот на градска и селска (рурална) самоуправа. Исто така, посебен осврт авторите дале и на компаративниот преглед на локалната самоуправа според бројот и видот на локалните единици, како и според други |

| | |
|---|---|
| | критериуми за класификација на локалната самоуправа.<br><br>Акцентот е ставен на местото и улогата на главните градови, како и на односот меѓу локалните и централните органи на власт. Едновремено, анализирана е и надлежноста на локалните органи, начелата на организирање на локалната самоуправа, како и прашањето за финансирањето на локалната самоуправа.<br><br>**Во четвртиот дел** од ракописот, разработени се современите локални самоуправи во повеќето европски земји, компаративно и поединечно. Така, елаборирани се спецификите на локалната самоуправа во Обединетото Кралство, САД, Франција, Германија, Шведска, Норвешка, Србија, Грција, Албанија, Бугарија и други држави.<br><br>**Петтиот дел** на ракописот е посветен на локалната самоуправа и на Советот на Европа, како и на локалната самоуправа и на ЕУ. Објаснети се сите поважни европски стандарди поврзани со локалната самоуправа, како и најважните документи за локалната самоуправа. При тоа, посебен акцент е ставен на Европската повелба за локалната самоуправа, како и на работата на Конгресот на локални и регионални власти при Советот на Европа, на „мекото и тврдото право“ што го создава Конгресот на локалните и регионалните власти. Од посебна важност е и разработката на актите што ја гарантираат функционалната и стабилната европска демократија. Објаснета е содржината на Кодексот на добри практики за изборни прашања, актите насочени во борбата против корупцијата и Европската повелба за регионална автономија. Во делот на локалната самоуправа и ЕУ, акцентот на интерес на авторите е ставен врз работата на Комитетот на регионите и правото на ЕУ.<br><br>**Во шестиот дел** на ракописот, авторите дале детална анализа на развојот на македонската локална самоуправа од 1946 година до денес преку детална разработка на сите поединечни фази (Уставот на НРМ од 1946, Уставот на СРМ од 1963, Уставот на СРМ од 1974, Уставот на РМ од 1991 година, како и одделните закони за локалната самоуправа и законите што се во |

| | |
|---|---|
| | тесна поврзаност со локалната самоуправа). Посебно е значаен делот посветен на македонската локална самоуправа од осамостојувањето на земјата во 1991 година до денес преку осврт на најважните предизвици со кои се има соочено македонската локална самоуправа – потпишувањето и имплементацијата на Охридскиот рамковен договор, тешкотиите поврзани со процесите на децентрализацијата, финансирањето на општините, зајакнувањето на надлежностите на локалните единици, јакнењето на демократските механизми во општините за учество на граѓаните во локалните работи и други прашања. |
| **Оцена за усогласеноста со предметната програма:** | Целосна усогласеност на ракописот со предметната програма |
| **Предлози за потребни корекции:** | Нема |
| **Оцена на ракописот:** | Одлична |
| **Категоризација:** | Учебник |
| **Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:** | **Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 325 страници (формат Times New Roman**), напишани на компјутер, со големина на фонтот 12, а фуснотите со големина на фонтот 10. Текстот е поделен на шест дела (плус предговор, резиме и користена литература), содржи 5 табели и 8 фотографии. |

Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство овој ракопис да го поддржам и да го предложам да се отпечати како учебник по предметот Локална самоуправа, примарно наменет за студентите на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје.

Во Скопје, 30.11.2020 година

**РЕЦЕНЗЕНТ**
**Проф. д-р Билјана Ванковска, с.р.**

## II. Посебен дел од рецензентот: проф. д-р Александра Максимовска-Стојкова

| | |
|---|---|
| **Краток опис на содржината:** | Локалната самоуправа е вистински предизвик за истражување и анализа, како на правните и политичките, така и на економските и финансиските аспекти и проблеми. Од посебна важност за истражувањето содржано во ракописот е констатацијата дека модерната демократија е невозможно да функционира без локалната самоуправа. Или, како што навеле авторите, нема демократија без локална демократија, нема демократија без демократија во рамките на локалната самоуправа, бидејќи демократијата извира од локусот, од местото каде што граѓаните живеат, работат, социјално општат, се дружат и ги решаваат своите индивидуални проблеми и потреби.<br><br>Токму оваа констатација е *spiritus movens* на ракописот. Токму оваа констатација е појдовната точка во ракописот при разработката на сите проблеми, дилеми, предизвици, поими, категории и феномени што се во тесна поврзаност со локалната самоуправа.<br><br>Ракописот „Локална самоуправа“ од авторите проф. д-р Гордана Силјановска-Давкова, проф. д-р Владимир Митков, проф. д-р Тања Каракамишева-Јовановска, проф. д-р Александар Спасеновски и доц. д-р Марко Кртолица е четиво што се чита во еден здив и предизвикува посебен интерес кај читателот без разлика на тоа кои теми ги анализира или кои искуства ги споделува.<br><br>Стилот на пишување е едноставен, читлив, учебникарски. Проучувањето на темите во ракописот е систематизирано на моделот од општо кон посебно, од историско кон современо, од компаративно кон македонско. Методологијата на истражувањето применета во ракописот е разновидна. Применети се историскиот метод, методот на анализа и компаративниот метод. Во сите шест дела од ракописот, проучените теми се важни и актуелни, содржајни и суштински за разбирањето на локалната самоуправа во целина.<br>Низ целиот текст од ракописот провејува заклучокот дека денешните европски општества станаа сè поглобализирани, |

| | |
|---|---|
| | поурбанизирани и општествено различни поради што локалната самоуправа се промени на различни начини и нивоа. Економските предизвици продуцирани од глобализацијата се сметаат за клучни во утврдувањето на потребата од пристапување кон реформи на локалната власт и самоуправа во многу од европските држави.<br><br>Реформите што се случија на локално ниво во Европа имаа различен степен и длабочина на промени, различни насоки на делување. Тие во различни средини се движеа од потемелни, преку усвојување на комплетно нови стратегии за јавен менаџмент во локалната власт, до главно територијални реформи (примерот на Данска), до преземање посебни активности поврзани со зајакната децентрализација на власта (примерот на Холандија).<br><br>Процесите на глобализацијата го намалија влијанието на националните избрани власти, а го засилија граѓанското учество во креирањето на локалните политики.<br><br>Во многу европски држави, но и во многу држави во светот се засили локалната и регионалната иновативност, територијалната и паметната поврзаност меѓу локалните заедници, регионализацијата и децентрализацијата.<br><br>Се зголемија можностите на граѓаните да учествуваат во креирањето на локалните политики како начин за компензација на намаленото учество на граѓаните во националните процеси на креирање политички одлуки. На преден план дојдоа граѓанските иницијативи, облиците на директна демократија (референдумот, отповикот на локалните претставници, петицијата, собирот на граѓани, народното вето и слично).<br><br>Како клучна тема за дебата во локалната политика се наметна прашањето за отворање нови канали на граѓанска партиципација во локалната демократија. Во оваа смисла, како важна тема обработена во ракописот се најдоа алатките на посредна и непосредна демократија преку кои граѓаните обезбедуваат свое учество во локалните заедници. Тука се и европските стандарди задолжителни за |

| | |
|---|---|
| | работата на локалната самоуправа, а присутни кај сите земји членки на Советот на Европа.<br><br>Посебно е интересен и важен е делот за развојот на македонската локална самоуправа од комунален систем до локална самоуправа, од централизам до локална самоуправа, од државен етатизам до локална самоуправа. Инспиративни се размислувањата за современите тенденции во развојот на македонската локална самоуправа содржани во последниот дел од ракописот. |
| **Оцена за усогласеноста со предметната програма:** | Целосна усогласеност на ракописот со усвоената предметна програма на Факултетот. |
| **Предлози за потребни корекции:** | Нема |
| **Оцена на ракописот:** | Одличен |
| **Категоризација:** | Учебник |
| **Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:** | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 325 страници (формат Times New Roman), напишани на компјутер, со големина на фонтот 12. Фуснотите се со голема на фонтот 10. Текстот е поделен на шест дела (дополнително се внесени предговор, резиме и користена литература), содржи 5 табели и 8 фотографии. |

Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство овој ракопис да го поддржам и да го предложам да се отпечати како учебник по предметот Локална самоуправа, примарно наменет за студентите на Правниот факултет „Јустинијан Први“.

Во Скопје, 30.11.2020 година

**Рецензент**

**Проф. д-р Александра Максимовска-Стојкова, с.р.**

## III. Посебен дел од рецензентот: Проф. д-р Јетон Шасивари

| | |
|---|---|
| **Краток опис на содржината:** | Ракописот „Локална самоуправа“ од авторите проф. д-р Гордана Силјановска-Давкова, проф. д-р Владимир Митков, проф. д-р Тања Каракамишева-Јовановска, проф. д-р Александар Спасеновски и доц. д-р Марко Кртолица претставува одличен текст во кој на мошне едноставен и лесен начин се објаснети сите актуелни теми, категории и прашања поврзани со локалната самоуправа.<br>**Ракописот е поделен на шест дела. Секој дел има одделни глави како тематски целини во кои се анализирани прашања и аспекти со своја специфичност.**<br>Во ракописот доминира агендата за локалните реформи, како тие се спроведувале од земја до земја, како реформите зависеле не само од локалните обележја на единиците, туку и од формата на државното владеење. Исто така, главен фокус на истражување во ракописот е односот меѓу локалната самоуправа и локалната демократија, зајакнувањето на значењето на локалната самоуправа во уставната демократија, процесите на децентрализација и административните, политичките и територијалните проблеми поврзани со децентрализацијата во државите, развојот на граѓанското општество на локално ниво, блиската соработка меѓу пазарната економија и локалниот живот на граѓаните, итн.<br><br>Акцент во анализата е ставен и на новите алатки за подобрување на јавното управување на локално ниво, политиките за приватизација и практиките на јавно-приватното партнерство, апликациите за е-локална влада и слични активности како клучни реформски зафати на локално ниво. Едновремено, авторите констатираат дека насекаде во светот се прават напори за обезбедување зајакнат, ефикасен и економски исплатлив систем на управување не само на државно, туку и на локално ниво. Локалната самоуправа не е суверена категорија. Таа е дефинирана преку нејзините правни и политички можности на функционирање, нејзиното постоење и рамката на нејзините активности.<br><br>Изучувањето на локалната самоуправа на европско и на светско ниво се наметна не само како научна и академска потреба, туку и како општествена потреба. Разбирањето на |

| | |
|---|---|
| | локалните предизвици и граѓанските интереси сѐ повеќе се одразува и на националните политики. Ако државите не се посветуваат на локалните работи и не ги решаваат локалните проблеми, тие не можат да бидат успешни ниту во креирањето на националните политики, а уште помалку се подготвени да ги решат државните проблеми на граѓаните. Ако демократијата не се практикува на локално ниво, таа не може да постои ниту на национално ниво.<br><br>**Ракописот е одлично систематизирано дело во кое на почетокот се анализирани општите, воведните прашања** од значење за локалната самоуправа, историскиот развој на локалната самоуправа и прашањата за теориите и категоризацијата на локалната самоуправа. Интересен осврт е даден за различните видови модели на локалната самоуправа, односот меѓу локалната самоуправа, децентрализацијата и деконцентрацијата, како и односот меѓу локалната самоуправа и регионализмот.<br>**Авторите на ракописот значително внимание посветиле на** односот меѓу локалните и централните органи на власт од аспект на надлежноста на локалните органи, начелата на организирање на локалната самоуправа, како и прашањето за финансирањето на локалната самоуправа.<br><br>Разработени се современите локални самоуправи и начинот на нивното функционирање во неколку европски земји. Објаснети се елементите и обележјата на современата локална самоуправа во Шведска, Франција, Германија, САД, Обединетото кралство, Норвешка, Малта, Луксембург и други земји. Исто така, ракописот посветува значајно внимание на прашањето поврзано со прашањето на локалната самоуправа и на Советот на Европа, како и на локалната самоуправа и на ЕУ. Детално се објаснети европските стандарди за локалната самоуправа преку анализа на Европската повелба за локалната самоуправа, како и работата на Конгресот на локални и регионални власти при Советот на Европа. Важно внимание е посветено и на т.н. „меко и тврдо право“ што го создава Конгресот на локалните и регионалните власти. Од друга страна, локалната самоуправа е анализирана и од аспект на ЕУ, со посебен осврт на работата на Комитетот на регионите. |

| | |
|---|---|
| | **Најопсежна анализа во ракописот е дадена на функционирањето на** македонската локална самоуправа од 1946 година до денес. Анализирани се Уставот на НРМ од 1946, Уставот на СРМ од 1963, Уставот на СРМ од 1974, Уставот на РМ од 1991 година, како и посебните закони за локалната самоуправа и законите што се во тесна врска со локалната самоуправа. Значаен фокус во ракописот е ставен на делот посветен на современите тенденции во македонската локална самоуправа од осамостојувањето на земјата во 1991 година до денес преку осврт на најважните предизвици со кои се соочи локалната самоуправа, промените предизвикани со Охридскиот рамковен договор, процесите на децентрализацијата, проблемите со финансирањето на општините, зајакнувањето на надлежностите на локалните единици, јакнење на демократските механизми во општините, како и други организациски и суштински прашања за функционирањето на македонската локална самоуправа. |
| **Оцена за усогласеноста со предметната програма:** | Целосна усогласеност на ракописот со предметната програма. |
| **Предлози за потребни корекции:** | Нема |
| **Оцена на ракописот:** | Одлична |
| **Категоризација:** | Учебник |
| **Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:** | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 325 страници (формат Times New Roman), напишани на компјутер, со големина на фонтот 12, а фуснотите со големина на фонтот 10. Текстот е поделен на шест дела (плус предговор, резиме и користена литература), содржи 5 табели и 8 фотографии. |

Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство овој ракопис да го поддржам и да го предложам да се отпечати како учебник по предметот Локална самоуправа, примарно наменет за студентите на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје.

Во Скопје, 30.11.2020 година

**РЕЦЕНЗЕНТ**
**Проф. д-р Јетон Шасивари, с.р.**

# П Р Е Г Л Е Д

**на прифатени теми за изработка на магистерски трудови на Правниот факултет „Јустинијан Први„ во Скопје Н.Н.С од 04-12-2020 година**

| Кандидат | Тема | Ментор | Датум | Одлука број |
|---|---|---|---|---|
| Александар Михајловски | Економски криминалитет со посебен осврт на даночни деликти (Economic Crimes with Specific Attention to the Tax Frauds) | проф.д-р Гордана Лажетиќ | 04.12.2020 | 02-1194 / |
| Александар Ѓорѓиевски | Етиологија и сузбивање на тероризмот (Etiology and Suppression of the Terrorism) | проф.д-р Гордана Лажетиќ | 04.12.2020 | 02-1194 / |
| Ивана Костеска | Криминолошки аспекти на семејното насилство (Criminological Aspects of Domestic Violence) | проф.д-р Александра Груевска Дракулевски | 04.12.2020 | 02-1194 / |
| Ангела Поп Зариева | Феноменологија и етиологија на рецидивизмот (Phenomenology and Etiology of Recidivism) | проф.д-р Александра Груевска Дракулевски | 04.12.2020 | 02-1194 / |
| Горјан Савески | Криминолошки аспекти на економскиот криминалитет (Criminological Aspects of the Economic Crime) | проф.д-р Александра Груевска Дракулевски | 04.12.2020 | 02-1194 / |
| Мартин Овчарски | Влијанието на условите во казненоправните установи во Република Северна Македонија врз положбата на затворениците (The Impact of the Conditions of the Penitentiary Facilities in Republic of North Macedonia on the Prisoners Position) | проф. д-р Александра Груевска Дракулевски | 04.12.2020 | 02-1194 / |
| Мартина Јовановска | Здравјето на луѓето и човековите права – казнено правни и филозофско-правни аспекти (People’s Health and Human Rights – Criminal Law and Philosophical Aspects) | проф.д-р Александра Деаноска Трендафилова | 04.12.2020 | 02-1194 / |
| Моника Игнова | Мерки за обезбедување присуство со посебен аспект на притворот во Република Северна Македонија и СР | проф.д-р Бобан Мисоски | 04.12.2020 | 02-1194 / |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Германија (Measures for Providing Defendants’ Presence With Specific Attention to Detention in Republic of North Macedonia and Federal Republic of Germany) | | | |
| Мартина Панчевска | Начин и постапка на носење на акт за систематизација на работните места (Manner and procedure of adopting an act for systematization of work positons) | проф.д-р Ана Павловска Данева | 04.12.2020 | 02-1194 / |
| Билјана Петревска | Градењето како основ за стекнување право на сопственост низ призмата на македонското право и практика (Construction as a Manner of Acquiring Ownership through the Scope of Macedonian Law and Practice) | проф.д-р Родна Живковска | 04.12.2020 | 02-1194 / |
| Наталија Ѓоршеска | Услови за склучување на бракот во македонското и во споредбеното право (Matrimonial Conditions in the Macedonian and Comparative Law) | проф.д-р Ангел Ристов | 04.12.2020 | 02-1194 / |
| Ивана Јоцевска | Меѓународни ревизорски стандарди и нивна примена во македонското законодавство и практика (International Auditing Standards and Their Implementation in Macedonian Legislation and Practice) | проф.д-р Александра Максимовска Стојкова | 04.12.2020 | 02-1194 / |
| Дејан Митровски | Локална буџетска постапка: Студија на случај во општина Бутел (Local Budget Procedure: Case study of municipality of Butel) | проф.д-р Александра Максимовска Стојкова | 04.12.2020 | 02-1194 / |
| Насер Халил | Влијанието на Пандемијата КОВИД 19 врз буџетскиот процес на Република Северна Македонија (The Impact of COVID 19 Pandemic on the Budget Process in Republic of North Macedonia) | проф.д-р Александра Максимовска Стојкова | 04.12.2020 | 02-1194 / |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Абедин Салија | Ограничени стварни права врз недвижностите во банкарското работење (Time Limited Real Rights over Immovables in Banking) | проф.д-р Ванчо Узунов | 04.12.2020 | 02-1194 / |
| Ѓорѓи Ѓоргиевски | Законско регулирање на обновливите извори на енергија (Regulation of Renewable Energy) | проф.д-р Дарко Спасевски | 04.12.2020 | 02-1194 / |
| Елена Ацковска | Поим и видови осигурување (Definition and Types of Insurance) | проф.д-р Ванчо Узунов | 04.12.2020 | 02-1194 / |
| Глорија Божинкочева | Посебна заштита и дискриминација на жените и младите работници (Special protection and discrimination against women and young workers) | проф.д-р Тодор Каламатиев | 04.12.2020 | 02-1194 / |
| Јована Затkоска | Нетрадиционални безбедносни предизвици во Западниот Балкан (Untraditional security challenges in the Western Balkans) | проф.д-р Јулија Брсакоска Базеркоска | 04.12.2020 | 02-1194 / |
| Наташа Родиќ **забелешка:** промена на ментор наместо досегашниот ментор проф.д-р Методија Каневчев | „(Не)почитувањето на стандардите за постапување со осудени лица на казна затвор | проф.д-р Гордана Лажетиќ | 04.12.2020 | 02-1194 / |

Д Е К А Н,

Изработил : Хамди Весели

Проф.д-р Горан Коевски

Советник за студентски прашање

**П Р Е Г Л Е Д**

**на одобрена тема за изработка на магистерски труд на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Природно-математички факултет – Скопје, на седницата на Наставно-научниот совет на Факултетот, одржана со средства за електронска комуникација на 26.11.2020 година.**

**1. Магистерски труд**

| **ед. бр.** | **Име и презиме на кандидатот** | **Назив на темата** | | **Име и презиме на менторот** | **Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата** |
|---|---|---|---|---|---|
| | | **на македонски јазик** | **на англиски јазик** | | |
| 1. | Мирко Трпевски, дипломиран инженер по биологија | „ЕГЗОМСКА ТКИВНА АНАЛИЗА КАЈ АКУТНО И ХРОНИЧНО ОТФРЛАЊЕ НА ТРАНСПЛАНТИРАНИ БУБРЕЗИ ПОСРЕДУВАНО СО Т-КЛЕТКИ“ | „EXOME TISSUE ANALYSIS IN T-CELL MEDIATED ACUTE AND CHRONIC RENAL TRANSPLANT REJECTION“ | д-р Сашо Панов, редовен професор на ПМФ – Скопје | **02-1170/5 од 30.11.2020** |

**П Р Е Г Л Е Д**

**на одобрени теми за изработка на магистерски трудови на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Природно-математички факултет – Скопје, на седницата на Наставно-научниот совет на Факултетот, одржана со средства за електронска комуникација на 29.10.2020 година.**

**1. МАГИСТЕРСКИ ТРУД**

| **ед. бр.** | **Име и презиме на кандидатот** | **Назив на темата** | | **Име и презиме на менторот** | **Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата** |
|---|---|---|---|---|---|
| | | **на македонски јазик** | **на англиски јазик** | | |
| 1. | Марија Ангеловски, дипломиран инженер по биологија | „ЕФЕКТИ НА ЦИСТЕИНСКИОТ ПРЕКУРСОР L-2-ОКСОТИАЗОЛИДИН-4-КАР-БОКСИЛАТ ВРЗ ОКСИДАТИВНИОТ СТРЕС ВО СРЦЕТО ПРИ ИЗОПРОТОНЕРОЛ-ИНДУЦИРАН МИОКАРДЕН ИНФАРКТ КАЈ СТАОРЦИ“ | „EFFECTS OF THE CYSTEINE PRECURSOR L-2-OXOTHIAZOLIDINE-4-CARBOXYLATE ON THE OXIDATIVE STRESS IN THE HEART DURING ISOPROTERENOL-INDUCED MYOCARDIAL INFARCTION IN RATS“ | д-р Никола Хаџи - Петрушев, вонреден професор на ПМФ – Скопје | **02-1068/5 од 27.11.2020** |
| 2. | Кети Иваноска, дипломиран професор по хемија | „ЛОЦИРАЊЕ И ОТСТРАНУВАЊЕ НА ПОГРЕШНИТЕ ПРЕТСТАВИ ВО ВРСКА СО КОНЦЕПТИТЕ ЗА КИСЕЛИНИ И БАЗИ ВО НАСТАВАТА ПО ХЕМИЈА КАЈ УЧЕНИЦИТЕ ОД ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ“ | „LOCATING AND ELIMINATING MISCO NCEPTIONS ABOUT THE CONCEPTS OF ACIDS AND BASES IN CHEMISTRY TEACHING IN PRIMARY SCHOOL STUDENTS“ | д-р Марина Стојановска, вонреден професор на ПМФ – Скопје | **02-1483/3 од 27.11.2020** |

***Прилог бр. 5***

**П Р Е Г Л Е Д**

**на одобрена тема за изработка на докторска дисертација на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Природно-математички факултет – Скопје, на седницата на Наставно-научниот совет на Факултетот, одржана со средства за електронска комуникација на 26.11.2020 година.**

**1. ДОКТОРСКА ДИСЕРТАЦИЈА**

| **ед. бр.** | **Име и презиме на кандидатот** | **Назив на темата** | | **Име и презиме на менторот** | **Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата** |
|---|---|---|---|---|---|
| | | **на македонски јазик** | **на англиски јазик** | | |
| 1. | Рукије Ибраими, магистер на географски науки | .„УЛОГАТА НА АЛТЕРНАТИВНИТЕ ФОРМИ НА ТУРИЗМОТ ВО ТРАНСФОРМАЦИЈАТА НА ТУРИСТИЧКИТЕ ЕДИНИЦИ ВО ЈУГОЗАПАДНИОТ РЕГИОН НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА“ | „THE ROLE OF ALTERNATIVE FORMS OF TOURISM IN THE TRANSFORMATIONS OF THE TOURISTICS UNITES IN THE SOUTHWEST REGION ON THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA“ | д-р Никола Панов, редовен професор на ПМФ – Скопје (во пензија) | **02-734/6 од 30.11.2020** |

**До**
**Деканот на Природно-математичкиот факултет во Скопје,**
**Република Северна Македонија**

**ПРИГОВОР**
**на ИЗВЕШТАЈОТ**
од **Рефератот** за избор – прием на еден асистент од наставно-научните области: зоологија и зоофизиологија, ентомологија и екологија (систематика и филогенија на безрбетници, зоологија, органска еволуција и форензичка ентомологија) на Катедрата за систематика и филогенија на безрбетници на заводот за зоологија на Институтот за биологија при Природно-математичкиот факултет во Скопје, објавен во **Билтен бр. 1227** од **1.12.2020** година

Почитуван декан,

Ви се обраќа м-р Билјана Римческа, еден од кандидатите учесници на конкурсот за прием на еден асистент од наставно-научните области: зоологија и зоофизиологија, ентомологија и екологија (систематика и филогенија на безрбетници, зоологија, органска еволуција и форензичка ентомологија) на Катедрата за систематика и филогенија на безрбетници на заводот за зоологија на Институтот за биологија при Природно-математичкиот факултет во Скопје (објавен во дневниот весник „Слободен пПечат“ на ден 13.11.2020 год.).

Би сакала пред да ги доставам приговорите кон извештајот доставен од Рецензентската комисија за моите професионални остварувања, да дадам релевантен краток опис и дообјаснување на пропустите направени во него, или квалификации кои делумно се изнесени или изоставени во извештајот објавен во **Билтен бр. 1227** од **1.12.2020** година, а сметам се важни за да се комплетира сликата за мојата професионалност, квалификации и компетентност во научната област на дејствување:

**1). Дополнување и корекција на пропустите и погрешно интерпретираните/или испуштени активности** по време на моите наставно научни, научни и научно истражувачки активности во периодот од 2004-2017 година како дел од наставно и научно истражувачките активности на Институтот за биологија, односно по 2009 год. и при Катедрата за систематика и филогенија на безрбетници на ПМФ -Скопје.

Додиполомски и постдипломски студии завршив на Институтот за биологија - наставна насока. Додипломските студии ги завршив во март 2008 година со општ успех 8,53 и бев второ рангирана по просек од вкупно 46 студенти запишани на наставна насока од учебната 2002/2003 година. Како студент на Институтот за биологија со темата по мојата дипломска работа „Одредување на непозната мутација кај *Drosophyla melanogaster*”, зедов учество на „Приматијада 2007 - годишна средба на природно-математичките факултети од сите земји на Балканот“ и освоив трето место. Со тоа придонесов во афирмацијата на мојот матичен институт, а воедно и факултет уште во учебната 2006/2007 година. Во текот на 2009 година сум добитник на проектот „***EVS in Venta Regional Park***“, каде како волонтер бев вклучена во програмата „Млади во акција“ во делот за европскиот волонтерски сервис, реализиран при регионалниот парк „Вента“ во Векшне, Литванија. За време на ова 8 месечно

работно искуство се стекнав со научно истражувачки вештини во областа на историската геологија и палеонтологија, штетниот ефект на мини хидроцентралите, како ѝ во неформалното образование одржувајќи серија предавања за еко-системите, културното нематеријално богатство и конзервација на природните реткости (потврда со EVS сертификат за остварени активности март-ноември 2009). Истата година се откажувам да ги продолжам моите магистрески студии на Saxon универзитетот во Холандија, за да во учебната 2010/11 година се запишам на постдипломски студии (еколошко-таксономска насока, модул Екологија) на Институтот за биологија, ПМФ-Скопје. Со цел за остварување на потребите за изработката на мојата магистреска работа во учебната 2011/2012 година, зимски семестар се стекнувам со стипендија за размена на студенти BASILEUS III (Erazmus Mundus) реализирана на Универзитетот „Св. Климент Охридски“, Биолошки факултет, Катедра за хидробиологија во Софија, Бугарија. По афирмираниот успех по завршувањето на стипендирањето за зимскиот семестар, бев наградена со продолжување на студискиот престој со времетраење од уште еден семестар (летен семестар во учебната 2011/2012 година) со што се стекнав со дополнителни 59 кредити (од веќе остварените 240 кредити од додипломски и 60 кредити од магистерските студии). За време на мојата студентска размена и по време на летните задолжителни теренски активности во учебната 2011/2012 год. бев ангажирана при спроведувањето на хидробиолошките теренски активности како интернационален студент на Катедрата за општа и применета хидробиологија, Биолошки факултет, Ув. „Св. Климент Охридски“, по теренската научно истражувачка работа на тема “Monitoring and evaluation of aquatic macroinvertebrates from the coast of the Black Sea”, а реализирана во Варна, Бугарија (под менторство на проф. д-р Димитар Кожухаров и доцент д-р Љубомир Кендеров). За потребите на мојот магистерски труд и специјализација во совладување на различни лабораториски и теренски методи и техники за таксономска идентификација на акватични макроинвертебрати (примарно групите инсекти и акватични црви) од реки и езера, покрај доделената стипендија остварив и два истражувачки престои во рамките на Одделението за акватични екоситеми при Институтот за биодиверзитет и екосистемски истражувања, Бугарска Академија на Науките во Софија, Бугарија. Така, во периодот од 15 јануари до 15 јуни 2012 година, престојував во Лабораторијата на доц. д-р Јанка Видинова и главен асистент д-р Виолоета Тјуфекчиева (совладување на лабораториски техники и таксономска идентификација на акватични инсекти) и во периодот од 1 до 18ти јуни 2012 во Лабораторијата на проф. д-р Јордан Узунов (совладување на лабораториски техники и таксономска идентификација на акватични црви).

Во периодот од септември 2013 до јануари 2014 година бев ангажирана на Институтот за биологија како демонстратор волонтер и ја одржував практичната настава за предметот: **Типологија на животни** за насоките молекуларна биологија и биохемиско-физиолошка (под координација на проф. д-р Стое Смиљков и тогашен доц. д-р Валентина Славевска Стаменковиќ) (архива на ПМФ, архивски број 03.52/16.12.2014 на англиски јазик, со потврда од декан). За време на моите магистерски студии во периодот од 2010 до моето магистрирање во 2014 година бев активно вклучена во научно истражувачките активности на Институтот за биологија при Катедрата за систематика и филогенија на безрбетници (под раководство на д-р Валентина Славевска Стаменковиќ) (архива на ПМФ, архивски број 03.52/16.12.2014 на англиски јазик, со потврда од декан). Постдипломските студии ги завршив во јули 2014 година со просек

9.80. Постигнатиот висок просек за време на студиите, стекнатите квалификации, како и моите лични достигнувања во научно истражувачката работа се поттикнати од мојата лична мотивација и љубов кон дополнително усовршување и понатамошно унапредување на мојата академска и научно истражувачка кариера.

Бидејќи во периодот по моето магистрирање на истоимениот институт немаше потенцијали за евентуално вработување во академската средина, а поради потербата за лична егзистенција бев дополнително мотивирана да продолжам понатаму со моето стручно образование во интернационалните академски институции. Со тоа, во 2015 година бев добитник на истражувачка стипендија UNESCO/KEIZO OBUCHI RESEARCH FELLOWSHIPS PROGRAMME (UNESCO/Japan Young Researchers' Fellowship Programme), реализирана при Оделението за Хидроекологија и Заштита на водите, Институт за Биолошки истражувања „Синиша Станковиќ“, Универзитетот во Белград, Србија под менторство на д-р Момир Пауновиќ, а со препорака од вонреден професор д-р Валентина Славевска Стаменковиќ (https://en.unesco.org/fellowships/keizo-obuchi/fellow/biljana-rimcheska). Во 6 месечниот престој ги реализирав целите на наградениот проект: „***Management of freshwater bodies with implementation of EU-Water Framework Directives using aquatic macroinvertebrates as the necessary measure for sustainable development of freshwater ecosystems in less developed countries***“, при што ги совладав совреметите техники за одржлив мониторинг на слатководните екосистеми со примена на акватичните макроинвертебрати како еден од 5-те клучни биолошки елементи на квалитет на води. Со веќе стекнато интернационално искуство за примена на мониторинг студиите во слатководните екосистеми, во 2016 година започнав со трет циклус (докторски) студии, на Институтот за биодиверзитет и екосистемски истражувања, катедра за акватични екоситеми при Бугарската Академија на Науките во Софија, Бугарија. Како докторанд при Бугарската академија на науките во 2017 година сум стипендирана на 24 месеци, како раководител на проектот „***Implementation of biotic indices BMWP and ASPT in order to evaluate the ecological status of mountain and semi-mountain rivers from the 7th Ecoregion (Eastern Balkans) - № 72-00-40-62/09.05.2017***“ под менторство на доц. д-р Јанка Видинова, ментор на моите докторски студии кои се **Сè** уште во тек.

За потребите по програмата на докторската дисертација во моментов имам реализирано 6 студиски и научноистражувачки престои и специјализации, и тоа:

- Научно истражувачка школа 9-22. 07. 2016, на тема „Integrated Water & Coastal Management – Educational & Participatory Approaches“ одржана на островот Самотраки, Грција;

- Студиски престој 18-23. 12. 2017, со цел размена на искуство и соработка со колегите при Одделението за хидроекологија и заштита на водите, Институт за биолошки истражувања „Синиша Станковиќ“, Универзитет во Белград, Србија;

- Студиски и истражувачки престој во 2017 (19-28.09.) и 2019 год. (09-18. 06.), со цел усовршување на таксономските, хоролошките и филогеографските аспекти на фауната на еднодневки, Лабораторија за ентомологија, Чешке Будејовице, Република Чешка;

- Научно истражувачки тренинг 15-20. 09. 2019 "Ecohydrology of intermittent rivers: from theory to practice", Вал Росег, Швајцарија;

- Научно истражувачка средба за примената на класични и современи молекуларни методи - DNAqua.net WG1 - COST Action: CA15219: Filling DNA barcode gaps, Центар за растителна наука и биодиверзитет, Словачка Академија на Науките, Братислава, Словачка.

Дополнително надополнувам дека во временскиот период од 2013-2019 год. зедов активно учество на Балканските одонатолошки средби (Balkan Odonatological meeting -BOOM), кои се состојат од теренски научно истражувачки и едукативен дел и научни презентации на постигнатите резултати во областа на мониторирањето на фауната на вилинските коњчиња). На истоиментите средби одржани во 2013 год. во Хрватска се претставив со научната презентација под наслов „Contribution to the odonata fauna from Republic of Macedonia“ во коавторство со вонреден професор д-р Валентина Славевска Стаменковиќ. Понатаму, потенцирам дека јас не бев вклучена во организациониот комитет на BOOM настанот одржан во 2015 год., туку јас бев **единствениот организатор** на истиот (на стр. **445** од Билтен бр. 1227 од 01.12.2020 год.) на кој присуствуваа 20 истражувачи и интернационални студенти од 6 земји од Европа. На истата страна наведена во извештајот од рецензентската комисија (Билтен бр. 1227 од 01.12.2020 год.) е објавено дека сум „присуствувала на Годишниот форум на ЕУ стратегијата за Дунавскиот регион одржан во октомври 2018 во Софија, Бугарија, а била дел и од Стокхолмската недела на вода (Stockholm Water Week 2018)“. Појаснувам и дополнувам дека треба да стои моето учество на Годишниот форум на ЕУ стратегијата за Дунавскиот регион одржан во октомври 2018 во Софија, Бугарија како грантист препорачан и награден од организациониот одбор на имплементираната стратегија, а не дека сум била само учесник. Напоменувам и дека моето учество на Stockholm World Water Week 2018 - Стокхолмската светска недела на вода, (а не како што е наведено во Извештајот на Билтенот бр. 1227 од 1.12.2020 год. на стр. **456**: Стокхолмската недела на вода (Stockholm Water Week 2018)) треба да стои дека за ова остварување јас како учесник на летната школа под наслов “Towards 2030 Agenda: A summer school for climate change, innovation and youth advocacy in water management” во Варшава, Полска (1 – 6 јули 2018) како најдобар учесник на школата бев наградена со грант за учество на претстојната конференција на светската недела на водата (26-31 август 2018 год.) во Стокхолм, Шведска, а со тоа зедов и активно учество во билатерален дијалог со претставник од Светската банка за проблемите и предизвиците со кои младите истражувачи се соочуваат во научните национални и интернационални институции (https://www.sie-see.org/en/article/we-participated-to-the-2018-world-water-week/).

**2). Дополнување на авторство/коавторство на научни публикации и апстракти** со оригинални научни резултати, презентирани со усна и постер презентација на домашни и меѓународни научни собири и објавени во зборниците на апстракти.

- На стр. **441** од извешатајот објавен во Билтен бр. 1227 од 1.12.2020 год. испуштено е на колку од вкупно 17$^{те}$ научни публикации, објавени во списанија со меѓународен уредувачки одбор како прв автор се со фактор на влијание, односно сум коавтор на истите. Истакнувам дека на 8 (од вкупно 17 научни публикации) сум прв автор (од кои на 4 со фактор на влијание), односно од преостанатите 9 научни публикации, 4 од нив се со фактор на влијание, со што

имам остварено вкупно учество во 8 меѓународни списанија со фактор на влијание.

Во продолжение претставувам табеларен проказ на научните публикации, број на контрибутори, година на публикување, научно списание каде се публикувани оригиналните резултати и фактор на влијание.

| **Реден број на Научна публикација*** | **Учество: Автор/ коавтор** | **Година на публикување** | **Научно списание** | **Фактор на влијание Web of science:** | **Фактор на влијание SCImago Journal Rank:** |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.** | Автор | Во печат | Acta Musei Macedonica | / | не |
| **2.** | Прв автор - вкупно 2 | 2020 | Acta zoologica Bulgarica | да | / |
| **3.** | Коавтор - вкупно 2 | 2019 | Ecologia Balkanica | / | да |
| **4.** | Прв автор - вкупно 2 | 2019 | 11th Seminar of Ecology | / | да |
| **5.** | Прв автор - вкупно 2 | 2018 | Journal of Entomological Research Society | да | / |
| **6.** | Четврт коавтор - вкупно 9 | 2018 | Acta zoologica Bulgarica | да | / |
| **7.** | Четврт коавтор - вкупно 7 | 2018 | Journal of Entomological Research Society | да | / |
| **8.** | Трет коавтор - вкупно 6 | 2017 | Acta Entomologica Slovenica | / | да |
| **9.** | Прв коавтор - вкупно 6 | 2016 | Contribution, Sec. Nat. Math. Biotech. Sci., MASA | / | не |
| **10.** | Втор коавтор - вкупно 5 | 2016 | Natura Croatica | да | / |
| **11.** | Автор, вкупно 8 коавтори | 2016 | Water Research and Management | / | не |
| **12.** | Прв коавтор - вкупно 7 | 2016 | Acta zoologica Bulgarica | да | / |
| **13.** | 12-ти коавтор - вкупно 16 | 2016 | Proceedings of Biology and Ecology Symposium Republic Srpska, Banja Luka | / | не |
| **14.** | Автор - вкупно 6 | 2015 | Acta zoologica Bulgarica | да | / |
| **15.** | 7-ми коавтор - вкупно 8 | 2015 | Water Research and Management | / | не |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **16.** | Автор - вкупно 6 | 2014 | Acta zoologica Bulgarica | да | / |
| **17.** | 5-ти коавтор - вкупно 6 | 2010 | Proceedings of BALWOIS 2010 | / | не |

*Реден број на опишаните научни публикации:


1. **Rimcheska, B.** (2020)**: A check list of the mayfly fauna (Insecta; Ephemeroptera) of North Macedonia with a short literature review.** Acta Musei Macedonica, *in press*.

2. **Rimcheska, B.,** Vidinova, Y. (2020)**: Ecological Status Assessment of Mountain and Semi-mountain Streams in the Aegean Watershed: Applicability of Biotic Indices BMWP and ASPT Based on Macroinvertebrates.** Acta zool. Bulg., 72(1): 49-60.

3. Tyufekchieva V., **Rimcheska B.** (2019): **Composition and Zoogeographic features of the stonefly fauna (Insecta: Plecoptera) of mountain and semi-mountain streams in Aegean watershed (7th Ecoregion, Eastern Balkans)**. Ecologia Balkanica, Special Edition 2: 91-106.

4. **Rimcheska, B.,** Vidinova, Y. (2019)**: Ecological status assessment of mountainous and semi-mountainous streams via different biotic indices based on benthic macroinvertebrates - the case study of Macedonian-Bulgarian cross-border territory.** 11th Seminar of Ecology - 2018, Sofia, Bulgaria, Proceedings, 26-27 April: 32-38p.

5. **Rimcheska, B.**, Vidinova, Y. (2018): **New records of *Metreletus balcanicus* (Ulmer, 1920) (Ephemeroptera: Ameletidae) from Republic of Macedonia**. Journal of Entomological Research Society, 20(3): 123-127.

6. Marković, V., Zorić, K., Ilić, M., Čanak Atlagić, J., **Rimcheska, B.**, Marinković, N., Tubić, B., Nikolić, V. and Paunović M. (2018): **First record of micro-caddisfly genus *Oxyethira* Eaton, 1873 (Trichoptera: Hydroptilidae) in Serbia**. Acta Zool.Bulg., 70 (1): 31-34.

7. Ibrahimi, H., Gashi, A., Kučinić, M., Slavevska-Stamenković, V., **Rimcheska, B.**, Bilalli, A., Grapci-Kotori, L. (2018): **First record of *Ironoquia dubia* (Stephens, 1837) (Insecta, Trichoptera) from Hellenic Western Balkans with ecological notes**. *J. Entomol. Res. Soc., 20(1): 11-19,*

8. Vinko, D., Kulijer, D., Dinova, D., **Rimcheska, B.**, Brauner, O., Olias, M. (2017): **Faunistic results from the 5th Balkan Odonatological Meeting-BOOM 2015, Republic of Macedonia**. Acta Entomologica Slovenica, Vol. 25(1): 89-114.

9. Slavevska-Stamenković, V., **Rimcheska B.**, Stojkoska E., Stefanovska N., Hinić J., Kostov, V. (2016): **The catalogue of freshwater Decapoda (Decapoda: Potamonidae, Astacidae, Atyidae) from Republic of Macedonia in the collection of Macedonian Museum of Natural History**. Contributions, Sec. Nat. Math. Biotech. Sci., MASA, 37(2): 173–183.

10. Ibrahimi, H., Slavevska-Stamenković, V., **Rimcheska, B.**, Bilalli, A., Musliu, M. (2016): **New Data of *Potamophylax rotundipennis* (Brauer, 1857) and the first record of *Stenophylax permistus* McLachlan, 1895 (Trichoptera: Limnephilidae) from Kosovo**. Nat. Croat., 25(2): 259–266.

11. **Rimcheska, B.**, Marković, V., Ilić, M., Slavevska-Stamenković, V., Cheshmedjiev, S., Csányi, B., Zorić, K., Paunović, M. and Subchev, M. (2016): **First report of *Branchiobdella kozarovi* SUBCHEV, 1978 (Annelida: Clitellata) from the western Bulgaria, with remarks on its recent distribution**. Water Research and Management, 6(2): 11-14.

**12.** Slavevska-Stamenković, V., **Rimcheska, B.**, Vidinova, Y., Tyufekchieva, V., Paunović, M., Ristovska, M. & Prelić, D. (2016): **Contribution to the knowledge of Ephemeroptera, Plecoptera and Trichoptera from Republic of Macedonia**. Acta zool. Bulg., 68(2): 199-206.

**13.** Marković, V., Tubić, B., Ilić, M., Raković, M., Atanacković, A., Tomović, J., Vasiljević, B., Zorić, K., Đuknić, J., Popović, N., Čanak-Atlagić, J., Anđus, S., **Rimcheska, B.**, Kračun-Kolarević, M., Marinković, N. & Paunović, M. (2016). **Ecological status assessment of the Gradac River (western Serbia) based on aquatic macroinvertebrates**. Proceedings of Biology and Ecology Symposium Republic Srpska, Banja Luka, Republic Srpska, Bosnia&Herzegovina, p. 157-162.

**14.** **Rimcheska, B.**, Slavevska-Stamenković, V., Ibrahimi, H., Smiljkov, S., Ristovska, M. and Paunović, M. (2015): **First record of the genus *Helicopsyche* von Siebold 1856 (Trichoptera: Helicopsychidae) from the Republic of Macedonia.** Acta zool. Bulg., Vol. 67(3): 443-446.

**15.** Paunović, M., Slavevska-Stamenković, V., Smiljkov, S., Prelić, D., Ristovska, M., Kostov, V., Shoreva, I. and **Rimcheska, B.** (2015): **Environmental Management Strategy for the Mantovo Reservoir (R. North Macedonia) or The status of the Mantovo Reservoir and Management Perspectives**. Water Research and Management. Vol. 5(1): 23-27.

**16.** **Rimcheska, B.**, Georgieva, G., Slavevska-Stamenkovic, V., Smiljkov, S., Uzunov, Y. and Mitić-Kopanja D. (2014): **New Data about Occurrence of Epibiotic Branchibdellid (Annelida: Branchiobdellea) Species on the Stone Crayfish *Austropotamobius torrentium* (Schrank, 1803) in the Republic of Macedonia**. Acta zool. Bulg., Vol. 66(2): 261-263.

**17.** Slavevska-Stamenkovic, V., Smiljkov, S., Prelic, D., Paunovic, M., Atanackovic, A. and **Rimcheska, B.** (2010): **Structural Characteristic of Benthic Macroinvertebrate in the Mantovo Reservoir (South-East Part of the R. North Macedonia)**. BALWOIS 2010, Ohrid, Republic of Macedonia, pp: 1-8.

Дополнувам и дека во Извештајот поднесен од рецензентската комисија (Билтен бр. 1227 од 1.12.2020 год.):

- Изоставено е дека од вкупно 27 научни презентации со оригинални научни резултати, на 15 од нив сум прв автор (и во 4 дополнително каде јас имам презентирано иако не сум била прв автор), односно на вкупно 19 од нив лично сум учествувала во истите каде со усна презентација сум презентирала јавно. Од вкупно 8 апстракти со оригинални научни резултати, на 3 од нив сум прв автор каде сум зела јавно учество на домашни и меѓународни научни собири.

- Исто така, во Извештајот доставен од рецензентската комисија не е спомената освоената награда за **најдобра усна презентација** со наслов „Contribution to the knowledge of Ephemeroptera, Plecoptera and Trichoptera (EPT) species from Republic of Macedonia“ наградена на семинарот по Екологија со интернационално учество при Институтот за биодиверзитет и екосистемски истражувања, Бугарска Академија на Науките во Софија, Бугарија (афирмација на институтот и факултетот).

**3). Дополнување на делот за** учесник/раководител во повеќе научни проекти

Во овој дел од извештајот доставен од рецензентската комисија Би сакала повторно да посочам на низа недоследности, нерегуларности и некоректно објавени информации во поглед на мојот ангажман на национални и интернационални научно истражувачки проекти (опишани на стр. **445** од Билтен бр. 1227 од 01.12.2020 год.):

- Најпрво, нагласувам дека впишаното учество во пет од нив (три национални и два интернационални) беше реализирано истовремено за време на мојот престој на Институтот за биолошки истражувања „Синиша Станковиќ” во Белград, со реализацијата на мојот награден предлог проект „Management of freshwater bodies with implementation of EU-Water Framework Directives using aquatic macroinvertebrates as the necessary measure for sustainable development of freshwater ecosystems in less developed countries“, каде што јас бев раководител, односно проектот,

а не престојот беше финансиран со грант од UNESCO/KEIZO OBUCHI RESEARCH FELLOWSHIPS PROGRAMME (UNESCO/Japan Young Researchers’ Fellowship Programme Cycle 2015).

- При спроведувањето на проектот „**Strengthening the capacities for implementation of Natura 2000“**, бев ангажирана со договор како JNKE (Junior Non-Key Expert) Fauna WG Water Invertebrates, потпишан меѓу мене и контракторот Particip GmbH.

- Дополнувам дека наведените проекти со реден број 12, 13, 14 и 15 дека не сум учесник на проект, туку сум раководител на проектите со реден број 13 и 15, како и на проектите со реден број 3 и 5 (на стр. **445** од Билтен бр. 1227 од 01.12.2020 год.). Исто така и на два од наведените во извештајот сум потписник на договор за билатерална соработка меѓу Бугарската и Чешката Академија на Науките (со реден број 12 и 14, на стр. **445** од Билтен бр. 1227 од 01.12.2020 год.).

**4). Дополнување и корекции на моето учество на** повеќе школи, тренинг курсеви и работилници наведени во извештајот од рецензентската комисија (на стр. **446** од Билтен бр. 1227 од 1.12.2020 год.):

- Во однос на оваа ставка сакам да истакнам дека поседувам соодветни сертофикати за учество на истите. При тоа е направен пропуст при описот на соодветните научни работилници и школи, така што учеството на школата под наслов “The natural welt and legacy of the Drin River Basin from field observations and knowledge to collective actions towards protecting freshwater ecosystems”, беше реализирано во две држави, а не само во една како што е објавено во извештајот. За време на истата школа зедов активно учество како предавач и едукатор за време на спроведените теренски активности (https://act4drin.net/?page_id=1272). Потоа, научната работилница под наслов “First Dragonfly Exuviae Identification Workshop” се одржа во Моравче-Габровке, во Словенија (2 –5 јуни 2017), а не како што е наведено на стр. **446** (Билтен бр. 1227 од 1.12.2020 год.) во Словачка.

- Исто така во извештајот (на стр. **446** од Билтен бр. 1227 од 01.12.2020 год.) треба да се коригира изјавата дека јас во наведениот работен ангажман сум „одржала неколку едукативни предавања на првите вработени во Станицата за отпадни води во Прилеп“. Појаснувам и дополнувам дека јас бев ангажирана како предавач и едукатор со работен ангажман од 5 наставни часа дневно, односно 25 часа неделно, односно вкупно 100 научно образовни часа спроведени во времетраење од 4 седмици, односно периодот за кој бев ангажирана од страна на компанијата.

- Во наведените активности од поширок интерес (стр. **446** од Билтен бр. 1227 од 1.12.2020 год.) испуштено е моето учество како предавач и лидер на македонскиот тим на кампот „Generations for peace - 2010“, одржан во Сочи, Русија; Еколошката работилница “Even plastic fish can fly - 2010” каде сум фацилитатор и лидер, е одржана во Струга, РС Македонија, а не како што е наведено во Русија.

Во прилог на тоа, со овој допис сакам да поднесам приговор по повод објавениот реферат за мене во Билтенот на УКИМ, бр. 1227 на 01.12.2020 год., како и за предлогот од рецензентската комисија за предлог вработување на кандидатот објавен во истиот документ во заклучокот со предлог.

Со овој Приговор барам:
- Ревизија на рецензијата во однос на обемот и квалитетот на содржината;
- Начинот на избор, односно предлогот за избор на кандидати и
- Ревизија за веродостојноста на податоците објавени во извештајот и за двајцата кандидати со позитивни рецензии од рецензентската комисија.

Приговорот го аргументирам со следните забелешки:

1. Јас сум еден од тројцата кандидати што се пријавени на објавениот конкурс за избор – прием на еден асистент од наставно-научните области: зоологија и зоофизиологија, ентомологија и екологија (систематика и филогенија на безрбетници, зоологија, органска еволуција и форензичка ентомологија) на Катедрата за систематика и филогенија на безрбетници на заводот за зоологија на Институтот за биологија при Природно-математичкиот факултет во Скопје, објавен на 13[ти] ноември 2020 год. во весникот „Слободен печат“, и тоа со најбогато научно-истажувачка биографија препозната на меѓународно ниво.

Така, најпрво имам приговор на техничката обработка на текстот објавен во Билтенот на УКИМ (проверете и споредете од **444** стр. до **461** стр., Билтен бр. 1227 на 1.12.2020 год.), каде што во делот посветен на мојот извештај евидентни се овие недоследности и пропусти. Објавениот текст е со низа недоследности и нејасна претстава на остварувањата во мојата пред се научно истражувачка и образователна активност по време на моите додипломски, магистерски и докторски студии.

2. Според истоимениот извештај, односно изнесениот заклучок со предлог, ако просекот е најважна квалификација на кандидатот, тогаш дали можете да ми одговорите кои се дополнителни критериуми за квалитет на кандидат, според кој е даден самиот предлог? Ве замолувам да ми дадете и детално табеларно појаснување на истото, поткрепено со тежина на остварената релевантна научноистражувачка работа, односно:

- број на публикации каде што авторите се први автори или први коавтори и нивна тежина (со фактор на влијание);
- вкупно учество на научноистражувачки проекти каде што кандидатот е нивни раководител или има потпишано договор со соодветните контрактори;
- вкупен број на научни и постер-презентации каде што кандидатот се јавува како прв автор, односно е нивни презентер на соодветните научни конгреси, семинари и симпозиуми каде што се претставуваат тие.

3. Исто така, во понатамошниот приговор се повикувам на **член 12** и **член 15** од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно научни, научни, наставно стручни и соработнички звања и демонстратори на УКИМ (Универзитетски гласник, бр. 411 од 5 ноември 2018 година), каде е наведено дека при изборот на лице за асистент не се пополнува Образецот 2. Тогаш поставувам прашање: - Зошто рецензентската комисија става акцент на истиот Обарзец 2 кој е нерелевантен за избор во звањето асистент или асистент/истражувач (според правилникот на УКИМ), односно не треба да се базираат на истиот за вработување на асистент? Дополнително нагласувам дека во истиот правилник (Универзитетски гласник, бр. 411 од 5 ноември 2018 година) не е наведено во ниту еден член дека ангажираното лице како демонстратор има приоритет при вработување на асистент или асистент/истражувач.

(Според правилникот на УКИМ не е задолжително дека ако кандидат е времено ангажиран како демонстратор или демонстратор волонтер, ќе има приоритет при објава на оглас за вработување. Ако друг кандидат стручно се доусовршува во научни институции надвор од матичниот примарен факултет не значи дека истиот кандидат не е заинтересиран за ангажман за демонстратор, односно не значи дека истиот не спроведува вежби, теренски обуки и активности во институцијата каде е корисник и ја реализира стипендијата или грантот.)

4. Се добива впечаток дека рецензентската комисија воопшто не истражувала за: бројот, квалитетот и значењето на објавените научни трудови со иста тежина на кандидатите за кои е доставен извештај, ниту пак доследно ги верификувала од предложените биографии на кандидатите (претставената тежина не е транспарентна за сите кандидати кои се јавиле на огласот), согласно со достапните бази: Web of science, scopus и research gate фактор на влијание.

5. Кога станува збор за афирмација на Институтот за биологија би сакала да напоменам дека во временскиот период од 2004, па се до 2017 година активно сум придонесувала кон афирмацијата на истиот (Ова е изоставено кај мене, а потенцирано кај кандидатот со препорака од рецензентската комисија дека и во иднина ќе продолжи да го афирмира истиот, па би сакала од рецензентската комисија да ми образложи зошто?). Со оваа изјава на рецензентската комисија се чувствувам оштетена, бидејќи е игнориран мојот наставно научен и образовен придонес кон научно истражувачката работа и едукативни активности (2004-2017 година), каде сум дала активен придонес како дел од Институтот за билогија, односно Природно-математичкиот факултет во Скопје, генерално. Согласно моите досегашни успеси во академските и наставно-научните води сметам дека и тоа како можам да придонесам при афирмација на институтот и факултетот од самиот момент на вработување во истиот.

Бидејќи за избор во звање асистент/асистент истражувач, според правилникот на УКИМ (**Член 12** и **Член 15**) не се доставува Образец 2, а во случајов на примарниот кандидат тоа е детално разработено би сакала да го додадам во прилог и моето достигнување кое е изоставено во извештајот:

- Што се однесува до изработка на интерни скрипти, во текот на 2013 година учествував во изработката на интерната скрипта по предметот органска еволуција, предмет кој во моментов го држи вонреден проф. Валентина Славевска Стаменковиќ. Во текот на зимскиот семестар во учебната година бев демонстратор/волонтер на катедрата за зоологија, лабораторија за инвертебрата и анимална екологија и ги изведував вежбите за предметите Типологија на

животни (за биохемиско-физиолошка и за молекуларна насока) (архива на ПМФ, архивски број 03.52/16.12.2014 на англиски јазик, со потврда од декан).

6. При спроведувањето на проектот „**Strengthening the capacities for implementation of Natura 2000**“, бев ангажирана со договор како JNKE **(**Junior Non-Key Expert) Fauna WG Water Invertebrates, додека како SNKE **(**Senior Non-Key Expert) беше ангажирана вонреден професор д-р Валентина Славевска-Стаменковиќ (Europe Aid/136609/IH/SER/MK). Во однос на овој факт би сакала да ја замолам рецензентската комисија да ми достави детален одговор, како кај другиот кандидат е наведен истиот проект и соодветно кандидатот бил ангажиран како технички асистент (на стр. **449** од Билтен бр. 1227 од 01.12.2020 год.), а во мојот случај каде јас сум потписник на договор тоа не е наведено (на стр. **456** од Билтен бр. 1227 од 1.12.2020 год.), а е наведено во мојата доставена кратка биографија? Поставувам прашање: -Дали постои потпишан договор за кој што јас не бев информирана, а бев во постојан допис со организацијата која го спроведуваше проектот? За време на реализацијата на проектот бев континуирано во преписки со контракторот Particip GmbH, и во ниту една преписка горенаведениот кандидат не беше додаден при спроведување на активностите на истите.

7. Меѓудругото, би сакала да посочам дека евидентирав плагијат на научните публикации каде воедно сум и прв автор (научните публикации со редни броеви **14** и **16** во табеларниот приказ на стр. **7** од истиов документ). Според работата на Трајановски (2012), за плагијаторство во научната работа се сметаат: 1) неточни информации за изворот на цитатот и 2) Менување на зборови, но копирање на реченица структура на изворот без да се цитира (Трајковски В. 2012: Плагијаторство во научната работа. 262-274 стр. УДК: 343.533:001.814), евидентирани прекшоци во единствената научна публикација каде препорачаниот кандидат од рецензентската комисија е прв автор (стр. **446** од Билтен бр. 1227 од 1.12.2020 год.). Прашувам: -Зошто коавторите од мојата научна публикација под реден број **14** од истоимениов документ (кои воедно се дел од рецензентската комисија во состав редовен професор д-р Милица Ристовска и вонреден професор д-р Валентина Славевска Стаменковиќ) ѝ даваат препорака на истиот кандидат, дозволиле ваков пропуст по време на пишувањето на ракописот (вонреден професор д-р Валентина Славевска Стаменковиќ), односно не беше доставена реакција откако беше пуштена во печат (редовен професор д-р Милица Ристовска) научната публикација? Забелешките по повод плагијат ги евидентирав преку ResearchGate (RG) профилот по време кога работниот одбор на истоимениот сајт имаше доставено порака до мојот профил на RG дека имам цитираност на двете горенаведени научни публикации во научна публикација која е „*in press*“.

За крај доставувам краток сублимат на изнесениот приговор:

Сметам дека како кандидат со завршена наставна биологија – треба да имам предност за оваа работна позиција, во однос на кандидатот препорачан од рецензентската комисија, а има завршено молекуалрна биологија. Ако се земе во предвид тежината на наставната програма каде за насоката молекуларна биологија, во однос на наставната насока е значително скратен обемот на систематиката на животните. Мојата изјава соодветствува со изборот на асистент во областа на предметите по наставно-научните области: **зоологија и зоофизиологија, ентомологија и екологија (систематика и филогенија на безрбетници, зоологија, органска еволуција и форензичка ентомологија)**. Според наставниот план за прв циклус студии објавен на официјалната страница на Институтот за биологија, ПМФ-Скопје, единствен сроден/релевантен предмет по областа на предметите кои се наведени во огласот и извештајот е Типологија на животни, предмет што се слуша во трет семестар (https://ib.pmf.ukim.edu.mk/streams/view/11). За време на моите додипломски студии (генерација запишана во учебната 2002/2003 год.) студентите од наставната насока слушавме предмет под наслов: Инвертебрата и со времетраење од два семестра (трет и четврт семестар). Прашувам: - Дали Институтот за биологија, би ставил приоритет за вработување на кандидат со скратена наставна програма во областа на систематиката и филогенијата на берзбетниците, односно при избор од двајца кандидати кои се компетентни на јавниот оглас, а се од несродни насоки би го избрал кандидатот со послаба наставна тежина во областа на систематиката каде примарната обврска на вработениот кандидат ќе биде спроведување на вежби по предметите ***систематика и филогенија на безрбетници, зоологија, органска еволуција и форензичка ентомологија***?

Исто така, сметам дека член на рецензентската комисија не смее да биде ментор на еден од пријавените кандидати. Причината за тоа е што се очекува да биде пристрасен за својот кандидат, при тоа игнорирајќи ги квалификациите на останатите кандидати кои конкурирале

(што е евидентно од доставениот извештај). Во Извештајот од Билтенот (бр. 1227 на 1.12.2020 год.), на стр. **444** е наведено тоа јавно.

Замолувам, овој мој Приговор да се гледа само и исклучиво професионално. Во рецензијата на оценувачката комисија стои дека двајца (од трите) кандидати ги исполнуваат барањата и воедно и двајцата кандидати добивме позитивна рецензија. Тука давам забелешка зошто и двајцата кандидати со позитивна реензија не добиваат позитивна препорака со што ќе се овозможи транспарентен понатамошен избор на најсоодветниот кандидат за позицијата асистент, а со тоа и ќе беше избегната очигледната пристрасност барем на еден од членовите на Комисијата?

На крај би сакала да укажам на актуелноста на овој избор меѓу дипломираните биолози (особено на оние од наставна насока), бидејќи очите на интелектуалната младина се свртени кон конкурсот и исходот од него. Затоа, во знак на добра волја прво Ви се обраќам Вам, со надеж за разбирање и детално образложение на критериумите за препораката само на еден од двајцата кандидати. Како магистер произлезен од оваа институција лично ѝ посакувам сѐ најдобро во знак на благодарност што таму го стекнав моето звање, меѓутоа дополнително ќе барам објаснувања за својот случај, затоа што во самиот извештај се занемарени моите придонеси во афирмацијата на Институтот за биологија (2004-2017 год.), односно на Катедрата за систематика и филогенија на безрбетници (2010-2017 год.). Со тоа дополнително е избегната и препораката на рецензентската комисија во делот заклучок со предлог.

Со почит,

**Подносител на приговорот**
**м-р Билјана Римческа**

Датум,
06.12.2020 год.

**До**
**Наставно-научниот совет**
**на Природно-математичкиот факултет во Скопје**

**ПРЕДМЕТ:** Одговор на Приговорот поднесен од м-р Билјана Римческа, заведен под број 02-1843/5 од 7.12.2020 година, во врска со Извештајот од Рефератот за избор-прием на еден асистент од наставно-научните области: *зоологија* и *зоофизиологија*, *ентомологија* и *екологија* (систематика и филогенија на безрбетници, зоологија, органска еволуција и форензичка ентомологија), објавен во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје број 1227 од 01.12.2020 година.

Врз основа на член 39 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје (Универзитетски гласник бр. 411/2018), Рецензентската комисија за избор-прием на еден асистент од наставно-научните области: *зоологија* и *зоофизиологија*, *ентомологија* и *екологија* (систематика и филогенија на безрбетници, зоологија, органска еволуција и форензичка ентомологија), во состав: д-р Валентина Славевска Стаменковиќ, вонреден професор на Природно-математичкиот факултет, д-р Милица Ристовска, редовен професор на Природно-математичкиот факултет и д-р Александра Цветковска Ѓорѓиевска, вонреден професор на Природно-математичкиот факултет го дава следниов

**Одговор**

При разгледувањето на приложената документација на кандидатите пријавени на конкурсот за избор-прием на еден асистент од наставно-научните области: *зоологија* и *зоофизиологија*, *ентомологија* и *екологија* (систематика и филогенија на безрбетници, зоологија, органска еволуција и форензичка ентомологија), согласно со објавениот конкурс во дневните весници „Слободен печат“ и „Коха“ од 13.11.2020 год., Рецензентската комисија се раководеше согласно со Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 411/2018).

Рецензентската комисија, по разгледувањето на Приговорот поднесен од м-р Билјана Римческа, констатира дека истиот е неоснован и затоа не се прифаќа. Со тоа Рецензентската комисија останува на својот став образложен во заклучокот на Рефератот објавен во Билтен на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје број 1227 од 1.12.2020.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ:**

Рецензентската комисија темелно го разгледа Приговорот поднесен од м-р Билјана Римческа во врска со Извештајот на Рефератот за избор-прием на еден асистент од наставно-научните области: *зоологија* и *зоофизиологија*, *ентомологија* и *екологија* (систематика и филогенија на безрбетници, зоологија, органска еволуција и форензичка ентомологија), објавен во Билтен на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје број 1227 од 1.12.2020 година.

При тоа, Рецензентската комисија констатираше дека одбиениот кандидат м-р Римческа во Точка **1) Дополнување и корекција на пропустите и погрешно интерпретираните/или испуштени активности** од својот Приговор всушност прави дополнување и корекција на своите пропусти направени во доставената документација со што се добива впечаток дека од почеток ја доставува својата биографија. Во доставените документи, биографијата беше приложена на англиски јазик. Рецензентската комисија истата детално ја прегледа, максимално трудејќи се најверодостојно да ги прикаже достигнувањата на одбиената кандидатка при пишување на Рефератот објавен во Билтен број 1227 од 1.12.2020 година.

На втората страна од Приговорот одбиениот кандидат м-р Римческа наведува дека постдипломските студии ги завршува на наставна насока за да на истата страна од Приговорот неколку реда подолу даде контра тврдење наведувајќи дека во учебната 2010/2011 година се запишала на постдипломски студии (еколошко-таксономска насока, модул Екологија) на Институтот за биологија, ПМФ-Скопје.

Иако на втората страна од Приговорот м-р Римческа споменува “бев второ рангирана по просек”, во својата биографија доставена на англиски јазик таа напоменува единствено “2nd out of 46” од што не може да произлезе заклучок за рангирање на одбиениот кандидат во нејзината генерација.

Остварените научноистражувачки вештини наведени на втората страна од поднесениот Приговор, Рецензентската комисија потенцира дека одбиениот кандидат не ги наведува во својата доставена биографија, туку за прв пат ги елаборира во својот Приговор. Дополнително, таа во Приговорот наведува и потврда со EVS-сертификат, но неа не ја доставува во својата документација.

Одбиениот кандидат м-р Римческа на втората страна од својот Приговор за прв пат ги образложува причините за добивање на стипендија за размена на студенти BASILEUS III (Erazmus Mundus), реализирана на Универзитетот „Св. Климент Охридски“, Биолошки факултет, Катедра за хидробиологија во Софија, Бугарија, иако нив не ги потенцира во својата биографија.

Исто така, одбиениот кандидат м-р Римческа во својот Приговор наведува дека била ангажирана за спроведување на хидробиолошките теренски активности по теренската научно истражувачка работа на тема “Monitoring and evaluation of aquatic macroinvertebrates from the coast of the Black Sea” во Варна, Бугарија под менторство на проф. д-р Димитар Кожухаров и доцент д-р Љубомир Кендеров. Во доставената документација на одбиениот кандидат не се наведени деталите од нејзиниот агнажман, па оттука Рецензентската комисија не можела да ги знае и има предвид, а со тоа и вклучи во Рефератот во Билтен бр. 1227 од 1.12.2020.

Во Приговорот на втората и третата страна м-р Римческа наведува дека остварила два истражувачки престои во рамките на Одделението за акватични екосистеми при Институтот за биодиверзитет и екосистемски истражувања, Бугарска Академија на Науките во Софија, пришто во периодот од 15 јануари до 15 јуни 2012 година, престојувала во Лабораторијата на доц. д-р Јанка Видинова и главен асистент д-р Виолоета Тјуфекчиева (совладување на лабораториски техники и таксономска идентификација на акватични инсекти) и во периодот од 1 до 18 јуни 2012 во Лабораторијата на проф. д-р Јордан Узунов (совладување на лабораториски техники и таксономска идентификација на акватични црви). Имајќи ја предвид биографијата и целокупната доставена документација, Рецензентската комисија претпоставува дека одбиената кандидатка најверојатно говори за активности кои во биографијата се прикажани како тренинг курсеви и истите се веќе елаборирани на страна 446 од Билтен бр. 1227 под реден број 2 и 3. Во Приговорот за прв пат ги наведува научниците кај кои престојува, а воедно ги менува и нивните датуми на реализација. Дополнително, во однос на тренинг курсот под реден број 3 (стр. 446 од Билтен бр. 1227) во Приговорот наведува дека станува збор за совладување на лабораториски техники и таксономска идентификација на акватични инсекти, а во доставената биографија јасно кажува дека станува збор само за акватичните видови од Ephemeroptera и Plecoptera.

Во однос на тврдењето: “Во периодот од септември 2013 до јануари 2014 година бев ангажирана на Институтот за биологија како демонстратор волонтер и ја одржував практичната настава за предметот: Типологија на животни за насоките молекуларна биологија и биохемиско-физиолошка (под координација на проф. д-р Стое Смиљков и тогашен доц. д-р Валентина Славевска Стаменковиќ) (архива на ПМФ, архивски број 03.52/16.12.2014 на англиски јазик)” на третата страна од Приговорот, одбиениот кандидат го цитира документот со архивски број 03.52/16.12.2014. Одбиениот кандидат м-р Римческа не го доставува овој документ при поднесувањето на Приговорот. Затоа, овој документ се наоѓа во прилог на Одговорот на поднесениот Приговор. Од документот во прилог на овој Одговор е јасно дека тврдењето на одбиениот кандидат не соодвествува со содржината на цитираниот документ. Рецензенската комисија елаборираше на страна 441 во Билтен бр. 1227 од 01.12.2020: “Во англиската верзија на биографијата кандидатката напоменува дека во академската 2013/14 била ангажирана со скратено работно време ("part time") на Катедрата за инвертебрата и анимална екологија. Но, станува збор за волонтерско учество на кандидатката во изведување на практичната настава во текот на зимскиот семестар од академската 2013/2014 година”. Со тоа е јасно дека одбиениот кандидат м-р Римческа го злоупотребува документот на кој се повикува во Приговорот.

На третата страна од Приговорот, одбиениот кандидат м-р Римческа наведува дека: “Постигнатиот висок просек за време на студиите, стекнатите квалификации, како и моите лични достигнувања во научно истражувачката работа се поттикнати од мојата лична мотивација и

љубов кон дополнително усовршување и понатамошно унапредување на мојата академска и научно истражувачка кариера.”. И во овој случај, Рецензентската комисија констатира дека одбиениот кандидат м-р Римческа прави дополнување и корекција на својата доставена биографија.

Одбиениот кандидат м-р Римческа ниту ја доставува во документацијата за Конкурсот, ниту ја наведува во својата биографија препораката од вонреден професор д-р Валентина Славевска Стаменковиќ која ја споменува на третата страна од Приговорот. Исто така, Рецензентската комисија констатира дека приложениот линк на истата страна од Приговорот не води директно до оваа препорака. Рецензентската комисија констатира дека одбиениот кандидат прави корекција и дополнување на својата доставена биографија.

Во однос на тврдењето “6-месечниот престој ги реализирав целите на наградениот проект: „Management of freshwater bodies with implementation of EU-Water Framework Directives using aquatic macroinvertebrates as the necessary measure for sustainable development of freshwater ecosystems in less developed countries“, при што ги совладав современитите техники за одржлив мониторинг на слатководните екосистеми со примена на акватичните макроинвертебрати како еден од 5-те клучни биолошки елементи на квалитет на води.” на третата страна од поднесениот Приговор, Рецензентската комисија се изјаснува дека реализираните цели и совладувања не се наведени во доставената документација, па оттаму таа не може ниту да ги предвиди ниту да ги елаборира во Рефератот.

Одбиениот кандидат м-р Римческа за прв пат го наведува наставникот под чие менторство го води проектот „Implementation of biotic indices BMWP and ASPT in order to evaluate the ecological status of mountain and semi-mountain rivers from the 7th Ecoregion (Eastern Balkans) - № 72-00-40-62/09.05.2017“ во својот Приговор, не и во доставената биографија врз чија основа Рецензентската комисија го пишува Извештајот.

Тврдењето на четвртата страна од Приговорот: “За потребите по програмата на докторската дисертација во моментов имам реализирано 6 студиски и научно истражувачки престои и специјализации и тоа:....”, м-р Римческа прв пат го елаборира во својот Приговор. Во својата биографија таа само ги наведува научноистражувачките школи, престои и тренинзи во деловите “Relevant courses/Research Visits” и “Професионално искуство – PROFESSIONAL EXPERIENCE”, без да прецизира дека овие активности се за потребите по програмата на докторската дисертација. Дополнително, студискиот престој спомнат во тврдењето: “Студиски престој 18-23. 12. 2017, со цел размена на искуство и соработка со колегите при Одделението за хидроекологија и заштита на водите, Институт за биолошки истражувања „Синиша Станковиќ“, Универзитетот во Белград, Србија”, одбиениот кандидат, исто така, прв пат го прикажува на четвртата страна од Приговорот. Овој студиски престој не се споменува во доставената биографија, што укажува на фактот дека одбиениот кандидат во својот Приговор додава пропуштени активности. Некоректно е да се упатува забелешка за пропуст кон Рецензентската комисија, кога, всушност, станува збор за пропуштена актива во биографијата.

Во приложената документација, одбиениот кандидат ги наведува BOOM одонатолошките средби во делот “Професионално искуство – PROFESSIONAL EXPERIENCE”, а споменатата научна презентација во делот “Конференциски презентации – CONFERENCE PRESENTATIONS” од својата биографија. Истите активности се соодветно споменати во Извештајот на Рецензентската комисија објавен во Билтен на стр. 442 и 445. Одбиениот кандидат не ги претставува овие активности сублимирано во својата биографија, па според тоа неосновано дава надополнувања во својот Приговор.

Одбиениот кандидат на четвртата страна од Приговорот потенцира: “Понатаму, потенцирам дека јас не бев вклучена во организациониот комитет на BOOM настанот одржан во 2015 год., туку јас бев единствениот организатор на истиот (на страна 445 од Билтен бр. 1227 од 01.12.2020 год.) на кој присуствуваа 20 истражувачи и интернационални студенти од 6 земји од Европа.”. Вакви заклучоци не би можеле да произлезат од доставената биографија на англиски јазик. Имено, одбиениот кандидат во биографијата наведува: “V Balkan Odonatological meeting (BOOM 2015), Republic of Macedonia. Monitoring the Odonata fauna from the territory of Republic of Macedonia – Organizing committee and facilitator”. Според дефиниција, изразот “Organizing committee” означува “a group of people appointed for a specific function by a larger group and typically consisting of members of that group.”. Евидентно е дека Рецензентската комисија точно ја толкува

оваа актива на одбиениот кандидат м-р Римческа и не прави никаков пропуст или погрешно интерпретира или испушта активности како што е наведено во Приговорот.

Во однос на делот: “Појаснувам и дополнувам дека треба да стои моето учество на Годишниот форум на ЕУ стратегијата за Дунавскиот регион одржан во октомври 2018 во Софија, Бугарија како грантист препорачан и награден од организациониот одбор на имплементираната стратегија, а не дека сум била само учесник” на четвртата страна од Приговорот, Рецензентската комисија истакнува дека одбиениот кандидат го појаснува овој дел во поднесениот Приговор, а не во доставената биографија. Оттука Рецензентската комисија овие тврдења не би можела да ги предвиди и прикаже во Извештајот, а со тоа не претставуваат нејзин пропуст. (Цитат од доставената биографија: “7th Annual Forum of the EU strategy for the Danube Region – EUSDR. 18-19.10.2018, Sofia, Bulgaria.”).

Слична е состојбата и со тврдењето: “Напоменувам и дека моето учество на Stockholm World Water Week 2018 - Стокхолмската светска недела на вода, (а не како што е наведено во Извештајот на билтенот бр. 1227 од 01.12.2020 год. на страна 456: Стокхолмската недела на вода (Stockholm Water Week 2018)) треба да стои дека за ова остварување јас како учесник на летната школа под наслов “Towards 2030 Agenda: A summer school for climate change, innovation and youth advocacy in water management” во Варшава, Полска (1–6 јули, 2018) како најдобар учесник на школата бев наградена со грант за учество на престојната конференција на светската недела на водата (26-31 август 2018 год.) во Стокхолм, Шведска, а со тоа зедов и активно учество во билатерален дијалог со претставник од Светската Банка за проблемите и предизвиците со кои младите истражувачи се соочуваат во научните национални и интернационални институции (https://www.sie-see.org/en/article/we-participated-to-the-2018-world-water-week/).” од стр. 4 - 5 на Приговорот. Истото претставува неосновано тврдење за коешто не се приложени документи во прилог на пријавата на Конкурсот, ниту, пак, е дадено објаснување во доставената биографија. Во прилог цитат од биографијата: “Stockholm World Water Week 2018: Participant at Young Professionals booth: Youth for Water and Climate market place, Quality assurance lab; and at Geneva Water Hub/International Secretariat for Water: Intergenerational Dialogue on Water & Peace – 26-31 08.2018, Stockholm, Sweeden”.

Во Точката **2) Дополнување на авторство/коавторство на научни публикации и абстракти** на петтата страна од поднесениот Приговор, одбиениот кандидат дава информации за бројот на своите научни публикации објавени во научни списанија со фактор на влијание, правејќи анализа на научните публикации каде е прв автор. Рецензентската комисија образложува дека во доставената биографија, м-р Римческа не дава информации за тоа колку од нејзините публикации се објавени во меѓународни списанија со фактор на влијание, па оттаму Рецензентската комисија не би можела да го претпостави нивниот број, ниту пак да го вметне во Извештајот. Предложениот кандидат м-р Хиниќ во својата биографија го наведува бројот на трудови публикувани во меѓународни списанија со фактор на влијание. Со тоа, Рецензентската комисија не фаворизира ниту еден кандидат, туку само во Рефератот ги прикажува информациите дадени во биографиите на пријавените кандидати. Во однос на првото авторство на одбиениот кандидат, тоа јасно се гледа од списокот на публикации каде соодветното име е уредно подвлечено (стр. 441 и 442 во Билтен бр. 1227 од 1.12.2020).

Рецензентската комисија не се согласува со тврдењето на м-р Римческа: “Изоставено е дека од вкупно 27 научни презентации со оригинални научни резултати, на 15 од нив сум прв автор (и во 4 дополнително каде јас имам презентирано иако не сум била прв автор), односно на вкупно 19 од нив лично сум учествувала во истите каде со усна презентација сум презентирала јавно. Од вкупно 8 апстракти со оригинални научни резултати, на 3 од нив сум прв автор каде сум зела јавно учество на домашни и меѓународни научни собири.” дадено на осмата страна од Приговорот. Имено, во доставената биографија, одбиениот кандидат ги класира научните соопштенија во две групи: оние со орална презентација (27) и оние со постер презентација (8). Истите се веќе прикажани во Билтен бр. 1227 од 1.12.2020 на стр. 442 – 444, што значи дека Рецензентската комисија не направила намерно изоставување.

Тврдењето “Исто така, во Извештајот доставен од рецензентската комисија не е спомената освоената награда за најдобра усна презентација со наслов „Contribution to the knowledge of Ephemeroptera, Plecoptera and Trichoptera (EPT) species from Republic of Macedonia“ наградена на семинарот по Екологија со интернационално учество при Институтот за

биодиверзитет и екосистемски истражувања, Бугарска Академија на Науките во Софија, Бугарија (афирмација на институтот и факултетот).” на осмата страна од Приговорот е исто така неосновано, земајќи предвид дека во доставената биографија, одбиениот кандидат м-р Римческа не ја споменува освоената награда, па оттаму Рецензентската комисија не би можела ниту да предвиди ниту да спомене вакво нешто.

Во однос на Точката **3) Дополнување на делот за учесник/раководител во повеќе научни проекти** од поднесениот Приговор, Рецензентската комисија истакнува дека нема направено никакви недоследности, нерегуларности ниту пак некоректно ги објавила информациите. Имено одбиениот кандидат м-р Римческа на осмата страна од Приговорот тврди: “Најпрво, нагласувам дека впишаното учество во пет од нив (три национални и два интернационални) беше реализирано истовремено за време на мојот престој на Институтот за биолошки истражувања „Синиша Станковиќ“ во Белград, со реализацијата на мојот награден предлог проект „Management of freshwater bodies with implementation of EU-Water Framework Directives using aquatic macroinvertebrates as the necessary measure for sustainable development of freshwater ecosystems in less developed countries“, каде што јас бев раководител, односно проектот, а не престојот беше финансиран со грант од UNESCO/KEIZO OBUCHI RESEARCH FELLOWSHIPS PROGRAMME (UNESCO/Japan Young Researchers’ Fellowship Programme Cycle 2015).” Членовите на Рецензентската комисија не го прифаќаат ова тврдење земајќи предвид дека во својата биографија, м-р Римческа наведува: “The above projects are realized during the study visit in Republic Serbia, in the frame of the Institute for Biological Research “Siniša Stanković”, financed by the UNESCO/KEIZO OBUCHI RESEARCH FELLOWSHIPS PROGRAMME”. Транскрипција на ова тврдење на македонски јазик се наоѓа на стр. 445 од Билтен бр. 1227 од 1.12.2020 и комплетно соодвествува со напишаното во биографијата на одбиениот кандидат.

Информирањето за потпишан договор кој одбиената кандидатка го имала со контракторот Particip GmbH при спроведувањето на проектот „Strengthening the capacities for implementation of Natura 2000“ (на осмата страна од Приговорот), Рецензентската комисија го смета за неосновано. Деталите по однос потпишување на договори со одредени контрактори се ирелевантни во процесот на избор-прием на еден асистент согласно објавениот Конкурс. Меѓудругото ваков договор не е доставен во приложената документација, ниту е споменат во биографијата.

Во насока на последната забелешка од Точка 3 на осмата страна од поднесениот Приговор, Рецензентската комисија го дава следново образложение: Одбиениот кандидат м-р Римческа не ги подредува своите проектни ангажмани по реден број. Во рамките на Рефератот, Рецензентската комисија ги подредува проектните активности и означува дека одбиениот кандидат е директно вклучен со “работа на проект” со што се покрива и работа како главен истражувач и работа како учесник. Кога во прилог не е достапен документ со кој се потврдува позицијата во даден проект, Рецензентската комисија би можела да биде ставена во ризик произнесувајќи се јавно за типот на работниот ангажман на кандидатите. Одбиената кандидатка во Приговорот наведува дека е потписник на договор за билатерална соработка меѓу Бугарската и Чешката Академија на Науките во проектите под реден број 12 и 14. Од линковите (https://www.avcr.cz/opencms/export/sites/avcr.cz/cs/veda-a-vyzkum/mezinarodni-vztahy/podporovane-aktivity/schvalene-projekty/VRnaMPod2017-BAS-na-web.pdf и https://www.avcr.cz/opencms/export/sites/avcr.cz/cs/veda-a-vyzkum/mezinarodni-vztahy/podporovane-aktivity/schvalene-projekty/BAS-na-web.pdf) може да се забележи дека во проектите под реден број 12 и 14 вклучени се само д-р Роман Годунко од Чешката Академија на Науките и д-р Јанка Видинова од Бугарската Академија на Науките.

Во Точката **4) Дополнување и корекции на моето учество на повеќе школи, тренинг курсеви и работилници,** одбиениот кандидат м-р Римческа наведува дека поседува сертификати за учество на повеќе школи, тренинг курсеви и работилници, но истите не ги приложува во доставената документација. Исто така таа наведува дека направен е пропуст при описот на соодветните научни работилници и школи, како што е школата под наслов “The natural welt and legacy of the Drin River Basin from field observations and knowledge to collective actions towards protecting freshwater ecosystems”. Рецензентската комисија посочува дека на стр. 446 од Билтен бр. 1227 од 1.12.2020, за истоимената школа наведени се двата града и држави, а не една држава како што м-р Римческа тврди во Приговорот. Со тоа, Рецензентската комисија не прифаќа

дека направила пропуст при описот на оваа актива. Рецензентската комисија верува во исправноста на образложението дека м-р Римческа имала активно учество како предавач и едукатор за време на спроведените теренски активности на погоре спомената школа, но во отсуство на приложени документи на Конкурсот за оваа актива истото не можела да го истакне во Извештајот.

Во врска со тврдењето: “Потоа, научната работилница под наслов “First Dragonfly Exuviae Identification Workshop” се одржа во Моравче-Габровке, во Словенија (2 –5 јуни 2017), а не како што е наведено на страна 446 (Билтен бр. 1227 од 1.12.2020 год.) во Словачка.” на деветтата страна од поднесениот Приговор, Рецензентската комисија образложува дека станува збор за техничка грешка која не ја намалува вредноста на оваа актива.

Во својата биографија, одбиениот кандидат м-р Римческа не дава информации за бројот на наставните часови на своите едукативните предавања во Станицата за отпадни води во Прилеп, ниту пак доставува документација по чиишто основ тврди: “треба да се коригира изјавата дека јас во наведениот работен ангажман сум „одржала неколку едукативни предавања на првите вработени во Станицата за отпадни води во Прилеп“.” (деветтата страна од поднесениот Приговор). Оваа активност во нејзината биографија е наведена како: “Professional Lecturer and educator of the first generation employees at Waste Water Treatment Plant, Prilem, R. North Macedonia. May-July 2018”. Споменувањето само на временската рамка на ангажманот не презентира информации за бројот на наставни часови. Појаснувањето и дополнувањето на оваа активност наместо во својата приложена биографија, одбиената кандидатка го прави во Приговорот по однос на извештајот на Рецензенстската комисија.

Во последниот коментар од Точка 4, на деветтата страна од поднесениот Приговор, одбиениот кандидат вели: “испуштено е моето учество како предавач и лидер на македонскиот тим на кампот „Generations for peace - 2010“, одржан во Сочи, Русија; Еколошката работилница “Even plastic fish can fly - 2010” каде сум фацилитатор и лидер, е одржана во Струга, Р. С. Македонија, а не како што е наведено во Русија.” Рецензентската комисија го отфрла тврдењето дека нешто испуштила бидејќи во биографија доставена на англиски јазик, одбиениот кандидат во своите активности наведува: „Generations for peace – 2010, Sochi, Russia. Facilitator and Leader of Macedonian team“. Земајќи предвид дека Сочи, Русија е единствената географска одредница наведена, се добива единствен заклучок дека истата активност била спроведена во Русија, а не какошто м-р Римческа наведува во Приговорот. Дополнително, Рецензентската комисија не го прифаќа тврдењето дека го испуштила нејзиното учество како предавач, образложувајќи дека во групата активности во кои кандидатката зема учество како тим-лидер, презентер и предавач е наведен и овој камп (стр. 447 од Билтен број 1227 од 1.12.2020).

Комисијата ги отфрла забелешките со кои одбиениот кандидат м-р Римческа го аргументира Приговорот. При тоа, по однос на **првата забелешка** Рецензентската комисија би сакала да истакне дека богатата научноистражувачка биографија е од исклучителна важност за кариерниот развој како научник. Никој не го оспорува богатиот научен опус на м-р Римческа. Напротив, Рецензентската комисија верува дека одбиениот кандидат понатаму уште повеќе ќе ја надогради својата целокупна научна актива. Низата недоследности и нејасната претстава на остварувањата кои одбиениот кандидат ги споменува на десетата страна од овој Приговор е присутна само во доставената биографија. Во Извештајот, Рецензентската комисија ги подредува и сублимира достигнувањата следејќи ги информациите добиени од доставената документација, согласно форматот и правилата за публикување во Билтенот на УКИМ.

Во **втората забелешка** со која се аргументира Приговорот, м-р Римческа поставува прашање кои се дополнителни критериуми за квалитет на кандидат, според кој е даден самиот предлог? Рецензентската комисија истакнува дека во Заклучокот и предлогот на стр. 448 во Билтен бр. 1227 од 1.12.2020 се раководела по критериумите кои се дефинирани во Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје (Универзитетски гласник бр. 411/2018). Составен дел на овој Правилник е и Образец 1 кој се однесува на општи услови за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања. Во прилог на Извештајот на Рецензентската комисија даден во Билтен број 1227 е и Образец 1 за двајцата кандидати, од каде се гледа дека поголем успех на додипломски и постдипломски студии отстварил предложениот кандидат м-р Јелена Хиниќ. Следејќи ги и

посебните услови за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања дадени во член 9 од Правилникот (Универзитетски гласник бр. 411/2018), Комисијата истакнува дека врз основа на наставно-образовните активности, одбиениот кандидат м-р Римческа има помали резултати и искуство во наставната дејност по предметите од наставно-научните области на конкурсот. И двајцата кандидати имаат големи научноистражувачки и стручно-апликативни активности. Сепак, единствено предложениот кандидат м-р Хиниќ поседува научноистражувачка актива поврзана со наставно-научните области форензичка ентомологија и органска еволуција. За жал, во научноистражувачките активности на одбиената кандидатка м-р Римческа нема податоци за научноистражувачка актива поврзана со овие наставно-научни области (форензичка ентомологија и органска еволуција).

Во врска со **третата забелешка** со која се аргументира Приговорот (десета страна од поднесениот Приговор), одбиениот кандидат м-р Римческа ги толкува Членовите на Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно научни, научни, наставно стручни и соработнички звања и демонстратори на УКИМ (Универзитетски гласник, бр. 411 од 5 ноември 2018 година) и упатува неосновано прашање: “Зошто рецензентската комисија става акцент на истиот Обарзец 2 кој е нерелевантен за избор во звањето асистент или асистент/истражувач (според правилникот на УКИМ), односно не треба да се базираат на истиот за вработување на асистент?”. Прашањето е неосновано бидејќи Рецензентската комисија во прилог на Рефератот го приложува Образец 1, наведен и во самиот Конкурс, а не Образец 2 за кој одбиениот кандидат говори во Приговорот.

Во понатамошниот дел од поднесениот Приговор, одбиениот кандидат истакнува дека според правилникот на УКИМ не е задолжително дека ако кандидат е времено ангажиран како демонстратор или демонстратор волонтер, ќе има приоритет при објава на оглас за вработување. Рецензентската комисија во ниту еден дел од Извештајот не се изјаснила дека приоритет за избор-прием на асистент има кандидат времено ангажиран како демонстратор.

На десетата страна од поднесениот приговот м-р Римческа напоменува: “Ако друг кандидат стручно се доусовршува во научни институции надвор од матичниот примарен факултет не значи дека истиот кандидат не е заинтересиран за ангажман за демонстратор, односно не значи дека истиот не спроведува вежби, теренски обуки и активности во институцијата каде е корисник и ја реализира стипендијата или грантот”. Рецензентската комисија во ниту еден дел од Извештајот не се изјаснила дека ако друг кандидат стручно се доусовршува во научни институции надвор од матичниот примарен факултет не значи дека истиот кандидат не е заинтересиран за ангажман за демонстратор, односно не значи дека истиот не спроведува вежби, теренски обуки и активности во институцијата каде е корисник и ја реализира стипендијата или грантот.

Во однос на **четвртата забелешка** со која е аргументиран Приговорот, Рецензентската комисија потсетува дека подготовката на Рефератот објавен во Билтен бр. 1227 од 1.12.2020 се темели на доставените биографии на пријавените кандидати, прецизно претставувајќи ги добиените информации на наставната и научната актива презентирана во доставената документација.

Во однос на даденото тврдење: “Со оваа изјава на рецензентската комисија се чувствувам оштетена, бидејќи е игнориран мојот наставно научен и образовен придонес кон научно истражувачката работа и едукативни активности (2004-2017 година), каде што сум дала активен придонес како дел од Институтот за билогија, односно Природно-математичкиот факултет во Скопје, генерално.” на единаесетата страна од Приговорот, Рецензентската комисија потенцира дека во Извештајот не го игнорира наставно-научниот придонес ниту директно ги споредува двајцата кандидати по однос на оваа актива. И покрај малата вклученост на м-р Римческа во наставно-образовните активности на Институтот за Биологија при ПМФ – Скопје, комисијата не го потенцираше ова во Извештајот сè со цел да остави простор одбиениот кандидат во иднина да биде препознаен како соодветен кандидат за вработување во некоја од наставно-образовните институции во земјата. Поради тоа, Рецензентската комисија смета дека одбиениот кандидат неосновано се чувствува оштетен.

Информацијата за подготовката на интерна скрипта по предметот органска еволуција (единаесета страна од Приговорот) која се споменува во **петтата забелешка** со којашто го аргументира поднесениот Приговор, одбиениот кандидат м-р Римческа не ја наведува во својата

биографија, па по однос на тоа Рецензентската комисија не можела истата да ја истакне и во Извештајот објавен во Билтен бр. 1227 од 1.12.2020.

Во продолжение на истата забелешка, одбиениот кандидат напоменува: “Во текот на зимскиот семестар во учебната година бев демонстратор/волонтер на катедрата за зоологија, лабораторија за инвертебрата и анимална екологија и ги изведував вежбите за предметите Типологија на животни (за биохемиско-физиолошка и за молекуларна насока) (архива на ПМФ, архивски број 03.52/16.12.2014 на англиски јазик).”. Во однос на ова тврдење, Рецензентската комисија истакнува дека катедра за зоологија ниту се наведува во биографијата на одбиениот кандидат, ниту во документот даден со архивски број (приложен во овој Одговор), ниту пак ваква катедра постои на Институтот за биологија при ПМФ – Скопје.

Во делот од **шестата забелешка** кој се однесува на проектот „Strengthening the capacities for implementation of Natura 2000“, Рецензентската комисија истакнува дека овој проект е даден во биографиите на двајцата кандидати и истиот е вклучен во анализата на активности кај двајцата кандидати. Техничкиот асистент не потпишува договор и на тој начин со потенцирањето на ваквиот ангажман не може да се даде приоритет во однос на JNKE (Junior Non-Key Expert) Fauna WG Water Invertebrates. Прашањето “-Дали постои потпишан договор за кој што јас не бев информирана, а бев во постојан допис со организацијата која го спроведуваше проектот?” поставено од одбиениот кандидат не е прашање кое треба да се адресира до Рецензенстката комисија. Воедно, самиот подносител на Приговорот го дава одговорот дека за време на реализација бил во континуирани преписки Particip GmbH, и “во ниту една преписка горенаведениот кандидат не беше додаден при спроведување на активностите на истите.”. За тоа дека м-р Хиниќ била вклучена како технички асистент во проектот говорат фотографиите направени во текот на теренските активности и е-mail комуникации меѓу м-р Римческа и м-р Хиниќ.

Констатациите од **седмата забелешка** на дванаесеттата страна со која се аргументира Приговорот, се неосновани и немаат никаква поврзаност со Извештајот. Па затоа Рецензентската комисија ги отфрла со препорака истите да бидат адресирани на рецензентите од меѓународното научно списание каде научната публикација е објавена. Конечно, имајќи предвид дека во него се објавуваат само оригинални научни трудови (http://www.acta-zoologica-bulgarica.eu/), доколку рецензентите од ова научно списание препознале дека станува збор за плагијат ќе го третирале трудот како таков и немало да дозволат негова публикација. Станува збор за реномирано научно списание на Бугарската Академија на Науките во кое и самата одбиена кандидатка објавувала научни публикации. Со оваа изјава Рецензентската комисија има чувство дека одбиената кандидатка м-р Римческа упатува јавна критика и до уредувачкиот одбор на ова научно списание.

По однос на **краткиот сублимат** од одбиениот кандидат м-р Римческа во поднесениот Приговор, Рецензентската комисија истакнува:

Личниот став на одбиената кандидатка дека како кандидат со завршена наставна биологија треба да има предност за работната позиција, во однос на кандидатот препорачан од Рецензентската комисија кој има дипломирано на насоката молекуларна биологија, Рецензентската комисија го смета за неоснован. Имено современите достигнувања во таксономијата говорат за значењето на молекуларно-биолошките техники во таксономските истражувања. Можноста да се вработи дипломиран молекуларен биолог кој своите знаења стекнати уште на додипломските студии ќе ги насочи во наставно-научните области зоологија и зоофизиологија, ентомологија и екологија (систематика и филогенија на безрбетници, зоологија, органска еволуција и форензичка ентомологија) е голема предност ако се имаат предвид најновите трендови во науката кои Катедрата за систематика и филогенија на безрбетници при Заводот за зоологија континуирано ги следи.

Одбиениот кандидат м-р Римческа неточно наведува дека единствен сроден/релевантен предмет по областа на предметите кои се наведени во огласот и извештајот е Типологија на животни. Според наставниот план на студиската програма по молекуларна биологија на Институтот за биологија, студентите на прв циклус студии го слушаат и полагаат и предметот Основи на екологија и еволуција. Одбиениот кандидат м-р Римческа на тринаесеттата страна од својот Приговор го поставува прашањето: “Дали Институтот за биологија, би ставил приоритет за вработување на кандидат со скратена наставна програма во областа на систематиката и филогенијата на берзбетниците, односно при избор од двајца кандидати кои се

компетентни на јавниот оглас, а се од несродни насоки би го избрал кандидатот со послаба наставна тежина во областа на систематиката каде што примарната обврска на вработениот кандидат ќе биде спроведување на вежби по предметите Систематика и филогенија на безрбетници, Зоологија, Органска еволуција и Форензичка ентомологија?” Рецензентската комисија не се сложува со забелешката дека предложениот кандидат има послаба наставна тежина земајќи предвид дека истиот е континуирано вклучен во наставниот процес при изведување на практичната настава уште од 2015/2016 до денес.

Одбиениот кандидат м-р Римческа смета дека член на Рецензентската комисија не смее да биде ментор на еден од пријавените кандидати. Рецензентската комисија истакнува дека ваквото тврдење е неосновано и не е правно подржано согласно Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на УКИМ (Универзитетски гласник, бр. 411 од 5 ноември 2018 година). Дополнително, со ваквата изјава во Приговорот не е јасно кој наставник м-р Римческа го именува како ментор. Дали одбиениот кандидат со “ментор” го именува наставникот кој е ментор на магистерска теза или со “ментор” го именува наставникот кој со многу залагања, коавторства и учества на проекти придонел во трасирање на неговиот научен пат?

Со изјавата дека постои очигледна пристрасност барем на еден од членовите од Рецензентската комисија, одбиениот кандидат м-р Римческа упатува навреда до целата комисија.

Тврдењето на одбиениот кандидат: “очите на интелектуалната младина се свртени кон конкурсот и исходот од него.” на стр. 13 од поднесениот Приговор звучи како опомена. Во завршниот дел од својот Приговор, одбиениот кандидат истакнува дека како магистер произлезен од Институтот за биологија лично и посакува сѐ најдобро на институцијата во знак на благодарност, но предупредува дека дополнително ќе бара објаснување за својот случај. Во однос на занемареноста на придонесите, Рецензентската комисија веќе одговори. Одбиениот кандидат м-р Римческа тврди дека дополнително е избегната нејзината препорака од Рецензентската комисија во делот: Заклучок со предлог. Ова тврдење е неосновано бидејќи во овој дел од рефератот, секоја рецензентска комисија му предложува на наставно-научниот совет на факултетот кандидат за избор во соодветното звање.

## ЗАКЛУЧОК

Поради сето горенаведено, Рецензентската комисија останува на својот став наведен во Рефератот објавен во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје бр. 1227, од 1.12.2020, а со тоа и со предлогот дека: Рецензентската комисија му предлага на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје да ја избере – прими м-р Јелена Хиниќ во звањето асистент од наставно-научната област *зоологија* и *зоофизиологија*, *ентомологија* и *екологија* (систематика и филогенија на безрбетници, зоологија, органска еволуција и форензичка ентомологија), на Институтот за биологија при ПМФ во Скопје.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Валентина Славевска Стаменковиќ, с.р.**
**Проф. д-р Милица Ристовска, с.р.**
**Проф. д-р Александра Цветковска Ѓорѓиевска, с.р.**

**Универзитет “Св. Кирил и Методиј“**
**Природно - математички факултет**

1000 Скопје, Република Македонија
Гази Баба б.б. П.Ф.162
**www.pmf.ukim.edu.mk**

**”Ss.Cyril and Methodius” University**
**Faculty of Natural Sciences and Mathematics**

**1000 Skopje, Republic of Macedonia**
**Gazi Baba b.b. P.O. Box 162**
**www.pmf.ukim.edu.mk**

Бр. 03-SL

Дата 16-12-2014

To whom it may concern:

With this document we would like to imply that Biljana Rimcheska, from 2010 is actively involved as volunteer in the Laboratory of Invertebrates and Animal Ecology, Institute of Biology. In the school year 2013/14 winter semester, Rimcheska was involved as part time associate as volunteer and she was actively involved in practical lectures, lecturing the bachelor students.

Hope so that with this document we can provide the necessary proof for Biljana Rimcheska, M.sci. in biology (Ecology), for confirming that she has excellent background and that she is well prepared for the upcoming applications requiring the necessary scientific knowledge of her field of study of ecology.

Yours faithfully,

Valentina Slavevska Stamenkovic, PhD,
Assistant Professor
Department of Invertebrates and Animal Ecology, Institute of Biology,

e-mail: vstamen@yahoo.com
phone: + 389 2 3249 624
fax: +389 2 3228 141
mob.: +389 70 382 685

DEAN:
Icko Gjorgoski, PhD,

Faculty of Natural Science and Mathematics
Skopje, Republic of Macedonia

Универзитет Св. Кирил и Методиј во Скопје, Република Македонија, Природно-математички факултет

***Прилог бр. 5***

# П Р Е Г Л Е Д
## НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА СТОМАТОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ/ИНСТИТУТ

**1. ДОКТОРСКИ ТРУДОВИ**

| Ред. бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | Д-р Рина Прокши | Атрауматски ресторативен третман кај деца | Atraumatic restorative treatment in children | Проф.д-р Елизабета Ѓоргиевска | 01.12.2020 02-3474/1 |
| 2. | Д-р Славица Ѓоргиевска Јовановска | Влијанието на тамоксифенот врз пародонталното здравје и оралната кандидијаза кај пациенти со канцер на дојка | The effect of tamoxifen on periodontal health and oral candidiasis at breast cancer patients | Проф.д-р Силвана Георгиева | 01.12.2020 02-3475/1 |

**П Р Е Г Л Е Д**
**НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА ТЕХНОЛОШКО-МЕТАЛУРШКИ ФАКУЛТЕТ**

**МАГИСТЕРСКИ ТРУДОВИ**

| Ред. бр | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | Викторија Бежовска | „ Сепарација на Cu (II) јони од водни раствори со примена на стабилизирана биомаса” | Separation of Cu (II) ions from aqueous solutions by stabilized biomass | Проф.д-р Кирил Лисичков | 14.12.2020 02-1428/1 |
| 2. | Снежана Ставрова | ,,Примена на LMS платформа за градење на организациона култура за управување со квалитет во магацинското работење во прехранбена индустрија” | Implementation of LMS platform for building organizational culture for quality management in the warehouse operation in food industry | Проф.д-р Кирил Лисичков | 14.12.2020 02-1429/1 |

***Прилог бр. 3***

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ „ПРАКТИКУМ ЗА ВЕЖБИ ПО ПАРАЗИТОЛОГИЈА И ПАРАЗИТНИ ЗАБОЛУВАЊА“ ОД АВТОРИТЕ ЈОВАНА СТЕФАНОВСКА И АЛЕКСАНДАР ЦВЕТКОВИЌ

Врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, бр. 0202-1384/6 од 26.10.2020 година, за членови на Рецензентската комисија за рецензирање на учебното помагало „Практикум за вежби по паразитологија и паразитни заболувања“ од авторите: проф. д-р Јована Стефановска и н. сор. д-р Александар Цветковиќ, наменет за студентите на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, за предметот Паразитологија и паразитни заболувања, избрани се проф. д-р Никола Геру и проф. д-р Жарко Маџиров.

По добивањето на ракописот и неговото детално разгледување и анализа, до Наставно-научниот совет на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, рецензентите го поднесуваат следниов

**ИЗВЕШТАЈ**

1. **Општ дел**

**Основни податоци за ракописот**

| | |
|---|---|
| **Назив на ракописот:** | Практикум за вежби по паразитологија и паразитни заболувања |
| **Назив на предметната програма:** | Паразитологија и паразитни заболувања |
| **Назив на студиската програма:** | Интегрирани студии од прв и втор циклус по ветеринарна медицина |
| **Фонд на часови и ЕКТС-кредити** (доколку ракописот е наменет за повеќе предмети, да се наведат сите предмети)**:** | 9 ЕКТС-кредити, вкупно 135 часа<br>5. семестар: 2+2 (30+30)<br>6. семестар: 2+3 (30+45) |
| Предметот Паразитологија и паразитни заболувања на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје е задолжителен предмет со вкупно 135 часа, 9 ЕКТС-кредити и се слуша во 5. и 6. семестар. | |
| **Реден број на изданието:** | прво издание |
| **Општи податоци за ракописот:** | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 128 страници (формат А4), напишани на компјутер, со големина на фонтот 12. Текстот е поделен во 24 поглавја (вклучувајќи ја литературата). |

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Проф. д-р Никола Геру, с.р.**
**Проф. д-р Жарко Маџиров, с.р.**

## 2. Посебен дел од рецензентот: Проф. д-р Никола Геру

| | |
|---|---|
| **Краток опис на содржината:** | Во Практикумот се предвидени вежби преку кои студентите ќе ги совладаат основите на ветеринарната паразитологија и лабораториските методи за дијагностика на паразитните болести кај животните. Детално се опишани земањето и испраќањето на материјал за дијагностика, сите паразитолошки дијагностички методи, систематиката на паразитите од ветеринарномедицинско значење и дијагностиката на болестите предизвикани од паразити поделена согласно со таксономските групи. Кај секоја болест е оставен простор за графичка презентација на паразитите и паразитните елементи кои студентите ќе ги запознаваат на практичните лабораториски вежби, а дадени се и интернет-страници кои ќе им овозможат да студентите подетално запознавање со морфологијата на паразитите и дијагностичките паразитни елементи. |
| **Оцена за усогласеноста со предметната програма:** | Практикумот е во целост усогласен со предметната програма по предметот Паразитологија и паразитни заболувања. |
| **Предлози за потребни корекции:** | нема |
| **Оцена на ракописот:** | Практикумот го оценувам како одлично учебно помагало, неопходно за совладување на практичната настава по предметот Паразитологија и паразитни заболувања. |
| **Категоризација:** | учебно помагало - практикум |
| **Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:** | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 128 страници (формат А4), напишани на компјутер, со големина на фонтот 12. Текстот е поделен во 24 поглавја (вклучувајќи ја литературата). Практикумот ги исполнува сите критериуми на адекватно учебно помагало и претставува основа за практична едукација по предметот Паразитологија и паразитни заболувања. |

Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство овој ракопис да го поддржам и да го предложам да се издаде како учебно помагало - практикум по предметот Паразитологија и паразитни заболувања, примарно наменет за студентите на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје.

Во Скопје, ______________ година

**РЕЦЕНЗЕНТ**

**Проф. д-р Никола Геру, с.р.**

## 2. Посебен дел од рецензентот: Проф. д-р Жарко Маџиров

| | |
|---|---|
| **Краток опис на содржината:** | Во ракописот се опфатени практични, лабораториски вежби преку кои студентите по ветеринарна медицина ќе се запознаат со методите на дијагностичката ветеринарна паразитологија. Даден е детален опис на земањето и испраќањето на дијагностички материјал, изведбата на најчесто користените копролошки, хематолошки, уролошки и дерматолошки дијагностички методи, таксономската припадност на паразитите кај животните, лабораториската дијагностика на паразитните болести предизвикани од протозои и хелминти, како и детерминацијатата на артроподите од ветеринарномедицинско значење. Кај секоја болест и артропод е предвидено цртање на паразитот и паразитните елементи, важни за точна дијагностика, и дадени се интернет-страници за полесна идентификација и дијагноза. |
| **Оцена за усогласеноста со предметната програма:** | Целосна усогласеност со предметната програма. |
| **Предлози за потребни корекции:** | нема |
| **Оцена на ракописот:** | Одличен.<br>Ракописот има адекватен методолошки пристап за реализација на вежбите и напишан е на начин кој ќе овозможи лесно апсолвирање на предвидената материја. |
| **Категоризација:** | учебно помагало |
| **Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:** | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 128 страници (формат А4), напишани на компјутер, со големина на фонтот 12. Текстот е поделен во 24 поглавја (вклучувајќи ја литературата).<br>Материјата опфатена во ракописот целосно ја покрива предвидената практична настава за реализација на програмата по предметот Паразитологија и паразитни заболувања. |

Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство овој ракопис да го поддржам и да го предложам да се издаде како учебно помагало по предметот Паразитологија и паразитни заболувања, примарно наменет за студентите на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје.

Во Скопје, _____________ година

**РЕЦЕНЗЕНТ**

**Проф. д-р Жарко Маџиров, с.р.**

# Р Е Ф Е Р А Т
## ЗА ИЗБОР НА ДВА СОРАБОТНИКА ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ ВО НАУЧНАТА ОБЛАСТ 41102 ДРУГО (ПРОЕКТИРАЊЕ НА МЕБЕЛ И ЕНТЕРИЕР) НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ДИЗАЈН И ТЕХНОЛОГИИ НА МЕБЕЛ И ЕНТЕРИЕР ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер во Скопје, на седницата одржана на 10.12.2020 година, донесе Одлука бр 0202-356/2-XI-4-2 од 10.12.2020 година за формирање Рецензентска комисија за избор на два соработника во соработничко звање – асистент во научно подрачје: биотехнички науки, поле: 411-преработка на дрво, наставно-научна област: 41102 друго (проектирање на мебел и ентериер), а врз основа на конкурсот објавен во весниците „НоваМакедонија” и „Коха” од 3.12.2020 година и Одлуката од Наставно-научниот совет бр. 0202-356/2-XI-3 од 10.12.2020 година, во состав: д-р Владимир Каранаков, редовен професор, УКИМ, Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер – Скопје, претседател, д-р Елена Никољски Паневски, редовен професор, УКИМ, Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер – Скопје, член, и д-р Ѓорги Груевски, редовен професор, УКИМ, Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер – Скопје, член.

На распишаниот конкурс се пријавија кандидатите: Бранко Петре Темелковски и Дијана Илчо Зафировска.

По прегледот на конкурсните материјали и по темелната анализа, до Наставно-научниот совет на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер во Скопје, го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

**Бранко Темелковски**

1. Кандидатот Бранко Темелковски е роден на 4.2.1977 година во Скопје. Основно и средно образование завршил во Скопје со одличен успех. Во академската 1995/1996 година се запишал на Архитектонскиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на насока: архитектура. Првиот циклус студии го завршил во 2003, со што се стекнал со стручниот назив дипломиран инженер архитект. Насловот на дипломската работа му бил „Станбена двокуќа во старото ткиво на Струга” и ја изработил под менторство на проф. д-р Зорица Блажевска. Во академската 2015/2016 година се запишал на втор циклус студии на Архитектонскиот факултет во Скопје, во десеттиот семестар според ЕКТС, со два изборни предмета и изработка на магистерска теза. Предвидените испити ги положил со просечна оценка 10 (десет). Магистерскиот труд, насловен „Ревизија на урбан фрагмент”, го работел под менторство на проф. д-р Минас Бакалчев и успешно го одбранил на 1.2.2017 година, со што се стекнал со научниот назив магистер инженер архитект со просечна оценка од двете студиски програми 8,04.

Странски јазик: англиски јазик на ниво Ц1 според Европската јазична рамка на Советот на Европа (CEFR).

Труд/трудови во стручно списание или учество на проект
Главен проектант:
- Основен архитектонски проект за индустриски објект (7.000м2) за производство на фасанди панели во Индустриска зона Илинден
Инвеститор: КЕНТАУР – ИМПЕКС, Скопје
- Основен архитектонски проект за индустриски објект (4.700м2) за производство на матични плочи во Технолошко – индустриската зона Бунарџик
Инвеститор: ХАЈТЕК, Скопје
- Основен архитектонски проект за индустриски објект за екстракција на етерични масла
во Росоман
Инвеститор: ХЕМЕРА, Зелениково

- Основен архитектонски проект за објект - склад за земјоделски продукти во Јурумлери
- Основен архитектонски проект за магацин за земјоделски производи и гаража за земјоделски машини во Пехчево
Инвеститор: АГРОЛЕНД, Пехчево
- Основен архитектонски проект за гаража за противпожарни возила во Демир Капија
Инвеститор: UNHCR
- Основен архитектонски проект за административно деловен објект на претпријатие за производство на системи за сува градба - КНАУФ
Инвеститор: ЕКСПРО, Струмица
- Основни архитектонски проекти за мобилни базни станици
Инвеститор: ВИП Оператор, Скопје
- Основен архитектонски проект за објект за администрација, сервисни и услужни дејности (1.200м2) во Злокуќани
- Основен архитектонски проект на станбен објект на Ул. Штросмаерова во Скопје
- Основен архитектонски проект на станбен објект на Ул. Софиска во Скопје
- Основен архитектонски проект за реконструкција со спроведување на мерки за енергетска ефикасност на Основното училиште „Јане Сандански“ во Скопје
Инвеститор: Светска банка, Општина Чаир
- Основен архитектонски проект за реконструкција со спроведување на мерки за енергетска ефикасност на Основното училиште „Никола Вапцаров“ во Скопје
Инвеститор: Светска банка, Општина Чаир
- Основен архитектонски проект за реконструкција со спроведување на мерки за енергетска ефикасност на Основното училиште „Ванчо Китанов“ во Пехчево
Инвеститор: Светска банка, Општина Чаир
- Основен архитектонски проект за реконструкција со спроведување на мерки за енергетска ефикасност на Детската градинка „7ми Септември“ во Пехчево
Инвеститор: Светска банка, Општина Чаир
- Проект за ентериерно уредување на станбен објект на Ул. Штросмаерова во Скопје
- Проект за ентериерно уредување и дизајн на мебел во влезниот хол на Табак Осигурување во Скопје
- Проект за ентериерно уредување и дизајн на мебел во продавница за спортска опрема во центарот на Струга
- Архитектонски проект за хотел на Ул. Роза Луксембург во Скопје
- Архитектонски проект за катна гаража во Велес
- Архитектонски проект за станбен објект на Ул. Козара во Скопје
- Архитектонски проект за станбен објект во населба Соње
- Архитектонски проект за станбен објект во населба Сопиште
- Архитектонски проект за станбен објект на Ул. Жданец во Скопје
- Архитектонски проект за станбен објект на Бул. Македонија во Скопје
- Архитектонски проект за комплекс викенд куќи во Маврово
- Архитектонски проект за фасадно обликување и ентериерно уредување на станбен објект во Бахреин
- Учество на меѓународен конкурс за објект на Македонска филхармонија
- Учество на меѓународен конкурс за објект на Градска куќа во Куманово
- Учество на меѓународен конкурс за мост на Вардар – откуп
- Учество на Биеналето на македонската архитектура 2018 година
Соработник:
- Детален урбанистички план за Урбана единица „Гоце Делчев“, Општина Куманово

- Детален урбанистички план за Урбана единица „Х.Т. Карпош“, Општина Куманово
- Детален урбанистички план за Урбана единица „6“, Општина Струмица
- Детален урбанистички план за Урбана единица „9“, Општина Струмица
- Детален урбанистички план за дел од Урбана единица „Каргаш“, Општина Илинден
- Урбанистички план за инфраструктура на потегот Деве Баир - Скопје

**Дијана Зафировска**

Кандидатката Дијана Зафировска е родена на 31.1.1988 година во Скопје. Основно и средно образование завршила во Скопје со одличен успех.

Во академската 2006/2007 се запишала на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер во Скопје, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на студиската програма Проектирање и технологија на мебел и ентериер.

Првиот циклус студии го завршила на 11.4.2011 година со просечна оценка 8,53, со што се стекнала со стручниот назив дипломиран инженер по дрвна индустрија. Насловот на дипломската работа ѝ бил ,,Адаптација и реорганизација на постоен простор” и ја изработила под менторство на проф. д-р Владимир Каранаков.

Во академската 2011/2012 година се запишала на втор циклус студии на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер во Скопје, на студиската програма Проектирање на мебел и ентериер. Предвидените испити ги положила со просечна оценка 10,00.

Магистерскиот труд, насловен „Анализа на архитектурата и дизајнот на традиционалната куќа во некои села на Скопска Црна Гора како индикатор за развој на рурален туризам”, го работела под менторство на проф. д-р Владимир Каранаков и успешно го одбранила на 12.3.2015 година, со што се стекнала со научниот назив магистер по дрвноиндустриски науки на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер во Скопје, 2015 година, со просечна оценка 10 (десет).

Странски јазик: англиски - Уверение Б2 според Европската јазична рамка на Советот на Европа (CEFR)

Труд/трудови во стручно списание или учество на проект:

1. „Анализа на архитектурата и дизајнот на традиционалната куќа во некои села на Скопска Црна Гора како индикатор за развој на рурален туризам”;

2. ,,Потенцијал за развој на рурален туризам низ призмата на архитектурата на селата во Република Македонија”, Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер;

3. проекти – од јануари 2014 до денес, кандидатката работела на 70 (седумдесет) проекти за ентериери на објекти за домување и јавни објекти, како и нивно опремување со мебел.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација на кандидатите, членовите на Рецензентската комисија констатираа дека на објавениот конкурс се пријавија двајца кандидати:

1. Бранко Петре Темелковски
2. Дијана Илчо Зафировска.

Кандидатите Бранко Петре Темелковски и Дијана Илчо Зафировска ги исполнуваат сите услови од конкурсот, Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр.82/2018**) и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник број 411/2018).**

Рецензентската комисија едногласно му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер во Скопје, кандидатите Бранко Темелковски и Дијана Зафировска да ги избере во соработничко звање – асистент во научната област проектирање на мебел и ентериер при Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер во Скопје.

**Рецензентска комисија**

**Проф. д-р Владимир Каранаков, с.р.**
**Проф. д-р Елена Никољски Паневски, с.р.**
**Проф. д-р Ѓорги Груевски, с.р.**

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ**
**за факултети кои имаат студиски програми на интегрирани прв и втор циклус студии**

**Кандидат: Бранко Темелковски**
**Институција: Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер**
**Научна област: 41102 друго – проектирање на мебел и ентериер**

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Има завршено интегрирани прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити, со остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум)<br><br>Просечниот успех изнесува: 8,04 | да |
| 2 | Има завршено додипломски и постдипломски студии по студиските програми пред воведувањето на европскиот кредит-трансфер систем и има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на додипломските и постдипломските академски студии одделно<br>Просечниот успех на додипломски студии изнесува:<br><br>Просечниот успех на постдипломски студии изнесува: | / |
| 3 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик: англиски, српски, хрватски, германски<br>2. Назив на документот: уверение за познавање на англиски јазик на ниво Ц1 според Европска јазична рамка на Советот на Европа (CEFR).<br>3. Издавач на документот: Филолошки факултет „Блаже Конески“ - Скопје<br>4. Датум на издавање на документот: 29.9.2020 | Да |

**Рецензентска комисија**

**Проф. д-р Владимир Каранаков, с.р.**
**Проф. д-р Елена Никољски Паневски, с.р.**
**Проф. д-р Ѓорги Груевски, с.р.**

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ**

**Кандидат: Дијана Илчо Зафировска**
**Институција: Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер**
**Научна област: 41102 ДРУГО – ПРОЕКТИРАЊЕ НА МЕБЕЛ И ЕНТЕРИЕР**

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ**

| **Ред. број** | **ОПШТИ УСЛОВИ** | **Исполнетост на општите услови да/не** |
|---|---|---|
| 1 | Има завршено прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити | Да |
| 2 | Стекнат назив – магистер од соодветната област<br>Назив на научната област: ПРОЕКТИРАЊЕ НА МЕБЕЛ И ЕНТЕРИЕР. | Да |
| 3 | Остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на првиот циклус и вториот циклус на академски студии посебно<br><br>Просечниот успех на прв циклус изнесува: 8,53<br>Просечниот успех на втор циклус изнесува: 10,00 | Да |
| 4 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик: англиски јазик<br>2. Назив на документот: уверение Б2 (CEFR)<br>3. Издавач на документот: Филолошки факултет „Блаже Конески” – УКИМ – Скопје<br>4. Датум на издавање на документот: 9.12.2020 година | Да |

**Рецензентска комисија**

**Проф. д-р Владимир Каранаков, с.р.**
**Проф. д-р Елена Никољски Паневски, с.р.**
**Проф. д-р Ѓорги Груевски, с.р.**

# Р Е Ф Е Р А Т
## ЗА ИЗБОР НА ДВА СОРАБОТНИКА ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ ВО НАУЧНАТА ОБЛАСТ МАШИНИ, ЕНЕРГЕТИКА И ТРАНСПОРТ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ДИЗАЈН И ТЕХНОЛОГИИ НА МЕБЕЛ И ЕНТЕРИЕР ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер во Скопје, на седницата одржана на 10.12.2020 година, донесе Одлука бр. 0202-356/2-XI-4-3 за формирање Рецензентска комисија за избор на два соработника во соработничко звање – асистент во научното подрачје: биотехнички науки, поле: 411-преработка на дрво, наставно-научна област: 41102 друго (машини, енергетика и транспорт), а врз основа на конкурсот објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Коха“ од 3.12.2020 година и Одлуката од Наставно-научниот совет на Факултетот бр. 0202-356/2-XI-3 од 10.12.2020 година, во состав:

1. д-р Владимир Кољозов, редовен професор на УКИМ, Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер – Скопје,
2. д-р Зоран Трпоски, редовен професор на УКИМ, Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер – Скопје,
3. д-р Горан Златески, редовен професор на УКИМ, Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер – Скопје.

На распишаниот конкурс се пријавија следниве кандидати:

1. м-р Анастасија Темелкова
2. м-р Ангела Василевска.

По прегледот на конкурсните материјали и по темелната анализа, на Наставно-научниот совет на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер во Скопје, го поднесуваме следниов

### И З В Е Ш Т А Ј

### 1. М-Р АНАСТАСИЈА ТЕМЕЛКОВА

#### 1.1. Биографски податоци и образование

Кандидатката м-р Анастасија Темелкова е родена на 9.4.1976 година во Скопје. Во академската 1994/95 година се запишала на Шумарскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на студиската програма Дрвна индустрија. Додипломските студии ги завршила на 1.11.1999 година со просечна оценка 9,02, со стручниот назив Дипломиран инженер. Во учебната 2005/06 година се запишала на магистерски студии на Шумарскиот факултет во Белград (Р Србија), на студиската програма Финална преработка на дрвото. Предвидените испити ги положила со просечна оценка 9,60. Магистерскиот труд со наслов „Влијание на применетиот систем на површинска обработка на квалитетот на обработените површини“, успешно го одбранила на 17.12.2012 година, со што се стекнала со академската титула магистер на науки од областа преработка на дрвото.

#### 1.2. Наставно-образовна дејност

Во периодот 2000-2009 година, кандидатката м-р Анастасија Темелкова била ангажирана на Шумарскиот факултет во Скопје како помлад асистент на групата наставни предмети Технологија на финално производство.

#### 1.3. Научноистражувачка дејност

Според доставената документација, кандидатката е коавтор на единаесет научноистражувачки трудови.

1. Манев Т., Бахчеванџиев К., Манева А.: Компаративни проучувања на квалитетните својства на лакирани површини на некои поважни лисјарски дрвни видови, Шумарски факултет, Скопје, 2002.

2. Манев Т., Бахчеванџиев К., Манева А.: Влијание на течни агенси врз површини од јасен лакирани со полиестерски лак, Годишен зборник, Шумарски факултет, Скопје, 2002.

3. Манев Т., Бахчеванџиев К., Манева А.: Атхезија на површини од бука лакирани со нитроцелулозен лак, Годишен зборник, Шумарски факултет, Скопје, 2002

4. Manev T., Bahcevandziev K., Maneva A.: Steadiness of the polished surfaces of ash tree with polyester polish, Les wood revija za lesno gospodarstvo, Letnik 55, st.3, oktober, 2003.

5. Manev T., Bahcevandziev K., Maneva A.: Adhesion of varnished beech wood surfaces, International conference, trends in design, construction and technology of wooden products, Zagreb, R.Hrvatska, October, 15th, 2004.

6. Манева А., Манев Т.,: Влијание на брусење и бајцување врз квалитетот на фурнирани површини, Меѓународен симпозиум, Зборник на трудови, Охрид, 24-26 октомври, 2007.

7. Манева А., Манев Т.,: Рапавост и сјај на лакирани површини, Меѓународен симпозиум, Зборник на трудови, Охрид, 24-26 октомври, 2007.

8. Манева Т. Анастасија: Утицај примењеног система површинске обраде на квалитет обрађене површине, Магистарски рад, Београд, 2012.

9. Temelkova A., Jaić M.: Resistance of surfaces treated with 2K polyurethane and 2K acryl-izocyanate coatings to dry heat, International Scientific Conference „Wood Technology & Product Design”, Ohrid, 16th-18th May, 2013.

10. Jevtić P., Temelkova A.: Influence of roughness of wood on adhesion of polyurethane wood finish, 3rd International Scientific Conference „Wood Technology & Product Design”, Ohrid, 11th-14th September, 2017.

11. Temelkova A., Jevtić P.: Resistance of wooden lacquered surface to scratching, „Wood, Design & Technology”, Volume 8. No.1, Faculty of Design and Technologies of furniture and Interior, Skopje, North Macedonia 2019.

Кандидатката м-р Анастасија Темелкова активно го познава англискиот јазик на ниво Б2 според Европската јазична рамка на Советот на Европа (CEFR).

## 2. М-Р АНГЕЛА ВАСИЛЕВСКА

### 2.1. Биографски податоци и образование

Кандидатката м-р Ангела Василевска е родена на 10.2.1995 година во Скопје. Во академската 2013/14 година се запишала на Машинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на студиската програма Индустриско инженерство и менаџмент. Првиот циклус студии го завршила на 7.7.2017 година со просечна оценка 9,16, со што се стекнала со 244 ЕКТС и со стручниот назив дипломиран машински инженер од областа на индустриско инженерство и менаџмент, за што ѝ е доделена пофалница од Машинскиот факултет. Насловот на дипломската работа е „Практична имплементација на двата столба на студијата на работата - нормирање и рационализација“. Во учебната 2017/18 година се запишала на втор циклус студии на Машинскиот факултет во Скопје, на студиската програма Индустриско инженерство и менаџмент. Предвидените испити ги положила со просечна оценка 10,00. Магистерскиот труд, насловен „Споредба на Lean филозофијата во производство и и услужни дејности - практична имплементација“, успешно го одбранила на 17.9.2019 година, со што се стекнала со научниот назив магистер на технички науки по индустриско инженерство и менаџмент.

### 2.2. Наставно-образовна дејност

Во текот на студиите, кандидатката м-р Ангела Василевска била ангажирана на Машинскиот факултет во Скопје како демонстратор по предметот Статика.

### 2.3. Научноистражувачка дејност

Според доставената документација, кандидатката е коавтор на два научноистражувачки труда:

1. L.Nakov, A.Vasilevska (2017-2018): Joint program for sustainability leadership - Possible Managing Sustainable Enterprise Excellence - methodological and empirical overview, Faculty of Economics.
2. R.Minovski, B.Jovanovski et al. (2017-2019): Increasing the competitiveness of the domestic SMEs in order to improve their cooperation with foreign investors' companies, IPA project, EuropeAid/138-495/ID/ACT/MK.

### 2.4. Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес

Кандидатката е носител на сертификат за успешно комплетирање на Програмата за лидерство во одржлив развој, во организација на Националната агенција за европски образовни програми и мобилност, во рамки на програмата Еразмус+ на Европската Унија.

Кандидатката м-р Ангела Василевска активно го познава англискиот јазик на ниво Б2 според Европската јазична рамка на Советот на Европа (CEFR).

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на доставената документација, членовите на Рецензентската комисија констатираа дека на објавениот конкурс се пријавија квалификувани и квалитетни кандидати.

Кандидатката м-р Анастасија Темелкова ги исполнува сите услови од конкурсот, Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 82/2018) и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник број 411/2018).

Кандидатката м-р Ангела Василевска има стекнат назив магистер од подрачјето на техничките науки. Наставно-научната проблематика што се изучува и истражува во наставно-научната област машини, енергетика и транспорт во голема мера опфаќа теми од техничките науки од областа на машинството. Наставно-научната област индустриско инженерство и менаџмент (научно поле: машинство) соодветствува на потребите и барањата во однос на наставата што ќе ја покрива кандидатката. Кандидатката м-р Ангела Василевска ги исполнува условите од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник број 411/2018).

Врз основа на претходно изнесеното, Рецензентската комисија има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер во Скопје, кандидатите м-р Анастасија Темелкова и м-р Ангела Василевска да бидат избрани во соработничко звање – асистент во научната област машини, енергетика и транспорт при Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер во Скопје.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Владимир Коњозов, редовен професор на УКИМ, Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер – Скопје, с.р.**

**Д-р Зоран Трпоски, редовен професор на УКИМ, Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер – Скопје, с.р.**

**Д-р Горан Златески, редовен професор на УКИМ, Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер – Скопје, с.р.**

# О Б Р А З Е Ц 1
## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ-АСИСТЕНТ

**Кандидат:** Анастасија Трајче Темелкова
**Институција:** УКИМ - Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер - Скопје
**Научна област:** преработка на дрво - 41102 друго (машини, енергетика и транспорт)

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ**

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Има завршено прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити | ДА |
| 2 | Стекнат назив – магистер од соодветната област<br>Назив на научната област: магистер од областа на преработка на дрвото. | ДА |
| 3 | Остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на првиот циклус и вториот циклус на академски студии посебно<br>Просечниот успех на прв циклус изнесува: 9,02<br>Просечниот успех на втор циклус изнесува: 9,60 | ДА |
| 4 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик: англиски јазик<br>2. Назив на документот: уверение бр.03-1663/2<br>3. Издавач на документот: УКИМ - Филолошки факултет „Блаже Конески“ - Скопје<br>4. Датум на издавање на документот: 1.12.2020 г. | ДА |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Владимир Коњозов, редовен професор на УКИМ, Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер – Скопје, с.р.**

**Д-р Зоран Трпоски, редовен професор на УКИМ, Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер – Скопје, с.р.**

**Д-р Горан Златески, редовен професор на УКИМ, Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер – Скопје, с.р.**

## О Б Р А З Е Ц 1
## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ-АСИСТЕНТ

**Кандидат:** Ангела Коле Василевска
**Институција:** УКИМ - Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер-Скопје
**Научна област:** преработка на дрво - 41102 друго (машини, енергетика и транспорт)

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ**

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Има завршено прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити | ДА |
| 2 | Стекнат назив – магистер од соодветната област<br>Назив на научната област: магистер на технички науки по индустриско инженерство и менаџмент. Научната област соодветствува со областа машини, енергетика и транспорт. | ДА |
| 3 | Остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на првиот циклус и вториот циклус на академски студии посебно<br><br>Просечниот успех на прв циклус изнесува: 9,16<br><br>Просечниот успех на втор циклус изнесува: 10,00 | ДА |
| 4 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик: англиски<br>2. Назив на документот: уверение бр.03-1504/2<br>3. Издавач на документот: УКИМ - Филолошки факултет „Блаже Конески“ - Скопје<br>4. Датум на издавање на документот: 3.11.2020 г. | ДА |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Владимир Коњозов, редовен професор на УКИМ, Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер –Скопје, с.р.**

**Д-р Зоран Трпоски, редовен професор на УКИМ, Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер – Скопје, с.р.**

**Д-р Горан Златески, редовен професор на УКИМ, Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер – Скопје, с.р.**

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН СОРАБОТНИК ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ ВО НАУЧНАТА ОБЛАСТ 41102 ДРУГО - ТЕХНОЛОГИЈА НА ФИНАЛНОТО ПРОИЗВОДСТВО НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ДИЗАЈН И ТЕХНОЛОГИИ НА МЕБЕЛ И ЕНТЕРИЕР ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер во Скопје, на седницата одржана на 10.12.2020 година, донесе Одлука бр. 0202-356/2-XI-3 и Одлука бр. 0202-356/2-XI-4-6 за формирање Рецензентска комисија за избор на еден соработник во соработничко звање – асистент во научното подрачје: биотехнички науки, поле: 411-преработка на дрво, наставно-научна област: 41102 друго - технологија на финалното производство, а врз основа на конкурсот објавен во весниците „Нова Македонија” и „Коха” од 3.12.2020 година, во состав: д-р Константин Бахчеванџиев, редовен професор на УКИМ, Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер –Скопје, претседател, д-р Борче Илиев, редовен професор на УКИМ, Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер – Скопје, член, и д-р Виолета Јакимовска Поповска, вонреден професор на УКИМ, Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер –Скопје, член.

На распишаниот конкурс се пријави кандидатот м-р Никола Михајловски.

По прегледот на конкурсните материјали и по темелната анализа, до Наставно-научниот совет на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер во Скопје, го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Кандидатот Никола Михајловски е роден на 2.6.1982 година во Битола. Основно и средно образование завршил во ДСУ „Јосип Броз Тито” – Битола. Во академската 2001/2002 се запишал на Шумарскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на студиската програма Проектирање и технологија на мебел и ентериер. Првиот циклус студии го завршил на 1.6.2007 година со просечна оценка 7,4, со што се стекнал со стручниот назив дипломиран инженер. Насловот на дипломската работа е „Ширинско лепење на дрвото во плочи” и ја изработил под менторство на проф. д-р Константин Бахчеванџиев. Во 2009 година се запишал на втор циклус студии на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер во Скопје, на студиската програма Технологии за обликување на мебел и ентериерни производи. Предвидените испити ги положил со просечна оценка 9,17. Магистерскиот труд, насловен „Капиларно впивање на некои филмогени материјали во дрвото и влијание на пермеабилноста и димензионалната стабилност”, го изработил под менторство на проф. д-р Константин Бахчеванџиев и успешно го одбранил на 31.5.2012 година, со што се стекнал со научниот назив магистер по дрвноиндустриски науки. Во академската 2013/2014 се запишал на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на студиската програма Инженерство на дрво. Првиот циклус студии го завршил на 9.12.2020 година со просечна оценка 8,84, со што се стекнал со стручниот назив дипломиран инженер по дизајн и технологии на мебел и ентериер.

Кандидатот м-р Никола Михајловски, на 20.11.2020 година, стекнал уверение од Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ при УКИМ, за познавањето на англискиот јазик на ниво Б2 според Европската јазична рамка (CEFR).

Кандидатот го достави следниот список на објавени стручни и научни трудови:

1. Mihajlovski N., Bahchevandijev K. (2019): Care and maintenance of leather upholstered furniture with traditional leather conditioners, Proceedings of 4th International Scientific Conference “Wood technology & Product design”, Ss.Cyril and Methodius University in Skopje, Faculty of Design and Technologies of Furniture and Interior, 299-307, Ohrid, R.Macedonia.
2. Bahcevandziev K., Mihajlovski N. (2018**): Dimensional stability and water absorption of spruce wood (Picea Abies Karst.) impregnated and coated**

**with polyurethane and acrylic coatings, Drvna Industrija** 69 (2) 135-140, Zagreb, Croatia.
3. Mihajlovski N., Bahchevandijev K. (2017): Transverse Anisotropy and dimensional stability of thermal treated beech red heartwood, TEM Journal. Volume 6, Issue 1, 126-131, Nivi Pazar, Serbia.
4. Bahchevandijev K., Nacevski M., Mihajlovski N. (2015): Compresive strength in direction of the wood fibres from the spruce wood (Picea abies Karst) impregnated with polyurethane and acrylic varnishes, Proceedings of 2nd International Scientific Conference “Wood technology & Product design”, Ss.Cyril and Methodius University in Skopje, Faculty of Design and Technologies of Furniture and Interior, 341-346, Ohrid, R.Macedonia.
5. Bahchevandjiev K., Gruevski Gj., Mihajlovski N. (2015): Examination of the comfort while lying on a mettress with soft polyurethane foam core, Proceedings of 2nd International Scientific Conference “Wood technology & Product design”, Ss.Cyril and Methodius University in Skopje, Faculty of Design and Technologies of Furniture and Interior, 347-352, Ohrid, R.Macedonia.
6. Bahchevandjiev K., Mihajlovski N.(2014): Swelling and transverse anisotropy of impregnated and coated spruce wood (Picea abies Karst), 25th scientific conference “Ambienta”, Zagreb, Croatia.
7. Mihajlovski N. (2013): *Percentage of weight increase in European spruce wood (Picea Abies.Mill), impregnated with polyurethane and acrylic coatings*, 9th International Scientific Conference “RIM 2013”, Budva, Monte Negro.
8. Mihajlovski N. (2013): *Percentage of weight increase in European spruce wood (Picea Abies.Mill), impregnated with polyurethane and acrylic coatings, Internacional conference “Sprungbrett”, Swisserland.*
9. Bahchevandjiev K., Nacevski M., Mihajlovski H. (2013): Percentage of weight increase in european spruce wood (Picea abies, mill.), impregnated with polyurethane and acrylic coantings, Proceedings of 1st International Scientific Conference “Wood technology & Product design”, Ss.Cyril and Methodius University in Skopje, Faculty of Design and Technologies of Furniture and Interior, 45-51, Ohrid, R.Macedonia.
10. Bahchevandjiev K., Mihajlovski N.(2013): Aesthetic and strengths changes in thermally treated beech false heartwood (Fagus Sylvatica L.), Proceedings of 1st International Scientific Conference “Wood technology & Product design”, Ss.Cyril and Methodius University in Skopje, Faculty of Design and Technologies of Furniture and Interior, 66-71, Ohrid, R.Macedonia.

**Стручни трудови:**

1. Михајловски Н. (2020): Одржување на резбарските длета, списание Копаничар бр.25, стр.35, ЗКМАК, Битола, Р Македонија.
2. Михајловски Н. (2020): Лазури-карактеристики, состав и примена, списание Копаничар бр.25, стр.37 , ЗКМАК, Битола, Р Македонија.
3. Михајловски Н. (2013): Можности за импрегнација на дрвото со метод на капиларно впивање, зборник на трудови 5. Семинар за македонско копаничарство, стр. 9, ЗКМАК, К. Паланка, Р Македонија.
4. Михајловски Н. (2012): Резбани иконостаси од 17 и првата половина на 18 век во Епир, списание Копаничар бр.17 стр.17, ЗКМАК, Битола, Р Македонија.
5. Михајловски Н. (2011): Средства за заштита на дрвото од гниење, списание Копаничар бр.16, стр.37, ЗКМАК, Битола, Р Македонија.
6. Михајловски Н. (2010): Примена на сушивите масла за површинска обработка на дрвото, списание Копаничар бр.15, стр.36, ЗКМАК, Битола, Р Македонија.
7. Михајловски Н. (2009): Геометрија на сечиво и агол на острење кај длетата, списание Копаничар бр.14, стр.30, ЗКМАК, Битола, Р Македонија.
8. Михајловски Н. (2008): Подготовка на дрвото за резба- ширинско лепење на дрвото, списание Копаничар бр.13, стр.30, ЗКМАК, Битола, Р Македонија.
9. Михајловски Н. (2005): Кроење на бичена граѓа во призматични делови, списание Копаничар бр.10, стр.28, ЗКМАК, Битола, Р Македонија.

10. Михајловски Н. (2000): Употреба на прополисот во копаничарството, списание Копаничар бр.5, стр.33, ЗКМАК, Битола, Р Македонија.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната доставена документација, членовите на Рецензентската комисија констатираа дека на објавениот конкурс се пријави кандидатот м-р Никола Михајловски.

Кандидатот м-р Никола Михајловски ги исполнува сите услови од конкурсот, Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 82/2018**) и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник број 411/2018).**

Рецензентската комисија едногласно предлага до Наставно-научниот совет на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер во Скопје, кандидатот м-р Никола Михајловски да биде избран во соработничко звање – асистент во научната област 41102 друго - технологија на финалното производство, при Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер во Скопје.

**Рецензентска комисија**

**Д-р Константин Бахчеванциев, редовен професор, с.р.**
**Д-р Борче Илиев, редовен професор, с.р.**
**Д-р Виолета Јакимовска Поповска, вонреден професор, с.р.**

# О Б Р А З Е Ц 1

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ-АСИСТЕНТ

**Кандидат:** **Никола Миливој Михајловски**
(име, татково име и презиме)
**Институција:** **Факултет за дизајн и техногии на мебел и ентериер**
(назив на факултетот)
**Научна област:** **41102 друго (технологија на финалното производство)**

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ**

| **Ред. број** | **ОПШТИ УСЛОВИ** | **Исполнетост на општите услови да/не** |
|---|---|---|
| 1 | Има завршено прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити | ДА |
| 2 | Стекнат назив – магистер од соодветната област<br>Назив на научната област: 41102 друго (технологија на финалното производство), магистер по дрвноиндустриски науки, технологии за обликувањена финални производи | ДА |
| 3 | Остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на првиот циклус и вториот циклус на академски студии посебно<br>Просечниот успех на прв циклус изнесува: 8,84<br>Просечниот успех на втор циклус изнесува: 9,17 | ДА |
| 4 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик: англиски<br>2. Назив на документот: уверение<br>3. Издавач на документот: УКИМ, Филолошки факултет „Блаже Конески“ - Скопје<br>4. Датум на издавање на документот: 20.11.2020 | ДА |

**Рецензентска комисија**

**Д-р Константин Бахчеванџиев,**
**редовен професор, с.р.**
**Д-р Борче Илиев,**
**редовен професор, с.р.**
**Д-р Виолета Јакимовска Поповска,**
**вонреден професор, с.р.**

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН СОРАБОТНИК ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ ВО НАУЧНАТА ОБЛАСТ 41102 ДРУГО (ЕКОНОМИКА И ОРГАНИЗАЦИЈА ВО ДРВНАТА ИНДУСТРИЈА) НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ДИЗАЈН И ТЕХНОЛОГИИ НА МЕБЕЛ И ЕНТЕРИЕР ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер во Скопје, на седницата одржана на 10.12.2020 година, донесе Одлука бр. 0202-356/2-XI-3 и Одлука бр. 0202-356/2-XI-4-4 за формирање на Рецензентска комисија за избор на еден соработник во соработничко звање – асистент во научното подрачје: биотехнички науки, поле: 411-преработка на дрво, наставно-научна област: 41102 друго (економика и организација во дрвната индустрија), а врз основа на конкурсот објавен во весниците „Нова Македонија” и „Коха” од 3.12.2020 година, во состав: д-р Живка Мелоска, редовен професор на УКИМ, Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер – Скопје, претседател, д-р Мира Станкевиќ Шуманска, редовен професор на УКИМ, Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер – Скопје, член, и д-р Нацко Симакоски, редовен професор на УКИМ, Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер – Скопје, член.

На распишаниот конкурс се пријави кандидатката м-р Ивана Антовска.

По прегледот на конкурсните материјали и по темелната анализа, до Наставно-научниот совет на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер во Скопје, го поднесуваме следниов

### И З В Е Ш Т А Ј

Кандидатката м-р Ивана Антовска е родена на 8.5.1986 година во Делчево. Основно и средно образование завршила во Делчево со одличен успех. Во академската 2005/2006 година се запишала на Шумарскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на студиската програма Проектирање и технологија на мебел и ентериер. Првиот циклус студии го завршила на 25.9.2009 година со просечен успех 9,60, со што се стекнала со стручниот назив дипломиран инженер. Дипломската работа под наслов ,,Уредување и организација на постојан објект - викендица” ја изработила под менторство на проф. д-р Владимир Каранаков. Во учебната 2009/2010 година се запишала на втор циклус студии на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер во Скопје, на студиската програма Дрвни конструкции и конструирање на мебел и ентериер. Предвидените испити ги положила со просечна оценка 10,0. Магистерскиот труд, насловен „Одредување на јакоста на свиткување на аголни врски за конструиран корпусен мебел од облагородени плочи од дрвени иверки”, го работела под менторство на проф. д-р Нацко Симакоски и успешно го одбранила на 6.3.2014 година, со што се стекнала со научниот назив магистер по дрвноиндустриски науки со просечна оценка 10,0.

Научен труд: Одредување на јакоста на свиткување на аголни врски за конструиран корпусен мебел од облагородени плочи од дрвени иверки.

Во рамките на меѓународниот проект „Отскочна штица”, реализиран од страна на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер во Скопје, кандидатката м-р Ивана Антовска има учествувано на две конференции и работилници од областа на применетите истражувања во дрвната преработка, и тоа:

1. „Sprungbrett” Conference and Workshop, 04-07 june, in Ohrid, Macedonia, и
2. „Sprungbrett” Conference and Workshop, 08-11 October, in Biel, Switzerland.

Во периодот јуни 2010 – октомври 2015, кандидатката м-р Ивана Антовска има работено во Симпо ДОО Скопје во секторот за маркетинг и продажба.

Кандидатката активно се служи со англискиот јазик и има основно познавање од албанскиот јазик.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација, членовите на Рецензентската комисија констатираа дека на објавениот конкурс се пријави кандидатката м-р Ивана Антовска.

Кандидатката м-р Ивана Антовска ги исполнува сите услови од конкурсот, Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 82/2018) и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник број 411/2018).

Рецензентската комисија едногласно му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер во Скопје, кандидатката м-р Ивана Антовска да ја избере во соработничко звање – асистент во научната област 41102 друго (економика и организација во дрвната индустрија) при Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер во Скопје.

**Рецензентска комисија**

**Д-р Живка Мелоска, редовен професор на УКИМ, Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер – Скопје, с.р.**

**Д-р Мира Станкевиќ Шуманска, редовен професор на УКИМ, Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер – Скопје, с.р.**

**Д-р Нацко Симакоски, редовен професор на УКИМ, Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер – Скопје, с.р.**

## О Б Р А З Е Ц 1

### ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ-АСИСТЕНТ

**Кандидат:** ***Ивана Митко Антовска***

**Институција:** ***Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер - Скопје***

**Научна област:** ***41102 ДРУГО (ЕКОНОМИКА И ОРГАНИЗАЦИЈА ВО ДРВНАТА ИНДУСТРИЈА)***

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ**

| **Ред. број** | **ОПШТИ УСЛОВИ** | **Исполнетост на општите услови да/не** |
|---|---|---|
| 1 | Има завршено прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити | Да |
| 2 | Стекнат назив – магистер од соодветната област<br>Назив на научната област: **дрвноиндустриски науки**. | Да |
| 3 | Остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на првиот циклус и вториот циклус на академски студии посебно<br>Просечниот успех на прв циклус изнесува: 9,60<br>Просечниот успех на втор циклус изнесува: 10,00 | Да |
| 4 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик: англиски<br>2. Назив на документот: Уверение за познавање на англиски јазик кое одговара на ниво Б2 според Европската јазична рамка на Советот на Европа (CEFR).<br>3. Издавач на документот: Универзитет „Св. Кирил и Методиј”, Филолошки факултет „Блаже Конески“, Скопје<br>4. Датум на издавање на документот: бр.03-1727/2 од 9.12.2020 год. | Да |

**Рецензентска комисија**

**Д-р Живка Мелоска, редовен професор на УКИМ, Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер – Скопје, с.р.**

**Д-р Мира Станкевиќ Шуманска, редовен професор на УКИМ, Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер – Скопје, с.р.**

**Д-р Нацко Симакоски, редовен професор на УКИМ, Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер – Скопје, с.р.**

# Р Е Ф Е Р А Т
## ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН СОРАБОТНИК ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ ВО НАУЧНАТА ОБЛАСТ 41102 ДРУГО -ПРИМАРНА ПРЕРАБОТКА НА ДРВОТО НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ДИЗАЈН И ТЕХНОЛОГИИ НА МЕБЕЛ И ЕНТЕРИЕР ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер во Скопје, на седницата одржана на 10.12.2020 година, донесе Одлука бр. 0202-356/2-XI-3 и Одлука бр. 0202-356/2-XI-4-5, за формирање Рецензентска комисија за избор на еден соработник во соработничко звање – асистент во научното подрачје: биотехнички науки, поле: 411-преработка на дрво, наставно-научна област: 41102 друго (примарна преработка на дрвото), а врз основа на конкурсот објавен во весниците „Нова Македонија” и „Коха” од 3.12.2020 година, во состав: д-р Бранко Рабаџиски, редовен професор, УКИМ, Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер – Скопје, д-р Горан Златески, редовен професор, УКИМ, Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер – Скопје, член, и д-р Зоран Трпоски, редовен професор, УКИМ, Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер – Скопје, член.

На распишаниот конкурс се пријави кандидатот Марија Крстев.

По прегледот на конкурсните материјали и по темелната анализа, до Наставно-научниот совет на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер во Скопје, го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

1. Кандидатката Марија Крстев е родена на 27.3.1986 година во Велес . Основно и средно образование завршила во Велес со одличен успех. Во академската 2005/2006 се запишала на Шумарскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на студиската програма Проектирање и технологија на мебел и ентериер. Првиот циклус студии го завршила на 25.12.2009 година со просечна оценка 9,37, со што се стекнала со стручниот назив дипломиран инженер по дрвна индустрија Насловот на дипломската работа ѝ бил „Примена на нови електрични механизми во конструкцијата на современи кујни” и ја изработила под менторство на проф. д-р Нацко Симакоски. Во 2009/2010 година се запишала на втор циклус студии на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер во Скопје, на студиската програма Дрвни конструкции и конструирање на мебел и ентериер. Предвидените испити ги положила со просечна оценка 10,00 (десет). Магистерскиот труд, насловен „Одредување на јакоста на свиткување на аголни состави изработени од плочи од ориентирани иверки за конструиран корпусен мебел”, го работела под менторство на проф. д-р Нацко Симакоски и успешно го одбранила на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер, со што се стекнала со научниот назив магистер на дрвниндустриски науки на 12.3.2020 година со просечна оценка 10 (десет).

Странски јазик - англиски

Научен труд: Одредување на јакоста на свиткување на аголни состави изработени од плочи од ориентирани иверки за конструиран корпусен мебел.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната доставена документација на кандидатката, членовите на Рецензентската комисија констатираа дека на објавениот конкурс се пријави кандидатката Марија Крстев.

Кандидатката Марија Крстев ги исполнува сите услови од конкурсот, Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 82/2018) и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник број 411/2018).

Рецензентската комисија едногласно му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер во Скопје, кандидатката Марија

Крстев да биде избрана во соработничко звање – асистент во научната област 41102 друго - примарна преработка на дрвото при Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер во Скопје.

**Рецензентска комисија**

**Д-р Бранко Рабаџиски, редовен професор на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер во Скопје, с.р.**

**Проф. д-р Горан Златески, редовен професор на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер во Скопје, с.р.**

**Проф. д-р Зоран Трпоски, редовен професор на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер во Скопје, с.р.**

# О Б Р А З Е Ц 1

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ-АСИСТЕНТ

**Кандидат:** Марија Димитрије Крстев

**Институција:** Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер - Скопје

**Научна област:** ***41102 ДРУГО - ПРИМАРНА ПРЕРАБОТКА НА ДРВОТО***

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ**

| **Ред. број** | **ОПШТИ УСЛОВИ** | **Исполнетост на општите услови да/не** |
|---|---|---|
| 1 | Има завршено прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити | да |
| 2 | Стекнат назив – магистер од соодветната област<br>Назив на научната област: 41102 - друго | да |
| 3 | Остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на првиот циклус и вториот циклус на академски студии посебно<br><br>Просечниот успех на прв циклус изнесува: 9,37<br><br>Просечниот успех на втор циклус изнесува: 10,00 | да |
| 4 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик: англиски јазик<br>2. Назив на документот: уверение - Б2<br>3. Издавач на документот: Филолошки факултет „Блаже Конески“, УКИМ - Скопје<br>4. Датум на издавање на документот: 9.12.2020 | да |

**Рецензентска комисија**

**Д-р Бранко Рабаџиски, редовен професор на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер во Скопје, с.р.**

**Проф. д-р Горан Златески, редовен професор на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер во Скопје, с.р.**

**Проф. д-р Зоран Трпоски, редовен професор на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер во Скопје, с.р.**

# Р Е Ф Е Р А Т
## ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН СОРАБОТНИК ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ ВО НАУЧНАТА ОБЛАСТ 41102 ДРУГО –КОНСТРУКЦИИ И ПОДГОТОВКА НА ПРОИЗВОДСТВОТО НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ДИЗАЈН И ТЕХНОЛОГИИ НА МЕБЕЛ И ЕНТЕРИЕР ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер во Скопје, на седницата одржана на 10.12.2020 година, донесе Одлука бр. 0202-356/2-XI-3 и Одлука бр. 0202-356/2-XI-4-1 за формирање Рецензентска комисија за избор на еден соработник во соработничко звање – асистент во научното подрачје: биотехнички науки, поле: 411-преработка на дрво, наставно-научна област: 41102 друго (конструкции и подготовка на производството), а врз основа на конкурсот објавен во весниците „Нова Македонија” и „Коха” од 3.12.2020 година, во состав: д-р Ѓорги Груевски, редовен професор на УКИМ, Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер – Скопје, претседател, д-р Нацко Симакоски, редовен професор, на УКИМ, Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер – Скопје, член, и д-р Владимир Каранаков, редовен професор на УКИМ, Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер – Скопје, член.

На распишаниот конкурс се пријави кандидатот Елена Јевтоска.

По прегледот на конкурсните материјали и по темелната анализа, до Наставно-научниот совет на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер во Скопје, го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

1. Кандидатот Елена Јевтоска е родена на 19.2.1982 година во Скопје. Основно и средно образование завршила во Скопје со одличен успех. Во академската 2000/2001 година се запишала на Шумарскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на студиската програма Проектирање и технологија на мебел и ентериер. Првиот циклус студии го завршила на 11.11.2005 година со просечна оценка 8,12, со што се стекнала со стручниот назив дипломиран инженер по дрвна индустрија. Насловот на дипломската работа ѝ била „Дрвени подови – современи решенија” и ја изработила под менторство на проф. д-р Борче Илиев. Во академската 2012/2013 година се запишала на втор циклус студии на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер во Скопје, на студиската програма Проектирање на мебел и ентериер. Предвидените испити ги положила со просечна оценка 10 (десет). Магистерскиот труд, насловен „Анализа на формата и димензиите на училишниот мебел за седење и работа во основните училишта во општина Аеродром и негово влијание врз реалните корисници“, го работела под менторство на проф. д-р Владимир Каранаков и успешно го одбранила на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер, со што се стекнала со научниот назив магистер на дрвниндустриски науки на 15.4.2016 година со просечна оценка 10 (десет).

Странски јазик – англиски
Учество во научноистражувачки проект: „Влијание на користењето на корпусниот мебел врз јакоста на свиткување на аголните монтажно-демонтажни врски“, д-р Ѓорги Груевски, д-р Нацко Симакоски, м-р Елена Јевтоска
Стручни трудови:
1. Техничка спецификација за набавка на мебел и спортски реквизити за АД Електрани на Македонија - м-р Елена Јевтоска, дипл. арх. Лилјана Ѓоковиќ
2. Проект и техничка спецификација за опремување на зграда на Општина Маврово и Ростуша – проф.д-р Ѓорги Груевски, м-р Елена Јевтоска

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација на кандидатката, членовите на Рецензентската комисија констатираа дека на објавениот конкурс се пријави кандидатката Елена Јевтоска.

Кандидатката Елена Јевтоска ги исполнува сите услови од конкурсот, Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 82/2018) **и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник број 411/2018).**

Рецензентската комисија едногласно му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер во Скопје, кандидатката Елена Јевтоска да ја избере во соработничко звање – асистент во научната област 41102 друго –конструкции и подготовка на производството при Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер во Скопје.

**Рецензентска комисија**

**Проф. д-р Ѓорги Груевски, претседател,**
**редовен професор на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер во Скопје, с.р.**

**Проф. д-р Нацко Симакоски, член,**
**редовен професор на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер во Скопје, с.р.**

**Проф. д-р Владимир Каранаков, член,**
**редовен професор на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер во Скопје, с.р.**

# О Б Р А З Е Ц 1
## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ - АСИСТЕНТ

**Кандидат:**
(Елена, Петре Јевтоска)
**Институција:**
(Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер - Скопје)
**Научна област:** ***41102 ДРУГО - КОНСТРУКЦИИ И ПОДГОТОВКА НА ПРОИЗВОДСТВОТО***

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ**

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Има завршено прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити | да |
| 2 | Стекнат назив – магистер по дрвно индустриски науки<br>Назив на научната област: проектирање на мебел и ентериер | да |
| 3 | Остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на првиот циклус и вториот циклус на академски студии посебно<br>Просечниот успех на прв циклус изнесува: 8,12<br>Просечниот успех на втор циклус изнесува: 10 | да |
| 4 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик: англиски јазик<br>2. Назив на документот: уверение - Б2<br>3. Издавач на документот: Филолошки факултет „Блаже Конески“, УКИМ – Скопје<br>4. Датум на издавање на документот: 4.9.2020 | да |

**Рецензентска комисија**
**Проф. д-р Ѓорги Груевски, претседател,**
**редовен професор на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер во Скопје, с.р.**

**Проф. д-р Нацко Симакоски, член,**
**редовен професор на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер во Скопје, с.р.**

**Проф. д-р Владимир Каранаков, член,**
**редовен професор на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер во Скопје, с.р.**

# Р Е Ф Е Р А Т
## ЗА ИЗБОР НА 1 СОРАБОТНИК ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ, ОД ПОДРАЧЈЕТО ХУМАНИСТИЧКИ НАУКИ, ОБЛАСТ: ДРАМСКИ УМЕТНОСТИ, ПОЛЕ: АКТЕРСКА ИГРА, НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ДРАМСКИ УМЕТНОСТИ ВО СКОПЈЕ

Согласно со Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018) и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 411/2018), Наставно-научниот и уметнички совет, на седницата одржана на 10.12.2020 година, донесе Одлука за формирање на Рецензентска комисија за избор на еден соработник во соработничко звање - асистент, (бр.0202-690/5), за време од 3 (три) години, во состав: проф. м-р Мими Таневска Србиновска, проф. д-р Сузана Киранџиска и вонр. проф. м-р Горан Трпчевски. Комисијата го подготви следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На распишаниот оглас од 3.12.2020 година, во дневните весници „Вечер“ и „Коха“ се јави кандидатот м-р Ангелчо Илиевски од Скопје.

М-р Ангелчо Илиевски е роден на 19.11.1991 г. во Кочани. Основното и средното образование го завршил во Кочани, а со диплома за високо образование се стекнал во 2014 година на Факултетот за драмски уметности во Скопје. Дипломирал на Катедрата за театарска режија, во класата на проф. Слободан Унковски и вонр. проф. м-р Златко Славенски, со претставата „Семејни приказни“ по текст на Биљана Србљановиќ, со оценка 10. Додипломските студии ги завршил со просечен успех 9,75. Во учебната 2017/2018 се запишал на втор циклус (магистерски студии) на Факултетот за драмски уметности во Скопје. Под менторство на проф. д-р Сузана Киранџиска, магистрирал во декември 2019 година со темата: „Двоен актерски пристап при градење и изведба на лик, по системите на Станиславски и Мејерхољд“ и се стекнал со академски назив: магистер по уметности – Master of arts – MA – област АКТЕРСКА ИГРА.

За време на студиите, учествувал како асистент на режија во претставата „Изгубени германци“ по текст на Дејан Дуковски, а во режија на Слободан Унковски, во продукција на Македонски народен театар. Во истиот театар соработувал како асистент режисер и на претставата „Мајсторот и Маргарита“ од Булгаков, во режија на еминентниот режисер Иван Поповски.

Неговата ангажираност е континуирана во земјава и надвор од неа. Веднаш по дипломирањето ја режирал претставата „МMЕ тко је први почео“ по текст на Дејан Дуковски, а во продукција на КУД „Браќа Миладиновци“ и Уметничка академија – Осиек во Република Хрватска

Матичен театар во кој работи како режисер е Народен театар – Битола. Првата претстава што ја работи во својот матичен театар е „Сонети“ од Вилијам Шекспир, а втората негова претстава во истиот театар е „Дупло дно“ од Горан Стефановски, со која бележи голем успех кај критиката, како и кај публиката.

Најуспешните претстави во неговата кариера ги работи во Република Србија. На сцената во Народниот театар во Ниш ги поставува претставите „Где је нестао Хармс“ од Мила Машовиќ и „Брод љубави“ од Небојша Ромчевиќ. Претставата „Где је нестао Хармс“ учествува на повеќе фестивали низ Србија и се стекнува со наградата најдобра претстава во специјалната програма на 52. „Јоаким Вујиќ“ фестивал на професионални театри во Србија. Истата претстава се здобива и со неколку награди за текст, актерска игра и колективна игра на повеќе фестивали во Р Србија. Во Белградско драмско позориште (БДП) ја поставува претставата „Случај рупа“ според два текста од Ежен

Јонеско, а во театарот „Бора Станковиќ“ од Врање како режисер се потпишува на претставата „Јелка код Ивановых“од Александар Введенски

М-р Ангелчо Илиевски учествувал на многу работилници и семинари за театар во земјава и во странство. Бил претседател на жири-комисија на Драмскиот аматерски фестивал во Кочани, Р Македонија и „Урбан фест“ во Ниш, Р Србија.

Илиевски е автор на три драмски текста: „Сејач на деца“, „Заводникот“ (текстови за возрасни) и „Каде е твоето место Џои“ (текст за деца), како и на две публикувани збирки поезија, „По патот кон сонцето“ и „Спомени“.

Од 2017 година, како демонстратор, помага во севкупниот процес на реализирање на наставата по предметот Актерска игра. Тој е максимално посветен на работата со студентите и покажува голем успех во педагошкиот пристап.

Позначајни режии на кандидатот м-р Ангелчо Илиевски:

2014 – „ММЕ тко је први почео“ од Дејан Дуковски – Осиек, Р Хрватска
2015 – „Где је нестао Хармс“ од Мила Машовиќ– Народно позориште Ниш, Р Србија
2016 – „Случај Рупа“ од Ежен Јонеско – Београдско драмско позориште, Белград, Р Србија
2016 – „Брод љубави“ од Небојша Ромчевиќ - Народно позориште Ниш, Р Србија
2017 – „Јелка код Иванових“ од Александар Веденски – Позориште „Бора Станковиќ“, Врање, Р Србија
2014 – „Семејни приказни“ од Биљана Себљановиќ – ЦК „Бели мугри“, Кочани
2016 – „Сонети“ од В. Шекспир – Народен театар – Битола
2017 – „Дупло дно“ од Горан Стефановски – Народен театар – Битола

## ЗАКЛУЧОК

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за драмски уметности во Скопје, да го избере м-р Ангелчо Илиевски за соработник во соработничко звање – асистент од подрачјето на хуманистичките науки, област: драмски уметности, поле: актерска игра, за време од 3 (три) години.

**Рецензентска комисија**

**Проф. м-р Мими Таневска Србиновска, с.р.**
**Проф. д-р Сузана Киранџиска, с.р.**
**Вонр. проф. м-р Горан Трпчевски, с.р.**

# О Б Р А З Е Ц 1
## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ/АСИСТЕНТ ИСТРАЖУВАЧ

**Кандидат:** *Ангелчо Мите Илиевски*
(име, татково име и презиме)
**Институција:** *Факултет за драмски уметности – Скопје*
(назив на факултетот)
**Научна област:** *Драмски уметности – поле: Актерска игра*

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ**

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Има завршено прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити | ДА |
| 2 | Стекнат назив – магистер од соодветната област<br>Назив на научната област: _актерска игра____. | ДА |
| 3 | Остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на првиот циклус и вториот циклус на академски студии посебно<br>Просечниот успех на прв циклус изнесува: ___9,75_______<br>Просечниот успех на втор циклус изнесува: __10________ | ДА |
| 4 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик: англиски<br>2. Назив на документот: сертификат Б2<br>3. Издавач на документот: Едукативен центар „Алгоритам центар“<br>4. Датум на издавање на документот: 3.12.2020 година | ДА |

**Рецензентска комисија**

**Проф. м-р Мими Таневска Србиновска, с.р.**
**Проф. д-р Сузана Киранџиска, с.р.**
**Вонр. проф. м-р Горан Трпчевски, с.р.**

# Р Е Ф Е Р А Т
## ЗА ИЗБОР НА 1 СОРАБОТНИК ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ, ОД ПОЛЕТО НА ДРАМСКИТЕ УМЕТНОСТИ, ОБЛАСТ: ФИЛМОЛОГИЈА(60802), НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ДРАМСКИ УМЕТНОСТИ ВО СКОПЈЕ

Согласно со Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018) и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Наставно-научниот и уметнички совет, на седницата одржана на 10.12.2020 година, донесе Одлука за формирање на Рецензентска комисија за избор на еден соработник во соработничко звање – асистент за време од 3 (три) години,(бр. 0202-690/4), во состав: проф. Владимир Блажевски, проф. д-р Антонио Митриќески и проф. д-р Зоран Ивановски.

## И З В Е Ш Т А Ј

На распишаниот оглас од 3.12.2020 година, во дневните весници „Вечер“ и „Коха“ се јави кандидатот м-р Ѓорче Ставрески од Скопје.

М-р Ѓорче Ставрески е роден на 28.12.1978 г во Скопје. Основното и средното образование го завршил во Скопје, а со диплома за високо образование се стекнал во 2005 година на Факултетот за драмски уметности во Скопје. Дипломирал на Катедрата за филмска и ТВ-режија, во класата на проф. Столе Попов. Магистерските студии ги завршил на истиот факултет во декември 2020.

Ѓорче Ставрески е на јавноста (не само во Македонија) веќе познат и повеќе пати наградуван сценарист и режисер.

Тој е автор на кратки играни филмови, документарци, целовечерен игран филм и над стотина рекламни спотови. Ги пишува,ги режира и ги продуцира своите филмови, но работи и како монтажер, монтажер на звук, дизајнер на шпица и дизајнер на постер.

За својата работа, добитник е на престижни интернационални награди. Како дете бил талентиран математичар и за неговите достигнувања во математиката и науката е добитник на македонската национална награда „13 Ноември“.

На целовечерниот дебитантски игран филм „Исцелител“, работи како продуцент, режисер и сценарист. Филмот започна со дистрибуција во 2017 година и беше селектиран (како ретко кој македонски филм) на преку 60 фестивали за 16 месеци, 3 од нив од престижната „А“ категорија: „Црни ноќи“ во Талин, индискиот фестивалот „Гоа“ и „Шангајскииот филм фестивал“ во Кина. Освои 19 интернационални награди, од кои 5 за најдобар филм на фестивалите во Солун, Санта Барбара, Бергамо, Обањ и Виена. „Исцелител“ е првиот македонски филм во каталогот на „HBO Europe“, а филмот доби одлични рецензии од врвните светски списанија „Холивуд репортер“, „Вараети“ и „Скрин дејли“. Беше македонски кандидат за Оскар во 2019 година.

Краткиот игран филм „Материјал за аудиција“ на кој работи како продуцент, режисер и сценарист, освои награда за најдобар краток филм на еден од најголемите фестивали во Јужна Америка, „Bogoshorts“ во Богота, Колумбија.

Краткиот игран филм „На изгрејсонце“ беше неговиот прв филм надвор од студиите и тој беше избран во официјална натпреварувачка селекција на најпрестижниот фестивал во светски рамки специјализиран за кратки филмови, францускиот „Клермон Феран“.

За својот нов филмски проект – долгометражен игран филм со работен наслов „Трампи“, Ѓорче Ставрески има добиено финансиска поддршка за продукција од Агенцијата за филм на Република Северна Македонија во декември 2019 година. Овој проект веќе има учествувано на неколку европски пичинг-форуми за развој и копродукција.

Своето филмско образование Ѓорче Ставрески го надополни како учесник на школата за развој на таленти „Берлинале талент кампус“ во Германија. Исто така, беше и дел од Семинарот за развој на филмови, организиран од врвната европска продукциска мрежа „EAVE“, а нешто подоцна и учесник на престижната европска школа за развој на идеи „Less is More“.

По успешното филмско искуство со „Исцелител“, Ѓорче Ставрески има одржано серија стручни предавања: на фестивалот „Engage“, потоа во Министерството за финансии, на Факултетот за информатика и на Факултетот за драмски уметности. Со селекторот на Берлинскиот фестивал, Бернд Будер, одржаа предавање на Факултетот „ФИОФА“ во Охрид. Заедно со сценаристот Пјер Хоџсон, одржа предавање за пишување на сценарио во рамки на филмскиот фестивал „Браќа Манаки“ во Битола.

Магистерскиот труд на Ѓорче Ставрески, со наслов: **Ограничувањата како двигател на успехот кај дебитантскиот игран филм *Исцелител*,** беше еден од најиновативните и најкреативните магистерски трудови во последно време на Факултетот за драмски уметности.

**ЗАКЛУЧОК**

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за драмски уметности во Скопје, да го избере м-р Ѓорче Ставрески за соработник во соработничко звање - асистент од полето на драмските уметности, област: филмологија, за време од 3 (три) години.

**Рецензентска комисија**

**Проф. Владимир Блажевски, с.р.**
**Проф. д-р Антонио Митриќески, с.р.**
**Проф. д-р Зоран Ивановски, с.р.**

# О Б Р А З Е Ц 1
## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ/АСИСТЕНТ ИСТРАЖУВАЧ

**Кандидат:** ***Ѓорче___ Ставрески***
(име, татково име и презиме)
**Институција:** ***Факултет за драмски уметности – Скопје***
(назив на факултетот)
**Научна област:** ***Драмски уметности – поле: Филмологија***

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ**

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Има завршено прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити | ДА |
| 2 | Стекнат назив – магистер од соодветната област<br>Назив на научната област: филмска и ТВ-режија. | ДА |
| 3 | Остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на првиот циклус и вториот циклус на академски студии посебно<br><br>Просечниот успех на прв циклус изнесува: 9,26.<br><br>Просечниот успех на втор циклус изнесува: 10. | ДА |
| 4 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик: англиски<br>2. Назив на документот: сертификат Б2<br>3. Издавач на документот: Училиште за странски јазици ,,Старталк“<br>4. Датум на издавање на документот: 22.1.2018 година. | ДА |

**Рецензентска комисија**

**Проф.Владимир Блажевски, с.р.**
**Проф. д-р Антонио Митриќески, с.р.**
**Проф. д-р Зоран Ивановски, с.р.**

# Р Е Ц Е Н З И Ј А
# ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „НАДВОРЕШНОТО ВЛИЈАНИЕ ВРЗ НАДВОРЕШНАТА ПОЛИТИКА И МЕЃУЕТНИЧКИТЕ ОДНОСИ: СЛУЧАЈОТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА“ ОД М-Р ЃЕРАЌИНА ЛЕКА, ПРИЈАВЕНА НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

На својата XXXIII редовна седница одржана на 1.VII 2020 година, Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатката м-р Ѓераќина Лека, пријавена на трет циклус – докторски студии на студиската програма Меѓународни односи и менаџирање конфликти, на тема: „Надворешното влијание врз надворешната политика и меѓуетничките односи: случајот на Република Северна Македонија“. Комисијата за оцена на докторската дисертација е во состав: проф. д-р Билјана Ванковска (претседател), Мајкл Шулц (ментор), проф. д-р Лидија Георгиева, проф. д-р Далибор Јовановски и проф. д-р Ана Никодиновска Крстевска.

Во врска со првичната верзија на докторската дисертација, членовите на Комисијата се сложија со заедничкиот заклучок дека кандидатката треба да пристапи кон нејзина доработка и ревизија, а извештајот беше усвоен на 34. редовна седница на Наставно-научниот совет одржана на 9 септември 2020 година. Подобрената верзија на дисертацијата ни беше доставена на 22 октомври 2020 година. Откако ја прочитавме и ја оценивме новата верзија на докторската дисертација, како членови на Комисијата за оцена се сложивме околу заедничка оценка, којашто имаме чест да ја поднесеме преку следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### Анализа на трудот

Докторската дисертација на кандидатката м-р Ѓераќина Лека, пријавена на трет циклус – докторски студии на студиската програма Меѓународни односи и менаџирање конфликти, на тема: „Надворешното влијание врз надворешната политика и меѓуетничките односи: случајот на Република Северна Македонија“, е обемен труд изложен на 326 страници, вклучувајќи ги воведот и библиографијата изложена на 15 страници. Трудот е изработен на англиски и на македонски јазик. Комисијата ја оценуваше англиската верзија.

Докторската дисертација претставува спој на теориско и емпириско истражување. Таа е структурирана во седум логично поврзани поглавја, во кои се вбројува и воведот, додека заклучокот е изнесен како Глава 7. Во Анексот на крајот на трудот се приложени регионалната карта на Македонија и нејзините соседи, како и примерок на прашалникот (на англиски, македонски и албански јазик), врз основа на кои се водени интервјуата за емпирискиот дел на истражувањето. На крајот е изложена обемна библиографија, која се состои од преку 300 странски наслови (монографии, статии, анализи, извештаи и документи), како и мал број домашни публикации.

Накусо, содржината по делови на докторската дисертација може да се прикаже на следниот начин:

На самиот почеток, кандидатката изложила кус апстракт на докторската дисертација, предговор и благодарност на блиските кои ѝ дале поддршка при изработката на тезата.

**Првото поглавје** ги содржи главните параметри на истражувањето: се формулира проблемот на истражувањето, главните истражувачки прашања, целите и диспозицијата на тезата. Двете централни прашања на кои ова истражување се обидува да даде одговор гласат: 1) На кои начини надворешните притисоци влијаеле врз целите на надворешната политика на Македонија? и 2) На кои начини надворешните притисоци влијаеле врз меѓуетничките односи во Македонија? Првата цел на истражувањето е осознавање на однесувањето во областа на надворешната политика на една мала земја, којашто се соочува со надворешни предизвици, или поточно билатерални спорови со соседите. Втората цел на истражувањето се однесува на откривањето зошто и на кој начин меѓуетничките односи трпат влијание од надворешни фактори, особено во областа на надворешната политика. Понатаму, во случајот на Македонија, целта е доаѓање до сознанија за тоа дали и како надворешната политика може да влијае врз обединувањето или поделбата на етнички различните заедници. Во ова поглавје, кандидатката ја изложува накусо и структурата, односно двата столба на кои се потпира нејзиното истражување, теориското и емпириското, објаснувајќи ја нивната поврзаност.

**Второто поглавје** е она со кое започнува теориската елаборација на предметот на истражување, а во функција на контекстуализација на предметот на истражување. Во него се изложени предизвиците за консолидација на македонската држава од 1990/1991 година, особено со настојување да се претстави целината на сликата без инсистирање само на проблемите поврзани со меѓуетничките односи. Заклучокот е дека конституирањето на Република Македонија е направено под силно и главно негативно влијание на надворешните фактори, особено во делот на меѓународното признавање и оспорување, но и турбулентниот регионален контекст. Во продолжение, м-р Лека се зафаќа со анализа на меѓуетничките односи од 1991 година, практично со ставање фокус на односите на двете најголеми групи – Македонците и Албанците, чии меѓусебни односи ќе го детерминираат развојот на внатрешните и надворешните политики. Во овој дел се пристапува кон дефинирање на македонското општество како поделено по етнички линии. Притоа, освен акцентот на меѓусебната недоверба и непознавање (поради што се појавуваат бројни стереотипи), таа ги нагласува и институционалните параметри воспоставени со Охридскиот рамковен договор кои во дадена мера ги зајакнуваат наместо да ги надминуваат овие поделби. Во овој контекст се прави обид и за детектирање на причините за внатрешниот конфликт, кој ескалира во насилна форма во 2001 година, но и се дава преглед на суштествените уставни промени до кои доаѓа со воведувањето на елементи на моделот на консоцијација (етничко споделување на власта, power sharing). Исто така, нотирани се и инцидентите и случувањата кои укажуваат дека Охридскиот рамковен договор не стави крај на тензиите кои повремено се појавуваат на површина (како што покажаа и т.н. Кумановски настани од 2015 година, но и тензиите поврзани со новиот Закон за употреба на јазиците од 2017 година). М-р Лека особено го анализира нивото на партиципација и соработка по прашањата на надворешната политика, што е и најзначајно за фокусот на докторската теза. Ова поглавје дава преглед на надворешната политика на Македонија од 1990 година, со елаборација на нејзината структура, главните актери (институции, партии, јавно мислење), процесот на носење одлуки, итн. Посебна додадена вредност претставува внесената анализа на ставовите на политичките партии по однос на клучните надворешнополитички цели (НАТО и ЕУ). Во ова поглавје се изложени и клучните настани и предизвици со кои се соочува земјата во сферата на надворешната политика

од 1991 година (зачленувањето во ООН, започнувањето на процесот на приближување кон НАТО и ЕУ, со сите клучни осцилации низ годините). Во продолжение следува приказ на билатералните односи на Република Македонија со секој од нејзините пет соседи (Албанија, Грција, Србија, Бугарија и Косово). Кандидатката во овој дел прави обид да понуди анализа на двата клучни билатерални договора (со Бугарија и со Грција), за кои се покажува дека се особено важни не само низ призма на остварувањето на целите на надворешната политика на земјата, туку имаат силно влијание и врз внатрешните интра- и интеретнички односи. Ова поглавје завршува со своевидна синтеза преку изложување на односите меѓу надворешната политика и меѓуетничките односи, но се детектираат и обидите за инструментализација на надворешната политика од страна на Албанците заради постигнување на внатрешнополитички цели, и обратно – инструментализација на албанската заедница од страна на соседите за постигнување на нивните цели, а преку надворешнополитичката динамика.

**Третото поглавје** ја изложува теориската литература врз која се темелат клучните концепти со кои оперира докторската теза, односно се нуди преглед на постојната релевантна литература. Ова поглавје е, главно, фокусирано на елаборации и синтеза на претходните наоди и литература, кои се однесуваат на предметот на истражување. Кандидатката започнува со објаснување на концептот на надворешната политика, нејзините главни одредници, како и главните обрасци на однесување во категоријата на мали држави. Анализирајќи го однесувањето на надворешната политика во рамките на контекстот на мали и мултиетнички држави, се прави обид да се потврди тврдењето дека малите држави се безбедносно ориентирани, односно даваат приоритет на напорите за зачувување на својот опстанок во дадено надворешно опкружување во кое се соочува со различни закани. Во потрага по безбедност, доколку не можат да ја обезбедат или да ја подобрат преку свои сопствени средства и капацитети, малите држави се склони да пристапуваат кон сојузи и да се интегрираат во меѓународни организации. Оттука, првиот дел од второто поглавје говори за значењето на една од двете улоги на надворешната политика: *безбедносната улога*. Во истражувањето на оваа улога, тезата ги спротивставува главните пристапи на три теории на меѓународни односи во поглед на надворешнополитичките избори преку кои државите се обидуваат да ја зајакнат нивната безбедност: реализмот, либерализмот и конструктивизмот. Во ревидираната верзија на докторската теза, сепак, кандидатката внесува нови консидерации и става поголем фокус на теориите на креирање на надворешната политика и акцентирање на актерите, структурите и процесот на носење одлуки. Во ова поглавје се прави подлабока елаборација на концептот на мали држави со сите варијации на неговото значење. Посебно внимание е посветено на разбирањето на малите држави во периодот по Студената војна и улогата на малите држави во мултилатерален контекст. Особено е значајно што м-р Лека посветува посебно внимание на разликата помеѓу малите и слабите држави, нешто што е од посебно значење за конкретниот случај што се истражува во тезата. Во продолжение следува елаборација на надворешнополитичките опции на малите држави и детерминантите на нивната надворешна политика. Кандидатката се задржува во продолжение на безбедносната улога на надворешната политика на малите држави, главно врз теориските консидерации на Бери Бузан, кој го разгледува концептот на безбедност од многу поширока перспектива од традиционалните стојалишта. Неговиот пристап се смета за најсоодветен за објаснување на студијата на случај. Безбедносните закани се

дискутирани во рамките на два од петте сектори: политичкиот и општествениот. Со оглед на природата на безбедносните закани, низ призма на овие два сектора, тезата продолжува со елаборација на активностите или приодите кон надворешната политика, коишто малите држави би можеле да ги преземат кога се соочени со надворешни закани. Таа комбинира теориски приоди развиени од Роџер и Шелдрап, кои го поврзуваат надворешнополитичкиот одговор на една мала држава со интензитетот и значењето на надворешната закана. Притоа, кандидатката не заборава да ги нијансира и дефинира разликите помеѓу поимите на безбедносни закани, ранливости и ризици. Покрај истражувањето на безбедносната улога на надворешната политика, намерата на оваа теза е да ги анализира ефектите кои безбедносните закани на надворешната политика ги произведуваат над домашното опкружување, главно врз меѓуетничките односи. Во обидите да се поврзе безбедносно ориентираната надворешна политика со домашните односи, се продолжува со анализа на *интегративната улога* на надворешната политика. Оваа улога е истражувана преку синтетизиран пристап на неколку национални интеграциски теории.

**<u>Четвртото поглавје</u>** претставува обид да се креира посебна теориска рамка/модел во кој би се дал одговор на централните истражувачки дилеми и прашања. Во оваа глава се поставуваат две главни хипотези или аргументи, расправајќи за потенцијална каузална врска помеѓу надворешните закани, однесувањето на надворешната политика и меѓуетничките односи. Кандидатката заклучува дека овие односи зависат од *перцепциите* на надворешните закани. Оттука, првата аргументација вели дека доколку надворешните закани се сметаат за многу ризични за безбедноста на државата, а безбедноста лежи во меѓународните интеграции, тогаш државата ќе демонстрира повисока иницијатива/акција во надворешна политика, кон решавање на надворешните закани. Решението или елиминацијата на надворешните закани, кои ги блокираат меѓународните интеграции, тогаш би резултирало во меѓуетничка кохезија, со оглед на тоа што агендата за меѓународна интеграција служи како меѓуетничко лепило. Обратната аргументација предвидува дека доколку надворешните притисоци / барања се сметаат за закани за државната безбедност, а безбедноста лежи во зачувувањето на недопрениот национален идентитет, тогаш државата би покажала многу помал интензитет на надворешнополитичка иницијатива/акција. Ниското ниво на дејствување во надворешната политика, последователно, ќе донесе состојба на статус кво кон надворешните притисоци, вклучително и напредокот во меѓународната интеграција. Ова, пак, индиректно ќе предизвика меѓуетничка поделба како резултат на несогласувањата околу пристапот и ориентацијата на надворешната политика на државата. Во рамките на ова поглавје, кандидатката се навраќа повторно на прашањето на малите држави, т.е. се обидува да објасни во која смисла Македонија претставува мала држава, гледано низ призма на меѓународната позиција и надворешната политика, а особено е значајно што оваа дебата се развива низ концептот на субрегионалниот (западно)балкански комплекс, но и ЕУ.

**<u>Петтото поглавје</u>** е првото емпириско поглавје од овој труд, во кое се елаборира методолошката рамка на истражувањето. Иако овој труд ја претставува постојната теориска литература за неговите клучни теми, тој исто така е делумно истражувачки по природа, потпирајќи се на докази изведени од податоци. Притоа, кандидатката се задржува на спецификите на квалитативниот пристап во истражувањето и во

продолжение ги објаснува спецификите на полуструктурираните интервјуа кои се водени во функција на ова истражување во периодот декември 2017 година и јуни 2018 година. Трудот е експлоративен по природа, бидејќи има за цел да ја експлорира (истражува) интеракцијата помеѓу надворешната политика и меѓуетничките односи, без *априори* фиксирана идеја или структура. Оттука, студија на случај, како стратегија за истражување, се избира како најсоодветна алатка која ги поддржува истражувачките цели на докторската дисертација. Таа е во функција на описната и објаснувачката стратегија, обидувајќи се да одговори на поставените истражувачки прашања во специфичен контекст, односно развојот на македонската надворешна политика и нејзиното влијание врз меѓуетничките односи. Во согласност со ваквата квалитативна методологија, истражувањето се потпира на полуструктурирани интервјуа како главна алатка за прибирање на податоци. Во интервјуата се вклучени лица со стручност и компетентност во надворешната политика и меѓуетничките односи. Во овој контекст, кандидатката јасно ги предочува и ограничувањата на конкретниот истражувачки зафат, и води сметка за етичките консидерации на истражувањето од ваков вид.

**Шестото поглавје** ги презентира наодите од емпириското истражување, организирани во десет теми. Со други зборови, преку методот на тематска анализа на податоците извлечени од интервјуата се формулирани одредени становишта за секое клучно прашање. Според кандидатката, изборот на темите бил резултат на долг и внимателен процес на тематско кодирање, а нивните наслови се обидуваат да опфатат повеќе аспекти што секоја одделна тема. Насловите се резултат и на лична инспирација од собраните емпириски податоци и значењата произведени од нив. Десетте теми се следниве: 1) Непоколебливи стратешки цели; 2) Јужниот сосед, кочничар на евроатланските аспирации; 3) Соседи кои ја преминуваат оградата; 4) Надворешна политика, жртва на неправилна домашна политика; 5) Надворешна политика, монопол на една етничка група; 6) Два етникума поделени од ЕУ и НАТО; 7) ЕУ и НАТО, гаранција за домашна стабилност; 8) Компромисот, пат до остварување; 9) Виталните одлуки бараат колективна одговорност; 10) Времето е сега.

Секоја тема одразува докази за првото, второто или за двете истражувачки прашања, обезбедувајќи подлабоко разбирање на односот помеѓу надворешната политика, надворешните закани и меѓуетничките односи. Според кандидатката, првата, втората и четвртата тема се појавија како одговори на првото истражувачко прашање; шестата и седмата тема како одговори на второто истражувачко прашање; додека третата, петтата, осмата, деветтата и десеттата тема се преклопуваат како можни одговори на двете истражувачки прашања истовремено. Секоја тема се состои од детална анализа на темите од интервјуираните лица, илустрирани со извадоци од нивните дискурси. Десетте теми на ова истражување, гледано како целина, претставуваат корелација не само со прашањата на истражување, туку и меѓусебно се конзистентно поврзани. Тие заедно претставуваат комплексен наратив за надворешните притисоци, надворешната политика и меѓуетничките односи. Како такви, тие ја претставуваат комплексноста на односот помеѓу надворешните притисоци и надворешната политика и надворешните притисоци и меѓуетничките односи, како што овој однос варира и се развива од една во друга тема.

**Предмет на истражувањето**

Предмет на истражување на оваа докторска дисертација е заемното влијание помеѓу надворешните притисоци врз водењето на надворешната политика на малите земји, и импактот врз внатрешните состојби на планот на меѓуетничките односи, и тоа на пример на конкретна држава - Република Македонија. Притоа, м-р Ѓеракина Лека тргнува од фактот дека Македонија спаѓа во редот на малите држави во меѓународниот систем, кои истовремено се соочуваат со внатрешни предизвици, меѓу кои доминира т.н. етничка биполарност, но и серија надворешни предизвици, најчесто во вид на билатерални притисоци од соседните земји. Ова е интересен случај за истражување на интеракцијата помеѓу надворешните притисоци и внатрешното интеретничко единство или фрагментација. Очигледно, станува збор за исклучително сложен предмет на истражување, со што кандидатката се справила доста успешно.

**Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата**

Научните истражувања и литература за односот помеѓу надворешната политика и меѓуетничките односи се од релативно понов датум, и тоа се должи најчесто на динамичните промени во меѓународниот систем. Како што во теориската анализа и прегледот на литературата, заклучила кандидатката м-р Ѓераќина Лека, многу помало влијание е посветено на т.н. мали држави, а кога станува збор за Република Македонија - тие се вистинска реткост. Оттука, оваа дисертација има за цел отворање на нови можности за промислување на надворешнополитичките консидерации на малите држави во растечкиот мултиполарен меѓународен контекст, но со посебен акцент на евроатлантските и европските заложби на земјата која ја истражува. На овој план, докторската дисертација се надоврзува на досегашните истражувања од врвни автори и истражувачки центри, а прави и обид да дојде до сопствени оригинални заклучоци со кои би се пополнила една видлива празнина во македонската научна мисла. Со оглед на фактот што предметот на истражување е мултидисциплинарен, со пресекот и елаборацијата на теориската рамка од повеќе гранични подрачја (како што се политичките науки, меѓународните односи, меѓународната безбедност, надворешнополитичката анализа, социологијата и менаџирањето на конфликтите), кандидатката понудила успешен пресек на сознанијата и утврдила точно каде може да даде научен придонес за конкретното прашање.

**Краток опис на применетите методи**

Поради комплексноста на предметот на истражување, дизајнот на истражувањето е поставен интердисциплинарно, при што се опфаќаат неколку компатибилни научни дисциплини кои, покрај меѓународните односи и менаџирањето на конфликти, се протегаат и на социолошки и политиколошки аспекти на проблемите што се истражуваат. Истражувањето се потпира на квалитативниот модел, со употреба на студија на случај, во која се користат различни техники за собирање на емпириски сознанија (реализирани интервјуа со ограничен број соговорници, таргетирани според нивните компетенции и познавања на состојбите на планот на надворешната политика и меѓуетничките односи). Кандидатката прави и дополнителен напор, секаде каде што

е тоа можно да внесе и квантитативни параметри, што ја прави тезата уште покомплетна.

**Краток опис на резултатите од истражувањето**

Резултатите до кои кандидатката дошла во текот на своето истражување се изложени во седмото поглавје, и тоа преку дискусија и елаборација на конечни заклучоци на докторската дисертација. Во делот за дискусија се откриваат емпириските индикации кои даваат некои објаснувања во врска со некои изнесени хипотези во теоретските поглавја. Првата аргументација добива поддршка врз основа на ставовите на испитаниците, кои се етнички Македонци и Албанци, а кои надворешните притисоци ги квалификуваат како закана за државната безбедност, во смисла дека тие, доколку останат нерешени, може да предизвикаат меѓународна изолација на земјата. Разбирањето на субјектите од интервјуто за поврзаноста помеѓу безбедноста и меѓународната интеграција сугерира дека надворешните фактори навистина претставуваат безбедносни закани за мала и слаба држава, која не е во можност да го брани својот суверенитет независно од меѓународните сојузници. Овие ставови водат до повеќе докази во прилог на втората аргументација, според која повисоките активности на надворешната политика кон решавање на надворешните закани даваат можност за меѓуетничко приближување и, на крајот, обединување. Според кандидатката, анализата на емпириските наоди укажува на постоење на врска помеѓу трите главни елементи на триаголникот на истражувањето: надворешни фактори – надворешна политика – меѓуетнички односи, додека јазолот на овој однос се чини дека е надворешна политика. Надворешната политика има значајна улога во обединувањето на инаку поделените етнички заедници. Ова се случува заради постоење на исти преференции кон меѓународната ориентација на државата, околу што се сложуваат скоро сите субјекти на истражувањето. Постојат јасни индикации за безбедносната и интегративната улога на надворешната политика. Со други зборови, емпириските наоди го зајакнуваат разбирањето за двојната улога на надворешната политика во мала, мултиетничка држава.

Наодите сугерираат на тоа дека преку меѓународни интеграции, надворешната политика цели кон подобрување на статусот на мала држава во меѓународната сфера, но исто така и да се поттикне внатрешната, меѓуетничката интеграција. Според тоа, ова ѝ овозможува на надворешната политика да ја извршува својата двојна безбедносна улога, гарантирајќи ја безбедноста на малата држава како во меѓународното, така и во домашното опкружување. Сепак, како што покажуваат доказите од ова истражување, таквата двојна улога на надворешната политика се намалува од присуството на надворешни закани. Идентитетската природа на овие закани и етничката перцепција кон нив доведуваат до меѓуетнички јаз во однос на пристапот кон надворешната политика и стратешката ориентација. Во случајов, резултатите од податоците даваат некои потпорни индикации за тврдењата на Шулман, според кои надворешната политика станува предмет на политичко оспорување меѓу групите кои не ја делат истата визија за неа. Како и да е, студијата на случај укажува на преместување од ситуација каде што етничките групи се поделени од надворешната политика во ситуација каде што таа (надворешната политика) повторно станува елемент на обединување, преку

пристапот кон надворешните закани на начин поддржан од двете етнички групи подеднакво.

Наодите на истражувањето, според кандидатката, коинцидираат со ставовите на либералниот и конструктивистичкиот пристап во однос на надворешната политика. Македонија, како мала држава, е опишана како да бара надворешна безбедност засолнувајќи се под закрилата на моќните меѓународни организации. Влијанието на меѓународните интеграции врз неа се вклопува со либералната теорија. Меѓутоа, емпириските индикации за промената во перцепцијата кон она што претставува безбедносна закана, во конкретниот случај водат кон другиот пристап. Конструктивистичката теорија се чини најсоодветна, бидејќи ги објаснува меѓународните односи преку фактори како што се смисла и пракса, кои не се фиксни, туку се менливи. Истражувањето продолжува да се идентификува со други теоретски објаснувања, истовремено потенцирајќи го сложениот однос меѓу надворешната политика и меѓуетничките односи.

Завршниот дел од тезата нагласува неколку нејзини ограничувања, кои може да се надминат во идните истражувања преку употреба на различна методологија, или конкретно преку комбинација на квалитативни со квантитативни методи. За да се добие поточна и општа слика за истражуваните појави, според кандидатката, би било корисно за идните истражувања да го надополнат квалитативното собирање на податоци со квантитативните методи, каде што квантитативните показатели би се конфронтирале и би ја неутрализирале секоја евентуална пристрасност.

**ОЧЕКУВАН НАУЧЕН ПРИДОНЕС**

Докторската дисертација со наслов „Надворешното влијание врз надворешната политика и меѓуетничките односи: случајот на Република Северна Македонија“ на кандидатката м-р Ѓераќина Лека претставува солиден истражувачки зафат со кој се доаѓа до конкретен научен придонес во областа на меѓународните односи, менаџирањето на конфликтите и компаративната политика, со тоа што фрла светлина врз надворешната политика на една конкретна мала држава, нејзиното меѓународно позиционирање и предизвиците на тој пат, како и нејзиниот однос со меѓуетничките релации. Студијата за надворешните притисоци овозможи и извлекување индикации, според кои, разгледувањето на етничката припадност и идентитетот доминираат во дебатата и во пристапот кон надворешната политика. Овој заклучок може да важи и за другите мултиетнички држави, каде што надворешните политички преференции се градат врз идентитетската припадност. Користењето на наодите на овој труд за спроведување на понатамошни истражувања во други држави, карактеристични за нивниот мултирегионализам или мултиетничка припадност, е една од главните препораки за идни траектории на продлабочени истражувања.

Докторскиот труд, по дефиниција, е неопходно да претставува оригинален научен труд, кој дава придонес во науката, во случајов во областа на меѓународните односи и менаџирањето конфликти, како од теориска, така и од практична гледна точка. Комисијата го поздравува вложениот труд и постигнатите резултати до кои низ истражувањето дошла м-р Ѓеракина Лека, со што конкретно дала значителен придонес

во науката за едно маргинализирано прашање, барем кога станува збор за македонскиот контекст.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Докторската дисертација „Надворешното влијание врз надворешната политика и меѓуетничките односи: случајот на Република Северна Македонија“ на кандидатката м-р Ѓераќина Лека претставува исклучително солиден истражувачки зафат. Генерално, тој ги задоволува сите круцијални академски стандарди. Докторската теза претставува квалитативна и експлораторна студија на заемната врска помеѓу надворешната политика и меѓуетничките односи во случајот на малите држави, а особено во македонската. Кандидатката направила напор да понуди теориска рамка врз основа на која може да се разбере и анализира како малите држави ја детерминираат агендата на својата надворешна политика. При изработката на дисертацијата, консултирани се огромен број релевантни автори од областа на меѓународните односи, при што е направен обид за теориска синтеза и поставување теориска рамка за емпириска анализа на факторите/варијаблите/претпоставките кои влијаат врз малите држави во водењето на надворешната политика.

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет да ја прифати оваа **позитивна рецензија** и на кандидатката м-р Ѓераќина Лека да ѝ дозволи јавна одбрана на докторската дисертација „Надворешното влијание врз надворешната политика и меѓуетничките односи: случајот на Република Северна Македонија“, пријавена на трет циклус – докторски студии на студиската програма Меѓународни односи и менаџирање конфликти.

20.11.2020 година

**ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА**

**Проф. д-р Билјана Ванковска, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Мајкл Шулц, ментор, с.р.**
**Проф. д-р Лидија Георгиева, член, с.р.**
**Проф. д-р Далибор Јовановски, член, с.р.**
**Проф. д-р Ана Никодиновска Крстевска, член, с.р.**

# Р Е Ф Е Р А Т
## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА (ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР) ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ (ДИСЦИПЛИНА) НАУКА ЗА ЈАЗИКОТ – АНГЛИСТИКА НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје, објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Коха“ од 18 август 2020 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област (дисциплина) англистика (Современ англиски јазик), и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 49, донесена на 16.9.2020, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Марија Јанева-Михајловска, редовен професор во пензија на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, д-р Јованка Лазаревска-Станчевска, редовен професор на Филолошкиот факултет „Блаже Конески во Скопје, и д-р Билјана Наумоска-Саракинска, вонреден професор на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област (дисциплина) англистика, по предметот Современ англиски јазик, во предвидениот рок се пријави д-р Мери Лазаревска, доцент на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје.

### 1.Биографски податоци и образование

Кандидатката д-р Мери Лазаревска е родена на 15.7.1962, во Куманово. Средно образование завршила во Скопје, во ДСУ „Корчагин“, на 10.6.1980, со одличен успех. Со високо образование се стекнала на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, во 1988 година. Дипломирала на 26.9.1988 година, со просечен успех 8,05.

Кандидатката активно се служи со англискиот јазик.

Во учебната 1996/97 се запишала на втор циклус (магистерски) студии на Филолошкиот фаултет „Блаже Конески“ во Скопје, отсек: наука за јазик – лингвистика. Студиите ги завршила во 1998 година, со просечен успех 9. На 9.3.2005 година го одбранила магистерскиот труд на тема: *Лексичка повеќезначност кај правните термини во англискиот и во македонскиот јазик.*

Докторска дисертација пријавила во декември 2009 година на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје. Докторската дисертација на тема: *Лексичко семантичките односи синонимија, хипонимија и хиперонимија кај правните термини во англискиот јазик и нивни еквиваленти во македонскиот јазик* ја одбранила на 29.6.2015 година, пред Комисија во состав: д-р Олга Мишеска Томиќ, редовен професор во пензија на Филолошкиот факултет во Скопје и Филолошкиот факултет во Белград, д-р Марија Јанева-Михајловска, редовен професор на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, д-р Јованка Лазаревска-Станчевска, редовен професор на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, д-р Славица Велева, редовен професор на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, и д-р Гордана Бужаровска, редовен професор на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје. Со тоа се стекнала со научниот степен доктор на филолошки науки.

Д-р Мери Лазаревска има стекнато повеќегодишно искуство во наставната практика. Во 1989 г. работела во Центарот за странски јазици во Скопје, за изведување настава по англиски јазик на определено време на детски и гимназиски групи. Од 1990 до 1991 год. работела хонорарно преводи на детски емисии како и на цртани и играни филмови за Македонската радио телевизија, а од 1991 до 1998 била вработена на

Филолошкиот факултет на работно место библиотекар при Катедрата за англиски јазик и книжевност.

Од 1998 била вработена на работното место предавач, а потоа виш лектор при Одделот за нематични студии по англиски јазик во функција на струката, а потоа при Катедрата за англиски јазик и книжевност. Во периодот од 1998 до сега предавала англиски јазик во струка на повеќе факултети, меѓу кои на групите за ветеринарна медицина, земјоделство, биохемија, градежништво, стоматологија со радиологија, економски науки, а подолго (20 години) предавала во областа на правото, политичките студии и студиите по новинарство, како и на групата за односи со јавноста на Правниот факултет „Јустинијан Први” во Скопје.

Во академските 2003/2004 до 2005/2006 година изведувала и лекторска настава при Катедрата за преведување и толкување. Од академската 2011/2012 е ангажирана при Катедрата за англиски јазик и книжевност, на предметот Современ англиски јазик 1 и 2, како и Академско пишување 1 и 2.

На 17.2.2016, на 62. седница на ННС е избрана во звањето доцент по Современ англиски јазик и Применета лингвистика.

Во моментот е ангажирана како доцент по предметот Современ англиски јазик 1 и 2 со Академско пишување 1 и 2 при Катедрата за англиски јазик и книжевност на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“, а за настава по англиски јазик на Правниот факултет „Јустинијан Први“ била ангажирана до 2018/2019 година. Последниот реферат за избор е објавен во Билтен бр. 1113 од 15.12.2015 година.

**2. Научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавата**

**<u>Наставно-образовна дејност</u>**

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“, кандидатката д-р Мери Лазаревска изведува вежби на прв циклус студии на студиските програми Современ англиски јазик и Академско пишување при Катедрата за англиски јазик и книжевност – Филолошки факултет „Блаже Конески“ во Скопје.

Кандидатката е автор на рецензиран учебник под наслов: *Legal English* и граматичка вежбанка за правни студии, политички студии и студии по новинарство, *Grammar Exercises and Case Studies: Law, Politics and Journalism.*

Кандидатката е приредувач на пакет материјали за вежбите на предметите Современ англиски јазик, Англиски јазик за правни, политички студии и новинарство, како и на студиите по односи со јавноста.

Конкретните активности се наведени во табелата во Анекс 2 од Правилникот за избор, со датуми и други релевантни податоци.

**<u>Научноистражувачка дејност</u>**

Од последниот избор во звањето доцент, д-р Мери Лазаревска има објавено вкупно 6 научни трудови од областа на англиската лингвистика, во меѓународни научни публикации. Учествувала со реферат на 2 меѓународни конференции (TESOL, 2016 и TESOL, 2018 година). Трудовите се објавени во зборници од конференциите. Објавила 6 труда во списанија со меѓународен уредувачки одбор, во чиј состав учествуваат членови од повеќе од три земји.

Д-р Мери Лазаревска учествувала на 1 меѓународен научен проект (креирање курикулум за платформа на интернет за изучување на англиски јазик за новинарство во траење од повеќе години – јули 2014 – март 2018 / Будимпешта - Скопје (називите на трудовите, собирите и проектите се наведени во Прилог Анекс 2).

Кандидатката учествувала во онлајн обука за јазик во струка (ESP) при Универзитетот „Орегон“, САД, организирани од страна на Регионалната канцеларија за англиски јазик при Амбасадата во Будимпешта и Американската амбасада во Скопје и освоила 85 поени од можни 100. Била креатор на една глава за изучување на англиски

јазик за новинари (Citizen Journalism -Граѓанско новинарство) на EdX online платформа од 17.5.2016 до 17.5.2017 година.

**<u>Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес</u>**

Д-р Мери Лазаревска активно е вклучена во стручно-апликативната работа на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје и соработува со други научни институции од земјава и од странство.

Кандидатката д-р Мери Лазаревска во 1993 се здобила со решение за вршење на судски преводи. Во текот на целиот период до сега преведувала текстови од разни области (раскази и трудови од областа на книжевноста), стручни текстови од областа на машинството и информатиката, како и преводи на документи (лични и правни). Исто така, вршела преводи од областа на правото и политиката, меѓу другото и во склоп на ангажман од страна на Правниот факултет.

Од 2016 до денес, Мери Лазаревска е член на меѓународната организација за изучување на англискиот јазик TESOL (USA), а од 2000 година е член и на ESSE (Европска асоцијација за изучување на англискиот јазик).

Мери Лазаревска, исто така, вршела преводи од разни области, од кои позначајни се:

**<u>Од македонски на англиски јазик:</u>**

Превод на 3 научни труда од македонски на англиски јазик, наведени во Анекс 2.

Особена активност кандидатката покажува во дејностите од поширок интерес, и тоа:

- кандидатката била член на една рецензентска комисија за избор на лица во наставно-научно звање;

- во изборниот период, д-р Мери Лазаревска активно учествувала во вршење судски преводи од различни области.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Според целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Мери Лазаревска.

Особено треба да се истакне нејзината посветеност и студиозност во реализацијата на наставата, како и долгогодишниот интерес за учество и усовршување во областа на онлајн обуки.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатката од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Мери Лазаревска поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избрана во звањето вонреден професор во научната област англистика (Современ англиски јазик).

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, д-р Мери Лазаревска да биде избрана во звањето вонреден професор во научната област англистика по предметот Современ англиски јазик.

Скопје, 3.12.2012

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Марија Јанева-Михајловска (претседател), с.р.**
**Проф. д-р Јованка Лазаревска-Станчевска (член), с.р.**
**Вонр. проф. д-р Билјана Наумоска-Саракинска (член), с.р.**

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР/НАУЧНО ЗВАЊЕ – ВИШ НАУЧЕН СОРАБОТНИК**

| **Ред. број** | **ОПШТИ УСЛОВИ** | **Исполнетост на општите услови да/не** |
|---|---|---|
| 1 | Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус *<br>Просечниот успех на прв циклус изнесува: ______8,05____<br>Просечниот успех на втор циклус изнесува: _______9___<br>Просечниот успех изнесува __________за интегрираните студии. | да |
| 2 | Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира<br>Назив на научната област: англистика; поле: лингвистика; подрачје: современ англиски јазик. | да |
| 3 | Објавени најмалку пет рецензирани научни труда во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор | да |
| 3.1 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование<br>1. Назив на научното списание: __________<br>2. Назив на електронската база на списанија:___________<br>5. Наслов на трудот: _____________<br>6. Година на објава: _____________ | |
| 3.2 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови<br>1. International Journal of Education “Teacher”, University “St. Kliment Ohridski“, Faculty of Education – Bitola<br>Faculty of Education – Bitola, Dean prof. Jove D. Talevski, PhD.<br>Editorial Board: Grozdanka Gojkov, Serbia; academician Marjan Blazic, Slovenia; Prof. Milan Matijevik, PhD, Croatia; Prof. Svetlana Kurtesh, PhD, England; Prof. Anton Ilica, PhD, Romania; Prof. Eva Soradova, PhD, Slovakia; Prof. Tom Jovanovski, PhD, USA; Prof. Zlatko Zoglev, PhD, Macedonia; Prof. Jordan Stojanovski, PhD, Macedonia; Prof. Dobri Petrovski, PhD, Macedonia; Prof. Metodija Stojanovski, PhD, Macedonia;<br>*The English language of law with particular stress to its translational equivalents in Macedonian and the problems that appear in their interpretation and translation*<br>(во тек на објавување, во прилог Потврда од уредникот на списанието) | |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | 2. Меѓународно списание за лингвистички, книжевни и културолошки истражувања „ПАЛИМПСЕСТ“, Филолошки факултет „Гоце Делчев“ – Штип.<br><br>Главен и одговорен уредник: Ранко Младеноски<br>Уредувачки одбор: Виктор Фридман, Универзитет во Чикаго, САД; Толе Белчев, Универзитет „Гоце Делчев“, Република Македонија; Нина Даскаловска, Универзитет „Гоце Делчев“, Република Македонија; Ала Шешкен, Универзитет Ломоносов, Руска Федерација; Олга Панкина, НВО Македонски културен центар, Руска Федерација; Георгета Раца, Универзитет Банат, Романија; Астрид Симоне Гfreslер, Универзитет Банат, Романија; Горан Калоѓера, Универзитет во Риека, Хрватска; Дејан Дуриќ, Универзитет во Риека, Хрватска; Шандор Чегледи, Универзитет во Панонија, Унгарија; Ева Бус, Универзитет во Панонија, Унгарија; Хусејин Озбај, Универзитет Гази, Република Турција; Зеки Ѓурел, Универзитет Гази, Република Турција; Елена Дараданова, Универзитет „Св. Климент Охридски“, Република Бугарија; Ина Христова, Универзитет „Св. Климент Охридски“, Република Бугарија; Џозеф Пониах, Национален институт за технологија, Индија; Сатхарај Венкатесан, Национален институт за технологија, Индија; Петар Пенда, Универзитет во Бања Лука, Босна и Херцеговина; Данило Капасо, Универзитет во Бања Лука, Босна и Херцеговина; Мета Лах, Универзитет во Љубљана, Република Словенија; Намита Субиото, Универзитет во Љубљана, Република Словенија; Ана Пеличер-Санчез, Универзитет во Нотингам, Велика Британија; Мајкл Грини, Универзитет во Нотингам, Велика Британија; Татјана Ѓурин, Универзитет во Нови Сад, Република Србија; Диана Поповиќ, Универзитет во Нови Сад, Република Србија; Жан Пол Мејер, Универзитет во Стразбур, Франција; Жан Марк Веркруз, Универзитет во Артуа, Франција; Регула Бусин, Швајцарија; Натале Фиорето, Универзитет во Перуџа, Италија; Оливер Хербст, Универзитет во Вурцбург, Германија<br>*Ниту англиски ниту македонски (кратка анализа на англизмите во македонскиот јазик и нивна /не/ оправданост)*<br>(во тек на објавување, во прилог Потврда од уредникот на списанието)<br>3. Меѓународно списание *Law Review*, Volume 11, Issue 1, 2020<br>Editorial Board (Уредувачки одбор): Gordana Lazetic, PhD, Full Professor, Faculty of Law Iustinianus Primus, Skopje, R. Macedonia; Vanco Uzunov, PhD, Full Professor, Faculty of Law Iustinianus Primus, Skopje, R. Macedonia<br>Corresponding Members: Bozo Grafenauer, Ph.D. Professor, University of Maribor, Faculty of Law; Zika Bujuklic, Ph.D. Professor, University of Belgrade, Faculty of Law; Vladimir Petrov,Ph.D. Professor, Sofia University “St. Kliment Ohridski“, | |

| **Ред. број** | **ОПШТИ УСЛОВИ** | **Исполнетост на општите услови да/не** |
|---|---|---|
| | Faculty of Law; Thomas Hatzigagios, Ph.D. Professor, University of Macedonia, Thessaloniki, Greece; Eveni Alekseevich Suhanov, Ph.D. Professor, Lomonosov, Moscow State University; Davor Derencinovic, PhD Professor, University of Zagreb, Faculty of Law; Martina Repas, PhD Professor, University of Maribor, Faculty of Law; Zaljko Sevic, PhD professor, Caledonian Business School, Glasgow Caledonian University; Slobodan Panov, Ph.D. Professor, University of Belgrade, Faculty of Law; Yorgos Christidis, PhD, Assistant Professor, Department of Balkan, Slavic and Oriental Studies, University of Macedonia, Thessaloniki, Greece<br>*English for specific purposes with particular stress to English for Law*<br>4. Меѓународно списание „Современа Филологија“<br>Editorial board (Уредувачки одбор): Marija Gjorgieva-Dimova, Ss Cyril and Methodius University, R. Macedonia (editor-in-chief); Mira Bekar, Ss Cyril and Methodius University, R. Macedonia; Margarita Velevska, Ss Cyril and Methodius University, R. Macedonia; Ismet Osmani, Ss Cyril and Methodius University, R. Macedonia; Boban Karapejovski, Ss Cyril and Methodius University, R. Macedonia<br>International Editorial Board (меѓународен уредувачки одбор): Natalija Boronnikova, Perm State University, Russia; Mohammad Dabir-Moghaddam, University of Tehran, Iran; Jean-Marc Defays, University of Liège, Belgium Slobodanka Dimova, University of Copenhagen, Denmark; Daniela Dinca, University of Craiova, Romania; Victor Friedman, University of Chicago, USA; María Isabel González-Rey, University of Santiago de Compostela, Spain; Alice Henderson, University of Grenoble Alpes, France; Ewa Waniek-Klimczak, University of Łódź, Poland; Zlatko Kramarić, University of Osijek, Croatia; Christina Kramer, University of Toronto, Canada; Iwona Łuczków, University of Wroclaw, Poland; Marjan Markovikj, Ss Cyril and Methodius University, R. Macedonia; Wolfgang Motsch, University of Mannheim, Germany; Mila Samardzić, University of Belgrade, Serbia; Alla Sheshken, Moscow State University, Russia; Slavica Srbinovska, Ss Cyril and Methodius University, R. Macedonia; Vanna Zaccaro, University of Bari, Italy<br>*Лексичко-семантичките односи хипонимија и хиперонимија кај правните термини во англискиот јазик со преводни еквиваленти на македонски јазик*<br>(во тек на објавување- потврда од уредувачкиот одбор) | |
| 3.3 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е објавено во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД<br>1.Назив на научното списание: _________<br>2.Назив на членката на ЕУ/ОЕЦД________<br>3. Наслов на трудот: _____________<br>4. Година на објава: ______________ | |
| 3.4 | Книга или дел од книга рецензирана и објавена во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД | |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | 1. Наслов на книгата: _________<br>2. Назив на членката на ЕУ/ОЕЦД________<br>3. Издавач, година и место на издавање/објавување: _____________ | |
| 3.5 | Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји<br>1.Назив на зборникот: TESOL Proceedings 2016<br>2.Назив на меѓународниот собир: TESOL 2016<br>3.Имиња на земјите: University of Florida, USA; University of Miami, USA; Carnegie Mellon University; Doha, Quatar; Saudi Arabia; Korea<br>4. Наслов на трудот: *A Little MOOC That Could*<br>5. Година на објава: 2016<br>---------------------------------------------------------------------<br>1.Назив на зборникот: TESOL Proceedings 2018<br>2.Назив на меѓународниот собир: TESOL 2018<br>3.Имиња на земјите: University of Florida, USA; University of Miami, USA; Carnegie Mellon University; Doha, Quatar; Saudi Arabia; Korea<br>4. Наслов на трудот: *English for Journalists: Project Overview 2014-2018*<br>5. Година на објава: 2018 | |
| 3.6 | Преводи на капитални дела во области кои ги утврдува Националниот совет за високо образование и научноистражувачка дејност | |
| 4 | Претходен избор во наставно-научно звање – доцент, датум и број на Билтен: Билтен бр.1113 од 15.12. 2015 година. | да |
| 5 | Има способност за изведување на високообразовна дејност | да |

* На лицата кои имаат засновan работен однос на Универзитетот или на некој од универзитетите во Република Македонија во моментот на стапување во сила на Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр.82/2018), нема да се применуваат одредбите од Законот кои се однесуваат на просекот, односно дека лицата треба да имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус. Во овој случај, полето под реден број 1 не се пополнува.

** За кандидатот/ите кој има повеќе од 5 (пет) научни труда во референтна научна публикација, рецензентската комисија научните труда ќе ги наведе, ќе ги оцени и ќе ги вреднува во Образец 2.

Скопје, 3.12.2012

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Марија Јанева-Михајловска (претседател), с.р.**
**Проф. д-р Јованка Лазаревска-Станчевска (член), с.р.**
**Вон.проф. д-р Билјана Наумоска-Саракинска (член), с.р.**

**АНЕКС 2**

**ОБРАЗЕЦ КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ**

**Кандидат:** **д-р Лазаревска Бранко Мери**
(име, татково име и презиме)
**Институција:** **Филолошки факултет „Блаже Конески“, Скопје**
(назив на факултетот/институтот)

**Научна област: англистика**

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | **Одржување настава од прв циклус студии** | |
| | **2016/2017, 2017/2018, 2019/2020**<br>Настава по Современ англиски јазик при Филолошки факултет „Блаже Конески, Скопје, **2016/2017 зимски семестар** | |
| | 14 часа неделно* 15*0,04 | 8,4 |
| | **2016/2017 летен семестар**<br>Настава по Современ англиски јазик при Филолошки факултет „Блаже Конески, Скопје, **2016/2017 летен семестар**<br>14 часа неделно* 15*0,04<br>Англиски јазик во струка – Правен факултет „Јустинијан Први“:<br>Правни студии – 3,5 ч. 6 групи 3,5 x 15 x0,04 = 2,1 x 6 | 8,4<br><br><br><br>12,6 |
| 2 | **2017/2018 зимски семестар** | |
| | Современ англиски јазик при Филолошки факултет „Блаже Конески, | |
| | 8 часа по 15 недели по 0,04 студенти | 4,8 |
| | **2017/2018 летен семестар**<br>Современ англиски јазик при Филолошки факултет „Блаже Конески,<br>8 часа по 15 недели по 0,04 студенти<br>Англиски јазик во струка – Правен факултет „Јустинијан Први“:<br>Правни студии – 3,5 ч. 6 групи 3,5 x 15 x0,04 = 2,1 x 6 | 4,8<br><br><br><br>12,6 |
| 3 | **2018/2019 зимски семестар**<br>Современ англиски јазик при Филолошки факултет „Блаже Конески“,<br>8 часа по 15 недели по 0,04 студенти<br>**2018/2019 летен семестар**<br>Современ англиски јазик при Филолошки факултет „Блаже Конески,<br>8 часа по 15 недели по 0,04 студенти | 4,8<br><br><br><br>4,8 |
| **4** | **2019/2020 змски семестар**<br>Современ англиски јазик при Филолошки факултет „Блаже Конески“,<br>8 часа по 15 недели по 0,04 студенти<br>**2019/2020 летен семестар**<br>Современ англиски јазик при Филолошки факултет „Блаже Конески“,<br>8 часа по 15 недели по 0,04 студенти | 4,8<br><br><br><br>4,8 |
| | **Вкупно бодови од оржување настава од прв циклус студии:** | **70,8** |
| **9** | **Консултации со студенти** | |
| | 2016/2017, зимски семестар (80 студенти x 0,002) | 0,16 |
| | 2016/2017, летен семестар (480 студенти x 0,002) | 0,96 |

| | | |
|---|---|---|
| | 2017/2018, зимски семестар (80 студенти x0,002) | 0,16 |
| | 2017/2018, летен семестар (480 x 0,002) | 0,96 |
| | 2018/2019, зимски семестар (40 x 0,002) | 0,08 |
| | 2018/2019, летен семестар (40x0,002) | 0,08 |
| | 2019/2020, зимски семестар (40x0,002) | 0,08 |
| | 2019/2020, летен семестар (40x0,002) | 0,08 |
| | **Вкупно бодови од консултации со студенти** | **2,56** |
| **12** | Пакет материјали за Англиски јазик за правни науки 1 и 2 2 x 0,5 | 1 |
| | Пакет материјали за Современ англиски јазик 1 и 2<br>2 x 0.5 | 1 |
| | Член на комисија за одбрана на 3 дипломски труда 3 x0,1 | 0,3 |
| | Член на комисија за одбрана на докторска дисертација | 0,7 |
| | **Вкупно бодови за наставно-образовна дејност** | **76,36** |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | **Учество во меѓународен научен проект** | |
| | *English for Journalists-Blended Course (2014-2018 година)* (креирање курикулум за платформа на Интернет за изучување на англиски јазик за новинарство во траење од повеќе години – јули 2014 – март 2018 / Будимпешта - Скопје | 5 |
| 2. | **Учество на научен/стручен собир**<br>**усна презентација (конференција, година, наслов на презентација)** | |
| | Учество со реферат на TESOL 2016, Балтимор САД: *A Little MOOC That Could (English for Journalists), Chapter 5 – Citizen Journalism* | 1 |
| | Online учество со реферат на TESOL 2018, Чикаго САД: *English for Journalists: Project Overview 2014-2018* | 1 |
| | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови:** | |
| | Меѓународно списание „Современа филологија“<br>*Лексичко-семантичките односи хипонимија и хиперонимија кај правните термини во англискиот јазик со преводни еквиваленти на македонски јазик* (во тек на објавување- потврда од уредувачкиот одбор) | 5 |
| | Меѓународно списание “Law Review”, Volume 11, Issue 1, 2020<br>*English for specific purposes with particular stress to English for Law* | 5 |
| | Меѓународно списание за лингвистички, книжевни и културолошки истражувања „Палимпсест“, Филолошки факултет „Гоце Делчев“ - Штип,<br>*Ниту англиски ниту македонски (кратка анализа на англизмите во македонскиот јазик и нивна /не/ оправданост)*<br>Објавен во електронска форма на следниот линк:<br>Vol. 5 No. 9 (2020): PALIMPSEST /<br>DOI: https://doi.org/10.46763/palim2090113l | 5 |
| | International Journal of Education “Teacher”, University “St. Kliment Ohridski“, Faculty of Education – Bitola<br>*The English language of law with particular stress to its translational equivalents in Macedonian and the problems that appear in their* | 5 |

| | | |
|---|---|---|
| | *interpretation and translation* (во тек на објавување, во прилог Потврда од уредникот на списанието) | |
| | **Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји** | |
| | ‘A Little MOOC That Could (English for Journalists)’ - Chapter 5 – *Citizen Journalism* во TESOL Proceedings 2016 | 5 |
| | ‘English for Journalists: Project Overview 2014-2018’ во TESOL Proceedings 2018 | 5 |
| | **Дел од монографија** | |
| | *Citizen Journalism -Граѓанско новинарство на EdX online платформа* - една глава за изучување на англиски јазик за новинари. | 4 |
| | **Вкупно бодови од научноистражувачка дејност** | **41** |

**СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | **Поени** |
|---|---|---|
| 3 | **Превод на статии** 3x0,5 | 1,5 |
| | 1. Bajraktarova Valjakova E, Grozdanov A, Guguvcevski Lj, Korunoska-Stevkovska V, Kapusevska B, Gigovski N, Mijoska A, Bajraktarova Misevska C. Acid etching as surface treatment method for luting of glass-ceramic restorations, part 1: *Acids, application protocol and etching effectiveness. Open Access Maced J Med Sci.* 2018;6(3):568-73. IF=0,58<br>2. *Contemporary Dental Ceramic Materials, A Review: Chemical Composition, Physical and Mechanical Properties, Indications for Use* Emilija Bajraktarova-Valjakova1* , Vesna Korunoska-Stevkovska1 , Biljana Kapusevska1 , Nikola Gigovski1 , Cvetanka Bajraktarova-Misevska1 , Anita Grozdanov2 1 Faculty for Dental Medicine, Ss Cyril and Methodius University of Skopje, Skopje, Republic of Macedonia; 2 Faculty of Technology and Metallurgy, Ss Cyril and Methodius University of Skopje, Skopje, Republic of Macedonia<br>3. *Hydrofluoric Acid: Burns and Systemic Toxicity, Protective Measures, Immediate and Hospital Medical Treatment* Emilija Bajraktarova-Valjakova1*, Vesna Korunoska-Stevkovska1 , Silvana Georgieva2 , Kiro Ivanovski2 , Cvetanka Bajraktarova-Misevska3 , Aneta Mijoska1 , Anita Grozdanov4 1Department of Prosthodontics, Faculty of Dentistry, „Ss Cyril and Methodius“, University of Skopje, University Dental Clinical Centre “St Pantelejmon” “Mother Theresa” 43, 1000 Skopje, Republic of Macedonia; 2Department of Oral Pathology and Periodontology, Faculty of Dentistry, „Ss Cyril and Methodius“, University of Skopje, University Dental Clinical Centre “St Pantelejmon” “Mother Theresa” 43, 1000 Skopje, Republic of Macedonia; 3Department of Orthodontics, Faculty of Dentistry, „Ss Cyril and Methodius“, University of Skopje, University Dental Clinical Centre “St Pantelejmon” “Mother Theresa” 43, 1000 Skopje, Republic of Macedonia; 4 Faculty of Technology and Metallurgy, „Ss Cyril and Methodius“, University of Skopje, Ruger Boskovic 16, 1000 Skopje, Republic of Macedonia | |
| | Постојан судски преведувач од македонски на англиски јазик и обратно, акредитирана од страна на Основен суд – Скопје I Скопје. | 1 |
| | Онлајн обука за јазик во струка (ESP) при Универзитетот „Орегон“, САД, организирани од страна на Регионалната канцеларија за | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | англиски јазик при Амбасадата во Будимпешта и Американската амбасада во Скопје. | |
| | Член на факултетска комисија 2 x 0,5 | 1 |
| | Член на комисија за избор во звање | 0,2 |
| | Учество во промотивни активности на Факултетот | 0,5 |
| | Лекторирање на статии и научни трудови на англиски јазик 4 x 0,25 | 1 |
| | **Вкупно** | **6,2** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | **Поени** |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **76,36** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **41** |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | **6,2** |
| **Вкупно** | **123,56** |

Скопје, 3.12.2012

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Марија Јанева-Михајловска (претседател), с.р.**

**Проф. д-р Јованка Лазаревска-Станчевска (член), с.р.**

**Вонр. проф. д-р Биљана Наумоска-Саракинска (член), с.р.**

# РЕЦЕНЗИЈА

## ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ПРОЕКТНОТО УЧЕЊЕ ВО НАСТАВАТА ПО АНГЛИСКИ ЈАЗИК КАКО СТРАНСКИ ЈАЗИК ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА“, ПРИЈАВЕНА НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески во Скопје, на својата педесетта редовна седница одржана на 21.10.2020 година, избра членови на Рецензентската комисија за оцена на докторската дисертација под наслов: *Проектното учење во наставата по англиски јазик како странски јазик во високото образование во Република Северна Македонија,* изработена од м-р Марија Стевковска, во состав:

1. проф. д-р Марија Јанева (претседател)
2. проф. д-р Солзица Поповска (ментор)
3. проф. д-р Елени Бужаровска
4. проф. д-р Анжела Николовска
5. проф. д-р Елена Ончевска-Агер.

Заблагодарувајќи му се на Наставно-научниот совет за укажаната доверба, со задоволство му го доставуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Докторската дисертација на м-р Марија Стевковска изнесува 232 страници компјутерски обработен текст. Текстот содржи седум целини: **Вовед, Поим и значење на методот проектно учење во наставата по англиски јазик како странски јазик во високото образование, Методологија на истражувањето, Анализа и резултати, Дискусија, Заклучоци, Педагошки импликации, Заклучок** како и прилози и селектирана библиографија која се состои од околу 250 единици.

Во **воведот,** кандидатката го објаснува потеклото на концептот на „учење преку практична работа“ и неговото актуализирање во 20 век, преку залагањата на Џон Дјуи за промена на улогата на ученикот како пасивен примач на знаење во активен учесник во процесот на учење преку практична работа. Влијанието на Џ. Дјуи е евидентно во конструктивизмот, социјалниот конструктивизам на Виготски и Пијаже и педагошката филозофија на Монтесори.

Во продолжение е објаснет предметот на докторскиот труд. Станува збор за примената на методот на проектно учење (МПУ) при дизајнирање на наставна програма по англиски јазик како странски во високото образование и притоа акцентот е ставен на изработка на програмата, предизвиците кои произлегуваат од нејзиното креирање и примена во наставата, промените и адаптациите кои се потребни да се извршат на моделот на МПУ, како и споредбата со традиционалниот наставен приод во наставата по АЈС во високото образование.

Потоа следува краток опис на поглавјата од трудот.

Во првото поглавје, насловено **Поим и значење на методот на проектно учење,** детално се разработува поимот **метод на проектно учење** (МПУ), неговите теоретски основи и поврзаноста со АЈС во високото образование, по што следува приказ на постапките за примена на МПУ во наставата по англиски јазик како странски (АЈС) во високото образование, дефинирање на проблематичните области кога МПУ се користи во наставата по

АЈС, како и споредба со традиционалната настава. На крајот се прикажуваат резултати од претходни слични истражувања за употребата на МПУ во високото образование.

Теориските основи на МПУ м-р Стевковска ги препознава во социоконструктивизмот, според кој учењето е процес на создавање и пресоздавање на знаењето преку активно учење и интеракција со средината. А главните одлики на методот вклучуваат: решавање на автентичен и сложен проблем; изработка на проект како финален производ; работа во тим; критичко мислење; креативност; автономија на ученикот; развој на комуникациски вештини; нови улоги како за наставниците, така и за студентите. Според м-р Стевковска, МПУ е особено погоден метод за наставата по АЈС во високото образование, бидејќи на овој начин во центарот на вниманието е студентот и неговите потреби, а во високото образование МПУ може да се комбинира со настава по АЈС која подразбира комбинација од општ англиски и англиски јазик за академски потреби, како подвид на англискиот јазик во функција на струката. Оправданоста за употреба на МПУ во наставата по АЈС во високото образование, Стевковска ја препознава, пред сè, во: 1) начинот на кој странскиот јазик се поврзува со реалните потреби на студентите во однос на нивните студии и идна професија; и 2) фактот што за разлика од традиционалната настава, МПУ ги ангажира студентите и им помага да развијат вештини кои се неопходни за 21 век, не само на професионален, туку и на личен план.

Во однос на резултатите од истражувањата за ставовите на учениците и наставниците во однос на МПУ во првите две декади на овој милениум, кандидатката заклучува дека тие ставови се позитивни и дека не само што оваа метода придонесува кон поуспешно развивање на јазичните вештини во споредба со традиционалната настава, туку помага и при развивањето на генеричките компетенции вклучувајќи ги критичкото и креативното мислење, интер- и интраперсоналните компетенции, автономното учење, истражувачките способности, користењето ИТ и сл.

Второто поглавје, насловено **Методологија на истражувањето,** содржи опис на предметот и целите на истражувањето, дефинирање на хипотезите, варијаблите, опис на испитаниците, научноистражувачки методи и специфични постапки, техники и инструменти кои се користеле за собирање на податоци (анализа на потребите, компаративен метод, анкета, интервју, забелешки, преттест и посттест, тест за одредување на нивото на познавање на јазик), како и за обработка и анализа на добиените податоци. На крајот се наведени етичките аспекти и методолошки ограничувања на истражувањето. Како ограничувања се препознаени следниве факти:

- малиот број на студенти вклучени во истражувањето (по 40 ученици во контролната и во експерименталната група);
- изборот на студиската група која вклучува студенти по инженерство и по уметност и дизајн, секако, влијае на успехот при примената на ИТ, што не мора да биде случај со студенти од други студиски групи кои во самите студии немаат вклучено интензивна примена на ИТ;
- начинот на оценување, кој поради политиката на Факултетот каде што е направен овој пилот-проект се одвивал преку завршен испит, што, според м-р Стевковска, резултирало со недоволно сериозен приод кон самооценувањето и соученичкото оценување на работата преку МПУ.

Во третата глава, насловена **Анализа на резултатите,** прикажани се резултатите на истражувањето во вид на лонгитудинална студија со 80 студенти. Најнапред се прикажани резултатите од анализата на потребите на студентите и

анкетата со наставници по англиски јазик, а по нив следуваат обработените податоци од анкетата спроведена со наставници по англиски јазик во високообразовни институции во РС Македонија, обработени со помош на програмата MS Excel. Потоа се прикажани податоците добиени од прет- и посттестовите со експерименталната и контролната група, статистички обработени со помош на две софтверски апликации: MS Excel и статистичкиот пакет за општествени науки SPSS v.20.0; SPSS Inc., Chicago, IL, USA. Главната хипотеза и сите четири потхипотези биле тестирани со: а) *t*-тестот за големи зависни примероци за споредба на податоците во рамките на секоја од групите, и б) *t*-тест за големи независни примероци за споредба на податоците од експерименталната со оние од контролната група. Притоа нивото на значајност било $p<0,05$.

По целосниот дескриптивен приказ на резултатите од прет- и посттестовите следуваат резултатите од анкетата со студентите по учеството во студијата, како и со наставникот, т.е. истражувачот, кој ја држел наставата во двете групи.

За да се исполни условот за триангулација, м-р Стевковска сите резултати ги дискутира од гледна точка на: студентите, истражувачот, други наставници по англиски јазик во РС Македонија, и наставници по англиски јазик од други земји кои веќе имаат направено слични истражувања.

Тестирањето на истражувачките хипотези покажува дека:

- Се потврдува главната хипотеза дека *примената на методот на проектно учење (МПУ) во наставата по англиски како странски јазик ќе даде статистичко значајни подобри резултати во споредба со традиционалната настава*.
- Потхипотезата бр. 1 не е потврдена, бидејќи резултатите покажале дека студентите кои следат настава со примена на МПУ не се разликуваат статистички значајно во развивањето на вештината слушање од студентите кои следат традиционална настава.
- Потхипотезите бр.2, 3 и 4, кои се однесуваат на вештините читање, зборување и пишување, се потврдени бидејќи резултатите покажале дека студентите кои следат настава со примена на МПУ се разликуваат статистички значајно во развивањето на вештините читање, зборување и пишување од студентите кои следат традиционална настава.

Во четвртата глава, насловена **Дискусија,** се дискутираат резултатите од истражувањето за да се дојде до соодветни заклучоци и педагошки импликации. Истовремено добиените резултати се споредуваат со слични студии за примена на МПУ во наставата по АЈС во високото образование, како и со резултатите од анкетата спроведена со наставници кои предаваат АЈС на високообразовни институции во РС Македонија.

Во петтото поглавје, насловено **Заклучоци,** се дава сумарен преглед на истражувањето и се наведуваат придобивките и препораките за примената на МПУ во наставата по АЈС во високото образование формулирани во следниве точки:

1. потребна е анализа на потребите на студентите пред започнување со наставата;
2. пред да се примени МПУ, студентите треба да се подготват за работа во тим, самостојна работа и алтернативно оценување;
3. традиционалната настава по АЈС кај студенти со минимално ниво Б1 не го развива доволно англискиот јазик во однос на сите јазични

вештини, но затоа МПУ дава подобри резултати во споредба со традиционалната настава;
4. целосна примена на МПУ е возможна само ако студентите имаат барем Б1 познавање на англискиот јазик;
5. наставниот план и програма за настава по АЈС во високото образование треба да содржи елементи од АЈАП и АЈФС;
6. неопходно е наставникот по АЈС да соработува со останатиот наставен кадар од соодветната катедра или факултет;
7. наставната програма по АЈС не може да се заснова само на МПУ заради големиот број на студенти и потребата од предавања за да им се даде инпут;
8. индивидуалната работа треба да биде застапена колку и работата во групи;
9. проектите треба повеќе да се вреднуваат за да може студентите сериозно да го сфатат МПУ;
10. постојано треба да се развиваат вештините за управување со времето, тимска работа и колективна одговорност кај студентите; и
11. континуирано да се работи на мотивацијата како кај студентите така и кај наставниците.

Препораките за идни истражувања кои произлегуваат од оваа студија ги вклучуваат следните аспекти на МПУ: на влијанието на овој метод врз одредена вештина во споредба со традиционалната настава; примена на МПУ со студенти од други студиски групи, споредба на овој метод со други наставни методи; начини на развивање на мотивацијата кај студентите и наставниците за примена на МПУ; можни техники за развивање на вештините за тимска работа и управување со времето; влијанието на ИКТ вештини на студентите врз употребата на МПУ.

Во шестото поглавје се дискутираат **педагошките импликации,** кои според ова истражување опфаќаат три аспекти: 1) подготовка на наставниците и 2) на студентите за правилна употреба на МПУ, со посебен осврт на промената на традиционалните улоги и на едните и на другите; 3) планирање и реализација на наставниот план и програма по АЈС во високото образование кој се заснова на МПУ, при што треба да се земат предвид возраста и академските услови во кои се изведува наставата по АЈС.

Според м-р Стевковска, универзитетскиот наставен кадар треба да се поттикне да применува нови наставни методи, а за тоа треба да се поткрене свесноста дека улогата на наставникот мора да се промени. Покрај наставниците, и студентите добиваат многу поактивна улога, и ќе треба да научат заеднички да решаваат проблеми, да го организираат времето, да се справат со конфликтни ситуации, да ги објаснат разликите во мислењата, да ги распределат или исполнат задолженијата во рамките на тимот или парот, и да научат да даваат и примаат конструктивна критика. Според м-р Стевковска, успехот на МПУ зависи и од дополнителното ангажирање на наставникот надвор од предавањата преку организирање средби со студентите и преку често менување на составот на групите.

Во однос на реализацијата на наставната програма со примена на МПУ, кандидатката смета дека педагошките импликации во овој поглед се однесуваат на: 1) институционална и административна поддршка преку обуки, размена на искуства; промена на начинот на евалуација на наставниците; зголемување на уделот на оценувањето на проектите во вкупната оцена; 2) соработка со заедницата; 3) утврдување на минимално Б1-ниво на познавање на англискиот

јазик; 4) комбинирање на предавања и проекти при дизајнирање на наставната програма; 5) вклучување на перформансата, а не само на теоретското знаење во современите сфаќања за наставната педагогија, оценување и експертиза.

Во делот наречен **Прилози,** приложени се анкетните листови за анализа на потребите и за евалуација на наставата, анкетата со наставници по АЈС во високообразовни институции, формуларите за евалуација на проектите, самооценување и врсничко оценување, прашалник за студентите по учеството во студијата, прашалник за наставникот по примената на МПУ, наставните планови и програми за предметот англиски јазик 1 и англиски јазик 2, како и писмена согласност за учество во истражувањето.

**Заклучок**

Од досегашните согледувања, евидентно е дека м-р Марија Стевковска целосно одговорила на критериумите за изработка на докторска дисертација како што се прецизното и јасно дефинирање на темата, на прашањата и тезите за истражување; користењето на најсоодветен метод на работа со вклучување на емпириски приод, прецизната и детална анализа на добиените податоци и исцрпната дискусија за исходот на истражувањето.

Трудот претставува новина во доменот на проучувањата на методот на проектното учење во рамките на англискиот јазик како странски во високото образование и сведочи за иновативноста како дополнителен квалитет на истражувачката личност на кандидатката.

Во прилог на нашата севкупна дискусија можеме да заклучиме дека докторската дисертација на м-р Марија Стевковска под наслов: *Проектното учење во наставата по англиски јазик како странски јазик во високото образование во Република Северна Македонија* претставува голем придонес за развојот на теориската мисла и праксата на наставата по англиски јазик како странски во високото образование не само во локални рамки туку и пошироко, давајќи прилог во малку проучуваниот аспект на оваа наставна метода во терцијарното образование. Преку нудење пример за успешна примена на МПУ во наставата по АЈС, со што се осовременува наставата и учениците добиваат образование преку кое ги стекнуваат вештините за успешно професионално делување во 21 век, истражувањето ќе може да најде практична примена во организирањето и спроведувањето на наставата по англиски јазик како странски во високото образование.

Согледувајќи ја целисходноста и значењето на докторската дисертација *Проектното учење во наставата по англиски јазик како странски јазик во високото образование во Република Северна Македонија* за унапредување на наставата по англиски јазик во Македонија и пошироко, му предлагаме на Наставно-научниот совет да ја усвои оваа рецензија и да ја повика кандидатката м-р Марија Стевковска на усна одбрана.

**Рецензентска комисија**

**Проф. д-р Марија Јанева (претседател), с.р.**
**Проф. д-р Солзица Поповска (ментор), с.р.**
**Проф. д-р Елени Бужаровска, с.р.**
**Проф. д-р Анжела Николовска, с.р.**
**Проф. д-р Елена Ончевска, с.р.**

***Прилог бр. 4***

# РЕЦЕНЗИЈА

## ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „РАСКАЗОТ И РАСКАЖУВАЊЕТО КАКО УСЛОВ ЗА ПРАВИЛЕН ГОВОР И КРЕАТИВНО ИЗРАЗУВАЊЕ“ ОД М-Р АНА ПЕТРЕСКА, ПРИЈАВЕНА НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, на 52. седница одржана на 18.11.2020 година, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатката м-р Ана Петреска со наслов „Расказот и раскажувањето како услов за правилен говор и креативно изразување“, во состав: проф. д-р Добрила Миловска (претседател), проф. д-р Кристина Николовска (ментор), проф. д-р Нина Анастасова-Шкрињариќ (член), проф. д-р Весна Мојсова-Чепишевска (член) и проф. д-р Мито Спасески (член).

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ му го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

**Предмет на истражување** на докторскиот труд е проучување на најновиот македонски расказ за деца (од крајот на 20 век и првите две децении на 21 век), како услов за правилен говор и креативно изразување, но и за развивање на говорна култура, способност за прераскажување, развивање на фантазија, имагинација, творбеност и креативност кај децата. Предмет на експертиза на трудот се: доминантни тематски и стилистички особености на најновиот македонски расказ за деца, проценка на квалитетот на расказите, соодветност на расказите на возраста на децата, иновации во жанровите итн.

Докторскиот труд има повеќе **поставени цели**, меѓу кои најважни се: да се навлезе во суштините на предметната материја, да се проучат длабинските процеси на најновата македонска раскажувачка продукција за деца, да се направи експертиза којашто ќе доведе до релевантни научни сознанија за ефектите и постефектите од оваа библиоедукација, библиокреација и библиотерапија.

**Истражувачки прашања** кои се покренуваат во овој труд се: Колку расказот како литературен жанр и раскажувањето успеваат да ја поттикнат (креативна) изразноста кај децата и да влијаат на културата на говорот? Какви видови раскази (и какви иновативни жанрови) се развиваат во најновата македонска раскажувачка продукција за деца? Колку раскажувањето може да има конкретни придобивки и ефекти и како тоа може да се примени во сферата на дефектологијата, психологијата и други сродни дисциплини?

**Теоретската рамка на трудот** е теорија на литература, потесна научна област е наратологија. Методи на истражување се: анализа, синтеза, тематологија, стилистика, херменевтика. Компатибилни научни области на применетите теории се: педагогија, детска психологија, дефектологија, логопедија.

**Структурата на трудот** има одлично осмислена концепција. Трудот е стабилно поставен, и како проект со јасна концепција, соодветно ја распоредува предметната материја во глави и поглавја. Докторската дисертација „Расказот и раскажувањето како услов за правилен говор и креативно изразување“, содржи 216 страници компјутерски обработен текст во фонт Times New Roman , со 1,5 проред и големина на букви 12, со 93 фусноти, 251 библиографска единица, меѓу нив научни трудови, статии, книги и интернет-ресурси.

Трудот е структуриран во **десет глави**, распределени во поглавја: „Вовед“; „1. Приод кон истражувачкиот проблем“; „2. Дефинирање на поими“; „3. Апликации“; „4. Правилниот говор и културата на говорењето“; „5. Творечката настава и креативното изразување“; „6. Читањето, учењето и електронските медиуми“; „7. Анкети“; „8. Заклучоци“; „9. Прилози“; и „10. Користена литература“.

Секој од овие делови содржи поднаслови, систематизирани во точки и потточки, со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето. Трудот содржи подделови во кои се прави идентификување и формулирање на истражувачкиот проблем, потоа се прецизира и стабилизира предметот на истражувањето, целите и задачите на истражувањето. Во следната фаза на трудот се даваат работни хипотези, се објаснува начинот на истражување и на крајот се дава можно значење на истражувањето.

Во **воведот** се изложени мотивациите за изработка на докторскиот труд. Авторката, сосем упатено, проценува дека расказот како литературен жанр е популарен и омилен книжевен вид кај децата. Во нашето модерно време, кусите форми како расказот сосема соодветствуваат на начинот на живеење и на брзата динамика на живот, кои влијаат и кај децата. Раскажувањето опстојува низ вековите, а расказот е одличен жанр за прием. Таа вештина на убаво раскажување отсекогаш делувала кај децата поттикнувачки, креативно – развивајќи го нивниот творечки потенцијал кај децата, пубудувајќи ја фантазијата, творечките можности, поттикнувајќи благопријатни, смирувачки и приспивни ефекти.

Голема мотивација за изработка на трудот се афинитетите на м-р Ана Петреска кон усовршување на детскиот развој преку: научни методи, стручна поддршка, свои авторски научни дела, и преку креирање на соодветна книжевна продукција како уредник и издавач.

Докторантката Петреска е дипломиран логопед (на Медицинскиот факултет во Скопје), магистер по специјална едукација и рехабилитација (на Институтот за дефектологија при Филозофскиот факултет во Скопје), што претставува одлична високообразовна и научна основа за научна надградба и суспецијализација на трет циклус студии. Особена мотивација за изработка на трудот е и шестгодишната пракса на Петреска, која од 2014 година работи како стручњак од практиката - логопед, во здружението „Интеракција - плус“, каде што е и негов основач.

Следна мотивација за изборот на темата е и љубовта на Петреска кон книгата. Таа е вистински библиофил и посветеник на книгата, автор на три книги: „Рехабилитација кај пациенти по мозочен удар“, „Аутизам“, „Чекор по чекор до правилен говор“.

Од 2014 година, Петреска е уредник и основач на Издавачката куќа „Феникс“.

Оваа прекрасна синергија: спој на квалитетно научно образование, пракса како стручњак – дефектолог која работи со деца, автор на стручни книги, издавач и уредник во реномирана издавачка куќа (која публикува и книги за деца) – е не само голема мотивација за изработка на трудот, туку и репрезентативна био-библиографија којашто е стабилна основа за изработка на комплексен докторски труд, до кој се доаѓа преку темелно и посветено студирање на угледната Школа за докторски студии при УКИМ.

Во **првата глава** од докторската дисертација насловена како „1. Приод кон истражувачкиот проблем“, докторантката јасно го идентификува и го формулира истражувачкиот проблем, потоа прецизно го поставува предметот на истражување, конкретно ги изложува целите и задачите на истражувањето, и понудува работни хипотези. Во овој дел се говори и за начинот на истражување и за можно значење на истражувањето.

**Втората глава, „**Дефинирање на поими“, содржи дефинирање и теориско прецизирање на основните оперативни поими. Во овој дел се дефинираат поимите: *раскажување* и *расказ,* а преку повеќе подделови, се дефинираат и поимите и поттемите како: еволуција на расказот, дефинирање на расказот, краток расказ, расказот – помеѓу новелата и романот. Потоа се отвора темата за: расказот и детето, детски приказни, расказот како четиво од наставата, терминолошка одредба на поимот *расказ,* видови приказни, расказот и литературната норма, расказот и културата на говорот.

Во овој дел прецизно се дефинира што е тоа: *говор, правилен говор, креативно изразување,* и други оперативни поими. Потоа, се пристапува кон теориско одредување на поимите и релациите: литература за деца и млади, народната литература и литературата за деца, а се проучуваат и прозните видови во читанките.

Во **третата глава,** „Апликации“, аналитички се обработува најновата македонска расказна продукција за деца. Апликациите се одвиваат преку анализи на дела од *автори од најновата македонска литературна продукција.* Анализите го почитуваат тематолошкиот пристап, но се пристапува и кон севкупни длабински анализи на расказите и на делата.

Потоа се говори за тематски доминанти во најновиот македонски расказ за деца, и за (улогата на ) детето во најновиот македонски расказ за деца. Во овој дел се дефинираат *расказни подвидови,* со особен акцент на жанрот *расказ-бајка*, кој има иновативни и оригинални пријави во нашиот литературен контекст.

Во **четвртата глава,** „4. Правилниот говор и културата на говорењето“, се говори за грижата за правилниот говор од најрана возраст, потоа за книжевноста за деца и културата на говорот, понатаму се истакнува значењето на: јазичните вежби и говорните настапи, изразното читање и драматизациите.

Во **петтата глава** под наслов „5. Творечката настава и креативното изразување“ се отвораат повеќе прашања, како прашањето за творечка настава, обработки на дела, прераскажување, изразување, креативен наставник и ученик, млади таленти, и инклузија на децата со посебни потреби. Овој дел е одлично изработен и понудува научни релевантни факти кои имаат значаен придонес во овој домен на науката.

Во **шестата глава,** „6. Читањето, учењето и електронските медиуми“, се говори за учењето, современите медиуми и книжевноста, учење низ игра, онлајн настава за правилен говор и креативно изразување. Овој дел е исклучително важен бидејќи ја проучува улогата на расказот и раскажувањето во новиот (електронски) амбиент во кој се формира современото дете. Тоа е сосема актуелна тема којашто авторката ја третира уште пред да се појави пандемијата со вирусот ковид 19 во 2020 година. Докторантката говори за неопходноста од новите електронски технологии, за онлајн настава за деца, за тоа како преку неа да се пренесе предметната материја, и како да им се помогне на децата и учениците.

**Седмата глава,** „7. Анкети“, содржи: Анкетен прашалник за ученици; Анкетен прашалник за наставници; и Анкетен прашалник за родители. Потоа следуваат резултати од анкетните прашалници, според кои: во нашата актуелна литература за деца сè уште доминира класиката, застарените и анахрони теми, позастапени се повозрасните автори отколку помладите.

**Осмиот дел, „8. Заклучоци“,** има јасни и прецизни заклучни согледби во кои докторантката ги изложува своите ставови по однос на предметната материја. Заклучоците се стабилни, аргументирани, издржани, поткрепени со обемна и богата емпирија која црпи суштини од расказите. Сосема се валидни заклучоците дека расказот и раскажувањето се важен (пред)услов за правилен говор и креативно изразување кај децата.

Петреска заклучува дека е неопходно да се вложува во квалитетот на: творечката настава, правоговорот, културата на говорењето, говорот, читањето, учењето, прераскажувањето, и сето тоа - во дослух со најновите достигнувања - електронскиот подем, дигитализацијата и онлајн наставата. Наполно реална и објективна, докторантката јасно ја согледува кризата и стагнацијата на печатените изданија и предлага да се поттикнува овој домен.

М-р Ана Петреска заклучува дека улогата на: воспитувачите, наставниците, родителите, и личниот ангажман на децата и на учениците е суштинска во сиот овој процес. Важен е заклучокот дека расказот и раскажувањето се неминовен, нужен и симбиозен предуслов за правилниот говор и креативното изразување на децата, и дека: спрегата и поврзаноста помеѓу расказот и раскажувањето и правилниот говор и креативното изразување е нераскинлива, функционална и резултантна.

Делот **„9. Прилози“** содржи: Анкетен прашалник за учениците; Анкетен прашалник за наставниците; и Анкетен прашалник за родителите.

Кон сето ова, трудот има импресивна, богата и сеопфатна **„10. Користена литература“,** која сосем соодветно се користи во целите на истражувањето.

**Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата**

Досега, во литературната наука, но и во компатибилните науки, ова научно прашање не е третирано како супспецијалистичко прашање. Оттаму, оваа научна експертиза се јавува во вистински момент бидејќи таа третира неистражено научно прашање кое има потреба да се анализира и толкува на соодветен начин. Така, прашањето методолошки се разгранува на неколку научни области како: теорија на книжевност, култура на говор, наратологија, дефектологија, комуникологија, итн., кои меѓусебно се надополнуваат.

**Краток опис на применетите методи**

Методи на истражување во оваа научна студија се: наратологија, тематологија, стилистика, херменевтика, ораторика, правоговорни вештини, дефектолошки вежби, комуникациски вештини итн.

**Краток опис на резултатите од истражувањето**

Резултатите од докторскиот труд се релевантни и аргументирани. Докторскиот труд успева да состави голема и драгоцена база емпириски податоци, кои се засновани на стабилна теориска основа. Трудот сублимира конкретни, јасни и прегледни заклучоци кои се импресивна аргументација којашто може да има конкретна примена во праксата преку усовршување на говорните изразни процеси кај децата од страна на: дефектолог, воспитувач, наставник, родител, писател итн.

Истражувањето може да најде примена во воспитно-образовниот процес (детските градинки и основните училишта), но и во здравствените институции, супспецијализирани ординации и, секако, кај воспитувачите, наставниците, логопедите, дефектолозите и родителите на најмладата популација, како и во понатамошните активности на овој план во секојдневниот живот.

Резултатите од оваа научна експертиза остануваат трајна вредност во нашата литературна наука, и воопшто во филологијата, педагогијата, дефектологијата и психологијата за деца.

**ОЦЕНА НА ТРУДОТ**

Докторската дисертација изработена од м-р Ана Петреска, со наслов „Расказот и раскажувањето како услов за правилен говор и креативно изразување“, според мислењето на Комисијата за оцена, ги исполнува основните услови и стандарди за подготовка на докторски труд. Оваа комплексна научна студија, преку синергија на неколку научни дисциплини, успева да даде одговори на основното предметно прашање, но и на серија потпрашања. Изработката на темата во целост ги исполнува, но и ги надминува високо поставените цели.

Докторската дисертација може да има конкретна примена: кај практичарите дефектолози кои работат со деца и ученици, но и кај воспитниот и наставниот кадар од предучилишна и рана училишна возраст, наставниците по предметите македонски јазик и книжевност, кај методичарите, педагозите, но и кај родителите, писателите, практичарите и сите оние кои работат со деца, како и оние коишто го збогатуваат културниот живот на децата.

Со невидена концентрација на мисла, научна акрибија и, би рекле, животна посветеност кон предметната материја, авторката на докторскиот труд, м-р Ана Петреска, успева да направи раскошна научна студија која ја збогатува литературната наука и претставува фокус кој обединува повеќе научни области и дисциплини.

**ИСПОЛНЕТОСТ НА ЗАКОНСКИТЕ УСЛОВИ ЗА ОДБРАНА НА ТРУДОТ**

Кандидатката, пред одбраната на докторскиот труд, како автор ги објавила следниве рецензирани истражувачки трудови, од кои некои се во странство, а некои во земјава:

1. Ана Петреска: „Значењето на компетенциите на воспитувачот за квалитетот на воспитувањето и образованието на децата од предучилишна возраст“, објавен во: Зборникот на научни трудови, во издание на Високата школа за воспитувачи на струкови студии во Алексинац (Србија), 2019 година.

2. Ана Петреска: „Творештвото на проф. д-р Стана Смиљковиќ“, објавен во: Зборникот на научни трудови, во издание на Педагошкиот факултет од Врање (Србија), 2019 година.

3. Ана Петреска: „Владета Јеротиќ - книжевник, научник и религиозен мислител“, објавен во Зборникот на научни трудови, во издание на Педагошкиот факултет од Врање (Србија), 2019 година.

4. Ана Петреска: „Уличната уметност и уличниот театар“, објавен во Зборникот на научни трудови, во издание на Меѓународниот славјански универзитет „Гаврило Романович Државин“ – Свети Николе, 2019 година.

5. Ана Петреска: „Книжевното дело на Раде Драинац - ново читање“, објавен во Зборникот на научни трудови на Филозофскиот факултет од Ниш (Србија), 2019 година.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Главни научни придонеси на кандидатката се: систематски и темелно изработена научна студија со релевантни и непобитни аргументи од научните области: теорија на книжевност, наратологија, книжевност за деца, култура на говорот, правоговор, дефектологија, комуникологија и педагогија.

Ова научно подрачје може да се примени во: воспитно-образовниот процес во градинките и во училиштата, практичната работа со деца кои имаат потреба од дефектолошко усовршување, во поттикнување на емоционално-социјалниот развој на децата, во развојот на говорната култура и ораторика кај децата и, воопшто, во севкупниот развој на децата од предучилишна и рана училишна возраст.

Можни понатамошни истражувања би биле: споредба на најновиот македонски литературен корпус за деца со актуелниот балкански, европски или светски контекст. Тоа би било можно продлабочување на научните достигнувања во овој домен.

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатката **м-р Ана Петреска** со наслов „Расказот и раскажувањето како услов за правилен говор и креативно изразување“.

Скопје, 24.11.2020.

**КОМИСИЈА**
**Проф. д-р Добрила Миловска, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Кристина Николовска, ментор, с.р.**
**Проф. д-р Нина Анастасова-Шкрињариќ, член, с.р.**
**Проф. д-р Весна Мојсова-Чепишевска, член, с.р.**
**Проф. д-р Мито Спасески, член, с.р.**

# П Р Е Г Л Е Д
## *НА ПРИФАТЕНИ ТЕМИ ЗА ИЗРАБОТКА НА МАГИСТЕРСКИ ТРУДОВИ ВО ЕКОНОМСКИОТ ИНСТИТУТ*

| *Ред. бр.* | *Име на кандидатот* | *Наслов на темата* | *Ментор* | *Одлука од Научен совет* |
|---|---|---|---|---|
| *1.* | Александар Стаменковски | „Принципи и практики на доброто управување со јавните финансии” “Principles and practices of good public finance management” | Д-р Биљана Ангелова | Бр. 02-979/2 од 27.11.2020 година |
| *2.* | Симона Блажеска | „Фискални импликации од КОВИД-19 пандемијата во Република Северна Македонија” “Fiscal implication from the COVID-19 in the RN Macedonia“ | Д-р Снежана Костадиноска – Милошеска | Бр. 02-978/2 од 27.11.2020 година |
| *3.* | Стојанчо Митревски | „Странските директни инвестиции во македонската економија во време на пандемијата на КОВИД -19“ “Foreign direct investments in the macedonian economy during the COVID-19 pandemic“ | Д-р Искра Станчева – Гигов | Бр. 02-975/2 од 27.11.2020 година |
| *4.* | Марио Јовчески | „Мотивација на вработените како значаен фактор во остварувањето на стратегиските цели на претпријатието“ “Employee motivation as an important factor in achieving the strategic goals of the company“ | Катерина Хаџи Наумова - Михајловска | Бр. 02-970/2 од 27.11.2020 година |

# ПРЕГЛЕД
## *НА ПРИФАТЕНИ ТЕМИ ЗА ИЗРАБОТКА НА МАГИСТЕРСКИ ТРУДОВИ ВО ЕКОНОМСКИОТ ИНСТИТУТ*

| *Ред. бр.* | *Име на кандидатот* | *Наслов на темата* | *Ментор* | *Одлука од Научен совет* |
|---|---|---|---|---|
| *1.* | Елена Митевска | „Влијанието на дигиталниот маркетинг во ИТ компаниите за влез на глобалниот пазар – студија на случај“<br><br>„The Impact of Digital Marketing in IT Companies to enter the Global Market - Case Study“ | Д-р Александра Лозаноска | Бр. 02-1024/2 од 9.12.2020 година |

# П Р Е Г Л Е Д
## НА ПРИФАТЕНИ ТЕМИ НА ИНСТИТУТ ЗА ЗЕМЈОТРЕСНО ИНЖЕНЕРСТВО И ИНЖЕНЕРСКА СЕИЗМОЛОГИЈА-ИЗИИС, СКОПЈЕ

1. Докторски трудови

| Ред. бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1 | Горан Чапрагоски | Сеизмичка оцена и зајакнување на АБ згради со користење на инновативни градежни материјали | Seismic assessment and retrofittig of RC building structures using innovative building materials | Проф. д-р Голупка Нечевска Цветановска | 09-1968/1 од 7.12.2020 год. |

# Р Е Ц Е Н З И Ј А
## ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „КУЛТУРНИ, ОБРАЗОВНИ И НАУЧНИ АСПЕКТИ НА АЛБАНСКИОТ ПЕЧАТ ВО СФР ЈУГОСЛАВИЈА 1974-1991“ (”CULTURAL, EDUCATIONAL AND SCIENTIFIC ASPECTS OF ALBANIAN PRESS IN SFR YUGOSLAVIA 1974-1991”), ОД М-Р КОСОВАР БАША, ПРИЈАВЕНА НА ИНСТИТУТОТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА ВО СКОПЈЕ

По предлог на Советот на студиската програма на трет циклус студии – докторски студии Културна историја на Македонија, Наставно-научниот совет на Институтот за национална историја во Скопје, на својата 134. седница одржана на 27.11.2020 година, донесе Одлука (бр. 10-421 од 30.11.2020 г.) за формирање на Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатот м-р Косовар Баша со наслов: „Културни, образовни и научни аспекти на албанскиот печат во СФР Југославија 1974 – 1991“ (”Cultural, educational and scientific aspects of Albanian press in SFR Yugoslavia 1974-1991”), во состав: проф. д-р Катерина Мирчевска, проф. д-р Тодор Чепреганов, проф. д-р Драгица Поповска, проф. д-р Силвана Сидоровска-Чупоска и проф. д-р Невен Радически.

По прегледувањето на докторската дисертација, Комисијата во наведениот состав има чест на Советот на Институтот за национална историја да му го поднесе следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Докторската дисертација на кандидатот м-р Косовар Баша, со наслов „Културни, образовни и научни аспекти на албанскиот печат во СФР Југославија 1974 – 1991“ (”Cultural, educational and scientific aspects of Albanian press in SFR Yugoslavia 1974-1991”), елаборира комплексно историско прашање од доменот на постигнувањата на севкупниот печат што се публикувал на албански јазик на територијата на целата поранешна Југославија, фокусирајќи се притоа на културните, образовните и научните содржини објавени во периодот 1974 – 1991 година, односно во периодот кога врз основа на Уставот од 1974 година, југословенските републики и покраини добиваат поголема автономија во сферата на културата, што се рефлектирало и врз изборот и обемот на овој вид содржини објавени во печатот. Иако вкупните општествено-политички и културни случувања во социјалистичка Југославија во периодот на целото нејзино постоење се одвивале под строга државна контрола и во согласност со усвоената идеолошка матрица, сепак уставните промени во 1974 година овозможиле евидентен скок и во автентичната културна продукција на одделните југословенски народи, евидентирана и низ страниците на југословенскиот печат.

При изработка на дисертацијата, кандидатот користи хронолошко-проблемски методолошки пристап, соодветен за историографските трудови, при што своите сознанија и заклучоци ги базира врз консултирани извори, научна литература и првенствено врз содржини од броевите на печатените гласила објавени на албански јазик во наведената хронолошка рамка, а изворот на посочените содржини и соодветните дообјаснувања ги наведува во фусноти. Текстот опфаќа 198 страници, структурно распределени во предговор, вовед, четири глави, заклучок, извори и литература, со 800 забелешки приложени во фусноти и 20 илустрации.

Откако во предговорот ги посочува мотивите за изборот на ова прашање како тема на дисертацијата, се осврнува на досегашните достигнувања на балканската историографија, при што заклучува дека засегнуваат само конкретни сегменти од прашањето, дава формулација и образложување на предметот на истражување, неговите цели и задачи, методологија и значење и образложение на работните тези, во воведот кандидатот приложува кус, синтетизиран преглед на вкупниот развој на печатот на албански јазик, започнувајќи од периодот на албанската преродба во средината на 18 век до крајот на Втората светска војна, при што посебно ги акцентира весниците и списанијата што се испечатиле на територијата на поранешна Југославија.

Во првата глава, *Печатот на албански јазик во ФНР/СФР Југославија 1945 – 1974*, што е поделена во три поднаслови, кандидатот дава осврт на социјалниот и политичкиот контекст во повоена Југославија, на државната национална политика за еднаквост на сите народи и малцинства со посебен акцент врз положбата на албанското население што се третирало како дел од југословенската националност, но и преглед на албанскиот печат објавен во периодот до 1974 година, како вовед и основа на конкретниот предмет на интерес.

Наредните три тематски целини, всушност, претставуваат главен фокус на дисертацијата, каде што во одделни поднаслови, низ конкретни содржини од заглавните области и нивна анализа, презентирани се сите весници и списанија на албански јазик што се публикувале во Југославија од 1974 година до нејзиното распаѓање во 1991 година. Имено, во следните две глави, Баша се осврнува на печатените гласила што се публикувале во федералните единици каде што живеела поголема концентрација, односно најбројно албанско население, Македонија и Косово, додека во последната глава, се задржува на списанијата што се појавиле во другите југословенски републики, во Црна Гора, Словенија и во Хрватска.

Така, во втората глава насловена *Албанскиот печат во СР Македонија*, кандидатот дава сеопфатен осврт и сопствена анализа на културно-просветните и едукативните написи, но и на содржините од областа на науката, селектирани од весниците и списанијата печатени во Македонија. По презентирање на кусиот историјат, уредувачката политика, уредувачките тела и целните групи читатели на секое гласило одделно, Баша се фокусира на конкретните содржини на неговиот истражувачки интерес. Притоа, во посебен наслов и најголем простор одвојува за најтиражниот дневен весник „Флака е Влазнимит“ (Пламен на братството) и во засебни поднаслови се задржува на анализа на написите од секоја област од интерес одделно. Исто така, оваа глава содржи уште три поднаслови каде што се елаборирани содржините на другите весници што излегувале во Македонија, во списанието за наука, уметност и култура „Јехона“ (Ехо), како и во детските списанија „Гезими“ (Радост) и „Фатоси“ (Ученик). Со самиот избор на содржините и нивната анализа, кандидатот, всушност, понудува своевиден извор за вкупните достигнувања во овие области во Македонија, но истовремено и за културно-просветната еманципација на албанското население, со што отвора можност и за дополнителни научни истражувања и согледувања.

Во следната, трета глава, следејќи го усвоениот хронолошко-проблемски концепт, кандидатот се осврнува на културно-образовните содржини и текстови од областа на повеќе науки објавени во *Албанскиот печат во САП Косово*. И во оваа глава, посебни наслови со соодветни поднаслови се посветени на написите во првиот албански весник во Југославија, а воедно и најтиражен дневен весник во Косово „Рилинџа“ (Обнова), како и на списанијата за наука и култура „Фјала“ (Збор), „Перпарими“ (Напредок) и „Меѓународен семинар за албанска култура, јазик и литература“, објавени во периодот 1974 – 1991 година. Преку мноштвото податоци презентирани во оваа тематска целина, Баша ги илустрира актуелните состојби во посочените сфери во Косово, но и партиципирањето на косовските културно-просветни и научни работници во културните активности во другите југословенски републики, како и во рамките на меѓународните манифестации на југословенската култура надвор од земјата.

Во последната, четврта тематска целина, предметот на истражување е фокусиран врз *Печатот на албански јазик во другите југословенски републики*, односно на написите од областа на културата и науката публикувани во списанието „Коха“ (Време), што се објавувало во СР Црна Гора, списанието „Алтернатива“ во СР Словенија и весникот „Диели“ (Сонце), во СР Хрватска. Во овие печатени гласила, особено во последните две, евидентно е сè поголемо присуство и на текстови со политички карактер, кои ги илустрираат актуелните политички состојби во државата во годините непосредно пред нејзиниот распад во 1991 година, кога всушност престанале да излегуваат и речиси сите посочени весници и списанија на албански јазик публикувани во социјалистичка Југославија.

Во своите завршни констатации, Баша оправдано заклучува дека албанскиот печат во социјалистичка Југославија претставува сериозен дел од целокупниот југословенски печат, богат извор на податоци, информации и факти за актуелните културно-просветни и научни достигнувања во Македонија и во Косово, но истовремено и за целокупниот развој на земјата во сите аспекти на политичкиот, социјалниот и, особено, културниот живот, како и своевидна хроника за културно-просветната еманципација и статусот на Албанците во сите периоди на политички промени до самиот распад на земјата.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Докторската дисертација „Културни, образовни и научни аспекти на албанскиот печат во СФР Југославија 1974 – 1991“ (”Cultural, educational and scientific aspects of Albanian press in SFR Yugoslavia 1974-1991”), од кандидатот м-р Косовар Баша, обработува досега нецелосно обработено прашање во историографијата. Врз основа на обемни истражувања, консултирана научна литература и примена на соодветна научна методологија, кандидатот извршил сопствена анализа на материјалот, аргументирано ја елаборирал заглавната тема и донел сопствени заклучоци со што научно го оправдал трудот.

Земајќи го предвид горенаведеното, Комисијата за оцена на докторската дисертација „Културни, образовни и научни аспекти на албанскиот печат во СФР Југославија 1974 – 1991“ (”Cultural, educational and scientific aspects of Albanian press in SFR Yugoslavia 1974-1991”), од кандидатот м-р Косовар Баша, со задоволство му предлага на Советот на ИНИ да ја прифати позитивната оценка на докторската дисертација и да дозволи одбрана на докторскиот труд.

Скопје, 9.12.2020 г**.**

**Комисија**

**Проф. д-р Катерина Мирчевска, с.р.**
**Проф. д-р Тодор Чепреганов, с. р.**
**Проф. д-р Драгица Поповска, с.р.**
**Проф. д-р Силвана Сидоровска-Чупоска, с.р.**
**Проф. д-р Невен Радически, с.р.**

# Р Е Ц Е Н З И Ј А
## ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ВУДРО ВИЛСОН И ПРАВОТО НА САМОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА МАЛИТЕ НАРОДИ, СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА МАКЕДОНЦИТЕ И АЛБАНЦИТЕ“ ОД М-Р ИСАМЕТ БАКИУ, ПРИЈАВЕНА НА ИНСИТУТОТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА ВО СКОПЈЕ

На седницата одржана на 20.11.2020 година, со Одлука бр. 10-420 од 30.11.2020 г., Научниот совет на ЈНУ Институт за национална историја – Скопје, за оцена на докторскиот труд под наслов: „Вудро Вилсон и правото на самоопределување на малите народи, со посебен осврт на Македонците и Албанците“, од кандидатот м-р Исамет Бакиу, ја избра следнава Комисија во состав: проф. д-р Марјан Димитријевски, проф. д-р Александар Симоновски, проф. д-р Марјан Иваноски, проф. д-р Вера Гошева и проф. д-р Габриела Топузовска.

Откако Комисијата темелно го простудира доставениот ракопис од кандидатот м-р Исамет Бакиу, има чест до Научниот совет да го поднесе следниов

### И З В Е Ш Т А Ј

Во големото светско семејство на држави, во кое и големите и малите се рамноправно здружени со меѓузависноста на борбата за доброто на човештвото, лежи на основата на заемна толеранција и почитување.

Тоа време влече корени по завршетокот на Првата светска војна 1918 година, кога светот бавно и неволно го препознавал епохалното значење на националната и државната еманципација на малите народи, преокупиран со размислувањата за „крајот на историјата“ и со новото светско устројство. Во тие повоени моменти, како ретко кога човековата иднина до таа мера зависеше од еден човек. Тоа го покажа и современата историја кога американскиот претседател Вудро Вилсон (Thomas Woodrow Wilson) пристигна во Париз како светски највисок политички и морален авторитет. Колку моќ и воедно колку немоќ веднаш да ги реализира сите решенија за подобра заедничка иднина се гледа и во неговото мото: „Ние сакаме светот да биде погодно и безбедно место за живот и особено да биде безбеден за сите мирољубиви земји.“

Тогаш стана очигледно пенетрирањето на САД како голема светска сила во подем, која и имаше свој удел во светското уредување по Првата светска војна. Како претседателот на најмоќната светска сила, САД, Томас Вудро Вилсон, имаше главен збор како голем интернационален државник.

Вилсон беше претставник на Демократска странка на САД и бил 28-ми по редослед претседател на САД во периодот 1913 – 1921 г., кој, покрај заштитата на американските национални интереси, со симпатии и разбирање гледаше и на интересите на малите народи и етничките малцинства. Оттука произлегува и сознанието дека во креирањето на новата надворешната политика на САД, тој е втемелувач и на она што се нарекува „Вилсонова школа на мислење“.

Претседателот Томас Вудро Вилсон веќе беше ги осознал контурните темели на идниот либерален светски поредок под водството на САД. Во оваа насока и за таа цел, тој ги обзнани своите принципи кои ги изнесе уште во текот на војната на 8 јануари 1918 година пред двата дома на Конгресот на САД во својот говор под наслов: „Четиринаесет точки“.

Во точките на Вилсон, кои подоцна станаа прочуени во целиот свет, се наведени американски национални цели во Европа и на Блискиот Исток. Но, покрај тоа со нив беше скициран и ликот на новиот светски повоен поредок по 1918 година. При ова главна насока требало да биде правото на народите на самоопределување вклучително

и на малите народи и етнички заедници. Во оваа насока, претседателот Вилсон отишол уште подалеку кога побарал слободна трговија, крај на тајната дипломатија и создавање на новата светска организација „Лигата на народите“. Така, уште во 1918 година била препознатлива скицата на идниот либерален светски поредок, кој под американско водство подоцна по завршувањето на Втората светска војна 1945 година ќе биде изграден со новиот светски поредок.

Во ракописот кандидатот м-р Исамет Бакиу оценува дека претседателот Вилсон од ужасот на војната извлекол поука дека САД треба да тежнеат кон мултилатерална надворешна политика заснована пред се на соработка и разбирање. Овие ставови кандидатот ги темели на Вилсоновиот често цитиран говор кој тој го одржа во 1917 година при стапувањето на САД во војната, во кој нагласи дека идниот свет мора да се направи посигурен за демократијата. Од тука кандидатот особено се задржува на истакнување на Вилсоновата дипломатска моќ преку која тој ќе успее на мировната конфенеција во Париз да оствари солиден дипломатски резултат и да ги постави контурите на идниот повоен свет како тој го змислува. Малите народи во оваа негова концепција имаа соодветно место и позитивен третман кога станува збор за нивните права на истакнување на самобитноста и на културо-цивилизациските вредности. Но, неговата немоќ на внатрешен план да ги надвладее изолационистичките струи во Конгресот на САД, оневозможиле овој план да биде ратификуван и на тој начин бил осуден на пропаст целиот негов проект на колективна безбедност и низ лавиринтите на новата светска организација „Лигата на народите“, бидејќи без САД овој проект бил прилично неодржлив.

Како и да е, планот на Вилсон бил насочен кон идејата, противниците сурово да не се казнуваат, со цел да можат натаму во иднина да се неутрализираат нивните желби за одмазда и со тоа да се овозможи формирање на повоениот свет на еднакво рамниште, но оваа идеја целосно и докрај натаму не беше испочитувана. Имено, Вилсон морал да излезе во пресрет на интересите, особено на Франција, но и на Велика Британија, која сакала надомест за огромната материјална штета претрпена за време на војната.

Компромисите кои биле направени и околу уредувањето на „Лигата на народите“ не биле доволни и се покажало дека големите светски сили како креатори на повоениот свет, немале доволно волја да обезбедат инструменти кои би биле почитувани од сите страни, со што оваа организација бргу изгуби на значење како светски орган. Имено „Лигата на народите“ требало да ја обезбеди рамката за оваа политика и меѓународна соработка. Вилсон сакаше да се создаде организација која би делувала само ако сите се согласни и во која практично секоја нација би имала право на вето. Колку навистина била контроверзна Вилсоновата идеја, се покажала низ фактот дека „Лигата на народите“ постоела помалку од три децении, но САД никогаш нејзе не ѝ пристапиле.

Меѓутоа, во една работа, Вилсон не сакал да прави компромиси, а тоа било прашањето за правото на народите на самоопределување. Во врска со ова, тој остана сосема доследен. Ниту притисоците на стариот сенатор Лоџ, претседател на Комитетот за надворешни работи на Сенатот на САД, во корист на Италија не го поколебал, во намерата да се обезбеди правото на слободен избор на народите на Балканот.

Тоа време влече корени по завршетокот на Првата светска војна, кога Светот бавно и неволно го препознавал епохалното значење на националната и државната еманципација на малите народи, преокупиран со размислувањата за „крајот на историјата“ и со новото светско устројство. Во тие повоени моменти како ретко кога човековата иднина до таа мера зависеше од еден човек. Тоа го покажа и современата историја кога американскиот претседател Вудро Вилсон пристигна во Париз како светски највисок политички и морален авторитет. За тоа колку моќ и воедно колку немоќ веднаш да ги реализира сите решенија за подобра заедничка иднина се гледа и во

неговото мото: „Ние сакаме светот да биде погодно и безбедно место за живот и особено да биде безбеден за сите мирољубиви земји.“ Тогаш претседателот Вилсон искрено се вгради во искажаниот постулат, поставувајќи го мирот како основа за несметан проток на стоки, транспарентност меѓу државите, демократијата и е прва голема светска личност која јавно декларативно се заложи за правото на народите на самоопределување. Претседателот Вилсон во својот говор во Конгресот на 11.2.1918 г., ги формулирал четирите битни начела врз кои ќе се гради идниот мир но „без анексии контрибуции и оштета за казна“, и тоа: прво, сите меѓународни спогодби и договори мораат да се темелат врз правдата, второ, со народите и со земјите не смее да се располага како со средства и да се постапува како со пиони во играта. Трето, секоја спогодба за територијалните прашања мора да им служи на интересите на народот за кој се однесува, а не да биде последица на спогодување меѓу соперничките држави. Четврто, дека треба да се задоволат сите оправдани стремежи на народите и да не се дозволи појава на старите или на нови елементи на несогласување и спротивности кои повторно би можеле да го загрозат мирот на Европа и на светот.

Неговите идеи за заедничките демократски и хуманистички вредности дури и век подоцна, денес сѐ уште важат како основа, пред сѐ, за меѓусебно зачувување на мирот и унапредување на односите на малите народи и заемно почитување со големите светски сили. Според него, малите народи судбински се поврзани со улогата на промоторите на големите идеи во која нема големи и мали, слаби и силни, туку само рамноправни, и кон соживот свртени народи и држави.

Со ова, тој по Версајската мировна конференција, покрај останатото, ги отвори вратите за создавање на новата повеќенационална југословенска држава, но во која малите народи не успеаја да се стекнат со своите права. Во оваа насока, Британците, исто така, под притисок на Вилсон попуштија, сфаќајќи дека опстанокот на Австроунгарската Империја е невозможен, па и тие го поддржаа создавањето на Кралството на Србите, Хрватите и Словенците. Сепак, Британците се залагаа новосоздадената држава СХС да биде санитарен кордон кон болшевичката Русија и сигурен бедем кон можната ревитализација на германскиот експанзионистички интерес во овој дел од европскиот континент.

За малите народи и за етничките заедници кои останаа во составот на новото Кралство СХС не беа предвидени остварување на нивните права на етничка и културно-цивилизациска самостојност.

Од овие примери изнесени во ракописот, најдобро можеме да видиме колку американскиот претседател беше визионер, а подоцна и државнички дејствуваше без задни намери кон балканските народи. Обликувањето на концептите на надворешните политики по ова прашање речиси на сите држави има нужни механизми насочени кон основната цел да ѝ помогне на државата во остварувањето на правата на малите народи по мирен пат.

Натаму, во приложениот ракопис, кандидатот м-р Исамет Бакиу се задржува на светските дипломатски собитија по победата во Првата светска војна, кога Вудро Вилсон, како претседател на најмоќната светска држава, се обиде да ја искористи својата дипломатска моќ и репутација во профилирањето на изградбата на новиот свет по Првата светска војна. Имено, кога САД влегле во Првата светска војна, таа веќе била одлучена.

При конципирањето на тезата, во методолошко-концепциски поглед, кандидатот започнува со поимно-теоретско дефинирање на генезата на дипломатските односи на големите сили, со акцент на правата на малите народи и, особено, правата на Македонците и на Албанците, како поимно-категоријална апаратура со предоминантно историско-наративен белег. При обработката на темата, кандидатот, претежно, се служи

со приказ на дипломатските и на мултикултурните односи со нивни илустрации низ соодветни архивски и други документи, табели и соодветни ксероскопии на документарен материјал.

Кандидатот м-р Исамет Бакиу, во консултација и користење на бројна литература и бројни дипломатски нормативни акти и меѓународни конвенции, ја аргументира темата понекогаш и со полемични тонови.

Ракописот од кандидатот м-р Исамет Бакиу, методолошки и концепциски е поделен во четири поглавја, кои произлезлегуваат од предлог-концептот на кандидатот. Тие, главно, ги опфаќаат основните аспекти на историјатот на правата на малите народи во дадениот период. Низ овие четири крупни поглавја како засебни целини е раскажана целата проблематика со нужните поглавја на почетокот: Предговор, Вовед и, на крајот, Заклучок.

Во почетните поглавја е образложен мотивот за обработка на оваа тема и дава свои видувања на историската генеза на проблематиката во вид на историска ретроспектива како премин кон наредните поглавја.

Во Глава прва, под наслов: „Страдањата на малите народи во Првата светска војна“, кандидатот пристапува кон обработка на тогашните и на современите дипломатски односи во контекстот на дефинирањето на позицијата на Македонците и Албанците по Балканските војни. Во оваа глава, најпрво се обработени меѓународните односи во годините на мировните конференции, како што се Лондонскиот и Букурешкиот договор и судбината на малите народи. Исто така, во оваа глава, кандидатот дава опис на состојбата на македонскиот и на албанскиот народ во Првата светска војна. Покрај ова, кандидатот се задржува и на историската поврзаност на дипломатијата на неврзаните земји во овој период.

Во Глава втора, под наслов: „Новата геополитичка состојба, очекувања и перспективи на малите народи по војната.“, низ еден аналитичен приод, кандидатот се задржува на прашањето на дипломатијата на крајот на Првата светска војна и состојбата на малите народи на Балкнот. Тука се презентира и односот кон идејата за формирање на нови држави во кои ќе се почитуваат правата на малите народи. Во ова поглавје, кандидатот се задржува на феноменот на малите народи и нивните права според тогашното сфаќање и уредување на светот задржувајќи се на македонскиот народ и албанскиот народ и новите држави. Низ реализираните научни истражувања, кандидатот се задржува на дообјаснување на развојот на системот на мрежата на дипломатските односи помеѓу големите сили, опфаќајќи притоа повеќе релевантни дипломатски аспекти, постапки и категории вткаени во институционалниот систем на државите потписнички на дипломатските документи и на нивната заемна помош и соработка. Попатно се објаснети и позициите и улогата на меѓународните организации и институции видени низ призмата на дипломатските односи.

Во Глава трета, која носи наслов: „Париската мировна конференција 1919 – 1920 година и малите народи“, кандидатот м-р Исамет ги опфаќа почетокот и текот на конференцијата и идеите на делегациите за состојбата и правата на малите народи на Балканот по војната. Во оваа глава се анализирани валидни материјали од земјите победнички во војната кои се однесуваат на материјата и проблематиката поврзана со нормативно-правната проблематика и кодификација на правата на малите народи, задржувајќи го своето внимание на македонското и на албанското прашање на конференцијата. Тука кандидатот прави детална анализа и запознавање со правата на овие два мали народа. Во оваа насока, клучна е подготвеноста на кандидатот за научна презентација, споредбена анализа и оцена на правата на малите народи, проследена низ нормативното регулирање на проблематика во правните системи на инволвираните држави.

Во Глава четврта под наслов „Четиринаесетте точки на Томас Вудро Вилсон и малите народи“, кандидатот се задржува на идејата на претседателот Томас Вудро Вилсон за уредувањето на светот по војната, потоа на Програмата на Вилсон, со посебен акцент на четиринаесеттата точка за уредување на правата на малите народи.

На крајот во заклучокот е анализирана состојбата за тоа што и колку во практика се оствари од Програмата на Вилсон за македонскиот и албанскиот народ.

Трудот ја почитува востановената методологија и концепција, при конципирање на еден ваков ракопис, и во прилог ги дава следниве делови: Кратенки, Прилози на факсимили на документи и фотографии, Извори необјавени и објавени и консултирана и користена Литература.

**З А К Л У Ч О К**

Постапувајќи според одлуката на Научниот совет на ЈНУ ИНИ, Комисијата е на мислење, предложениот докторски труд под наслов: „Вудро Вилсон и правото на самоопределување на малите народи, со посебен осврт на Македонците и Албанците“, од кандидатот м-р Исамет Бакиу, да биде допуштен на јавна одбрана.

Скопје, 1.12.2020 г.

**К О М И С И Ј А**

**Проф. д-р Марјан Димитријевски, с.р.**
**Проф. д-р Александар Симоновски, с.р.**
**Проф. д-р Марјан Иваноски, с.р.**
**Проф. д-р Вера Гошева, с.р.**
**Проф. д-р Габриела Топузовска, с.р.**